- превод -



- превод -

Второ издание

*Превел*
Хасан Џило

© LOGOS·A
СКОПЈЕ
2011

Издава: **Логос-А**
Библиотека: **Посебни изданија**

За издавачот. **Аднан Исмаили**
Главен уредник: **Хусамедин Абази**
Уредник на библиотеката: **Африм Гаши**

Дизајн & корица: **Еди Агаѓуши**
Технички уредник & прелом: **Халил Бериша**

Компјутерска обработка: **Фокус Про - Скопје**
Печати: **Фокус – Скопје**

Copyright©Logos-A, 2011

CIP Каталогизација во публикацијата
Народна и универзитетска библиотека

ISBN 9989-58-350-1

www.logos-a.com.mk

Сите права се резервирани.
Оваа книга може да се копира само делумно,
за лична и непрофитабилна употреба.
Ова се препорачува поради промовирање на книгата,
како и за афирмирање на културата на читањето, воопшто.
Не се дозволува умножување, пренесување или копирање
во целост, без претходна дозвола од Логос-А





# ВОВЕД

На самиот почеток ќе спомнеме дека овој превод што им се нуди на читателите кај нас, како и секој друг превод, е еден вид на интерпретација, бидејќи исламските зналци се согласни дека секој превод на светата книга на муслиманите е една интерпретација, а не "чист превод". Имено, за Куран се смета само оној на арапски јазик, во неговата оригинална, приопштена форма, од страна на Бог преку мелекот/ангелот Џебраил/Габриел, до последниот посланик на Бог. Сите муслимани што веруваат дека овој текст е објавен од Бог сметаат дека се работи за Божја Реч, дословно пренесена во душата, срцето и во умот на Мухамед (а.с.). Се работи за текст што содржи 114 поглавја *(сури)* и над 6000 версови *(аети)*, поредени според стандардниот книжен образец *(мусхаф)*, поставен за време на другиот калиф Осман, дваесетина години по смртта на Мухаммед (а.с.), кога Куранот од паметена форма преминува во книжна форма. Скоро сите најблиски другари *(асхаби)* на посланикот Мухаммед а.с. го знаеле напамет. Но, паметењето на Куранот продолжува низ текот на целата историја на исламот. Колкаво

внимание му се посветува на овој чин и денес, зборува големиот број на луѓе што го знаат Куранот напамет *(хафизи)* низ целиот свет кај што живеат муслимани.

Куранот е Божја објава *келимеш-шу-ллах* (Реч Божја) во онаа форма што ја поседуваме денес, непроменета, свежа и автентична, која низ историјата на исламот претставува инспирација за најголемите остварувања. Всушност, создавањето на она што се нарекува исламска култура и цивилизација со сите свои составки, духовни и материјални, се должи на значењата на куранските аети или цитати. Спектакуларниот развој на науките во средниот век, особено природните, а потоа појавата на метафизиката, теозофијата, мистичната филозофија, етиката, правото, погледот кон битие(то) воопшто, се должат на херменевтиката на куранскиот текст. И материјалните изрази на исламската култура ширум подрачјата во кои живеат муслимани, како што се, на пример, калиграфијата, архитектурата, хортикултурата, книжната продукција и друго своите мотиви ги црпат од куранските цитати.

На овој став спрема Куранот ќе му се приклучат и муслиманите на Балканот, кои постојано биле во Контакт со Куранот, искажувајќи ја, на тој начин, големата почит кон него. Од овој контакт се појавува цело наследство што се манифестира низ различни форми, на теоретско (разбирање) и на практично рамниште (применување во практика на определени негови форми што ја регулираат богопочитта).

До ден денес, на различни јазици на коишто зборуваат муслиманите на Балканот, не се престанало со услугата (хидметот), што му се

посветува на Куранот. Немало ниедна муслиманска куќа, а да не зборуваме за џамија или библиотека, во која не се наоѓала литература врзана за Куранот, не ретко, во нејзината оригинална форма на арапски или османски јазик. Поради тоа, куранското наследство, што се манифестирало низ различни форми на ученост и на овие балкански простори, не претрпело дисконтинуитет. Односот со Куранот резултира со различни видови литератури (теолошка, книжевна, научна, мистична и други) зависно од аспектот на кој му се пристапувало. Големиот број на манускрипти, сé уште непознати на јавноста, во големиот број библиотеки во Софија, Пловдив, Скопје, Сараево, Загреб и други центри на Балканот, претставуваат најдобар свидетел каков бил односот на муслиманите кон Куранот и литературата што произлегла од него. Сета таа литература претставува големо културно наследство на кое сé уште не му е посветено доволно внимание што го заслужува. Најеклатантен пример претставува библиотечниот фонд во Универзитетската библиотека "Св. Климент Охридски" во Скопје во која се наоѓаат преку 300 ракописи, делумни и целосни, на Куранот, украсени со уникатна калиграфија. Останатата литература содржи голем број наслови посветени на херменевтиката на куранскиот текст од кои најзначајни се ракописите што се однесуваат на мекански те и мединските аети, за извлекувањето прописи и правила на дејствување, за причините или контекстите поради кои се објавени некои версови *(есбабу нузул)*, за пристапот на Куранот од лингвистички аспект *(и'раб)*, за неговата надприродност *(и'џаз)*, речитост, прецизност и

точност на изразување и многу други области за кои муслиманите чувствувале потреба, а се со цел Куранот да се чита и разбира во неговата свежа, објавена форма.

Куранот кај муслиманите ја има онаа улога што ја има Исус (Иса.а.с.) кај христијаните, т.е. тој е Реч Божја. Во христијанството Исус и неговиот дух се свети, а во исламот куранските аети со своето внатрешно и надворешно значење исто така се свети и неприкосновени.

Настојувајќи да искажат голем респект кон Куранот, не е мал бројот на муслиманите, дури и кај нас, кои вложуваат голем труд да го меморираат Куранот во целина, од збор до збор, од реченица до реченица, од поглавје до поглавје, на арапски јазик, во форма во која е објавен, и тоа мажи и жени, деца и стари лица, интелектуалци и неписмени. Со Куранот муслиманите се раѓаат и умираат, кога им се чита во уво при раѓањето и кога им се цитира при смртниот час и при положувањето во гробот. Делумно се цитира поради извршување на различни секојдневни форми и изрази на побожност *(ибадет)*, задолжителен и доброволен; тој се цитира при влегување во нови домови, при склучување на брачни договори, при свадбени церемонии. Муслиманите за секоја работа во животот ги цитираат куранските зборови *бимиллахир рахманир рахим*, цитирани на почетокот на секое поглавје во Куранот, кои упатуваат на милоста и благословот на Бога. За кој било настан што ќе им се случи, било да е тој добар или лош за нив, тие му се заблагодаруваат на Бога со зборовите *ел хамуду ли-ллах*, свесни дека судбината не ја држат во своите раце, дека иднината зависи од Божјата волја. Смртта,

болеста, животните искушенија никогаш не можат да се предвидат и затоа, во врска со овие "гранични состојби" во животот, муслиманите постојано се повикуваат на куранските зборови, барајќи ги благословот и милоста Божја.

Почитта кон Куранот особено се засилува во рамазанските форми на побожност *(ибадет)*, значи во месецот Рамазан во кој започнало неговото објавување, како што се вечерните молитви *(таравих-намаз)*, кога пред и по оваа молитва се чита целиот Куран и внимателно се слуша од посетителите на џамиите. Освен тоа, некои негови делови се изведуваат во калиграфска форма по џамиите, при што декорацијата, освен својата уметничка улога, ја има функцијата да ги пренесува и куранските пораки, сé со цел да влијае со своите содржини врз свеста на муслиманите, будејќи ги нивните души и потсекавајќи ги на главните негови содржини што не смеат да ги заборават или занемарат.

За каков текст се зборува ни зборува самата негова виталност, свежина и универзална порака. Неговото присуство во животот на муслиманите е доволен сведетел за такво нешто. Муслиманите, за разлика од другите, во Куранот не гледаат контекстуализиран, историцизиран или релативизиран текст, туку тој во нивниот живот е жива традиција, традиција во живеење, која е актуелна и присутна, на која постојано се повикува, и како таква се пренесува од генерација до генерација, од поколение до поколение.

И најголемите подвизи што ги преземаат во својот живот, било на полето на духовниот и на интелектуалниот живот, муслиманите настоју-

ваат за нив да најдат оправдување во Куранот и во неговите содржини. Бидејќи Куранот е жива Реч, тој ги поттикнува да го формираат својот индивидуален и заеднички живот врз основа на универзалните морални принципи.

Куранските теми допираат многу прашања врзани за моралитетот, историјата, природата, Божествената стварност и нејзиниот однос кон човекот, за душата, за познанието, за богопочитта; нуди духовни морални поуки според кои треба да се уреди индивидуалниот и општествениот живот; зборува за доброто и злото, за убавото и грдото, за доблеста и порокот, за есхатолошките настани, за рајот и пеколот (џенет и џехенем), за човековиот однос кон Бог и другите луѓе и други прашања што претставуваат извор на исламскиот шеријат.

Една од активностите што се презема во насока на херменевтиката на куранскиот текст претставува и неговото преведување на сите јазици во светот. Неговото преведување дури на балканските јазици, како што се, на пример, босанскиот и бугарскиот, станува традиција и посебна вештина. На овие јазици се среќаваме дури со десетина преводи од различни преведувачи, било делумни било целосни.

Според тоа, читањето на Куранот, меморирањето, толкувањето, украсувањето и преведувањето на различни јазици заземало и сé уште зазема значајна улога. Секоја од овие области претставува посебен предмет на истражување за која се пишуваат голем број книги. Библиографијата рапидно расте и ова покажува дека куранскиот збор е неисцрплив. Исто така неисцрплив е и во поглед на преведувањето, така што нема конечен превод на Куранот.

Имено, секој превод на Куранот, а веруваме и нашиов, може да послужи за полесно разбирање на некои од значењата на Куранот, може да претставува платформа за продолжување на преведувачката традиција на значењата на куранските содржини. Тука нудиме превод што не е проследен со коментари. Исто така стравот при дословното преведување на некој верс како и слободното преведување претставуваат две алтернативи кои нужно го тераат преведувачот, и во едниот и во другиот случај, да се соочи со определени дилеми, кои, не ретко, доведуваат до определени грешки. Речиси секој куранси збор може да се преведува на различни начини и тоа е една од причините за појавувањето толку голем број на преводи на еден јазик. Како илустрација ќе го споменеме урду јазик, кој се употребува во Пакистан и Индија, на кој Куранот претрпел сто и педесет преводи. Секој превод одразува одредена слабост и секое настојување на друг преведувач да ја избегне таа слабост и дилема паѓа во друга.

Овој превод е второ издание на преводот на Куранот на македонски јазик. Отстранети се определени грешки од првиот превод при што се прифатени одредени забелешки од страна на повеќе теолози.

При преводот од арапски јазик употребена е чиста исламска терминологија што се однесува на некои верски содржини, вкоренети како такви во свеста на муслиманите и чии превод ни оддалеку не може да ја исцрпи нивната содржина и значење. Тоа не е случај само со македонскиот јазик, туку со тој проблем се среќаваме и во преводите на англиски, француски, босански и други јазици. Голем дел од тие термини како

што се *салат* (молитва ритуал), *зекат* (верска имовинска такса), *хаџи* (аџилак), *мелек* (ангел), *шејтан* (сотона) и други, оставени се во нивната форма која како таква е попозната за муслиманите отколку да е дадена во преведена форма. За да се разберат тие термини, кои претставуваат и одредени институции кај муслиманите, на почетокот е дадена преведена форма за оние читатели на кои тие термини им се непознати.

*Хасан Џило*

# Објаснување на некои лични имиња и други термини

| | |
|---|---|
| Ад | племе |
| Адем | Адам |
| Аллах | Бог |
| Арефат | Долина близу Мека во која аџиите извршуваат определени ритуали од аџилакот. |
| Азер | Терах |
| Бедр | Место во непосредна близина на Медина каде што се водела првата Битка меѓу муслиманите и многубошците во 624 год. |
| Ел-Месџиду ел-акса | Далек храм, светиот храм во Ерусалим |
| Давуд | Давид |
| Џалут | Голијат |
| Талут | Крал |
| Џибрил/Џебраил | Габриел |
| Ебу Лехеб | Роднина на посланикот Мухамед (а.с.) |

| | |
|---|---|
| Ејуб | Јоб |
| Елјеса | Елизеј |
| Харун | Арон |
| Харут | Харут |
| Худ | Ебер |
| Иблис | Луцифер |
| Ибрахим | Абрахам |
| Идрис | Хенок |
| Ифрит | Сатана, демон |
| Илјас | Елијас, Елијах, Илија |
| Инџил | Евангелие, Нови завет |
| Иса | Исус, Месија |
| Исхак | Исак |
| Исмаил | Исмаел, Јишмаел |
| Исраил | Израел, Азраел |
| Јахја | Јоел, Јован,<br>Иван Крстител |
| Јакуб | Јаков |
| Јеџуџ | Гог |
| Јасриб | Медина |
| Јунус | Јонас, Јон |
| Јусуф | Јосеф, Јозеф, Јосип |
| Карун | Коре |
| Лукман | Локман |
| Лут | Лот |

| | |
|---|---|
| Медјен | Мидјан, Медија |
| Меџуџ | Магог |
| Мерјем | Марија |
| Мерва | Ритче во непосредна близина на Каба во Мека када се извршува еден од ритуалите на аџилакот. |
| Месџид | Храм |
| Месих | Месија, Исус |
| Микал | Михаел, Микаел |
| Мисир | Египет |
| Муса | Мојсие |
| Нух | Ное, Ноа |
| Рамазан | Месец на постот кај муслиманите. |
| Саба | Саба |
| Сафа | Ритче во непосредна близина на Каба во Мека када се извршува еден од ритуалите на аџилакот, а се наоѓа наспроти Мерва. |
| Самириј | Самири |
| Сулејман | Саломон |
| Ел-Месџидул ал-Харам | Света џамија |
| Каба | Свети храм |

| | |
|---|---|
| Шуајб | Јитро, Јетро, Рагуел |
| Теврат | Тора, Стари завет |
| Зекерија | Захарије |
| Зулкарнејн | Александар |
| Зулкифл | Езекијел |
| Зун-Нун | Јона |

| | |
|---|---|
| Абдест | Миење на одредени делови на телото пред ритуална молитва. |
| Адн | Древен народ во Арабија |
| Ајет | Верс, реченица од Куранот |
| Ајка | Град на народот на Рогуел |
| Ала | Тетка, сестра на таткото |
| Аманет | Залог, предмет даден на чување |
| Арш | Престол |
| Ахирет | Оној свет |
| Ахмед | Мухамед |
| Бажла | Име на идол |
| Берзах | Меѓупростор, граница меѓу овој и оној свет |

| | |
|---|---|
| Бериќет | Благодат |
| Васиет | Завештание |
| Веда | Идол во времето на Ное, а подоцна и кај племето Килаб, во местото Думетул Џендел |
| Дајџо | Брат од мајка |
| Ебу Лехеб | Стрико и голем непријател на Мухамед ( а.с.) |
| Еџел | Крај, судениот час кога мора да се умре, смрт. |
| Енсарии | Жители на Медина. Дословно: помагачи. |
| Зекат | Верска такса што ја даваат муслиманите годишно за општо добро. |
| Зат | Идол |
| Зихар | Еден лош обичај кај Арапите кога мажот ја бркал сопругата, изговарајќи ги зборовите "Ти ми се забранета како мајка ми". |
| Зулум | Штета, неправда, насилство, терор. |
| Зулумќар | Штетник, неправеден, насилник. |
| Ибадет | Побожност, богопочит |
| Ибрет | Поука |
| Иман | Верување |

| | |
|---|---|
| Имам | Водач |
| Имран | Татко на Мојсие и Арон |
| Иншаеллах | Ако посака Бог |
| Итикаф | Муслимански верски обичај последните десет дена од месецот Рамазан кога се затвора или останува во џамија со цел да се извршува побожна пракса. Тоа го прави еден човек од членовите на џамијата во определено место. |
| Јација | Вечерен молитвен обред. |
| Јетим | Сирак |
| Кадар | Моќен, Силен |
| Кадр | Ноќ во која започнува објавувањето на Куранот |
| Кевсер | Река во рајот |
| Курбан | Жртва; овен или говедо што ги жртвуваат муслиманите на празникот Курбан-Бајрам и во некои други прилики. |
| Курејш | Племето од кое потекнува Мухамед (а.с.) |
| Лат | Идол |
| Левхи Махфуз | Сочувана плоча на која се испишани сите Божји одредби и Книга од која потекнуваат сите објавени книги. |

| | |
|---|---|
| Менат | Идол кај Арапите |
| Мираз | Наследство |
| Мизан | Вага според која ќе се мерат добрите и лошите дела на Судниот ден. |
| Миџо | Стрико |
| Михраб | Место во кое стои оџата во џамија и оттука раководи со ритуалот. |
| Нафака | Божји дар, Божјо давање |
| Неср | Идол |
| Руку | Постапка при извршување молитва |
| Ѓрск | Нафака |
| Сабах | Утринска молитва |
| Сабота | Сабат |
| Салих | Пророк испратен до народот Семуд |
| Сахифи | Страници објавени на некои поранешни пророци. |
| Садака | Милосрдие |
| Сеџде | Поклонување во молитва на Бог |
| Селам | Поздрав, спас |
| Селам алејкум | Поздрав кај муслиманите. Дословно: "Нека е мир и спас врз вас". |
| Селсебил | Име на извор во рајот |

| | |
|---|---|
| Сува | Идол, кип |
| Тува | Света долина |
| Тагут | Бог што поттикнувал на грев. Се однесува на секој предмет што се обожава, но не се однесува и на Бога. |
| Тејеммум | Ритуално допирање на лицето и рацете до лактовите со чиста земја како замена на молитвеното миење. |
| Јахја | Пророк Божји |
| Узат | Идол во предисламско време |
| Узеир | Езра |
| Умра | Мал аџилак што се извршува во кое било време во Мека. |
| Харф | Буква |
| Намаз | Молитва |
| Халал | Дозволено |
| Харам | Забрането |
| Хицр | Место во кое дејствувал Салих |
| Хурија | Рајска убавица |
| Уммул-Кура | Мајка на градовите (се мисли на Мека) |

| | |
|---|---|
| Џахилиет | Предисламски период, непосредно пред појавата на Исламот. |
| Џизија | Порез |
| Џин | Невидливо духовно битие. |
| Џуз | Дел од Куранот (дваесет страници) |
| Џума-намаз | Молитвен ритуален обред во петок |
| Џунуб | Нечист. Така се нарекуваат муслиманот и муслиманката од моментот на полниот однос, ејакулација или полуција се додека не се искапат. |
| Шејтан | Враг, Ѓавол |
| Шехид | Маченик |

# СУРА ЕЛ-ФАТИХА

## Отвор

Сура 1 - Мекка - 7 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Благодарение на Аллах,
Господарот на световите,

2. Милостивиот и Сомилосен,

3. Владетелот на Денот суден!

4. Ние само Тебе Те обожаваме и ние
само од Тебе помош бараме!

5. Упати нè по патот вистински,

6. по патот на оние на кои им ја даде
Твојата благодат,

7. а не по патот на оние врз
кои се истури омразата и кои
скршнаа во заблуда!

# СУРА ЕЛ- БЕКАРА

## Крава

Сура 2 - Медина - 286 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

**Елиф, лам, мим!**

1. Ова е Книга во која нема никакво сомнение; таа е патоказ за богобојазливите:

2. за оние што веруваат во невидливиот свет, и што клањаат намаз, и што делат од богатството што Ние им го дадовме.

3. И кои веруваат во она што ти се објавува, и во она што беше објавено пред тебе, и во оној свет и кои се во сето тоа уверени.

4. Таквите, бидејќи одат по патоказот од својот Господар, се спасени.

5. Сеедно е, навистина, оние што не веруваат дали ќе ги опоменуваш или, пак, нема да ги опоменуваш: тие, сепак, нема да веруваат.

6. Аллах ги запечати и срцата нивни и ушите нивни, а пред погледот нивни постави перде и за нив има казна голема.

7. Меѓу луѓето има и такви што зборуваат: »Веруваме во Аллах и во Денот суден,« – а, тие, токму, не веруваат.

8. Имаат намера да ги излажат Аллах и оние што веруваат, но не чувствуваат дека самите себе се лажат.

9. Во нивните срца има болештина: Аллах ја зголемува и, поради тоа што лажат, за нив постои казна болна.

10. И кога ќе им се рече: »Не сејте безредие по земјава!« Тие велат: »Не, ние само ред воспоставуваме, навистина!«

11. Зарем така!? Безредници се, а за тоа, пак, не се свесни.

12. И кога ќе им се рече: »Верувајте како што другите веруваат«. Тие велат: »Зар да веруваме како што безумните веруваат?« Зарем така!? Тие, токму, се безумните, но ете, тоа не го знаат.

13. И кога ќе се сретнат со оние што веруваат, велат: »Ние веруваме«, а кога, пак, ќе се најдат насамо со шејтаните свои, зборуваат: »Да, Ние сме со вас! Само се потсмеваме, навистина!«

14. Аллах им се потсмева и ги пушта да талкаат во неверието нивно.

15. Таквите патоказот, всушност, го заменија со беспаќе: оваа трговија не им донесе никаква добивка и тие не се како упатените!

16. Слични се на оние што ќе запалат оган... И кога огнот ќе го осветли просторот, и тогаш да се случи Аллах да ја потисне светлината и да ги остави во темнина, тогаш тие ништо нема да гледаат.

17. И глуви се, и слепи се, и неми се: па, според тоа, не можат да се упатат кон патот вистински;

18. или се како оние, кои, додека е небесениот облак со темнеж, и со татнежи, и со секавици, ги стават своите прсти в уши, заради громови, плашејќи се од смртта. А, Аллах ги опфаќа неверниците!

19. Молњата само што не ги ослепува; и секојпат кога ќе севне, одат по светлината нејзина, а кога темнеж врз нив ќе падне, ќе застанат. А, кога, пак, Аллах би сакал, би им го зел и видот нивни и слухот нивни, зашто Аллах, навистина, е Кадар за сè!

20. О луѓе! Обожавајте го Господарот ваш што ве создаде, и вас и оние пред вас, за да бидете богобојазливи,

21. Оној што ви ја определи земјата како постела, а небото како здание, па Он прави од небото да се спушта вода и со неа Он ги вади плодовите, храната ваша – а, бидејќи знаете, тогаш немојте да Му припишувате здруженици на Аллах!

22. Ако сте при сомнение во она што му го објавивме на робот Наш, тогаш донесете едно суре што ќе биде слично на нему објавените, и повикајте ги за сведоци оние на кои, освен Аллах, се повикувате, доколку вистина зборувате.

23. Па, ако тоа не го направите, а нема никогаш да го направите, тогаш, навистина, чувајте се од огнот, подготвен за неверниците чиешто гориво се луѓето и камењата!

24. И зарадувај ги оние што веруваат и што работат добри дела: за нив има градини џеннетски низ кои течат реки, навистина! И секојпат кога ќе пробаат од плодовите, од благодатот, ќе речат: »Ова е она што порано го пробавме« – а ќе им се даде само оној плод што е сличен на нивниот; во тие градини за нив ќе има и чисти жени и тие тука за навек ќе останат.

25. Да, Аллах не се стеснува да изнесе пример: било мувичка било нешто од неа помало или поголемо; па, што се однесува на верниците, тие знаат дека тоа е вистина од Господарот

нивни; што се однесува, пак, на неверниците, тие велат: »Што сака Аллах да покаже со таков пример?« Он со тоа многу луѓе ги пушта во заблуда, а многу ги упатува по патот вистински. Ќе бидат заведени само расипаните:

26. што го кршат договорот на Аллах, откако го склучија, и што го прекршуваат она што Аллах го заповеда да се одржува, и што на земјата шират безредие – тие се, токму, поразените!

27. Како не верувате во Аллах... ? Бевте мртви, па Он ве оживеа; потоа пак ќе ве умртви, потоа пак ќе ве оживее, а потоа ќе Му се вратите.

28. Сè што е на земјата Аллах го создаде за вас; потоа Својата одлука ја насочи кон небото и таму создаде седум небеса. Он знае сè!

29. И кога твојот Господар им рече на мелеките: »Навистина, Јас ќе поставам намесник на земјата!« Тие рекоа: »Зар ќе го поставиш оној што ќе сее безредие и што ќе пролева крв? А, ние, заблагодарувајќи се, Ти изразуваме величие и благослов.« Он рече: »Јас го знам она што вие не го знаете.«

30. И Он го поучи Адема со имињата на сите нешта, и ги изнесе имињата пред мелеките, и Он им рече: »Изнесете Ми ги нивните имиња ако вистина зборувате!«

31. А, тие рекоа: »Славата Тебе Ти припаѓа! Ние поседуваме знаење само за она за што Ти нè поучи; Ти си, навистина, Зналец и Мудар!«

32. Аллах рече: »Соопшти им ги имињата!« И кога им ги соопшти имињата, Аллах рече: »Зар не ви реков дека Јас ги знам тајните на небесата и на Земјата и дека го знам и она што го обелоденувате и она што го криете!«

33. И кога на мелеките Ние им рековме: »Поклонете му се на Адем!« – сите се поклонија, а Иблис тоа не го направи; тој одби, се вообрази; беше неверник!

34. И Ние рековме: »О Адем! Живејте, ти и жената твоја, во Ценнет и јадете од него колку што сакате и од каде што сакате, но не приближувајте се до ова дрво...зашто, тогаш, би погрешиле!«

35. И Шејтанот ги излажа и, тогаш, ги одведе од тоа место каде беа. Ние рековме: »Слезете, ќе бидете непријатели едни на други. Земјата ќе ви биде живеалиште и ќе се ужива на неа до определено време!«

36. И Адем ги усвои некои зборови од својот Господар и Он му го прими покајанието. Он, навистина, е Простувач и Сомилосен!

37. И Ние рековме: »Излегувајте сите од Ценнетот! Ќе ви доаѓа од Мене патоказ; а, оние што ќе одат по Мојот патоказот... тие нема да страдуваат и нема да тагуваат!«

38. А, оние, пак, што не веруваат и што ги сметаат за лажни Нашите ајети, тие ќе станат жители на огнот и во него за навек ќе останат.

39. О синови Израилови! Сетете се на благодатите Мои со кои ве благословив, и исполнете го ветувањето што ми го дадовте, а и Јас ќе го исполнам ветувањето што ви го дадов. И плашете се само од Мене!

40. Верувајте во она што го објавив, а тоа го потврдува она што го поседувате; и не бидете први, кои во тоа нема да верувате, и не продавајте го по никоја цена. Тогаш, само од Мене плашете се!

41. И не мешајте ја вистината со невистината, и вистината, знаејќи ја, не кријте ја!

42. И клањајте намаз и давајте зекат; а со оние што се поклонуваат и вие поклонувајте се!

43. Зар ќе им наредувате на луѓето да бидат добротвори, а на себе заборавате, вие што Книгата ја кажувате? Нема ли да се вразумите?

44. И барајте сигурност и во трпеливост и во намаз; ете, тоа, навистина, е тешко, но не и за скрушените,

45. кои мислат дека ќе го видат својот Господар и, дека, навистина, ќе му се вратат Нему.

46. О синови Израилови! Сетете се на благодатите Мои со кои ве благословив и за тоа што, навистина, ве одликував над другите светови;

47. и плашете се од Денот во кој никој за никого нема да може да направи нешто: кога нема да биде примено ничие посредување, а ниту, пак, ќе биде уважено некакво надополнување, а ниту, пак, ќе им се помогне;

48. и кога Ние ве спасивме од луѓето на фараонот, кои ве изложуваа на казна пакосна, колејќи ги синовите ваши, а оставајќи ги во живот ќерките ваши - ете, тоа ви беше, од Господарот ваш, искушение големо,

49. и кога Ние го разделивме морето поради вас, и вас спасувајќи ве, а луѓето на фараонот, пред очите ваши, потопувајќи ги,

50. и кога на Муса Ние му исполнувавме четириесет ноќевна средба – вие во негово отсуство, обожававте теле и, ете така, направивте зло за себе,

51. а потоа Ние ви простивме само да се заблагодарувате;

52. и кога на Муса Ние Книга му дадовме, одделувач на вистината од невистината, за да бидете упатени.

53. и кога Муса на својот народ му рече: »О луѓе! За себе зло си направивте, навистина, со тоа што обожававте теле, затоа, пак, покајание кон вашиот Творец, упатете, и своето подло себе, убијте го! Тоа, за вас, кај вашиот Создател, е подобро. Па, Он ќе ви прости. Он е Простувач и Сомилосен!«

54. И кога рековте: »О Муса! Нема никогаш да ти веруваме сѐ додека очигледно не го видиме Аллах!« – па, ве шибна гром додека гледавте,

55. а по вашата смрт Ние ве оживеавме за да се заблагодарувате.

56. И Ние ви направивме ладовина од облак, и ви испративме храна, еден вид на мед и потполошка, велејќи ви: »И јадете од добрата со кои ве обезбедивме.« И нам не ни направија зло, туку самите за себе зло си направија;

57. и кога Ние рековме: »Влезете во овој град, и јадете, тогаш, што сакате и колку сакате; влезете низ портата ничкум и речете: – Простување! Ние ќе ви ги простиме гревовите, а на добротворите ќе им дадеме и повеќе од тоа.«

58. Па, силниците го заменија кажаниот збор со оној што им беше кажан, а а силниците..., нив, ги погоди казна од небо затоа што беа расипани,

59. и кога Муса се молеше за својот народ за вода, Ние тогаш рековме: »Удри со твојот стап на карпата!« – и од карпата потекоа дванаесет извори, и секоја дружина веќе знаеше од кој извор да пие. »Јадете и пијте од богатството на Аллах и не правете зло по земјата, предизвикувајќи неред!«

60. И кога вие рековте: »О Муса! Ние не можеме да поднесеме една храна: па, упати молба во име наше, до Господарот твој да ни проникне од тоа што земјата прави да ‘рти: растенија, краставички, лук, леќа и кромид!« Тој рече: »Зар барате да го замените она што е добро со она што не е добро? Одете во кој и да е град, и таму ќе имате сè што ќе посакате, навистина!« И ги снајде немаштија и понижување; го предизвикаа гневот на Аллах, зашто не веруваа во ајетите на Аллах, навистина! И зашто ги убиваа пејгамберите бесправно, навистина! И зашто беа непослушни. И зашто во злоделата претеруваа, навистина!

61. А, оние, пак, што веруваат, и евреите, и христијаните и Сабејците, што веруваат во Аллах и во Денот суден, и што работат добри дела… па, за нив има награда кај Господарот нивни, навистина! Тие нема да стравуваат и нема да тагуваат!

62. И кога вашиот договор Ние го прифативме и кога над вас подигнавме рид: »Слободно прифатете го она што ви го дадовме и сеќавајте се на она што е во него за да бидете богобојазливи.«

63. А, потоа го свртивте грбот, и да не беше добрината на Аллах кон вас и милоста Негова, ќе бевте поразени, сигурно!

64. Веќе узнавте за оние од вас кои згрешија за Сабота, и тогаш Ние им рековме: »Бидете мајмуни презрени!«

65. Ние одредивме тоа да биде голема опомена за поранешните и подоцнежните поколенија, а ука за богобојазливите.

66. И кога Муса на својот народ му рече: »Аллах ви нареди да заколете крава.« Тие прашаа:

»Зар се поигруваш со нас?« Тој одговори: »Барам засолниште кај Аллах: да не даде да бидам од незнајковците!«

67. Тие рекоа: »Упати молба, во наше име, до твојот Господар, да ни објасни каква е таа?« Тој рече: »Он, навистина, вели дека таа не е ниту стара а ниту, пак, млада, туку средна: па, извршете го она што ви се заповеда!«

68. Тие рекоа: »Упати молба, во наше име, до твојот Господар, да ни објасни каква е нејзината боја.« Тој рече: »Он, навистина, вели дека кравата треба да биде отворено жолта, и така нејзината боја ќе им се допадне на гледачите.«

69. Тие рекоа: »Упати молба, во наше име, до твојот Господар, каква треба да биде кравата: кравите ни изгледаат слични и ние, навистина, со волјата на Аллах ќе ја препознаеме.«

70. Тој рече: »Он вели дека таа крава не треба да биде истоштена – навистина! – од орање или, пак, изморена од наводнување на посевите; да нема никакво обележје и никаква мана.« Тие рекоа: »Е, сега вистината ја кажа!« Па, ја заклаа и одвај тоа го направија!

71. И кога убивте еден човек, тогаш се скаравте поради него, и кога Аллах го обелодени она што го криевте –

72. тогаш Ние рековме: »Удрете го со еден нејзин дел; ете, така Аллах ги оживува мртвите и, ете така, Он ви ги покажува знаменијата Свои за да се вразумите.«

73. Потоа срцата ваши затврднаа како камен или како нешто уште потврдо... а, меѓу камењата има и такви од кои течат реки, а има и такви кои пукаат и од нив потечува вода, а и камења такви кои, плашејќи се од Аллах, се кршат,

навистина! И Аллах не е невнимателен кон она што го работите!

74. А, зар посакувате да ви веруваат, а веќе некои нивни дружини ја слушаа речта на Аллах, а потоа, кога ја разбраа, го искривија значењето, знаејќи.

75. И кога ќе ги сретнат оние што веруваат, велат: »Ние веруваме«, а кога, пак, ќе се здружат насамо, велат: »Зар ќе им зборувате за она што Аллах ви го објави, и тоа да им биде доказ пред вашиот Господар против вас?« Нема ли да се вразумите?!

76. Зар не знаат дека Аллах, навистина, го знае и она што го кријат и она што го обелоденуваат?

77. Меѓу нив има и неписмени, кои не ја знаат Книгата; само измислуваат и си замислуваат дека знаат.

78. Тешко на тие кои пишуваат книги со свои раце за по тоа да речат: »Ова е од Аллах« – за да се стекнат со мала корист; и тешко на тие кои со своја рака пишуваат такво нешто, и тешко ним кои печалат на таков начин!

79. Тие зборуваат: »Огнот ќе нè пржи само едно определено време.« Кажи: »Дали го прифативте Договорот на Аллах, а Аллах нема да се откаже од Договорот Свој, или, пак, за Аллах го зборувате она што не го знаете?!«

80. Но, тие што прават зулум и што се обземени со гревови, таквите жители џехеннемски ќе станат и во него за навек ќе останат!

81. А, тие што веруваат и што работат добри дела – таквите жители џеннетски ќе станат и во него за навек ќе останат!

82. И кога од синовите Израилови Ние го прифативме договорот: да Го обожавате само Аллах; кон родителите, и кон блиските, и кон сиромасите... да се однесувате убаво; да клањате намаз и да давате зекат, а потоа на договорот му го свртивте грбот, а не и малкумина од вас, и на тој начин станавте рамнодушни.

83. И кога Ние го прифативме договорот ваш: да не пролевате крв едни со други и да не се протерувате од огништата ваши: потврдивте, а и сведочите дека е тоа така;

84. но, ете се убивате меѓусебе, а некои од вас ги протерувате целосно од огништата нивни, и меѓусебно се помогнувате против нив, правејќи грев и насилство... а, ако, пак, ви дојдат како заточеници, ги користите нив, а не ви е дозволено да ги прогонувате. Па, зар ќе верувате во еден дел од Книгата, а во друг нема да верувате?! Оние меѓу вас што ќе направат такво нешто, тие ќе бидат понижени на овој свет; нема никаква награда за нив, а на идниот свет ќе бидат изложени на најголема казна. А, Аллах не е невнимателен кон она што го работите!

85. Таквите го продадоа животот на оној свет за животот на овој свет, и страдањето нема да им се олесни, а ниту, пак, ќе им се помогне.

86. И на Муса Ние Книга му објавивме и по него редици пејгамбери испративме...И на Иса, синот на Мерјем, му објавивме јасни докази и го поддржавме со Светиот дух. И секогаш кога ви доаѓаше пејгамбер со она што не ви се допаѓаше, се прчевте. Некои пејгамбери, тогаш, ги сметавте за лажни, а некои, пак, ги убивавте.

87. Тие зборуваат: »Срцата наши се закоравени.« Не, поради неверувањето нивно, Аллах ги проколни. Оние што веруваат – малкумина се!

88. И кога им дојде Книга од Аллах, која ја потврдува Книгата што им беше објавена, и од порано бараа помош против оние што не веруваа, а кога им доаѓаше она што веќе го узнаа, не веруваа во тоа. Па, проклетството на Аллах нека биде над неверниците!

89. Е, само колку е лошо она за што ги продадоа душите свои! Да не веруваат во она што е објавено од Аллах, вознемирени затоа што Он спушта, поради добрината Своја, објава кому сака од робовите Свои. Си предизвикаа гнев еден по друг. А, за неверниците има срамна казна!

90. И кога ќе им се рече: »Верувајте во она што го објави Аллах!« Тие велат: »Веруваме во она што е објавено до нас« – а не веруваат во она што е објавено по него, она што потврдува дека е вистина она што им е објавено порано. Кажи: »Ако сте верници, тогаш, зошто порано ги убивавте пејгамберите на Аллах?«

91. И Муса, навистина, ви дојде со јасни знамениja. По него, обожавајќи теле, станавте многубошци!

92. И кога Ние го прифативме договорот од вас и подигнавме рид над вас – тогаш слободно прифатете го она што ви го дадовме, и чујте! Тие рекоа: »Слушаме ама нема да бидеме послушни.« Срцата нивни, поради неверието нивно, беа опиени со телето. Кажи: »Е, само колку е лошо она кон што ве наведува неверувањето ваше ако верувате!«

93. Кажи: »Ако Куќата оносветска е наменета само за вас, а не и за другите луѓе, тогаш ако вистина зборувате, посакајте да умрете,«

94. а нема да посакаат никогаш поради она што го направија рацете нивни. А, Аллах ги знае неверниците!

95. Да, ќе ги најдеш како тежнеат, повеќе од сите луѓе, кон животот, дури повеќе и од многубошците. Секој од нив би посакал да поживее илјада години; и толку да поживее, казната, сепак, не може да ја избегне. Аллах го гледа она што го работат!

96. Кажи: »И кој ќе биде непријател на Џибрил?« Па, тој ти го објави Куранот во срцето твое, со одобрението на Аллах, кој потврдува дека е вистина она што беше објавено порано, а тој е и патоказ и радосница за верниците.«

97. Непријателите на Аллах, и непријателите на мелеките Негови, и на пејгамберите, и на Џибрил, и на Микаил..., па, неверниците, го имаат Аллах за свој непријател, навистина!

98. И Ние веќе ти објавивме јасни ајети; во нив не веруваат само расипаните!

99. И секогаш кога ќе преземат некое ветување на себе, една дружина од нив ќе го отфрли; но мнозината меѓу нив не веруваат!

100. И кога им дојде пејгамбер од Аллах, потврдувајќи дека е вистина она што им е објавено, некои од оние на кои им е објавена Книгата ѝ го свртеа грбот на Книгата на Аллах, правејќи се како да не знаат ништо,

101. и го следеа она што го кажуваа шејтаните во време на владеењето на Сулејман, а Сулејман, пак, не беше неверник, туку шејтаните не веруваа; шејтаните ги поучуваа луѓето со волшебништво и со она што им беше објавено во Вавилон на двата мелека, Харун и Марут. Овие не поучуваа никого сè додека не му речеа: »Да, ние само искушуваме! Па, немој да не веруваш!« Луѓето од нив учеа како да ги разделат мажот и жената; но тие никому, освен со одобрението на

Аллах, не можеа да му нанесат никаква штета. И поучуваа со она што им донесува штета, а не им донесува корист. Она што тие го знаеја, навистина, е тоа дека оној што се занимава со волшебништво, дека тој нема да има никаква награда. Навистина е грдо тоа, – е, само кога би знаеле! – за што самите се продадоа!

102. А, да веруваа и да беа богобојазливи, наградата на Аллах ќе им беше многу подобра, навистина! Е, само кога би го знаеле тоа!

103. О верници! Не велете му на пејгамберот »раина« туку велете: »Погледни нè и чуј нè!« За неверниците има казна болна.

104. Тие што не веруваат меѓу Следбениците на Книгата, а и многубошците, не сакаат да ви се објави некакво добро од вашиот Господар. А, Аллах ќе ја посвети милоста Своја кому сака. А, Аллах поседува добрина голема!

105. Ниеден ајет Ние не го поништуваме а, ниту, пак, забораваме, а да не донесеме подобар или сличен на него. Зар не знаеш дека Аллах, навистина, е Кадар за сè?

106. Зар не знаеш дека власта и на Земјата и на небесата е Аллахова, и дека вие, освен Аллах, немате ниту прија-тел ниту поддржник,

107. или зар посакувате да го барате од вашиот пејгамбер она што се бараше порано од Муса? А, кој ќе го замени верувањето со неверување, тој веќе скршнал во заблуда, по лошиот пат!

108. Многумина од Следбениците на Книгата би посакале, по вашето верување, да ве вратат во неверување, поради завидноста нивна, иако вистината им беше објаснета. И послужете се со простување и занемарете го тоа додека не стигне наредбата на Аллах. А, Аллах е Кадар за сè!

109. И клањајте намаз и давајте зекат, а за доборото што ќе го направите за себе, ќе најдете награда кај Аллах. Аллах, навистина, го гледа она што го работите!

110. Тие зборуваат: »Оној што не е евреин и не е христијанин, тој никогаш нема да влезе во Џеннет; ете, тоа се празни желби нивни.« Кажи: »Ако вистина зборувате, тогаш донесете ваш доказ!«

111. Но, оној што ќе го предаде лицето на Аллах, кој е добротвор, тој има награда кај својот Господар. Таквите нема да стравуваат и нема да тагуваат!

112. Евреите велат: »Христијаните не се по патот вистински«, а христијаните велат: »Евреите не се по патот вистински.« А и едните и другите ја кажуваат Книгата. Оние што не знаат, ете, ги кажуваат истите зборови. Па, Аллах на Денот суден ќе им пресуди за она за што, токму, станаа деленици!

113. И кој е поголем неверник од оној кој забранува да се спомнува во храмовите на Аллах името Негово и кој се труди да ги руши? Таквите само со страхопочит треба да влегуваат во нив. За нив има понижување на овој свет, а казна голема на оној свет.

114. И Исток и Запад се – Аллахови! Па, каде било да се управиш – таму е Аллах. Аллах, навистина, е Неизмерен и Зналец!

115. И велат: »Аллах си присвои дете.« Славата Нему Му припаѓа! Но, сè што е на небесата и на Земјата е – Негово! И сè се потчинува на Аллах!

116. Аллах е Создател на небесата и на Земјата, и кога ќе реши за нешто, ќе рече: »Биди!« – и тоа, токму, ќе биде.

117. А, оние кои не знаат, зборуваат: »Како? Зар Аллах нема да зборува со нас или зар нема да изнесе некакво знамение?« И оние кои беа пред вас ги кажуваа истите зборови; и срцата им се слични. И, навистина, му ги објаснувавме аџетите на потчинетиот народ!

118. И Ние, секако, те испративме со вистина како радосница и како опомена. И ти нема да бидеш прашан за жителите џехеннемски.

119. И никогаш евреите и христијаните нема да бидат задоволни со тебе додека не ја прифатиш верата нивна. Кажи: »Да, Патоказот на Аллах е – патоказот вистински!« И кога би џапал по желбите нивни, откако ти се објави Книгата, никого не би имал, освен Аллах, за заштитник и за поддржник!

120. Оние на кои им објавивме Книга, ја кажуваат исправно: во неа веруваат, а оние кои не веруваат во неа – па, губитници се!

121. О синови Израилови! Сетете се на благодатот со кој ве благословив и со кој ве одликував над другите луѓе!

122. И плашете се од Денот во кој никој никому нема да му е од корист, кога нема да им се прими никаква откупнина и кога нема да им користи никакво посредување, а ниту, пак, ќе им се помогне на некој начин!

123. И кога Господарот негов го искуша Ибрахима со неколку зборови, тогаш Ибрахим, навистина, ги спроведе! Аллах рече: »Јас, навистина, ќе одредам на луѓето да им бидеш водач!« Ибрахим праша: »И од потомството мое?« Аллах одговори: »Ветувањето мое нема да ги опфати силниците.«

124. И Ние Куќата ја одредивме да биде засолниште и сигурно место за луѓето...а, местото на Ибрахим – одредиште за клањање, прифатете го! И на Ибрахим и на Исмаил Ние им заповедавме: »Очистете ја Куќата Моја за оние што ќе кружат околу неа, и што ќе останат тука и што ќе се поклонуваат.«

125. И кога Ибрахим беше рекол: »Господаре мој, определи овој град да биде сигурен и снабди ги жителите негови со плодови: оние што веруваат и во Аллах и во Денот суден.« Аллах рече: »На оној што не верува, ќе му дадам кратко уживање, а потоа ќе го турнам во казна огнена.« Е, само колку е лошо тоа престојувалиште!

126. И кога Ибрахим и Исмаил ги поставаа темелите на Каба, се молеа: »Господаре наш, прими го ова од нас. Ти, навистина, сè слушаш и сè знаеш!

127. Господаре наш, одреди да Ти бидеме потчинети. И породот наш, исто така, нека Ти биде потчинет народ. И покажи ни ги обредите; прости ни. Ти си, навистина, Простувач и Сомилосен!

128. Господаре наш, испрати пејгамбер меѓу нив што ќе им ги кажува ајетите Твои и што ќе ги поучува во Книгата, и во Мудроста... и што ќе ги просветли. Ти си, навистина, Силен и Мудар!«

129. Верата на Ибрахим ја избегнува оној што се срами од себе. А Ибрахима Ние го одбравме на овој свет, а и на оној свет ќе биде меѓу добрите, навистина!

130. Кога Господарот негов му рече: »Биди потчинет!« Ибрахим рече: »Потчинет сум на Господарот на световите!«

131. И Ибрахим го остави тоа во аманет на синовите свои, а и на Јакуб: »Синови мои, Аллах, навистина, ве одликува со вера, и немојте да ја дочекате смртта непослушни; да бидете непослушни;«

132. или, пак, бевте сведоци кога на Јакуб му се приближи смртниот час и кога на синовите свои ги праша: »Што ќе обожавате по мене?« Тие одговорија: »Ние ќе Го обожаваме Аллах, Кој е Еден, Аллах на предците твои: Ибрахим, и Исмаил и Исхак; и само му сме Нему послушни!«

133. Тој народ веќе исчезна: нему ќе му припадне она што си го направил, а и вам ќе ви припадне она што го направивте, и нема да бидете прашани за она што другите го направија.

134. Тие зборуваа: »Бидете евреи и христијани и ќе бидете упатени!« Кажи: »Не, ние ја следиме верата на Ибрахим – вистинската вера, а тој не беше многубожец!«

135. Кажете: »Ние веруваме во Аллах, и во она што ни е објавено, и во она што му беше објавено на Ибрахим, и на Исмаил, и на Исхак, и на Јакуб, и на внуците; и во она што му е дадено од Господарот нивни на Муса, и на Иса, и на пејгамберите пред нив. Ние не правиме никаква разлика меѓу нив. И послушни Му сме само на Аллах!«

136. Па, ако веруваат во Него, како што вие верувате, тогаш ќе бидат упатени, навистина! А, ако, пак, го свртат грбот...та, ќе се најдат далеку од патот вистински! Аллах ќе ве сочува од нив. А, Он слуша сè и знае сè !

137. Кон верата на Аллах! А кој има подобра вера од верата на Аллах? Ние само Него Го обожаваме!

138. Кажи: »Зар ќе се расправате со нас за Аллах, а Он е и наш и ваш Господар? Нам ни припаѓаат нашите дела, а вам ви припаѓаат вашите дела. И искрено оддадени Му сме саму Нему!«

139. Или зборувате: »И Ибрахим, и Исмаил, и Исхак, и Јакуб, и внуците беа евреи или христијани.« Кажи: »Дали вие знаете повеќе или Аллах знае повеќе?« Зар има некој полош од оној што го крие изразувањето на верата што доаѓа од Аллах? А, Аллах не е невнимателен кон она што го работите!

140. Тие луѓе исчезнаа. Ним ќе им припадне она што си го направија, а и вам ќе ви припадне она што си го направивте, и нема да бидете прашани за она што го направија.

## Џуз 2

142. Некои од безумните безмалку ќе речат: »Што ги натера да ѝ го свртат грбот на Киблата кон која се управуваа?« Кажи: »И Исток и Запад се – Аллахови, и Он упатува кого сака по патот вистински.«

143. И, ете така, Ние ве направивме средишен народ за да бидете сведоци против луѓето, а и пејгамберот да биде сведок против вас. Киблата кон која се управуваше ја променивме само поради тоа да дознаеме кој го следи пејгамберот, а кој оди по стапалките поранешни. Тоа им беше, освен на оние што се упатени од Аллах, многу тешко. Аллах нема да го пренебрегне вашиот намаз. Аллах, навистина, е Сочувствителен и Сомилосен кон луѓето!

144. И Ние, навистина, ќе ти овозможиме да се управиш кон онаа Кибла – а веќе забележавме како лицето свое го управуваш кон небо – со која ќе бидеш задоволен. Па, управи го лицето свое кон Месџидул Харам. И каде било да се најдете, управете ги лицата ваши кон Месџидул Харам. А и оние до кои дојде Книгата, и тие добро узнаа дека е тоа вистина од Господарот нивни. И Аллах не е невнимателен кон она она што го работат!

145. А, оние со Книгата што им е доставена – и покрај тоа што ќе им ги доставиш сите знамении – нема да ја следат Киблата твоја. А и ти нема да ја следиш Киблата нивна. Ниту тие едни по други ќе ја следат Киблата своја. А кога би ги следел желбите нивни, по знаењето што ти се објави, тогаш, навистина, би бил неисправен.

146. Оние на кои им ја дадовме Книгата, тие го препознаваат пејгамберот како што ги познаваат синовите свои. И некои од нив, знаејќи за тоа, ја скриваат вистината.

147. Вистината е од Господарот твој, и немој да бидеш од оние кои се сомневаат!

148. И секој се управува кон својата страна, и претходете едни на други во добрини. И каде да бидете, Аллах ќе ве збере. Аллах, навистина, е Кадар за сè!

149. Каде и да бидеш, а сакаш да клањаш, тогаш управи го лицето кон Месџидул Харам. Вистината е од Господарот твој. А, Аллах не е невнимателен кон она што го работите.

150. Каде и да бидеш, значи, управи го лицето свое кон Месџидул Харам. И каде да бидете, значи, управете ги лицата ваши кон Месџидул Харам, за да не донесат луѓето доказ против

вас. Со исклучок на силниците од нив, од кои не треба да се плашите, туку, за да ви го зголемам благодатот и да ве упатам по патот вистински, плашете се од Мене!

151. Ние испративме меѓу вас пејгамбер што ќе ви ги кажува ајетите Наши, и што ќе ве очисти и што ќе ве поучи и во Книгата, и во Мудроста и во она што не го знаевте!

152. Спомнувајте Ме а и Јас ќе ве спомнувам; бидете Ми благодарни, а не неблагодарни!

153. О верници! Барајте помош и во трпеливост и во намаз. Аллах, навистина, е со трпеливите!

154. А, за оние што ќе загинат на патот на Аллах, за нив, не велете дека се мртви. Не, живи се, но вие тоа не го чувствувате.

155. Ние ќе ве искушуваме, сигурно, со неколку работи: и со страв, и со глад, и со губење на имотот и животот и летнините...но, зарадувај ги трпеливите!

156. Тие што ќе ги снајде некаква несреќа, велат: »Ние сме, навистина, Аллахови и Нему ќе Му се вратиме!«

157. Се спуштаат благослови врз нив, од Господарот нивни, и милост, и тие, токму, се упатените.

158. И Сафа и Мерва се знаци на Аллах: кој ќе ја ходочести Куќава или кој ќе изврши умра – нема грев ако направи неколку круга од Сафа до Мерва. А, оној кој ќе направи некое добро дело доброволно…па, Аллах, навистина, е Благодарен и Зналец!

159. Оние кои ги кријат јасните докази и патоказот што Ние ги објавивме, а претходно им го објаснивме патоказот на луѓето во Кни-

гата, тие ќе бидат проколнети и од Аллах и од проколнувачите,

160. освен оние кои, навистина, ќе се покајат и кои ќе се поправат и тоа ќе го направат очигледно: ним ќе им простам. Јас сум Простувач и Сомилосен!

161. Врз оние кои не веруваат и кои ќе умрат, а се неверници, врз сите нив ќе се разлее проклетството на Аллах, и проклетството на мелеките и проклетството на сите луѓе;

162. тие во огнот за навек ќе останат и казната нема да им стивнува, а ниту, пак, ќе им се даде рок.

163. И вашиот Бог е еден Бог. Нема друг Бог освен Него. Он е Милостив и Сомилосен!

164. Во создавањето на небесата и на Земјата, и во сменувањето на ноќта и денот, во бродот што плови по море натоварен со она што им користи на луѓето, и во дождот што го спушта Аллах од небо, со што ја оживува земјата по мртвилото нејзино и по која растури животни секакви, и во промената на ветровите, и во облаците кои се вијат меѓу небото и Земјата...во сето тоа, навистина, има знамениј за оние што умуваат!

165. Меѓу луѓето има и такви што прифатија, покрај Аллах, други соперници, сакајќи ги како што се сака Аллах. А, оние што веруваат, тие повеќе го сакаат Аллах. И кога многубошците би виделе, а бидејќи казната ќе ја видат, колкава е само моќта штому припаѓа Нему! А, Аллах, навистина, е Силен Казнувач;

166. кога ќе се одделат оние кои што се следат и оние што ги следат, и кога ќе им се прекинат причините за кои се здружуваа...тогаш, ќе ја здогледаат казната;

167. и кога оние што ги следеа ќе речат: »Е, кога би имале можност повторно да се вратиме на овој свет, и да се оддалечиме од нив како што тие се оддалечија од нас!« И ете така, Аллах ќе им ги предочи делата погубни и тие нема да излезат од огнот.

168. О луѓе! Јадете од она што е на земјата, што е дозволено и што е пријатно. И не следете ги стапалките на Шејтанот! Тој ви е очигледен непријател!

169. Тој ви заповеда само зло и само срамно дело, и да го зборувате за Аллах она што не го знаете.

170. И кога ќе им се рече: »Следете го она што го објави Аллах!« Тие велат: »Ние го следиме она што го затекнавме од предците наши!« Зар и тогаш кога претците нивни не сфаќаа ништо и кога не се упатуваа?!

171. Оние што не веруваат се слични на трло кое не слуша ништо, освен повик и глас; и глуви се, и слепи се, и неми се, не сфаќаат!

172. О верници! Јадете од добрата со кои ве обезбедивме, бидете благодарни на Аллах. Само Него, навистина, да Го обожавате!

173. Он ви забрани, навистина, мрша, и крв, и свинско месо, и она што е заклано во друго име, а не во името на Аллах. А оној што ќе биде присилен, не со желба и не од навика, тогаш нема грев. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

174. Оние што го кријат она што го објави Аллах во Книгата Своја, кои го продаваат за нешто што малку вреди, тие голтаат оган во стомаците свои. Аллах, на Денот суден, нема да разговара со нив, а ниту ќе ги очисти; ќе има казна болна за нив.

175. Таквите го заменија патоказот со беспаќе, а простувањето со казна. Е, само колку се тие нетрпеливи кон огнот!?

176. Ете, така Аллах ја објави Книгата со вистина, а оние кои се разединуваат околу Книгата, тие, навистина, се во голем расцеп!

177. Не е добротворство во управеноста на вашите лица кон Исток и кон Запад, туку добротворство е да се верува во Аллах, и во Денот суден, и во мелеките, и во книгите, и во пејгамберите; добротвори се оние што го даваат она што најповеќе го сакаат: на ближните, на сираците, на сиромасите, на патниците и на питачите; и кои ослободуваат робови; и кои клањаат намаз; и кои даваат зекат; и кои се придржуваат кон договорот што ќе го склучат; и кои се трпеливи и во немаштија, и во неволја и во зло време… тие, токму, се искрени и богобојазливи!

178. О верници! Пропишана ви е одмазда за убиените: слободен – за слободен, роб – за роб, жена – за жена. Па, оној кому ќе му биде простено од оној кој има право на одмазда, нека постапи пристојно и нека му возврати со добро. Ете, тоа е олеснение и милост од вашиот Господар. А, кој ќе возврати со насилство по тоа, та за него ќе има казна болна.

179. Во одмаздата ви е животот, о вие со разбир надарени, за да се сочувате!

180. Ви се пропишува – кога некому од вас ќе му се доближи смртта – да се остави завештание, ако се остава имот, на родителите и на роднините; на оние кои се плашат од Аллах.

181. А, оној што ќе го измени завештанието, откако го слушнал..., тогаш гревот паѓа на оние

што го менуваат. Аллах, навистина, е Слушач и Зналец!

182. А, кој се плаши дека оној што остава завештание постапил неправедно или згрешил, тогаш нека ги помири: нема грев за тоа. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

183. О верници! Пропишан ви е постот како што им беше пропишан и на оние пред вас за да бидете богобојазливи,

184. и тоа одреден број на денови; кој ќе биде болен или е на пат, тогаш нека ги напости тие денови; а оние што не можат да постат, тие нека ги откупат пропуштените денови со нахранување сиромав. А, кој, пак, ќе даде повеќе доброволно, тоа е уште подобро за него. А, ако постете, тоа е подобро за вас, само да знаете!

185. Месецот Рамазан е месец во кој е објавен Куранот како патоказ за луѓето, јасност на показот и одделувач на вистината од невистината. Па, кој од вас ќе се затекне во тој месец дома, нека пости, а кој е болен или е на пат, нека ги напости пропуштените денови. Аллах посакува да ви олесни со тоа, а не да ви отежни: определениот број денови да ги надополните, и Аллах да Го величате, затоа што ве упати, и да бидете благодарни.

186. И кога ќе те прашаат робовите Мои за Мене, па, Јас сум, навистина, блиску. Ја услишувам довата на молителот кога ќе Ме замоли. И нека ми се одзвијат, и нека веруваат во Мене, за да бидат упатени.

187. Ви се дозволува преку ноќ, додека трае месецот на постот, да легнете со жените ваши. Тие се ваша облека, а вие сте нивна облека. Аллах знаеше дека не можете да се воздржите едни кон

други, па ви прости и ви го прими покајанието: а, сега состанувајте се со жените ваши и посакувајте го она што Аллах ви го определи; јадете и пијте сè додека не ви биде толку јасно да можете да го разликувате белиот од црниот конец на муграта; оттогаш па до ноќе, постете! А, ако сте повлечени поради побожност во џамиите, тогаш не ви е дозволено да легнете со жените ваши. Ете, тие се границите на Аллах. И не приближувајте се до нив. Ете, така Аллах им ги објаснува ајетите Свои за да бидат богобојазливи!

188. И не трошете го имотот меѓусебе нечесно! Поради имотот, не спорете се пред судот: грешно да не потрошите дел од имотот на луѓето, знаејќи!

189. Те прашуваат за младиците. Кажи: »Тие се мерила на времето за луѓето. И за определување на Хаџот. Не е добротворство да влегувате во куќите од задна врата, туку добротворство прави оној што е богобојазлив. Влегувајте низ главните врати на куќите! И плашете се од Аллах за да бидете спасени!«

190. Борете се на патот на Аллах против оние што се борат против вас. Но, не преминувајте ги границите; Аллах, навистина, не ги сака оние што ги преминуваат границите!

191. Тие што ве напаѓаат и вие напаѓајте ги каде било да ги сретнете, и истерувајте ги отаде од каде тие ве истеруваат...Сплеткарењето е поголем грев од борбата. И не убивајте ги, доколку тие не ве убиваат, при Месџидул Харам. А, ако, пак, ве убиваат... па, убивајте ги и вие! Ете, така Аллах ги казнува неверниците!

192. А, ако престанат да го прават тоа – та, Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

193. И борете се против нив, сè додека не исчезне сплеткарењето и додека верата на Аллах не биде слободна, а, ако престанат, тогаш престанува и непријателството, а не и кон злосторниците.

194. Светиот месец за свет месец, а и во светите датуми има одмазда. Оние што ќе ве нападнат, тогаш нападнете ги и вие со иста мерка, така како што ќе направат тие. И плашете се од Аллах. И знајте дека Аллах, навистина, е со богобојазливите!

195. И трошете на патот на Аллах. И не фрлајте се со своите раце во пропаст. И работете добро. Аллах, навистина, ги сака добротворите!

196. Извршете хаџ и умра поради Аллах! А, ако сте спречени, тогаш заколете курбан, и не стрижете ги вашите глави додека курбаните не стигнат на свое место. А, оној меѓу вас што ќе се разболи или што има главоболка, нека го надополни пропуштеното со пост, со прилог и со курбан. А, ако се најдете во вообичаена состојба, извршете умра и хаџ и заколете курбан. А, оној што не е во состојба да го направи тоа, тогаш нека пости три дена на хаџ и седум дена кога ќе се врати дома: ете, полни десет дена. Ете, тоа е за оној што живее во Месџидул Харам. И плашете се од Аллах и знајте дека Аллах, навистина, е Жесток Казнувач!

197. Хаџот се извршува во познати месеци. А, оној што ќе ја прифати таа обврска за време на хаџот, тој не може да има однос со жена му и не смее да работи лоши дела, а ниту да се кара. А, за доброто што ќе го направите – Аллах знае. И снабдете се со сите потреби, а богобојазливоста е – најдобрата! И само од Мене плашете се о, вие, со разбир надарени!

198. Не е грев да барате добрина од Господарот ваш. А, кога ќе се враќате од Арафат, спомнувајте Го Аллах при светите места. Спомнувајте Го зашто Он ве упати, а пред тоа бевте скршнати во заблуда!

199. А, потоа тргнете отаде од каде што тргнуваат луѓето и барајте простување од Аллах. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

200. Па, спомнувајте Го Аллах како што ги спомнувате предците ваши, по извршените прописи на хаџџот, дури и повеќе од нив; меѓу луѓето има кои зборуваат: »Господаре наш, дај ни на овој свет...!« – таквите на оној свет нема да имаат никакво добро!

201. А, некои од нив зборуваат: »Господаре наш, дај ни добро и на овој свет и добро на оној свет и сочувај нè од казната огнена!«

202. Ним им припаѓа дел за она што го направија, а Аллах е Брз Пресметувач!

203. И спомнувајте Го Аллах во определени денови. Оној што ќе побрза и ќе се задржи два дена, тогаш нема грев. Нема грев ниту оној што ќе се задржи и повеќе, кој се плаши од Аллах. И плашете се од Аллах и знајте дека сите вие, навистина, ќе бидете збрани кај Него!

204. Меѓу луѓето има и таков чиј говор ве одушевува на овој свет и кој се повикува на Аллах како сведок за она што го има во срцето... па, тој е најлош непријател.

205. А, кога ќе замине, се труди да прави безредие по земјата, да ги ништи плодовите и посевите. А, Аллах не го сака безредникот!

206. И кога ќе му се рече: »Плаши се од Аллах!« – тогаш тој е упорен во грешењето; Џехеннемот

нему му е доволен. Е, само колку е лошо тоа престојувалиште!?

207. Меѓу луѓето има и таков кој се жртвува, сакајќи да му угоди на Аллах, Кој, кон робовите Свои, е Сочувствителен!

208. О верници! Влегувајте во Ислам целосно извршувајќи ги неговите прописи. Не следете ги стапалките на Шејтанот. Тој ви е отворен непријател!

209. Па, ако скршнете, откако ви се објавија јасности, тогаш знајте дека Аллах, навистина, е Силен и Мудар!

210. Зар очекуваат да им дојде Аллах, од облак, да им дојдат и мелеки, а работата е веќе решена? И работите се враќаат кон Аллах!

211. Запрашај ги синовите Израилови колку јасни ајети им објавивме! А, кој ќе ја промени таа благодат – бидејќи таа веќе им дојде? Па, Аллах, навистина, е Жесток Казнувач!

212. Овој свет им се разубавува на неверниците; ги потчинуваат верниците. А, богобојазливите, оние што веруваат, тие, на Денот суден, ќе бидат над нив. Аллах дава неизмерно богатство кому сака!

213. Луѓето беа една заедница и Аллах им испраќаше пејгамбери: радосници и опоменувачи. Објавуваше Книга преку нив, со Вистина, за да им пресуди на луѓето, за она поради што станаа деленици. Оние на кои им е дадена Книгата, тие се разединија веднаш по јасните докази што им дојдоа, токму, поради нивното грешење едни кон други. И, Аллах ги упати, со одобрението Свое, оние што веруваа во вистината околу која се разединуваа. А, Аллах упатува кого сака по патот вистински!

214. Или: зар сметате дека ќе влезете во Џеннет, а без да ви дојде искушение како на оние кои исчезнаа пред вас? Нив ги погодија сиромаштија и неволја. И колку беа потресени додека пејгамберите и верниците кои беа со нив не рекоа: »Кога ќе пристигне помошта на Аллах?« Ете, така помошта на Аллах, навистина, е блиску!

215. Те прашуваат што да делат од имотот. Кажи: »Добриот имот што го расподелувате им припаѓа на родителите, на роднините, на сираците, на сиромасите и на патниците.« А, за доброто што го работите – па, Аллах, навистина, знае!

216. Ви се пропишува борба. А вие ја презирате. Во она што го презирате можеби има нешто добро за вас, а во она што го сакате, можеби има нешто лошо за вас. Аллах знае а вие не знаете!

217. Те прашуваат за светиот месец и борбата во него. Кажи: »Борбата во него е голем грев! Одвраќањето од патот на Аллах, неверувањето во Него и протерувањето на жителите од Месџидул Харам... е поголем грев кај Аллах.« Сплеткарењето е поголем грев од убиството! Ако се тие во можност, ќе се трудат да ве одвратат од верата ваша, и нема да престанат да ве убиваат сè додека, ако се во можност, не ве одвратат од верата ваша. А, оној од вас кој ќе се оддалечи од својата вера, таквиот нека биде усмртен! Тој е неверник. Делата на таквите се безвредни и на овој свет и на оној свет. Тие се жители на огнот и во него за навек ќе останат!

218. Верниците кои, навистина, се селат и кои се борат на патот на Аллах...тие се надеваат на милоста на Аллах. Аллах е Простувач и Сомилосен!

219. Те прашуваат и за вино и за коцка, кажи: »Во нив има голем грев и голема корист за луѓето. Но, гревот е поголем од нивната корист.« Те прашуваат што да делат, кажи: »Вишокот!« Ете, така Аллах ви ги објаснува ајетите за да размислувате! –

220. за овој свет и за оној свет. Те прашуваат и за сираците. Кажи: »Да им се подобри состојбата е подобро.« А, ако се дружите со нив – па, тоа се ваши браќа. А, Аллах знае кој е обновител а кој безредник. Кога Аллах би сакал, би ве проколнал. Аллах, навистина, е Силен и Мудар!

221. И не венчавајте ги многубошките додека не почнат да веруваат. Робинка што верува е подобра од многубошка – иако оваа ви се допаѓа. И не венчавајте ги многубошците сè додека не веруваат. Роб што верува е подобар од многубожец – иако овој ви се допаѓа. Оние ве повикуваат кон огнот. А, Аллах со одобрението Свое, ве повикува кон Ценнетот и простувањето. И на луѓето им ги објаснува ајетите за да Го спомнуваат.

222. И те прашуваат за месечното прање. Кажи: »Тоа е непријатно!« Кога жените имаат месечно прање, тогаш не легнувајте со нив. И не приближувајте им се додека не се искапат. А, кога ќе се искапат, здружете се онака како што ви определи Аллах. Аллах, навистина, ги сака покајниците и ги сака чистите!

223. Жените ваши се ниви ваши. И како сакате пријдете им на нивите ваши! И прибавете си нешто за себе! И плашете се од Аллах! И знајте дека ќе се сретнете со Него! И зарадувај ги верниците!

224. Не служете се со вашето колнење во Аллах како пречка да работите добри дела, како

пречка да се плашите и да воспоставувате добри односи меѓу луѓето. Аллах слуша сè и знае сè!

225. Казната на Аллах нема да ве погоди ако се заколните ненамерно, туку таа ќе ве погоди за она што го наумија срцата ваши. Аллах е Простувач и Благ!

226. Оние што ќе се заколнат дека нема да им се приближат на жените, тие имаат рок четири месеци. А, ако им се вратат – та, Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

227. А, ако мислат да се разведе бракот – та, Аллах, навистина, слуша сè и знае сè!

228. Разведените жени сами нека чекаат да поминат три прања. А, ако веруваат во Аллах и во Денот суден, не им е дозволено да го кријат она што го создаде Аллах во утробите нивни. Сопрузите имаат полно право, ако сакаат да работат добри дела, да ги вратат. Покрај должностите кон сопрузите, жените имаат и права. Но, сопрузите во однос на сопругите, имаат предност за еден степен. Аллах е Силен и Мудар!

229. Разводот на бракот може да да биде двапати. Потоа, бракот примерно да се задржи или убаво да се раскине. Не ви е дозволено да го земете она што веќе им го дадовте. Освен во случај ако двајцата не се плашат дека нема да ги исполнат прописите на Аллах. Ако се плашите дека прописите на Аллах нема да ги исполнат, тогаш не е грев тоа да се откупи. Ете, такви се границите на Аллах, и немојте да ги преминувате. А, тие што ќе ги преминат границите на Аллах, тие се, токму, неправедни!

230. А, ако мажот ја напушти жената по трет пат, тогаш на мажот не му е дозволено да ја врати сè додека таа не се венча со друг маж. Ако овој

ја напушти, тогаш немаат грев да склучат брак ако мислат, навистина, дека нема да ги преминат границите на Аллах. Ете, такви се границите на Аллах што Он им ги објаснува на луѓето што знаат!

231. И кога ќе се разведете од жените, а кои ќе го дочекаат времето што треба да помине, тогаш учтиво задржете ги или убаво разведете се од нив. Не задржувајте ги за да им направите штета со што би ги поминале границите на дозволеното. Оној што ќе постапи така, тој ќе направи зло за себе. И не земајте ги ајетите на Аллах за да се поигрувате со нив. Сетете се на благодатот на Аллах кон вас, и за она што го објави во Книгата, и во Мудроста со која ве советува. И плашете се од Аллах. И знајте дека Аллах, навистина, знае сè!

232. И кога ќе се разведете од жените, а кои ќе го дочекаат времето што треба да помине, не попречувајте им да се венчаат со своите поранешни мажи доколку тие, сепак, се задоволни со однесувањето нивно. Оние од вас – кои веруваат во Аллах и во Денот суден – тие се советуваат во врска со тоа. Ете, тоа ви е почисто и поуредно. Аллах знае, а вие не знаете!

233. Нека мајките ги дојат бебињата свои полни две години, и тоа оние кои сакаат доењето да биде целосно. Новороденчето, од страна на родителот, треба да биде добро снабдено и добро облечено. Никој нека не се оптоварува над своите можности. Ниту мајката да се оштети поради детето, а ниту бабото да се оштети поради детето. И наследникот има таква обврска. Ако двајцата сакаат, договорно, да не се дои детето, немаат грев во врска со тоа. Исто така, немате грев и доколку најдете доилка за вашите деца,

кога веќе прифативте да им го дадете она што е вредно. Од Аллах, плашете се! И знајте дека Аллах, навистина, го гледа она што го работите!

234. Оние што ќе умрат од вас, а ќе остават жени, жените се должни да чекаат четири месеци и десет дена. А, кога ќе го дочекаат времето што треба да помине, тогаш вие немате грев за она што ќе го направат за себе, чесно и примерно. Аллах е Известен за она што го работите!

235. И немате грев ако на жените им го изнесете тоа дека сакате да ги запросите или, пак, ако го криете тоа во душите ваши... Аллах знае дека вие за нив ќе мислите, но скришно немојте да им верувате. И само чесно зборувајте со нив! Не обврзувајте се за брак сè додека не помине времето за чекање. И знајте дека, навистина, Аллах го знае она што го имате во душите ваши; и, бидете претпазливи! Знајте дека Аллах, навистина, е Простувач и Благ!

236. Немате грев ако ги напуштите жените пред да имате однос со нив или пред да им подарите венчален подарок, а тој е обврска. Подарокот ваш нека биде изобилен! И имашниот според својата можност и сиромашниот според својата можност! Да се ужива во учтивоста! Тоа е обврска за добротворите!

237. А, ако ги напуштите пред да имате однос со нив, а сте ја подмириле обврската кон нив – тие, тогаш, имаат право на половина од венчалниот подарок, освен ако жените се откажат од тоа или ако се откаже оној во чии раце е склучувањето брак; иако откажувањето е поблиску до богобојазливоста. И не заборавете на добрината едни кон други! Аллах, навистина, го гледа она што го работите!

238. Внимавајте на намазот, а особено на средишниот, и исправете се пред Аллах, потчинето!

239. А, ако се плашите, тогаш намазот можете да го извршите стоејќи или јавајќи. А, ако сте, пак, безбедни, спомнувајте Го Аллах онака како што Он ве поучи за она што не го знаевте.

240. Оние меѓу вас кои ќе умрат, а ќе остават жени зад себе, за жените треба да остават завештание за издршка во траење од една година, а овие да не излегуваат од дома. А, ако, пак, излезат, немате грев за она што ќе го направат самите за себе доколку тоа е примерно. Аллах е Силен и Мудар!

241. На разведените жени им припаѓа пристојна отпремнина. Ете, тоа е обврска за богобојазливите!

242. Ете, така Аллах ви ги објаснува ајетите Свои за да се вразумите!

243. Зар не ги виде оние што ги напуштија своите домови, плашејќи се од смртта, а беа илјадници, кога Аллах им рече: »Умрете!«, а потоа ги оживеа? Аллах, навистина, поседува добрина кон луѓето! Но, мнозината на луѓето не се заблагодарува!

244. И борете се на патот на Аллах и знајте дека Аллах, навистина, слуша сè и знае сè!

245. Оној што ќе му позајми на Аллах – па, Аллах ќе му зголеми во изобилие. Аллах дарува изобилие и скратува. Нему ќе Му се вратите!

246. Зар не ги виде големците, по Муса, меѓу синовите Израилови, како му возвратија на својот пејгамбер: »Испрати ни владетел и да се бориме на патот на Аллах!« Тој рече: »Вие, можеби, ако ви е борбата пропишана, нема да се

борите!« Тие рекоа: »Зошто да не се бориме на патот на Аллах? И ние самите и синовите наши сме истерани од домовите.« И кога им беше пропишано да се борат – се откажаа, освен малкумина од нив. А, Аллах ги знае неправедните!

247. И пејгамберот нивни им рече: »Аллах за владетел, навистина, ви го испрати Талуд!« Тие рекоа: »Зар тој да владее со нас, а ние имаме поголемо право на владеење од него? Нему не му е дадено големо богатство.« Тој рече: »Аллах, навистина, го одбра меѓу вас и го оспособи со изобилие на знаење и со телесна моќ. А, Аллах власта ја дава кому сака.« Аллах е Неизмерен и Зналец!

248. Пејгамберот нивни им рече: »Знак за неговата власт е тоа што ќе ви донесе ковчег во кој ќе се најде спокој од Господарот ваш и дел од она што го остави семејството на Муса и семејството на Харун; ковчегот – ќе го донесат мелеките. За вас, во тоа, навистина, има знамение, само ако верувате!«

249. И кога Талуд ја изведе војската, рече: »Аллах ќе ве искуша со река. Кој ќе се напие од неа – не е мој, а кој ќе се воздржи – мој е, ако зафати од водата колку една дланка.« Па, се напија од водата само неколкумина. И кога тој и верните ја поминаа реката, рекоа: »Ние денес немаме моќ да му се спротиставиме на Џалут и на војската негова.« А, оние кои, навистина, имаа наум дека ќе се сретнат со Аллах, рекоа: »Колкупати мали војски победуваа, со одобрувањето на Аллах, големи војски!?« Аллах е со трпеливите.

250. И кога му се приближија на Џалут и на војската негова, рекоа: »Господаре наш, дај ни трпение, зацврсти ги состојбите наши и помогни ни против народот невернички!«

251. И тие ги совладаа со одобрението на Аллах. И Талуд го уби Џалут. И Аллах му даде и власт и мудрост и го поучи во она што го сакаше. А, да не е Аллаховото спречување на луѓето да се убиваат меѓусебно, ќе се создадеше безредие на земјата. Но, Аллах поседува добрина кон луѓето!

252. Ете, тоа се ајетите на Аллах кои ти ги кажуваме вистински. И ти си, навистина, еден од пејгамберите!

## Џуз 3

253. Тоа се пејгамбери меѓу кои одликувавме едни над други: од нив имаше и такви со кои Аллах зборуваше, а и такви кои ги воздигна на повисоки степени. И на Иса, синот на Мерјем, Ние му објавивме јасни докази, и го потпомогнавме со Светиот Џибрил. Оние што беа по нив, да сакаше Аллах, немаше да се борат едни против други: по пристигнувањето на јасните докази до нив, но ете, станаа деленици. Меѓу нив имаше и што веруваа и што не веруваа. А, Аллах да сакаше, тие немаше да непријателуваат едни кон други. Но, Аллах работи што сака.

254. О верници! Делете од она што Ние ви го дадовме пред да настапи Денот кога повеќе нема да има ниту продажба, ниту пријателство, ниту посредување. А, неверниците се, токму, злосторници!

255. Аллах! Нема друг Бог освен Него! Жив и Постоен! Не го обзема ни дремка ни сон. Сè што е на небесата и на Земјата е – Негово! И кој може кај Него, без одобрението Негово, да

се заземе!? Он го знае и она што е пред нив и она што е по нив. И од знаењето Негово, само со Негова волја, тие опфаќаат мал дел. Престолот Негов е поширок од небесата и од Земјата. Чувањето на овие не е никаква тешкотија за Него. Он е Вишен и Голем!

256. Во верата нема присилување зашто патот вистински јасно се одделува од беспаќето. Оној што не верува во Тагут, а верува во Аллах, тој веќе го дофатил најцврстото јаже на кое нема искинатина. Аллах слуша сè и знае сè!

257. Аллах е Заштитник на оние што веруваат: ги изведува од темнини во светлина. А оние што не веруваат, тие шејтаните ги имаат за свои заштитници: ги туркаат од светлина во темнина. Овие се жители џехеннемски и во него за навек ќе останат!

258. Зар не знаеш за оној кому Аллах му даде власт како расправаше со Ибрахим за својот Господар? И кога Ибрахим рече: »Господарот мој е оној што оживува и оној што умртвува.« Тој рече: »Јас сум тој што оживува и што умртвува.« А, Ибрахим рече: »Па, Аллах, навистина, определува Сонцето да излезе на Исток, определи ти, тогаш, да излезе на Запад!« И остана збунет оној што не веруваше. И Аллах не го упатува народот невернички!

259. Или другиот кој, поминувајќи низ испразнета, опустошена населба, рече: »Та, како Аллах ќе го оживее ова по неговото мртвило?!« Аллах него го умртви и го остави сто години, а потоа го оживеа. Аллах рече: »Колку остана?« Тој рече: »Останав еден ден,« или »дел од еден ден.« А, Аллах рече: »Не, остана сто години. Погледни ги, тогаш храната и напитокот. Сè уште не се расипани, но погледни го и твоето

магаре! Погледни ги коските како ги поставуваме и како ги обвиваме со месо. Ете, тоа е за да направиме знамение од тебе за луѓето.« И кога му стана јасно, рече: »Знам дека Аллах, навистина, е Кадар за сè!«

260. И кога Ибрахим рече: »Господаре, покажи ми како ги оживуваш мртвите!« Аллах рече: »Зар не веруваш?« Ибрахим рече: »Верувам, но тоа е за да ми се смири срцево.« Аллах рече: »Земи четири птици, припитоми ги, и исечи ги на парчиња, а нивните делови стави ги на секое ритче, а потоа повикај ги и птиците веднаш ќе ти дојдат. Знај дека Аллах е Силен и Мудар!«

261. Оние што го делат својот имот на патот на Аллах, тие се слични на зрно од кое никнат седум класја, а во секој клас по стотини зрна... Аллах кому сака, навистина, удвојува. Аллах е Неизмерен и Зналец!

262. Оние што делат од својот имот на патот на Аллах без приговор и зазбор, тие ќе имаат награда кај својот Господар. Тие нема да страдуваат и нема да тагуваат.

263. Добриот збор и простувањето вредат повеќе од милосрдие проследено со приговор. Аллах е Богат и Благ.

264. О верници! Не обезвреднувајте ги вашите доброволни прилози со приговор и зазбор како оној што дели од својот имот за да видат луѓето: што не верува ниту во Аллах ниту во Денот суден! Тој е сличен на карпесто ритче покриено со земја: па, штом ќе го залее голем дожд, тогаш карпата ќе се оголи. Таквите ништо нема да постигнат од она што го стекнаа. Аллах не го упатува народот невернички!

265. А, оние, пак, кои делат од својот имот, барајќи ги задоволствата на Аллах и закрепнувајќи ги

душите свои, тие се слични на градина засадена на ритче. И, штом ќе ја залее голем дожд, тогаш таа дава плод двојно повеќе; а ако, пак, нема обилен дожд, тогаш градината станува само оросена. Аллах го гледа она што го работите!

266. Зар би сакал некој од вас да има градина со урми и со грозје низ која течат реки, и каде што за него има сорти на плодови, би сакал ли да падне во старост, а потомството му е нејако, па да се случи виор над градината со оган што ќе ја уништи? Ете, така Аллах ви ги објаснува знамењата за да умувате!

267. О верници! Делете од добрата што ги стекнавте и од оние што ви ги вадиме од земјата. И не одбирајте ги неубавите, освен ненамерно, за да делите од нив. Знајте дека Аллах е Богат и за благодарност Достоен!

268. Шејтанот ви подготвува сиромаштија и ви наредува срамно дело, а Аллах ви подготвува простување и наклонетост. Аллах е Неизмерен и Зналец!

269. Он дава мудрост кому сака, а на оној кому е дадена мудрост, дадено му е, навистина, неизмерно добро. На Него се сеќаваат само надарените со разбир!

270. А, за оној доброволен прилог што ќе го дадете и за оној подарок за кој ќе се заветувате... Аллах, навистина, знае! За силниците нема поддржници!

271. Ако јавно делите доброволни прилози, тоа е добро, но, ако тоа скришно го направите, давајќи им ги на сиромашните, тогаш тоа е уште подобро за вас. Аллах ќе ги занемари пропустите ваши. А, Аллах е Известен за она што го работите!

272. Не е твое да ги упатуваш, туку Аллах упатува кого сака. А, во она што ќе го поделите – та,

има добро за вас, и во она што ќе го поделите исцело поради задоволството на Аллах, и за она добро што ќе го поделите... ќе имате надомест; нема да изгубите:

273. и тоа на сиромашните, кои се управени кон патот на Аллах, а кои не можат да стопанисуваат. За нив, неупатениот, бидејќи се честити, мисли дека се богати, познавајќи ги по нивниот изглед. Оние, молејќи ги луѓето, не здодеваат. А, доброто што ќе го поделите...та, Аллах го знае тоа!

274. Тие го делат својот имот денонќно, тајно и јавно, и кај својот Господарот ќе имаат голема награда. Тие нема да стравуваат и нема да тагуваат!

275. Тие кои употребуваат лихва ќе се дигнат како што се дигаат оние што ќе ги избезуми допирот шејтански. Ете, тоа е поради нивното тврдење: »Купопродажбата, навистина, е слична на лихвата.« Аллах ја дозволи купопродажбата, а лихвата ја забрани. Па, оној кому му дојде Ука од Господарот негов, и ќе се воздржи, му припаѓа она што си го стекнал порано. А, наредбата за тоа е – Аллахова! А, оние кои ќе ѝ се вратат на лихвата..., тие ќе станат жители џехеннемски и во него за навек ќе останат.

276. Аллах ја поништува лихвата, а ги прави плодни доброволните прилози. Аллах не ги сака ниту неверникот ниту грешникот!

277. Тие што, навистина, веруваат и што работат добри дела, и што се исправаат да клањаат намаз, и што даваат зекат... наградата нивна е кај Господарот нивни. Тие нема да стравуваат и нема да тагуваат.

278. О верници! Плашете се од Аллах и, ако верувате, откажете се од преостанатиот дел на лихвата!

279. А, ако, пак, тоа не го направите, тогаш ја одобрувате војната од страна на Аллах и од страна на пејгамберот Негов, а ако, пак, се покаете, ви припаѓа главнина од вашиот имот: никому не наштетувате и нема да ви се наштети.

280. А, оној кој е во тешка состојба...па, треба да се почека додека не му дојде лесна состојба. Но, за вас е подобро да му го простите долгот, само ако знаете!

281. И плашете се од Денот во кој ќе му се вратите на Аллах. Потоа секој, сосем сигурно, ќе го добие она што си го спечалил; никој нема да биде оштетен.

282. О верници! Кога ќе одлучите да си позајмувате едни на други, до еден определен рок, тогаш запишете го тоа! Меѓу вас, нека го направи тоа писар, праведно, и тој нека не одбива да напише онака како што го поучил Аллах. Тој нека пишува, а должникот нека кажува. И нека се плаши од Аллах, Господарот свој. И нека не намали ништо од тоа. Па, ако должникот е беден или е слаб или не е кадар да кажува, тогаш неговиот заштитник нека кажува праведно. И побарајте да посведочат два сведока – и тоа машки. Ако нема два машки сведока, тогаш еден маж и две жени со кои сте задоволни да бидат сведоци. А, ако една од нив заборави, тогаш другата нека ја потсети. Сведоците, кои ќе бидат повикани, нека не одбиваат. И не бидете невнимателни во запишувањето на долгот до рокот определен, било да е долгот мал или голем, сеедно! Тоа ви е кај Аллах поисправно и посигурно сведочење –

далеку од тоа да се посомневате. А, ако, пак, се работи за трговија на стока што ја разменувате меѓусебно, не е грев – ако тоа не го запишете. Но, кога договарате купопродажба, земете сведоци. Нека не бидат оштетени ниту писарот ниту сведокот. А, ако ги оштетите, тогаш имате грев, навистина! Плашете се од Аллах; Аллах ве поучува; Аллах знае сè!

283. А, ако сте, пак, на пат и не можете да најдете писар, тогаш дајте залог. Па, ако си доверите нешто едни на други, оној што му е доверено, нека го оправда доверието, и нека се плаши од Аллах, својот Господар. И не кријте го сведочењето: оној што го крие, тој има грешно срце, навистина! А, Аллах го знае она што го работите!

284. Сè што е на небесата и на Земјата е – Аллахово! Аллах ќе ви суди и за она што го криете и за она што го обелоденувате. Па, Он простува кому сака и Он казнува кого сака. Аллах е Кадар за сè!

285. Пејгамберот веруваше во сè она што му беше објавено од Господарот негов, и верниците: секој од нив веруваше во Аллах, и во мелеките Негови, и во Книгите Негови, и во пејгамберите Негови. Ние не правиме разлика меѓу пејгамберите Негови. Оние зборуваа: »Ние сме послушни и потчинети. Простувањето, Господаре наш, е Твое! Прибежиштето, Господаре наш, е кон Тебе!«

286. Аллах не оптоварува ниеден човек над неговата можност. Нему му припаѓа доброто што си го спечалил, навистина, и нему му припаѓа лошото што си го спечалил, навистина! – »Господаре наш, не казнувај нè за она што ќе го направиме во заборав, или ако згрешиме... Гос-

подаре наш, нѐ оптоварување не онака како што ги оптовари оние пред нас! Господаре наш, не оптоварувај нѐ со она што не е во наша моќ. Прости ни! Избриши ги гревовите наши и смилувај ни се! Ти си наш Заштитник! Па, помогни ни против народот неверници!«

# СУРА АЛИ ИМРАН

## Семејството Имраново

Сура 3 - Медина - 200 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Елиф, лам, мим!**

2. Аллах! Нема друг бог освен Него! Жив и Постоен!

3. Он ти објави Книга со Вистина и која го потврдува она што беше објавено пред неа: Он објави и Теврат и Инџил

4. пред тоа; патоказ за луѓето, а објави и одделувач на вистината од невистината. Оние што не ги признаваат ајетите на Аллах, тие ќе имаат болна казна, навистина! А, Аллах е Силен и Строг!

5. Ништо не може да се скрие од Аллах ниту на Земјата ниту на небото, навистина!

6. Он ви дава изглед по Своја волја во утробите. Нема друг бог освен Аллах. Силен и Мудар!

7. Он ти објави Книга. Во неа има едноставни ајети. Овие се мајка на Книгата. Има и сложени ајети. Што се однесува на оние што имаат застранување во своите срца, тие ги следат, поради збрка и свое толкување, сложените ајети. Значењето нивно го знае само Аллах. А оние, вдлабените во знаење, тие велат: »Ние веруваме во сето тоа и во сето она што е од нашиот

Господар.« За тоа се опоменуваат само надарените со разбир!

8. Тие велат: »Господаре наш, не скршнувај ги срцата наши кога веќе ги упати и дарувај ни од милоста Твоја. Ти си, навистина, Дарител!

9. Господаре наш, Ти, навистина, ќе ги збереш луѓето на Денот во кој нема сомнение.« Аллах, секако, не го изневерува ветувањето!«

10. На оние кои не веруваат нема да им користат кај Аллах ниту делата нивни, ниту децата нивни, навистина! Тие се гориво за оган,

11. како семејството на фараонот и како оние пред нив. Ги сметаа за лажни ајетите наши и Аллах, поради гревовите нивни, ги снема. Аллах е Строг Казнувач!

12. Кажи им на оние кои не веруваат: »Ќе бидете победени и збрани во Џехеннем. Е, само колку е одбивно тоа престојувалиште!«

13. Имате знамение во двете протиставени дружини: едната што се бореше на патот на Аллах, верничка, а другата, неверничка, на која ѝ се причини дека првата е двојно поголема од неа. Аллах поддржува кого сака. Во тоа има поука за надарените со јасен поглед.

14. На луѓето им се разубавува страста кон жените, децата, ковчезите полни со злато и со сребро, подготвените коњи, добитокот и посевите. Ете, тоа е благодат на овој свет. А во близината на Аллах е најубавото престојувалиште!

15. Кажи: »Дали сакате да ве известам за неколку работи подобри од тоа?« Богобојазливите, кај својот Господар, имаат градини низ кои течат реки и во нив за навек ќе останат. Таму има чисти жени и задоволство од Аллах. А, Аллах ги гледа робовите.

16. Тие кои зборуваат: »Господаре наш, ние, навистина, веруваме. Прости ги, тогаш гревовите наши и сочувај нѐ од казната огнена!«

17. Оние: трпеливите, искрените, потчинетите, дарителите и оние кои бараат простување во мугрите!

18. Аллах сведочи, а и мелеките и учените сведочат дека нема друг бог освен Него. Чувар, навистина, на правдата. Нема друг бог освен Него; Он е Силен и Мудар!

19. Верата на Аллах е – Исламот, навистина! Оние со Книгата што им е објавена се разединија токму тогаш кога им дојде знаење. Беа себични едни кон други. А оној што не ги признава ајетите на Аллах... па, Аллах брзо пресметува, навистина!

20. Ако, пак, се расправаат, кажи: »Лицево единствено го предадов на Аллах, а и оние кои ме следат.« На оние со Книгата што им се објави и на незнајковците, кажи им: »Зар нема да го прифатите Исламот?« Ако го прифатат Исламот, тогаш ќе одат по патоказот, а ако, пак, го свртат грбот...твое е, навистина, само да известиш, а Аллах ги гледа луѓето!

21. Извести ги оние кои не ги признаваат ајетите на Аллах, и оние кои ги убиваат пејгамберите бесправно, и оние кои ги убиваат луѓето кои наредуваат правдина... дека за нив, навистина, има казна болна.

22. Делата на таквите се безвредни и на овој свет и на оној свет. За нив нема поддржници!

23. Зар не знаеш за оние до кои дојде дел од Книгата како повикуваат да се суди меѓу нив според Книгата на Аллах, а една дружина од нив го врти грбот? А, тие се, токму, рамнодушни,

24. затоа што, навистина, зборуваат: »Огнот ќе нè пржи само неколку дена.« А, клеветењата нивни ги туркаат во верата нивна.

25. Па, како ќе биде кога Ние ќе ги збереме на Денот во кој нема сомнение и кога секој ќе си го добие она што си го спечалил? И нема да бидат оштетени!

26. Кажи: »О Аллах! О Сопственику на власта! Власта е во рацете Твои: ја даваш кому сакаш и ја одземаш од кого сакаш. Ти по волја Своја воздигнуваш и Ти по волја Своја понижуваш. Доброто е во рацете Твои. Ти си, навистина, Кадар за сè!

27. Ти ја внесуваш ноќта во денот и Ти го внесуваш денот во ноќта; Ти вадиш живо од мртво и Ти вадиш мртво од живо. Ти, кого сакаш, снабдуваш неизмерно!«

28. Верниците нека не ги земаат неверниците за заштитници наместо верниците. Сторителот на тоа нема ништо кај Аллах. Направете го тоа само ако се плашите од нив. Аллах ве опоменува за Себе и прибежиштето е кон Него.

29. Кажи: »Дали ќе го криете она што е во срцата ваши или ќе го обелоденувате – Аллах знае.« И Он го знае сè она што е на небесата и сè она што е на Земјата. Аллах е Кадар за сè!

30. На Денот кога човекот пред себе ќе го најде доброто што си го спечалил, а и злото што си го спечалил; ќе посака меѓу него и злото да има голема далечина. Аллах ве опоменува за Неговата казна. Аллах е Сочувствителен кон робовите Свои!

31. Кажи: »Ако го сакате Аллах, па следете ме! Аллах ќе ве сака и ќе ви ги прости гревовите.« Аллах е Простувач и Сомилосен!

32. Кажи: »Бидете послушни и на Аллах и на пејгамберот! Ако го свртите грбот...« та, Аллах не ги сака неверниците, навистина!

33. Аллах, навистина, ги избра и Адема и Нуха и семејството Ибрахимово и семејството Имраново меѓу луѓето,

34. потомство едни од други; а Аллах е Слушач и Зналец!

35. Кога жената Имранова рече: »Господаре, ова што е во утробава Тебе ти го ставам во служба, навистина! Па, прими го од мене. Ти си Слушач и Зналец!«

36. И кога се породи, рече: »Господаре, родив женско«, а Аллах знае што роди таа – »а машкото не е како женското. И дадов име Мерјем.« И, навистина, во пазувите Твои, ги склонувам неа и потомството нејзино од Шејтанот проколнат.«

37. И тогаш Господарот нејзин ја прими убаво и ја порасна убаво. И му ја довери на Зекерија да ја штити. Секојпат кога Зекерија ќе влезеше во Светилиштето, ќе најдеше храна кај неа. Велеше: »Од каде ти е ова, Мерјем?« Таа велеше: »Ова е од Аллах.« А, Аллах, навистина, снабдува неизмерно кого сака!

38. Таму, молејќи Му се на својот Господар, Зекерија рече: »О Господаре мој! Дарувај ми добро потомство. Ти си, навистина, Услишувач на молбите!«

39. И додека се клањаше во Светилиштето, стоејќи, мелеките го повикаа: »Аллах, навистина, ќе те зарадува со Јахја што ќе го потврди зборот на Аллах, ќе биде првенец, чист пејгамбер, меѓу добрите!«

40. Тој рече: »О Господаре мој! Како ќе имам дете, староста ме совлада, а жената ми е неротка!?« Аллах рече: »Ете, така Аллах, по волја Своја, работи!«

41. Зекерија рече: »О Господаре мој! Дај ми некакво знамение!« А, Аллах рече: »Твое знамение е тоа што ќе можеш да зборуваш со луѓето само три дена и то со ишарети. И споменувај Го многу Господарот! И слави Го и приквечерина и наутро!«

42. И кога мелеките рекоа: »О Мерјем! Аллах, навистина, те одбра и те очисти; Он те одбра над сите жени на светов!

43. Мерјем, биди Му потчинета на твојот Господар! Поклони Ми се, и поклони се со оние кои се поклонуваат!«

44. Ете, тоа се дел од кажувањата за непознатото, што Ние ти ги објавуваме. Ти не беше таму кога ги фрлаа перцата свои за да видат кој ќе се грижи од нив за Мерјем и ти не беше меѓу нив кога се караа.

45. И кога мелеките рекоа: »О Мерјем! Аллах, навистина, ти донесува радосница; од Него збор: името му е Месих, син на Мерјем, ќе биде угледен и на овој свет и на оној свет и ќе биде меѓу блиските на Аллах.

46. Ќе им зборува на луѓето додека е в колевка, а кога ќе биде голем, ќе биде меѓу добрите луѓе.«

47. Таа рече: »Господаре наш, како ќе имам дете кога ниеден маж, навистина, не ме допрел?« Он рече: »Ете, така Аллах по Своја волја создава: кога нешто ќе реши, само ќе рече: „Биди!“ – и тоа, токму, ќе биде.«

48. И Он го поучи со Книгата, и со Мудроста, и со Теврат, и со Инџил –

49. и, ете пејгамбер до синовите Израилови: »Ви дојдов со знамение од Господарот ваш. Ќе создадам за вас нешто, навистина, од кал што ќе биде слично на птица и ќе дувнам во него и, со одобрението на Аллах, ќе стане птица; ќе излечам слеп и лепрозен и ќе оживеам умрен, со одобрението на Аллах; ќе ви кажувам што јадете и што збирате во домовите, со одобрението на Аллах. Ако сте верници, ете, во тоа, навистина, имате знамение,

50. и, еве тука сум да го потврдам Теврат и да ви дозволам нешто од она што ви беше забрането; ви доаѓам со знамение од Господарот ваш. Па, плашете се од Аллах и бидете ми послушни!

51. Аллах, навистина, е Господарот мој и Господарот ваш, и, обожавајте Го! Ова е патот вистински!«

52. И кога Иса го почувствува неверувањето нивно, рече: »Кои ќе ми бидат поддржници при Аллах?« Учениците рекоа: »Ние ќе бидеме поддржници на Аллах, веруваме во Аллах, а ти биди сведок дека ќе бидеме, навистина, послушни!

53. Господаре наш, ние веруваме во она што го објави и го следиме пејгамберот. Па, запиши нè меѓу сведоците!«

54. И неверниците измислуваа сплетки, но Аллах ги отстрануваше, зашто Он е Најдобар во тоа!

55. Кога Аллах рече: »О Иса! Ќе те земам, навистина, и ќе те воздигнам кон Мене, и ќе те очистам од оние што не веруваат и ќе определам оние што те следат да бидат над оние што не веруваат до Денот суден. Потоа Мене ќе ми

се вратите, и ќе ви пресудам за она за што станавте деленици!«

56. А, што се однесува, пак, на оние што не веруваат, ќе ги казнам со жестока казна и на овој свет и на оној свет; тие нема да имаат свои поддржници!

57. Ќе ги наградам изобилно оние што веруваат и што работат добри дела. Аллах не ги сака злосторниците!

58. Ете, тоа се ајети што Ние ти ги кажуваме и мудра опомена!

59. Да, кај Аллах примерот на Иса е сличен на примерот на Адем: Он го создаде од земја, а потоа рече: »Биди!« – и тој, токму, би.

60. Вистината е од твојот Господар и, тогаш, немој да се сомневаш!

61. На оние што се расправаа со тебе за него, по знаењето кое ти дојде, ним, кажи им: »Дојдете, ќе ги повикам и синовите наши и синовите ваши, жените наши и жените ваши, и ние лично и вие лично, сите ние да се помолиме понизно и да го повикаме проклетството на Аллах врз лажливците.«

62. Ова се, секако, вистински кажувања. Нема друг бог освен Аллах! Аллах, навистина, е Силен и Мудар!

63. Па, ако го свртат грбот... та, Аллах, навистина, ги знае безредниците!

64. Кажи: »О Следбеници на Книгата! Дојдете кон Зборот што е и ваш и наш: да обожаваме само еден Аллах, да не Му припишуваме ништо и други божества, освен Него, да не прифаќаме.« Па, ако го свртат грбот, кажете: »Сведочиме дека сме муслимани, навистина!«

65. О Следбеници на Книгата! Зошто расправате за Ибрахим: објавувањето на Теврат и на Инџил е по него, и зар нема да се вразумите?

66. Ете, вие сте тие што расправате за она за што, токму, знаете малку... па, зошто расправате за она за што ништо не знаете? Аллах знае, а вие не знаете!

67. Ибрахим не беше ниту евреин ниту христијанин, туку беше вистински муслиман: не беше многубожец.

68. Најголемите заштитници на Ибрахим меѓу луѓето, навистина, се неговите следбеници, овој пејгамбер и верниците. А, Аллах е Заштитник на верниците.

69. Некои Следбеници на Книгата сакаат да ве насочат кон беспаќе. Но тие самите се насочуваат кон беспаќе, само што не го чуствуваат тоа.

70. О Следбеници на Книгата! Зошто не ги признавате ајетите на Аллах, а вие сведочите дека се вистина?

71. О Следбеници на Книгата! Зошто вистината ја покривате со невистина и, знаејќи, вистината ја криете?

72. Една дружина меѓу Следбениците на Книгата, зборува: »Верувајте на почетокот на денот во она што им е објавено на верниците, а не верувајте на крајот на денот, и можеби ќе ја напуштат верата?«

73. И не верувајте никому, освен на оној што ја следи верата ваша! Кажи: »Навистина, патоказот на Аллах е – вистинскиот патоказ, и не веруваj дека некој може да прими слично на она што ви се објавува.« Инаку би донеле повеќе докази од вас пред Аллах. Кажи: »Добрината, нави-

стина, е во рацете на Аллах; Он ја дава по волја Своја. А, Аллах е Неизмерен и Зналец!«

74. И Он, по волја Своја, ја дарува милоста Своја. А, Аллах поседува добрина голема!

75. Меѓу Следбениците на Книгата има и такви, кои, ако им довериш товар злато, ќе ти го вратат, а меѓу нив има и такви, кои, ако им довериш еден динар, нема да ти го вратат. Постојано треба да ги следиш поради нивното тврдење: »Што се однесува на незнајковците, па Ние сме обврзани да постапиме на друг начин.« За Аллах, иако знаат, лажат.

76. Но, секој оној што ќе го исполни ветувањето што го дал и кој е богобојазлив...па, Аллах, навистина, ги сака богобојазливите!

77. Да, оние што го заменуваат ветувањето на Аллах и своите заклетви со нешто малку вредно, тие на оној свет нема да имаат никакво добро. Аллах нема да зборува со нив, нема да им обрне внимание на Денот суден и нема да ги очисти. За нив има казна болна!

78. Меѓу нив има една дружина луѓе кои ги превртуваат нештата со јазиците свои, читајќи ја Книгата за да помислите дека тоа е од Книгата, а тоа не е од Книгата, и зборуваат дека тоа е од Аллах, а не е од Аллах. За Аллах, иако знаат, лажат!

79. На еден човек кому Аллах му објави и Книга и Мудрост и пратеништво не му доликува да им зборува на луѓето: »Бидете мои, а не Аллахови робови!« Туку зборува: »Бидете Аллахови робови, зашто поучувате во Книгата и истражувате во неа.«

80. Нема да ви наредува да ги земете за господари мелеките и пејгамберите. Зар ќе ви наредува неверство кога сте веќе муслимани?

81. И кога Аллах ја презеде обврската од пејгамберите – Секојпат кога ќе ви објавам од Книгата и од Мудроста и кога потоа ќе ви дојде пејгамбер, кој ќе го потврди она што ви беше објавено порано, ќе поверувате ли во тоа и ќе му помогнете ли?« Аллах праша: »Ќе прифатите ли? Ќе Ми се заветувате ли?« Тие одговорија: »Прифаќаме.« Аллах ќе рече: »Посведочете, и јас сум од вас, меѓу оние кои сведочат.«

82. Па, тие кои ќе го свртат грбот...тие, токму, се расипани!

83. Зар покрај верата на Аллах бараат друга? И она што е на небесата и она што е на Земјата, сака или не сака, послушно Му е на Аллах. Нему ќе Му се вратат.

84. Кажи: »Ние веруваме во Аллах и во она што ни е објавено, и во она што е објавено на Ибрахим, и на Исмаил, и на Исхак, и на Јакуб, и на внуците; и во она што му е дадено на Муса и на Иса – пејгамбери од Господарот нивни. Ние не правиме никаква разлика меѓу нив. Ние сме Му само Нему послушни!«

85. Оној што сака друга вера освен Исламот – нема да му се прими. Но, тој на оној свет ќе биде меѓу поразените.

86. Како Аллах ќе го упати еден народ чии приврзеници не веруваа, а пред тоа веруваа, и сведочеа дека пејгамберот е вистински, а им доаѓаа и јасни докази! А, Аллах нема да го упати народот неверници!

87. Казната нивна е: проклетството од Аллах, проклетството од мелеките и од сите луѓе;

88. во Џехеннем за навек ќе останат; нема да им се олесни и нема да им се даде време,

89. освен оние што ќе се покајат по тоа и што ќе се поправат. Па, Аллах е Простувач и Сомилосен, навистина!

90. Покајанието на оние што не веруваат, зацврстувајќи се, по верувањето нивно, нема да им биде применo, навистина! Тие се, токму, беспаќници!

91. На неверниците што ќе умрат како неверници нема да им биде применo како откуп ниту сето злато со кое е исполнета земјата; тие ќе бидат болно казнети и тие нема да имаат поддржници!

## Џуз 4

92. Нема да постигнете добротворство сè додека не го поделите она што го сакате; и за сè што ќе поделите, па, Аллах, навистиа, знае за тоа!

93. Секоја храна им беше дозволена на синовите Израилови, освен онаа што ја забрани Израил за себе пред да му биде објавен Теврат. Кажи: »Па, донесете Теврат, кажувајте го ако вистина зборувате.«

94. А, оние што, потоа, измислуваа лага за Аллах – та, зулумќари се!

95. Кажи: »Аллах зборува вистина. Следете ја, тогаш, чистата вера Ибрахимова. Тој не беше меѓу многубошците.«

96. Прва Куќа што беше подигната за луѓето е онаа во Мекка, навистина, благословена, патоказ за световите:

97. во неа се знамењата јасни, и местото на Ибрахим. И кој ќе влезе во неа, тој е безбеден. Хаџот на Куќата поради Аллах е обврска за секој што е во можност – за оној што ќе се најде на пат. А, оној што не верува – та, Аллах е Независен од луѓето!

98. Кажи: »О Следбеници на Книгата! Зошто не ги признавате знамењата на Аллах, а Аллах е Сведок за она што го работите?«

99. Кажи: »О следбеници на Книгата! Зошто го одвраќате од патот на Аллах оној што верува, сакајќи да го попречите, а вие го знаете тоа? А, Аллах не е не внимателен кон она што го работите!«

100. О верници! Ако ѝ бидете послушни на една дружина од оние со Книгата што им е објавена, тие ќе ве вратат, по вашето верување, во неверување.

101. Па, како можете да не верувате кога веќе ви беа кажувани ајетите на Аллах и кога меѓу вас е Неговиот пејгамбер? А, кој цврсто држи до Аллах, тој веќе е упатен по патот вистински.

102. О верници! Плашете се од Аллах со плашливост вистинска и умрете само како муслимани!

103. И држете се цврсто – сите – за Книгата на Аллах; не разединувајте се и сетете се на благодатите на Аллах кон вас. И сетете се кога бевте непријатели. Он, тогаш, ги обедини срцата ваши; потоа, со благослов Негов, станавте браќа. И кога бевте на границата од огнената бездна – ве спаси од неа! Ете, така Аллах ви ги објаснува ајетите Свои за да бидете упатени.

104. Нека една дружина од вас повикува кон добро: нека наредува добро и нека забранува зло. Таквите, токму, се спасени!

105. И не бидете како оние што се разгранаа или што се разединија по јасните докази што им дојдоа, зашто за нив има казна голема

106. на Денот кога некои лица ќе побелат и кога некои лица ќе поцрнат. Што се однесува на оние чии лица ќе поцрнат: »По вашето верување не верувавте; па,

пробајте ја казната затоа што не верувавте!«

107. А, што се однесува, пак, на оние чии лица ќе побелат, тие ќе се најдат во милоста на Аллах. Тие за навек ќе останат во неа.

108. Ете, тоа се ајетите на Аллах што вистински ти ги кажуваме! А, Аллах не посакува да им направи зло на луѓето!

109. Сè што е на небесата и на Земјата е – Аллахово! Сè Му се враќа Нему!

110. Вие сте најдобрата заедница за луѓето што се појави: наредувате добро, одвраќате од зло и верувате во Аллах. А, кога Следбениците на Книгата би верувале, тоа би било подобро за нив. Меѓу нив има верници, но мнозината од нив се расипани!

111. Тие никогаш нема да ви нанесат зло; само ќе ве вознемируваат. А, ако, пак, ви објават војна, ќе се дадат во бегство, а потоа нема да им се помогне.

112. И каде да појдат, ќе ги снајде понижување освен ако не се под закрилата на Аллах и закрилата на луѓето. Лутината на Аллах ја предизвикуваат. И ќе ги снајде беда. Ете, тоа е поради нивното неверување во знамењата на Аллах, убивањето на пејгамберите бесправно, поради тоа што беа непослушни и поради тоа што претеруваа.

113. Не се исти следбениците на Книгата. Меѓу нив има примерна заедница, луѓе кои ги кажуваат ајетите во текот на ноќта, токму, поклонувајќи се;

114. веруваат во Аллах и во Денот суден, наредуваат добро и одвраќаат од зло; се натпреваруваат во добрини. Таквите се меѓу добрите луѓе;

115. и какво било добро да направат, па нема да им биде занемарено. Аллах знае за богобојазливите!

116. Да, на неверниците нема да им помогне за ништо кај Аллах: ниту имотот нивни, ниту децата нивни; тие се жители џехеннемски и во него за навек ќе останат.

117. Она што ќе го поделат во животот на овој свет е слично на ветер во кој има мраз што ќе падне на посевот на оние што направиле зло против себе, и ќе го уништи. Тие не Му нанесоа зло на Аллах, туку за себе си нанесоа зло!

118. О верници! Не земајте доверители други луѓе освен оние меѓу вас; вашите нема да ве изневерат. Оние, освен вас, сакаат да ве видат нурнати во пропаст. Од нивните усти излегува омраза, а она што го кријат во градите, тоа е поопасно. Така Ние ви ги објаснуваме знамењата Наши само ако сфаќате!

119. Ете, вие ги сакате нив, а тие не ве сакаат вас. Вие во цела Книга верувате! Кога ќе ве сретнат, зборуваат: »Ние веруваме;« а кога, пак, ќе се осамат, поради нивната омраза кон вас, ги гризат врвовите од прстите свои. Кажи: »Умрете во вашата омраза!« Аллах, навистина, го знае она што е во градите!

120. Кога ќе ви се случи добро – лошотија ги обзема, а кога ќе ви се случи зло – радост ги

обзема. Нивната сплетка – ако сте трпеливи и богобојазливи – нема да ви наштети за ништо. Аллах, навистина, го знае она што го работат!

121. И кога ти на верниците, наутро, оставајќи го семејството, им го определи местото за борба... Аллах е Зналец и Слушач!

122. И кога две племиња од вас само што не станаа рамнодушни, но Аллах ги сочува. Па, нека верниците се потпираат на Аллах!

123. Аллах - на Бедр - ви помогна. Бевте мал број. Па, плашете се од Аллах за да бидете благодарни! –

124. и кога им рече на верниците: »Зар Нема да ви биде доволно тоа што Господарот ќе ве поддржи со спуштање три илјади мелеки?«

125. Да, ќе биде доволно доколку бидете трпеливи и богобојазливи. И, ако ве нападнат, во тој случај, Аллах ќе ве поддржи со пет илјади обележени мелеки!

126. Аллах сака да ве зарадува, да ви ги смири срцата. Помоштa доаѓа само од Аллах, Силен и Мудар!

127. Он сака да ја разбие една дружина од неверниците или да ја посрамоти, па да се вратат очајни.

128. Да, ти немаш никаков удел во тоа дали Он ќе им прости или ќе ги казни. Оние, навистина, се силници!

129. Сѐ што е на небесата и на Земјата е – Аллахово! Аллах простува кому сака и казнува кого сака. Аллах е Простувач и Сомилосен!

130. О верници! Не јадете камата што се удвојува и плашете се од Аллах, за да бидете спасени!

131. И плашете се од огнот подготвен за неверниците!

132. Бидете послушни на Аллах и на пејгамберот за да бидете смилувани!

133. И побрзајте кон простувањето од вашиот Господпдар и кон Џеннетот што се простира колку небесата и Земјата, подготвен за богобојазливите,

134. за оние кои делат и кога се во радост и кога се во мака, и кои ја надминуваат лутината, и кои им простуваат на луѓето. А, Аллах ги сака добротворите!

135. И за оние кои, кога ќе направат срамно дело или кога ќе си нанесат напаст себеси, се сеќаваат на Аллах и бараат простување за гревовите свои, – а кој ќе ги простува гревовите освен Аллах? – и кои не се истрајни во она што го сработиле, и кои, токму, знаат...

136. нив ги чекаат: награда, простување од Господарот нивни и градини низ кои течат реки. Оние во нив за навек ќе останат. Е, само колку е убава таа награда за оние што го прават тоа!

137. Пред вас беа многу наследства... та, патувајте по земјата и гледајте каква беше казната за оние што ја сметаа за лажна вистината.

138. Ова е доказ за луѓето, патоказ и ука за богобојазливите.

139. И не губете храброст и не разочарувајте се: како верници ќе бидете најсилни!

140. Ако ви се зададе рана, еднакво, се зададе рана и на другите, навистина! А, во тие денови меѓу луѓето даваме предност, и на едни и на други: Аллах, така, знае кои се верници и ги зема меѓу вас борците! Аллах не ги сака силниците!

141. Он да ги очисти верниците и Он да ги снема неверниците.

142. Или зар сметате дека ќе влезете во Џеннет, а Аллах да не знае за оние што се бореа од вас и да не знае за трпеливите?

143. А, вие веќе смртта ја посакавте пред да ја дочекате и ја забележавте очигледно.

144. Мухамед е само пејгамбер! И пред него имаше пејгамбери, па ако умре или ако биде убиен, зар ќе се вратите по патиштата поранешни? А кој ќе се врати по своите патишта поранешни, тој нема да Му наштети на Аллах за ништо, а Аллах ќе ги награди благодарните!

145. Секој умира со одобрението на Аллах во определен час. Ќе му дадеме од наградата на оној што ја посакува на овој свет и ќе му дадеме од наградата и на оној што ја посакува на оној свет. Ние ќе ги наградиме благодарните!

146. И имаше многу пејгамбери со кои се бореа многу побожни луѓе и не губеа храброст поради она што им се случи на патот на Аллах, не се откажуваа и не се предаваа. А, Аллах ги сака трпеливите!

147. Единствени нивни зборови беа: »Господаре наш, прости ги гревовите наши и пропустите наши во однесувањата наши, и помогни ни против народот неверници!«

148. Па, Аллах им даде награда на овој свет, а ќе им даде добра награда и на оној свет. Аллах ги сака добротворите!

149. О верници! Ако бидете послушни на неверниците, Он ќе ве врати по стапалките ваши...та, ќе станете поразени.

150. Но, Аллах е вашиот Заштитник. Он е Најдобар од поддржниците!

151. Во срцата на неверниците ќе влееме страв затоа што Му здружуваа другар на Аллах, за кого Он не објави никаков доказ. Огнот е престојувалиштето нивно. Е, само колку е лошо тоа прибежиште за многубошците!

152. Аллах го исполни Своето ветување кон вас кога ги истребувавте, со одобрението Негово, непријателите сè до времето кога ослабнавте и се расправавте за наредбата. Бевте непослушни по она што посакавте да го видите. Меѓу вас имаше: оние што го сакаа овој свет и оние што го сакаа оној свет. Потоа Он ве одвои од нив за да ве испроба. И Он, навистина, ви прости. Аллах поседува неизмерна добрина кон верниците!

153. Кога отстапивте, не укажувајќи внимание кон никого, и кога пејгамберот ве повикуваше да се вратите, Аллах ве казни со грижа над грижа, за да не тагувате за она што ви се оддалечи и што не ви се оствари. Аллах е Известен за она што го работите!

154. Потоа Он по тагата ви спушти мир: некои од вас ги обзеде дремка, а некои се грижеа за себе. Овие го помислуваа за Аллах она што не е вистина, она што се помислуваше за Аллах во периодот пред Исламот, зборувајќи: »Што ни остана од таа победа?« Кажи: »Сета победа, навистина е – Аллахова!« Во нивните души го кријат она што не го обелоденуваат пред тебе. Тие велат: »Да победевме, никој од нас немаше да биде убиен тука!« Кажи: »И да беа во куќите свои, ќе ги стигнеше смртта, оние на кои им е запишано да умрат, на местата нивни.« За Аллах да го испита она што е во вашите гради и да го очисти она што е во вашите срца. Аллах го знае она што го кријат градите!

155. Оние меѓу вас што го завртија грбот на денот кога се сретнаа две војски, нив, Шејтанот ги натера да паднат во грев поради она што го стекнаа порано. Аллах веќе им прости. Аллах е Простувач и Благ!

156. О верници! Не бидете како неверниците кои, додека браќата нивни по земјата патуваат и битка бијат, велат: »Да беа со нас, немаше да умрат или да загинат.« Аллах сакаше со тоа да зажалат срцата нивни. Аллах дава живот и Аллах дава смрт. Аллах го гледа она што го работите!

157. А, ако загинете на патот на Аллах или ако умрете, па, простувањето и милоста на Аллах се подобри од она што го збираат.

158. Или да загинете или да умрете, ќе се зберете кај Аллах.

159. Ти си благ кон нив само со милоста на Аллах. А да си груб и со тврдо срце, ќе побегнат од тебе, далеку. Прости им, тогаш, и барај простување за нив и договарај се со нив за сè. А, кога ќе решиш – потпри се на Аллах! Аллах, навистина, ги сака оние кои се потпираат на Него!

160. А, ако Аллах ви помогне, нема да ве победат, а ако Он ве напушти, кој, тогаш, по Него, ќе ви помогне? Па, верниците нека се потпираат на Аллах!

161. На пејгамберот не му доликува да скрие нешто. Оној што ќе скрие нешто, тој ќе го донесе тоа на Денот суден. Таму секому ќе му се даде она што си го спечалил. И нема да им се наштети.

162. Не се еднакви оној што го заслужи задоволството на Аллах и оној што ја предизвика лутината на Аллах. Престојувалиштето на овој е Џехеннемот. Е, само колку е лошо тоа свратилиште!

163. Кај Аллах за нив има степени. А, Аллах го гледа она што го работат!

164. Да, Аллах ги даруваше верниците: кога испрати пејгамбер меѓу нив, од нив, да им ги кажува ајетите Негови, да ги очисти и да ги поучи во Книгата и во Мудроста иако порано беа во очигледна заблуда!

165. Кога ве снајде неволја – каква што вие двојно возвративте на непријателот – рековте: »Од каде сега ова?« Кажи: »Тоа е од вас самите?« Аллах, навистина, е Кадар за сè!

166. И она што ве снајде на денот кога се сретнаа двете војски – беше со одобрување на Аллах за да ги испроба верниците, навистина,

167. и да ги испроба дволичните кога им се рече: »Дојдете! Борете се на патот на Аллах или бидете во одбрана!« Тие рекоа: »Да знаевме како да се бориме, ќе ве следевме.« Тогаш, оние се поблиску до неверувањето отколку до верувањето: го зборуваат со своите јазици она што не е во срцата нивни. Аллах најдобро го знае она што го кријат.

168. На оние кои им зборуваа на браќата и кои не отидоа во борба – »Да не послушаа, немаше да загинат!« – ним, кажи им: »Ако вистина зборувате, тогаш избегнете ја смртта.«

169. И не сметајте ги за мртви оние што загинаа на патот на Аллах. Не, живи се. Кај Господарот нивни се снабдени,

170. и радосни се со она што им го даде Аллах од добрината Своја и донесуваат радосница за оние што ќе им се приклучат по нив, дека нема да стравуваат и дека нема да тагуваат.

171. Ќе се радуваат на бериќетот и добрината на Аллах, и дека Аллах, навистина, не ја намалува наградата за верниците.

172. Има голема награда за оние што се одзваа на повикот од Аллах и на пејгамберот по здобиените рани, и кои работат добро и кои се богобојазливи...за нив има награда голема! –

173. на кои им рекоа луѓето: »Сите луѓе, навистина, се собрале против вас и чувајте се од нив« – и ова им го зголеми верувањето и рекоа: »Аллах ни е Доволен. Е, само каков Закрилник е Он!«

174. Па, се вратија со бериќетот и добрината на Аллах; не им се случи зло. Го следеа задоволството на Аллах. А, Аллах поседува добрина голема.

175. Само Шејтанот ве заплашува, навистина, со неговите заштитници. Па, не плашете се од нив, туку, ако сте верници, плашете се од Мене!

176. Нека не те загрижуваат оние што се стремат кон неверство. На Аллах, навистина, никогаш нема да му наштетат за ништо. Аллах сака да не им даде награда на оној свет. За нив има казна голема!

177. Да, оние што го купуваат неверувањето за верување нема да му наштетат на Аллах за ништо. За нив има казна болна.

178. Оние што не веруваат, нека не мислат дека, навистина, е добро за нив тоа што им ја одложуваме казната. Ние им ја одложуваме казната само да им го зголемиме гревот, навистина! За нив има казна срамна.

179. Аллах нема да ги остави верниците во таа состојба во која сте вие сè додека Он не го одвои доброто од лошото. Аллах не ви ја обелоденува тајната, туку Аллах избира, меѓу пејгамберите, по желба Своја. И верувајте, тогаш, во Аллах и во пејгамберите Негови. Ако верувате и ако се плашите – па, за вас има награда голема!

180. Нека не мислат оние што скржават во она што им го даде Аллах од добрината Своја, дека тоа е добро за нив, туку тоа е лошо за нив: на Денот суден, она за што скржават, ќе им биде обесено за врат. Наследството на небесата и на Земјата е – Аллахово! А, Аллах е Известен за она што го работите.

181. А, Аллах ги слушна зборовите на оние кои рекоа: »Аллах, навистина, е сиромашен, а ние сме богати.« Ќе го запишеме она што го зборуваа и што ги убиваа пејгамберите бесправно, и ќе речеме: »Вкусете ја казната огнена!«

182. Ете, тоа е поради она што го направија рацете ваши, а Аллах, навистина, не е неправеден кон луѓето!

183. Оние кои рекоа: »Да, Аллах ни нареди да не му веруваме на ниеден пејгамбер сè додека не ни дојде со жртва што ќе ја спржи огнот.« Кажи: »И порано, навистина, ви доаѓаа пејгамбери и со јасни докази и со она што го зборувате – е, па, зошто ги убивавте ако вистина зборувате?«

184. Ако те сметаат за лажливец, па и пејгамберите пред тебе, кои доаѓаа со јасни докази и со Страници и со Книга просветлена, се сметани за лажливци.

185. Да, секој ќе ја проба смртта и само на Денот суден ќе ви се остварат наградите. Кој ќе се оддалечи од огнот, а ќе влезе во Џеннет, тој ќе победи; животот на овој свет е само лажно уживање.

186. Да, ќе бидете ставени во искушение со имотите ваши и со животите ваши, и ќе слушате многу навреди од оние пред вас на кои им е дадена Книгата, а и од многубошците. А, ако сте, пак, трпеливи и богобојазливи – па, тоа, токму, е една од големите работи.

187. И кога Аллах го прифати Договорот од оние на кои им е дадена Книгата дека ќе им ја објаснуваат Книгата на луѓето и дека нема да ја кријат – тие тогаш ја занемарија и ја продадоа за мала вредност. Е, само колку е лошо она што го заработија!

188. И никако не мисли дека оние што се радуваат со она што им е дадено и што сакаат да им се заблагодари за несработеното, никако не мисли дека ќе бидат спасени од казната. За нив има казна болна!

189. Власта и на небесата и на Земјата е – Аллахова! Аллах е Кадар за сè!

190. Во создавањето на небесата и на Земјата и во менувањето на денот и на ноќта, навистина, има знамења за надарените со разум,

191. за оние што Го спомнуваат Аллах стоејќи, и седејќи, и лежејќи, и што размислуваат за создавањето на небесата и на Земјата: »Господаре наш, ти ова не го создаде залудно. Возвишен си Ти, сочувај нè од казната огнена!

192. Господаре наш, оној што ќе го фрлиш во огнот, него, навистина, си го понижил. За неверниците нема поддржници.

193. Господаре наш, ние, навистина, чувме еден повикувач што повикуваше да се верува: –Верувајте во Господарот ваш! Ние веруваме, Господаре наш, прости ни ги гревовите и занемари ги пропустите наши и одреди да умреме со добрите!

194. Господаре наш, дај ни го она што им го вети на пејгамберите Твои. Не понижувај нè на Денот суден. Ти, навистина, не го занемаруваш ветувањето!«

195. И Господарот нивни, тогаш, на молбата им возврати: »Нема да го поништам, навистина, делото на оној што ќе го направи од вас, било машко или женско, зашто вие сте едни за други. А, на оние што се иселија, и што беа прогонети од огништата свои, и што беа измачувани на Мојот пат, и што се бореа, и што гинеа, ним ќе им ги простам гревовите и ќе ги воведам во градини џеннетски низ кои течат реки. Наградата е – Аллахова! А, кај Аллах наградата е најубава!«

196. И никако нека не те измами патувањето по земјата на оние кои не веруваат!

197. Малку задоволство, а потоа престојувалиштето нивно е – Џехеннемот. Е, само колку е лошо тоа прибежиште!

198. Но на богобојазливите, од нивниот Господар, ги чекаат градини џеннетски низ кои течат реки; во нив за навек ќе останат. И таква е, ете, почивката кај Аллах. А, она што е добро кај Аллах, тоа е најдобро за добротворите!

199. Меѓу следбениците на Книгата има што веруваат во Аллах, и во она што вам ви се објавува, и во она што им е објавено, и што се плашат од Аллах, и што не ги продаваат зборовите на Аллах ете така. Наградата нивна е кај Господарот нивни. Аллах, навистина, е Брз Пресметувач!

200. О верници! Бидете трпеливи и издржливи, држете се цврсто и плашете се од Аллах за да бидете спасени!

# СУРА ЕН-НИСА
## Жени

Сура 4 - Медина - 176 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. О луѓе! Плашете се од Господарот ваш кој ве создаде од еден човек. Од него создаде жена. И од нив создаде многу мажи и многу жени. Плашете се од Аллах, со Чие име се молите, и чувајте ги роднинските врски. Аллах, навистина, бдее врз вас!

2. Дајте им го на сираците нивниот имот, не заменувајте го доброто со лошо, не трошете го нивниот имот со вашиот имот. Тоа, навистина, е голем грев.

3. А, ако се плашите дека нема да бидете праведни кон сираците жени, тогаш венчавајте ги оние жени што ви се дозволени: по две, по три, по четири. А, ако, пак, се плашите дека нема да бидете праведни, тогаш доволна ви е една; или со оние кои ви се дадени во сопственост. Ете, така ќе бидете најдалеку од неправдата.

4. И дајте им ги на сопругите нивните венчални подароци од сè срце, а, ако, пак, тие ви подарат нешто од тоа, тогаш уживајте во тоа.

5. И не давајте го имотот на безумните, кои Аллах ви ги даде да управувате со нив, а нивниот имот трошете го за нивна исхрана и за нивна облека и зборувајте им учтиво!

6. И проверувајте ги сираците сè додека не стасаат за брак, и кога ќе приметите дека се зрели, тогаш предајте им го нивниот имот. И не трошете го расипнички и брзо додека не пораснат. Кој е богат – нека се воздржи, а кој е сиромашен – нека троши скромно. Кога ќе им го предадете нивниот имот, побарајте присуство на сведоци. Доволно е тоа што ќе се полага сметка кај Аллах!

7. На мажите им припаѓа дел од она што го оставиле родителите и ближните и на жените им припаѓа дел од она што го оставиле родителите и ближните, било да е многу било да е малку: делот пропишан!

8. А, ако се присутни при расподелбата од потесната фамилија, сираци и сиромашни, ним, од имотот, подарете им и зборувајте им убави зборови.

9. И нека се плашат, како зад себе да остават, и тие, нејако потомство за што им е стало, и нека се плашат од Аллах и нека зборуваат убави зборови.

10. Оние кои го јадат имотот на сираците бесправно, навистина, фрлаат оган во стомаците; наскоро ќе се пржат во огнот разгорен.

11. Ете, Аллах ви остава во завештание, што се однесува до вашите деца, да им оставите: на машкото дел колку од две женски. А, ако, пак, бидат женски повеќе од две, ним им припаѓаат две третини од она што човекот го остава, а, ако е едно, му припаѓа половина. А на родителите, за секој поединечно, шестина од она што го оставил ако има дете, а, ако нема дете, во случај да го наследуваат родителите, на мајката ѝ припаѓа една третина. А, ако има браќа, тогаш на мајката ѝ следува шестина. Ова е по завештанието и

подмирувањето на долгот. Вие не знаете кои ви се поблиску, во поглед на корист, родителите или синовите. Тоа е наредба од Аллах. Аллах, навистина, е Зналец и Мудар!

12. И вам ви припаѓа половина од она што ви го оставаат жените ако немаат дете, а, ако имаат дете, вам ви припаѓа четвртина од она што го оставаат по направеното завештание со што се одредува или по подмирувањето на долгот. А, ним им припаѓа четвртина од она што ќе го оставите ако немате дете, а, ако имате дете, ним им припаѓа осмина од она што ќе го оставите по направеното завештание со што се одредува или по подмирувањето на долгот. А, ако мажот и жената нема кому да остават, од нагорна или надолна лоза, а имаат брат или сестра – на секој од овие му припаѓа по една шестина, а, ако ги има повеќе, тогаш сите заедно учествуваат во третина по направеното завештание или по подмирувањето на долгот без да биде некој оштетен. Завештанието е од Аллах. Аллах е Зналец и Благ!

13. Ете, тоа се одредбите на Аллах. Кој е послушен на Аллах и на пејгамберот Негов, тој ќе влезе во џеннетските градини низ кои течат реки. Во нив за навек ќе остане. Ете, тоа е победа голема!

14. А, оној што е непослушен на Аллах и на пејгамберот Негов, што ги крши одредбите Негови, тој ќе влезе во огнот. И во него за навек ќе остане. За него има казна срамна.

15. Кога некоја од вашите жени ќе направи прељуба, побарајте четири сведоци против нив, а ако, пак, овие посведочат, тогаш задржете ги во домовите додека не ги стигне смртта или додека Аллах не им го покаже патот.

16. А, ако, пак, двајца од вашите го направат тоа, тогаш прекорете ги, а, ако се покајат и ако се поправат, тогаш поминете преку тоа! Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен.

17. Да, простувањето кај Аллах, навистина, е за оние што ќе направат лошо од незнаење и потоа веднаш ќе се покајат – така, ним Аллах ќе им прости. А, Аллах е Зналец и Мудар!

18. Простувањето не е за оние што работат лоши дела. Кога некому од нив ќе му се приближи смртта, ќе рече: »Сега, навистина, се кајам.« Не е, токму, ниту за оние што ќе умрат како неверници. За нив Ние подготвивме казна болна!

19. О верници! Не ви е дозволено да ги наследувате жените спротивно на нивната волја. И не нанесувајте им штета со тоа што ќе земете дел од она што им го подарившe, освен ако не направат очигледно срамно дело. И, учтиво однесувајте се кон нив. А, ако, пак, имате некаков презир кон нив, можеби Аллах ќе ви даде, во она што ги презирате, добро големо.

20. А, ако сакате да ја замените жената со друга жена и ако нејзе ѝ дадовте голем венчален подарок, не земајте ништо од тоа. Зарем ќе ѝ го одземете тоа насилно? Тоа, очигледно, е грев!

21. И како ќе им го одземете кога бевте отворени едни кон други и кога тие од вас добија неприкосновен договор за брак?

22. И не венчавајте ги жените што ги венчаваа вашите бабовци. Она што беше, тоа беше и помина. Тоа е срамно дело, нечистотија и лош пат, навистина!

23. Забранети ви се да стапите во брак: мајките ваши, и ќерките ваши, и сестрите ваши, и сестрите на бабовците ваши, и сестрите на мајките

ваши, и ќерките на брат ви и сестра ви, и мајките ваши што ве доеја, и сестрите ваши по млеко, и мајките од жените ваши, и пасторките, кои се под ваша закрила од жените ваши ако со овие имавте брачен однос, но ако со нив сте немале брачен однос, немате грев. Забрането ви е да стапите во брак и со жените на вашите родени синови и со две сестри истовремено. Она што беше – помина. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

## Џуз 5

24. И мажените жени, освен оние што се во ваша сопственост; тоа е правило на Аллах за вас! А, останатите ви се дозволени, да ги ожените, доколку посакувате да им подарите, од вашиот имот, венчални подароци, а не само блуд да направите. А на вашите жени, со кои имавте однос, дајте им ја, според пропишаното, нивната награда. И доколку се договорите заемно, по обврската за венчалниот подарок, немате грев за помал или поголем износ. Аллах, навистина, е Зналец и Мудар.

25. А, оној меѓу вас што не може, поради подарокот, да венча немажена жена, верничка, тогаш нека се венча со верничка од оние девојки што се во ваша сопственост – а Аллах најдобро го знае вашето верување – бидејќи вие сте едни од други. Венчавајте ги, тогаш, со одобрување од нивните штитеници и дајте им ги нивните подароци, учтиво, како на честити жени што не прават прељуба и што не земаат пријатели

скришно. А, ако, пак, овие прават прељуба, како мажени, тогаш им припаѓа половина од казната предвидена за немажените жени. Ете, тоа е за оној од вас кој се плаши од прељуба. Но, за вас е подобро да се стрпите. Аллах е Простувач и Сомилосен!

26. Аллах посакува да ви објасни и да ве упати по патиштата по кои одеа оние пред вас и да ви прости. Аллах е Зналец и Мудар!

27. Аллах посакува да ви прости, а оние кои се поведуваат по страстите, тие посакуваат да ве застранат далеку од вистинскиот пат.

28. Аллах посакува да ви олесни, а човекот е создаден слабак.

29. О верници! Не трошете го вашиот имот едни на други на недозволен начин. Трговијата, ако едни со други се договорите, не ви е забранета. И меѓусебно не убивајте се. Аллах, навистина, е Сомилосен кон вас!

30. А, оној што ќе го направи тоа насилно и неправедно, него ќе го фрлиме во огнот. Ете, тоа за Аллах е многу лесно!

31. Ако ги избегнувате големите гревови што ви се забранети, Ние ќе ви ги простиме малите гревови и ќе ве воведеме низ благороден влез.

32. И не тежнејте кон она со што ве одликува Аллах едни над други. На мажите им припаѓа дел од она што го спечалија, а и на жените им припаѓа дел од она што го спечалија. Барајте од Аллах за да ви даде дел од добрината Своја. Аллах, навистина, знае сè!

33. И Ние за секого оставивме наследници на она што ќе го остават родителите и ближните. А, оние со кои склучивте договор, ним, дајте им го делот нивни. Аллах, навистина, е Сведок за сè!

34. Мажите се заштитници на жените според она што ги одликува Аллах едни над други и затоа што мажите го трошат својот имот. Па, добри жени се оние што се побожни и што се чувари, во скришноста, на она што треба да се чува, и за што Аллах ги чува. А, оние за кои се плашите дека нема да бидат послушни – посоветувајте ги, одвојте ги во постелата и мавнете ги! А, ако, пак, ви се послушни, не барајте начин како да им нанесите зло. Аллах, навистина, е Возвишен и Голем!

35. А, ако се плашите дека сопружниците ќе се разведат, тогаш побарајте помирител од неговото семејство и помирител од нејзиното семејство: а, ако двајцата посакуваат да се помират… та, Аллах ќе ги помири. Аллах, навистина, е Зналец и Известен!

36. И обожавајте Го Аллах и немојте да Му здружувате ништо, и кон родителите, и кон ближните, и кон сираците, и кон сиромашните, и кон соседите блиски и соседите далечни, и кон патниците, и кон оние што ги поседувате, значи кон сите нив, однесувајте се примерно. Аллах, навистина, не ги сака оние што се вообразени и горделиви!

37. Тоа се оние што се скржави и што им наредуваат на луѓето скржавост и што го кријат она што им го даде Аллах од добрината Своја. А, за неверниците Ние подготвивме казна срамна,

38. и оние што го делат својот имот во очиглед на луѓето и што не веруваат ниту во Аллах ниту во Денот суден. Оној што го има Шејтанот за другар е, само колку лош другар има!

39. А, што ќе им биде ако веруваат во Аллах и во Денот суден и ако делат од имотот што Аллах им го даде? Аллах за нив знае сè!

40. Аллах нема никому да направи неправда ниту колку трошка. А, ако направи добро, Аллах ќе му го удвои и од Себе ќе му даде награда голема.

41. Како ќе биде тогаш кога ќе донесеме од секоја заедница по еден сведок, а тебе ќе те изведеме како сведок против сите нив!

42. На Денот тој, оние што не веруваа и што не беа послушни на пејгамберот, повеќе би посакале да ги покрие земјата. Нема да можат да скријат ниту еден збор од Аллах.

43. О верници! Не пристапувајте во намаз во пијана состојба сè додека не знаете што зборувате, ниту неискапени, додека не се искапите, освен ако сте на пат. А, ако сте болни и ако сте на пат, или некој изврши нужда или, пак, ако се состанете со жените, а не најдете вода, тогаш применете обред со чиста прашлива земја. Со неа, со испрашените раце, допрете ги лицата ваши и рацете ваши. Аллах, навистина, е Помилувач и Сомилосен!

44. Зар не ги гледаш оние на кои им е даден дел од Книгата како се занимаваат со беспаќето: посакуваат да застраните од патот вистински.

45. Аллах најдобро ги знае вашите непријатели. Аллах е Доволен Заштитник и Доволен Поддржник!

46. Од евреите има такви што го преиначуваат вистинското значење на зборот и што зборуваат: »Го слушаме твојот збор, ама не сме послушни« или: »Чуј, ама никој нека не те чуе« или: »Биди претпазлив, слушни нè и ние ќе те слушнеме«, превртувајќи со своите јазици и напаѓајќи ја верата. А, кога би рекле: »Слушнавме и послушни сме« и: »Чуј, и погледни нè внимателно!« – тогаш

тоа ќе беше подобро и поисправно за нив. Но, Аллах ги проколни поради нивното неверство. Само малкумина меѓу нив веруваат.

47. О вие на кои ви е дадена Книгата! Верувајте во она што Ние го објавивме, што го потврдува она што ви беше објавено порано, пред да ги обезличиме, и пред да ги свртиме настрана или пред да ги проколниме онака како што ги проколнавме претставниците на Сабота. Наредбата на Аллах е делотворна!

48. Аллах, навистина, нема да прости да Му се здружува здруженик, а сè, освен ова, простува кому сака. А оној што Му здружува на Аллах здруженик, тој, бидејќи лаже, прави голем грев.

49. Зар не ги гледаш оние што ги чистат своите души? Но, Аллах чисти кого сака. И ним нема да им се направи штета ниту колку влакно од урмина голушка.

50. Посматрај како Го порекнуваат Аллах. Ова е доволно за да се направи голем грев!

51. Зар не ги гледаш оние на кои им е даден дел од Книгата како веруваат во кипови и во Тагут, и кои за неверниците велат:»Овие се поупатени од оние што веруваат.«

52. Тоа се оние што ги проколни Аллах: а оној што ќе го проколни Аллах, тој никогаш нема да најде поддржник!

53. Или кога тие би имале удел во власта, тогаш ни најмалку нема да им даваат на луѓето,

54. или, пак, би им завидувале на луѓето за она што им го даде Аллах од добрината Своја. И на семејството Ибрахимово Ние му дадовме Книга, Мудрост и власт голема!

55. Од нив имаше и кои веруваа во тоа и од нив имаше кои одвраќаа од тоа. Разгорениот Џехеннем е доволен за нив!

56. Оние кои, навистина, не веруваат во ајетите Наши, ќе ги фрлиме во огнот, сигурно! Кога кожите нивни ќе изгорат, Ние ќе ги замениме со други кожи за да ја вкусат казната. Аллах, навистина, е Силен и Мудар!

57. Оние што веруваат и што работат добри дела, нив, ќе ги воведеме во градини џеннетски низ кои течат реки; во нив за навек ќе останат, и за нив ќе има чисти жени во Џеннетот, и Ние ќе ги воведеме во ладовина изобилна.

58. Аллах, навистина, ви наредува да ги дадете аманетите на нивните сопственици, а кога ќе судите меѓу луѓето да судите праведно. Советот со кој ве советува Аллах, навистина, е најдобриот. Аллах, секако, слуша сè и гледа сè!

59. О верници! Бидете послушни на Аллах и на пејгамберот и на оние меѓу вас кои ви се претпоставени. Ако не се согласувате за нешто, ако верувате во Аллах и во Денот суден, тогаш препуштете го тоа на Аллах и на пејгамберот. Ете, тоа е најдобро објаснување!

60. Зар не знаеш за оние што мислат дека веруваат во она што ти се објавува и во она што беше објавено пред тебе како посакуваат да им се суди пред Шејтанот? А веќе им беше наредено да не веруваат во него. Шејтанот сака да ги турне во беспаќе далечно.

61. И кога ќе им се рече: »Дојдете кон она што го објави Аллах и кон пејгамберот« – ќе ги видиш дволичните како сосема одвраќаат од тебе!

62. Па, како ќе биде кога ќе им се случи несреќа поради она што го направија рацете нивни? Потоа ќе ти дојдат, колнејќи се во Аллах: »Ние посакувавме само да направиме добро и да има разбирање.«

63. Аллах знае сè што има во нивните срца, и не обрнувај им внимание; тогаш, посоветувај ги и кажи им пробивни зборови што ќе ги потресат душите нивни.

64. Ние испративме пејгамбер само да му се биде послушен со одобрението на Аллах. А, оние што направија зло за себе, да дојдат кај тебе и да побараат простување за нив од Аллах и пејгамберот да побара простување за нив, тие ќе видат дека Аллах е Простувач и Сомилосен!

65. Не, се колнам во Господарот твој! Тие нема да веруваат сè додека не те именуваат за судија за она за што се расправаат едни со други, сè додека, потоа, не почувствуваат во своите души – за она за што ќе им пресудиш – теснотија, и сè додека потполно не се предадат.

66. А, Ние да им наредевме: »Убивајте се меѓусебе!« или: »Истерувајте се од огништата ваши« – тоа ќе го направеа само мал број од нив. А, кога би постапиле според она со што се советуваат, тоа би им било подобро и би биле поцврсти во верата,

67. тогаш би им дале, од Наша страна, награда голема,

68. и Ние би ги насочиле по патот вистински!

69. Послушните на Аллах и на пејгамберот ќе бидат со оние кои Аллах ги дарува од добрината Своја: пејгамберите, искрените, мачениците и добрите. Е, само колку се добри тие другари!

70. Ете, тоа е добрината на Аллах; доволно е што Аллах знае!

71. О верници! Не напуштајте ги вашите претпазливости, тргнете во мали дружини или тргнете во големи дружини!

72. Од вас има, навистина, и таков, кој ќе се двоуми и кој, ако ви се случи несреќа, ќе рече: »Аллах ме дарува со Својата благодат со тоа што не бев присутен со нив,«

73. а, ако, пак, ви се случи да победите, со добрината на Аллах, таквиот ќе рече, сосема сигурно, како да немаше никаква наклонетост меѓу вас и меѓу него: »Каква штета, па да бев со нив, ќе имав добивка голема!«

74. Па, нека се борат на патот на Аллах оние што го даруваат овој свет за оној свет. А оној кој се бори на патот на Аллах, било да загине било да победи, Ние ќе му дадеме награда голема!

75. И што ви е, па не се борите на патот на Аллах за потлачените: мажите, жените и децата кои бараат помош: »Господаре наш, извлечи нè од оваа населба чии жители се силници; помогни ни Твојот удел да ни биде заштитник и помогни ни Твојот удел да ни биде поддржник!«

76. Оние што веруваат се борат на патот на Аллах, а оние што не веруваат, се борат на патот на Шејтанот. Борете се, тогаш, против пријателите на Шејтанот. Сплетката на Шејтанот, навистина, е слаба!

77. Зар не ги виде оние на кои им е речено: »Запрете ја борбата, клањајте намаз и давајте зекат!« И кога борбата им беше наредена, една дружина меѓу нив се плашеше од луѓето, како што е плашењето од Аллах, или некое плашење уште посилно, велејќи: »Господаре наш, зошто

ни нареди борба? Да нѐ поштедеше до едно блиско време!« Кажи: »Уживањето на овој свет е мало. За богобојазливиот... та, оној свет е подобар. Нема да ви се наштети ни колку влакно.«

78. И каде да бидете... та, смртта ќе ве стигне. Па, било да сте и во високи кули. А, ако ги снајде добро, велат: »Ова е од Аллах«, а ако, пак, ги снајде зло, велат: »Ова е од тебе.« Кажи: »Сѐ е од Аллах.« Но, што е со нив? Ни малку не разбираат од она што им се зборува!

79. Секое добро што ќе ти се случи – та, од Аллах е, а секое зло што ќе ти се случи – та, од тебе е. Ние за луѓето те испративме како пејгамбер. Доволно е тоа што Аллах е Сведок!

80. Кој е послушен на пејгамберот, тој е послушен и на Аллах. А, кој го врти грбот…та, Ние не те испративме како нивни чувар!

81. Тие велат: »Ние сме послушни«, но кога те напушти една дружина меѓу нив, тогаш ја спроведува цела ноќ ковајќи нешто спротивно на она што го велиш, но Аллах го пишува она што тие го замислуваат ноќе. Избегнувај ги! Потпри се на Аллах! Аллах е доволен Закрилник!

82. Зошто оние не размислуваат за Куранот? Да беше тој од некој друг, а не од Аллах, сигурно ќе најдеа во него големи несогласија.

83. А, кога ќе им дојде некоја вест за безбедноста или нешто што предизвикува загриженост, ја разгласуваат. А, ако ја пренесат на пејгамберот или на оние меѓу нив што ги претставуваат, иследниците од нив би го дознале тоа. А, да не е добрината и милоста на Аллах кон вас, ќе го следевте, освен мал број, Шејтанот.

84. Па, бори се на патот на Аллах – одговорноста твоја е само твоја – и поттикнувај ги верниците.

Само Аллах може да ја допре силата на оние што не веруваат. Силата и казната на Аллах се најголеми!

85. Оној што се залага за добро посредување, нему, му припаѓа еден дел од тоа, а оној што се залага за зло посредување, нему, му припаѓа дел од одговорноста за тоа. Аллах бдее над сè!

86. А, кога ќе бидете поздравени, отпоздравете и вие со поздрав уште подобар или возвратете со истиот. Аллах, навистина, ќе пресуди за сè!

87. Аллах, нема друг бог освен Него! На Денот суден, во кој нема сомнение, Он ќе ве збере. А, кој има поискрени зборови од зборовите на Аллах!?

88. Што ви е, па да се одделите во две дружини во врска со дволичните? А, Аллах ги потисна поради она што го направија. Зар посакувате да го упатите оној кого Аллах го остави во заблуда? А, оној кого Аллах го остави во заблуда, тој никогаш не може да го најде патот вистински!

89. Оние би сакале да бидете неверници како што се и тие неверници: да бидете еднакви. Па, не земајте ги за заштитници нив сè додека не се иселат на патот на Аллах. А, ако го свртат грбот – тогаш, пофаќајте ги и убивајте ги каде било да ги најдете. Не земајте ниту заштитник ниту поддржник од нив!

90. Освен оние што ќе се засолнат кај некое племе меѓу кое и меѓу вас има договор, или што ќе ви дојдат, а нивните срца не си дозволуваат да се борат против вас или, пак, да се борат против своите луѓе. А, да сака ќе ја управи нивната моќ против вас и тие, тогаш, ќе се борат против вас. Па, ако не ве задираат, и ако не се борат против вас – и ви понудат мир, па Аллах не ви даде за право да бидете против нив.

91. Вие ќе наоѓате и други што посакуваат да бидат безбедни од вас и од нивните луѓе. Секојпат кога ќе се повикаат кон сплетка...та, прифаќаат. Па, ако ве задираат, и ако не ви нудат мир и ако не престанат да се борат, тогаш пофаќајте ги и убивајте ги каде било да ги стигнете. Што се однесува на нив, Аллах ви дозволува вистинска власт против нив.

92. Верник не може да убие верник освен по грешка. Кој ќе убие верник погрешно, тогаш тој треба да ослободи еден роб верник и да даде крвнина на членовите од неговото семејство освен ако не му се прости. А, ако е од оној народ кој ви е непријател, а е верник, треба да се ослободи роб верник. А, ако е од оној народ меѓу кого и вас има примирје, нека даде крвнина на членовите од неговото семејство и нека ослободи роб верник. И, ако не најде роб, нека пости два месеца, еден за друг, барајќи простување од Аллах. А, Аллах е Зналец и Мудар!

93. А, кој ќе убие верник намерно, тогаш казната негова е Џехеннемот. Во него за навек ќе остане. Аллах ќе го разлее Својот гнев врз него, ќе го проколни и ќе му подготви казна голема.

94. О верници! Кога ќе тргнете во борба на патот на Аллах, мислете добро, и на оној кој ќе ви упати поздрав, не велете му: »Ти не си верник!« Зар ги барате добрата од животот на овој свет? Па, кај Аллах има големо богатство. И вие порано бевте како нив, па Аллах ви даде предност. И испитајте добро! Аллах, навистина, е Известен за она што го работите!

95. Не се еднакви верниците што остануваат дома – освен оние што не се способни за борба – и оние што се борат на патот на Аллах со имотот свој и со животот свој. На оние што се борат

на патот на Аллах, и со имотот свој и со животот свој, нив, Аллах ги одликува со еден степен над оние што остануваат дома. Како и да е, Аллах на сите им вети награда. Аллах ги одликува оние што се борат со награда голема во однос на оние што остануваат дома;

96. ги одликува со степените Негови, простувањето и милоста. Аллах е Простувач и Сомилосен!

97. Кога мелеките ќе им ги земаат душите на оние што ќе си нанесат зло за себе, ќе ги прашаат: »Какви бевте вие?« Тие ќе одговорат: »Бевме на земјава потлачувани«. Ќе прашаат: »Зар не беше земјава на Аллах широка, па да не можете да се иселите?« Па, Џехеннемот е престојувалиштето нивно. Е, само колку е лошо тоа прибежиште!

98. Но не и за немоќните мажи, за жените, за децата што не можат да се снајдат и што не можат да се управат по патот.

99. Ним Аллах, има надеж, ќе им прости. Аллах е Помилувач и Простувач!

100. Кој ќе се исели поради патот на Аллах, тој ќе најде на земјата многу места и простор. А, за оној кој ќе излезе од својот дом, иселувајќи се кон Аллах и кон пејгамберот Негов и кого ќе го затекне смртта, наградата за него е – Аллахова. А, Аллах е Простувач и Сомилосен!

101. А, кога ќе тргнете на пат по земјата, немате грев да го скратите намазот. И, ако се плашите дека неверниците ќе ви направат сплетка. Неверниците се, навистина, ваши очигледни непријатели!

102. А, кога ќе бидеш меѓу нив и кога ќе клањаш намаз со нив, една дружина од нив нека клања намаз со тебе и нека си го земе оружјето. Кога

ќе се поклонува, тогаш една дружина нека биде зад вас, и нека дојде друга дружина што не клањала намаз и нека клања заедно со тебе, и нека го земе оружјето и нека внимава зашто неверниците би сакале да не внимавате на оружјето ваше и на товарот ваш, па во еден замав да посрнат врз вас. Немате грев ако сте спречени од дожд, или ако сте болни, да го положите оружјето ваше, но, сепак, бидете внимателни! Аллах, навистина, на неверниците им подготви казна срамна!

103. А, кога ќе одлучите да клањате, тогаш спомнувајте Го Аллах и стоејќи, и седејќи и лежејќи. А, кога сте безбедни, тогаш клањајте намаз. Намазот за верниците, навистина, е пропишан во одредено време.

104. И во потрагата по непријателите, не малаксајте! Ако, според тоа, вие поднесувате бол... па и тие, навистина, поднесуваат бол, онака како што и вие поднесувате. Вие се надевате од Аллах на она што тие не се надеваат. Аллах, навистина, е Зналец и Мудар!

105. Ние, навистина, ти објавуваме Книга со вистина за да им судиш на луѓето со она што Аллах ти го обелодени... И немој да бидеш оптоварен со предавниците!

106. И барај простување од Аллах. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

107. И не расправај за оние кои самите себе се изневерија! Аллах не го сака изневерителот и грешникот!

108. Бараат да се скријат од луѓето, а не бараат да се скријат од Аллах, а Он, токму, е со нив и кога дрдорат зборови со кои Он не е задоволен. Аллах го опфаќа она што го работат!

109. Ете, вие сте тие што ги штитите на овој свет, но пред Аллах, на Денот суден, кој ќе ги штити нив? Или, кој ќе биде закрилникот нивни?

110. Оној што ќе направи некакво зло за себе или што е неправеден кон себе, а потоа ќе побара простување од Аллах, тој ќе види дека Аллах е Простувач и Сомилосен!

111. Оној што ќе направи грев, тој ќе го направи за себе. Аллах, навистина, е Зналец и Мудар!

112. А, кој ќе направи некакво зло или грев, па ќе го припише на оној што не е крив, тој, јасно, ќе понесе клетва и грев.

113. А, да не беше добрината на Аллах кон тебе и милоста Негова, една дружина од нив имаше намера да те натера во заблуда, но таквите самите себе во заблуда се натераа, не ти наштетија за ништо. Аллах ти објави Книга и Мудрост и те поучи со она што не го знаеше. Добрината на Аллах кон тебе, навистина, е голема!

114. Нема никакво добро во нивните тајни состаноци, но не и за оној што наредува материјална помош или јавно добро или слога меѓу луѓето. А оној што го работи ова поради задоволството на Аллах, Ние, нему, ќе му дадеме награда голема!

115. Кој ќе се одвои од пејгамберот, бидејќи му беше објаснет патоказот, и кој ќе следи друг пат од оној на верниците, Ние, него, ќе го задржиме на патот што го одбрал: ќе го фрлиме во Џехеннем. Е, само колку е лошо тоа свратилиште!

116. Аллах, навистина, нема да прости да му се припише здруженик, а ќе прости, кому сака, сè друго освен тоа...Кој му припишува здруженик на Аллах, тој веќе скршнал во беспаќе големо.

117. Тие се молат на друг, а не на Аллах: се молат на жени кипови, се молат само на Шејтанот непослушен:

118. Аллах го проколни Шејтанот. Тој рече: »Ќе земам здушно еден дел од робовите Твои за да ги привлечам кон мене.

119. И сосем сигурно ќе ги скршнувам, и сосем сигурно ќе им донесувам лажни надежи, и сосем сигурно ќе им наредувам, и сосем сигурно ќе му ги сечат ушите на добитокот, и сосем сигурно ќе им наредувам, па ќе го менуваат созданието на Аллах.« А, кој ќе го земе Шејтанот за пријател, а не Аллах, тој ќе застрани во пропаст очигледна.

120. Тој им нуди ветувања и ги изневерува. А, Шејтанот, пак, ветува само измама.

121. Пребивалиштето нивно е – Џехеннемот. И нема да можат да се спасат од него.

122. Оние што веруваат и што прават добри дела, нив, Ние ќе ги населиме во градини џеннетски низ кои течат реки; во нив за навек ќе останат. Ветувањето на Аллах е – вистинско ветување. А, кои се поискрени зборови од Аллаховите!?

123. Тоа не зависи ни од желбите ваши ни од од желбите на Следбениците на Книгата. Кој ќе направи зло, тој ќе се казни и нема да најде, освен Аллах, ниту заштитник ниту поддржник.

124. И кој ќе направи добро дело, а е верник: машко или женско...па, таквите ќе влезат во Џеннет и нема да им се нанесе зло ниту колку трошка.

125. А, кој има подобра вера од оној што го предава лицето на Аллах, а покрај тоа е и добротвор? Ја следи чистата вера на Ибрахим. А, Аллах Ибрахима го прифати за пријател!

126. И сè што е на небесата и на Земјата е – Алахово! А, Аллах опфаќа сè!

127. И тие бараат од тебе решенија во врска со жените. Кажи: »Аллах ви донесува решение за нив – и она што ви е кажувано во Книгата – и за жените сираци на кои вие не им го давате она што е пропишано, а вие сакате да склучите брак, и за нејаките деца – и кон сираците да бидете праведни. И секое добро што ќе го направите – па, Аллах, навистина, го знае тоа!

128. Ако некоја жена се плаши од строгоста на својот маж или од рамнодушноста, тогаш немаат грев да се договорат меѓу себе; најдобро е договореното, зашто душите се наклонети кон алчност. Ако правите добро и ако се плашите… Аллах, навистина, е Известен за она што го работите!

129. И колку да сакате, вие никогаш нема да можете праведно да се однесувате кон вашите жени. Тогаш, кон никаква наклоност, не понесувајте се, една од нив да ја оставите во неизвесност. А, ако се договорите и ако се плашите, Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

130. Ако двајцата се разделат, Аллах ќе им даде во изобилие од дарежливоста Своја. Аллах е Неизмерен и Мудар!«

131. Сè што е на небесата и на Земјата е – Алахово! На оние што беа пред вас, на кои им е дадена Книгата, им наредивме, а и вам, да се плашите од Аллах и да верувате, зашто, навистина, сè што е на небесата и на Земјата е – Алахово! А, Аллах е Богат и за благодарност Достоен!

132. Сè што е на небесата и на Земјата е – Алахово! А, Аллах е Доволен Заштитник!

133. Кога би сакал, Он би ве снемал, – о луѓе! – и би донел други место вас. Аллах, навистина, е Кадар за тоа!

134. Кој сака награда на овој свет – та, кај Аллах е наградата на овој свет и на оној свет. Аллах слуша сѐ и гледа сѐ!

135. О верници! Бидете постојани при правдината, сведочете поради Аллах, било да е тоа против вас или против родителите или против блиските, било да е богат или сиромав, зашто Аллах има предност над нив. Не следете ја страста, па да бидете неправедни! А, ако ја занемарувате правдината или ако сте рамнодушни, па Аллах, навистина, е Известен за она што го работите!

136. О верници! Верувајте во Аллах, и во пејгамберот Негов, и во Книгата што му ја објави на Својот пејгамбер, и во секоја книга што ја објави порано. Кој не верува во Аллах, и во мелеките Негови, и во книгите Негови, и во пејгамберите Негови, и во Денот суден, тој веќе талнал по беспаќе далечно!

137. Оние што веруваат, а потоа не веруваат, па потоа веруваат, па потоа не веруваат и потоа го зголемуваат неверувањето...ним, Аллах, никогаш нема да им прости и нема да ги упати по патот вистински.

138. Извести ги дволичните дека, навистина, за нив има казна болна,

139. оние кои, навистина, ги земаат за пријатели неверниците, а не верниците. Зар кај нив ја бараат моќта? Па, сета моќ, навистина, Му припаѓа на Аллах!

140. Аллах во Книгата ви објави: кога ќе слушнете дека некои од вас не ги признаваат и ги исмеју-

ваат ајетите на Аллах... не седете со нив додека не преминат на друг разговор, инаку, навистина, ќе бидете слични на нив. Аллах, навистина, сите ќе ги збере во Џехеннем: и дволичните и неверниците.

141. Тоа се оние што исчекуваат што ќе биде со вас. Ако ви дојде победата од страна на Аллах, зборуваат: »Зар не бевме со вас?« А, ако неверниците постигнат некаков успех, зборуваат: »Зар немавме прилика да ве победиме? Нели ве заштитивме од верниците?« Па, Аллах ќе ви пресуди на Денот суден. И Аллах никогаш нема да дозволи неверниците да изнајдат начин на кој ќе ги победат верниците.

142. Дволичните, навистина, настојуваат да го излажат Аллах, но Аллах ќе ги казни за нивната измама. И кога се исправаат да клањаат намаз, се исправаат мрзливо само поради тоа да ги гледаат луѓето, а Аллах Го спомнуваат само малку,

143. се двоумат во тоа: да се приклонат кон овие или кон оние. За оној за кого Аллах ќе определи да биде во беспаќе...за него никогаш нема да најдеш вистински пат.

144. О верници! Не земајте ги неверниците за пријатели, за да ги напуштите верниците. Зар посакувате да Му понудите на Аллах очигледен доказ против себе?

145. Дволичните, навистина, ќе бидат во најдлабоката бездна на огнот. Нема да најдеш поддржник за нив;

146. но не и за оние што ќе се покајат, и ќе се поправат, и што ќе се држат цврсто за Аллах, и што ќе Му ја предадат чисто својата вера на Ал-

лах… Па, таквите се со верниците. А, Аллах на верниците ќе им даде награда голема!

147. Аллах не работи на тоа да ве казни ако се заблагодарувате и ако верувате. Аллах е Благодарен и Зналец!

## Џуз 6

148. Аллах не сака да се зборува за зло на висок глас; може само оној кому му е нанесено зло. Аллах слуша сè и знае сè!

149. Ако го обелоденувате доброто или ако го криете или ако простувате за некое лошо дело – та, Аллах, навистина, е Помилувач и Кадар!

150. Оние што, навистина, не веруваат во Аллах и во пејгамберите Негови, и што сакаат да направат разлика во верувањето меѓу Аллах и меѓу пејгамберите Негови, и што зборуваат: »Во некои веруваме а во некои не веруваме,« – и што сакаат помеѓу тоа да прифатат некој пат –

151. да, таквите се вистински неверници. А, за неверниците, пак, Ние подготвивме казна срамна.

152. А, оние што веруваат во Аллах и во пејгамберите Негови, и што не прават разлика меѓу нив, таквите, Он ќе ги награди. Аллах е Простувач и Сомилосен!

153. Следбениците на Книгата бараат од тебе да им спуштиш Книга од небо. А, таквите од Муса бараа и повеќе од тоа. И уште зборуваа: »Покажи ни го Аллах очигледно.« И гром ги шибна поради нивното зло, а потоа прифатија да обожаваат теле. Дури и по јасните докази што

веќе им дојдоа! Но, Ние им го простивме и тоа. И на Муса Ние му дадовме очигледна власт.

154. И поради договорот нивни, над нив, Ние рид подигнавме, и им рековме: »Влезете низ вратата ничкум!« И им рековме: »Не правете престап за Сабота,« – и од нив Ние цврсто го прифативме договорот.

155. Сето тоа дојде поради нивното кршење на договорот нивни, и поради неверувањето нивно во ајетите на Аллах и убивањето на пејгамберите бесправно, и зборувањето нивно: »Срцата наши се замрачени.« Не! Аллах ги запечати нив со неверувањето нивно. Па, само малкумина веруваа,

156. и поради неверувањето нивно, зборувањето нивно и клеветата голема за Мерјем;

157. и поради изјавата нивна: »Да, ние, навистина, го убивме Христа,« Иса, синот на Мерјем, Аллаховиот пејгамбер. Не го убија и не го распнаа! Туку тоа им се причини. А, оние кои, навистина, се разединија во врска со Иса, тие само се сомневаат. Ништо не знаат за него, само претпоставуваат... Не го убија сигурно,

158. туку Аллах го дигна кон Себе. Аллах е Силен и Мудар!

159. И никој од Следбениците на Книгата нема да не поверува вистински во Иса пред неговата смрт; на Денот суден тој ќе биде сведок против нив.

160. И поради зулумот на оние евреи и поради одвраќањето нивно на многумина од Аллаховиот пат... Ние им ги забранивме некои добри јадења што им беа дозволени;

161. и затоа што земаа лихва, а таа им беше забранета; затоа што бесправно го трошеа имо-

тот на луѓето. Ние подготвивме казна болна за оние што не веруваа од нив.

162. Но, оние од нив што се вдлабени во знаење, верниците: што веруваат во она што е објавено до тебе и во она што е објавено пред тебе, и што клањаат намаз, и што даваат зекат, и што веруваат во Аллах и во Денот суден, ним, Ние ќе им дадеме награда голема!

163. Ние, навистина, ти објавивме онака како што му објавивме на Нух и на пејгамберите по него. Му објавивме и на Ибрахим, и на Исмаил, и на Исхак, и на Јакуб, и на внуците, и на Иса, и на Ејуб, и на Јунус, и на Харун; а на Сулејман и на Давуд Зебур им го дадовме:

164. имаше пејгамбери за кои Ние веќе ти кажувавме порано и пејгамбери за кои не ти кажувавме. А, Аллах со Муса зборуваше, сигурно –

165. пејгамбери, радосници и опоменувачи за луѓето да немаат доказ пред Аллах откако им дојдоа пејгамберите. А, Аллах е Силен и Мудар!

166. Но, Аллах сведочи за она што ти го објави; со Свое знаење го објави. А и мелеките сведочат. А, Аллах е доволен за Сведок.

167. Оние, навистина, што не веруваат и што одвраќаат од патот на Аллах, тие веќе талнаа по беспаќе далечно.

168. Оние, навистина, што не веруваат и што зулум прават, ним, Аллах нема да им прости и нема да им го покаже патот вистински,

169. освен патот џехеннемски; во него за навек ќе останат. А, за Аллах тоа е едноставно.

170. О луѓе! Ви дојде пејгамбер од Господарот ваш со вистина. Верувањето – та, подобро е за вас. А, ако не верувате – та, навистина, сè што е

на небесата и на Земјата е – Аллахово! Аллах е Зналец и Мудар!

171. О следбеници на Книгата! Не претерувајте во вашата вера и зборувајте за Аллах само вистина! Месих, Иса синот на Мерјем, е само пејгамбер на Аллах, Збор Негов, што Он го фрли во Мерјем и живот му даде. Е па, верувајте во Аллах и во пејгамберите Негови и не зборувајте »тројца«. Престанете, тоа е подобро за вас! Аллах, навистина, е еден Бог. Славата Нему Му припаѓа! Зар Он да има дете? Сè што е на небесата и на Земјата е – Аллахово! А, Аллах, навистина, е Доволен Закрилник!

172. На Месих никогаш нема да му биде мака да биде роб на Аллах, а ниту на мелеките блиски. А оној кому му е мака да го обожава Аллах, кој се противи – та, набргу Аллах сите ќе ги збере кај Себе!

173. Што се однесува на оние што веруваат и што работат добри дела, ним, Он ќе им ги врачи наградите и ќе им се зголемат поради добрината Негова. А, оние, пак, што презираат и што се противат, нив, ќе ги казни со казна болна. Тие, освен Аллах, нема да најдат ниту заштитник ниту поддржник!

174. О луѓе! Доказ, навистина, ви дојде, од Господпдарот ваш. И светлина јасна Ние ви спуштивме.

175. А, што се однесува на оние што веруваат во Аллах и што се држат цврсто за тоа, нив, Он ќе ги воведе во милоста Своја и во добрината Своја; ќе ги упати, по патот вистински, кон Себе.

176. Тие бараат од тебе решение. Кажи: »За умрениот, кој нема никого што ќе го наследи, Аллах ви дава решение: ако некој умре, а нема дете, а има сестра, нејзе ѝ припаѓа половина од она

што ќе го остави, а и тој ќе ја наследи неа, ако оваа нема дете. А, ако се две, ним им припаѓаат две третини од она што ќе го остави. А, ако има браќа и сестри, тогаш на машкото му припаѓа еднаков дел од делот на две женски.« Аллах, за да не скршнете, ви објаснува. Аллах знае сè!

# СУРА ЕЛ-МАИДА

## Софра

Сура 5 - Медина - 120 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1.О верници! Исполнувајте ги договорите. Ви се дозволуваат домашните животни, освен она за кое ќе ви биде кажано. Не ви е дозволено да ловите додека сте во ихрами. Аллах, навистина, го определува она што го посакува!

2. О верници! Не осквернувајте ги прописите на Аллах врзани за хаџот, ни светиот месец, ни курбаните – оние со ѓердани украсени, ни упатените кон Светиот храм, кои ги посакуваат од Господарот свој добрината и задоволството. А, кога, пак, ќе помине времето на вашиот хаџ, дозволено ви е да ловите. А, омразата што ја имате кон некои луѓе што ве одвраќаат од Светиот Храм, никако нека не ве натера да нападнете едни на други; помагајте се и во добротворство и во богобојазливост. И не помагајте се едни со други во грев и во непријателство! И плашете се од Аллах! Аллах, навистина, е Жесток Казнувач!

3. Забрането ви е: мрша, и крв, и свинско месо, и она што е заклано во друго, а не во името на Аллах, и она што е задавено и погодено, и она што е урнато, и прободено со рог, или начнато од ѕвер – освен ако го имате заклано пред да е усмртено, и она што е заклано на жртвеници;

забрането ви е да ја претскажувате иднината со фрлање стрели. Сето е тоа порок за вас. Денес, неверниците, изгубија надеж во вашата вера; та, не плашете се од нив, туку плашете се од Мене! Денес ви ја надополнив верата и го исполнив благодатот Мој кон вас и задоволен сум Исламот да ви биде вера. Ако некој се најде во неволја, кога гладот мете, не сакајќи да падне во грев... па, Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

4. Те прашуваат што им е дозволено, кажи: »Дозволени ви се добрите јадења и она што го знаете: ловот на животните што се поучени за тоа, онака како што ве поучи Аллах.« И јадете го она што тие ќе го уловат за вас, и при тоа, спомнувајте го името на Аллах. Плашете се од Аллах. Аллах, навистина, е Брз Пресметувач!

5. Денес ви се дозволуваат добрите јадења; дозволена ви е храната на оние на кои им е објавена Книгата, а и храната ваша е дозволена за нив. Дозволени ви се чесните жени вернички, и чесните жени вернички од оние на кои им е дадена Книгата пред вас кога ќе им ги дадете нивните венчални подароци, за да се ожените, а не да правите блуд со нив, и да не ги земате за љубовници. Оној што ја порекнува верата, нему му пропаѓа делото негово и на оној свет ќе биде меѓу поразените!

6. О верници! Кога ќе се исправите да клањате намаз, измијте ги вашите лица и вашите раце до лактовите, а главите допрете ги со влажна рака, а нозете до зглобовите. А, ако сте нечисти, тогаш искапете се. А, ако сте болни или ако сте на пат или ако некој од вас изврши нужда, или ако имате однос со жените, а при тоа не најдете вода, тогаш допрете ги рацете на чиста земја и

допрете ги со нив лицата ваши и рацете ваши. Аллах не сака да ве остави во неприлика. Он сака да бидете чисти и да го исполни Својот благодат кон вас за да бидете благодарни!

7. И сеќавајте се на благодатот на Аллах кон вас и на договорот што го склучивте со Него кога рековте: »Слушаме и послушни сме«. Плашете се од Аллах! Аллах, навистина, го знае она што е во градите!

8. О верници! Бидете истрајни во тоа и, поради Аллах, сведочете праведно. А, омразата кон еден народ нека не ве натера да бидете неправедни. Бидете праведни. Праведноста е поблиску до богобојазливоста. Плашете се од Аллах. Аллах, навистина, е Известен за она што го работите!

9. На оние што веруваат и што прават добри дела, ним, Аллах им вети простување и награда голема,

10. а оние што не веруваат и што ги сметаат за лажни ајетите Наши, тие се жители џехеннемски!

11. О верници! Сеќавајте се на благодатот на Аллах кон вас кога една дружина сакаше да завладее со вас, и кога Он го оневозможи тоа. Плашете се од Аллах! Та, верниците нека се потпираат на Аллах!

12. И Аллах веќе го прифати договорот со синовите Израилови. И испративме дванаесет старешини од нив. И Аллах рече: »Јас сум со вас, навистина! И ако клањате намаз, и ако давате зекат, и ако верувате во пејгамберите Мои, и ако им помагате, и ако му дадете на Аллах добар заем, тогаш ќе ви ги отстранам лошите дела од вас и ќе ве воведам во градините џеннетски

низ кои течат реки.« А кој од вас не верува по тој договор, тој скршнува по лошиот пат, навистина!

13. И кога го прекршија својот договор, ги проколнавме и им ги затврднавме срцата; ги преиначија зборовите на договорот од некои места и заборавија на голем дел од она со што беа опоменувани. И постојано, освен мал број од нив, ќе ги гледаш како го изневеруваат договорот. Па, прости им и оддалечи се од нив! Аллах, навистина, ги сака добротворите.

14. Од оние што зборуваат: »Ние сме христијани,« – Ние го прифативме договорот. А, тие заборавија на голем дел од она со што беа опоменувани. И Ние уфрливме меѓу нив непријателство и омраза сè до Денот суден. Потоа ќе бидат известени од Аллах за она што го работеа.

15. О Следбеници на Книгата! Ви дојде, навистина, наш пејгамбер што ви објаснува голем дел од Книгата – што бевте го криеле, а поминува преку голем дел. Ви дојде од Аллах Светлина и Книга јасна.

16. Аллах ги упатува со неа кон патиштата спасувачки оние што го следат задоволството Негово и ги изведува, со одобрението Свое, од темнина во светлина и ги упатува по патот вистински.

17. Не веруваат, навистина, оние што зборуваат: »Аллах, навистина, е Месих, синот на Мерјем« Кажи: »Кој може да присвои нешто од Аллах ако Он посака да го уништи Месих, синот на Мерјем и неговата Мајка и сè она што е на Земјата?« Власта и на небесата и на Земјата и меѓу нив е – Аллахова! Он создава по Своја волја, а Аллах е Кадар за сè!

18. И евреите и христијаните зборуваат: »Ние сме синови Аллахови и љубимци Негови.« Кажи: »Зошто, тогаш, Аллах ве казнува за гревовите ваши?« Но, вие сте луѓе како и другите што Он ги создаде. Аллах некого по Своја волја наградува, а некого, по Своја волја, казнува. Власта и на небесата и на Земјата е Аллахова. Прибежиштето е – кон Него!

19. О Следбеници на Книгата! Ви дојде Наш пејгамбер да ви објасни, по прекинот на пејгамбери, за да не речете: »Не ни дојде ниту радосник ниту опоменувач.« А, еве ви дојде и радосник и опоменувач. А, Аллах е Кадар за сè!

20. И кога Муса на својот народ му се обрати: »О народе мој! Сетете се на Аллаховиот благодат кон вас кога Он, меѓу вас, испрати пејгамбери и кога ве определи за владетели, и кога ви го даде она што не му е дадено на ниеден народ.«

21. »О, народе мој! Влезете во Светата земја што Аллах ви ја одреди. Не повлекувајте се назад, зашто ќе се вратите поразени.«

22. Тие рекоа: »О Муса! Во неа се наоѓа еден силнички народ. И Ние нема да влеземе во неа сè додека не излезат од неа. Ако излезат од неа, тогаш Ние ќе влеземе.«

23. Двајца од оние што се плашеа, исполнети со задоволството на Аллах, рекоа: »Влезете им низ капијата. Ако влезете низ неа, па вие, навистина, ќе бидете победници! Тогаш, потпирајте се на Аллах ако сте верници!«

24. Тие рекоа: »О Муса! Ние никогаш, навистина, нема да влеземе во неа додека се тие таму. Влезете ти и Господарот твој и борете се. Ние ќе останеме овде, навистина!«

25. Муса рече: »О Господаре! Јас, навистина, владеам само со себе и со мојот брат. Направи, тогаш, разлика меѓу нас и меѓу народот расипан!«

26. А, Аллах рече: »Е, таа земја ќе им биде забранета четириесет години; ќе талкаат по земјата, па, не очајувај за народот расипан!«

27. И кажувај им го кажувањето сосем вистинско за синовите на Адем. Кога тие поднесоа жртва и, ете од едниот беше примена, а од другиот, не беше примена. Едниот рече: »Ќе те убијам.« А другиот рече: »Аллах, навистина, ги прима жртвите од богобојазливите.

28. Кога би ја пружил раката твоја да ме убиеш, јас никогаш не би ја пружил ракава моја да те убијам. Да, јас се плашам од Аллах, Господарот на световите!

29. Јас, навистина, сакам да го понесеш и мојот грев и твојот грев и на тој начин да станеш меѓу жителите на огнот. Ете, тоа е казна за силниците!«

30. И го поттикна страста да го убие брат му и – го уби. Па, стана еден од поразените!

31. Па, Аллах испрати еден гавран да копа по земјата за да му покаже како да го покрие лешот на брат му. И рече: »Тешко мене! Зарем сум немоќен, како овој гавран, да го покријам лешот на брат ми?« И, тогаш се покаја.

32. И поради тоа Ние им пропишавме на синовите Израилови дека оној што ќе убие еден човек, кој не убил никого и кој не прави безредие по земјата, како да ги убил сите луѓе, а оној што ќе спаси еден човек, како да ги спасил сите луѓе. Пејгамберите Наши им доаѓаа со јасни докази, и

голем број од нив, по тоа, на земјата, не преставаа да претеруваат со злоделата.

33. Казната за оние што војуваат против Аллах и против пејгамберот Негов и што настојуваат да прават безредие на земјата е: да се убијат или да се распнат или да им се исечат и рацете и нозете накрсно или да се истераат од земјата. Ете, тоа им е казната на овој свет. А, за нив, пак, на оној свет, има казна голема,

34. освен за оние што ќе се покајат пред да им пресудите. Па, знајте дека Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

35. О верници! Плашете се од Аллах и барајте начин на кој ќе Му пристапите и борете се на Неговиот пат за да бидете спасени!

36. Кога сето она што е на земјава би било на оние што не веруваат, па дури и повеќе од тоа, не би им било примено за откуп во однос на казната на Денот суден. За нив има казна болна.

37. Ќе посакаат да излезат од огнот, а нема да излезат од него. За нив има казна постојана.

38. А, на крадецот и крадливката, исечете им ги рацете како казна за она што го стекнаа; нека им биде тоа пример и опомена од Аллах. Аллах е Силен и Мудар!

39. Да, оној што ќе се покае по своето лошо дело или што ќе се поправи – па, Аллах, навистина, ќе му прости. Аллах е Простувач и Сомилосен!

40. Зар не знаеш дека власта и на небесата и на Земјата е – Аллахова! Аллах некого казнува по Своја волја, а некому Аллах по Своја волја му простува. Аллах е Кадар за сè!

41. О пејгамберу! Нека не те загрижува делото на оние што брзаа во неверувањето, оние што изјавуваат: »Ние веруваме« – а не веруваат ср-

цата нивни. И евреите, кои слушаат само лаги и кои од други слушаат а, кои, всушност, не ти доаѓаат; на некои места ги преиначуваат зборовите, велејќи: »Ако ви е ова дозволено, тогаш прифатете го, а, ако не ви е дозволено, тогаш не прифаќајте го!« Оној кого Аллах ќе го остави во неговата сплетка, нему, никогаш нема да можеш да му обезбедиш нешто од Аллах. Срцата на таквите Аллах не сака да ги исчисти. За нив на овој свет има понижување, а на оној свет казна голема.

42. Слушаат многу лаги и јадат ненаситнички забранета храна. Па, ако ти дојдат, пресуди им или занемари ги. А, ако, пак, ги занемариш, тогаш никогаш за ништо нема да ти наштетат, а, ако им судиш, тогаш суди праведно меѓу нив. Аллах, навистина, ги сака праведните!

43. И како можат да бараат од тебе да им пресудиш – а кај нив е Теврат во кого се наоѓа пресудата на Аллах – а потоа го вртат грбот... та, навистина, се неверници!

44. Ние, навистина, го објавивме Теврат. Во него има патоказ и светлина. Пејгамберите им судеа на евреите, кои беа послушни според него. И рабините и побожните луѓе од кои се бараше да ја чуваат Книгата на Аллах за која беа сведоци. Па, не плаши се од луѓето, туку плаши се од Мене. И, тогаш не продавај ги ајетите Мои за што било. А, оние што не судат според она што го објави Аллах – та, неверници се!

45. Ние во Теврат им пропишавме: живот за живот, уво за уво, око за око, заб за заб, а за рана – одмазда. А оној што ќе се откаже од одмаздата, тоа ќе му биде откуп за гревовите. Оние што не судат според она што го објави Аллах… та, силници се!

46. По трагите нивни го испративме Иса, синот на Мерјем, потврда за Теврат што им беше објавен, и му објавивме Инџил. Во него има патоказ и светлина, и потврда за Теврат што им беше објавен, патоказ и ука за богобојазливите!

47. И следбениците на Инџил нека судат според она што го објави Аллах во него. Оние што не судат според она што го објави Аллах – та, расипани се!

48. И Ние ти објавивме Книга со вистина, потврда за Книгата што се објави порано и нејзин сведок. Па, суди меѓу нив според она што го објави Аллах во неа. Не следи ги страстите нивни и не оддалечувај се од вистината што ти дојде. И Ние пропишавме за сите вас закон и пат. Да сакаше Аллах, ќе ве направеше еден народ. Но, Аллах сака да ве испроба за она што Он ви го даде. Едни на други, тогаш, предначете во добрини,зашто враќањето на сите вас води до Аллах и Он ќе ве извести за делениците ваши!

49. И суди меѓу луѓето според она што го објави Аллах. Не следи ги страстите нивни и чувај се да не те одвратат од дел на она што го објави Аллах. А, ако го свртат грбот, тогаш знај дека Аллах сака да ги снајде несреќа поради некои од гревовите нивни. Мнозината од луѓето, навистина, се расипани!

50. Зар судењето од предисламскиот период го бараат? А, кој суди подобро од Аллах за луѓето што се уверени во верувањето?

51. О верници! Не земајте ги евреите и христијаните за заштитници. Оние се едни на други заштитници. А, оние што ќе ги земат за заштитници од вас – од нив се, навистина! Аллах не го упатува народот силнички!

52. Па, ги гледаш, оние што имаат болештина во срцата свои, како се натпреваруваат во тоа. Зборуваат: »Се плашиме да не ни се случи некаква несреќа!« А, Аллах ќе донесе победа или ќе даде од Себе некаква наредба, па ќе осамнат, каејќи се за она што го криеја во душите свои.

53. А, верниците, пак, ќе речат: »Зар се тие што се колнеа во Аллах со тешка заклетва дека се, навистина, со вас.« Делата ќе им пропаднат и, тогаш, ќе осамнат, поразени!

54. О верници! Оној од вас што ќе отстапи од верата своја – та, Аллах ќе донесе луѓе што ги сака Он и што го сакаат Него: кон верниците ќе бидат милостиви, а кон неверниците ќе бидат груби; ке се борат на патот на Аллах и нема да се плашат од каков и да е укор на укорувачите. Ете, тоа е добрината на Аллах што ја дава по Своја волја. Аллах е Неизмерен и Зналец!

55. Заштитникот ваш, навистина, е Аллах и пејгамберот Негов, и оние што веруваат, и што клањаат намаз, и што даваат зекат. Овие се, токму, поклониците!

56. Оној што ќе ги земе за заштитници Аллах и пејгамберот Негов и оние што веруваат – та, дружината на Аллах ќе победи!

57. О верници! Не земајте ги за заштитници оние што ја земаат верата ваша за игра, кои им се исмејуваат на оние на кои им беше дадена Книгата пред вас, а и неверниците. Плашете се од Аллах ако сте верници!

58. И кога повикувате кон намаз, со тоа се играат и на тоа му се потсмеваат. Ова е поради тоа што се луѓе што не сфаќаат!

59. Кажи: »О Следбеници на Книгата! Зар ќе ни приговарате затоа што веруваме во Аллах и во

она што е објавено порано и затоа што мнозината од вас се расипани!«

60. Кажи: »Да ве известам ли за оние полошите, кои ќе бидат посилно казнети од Аллах? Тоа се оние врз кои се разлеа проклетството и лутината на Аллах, од кои направи мајмуни и свињи, и што го обожаваа Шејтанот. Нив ги чека најлошо место; и скршнаа најдалеку по лошиот пат.«

61. А, кога ќе ви дојдат, велат: »Ние веруваме« – но тие влегуваат со неверство и излегуваат со неверство. А, Аллах најдобро го знае она што го кријат!

62. Ги гледаш многу од нив како се натпреваруваат во грев и во непријателство и го јадат она што им е забрането. Е, само колку е лошо она што го прават!

63. Зошто рабините и побожните луѓе не ги одвраќаат од нивното зборување, грешење и јадење на она што е забрането? Е, само колку е лошо она што го прават!

64. Евреите зборуваат: »Раката на Аллах е стиснатa!« Стиснати се рацете нивни и нека бидат проколнети за она што го зборуваат. И двете раце Негови се отворени. Он снабдува како што сака. И она што ти се објавува од Господарот твој, кај многумина од нив, ќе го засили насилството и неверувањето. И Ние уфрливме меѓу нив непријателство и омраза до Денот суден. И секогаш кога ќе запалат оган за војна, Аллах го гасни. На земјава настојуваат да шират безредие. А, Аллах не ги сака безредниците!

65. А, ако Следбениците на Книгата веруваат и ако се плашат, Ние ќе ги отстраниме злите дела од нив и ќе ги воведеме во градини џеннетски, благословени!

66. А да се придржуваа кон Теврат и кон Инџил и кон она што им е објавено од Господарот нивни, сигурно би имале што да јадат од она што расте и од она што никне. Меѓу нив има умерена заедница. Но, она што го работат многу од нив е одбивно.

67. О пејгамберу! Кажувај го она што ти е објавено од Господарот твој. Ако тоа не го направиш, тогаш не си го известил посланието Негово. Аллах те чува од луѓето. Аллах, навистина, не го упатува народот невернички!

68. Кажи: »О следбеници на Книгата! Не сте никакви верници додека не се придржувате кон Теврат и кон Инџил и кон она што ви е објавено од Господарот ваш.« Она што е објавено од Господарот твој ќе ги засили сигурно, кај многу од нив, насилството и неверувањето, но тогаш не очајувај за народот невернички!

69. Оние што веруваат и евреите и Сабејците и христијаните...што веруваат во Аллах и во Денот суден и што работат добри дела…та, тие нема да стравуваат и нема да тагуваат!

70. И Ние веќе го прифативме договорот од синовите Израилови и им испраќавме пејгамбери. И секојпат кога им доаѓаше пејгамбер со она што не им се допаѓаше на желбите нивни.... врз едни лага фрлаа, а други, пак, ги убиваа.

71. Мислеа дека нема да има искушение врз нив; па, беа слепи и глуви. Потоа Аллах им прости. И многу од нив, по тоа, беа пак слепи и глуви. Аллах го гледа она што го работат.

72. Сосем не веруваа оние што велеа:»Аллах, навистина, е Месих, синот на Мерјем.« А, Месих зборуваше: »О синови Израилови! Обожавајте го Аллах – Господарот мој и Господарот ваш!«

На оној што ќе Му припише здруженик, Аллах му го забрани Џеннетот и престојувалиштето негово е – огнот! Неверниците немаат никакви поддржници!

73. Сосем не веруваа оние што зборуваа: »Аллах е еден од тројца.« Нема друг бог освен еден Бог. А, ако не престанат со она што го зборуваат – оние кои не веруваат од нив – за нив ќе има казна болна.

74. Зар не се кајат и не бараат простување од Него? А, Аллах е Простувач и Сомилосен!

75. Месих, синот на Мерјем, е само пејгамбер. И пред него поминаа многу пејгамбери. А неговата мајка беше искрена. И двајцата беа јаделе храна. И погледни како Ние им ги објаснуваме знамењата и погледни како тие кинисуваат!

76. Кажи: »Зар обожавате друг освен Аллах, кој не може да ви донесе ниту штета ниту корист?« Аллах слуша сè и зне сè!

77. Кажи: »О Следбеници на Книгата! Не претерувајте во вашата вера, во она што е спротивно на вистината! И не следете ги желбите на народите што порано скршнаа, а многу натераа да скршнат: и скршнаа најдалеку по лошиот пат.«

78. Оние синови Израилови што не веруваа беа проколнети од Давуд и од Иса, синот на Мерјем. Ете, тоа поради непослушноста нивна и претерувањето нивно:

79. не престануваа во злото што го правеа едни кон други. Е, само колку е лошо она што го работеа!

80. Ти гледаш многу од нив како пријателуваат меѓусебно со неверниците. Е, само колку е лошо она што го подготвуваат за себе! Нека се истури врз нив Аллаховиот гнев и во казната за навек нека останат!

81. Ако веруваат во Аллах и во пејгамберот и во она што им е објавено, – нив немаше да ги земаа за заштитници. Но, мнозината од нив се расипани!

82. Сигурно е дека ќе најдеш меѓу луѓето, евреите, со најсилно непријателство кон оние што веруваат, и оние што Му припишуваат здруженик на Аллах; сигурно е дека ќе најдеш од оние што веруваат најблиски пријатели, оние што велат: »Ние сме христијани!« Тоа, ете поради тоа што меѓу нив има свештеници и монаси, кои, навистина, не се дуваат!

## Џуз 7

83. Кога го слушаат она што е објавено до пејгамберот, ги гледаш како нивните очи ронат солзи поради познанието на вистината. Зборуваат: »Господаре наш, ние веруваме и, тогаш, запиши нè со оние што се посведочени верници!«

84. Зошто да не веруваме во Аллах и во Вистината што ни доаѓа, бидејќи тежнееме, Господаре наш, да нè воведеш со добрите во Џеннетот.

85. Па, Аллах ќе ги награди за она што го зборуваа со градини џеннетски низ кои течат реки и во нив за навек ќе останат. Ете, тоа е награда за добротворите!

86. А, оние што не веруваат и што фрлаат лага врз ајетите Наши, тие се жители џехеннемски!

87. О верници! Не забранувајте ги добрата што ви ги дозволи Аллах и не претерувајте, Аллах, навистина, не ги сака претерувачите!

88. И јадете од благодатот на Аллах што ви го даде, дозволена, чиста храна, и плашете се од Аллах во Кого вие, токму, верувате!

89. Аллах не ве казнува за вашите ненамерни заклетви, но ве казнува за вашите намерни заклетви. Откуп за ова е да се нахранат десет сиромаси со она со што вие ги храните семејствата ваши, или да им купите облека или да ослободите роб. Ако некој нема, тогаш нека пости три дена. Ова е откуп за заклетвите ваши кога ќе се заколнете. Па, тогаш чувајте ги заклетвите ваши. Ете, така Аллах ви ги објаснува ајетите Свои за да бидете благодарни.

90. О верници! Вино, хазардна игра, кумири и гатање на стрелички се лоша постапка на Шејтанот, навистина! Избегнувајте го, тогаш, Шејтанот, за да бидете спасени!

91. Да, Шејтанот посакува да уфрли непријателство и омраза меѓу вас. И со виното и со хазардната игра сака да ве оддалечи од спомнувањето на Аллах и од намазот. Па, зар нема да престанете!

92. И бидете послушни на Аллах и на пејгамберот; бидете претпазливи! А, ако го свртите грбот, знајте дека, навистина, Нашиот пејгамбер е задолжен само да извести јасно!

93. Оние што веруваат и што работат добри дела, тие немаат грев во она што го јадат, зашто се плашат, веруваат и работат добро. А, Аллах ги сака добротворите!

94. О верници! Аллах ќе ве искуша, сосем сигурно, и со дивеч штое на дофат на рацете ваши и на копјата ваши, за Аллах да испита кој се плаши скришно од Него. А кој ќе претера по тоа – та, ќе има болна казна!

95. О верници! Не ловете дивеч додека сте во ихрами. Оној од вас што ќе улови намерно, надоместокот за тоа е еднаков на убиеното: домашно животно што ќе го проценат двајца праведни од вас, и ќе се подари како Курбан на Каба, или откуп со нахранување сиромашни еднакво на вредноста на тоа, или со постење, за да се искуси лошата последица на постапката таква. А, Аллах прости за она што беше. А, кој ќе се врати пак на тоа, па Аллах ќе го казни. Аллах е Силен и Строг!

96. Дозволен ви е ловот во море и неговата храна што е сопственост ваша, вам и на патниците, и да уживате во неа. Но, забранет ви е ловот на земја за сето време додека сте во ихрам. Плашете се од Аллах, зашто кај Него ќе се зберете!

97. Аллах ја определи Каба за Света куќа, место каде ќе се изврши хаџ и умра, и свет месец, и определи курбани, украсени со ѓердани. Ете, за да знаете дека Аллах, навистина, го знае и она што е на небесата и она што е на Земјата. Аллах, навистина, знае сè!

98. Знајте дека Аллах е Силен Казнувач и дека Аллах е Простувач и Сомилосен!

99. Пејгамберот е задолжен само да извести. А, Аллах го знае и она што го обелоденувате и она што го криете!

100. Кажи: »Не се еднакви злото и доброто. Ако те вчудовидува повеќето зло – та, плашете се од Аллах, о вие со разбир надарени, за да бидете спасени!«

101. О верници! Не поставувајте прашања за оние работи кои, ако ви се обелоденат, станува полошо за вас. А, ако поставувате прашања за нив, додека се објавува Куранот, ви се објасну-

ваат. Она од порано ви се прости. Аллах е Простувач и Благ!

102. За нив веќе прашуваа и луѓето што беа пред вас, а потоа осамнуваа како неверници.

103. Аллах не определи ниту да се сечат ушите од камила што донела на свет пет новороденчиња, ниту да се ослободи во име на некој кумир, ниту да се жртвуваат овци кои на свет донеле близначиња петпати, или пак камила, која петпати донела машко на свет. Но, оние што не веруваат, тие фрлаат лага врз Аллах. А мнозината од нив не сфаќаат.

104. И кога ќе им се рече: »Свртете се кон она што го објави Аллах и кон пејгамберот«, – велат: »Доволно е она што го најдовме кај предците наши.« Зар и тогаш кога нивните предци не знаеја ништо и не упатуваа!?

105. О верници! Внимавајте на самите себе. Нема да ви наштети, кога сте упатени, оној што скршнал во заблуда. Прибежиштето на сите вас е – кон Аллах! Па, ќе ве извести за она што го работевте.

106. О верници! Кога некому од вас ќе му се приближи смртта, нека посведочат двајца од вас, и тоа праведни, кога се остава завештание, или двајца, освен вас, ако сте на пат, доколку насетите дека ќе ве снајде смрт. Задржете ги, тогаш, по намазот, ако се сомневате во нив, да се заколнат во Аллах: »Ние нема да ја продадеме заклетвата за никаква цена, па било да се работи за роднина и нема да го криеме сведочењето на Аллах, зашто, тогаш, навистина, би биле грешници!«

107. Ако се открие дека овие двајца навлекле грешка, тогаш нека ги застапат други двајца од

оние на кои им е одземено правото, кои се праведни, и нека се заколнат во Аллах: »Сведочењето наше е поисправно од сведочењето нивно и ние не правиме никаков престап, зашто, тогаш, навистина, би биле неправедни!«

108. Ете, тоа е најсигурен начин на којшто можат да посведочат, на вистински начин, или, пак, се плашат дека заклетвата по тоа ќе ја поништат други нивни заклетви. Плашете се од Аллах и чујте: »Аллах не го упатува народот расипнички!«

109. На Денот кога Аллах ќе ги збере пејгамберите и кога ќе праша: »Дали ви се одзваа?« Пејгамберите ќе одговорат: »Ние ништо не знаеме. Ти си, навистина, Зналец на тајните!«

110. Кога Аллах рече: »О Иса, сине Мерјемин! Сети се на благодатот Мој кон тебе и кон твојата мајка, кога те поддржав со Светиот дух, па разговараше со луѓето во колевка и како зрел маж. И кога те поучив и со Книга, и со Мудрост, и со Теврат, и со Инџил. И кога замеси глина во облик на птица, со одобрението Мое, па дувна во тоа и стана ете, со одобрението Мое, птица; и оздрави слеп и лепрозен, со одобрението Мое; и кога ги оживеа мртвите со одобрението Мое; и кога ги отстранив од тебе синовите Израилови тогаш кога им ги донесе јасните докази од кои, оние што не веруваа, извикаа: – Ова е само јасно волшебништво!«

111. И кога на апостолите им објавив: »Верувајте во Мене и во Мојот пејгамбер!« Тие рекоа: »Веруваме и биди сведок дека ти сме, навистина, послушни!«

112. Кога апостолите рекоа: »О Иса, сине Мерјемин! Зар твојот Господар може да ни спушти

софра од небо?« Иса рече: »Плашете се од Аллах ако сте верници!«

123. Тие рекоа: »Сакаме да јадеме од неа, а срцата да ни бидат смирени, и да знаеме дека вистина ни зборуваше и да бидеме Сведоци за софрата.«

114. Иса, синот на Мерјем, рече: »О Аллаху мој, Господаре наш! Спушти ни софра од небо, да ни биде празник и за првите од нас и за последните од нас, и објави ни знамениј од Тебе. Снабди нѐ, а Ти си од снабдувачите Најдобриот!«

115. Аллах рече: »Ќе ви спуштам софра. Па, оној од вас, по тоа, кој не верува, ќе го казнам, навистина! И тоа со казна со која нема да казнам никого од луѓето.«

116. И кога Аллах ќе рече: »О Иса, сине Мерјемин! Зар им зборуваше на луѓето: – Прифатете нѐ, мене и мајка ми покрај Аллах, за две божества!« Иса ќе рече: »Славата Тебе Ти припаѓа! Не ми доликува да зборувам за она за што немам право. Ако ова го зборував – па, Ти би го знаел тоа. Ти го знаеш она што е во душава моја, а јас не го знам она што е во душата Твоја. Ти си, навистина, Зналец на тајните!«

117. Им го зборував само она што ми го нареди: »Обожавајте го Аллах, Господарот мој и Господарот ваш!« И јас останав нивни сведок, постојано бев со нив, а кога ми ја зеде душава, Ти ги посматраше. Ти си Сведок за сѐ!

118. Ако ги казниш – та, робови се Твои, а ако им простиш – та, Ти си, навистина, Силен и Мудар!

119. Аллах ќе рече: »Овој е Ден во кој искреноста ќе им користи на искрените: за нив има градини низ кои течат реки и во нив за навек ќе останат.« Аллах ќе биде задоволен од нив и тие

ќе бидат задоволни од Него. Ете, тоа е победа голема!

120. Власта и на небесата и на Земјата и во сето она над нив е – Аллахова. Аллах е Кадар за сè!«

# СУРА ЕЛ-ЕН'АМ

## Добиток

Сура 6 - Мекка - 165 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Благодарение на Аллах што ги создаде небесата и Земјата и што ја определи темницата и светлината! Оние што не веруваат, по тоа, изедначуваат други со Господарот нивни!

2. Тоа е Оној што ве создаде од земја, а потоа го определи рокот на живеењето – рокот определен е кај Него, а вие, сепак, се сомневате.

3. И Он е Аллах на небесата и на Земјата; Он го знае она што го криете и она што го обелоденувате; Он го знае сè она што го работите.

4. И не им доаѓаше ниеден ајет, од ајетите на Господарот нивни, а тие да не беа рамнодушни кон него!

5. Кога Вистината им доаѓаше – ете фрлаа лага врз неа. Па, ќе им дојдат известија за она за што се потсмеваа.

6. Зар не гледаа колку поколенија Ние уништивме пред нив? Им дадовме такви места на земја-ва кои вам не ви се дадени: и од небо спуштивме дожд во изобилие и определивме меѓу нив да течат реки и, поради гревовите нивни, ги уништивме и, по нив, други поколенија, создадовме.

7. А, да ти ја објавевме Книгата на хартија и да ја допрат со рацете свои, оние што не веруваат,

сигурно би рекле: »Ова е само волшебништво јасно!«

8. И велат: »Зошто да не му се објавува мелек?« А, Ние мелек да им објавевме, работата ќе беше завршена и потоа не би им се дал рок!

9. И мелек да определевме пак како човек ќе го определевме: пак нејасно ќе им беше она што им е нејасно.

10. И пејгамберите пред тебе беа исмејувани. А, оние што се исмејуваа од нив, токму, ги снајде она за што се исмејуваа.

11. Кажи: »Патувајте по земјата и гледајте каква беше казната за неверниците.«

12. Прашај: »Чие е она на небесата и она на Земјата?« И одговори: »Аллахово е!« Аллах пропиша милост за Себе. На Денот суден, во кој нема сомнение, ќе ве збере. Оние што се упропастија самите себе, тие, токму, не веруваат.

13. Сè што пребива и преку ноќ и преку ден е – Аллахово! Он слуша сè и знае сè!

14. Кажи: »Зар заштитник, освен Аллах, што е Создател на небесата и на Земјата, да земам, Кој храни а не се храни?« Кажи: »Наредено ми е да бидам прв во послушноста.« И никако немој да бидеш меѓу многубошците!

15. Кажи: »Јас се плашам, доколку не бидам покорен на Аллах, од казната на Денот голем!«

16. А, оној што ќе биде поштеден од казната на тој Ден, Он нему му се смилувал. Ете, ова е очигледен успех!

17. Ако те снајде неволја од Аллах, никој, освен Него, не може да ја отстрани, а ако те снајде добро – та, Он е Кадар за сè!

18. И Аллах е Силен. Над робовите Свои е Он. Мудар е Он и Известен!

19. Прашај: »Кој е најголем сведок?« И одговори: »Аллах е Сведок меѓу мене и меѓу вас. И објавен ми е овој Куран да ве опоменувам со него, вас и оние до кои е соопштен.« Зар ќе посведочите дека има, покрај Аллах, навистина, други богови? Кажи: »Не сведочам, Он, навистина, е еден Бог и јас сум, навистина, далеку од вашето припишување здруженик!«

20. Оние на кои им објавивме Книга го знаат Мухаммед како што ги знаат синовите свои. Оние кои си нанесоа штета, тие, токму, не веруваат.

21. Кој прави поголемо зло од оној кој фрла лага врз Аллах или кој ги смета лажни ајетите Негови? Нема да се спасат неверниците, навистина!

22. И Денот во кој Ние ќе ги збереме сите, а потоа оние кои му припишуваа здруженик на Аллах ќе ги прашаме: »Каде се здружениците ваши кои вие ги сметавте за божества?«

23. Потоа за нив нема да има извинување. Само ќе речат: »Се колнеме во Аллах, Господарот наш, ние не бевме многубошци!«

24. Погледни како самите се лажат и колку далеку скршнаа од нив оние што ги измислуваа!

25. Од нив има кои дојдоа да те слушаат, но врз срцата нивни Ние спуштивме перде за да не разбираат, а во ушите нивни, пак, глувост. И секое знамение да го видат, нема да веруваат во него. И кога ќе ти дојдат, се расправаат со тебе. Неверниците зборуваат: »Ова се само измислици на одамнешните!«

26. Тие, забранувајќи им на другите да го следат Куранот, самите се оддалечуваат од него. И

само себе се уништуваат, но ете тоа не го чувствуваат.

27. Е, кога би ги видел исправени пред огнот, како ќе зборуваат: »Тешко нам. Е, кога би биле вратени, не би ги сметале за лажни ајетите од Господарот наш. И ќе бидеме, навистина, верници!«

28. Не, ќе им се покаже она што го криеја порано. И кога би биле вратени, пак ќе се вратеа кон она што им се забрануваше. Лажговци се, навистина!

29. И зборуваат: »За нас животот наш, на овој свет, е единствениот и нема да бидеме оживеани!«

30. Е, кога би ги видел исправени пред Господарот свој, Кој ќе ги праша: »Нели е ова вистината?« Тие ќе одговорат: »Да, се колнеме во Господарот наш!« Аллах ќе рече: »Искусете ја, тогаш, казната затоа што не верувавте!«

31. Веќе пропаднаа оние што ја сметаа за лажна средбата со Аллах! И кога ќе им дојде Часот ненадејно, ќе речат: »Е, жалост наша, што ли пропуштивме во животот!« И ќе го понесат својот товар на својот грб. Е, само колку е лошо она што ќе го натоварат!

32. А, животот на овој свет е само игра и забава. Оној свет, за богобојазливите, е подобар. Зар нема да се вразумите?

33. Ние знаеме дека тебе, навистина, те загрижува она што го зборуваат. Оние, навистина, не те сметаат за лажго, но, силниците не ги признаваат ајетите на Аллах.

34. И пејгамберите пред тебе се сметани за лажговци, навистина! Па беа трпеливи, токму, во она што беа сметани за лажговци, и беа мачени, сè додека не им дојдеше Нашата помош.

И нема никој што може да ги промени зборовите на Аллах. А, веќе ти дојдоа кажувања за пејгамберите!

35. А, ако нивното противење ти отежнува, тогаш, ако можеш побарај отвор во земјата или скалила кон небото, и донеси им знамение некакво. А, кога Аллах би сакал, би ги збрал да одат по патоказот вистински. И немој, никако, да бидеш меѓу оние што не го знаат тоа!

36. А на верата ќе ѝ се одзвијат, навистина, оние што се послушни. И Аллах ќе ги оживее мртвите; потоа Нему ќе му се вратат!

37. Зборуваат: »Зошто да не му се објавува од неговиот Господарот некакво знамение?« Кажи: »Аллах, навистина, е Кадар да објави знамение, но ете, мнозината од нив не знае.«

38. И животните што одат по земјата и птиците што летаат со крилјата, вам ви се слични заедници. И Ние не изоставивме ништо во Книгата. Потоа, кај Господарот нивни, ќе бидат збрани.

39. Оние што ги сметаат за лажни знаменијата Наши, тие се глуви и неми, тие се во темнини. Аллах кого сака скршнува во заблуда од патот вистински, а кого сака управува по патот вистински.

40. Кажи: »Ако ви дојде казна од Аллах или ако дојде крај на светот, зар мислите, ако вистина зборувате, дека ќе се молите на друг освен Аллах?«

41. Не! Само Него ќе Го молите. И Он, ако сака, ќе го открие она за што Го молите, и ќе го заборавите вашето припишување здруженик.

42. Ние, навистина, испраќавме пејгамбери до народите и пред тебе, па ги казнувавме со немаштија и со штети за да се молат понизно!

43. Па, зошто не се молеа понизно кога веќе им доаѓаше казна од Нас? Зашто срцата тогаш им затврднаа и Шејтанот им го разубави она што го работеа во нивните очи.

44. И кога ќе го заборавеа она со што беа опоменувани, Ние ќе им ги отворевме вратите на сите изобилства, и кога ќе се зарадуваа со она што ќе им се дадеше, ќе ги казневме ненадејно и, токму, тогаш остануваа безнадежници.

45. Па, ќе беше уништена секаква трага на луѓето што правеа зулум. Благодарение на Аллах, Господарот на световите!

46. Кажи: »Зар мислите дека, ако Аллах ви го одземе слухот и видот и ако ви ги запечати срцата, има некој друг бог освен Аллах што ќе ви го врати тоа?« Погледни како Ние ги нижиме знамењата, а потоа тие се вртат настрана!

47. Кажи: »Зар мислите дека, ако ви дојде казната на Аллах ненадејно или надејно, ќе пропадне друг, а не народот злосторнички?«

48. Ние ги испраќаме пејгамберите само како радосници и како опоменувачи. Оние што веруваат и што ќе се поправат, тие нема да страдуваат и нема да тагуваат!

49. А на оние што ги сметаат за лажни знамењата Наши, нив, ќе ги погоди казна, зашто беа расипани.

50. Кажи: »Не ви тврдам дека кај мене се ризниците на Аллах, дека ја знам тајната, и не ви тврдам дека сум, навистина, мелек. Јас го следам, секако, само она што ми се објавува.« Кажи: »Зар се еднакви оној што не гледа и оној што гледа? Зошто, тогаш не размислувате?«

51. Опоменувај ги, со она што ти се објавува, оние што се плашат од тоа што ќе бидат збрани

кај Господарот свој, за кои, освен Аллах, нема да има ниту заштитник ниту посредник, – за да бидат богобојазливи!

52. И не одбивај ги оние што Го молат Господарот свој и наутро и навечер. Оние, токму, го посакуваат задоволството на Аллах. Ти нема да одговараш за нивните дела, а и тие нема да одговараат за твоите дела. Па, ако ги одбиеш, ќе станеш еден од неправедните.

53. И Ние, ете така едни со други ги ставаме во искушение за да речат: »Зар се работи за оние на кои Аллах им даде предност меѓу нас?« Нели Аллах ги знае најдобро благодарните!?

54. И кога ќе ти дојдат оние што веруваат во ајетите Наши, кажи: »Нека е мир врз вас!« Господарот ваш си пропиша за Себе милост. Оној од вас што ќе направи грев, не знаејќи, навистина, а потоа ќе се покае и ќе се поправи... та, Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

55. И ете, така Ние потенко ги објаснуваме ајетите за да им стане јасен Показот на силниците!

56. Кажи: »Мене ми е забрането, навистина, да ги обожавам оние што вие, освен Аллах, ги молите.« Кажи: »Не ги следам желбите ваши зашто тогаш, навистина, би скршнал во заблуда и не би бил упатен.«

57. Кажи: »Да, јас сум врз јасноста од Господарот мој, која, вие, ја сметате за лажна! Јас не го поседувам она кон што вие се брзате.« Сета власт е само на Аллах. Аллах зборува вистина. Меѓу толкувачите Он е Најдобриот!

58. Кажи: »Кога би го поседувал она кон што вие се брзате, работата ќе беше решена меѓу мене и меѓу вас.« А, Аллах најдобро ги знае злосторниците!

59. И само кај Него се клучевите на тајната. Неа не ја знае никој освен Него. Он го знае и она што е на копно и она што е во море. Не паѓа ниеден лист, а Он да не го знае; нема ниту зрно во темнините на земјата, ниту што било суво или влажно, а да не е внесено во Книгата јасна.

60. И Он ве успива ноќе и дење, го знае она што го грешите, и потоа ве разбудува за да одлучи за часот определен. Потоа, враќањето е кон Него и, конечно, Он ќе ве извести за она што го работевте.

61. Он е Силен – над робовите Свои е, а ви испраќа чувари. Кога некому од вас ќе му дојде смртта, Нашите пратеници мелеки ќе му ја земаат душата без двоумење.

62. Потоа ќе бидат вратени кај Аллах, Заштитникот нивни вистински. Да, само Нему Му припаѓа Судот. Он, меѓу пресметувачите, е Најбрзиот!

63. Прашај: »Кој ве извлекува од темнините на копното и од морето кога Го молите скришно и кротко?« – »Ако се спасиме од ова, ќе бидеме благодарни!«

64. Кажи: »Аллах ве извлекува од тоа и од секоја неволја, а потоа вие, ете, Му припишувате здруженик!«

65. Кажи: »Он е Кадар да ви испрати казна и над вас и под вас, или да ве подели во дружини и да ја искусите пакоста едни од други.« Погледни како Ние ги нижиме ајетите за да сфатат!

66. И народот твој тоа го сметаше за лажно, а тоа е вистина. Кажи: »Јас не сум ваш закрилник!«

67. И за секое навестување има време определено. И ќе узнаете!

68. И кога ќе ги видиш оние што ги омаловажуваат ајетите Наши, оддалечи се од нив, сè додека не преминат на друг разговор. И ако Шејтанот те наведе да заборавиш, тогаш не седи, по опомената, со луѓето неверници!

69. Одговорноста нивна не паѓа на оние што се богобојазливи, но опомената е: да бидат богобојазливи.

70. Напушти ги оние што ја земаат верата своја за игра и за забава и што ги заведе животот на овој свет! Предупредувај ги со Куранот за да не ја фрлат во пропаст душата со она што ќе го стекнат. Душата, освен Аллах, нема ниту заштитник ниту посредник, и нема да се прими никаква наемнина од неа. Таквите, поради она што го стекнаа, ќе бидат фрлени во пропаст. Бидејќи не веруваа, за нив има горешт напиток и болна казна.

71. Кажи: »Зар ќе молиме друг бог освен Аллах, кој не може ниту да ни користи ниту да ни штети? Зар да бидеме вратени по стапалките наши, поранешни, а веќе Аллах, навистина, нè упати? Зар да бидеме како оној што Шејтанот го заведува на земјава и што останува збунет, а неговите другари го повикуваат кон Патоказот: »Дојди ни!« Кажи: »Патоказот на Аллах, навистина, е – вистинскиот Патоказ. И нам ни е наредено да бидеме послушни на Господарот на световите,

72. и да клањаме намаз и да се плашиме од Аллах. Он, токму, е Оној кај Кого ќе се соберете!«

73. И Он е Оној што ги создаде небесата и Земјата со вистина. И кога Он вели: »Биди!« и – бидува! Говорот Негов е – вистина! Нему Му припаѓа власта на Денот кога ќе се дувне во Рогот. Он

е Зналец на видливото и на невидливото! Он е Мудар и Известен!

74. И кога Ибрахим на бабо му Азар му рече: »Зар ќе ги земеш киповите за божество? Јас, навистина, те гледам, тебе и народот твој, во скршнување очигледно!«

75. И ете така на Ибрахим Ние му ја покажавме власта и на небесата и на Земјата за да биде меѓу уверените.

76. И кога падна ноќ, здогледа ѕвезда, и рече: »Ова е Господарот мој.« И кога ѕвездата зајде, рече: »Не ги сакам оние што заоѓаат!«

77. И кога ја виде Месечината како излегува, повика: »Ова е Господарот мој.« И кога зајде, рече: »Да не ме упатеше Господарот мој, ќе бев, навистина, меѓу скршнатите во заблуда.«

78. И кога го виде Сонцето како изгрева, викна: »Овој е Господарот мој; овој е најголемиот!« И кога Сонцето зајде, рече: »О народе мој, јас немам ништо со она што Му го припишувате, навистина!«

79. Да, јас го управувам лицево мое кон Оној што ги создаде небесата и Земјата, кон вистинската вера. И не сум од оние што Му припишуваат здруженик!

80. И народот негов се расправаше со него. Ибрахим рече: »Зар ќе се расправате со мене затоа што Аллах ме упати?« И јас не се плашам од оние што Му ги припишувате; само се плашам од она што го сака мојот Господар. Мојот Господар ги опфаќа со знаењето сите нешта. Зар не се опаметувате?

81. И зошто да се плашам од она што Му го припишувате како здруженик, а вие, ете не се плашите од вашето припишување здруженик на

Аллах, а за што Он не ви објави никаков доказ? Па, која од двете дружини, ако знаете, има повеќе право да се спаси?

82. Оние што веруваат и што не го мешаат своето верување со многубоштво, тие ќе бидат сигурни. Тие, токму, се упатени!

83. И, еве ова е доказот Наш што му го дадовме на Ибрахим против народот негов. Кого сакаме Ние воздигнуваме на висок степен. Господарот твој, навистина, е Мудар и Зналец!

84. И Ние на Ибрахим му ги подаривме Исхак и Јакуб и двајцата ги упативме. И Нуха, пред тоа, го упативме. И од потомството негово ги упативме: и Давуд, и Сулејман, и Ејуб, и Јусуф, и Муса и Харун. И, ете така, Ние ги наградуваме добротворите!

85. И Зекерија, и Јахја, и Иса, и Илјас – сите беа добри луѓе.

86. И Исмаил, и Елјеса, и Јунус и Лут – сите ги одликувавме над другите!

87. И предците нивни, и потомството нивно и браќата нивни... Ние ги одбравме и ги упативме по патот вистински!

88. Ете, ова е Патоказот на Аллах по кој Он, со волја Своја, упатува кого сака од робовите Свои. А да Му припишеа здруженик, ќе им пропаднеше, навистина, она што го работеа.

89. Тоа се оние на кои Ние им дадовме Книга, мудрост и пратеништво. Доколку тие не веруваат во тоа, Ние, тогаш, со тоа овластуваме луѓе кои, навистина, ќе веруваат.

90. Тоа се оние што Аллах ги упати: следи го, тогаш, упатството нивно! Кажи: »За Куранот

не сакам од вас никаква награда. Тоа е само Опомена за луѓето!«

91. Тие не Го почитуваат Аллах со почит достојна за Него, кога зборуваат: »Аллах не објави ништо на ниеден човек!« Прашај: »Кој ја објави Книгата со која дојде Муса: светлина и патоказ за луѓето, која ја ставате на листови за да ја обелодените, а криете многу од неа, и со која ве поучи во она што не го знаевте, ниту вие ниту предците ваши?« И одговори: »Аллах!« И остави ги, нека се занимаваат со своите лаги!

92. Ова е Книга што Ние му ја објавивме, Благословена, која ја потврдува онаа што е објавена пред неа, и за да ги опоменеш оние во Мека и оние околу неа. Оние кои веруваат во оној свет, тие веруваат во неа, и тие внимаваат на својот намаз.

93. А, кој е поголем неверник од оној што фрла лага врз Аллах? Или што зборува: »Мене ми е објавено,« а нему ништо не му е објавено, или, пак, кој зборува: »Ќе објавам нешто слично на она што го објави Аллах.« Е, само кога би ги видел неверниците кога ќе бидат во смртните маки, а мелеките веќе ги пружаат своите раце кон нив: »Спасете ги душите ваши! Денес одите таму каде што ќе бидете казнети со казна неподнослива поради невистината што ја зборувавте за Аллах и поради тоа што се прчевте во однос на ајетите Негови.«

94. И, навистина, ќе ни доаѓате, поединечно, токму онака како што ве создадовме првпат и зад себе ќе го оставите имотот што ви го дадовме; »Ние не ги гледаме со вас посредувачите, здруженицте за кои вие мислевте дека, навистина,

ќе бидат со вас. Се прекина врската меѓу вас. Оние во кои имавте доверба, тие ги снема!«

95. Аллах, навистина, е Расцепувач на зрната и на голушките. Он вади мртво од живо, и Он вади живо од мртво. Ете, тоа ви е Аллах. Та, каде сте кинисале!?

96. Он е Расцепувач на муграта. Он ноќта ја определи за одмор, а Сонцето и Месечината за сметање на времето. Ете, тоа е одредба на Силниот и Зналецот!

97. Он ви ги определи ѕвездите за да се управувате по нив, низ темнини, и по море, и по копно. Ние, навистина, ги толкуваме знамењата Наши за луѓето што знаат!

98. И Он ве создаде од еден човек, да се настаните на земјата и да се погребите на неа. Ние, навистина, ги толкуваме знамењата за луѓето што сфаќаат!

99. И Он спушта вода од небо, и со нејзина помош, вади, навистина, вид на билки, а од нив вади зеленило од кое, пак, вади густо класје; вади и од урмите и од семето нивно, гроздови лесно берливи, и градини со лозја засадени, а и оние со маслинки, и шипки, плодови слични и различни. Погледнете ги плодовите од сето тоа кои ‘ртат и кои зреат! Ете, во тоа постојат знамења за луѓето што веруваат, навистина!

100. Неверниците на Аллах Му припишуваат здруженици: џинови – а Он ги создаде нив. И оние, без да знаат, Му измислија синови и ќерки. Славен нека е и Возвишен Он. Он е над она со што Го опишуваат!

101. Создател на небесата и на Земјата! Како Он да има дете а нема жена? Он создаде сè! Он знае сè!

102. Ете, тоа е Аллах, Господарот ваш. Нема друг бог освен Него; Создател на сè – та, обожавајте Го! Он е Закрилник на сè!

103. До Него не допираат очите, а Он допира до очите. Он е Сочувствителен и Известен!

104. Веќе ви дојдоа докази од Господарот ваш, навистина! Па, кој ќе погледа – тоа е за него, а кој ќе остане слеп – тоа е против него. Јас не сум ваш чувар!

105. И, ете така, Ние ги толкуваме знамењата за да кажат: »Ти го научи тоа.« И за да им го објасниме Куранот на луѓето што знаат!

106. И следи го она што ти се објавува од Господарот твој. Нема друг бог освен Него! Оддалечи се од оние што Му припишуваат здруженик!

107. Да Аллах сакаше, тие немаше да Му припишуваат здруженик. И Ние не те определивме да бидеш нивни чувар, а ниту нивни закрилник!

108. Не навредувајте ги оние, кои, покрај Аллах, ги молат другите, па и тие, поради незнаење и непријателство, да го навредуваат Аллах. Ние постапките нивни, како и за секој народ, им ги разубавуваме. Потоа кај Господарот свој ќе се вратат и Он ќе ги извести за она што го работеа.

109. Се колнат во Аллах, со најголема заклетва, дека, ако им дојде знамение, ќе веруваат во него! Кажи: »Знамењата се кај Аллах, навистина!« Но и ако им дојдат знамења, ода каде вие знаете дека тие ќе веруваат!

110. И Ние ќе им ги превртуваме и срцата и погледите нивни. Тие нема да веруваат како што не веруваа и првпат. И Ние ќе ги оставиме да талкаат во пакоста нивна!

## Џуз 8

111. И, навистина, да им спуштевме мелеки, и да им зборуваа мртвите и да ги соберевме сите докази против нив, тие и тогаш немаше да веруваат освен со волја на Аллах. Но, мнозината од нив не знае.

112. И ете, така за секој пејгамбер Ние определивме непријатели: шејтани, луѓе и џинови што се воодушевуваат едни со други со лажно разубавување на зборови. А, да сакаше твојот Господарот, тие тоа немаше да го прават. Па, занемари ги, нив и она што го измислуваат,

113. дури и срцата на оние што не веруваат во оној свет да тежнеат кон тоа, и да бидат задоволни со тоа, и да прават грев, кој, токму, го прават.

114. Зар освен Аллах да барам судија? Он, токму, ви објави Книга потенко објаснета. Оние со Книгата што им се објави, знаат дека таа, навистина, е објавена од Господарот твој со вистина. И немој никако да бидеш од оние што се сомневаат!

115. А, Зборот од Господарот твој е исполнет со вистина и со правдина. И не може никој да ги промени зборовите Негови. Он слуша сè и знае сè!

116. Ако ѝ бидеш послушен на мнозината од оние што се на земјата, ќе те скршнат во заблуда од патот на Аллах: следат само сомневање и зборуваат само безмислици!

117. Господарот твој, навистина, е Оној што најдобро ги знае оние што скршнаа во заблуда од патот Негов и Он најдобро ги знае упатените!

118. Па, јадете од она при чие колење е спомнато името на Аллах, ако, навистина, верувате во ајетите Негови.

119. А, зошто да не јадете од она при чие колење е спомнато името на Аллах? Он ви го објасни, навистина, она што ви го забрани, освен, ако сте присилени. Многу луѓе со желбите свои, без знаење, скршнаа други во заблуда. Да, Господарот твој е Оној што најдобро ги знае претерувачите.

120. И напуштете го грешењето, било да е јавно било да е скришно. Оние што ќе направат грев, тие ќе бидат казнети за она што го направија.

121. И не јадете од она при чие колење не е спомнато името на Аллах. Тоа, навистина, е грев. А, шејтаните, пак, ги тераат своите заштитници да се расправаат со вас. Ако им бидете послушни, тогаш, вие, навистина, ќе бидете многубошци.

122. Зар може да биде ист оној што е мртов, и Ние го оживеавме и му определивме светлина по која оди меѓу луѓето со оној што е во темнина и не може да излезе од неа? Ете, така им се разубавува на неверниците она што го работат.

123. И, ете така, Ние определивме во секој град големците да бидат грешници и да сплеткарат во нив. Но, тие само за себе сплеткарат, а тоа не го чувствуваат.

124. И кога ќе им се спуштеше некакво знамение, велеа: »Нема да веруваме сè додека не ни се даде нешто слично на она што им е дадено на пејгамберите на Аллах!« – А, Аллах најдобро знае кому ќе му го определи пратението Свое.

Тие што грешат ќе ги снајде казна жестока и понижување од Аллах. Сè поради сплетките што ги правеа.

125. Па, Аллах кого сака да упати, ќе му ги рашири градите за Исламот. А, Аллах кого сака да скршне во заблуда, ќе му ги стесни градите како да се впрегнуваат да се извишат на небо. Ете, така Аллах ја означува валканоста на оние што не веруваат.

126. И ова е патот на Господарот твој, вистинскиот! Ние, навистина, потенко ги објаснивме ајетите за оние што се опоменуваат!

127. На таквите Куќата на спасот им припаѓа кај Господарот нивни. Он е Заштитник нивни поради она што го работеа.

128. И на Денот во кој Он ќе ги збере сите: »О дружино џиновска! Вие измамивте голем број луѓе.« А, луѓето, заштитници на Шејтанот, ќе речат: »Господаре наш, ние посакувавме уживање едни со други и еве стигнавме до часот што ни го определи!« Он ќе рече: »Огнот е – престојувалиштето ваше; таму за навек ќе се остане освен по волјата на Аллах.« Господарот твој, навистина, е Мудар и Зналец!

129. И, ете така, Ние им ја даваме власта на неверниците наизменично поради она што го направија.

130. О дружино на џинови и луѓе! Зар не ви доаѓаа пејгамбери, меѓу вас, кои ви ги кажуваа знаменијата и кои ве опоменуваа за Средбата на овој ваш Ден? Ќе одговорат: »Сведоци сме против самите нас.« Ги излажа животот на овој свет; ќе сведочат против самите себе, дека, навистина, беа неверници.

131. Ова е затоа што твојот Господар немаше да ги уништи градовите поради неправдата, а пред тоа да не ги предупредеше жителите нивни и тие да не беа рамнодушни.

132. И за сите ќе има степени за она што го работеа. И твојот Господар не е невнимателен кон она што го работат!

133. И твојот Господар е Богат и Сопственик на милоста. Ако Он сака, ќе ве отстрани и, по вас, ако посака, ќе донесе наследници, токму, онака како што ве создаде од потомството на другите народи!

134. Она со што ви се заканува ќе дојде, навистина! Немоќни сте пред тоа!

135. Кажи: »О народе мој! Работете на вашите места, а и јас, навистина, ќе работам!« Па, ќе узнаете кој ќе биде среќен во Домот; зулумќарите, навистина, нема да успеат!

136. И тие на Аллах Му определуваат дел од она што Он го создаде, и од летнината и од добитокот, велејќи: »Ова е Аллахово,« како замислуваат, »а ова е за божествата наши.« А, она што е од божествата нивни не стигнува до Аллах, а она што е за Аллах, стигнува до божествата нивни. Е, само колку е лош начиној на кој просудуваат!?

137. И така шејтаните им го разубавија кај многу многубошци убивањето на нивните деца за да ги упропастат и да им ја искриват верата. А, да сакаше Аллах, тоа немаше да го прават. Напушти ги, нив и она што го измислуваат!

138. И зборуваат: »Овие животни и летнини се забранети. Можат да ги јадат само оние за кои ние сакаме« – како замислуваат – и од живот-

ните чие јавање е забрането и од животните при чие колење не се спомнува името на Аллах, така лажејќи. И ќе бидат казнети затоа што измислуваа лаги!

139. И зборуваат: »Она што е во утробите на овие животни, тоа е дозволено за мажите наши, а забрането е за жените наши.« А, ако е тоа мртво животно – здружени се во тоа. А, Аллах ќе ги казни поради таквите нивни тврдења. Он, навистина, е Мудар и Зналец!

140. Пропаднаа, навистина, оние што ги убиваа децата свои не знаејќи, поради безумието, што прават; и што го забрануваа она со што ги снабде Аллах. Фрлаа лага врз Аллах, скршнаа и не беа упатени.

141. И Он е Оној што создаде градини загради-ни и градини не загради, и урми, и посеви со вкусови различни, и маслинки и шипки, еднакви и нееднакви. Јадете ги плодовите нивни кога ќе дадат плод, и снабдете ги, на денот на бербата, оние што имаат право на тоа. Не претерувајте! Аллах, навистина, не ги сака претерувачите!

142. Има животни што носат товари и што се колат. Јадете од добрата што ви ги даде Аллах и не следете ги стапалките на Шејтанот. Тој, навистина, ви е отворен непријател!

143. Ви подари осум парови добиток: пар овци и пар кози. Кажи: »Машките ли се тие што Он ги забрани или се, пак, тоа женките, или се, пак, тоа оние што се во утробите? Кажете ми, доколку знаете, ако вистина зборувате!«

144. Пар камили и пар крави. Кажи: »Машките ли се тие што Он ги забрани или, пак, тоа се женките што Он ги забрани или се, пак, тоа оние што се во утробите на женките?« Или: »Бевте

ли присутни кога Аллах ви го пропиша ова?« А кој е поголем зулумќар од оној што фрла лаги врз Аллах пред луѓето, кој, без знаење, ги скршнува во заблуда? Аллах, навистина, не го упатува народот злосторнички!

145. Кажи: »Не наоѓам во она што ми се објавува ништо забрането, за никого, освен мртво животно или крв што тече или свинско месо, – ова, навистина, е гнасно или одбивно, – или нешто при чие колење не е спомнато името на Аллах.« А не и оној што е присилен, не сакајќи го тоа и не поминувајќи преку потребното – та, Господарот твој, навистина, е Простувач и Сомилосен!

146. На евреите им ги забранивме сите животни што имаат копита или канџи, а од кравите и бравчињата им го забранивме лојот, а не и она што е нараснато на грбот нивни, или, пак, на цревата или, пак, она што е помешано со коски. И ете, Ние ги казнивме поради насилството нивно и Ние сме, навистина, искрени!

147. Ако те сметаат за лажливец, кажи: »Господарот ваш поседува милост неизмерна, а строгоста Негова нема да биде отстранета од народот силнички.«

148. Оние што му припишуваат здруженик на Аллах ќе речат: »Да сакаше Аллах, ние немаше да Му припишувавме здруженик, а ниту предците наши и ништо немаше да си забраниме.« Ете, така лажеа и оние пред нив сè додека не ја искусија строгоста Наша. Кажи: »Зарем знаете? Обелоденете ни го вашето знаење! Вие следите само сомневање и само лажете!«

149. Кажи: »Доказот јасен е – Аллахов! Па, кога би посакал, сите би ве упатил.«

150. Кажи: »Приведете ги сведоците ваши што ќе посведочат дека Аллах, навистина, го забрани ова.« Па, ако посведочат, ти не сведочи со нив, а не следи ги ни желбите на оние што ги сметаат за лажни ајетите Наши, и оние што не веруваат во оној свет, и што, токму, го изедначуваат својот Господар со други.

151. Кажи: »Дојдете! Ќе ви го кажам она што ви го забрани Госаподарот ваш«: да не Му припишувате здруженик, да им правите добро на родителите, да не ги убивате децата ваши поради немаштија зашто Ние ви даваме храна и вам и ним..., не приближувајте се кон срамните работи било да се јавни или тајни, и не убивајте човек за кого Аллах забрани такво нешто освен по правда. Ете, тоа ви го одреди да биде така, за да се вразумите.

152. И не приближувајте се до имотот на сиракот, освен онака како што треба, сè додека не стане полнолетен и мерете и вагајте праведно. Ние не оптоваруваме никого над неговата можност. И кога ќе зборувате, бидете праведни, па дури да се работи и за ваш роднина. И исполнете го ветувањето кон Аллах. Ете, тоа ви го определи да биде така, за да се опоменете!

153. Овој мој пат, навистина, е вистинскиот пат – та, следете го! Не следете ги другите патишта, за да ве оддалечат од Неговиот пат. Ете, ви го остави тоа да биде така, за да бидете богобојазливи!

154. Потоа на Муса му објавивме Книга, за да го надополниме доброто за оние што ќе прават добро, Книгата е и објаснување за секоја работа, и патоказ, и милост за да веруваат во Средбата со својот Господар!

155. И ова е Книга што Ние ја објавивме, благословена; следете ја, тогаш, и бидете богобојазливи; Аллах, можеби, ќе ви се смилува!

156. И да не кажете: »Книгата, навистина, е објавена до два народа пред нас и ние не можеме да ја читаме како што тие ја читаат.«

157. Или да не кажете: »Да ни беше Книгата објавена, ќе бевме поупатени од нив.« И ви дојде објаснување, навистина! Од Господарот ваш. И патоказ и милост. Па, кој е поголем злосторник од оној што фрла лага врз ајетите на Аллах, кој им го врти грбот? Ќе ги казниме, оние што им го вртат грбот на ајетите Наши, со тешка казна!

158. Зар чекаат да им дојдат мелеки или да им дојде Господарот твој или да дојде некој ајет од Господарот твој? На Денот кога ќе дојдат некои знаменија од Господарот твој, верувањето, никому нема да му користи, ако од порано не верувал или ако со своето верување не направил некакво добро. Кажи: »Очекувајте! Ние, навистина, очекуваме!«

159. Ти воопшто не учествуваш со оние што ја разделија својата вера и што се претворија во странки. Работата нивна е во надлежност на Аллах, а потоа Он ќе ги извести за она што го работеа.

160. Кој ќе дојде со добро, му припаѓа десетократна награда, а кој ќе дојде со зло, му припаѓа казна еднаква на тоа. Всушност, нема да бидат оштетени.

161. Кажи: »Мене, навистина, ме упати Господарот мој по патот вистински, кон вистинската вера, чистата вера на Ибрахим. Тој не беше многубожец!«

162. Кажи: »И намазот мој, и жртвата моја, и животот мој, и смртта моја се – Аллахови, навистина, од Господарот на световите!«

163. А Он нема Свој здруженик! Ете, тоа ми е наредено и јас сум прв меѓу послушните!

164. Кажи: »Зар ќе барам друг господар освен Аллах?« А Он е Господарот на сè. Секој што ќе спечали, тој за себе ќе спечали: секој ќе си го понесе своето бреме. Потоа враќањето ваше води кон Господарот ваш и ќе ве извести за она поради што станавте деленици.

165. И Он е Оној што ве определи да се наследувате едни други на земјата и што ве воздигна, со степени, едни над други, за да ве испроба во она што, токму, ви го даде. Господарот твој, навистина, е Брз Казнувач и Он, навистина, е Простувач и Сомилосен!

# СУРА ЕЛ-А'РАФ

## Бедеми

Сура 7 - Мекка - 206 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

**Елиф, Лам, Мим, Сад!**

1. Книга што ти се објавува! Па, нека не ти се стеснува во градите твои поради неа, за да не опоменуваш со неа. Опомена за верниците:

2. следете го она што ви се објавува од вашиот Господар и не следете, освен Него, други заштитници! Ете, вие малку се опоменувате!

3. И колку градови Ние уништивме! До нив, тогаш, ќе дојдеше Нашата казна додека нивните жители се одмараа ноќе или додека отседнуваа дење.

4. Ништо не можеа да прозборат, кога ќе им дојдеше Нашата казна, освен што ќе речеа: »Ние бевме, навистина, злосторници!«

5. Ние ќе ги повикаме на одговорност оние на кои им се испратени пејгамбери, а ќе ги повикаме на одговорност и пејгамберите, навистина!

6. И потоа, сигурно, Ние ќе им го кажуваме сето тоа, според Наше знаење, зашто, навистина, не бевме отсутни!

7. И на тој Ден ќе се мери праведно на вага. И оние чии ваги со добри дела ќе натегнат, тие ќе бидат спасени!

8. А, оние чии добри дела нема да натегнат на вагите, тие ќе страдаат зашто ајетите Наши не ги признаваа.

9. И Ние веќе ве сместивме на земјата и ви определивме животни намирници на неа. Ете, малку се заблагодарувате.

10. И, Ние ве создадовме; ви дадовме изглед, потоа им рековме на мелеките: »Поклонете му се на Адем!« – Сите се поклонија, а Иблис не се поклони. Не беше меѓу оние што се поклонија.

11. Аллах праша: »Што те спречи, па да не се поклониш кога веќе ти наредив?« Иблис одговори: »Јас сум подобар од него. Мене ме создаде од оган, а него го создаде од глина.«

12. Аллах нареди: »Слегувај од него, тогаш! Не ти доликува да се прчиш во Џеннетот. Излегувај, ти си, навистина, понижен! «

13. Иблис рече: »Дај ми рок до Денот во кој ќе бидат оживеани.«

14. Аллах рече: »Ти си, навистина, меѓу оние на кои им е даден рок.«

15. Иблис рече: »Но затоа што одреди да паднам во заблуда, јас, сосем сигурно, ќе им поставувам стапици на Твојот вистински пат.

16. Потоа ќе им приоѓам пред нив и зад нив, и од нивната лева страна и од нивната десна страна и ќе ги најдеш, мнозината од нив, неблагодарни.«

17. А, Аллах нареди: »Излези од него, понижен и отфрлен! Со оние што те следат од нив, и со оние од вас, и со сите тие, ќе го исполнам Џеханнемот, навистина!«

18. О Адем! Живејте ти и жената твоја во Џеннет и јадете од каде што сакате и не приближувајте се до ова дрво зашто ќе направите грев за себе!

19. Па, Шејтанот им шепна за да им го открие она што им беше скриено еден на друг, нивните срамни места, и рече: »Господарот ваш ви го забрани ова дрво, за да не станете мелеки или за да не бидете бесмртни;« –

20. и Иблис им се колнеше: »Јас сум, навистина, ваш советник.«

21. И ги заведе со измамата. Кога вкусија од дрвото, им се покажаа нивните срамни места и почнаа да ги покриваат со џеннетско лисје. И Господарот нивни им рече: »Нели ви го забранив дрвото и нели ви реков дека Шејтанот, навистина, е ваш отворен непријател!«

22. Тие рекоа: »Господаре наш, самите направивме зло за себе и ако не ни простиш и ако не ни се смилуваш, ќе бидеме, навистина, поразени.«

23. Аллах рече: »Слегувајте! Ќе бидете непријатели едни на други. Земјата ќе ви биде утврдувалиште и место за уживање до едно определено време.«

24. Аллах рече: »На земјата ќе живеете и на неа ќе умрете и од неа ќе бидете оживеани!«

25. О синови Адемови! Ние ви испративме облека, навистина, за да ги покриете вашите срамни места, и одела, но облеката на богобојазливоста, всушност, е најдобрата. Ете, тоа е едно од знаменијата на Аллах, за да се опоменат.

26. О синови Адемови! Нека не ве заведе Шејтанот онака како што ги изведе од Џеннетот вашите родители, поттикнувајќи ги да ја симнат облеката, за да им ги покаже срамните места. Шејтанот и неговата дружина, навистина, ве гледаат отаде од кадешто вие не ги гледате. Ние ги определивме шејтаните да бидат пријатели на оние што не веруваат.

27. И кога ќе направат некакво срамно дело, велат: »Ние ги затекнавме родителите наши како го прават тоа и Аллах ни го нареди тоа.« Кажи: »Аллах, навистина, не наредува срамно дело. Зар ќе го зборувате за Аллах она што не го знаете!?«

28. Кажи: »Господарот мој ми нареди праведност.« И управете ги лицата ваши предано, при секој намаз, кон Него, молејќи Го, чисто исповедувајќи ја верата Негова; како што ве создаде првпат, така и ќе ве оживее по смртта.

29. Едни ги упатуваше, а други, со право, ги оставаше во заблуда: овие, навистина, ги земаа шејтаните за заштитници место Аллах, мислејќи, навистина, дека се упатени!

30. О синови Адемови! Облечете се свечено за секој намаз, јадете и пијте, но не претерувајте. Аллах, навистина, не ги сака претерувачите!

31. Прашај: »Кој ги забрани накитите на Аллах што Он ги вади за робовите Свои и добрата на богатството?« Одговори: »Овие се на овој свет за оние што веруваат, а особено на оној свет.« Ете, така Ние ги објаснуваме знамењата за луѓето што знаат.

32. Кажи: »Господарот мој, навистина, забрани: срамни дела било да се јавни било да се тајни, и грев, и сила бесправно, и да Му здружувате нешто на Аллах, а за тоа не објави Он никаков доказ, и да го зборувате за Аллах она што не го знаете!«

33. И секој народ има определен рок. Па, кога ќе дојде нивниот определен рок... та, нема да можат да го задоцнат ниту за миг, а ниту да го забрзаат.

34. О синови Адемови! Ќе ви дојдат пејгамбери од вас што ќе ви ги кажуваат знамењата Мои – та, оние што ќе се плашат и што ќе се поправат, тие нема да стравуваат и нема да тагуваат.

35. А оние што ќе ги сметаат за лажни знамењата Наши и што дрско ќе се вртат од нив, тие ќе бидат жители на огнот и во него за навек ќе останат.

36. Па, кој прави поголемо зло од оној што фрла лага врз Аллах или што ги смета за лажни ајетите Негови? Тие ќе си го добијат својот дел определен во Книгата. А, кога ќе им дојдат Нашите пратениците мелеки, за да ги земаат душите нивни , ќе ги прашуваат: »Каде се оние на кои, освен Аллах, се молевте?« Ќе одговорат: »Ни се изгубија.« Да, против самите себе ќе сведочат дека, навистина, беа неверници!

37. Аллах ќе нареди: »Влезете во огнот заедно со народите што беа пред вас и што пропаднаа, и со луѓето и со џиновите.« И секојпат кога ќе влезе еден народ, ќе го проколнува нему сличниот; и кога ќе се најдат во него заедно, потчинетите на властодршците ќе им речат: »Господаре наш, овие нè скршнаа во заблуда и дај им, тогаш, двојна казна огнена.« Аллах ќе рече: »За сите има двојна казна, но, ете не знаете!«

38. И потчинителите на потчинетите ќе им речат: »Не сте подобри од нас во ништо! И вие вкусете ја казната за она што го направивте!«

39. Да, оние што ги порекнуваа ајетите Наши и што се вртеа дрско од нив, ним, нема да им бидат отворени вратите небесни; попрво камилата би поминала низ иглени уши отколку тие што ќе влезат во Џеннет. Ете, така Ние ќе ги казниме силниците!

40. За нив има огнени лежаи и огнени покривки. Ете, така ќе ги казниме неверниците!

41. Оние што веруваат и што работат добри дела – а Ние никого не оптоваруваме над можноста негова – тие се жители џеннетски и во него за навек ќе останат.

42. Ние ќе ја отстраниме омразата од градите нивни. Ќе течат реки под нив, и ќе речат: »Благодарение на Аллах што нè упати по патот вистински. Да не нè упатеше Аллах, немаше да бидеме, навистина, упатени.« И веќе им доаѓаа пејгамбери со вистината од Господарот наш, и ќе им се рече: »Тоа ви е Џеннетот што го наследивте поради она што, токму, го работевте!«

43. Џеннетските жители на џехеннемските жители ќе им се обраќаат: »Го најдовме вистински она што ни го вети Господарот наш! А дали, пак, вие го најдовте вистински она со што ви се закани Господарот ваш?« Тие ќе речат: »Да!« Па, гласникот меѓу нив ќе возгласи: »Проклетството на Аллах нека е врз неверниците!«

44. Оние што одвраќаат од патот на Аллах и што настојуваат да го искриват, тие, токму, не веруваат во оној свет.

45. Ќе има перде меѓу нив, а на бедемите ќе има луѓе што ќе ги познаваат луѓето по изгледот нивни. На жителите џеннетски ќе им возгласат: »Нека е мир и спас врз вас!« – додека не се влезени, а одвај ќе чекаат да влезат во него.

46. И кога погледите нивни ќе бидат свртени кон жителите на огнот, ќе речат: »Господаре наш, не задржувај нè со народот неправеден!«

47. И жителите на бедемите ќе ги повикуваат луѓето што ќе ги познаваат по изгледот нивни и ќе речат: »Ниту вашето собирање богатство

ниту вашето прчење нема да ви користат за ништо!«

48. Зар се работи за оние за кои се колневте дека нема да ги опфати милоста на Аллах? Влезете во Џеннет! Вие нема да стравувате и нема да тагувате.

49. И жителите џехеннемски на жителите џеннетски ќе им се обратат: »Посипајте нѐ со вода или со некаков благодат што ви ги даде Аллах.« Тие ќе им одговорат: »Аллах, навистина, го забрани ова за неверниците!«

50. Оние што ја прифаќаат верата своја за игра и за забава и што ги завел животот на овој свет... па, ќе ги заборавиме денес онака како што тие заборавија на Средбата на овој нивни Ден и ги порекнуваа ајетите Наши.

51. Ние и на овие им дадовме Книга во која, навистина, го објаснивме знаењето во целост: патоказ и милост за луѓето што веруваат!

52. Зар не очекуваат да се овистини заканата во Куранот? На Денот кога ќе се овистини заканата на Куранот, тие кои заборавиле на тоа од порано ќе речат: »Ви доаѓаа пејгамбери со вистина од Господарот наш. Зар имаме, тогаш, посредници што ќе се заземат за нас или, пак, да бидеме вратени, па да работиме поинаку од она што го работевме?« Навистина, за себе ќе си наштетат и ќе се оддалечат од нив оние што ги измислуваа.

53. Господарот ваш, навистина, е Аллах што ги создаде небесата и Земјата за шест дена, а потоа загосподари со вселената. Он го покрива денот со ноќ, а ноќта веднаш го бара денот. И Сонцето и Месечината и ѕвездите... се потчинети на наредбата Негова. Создавањето и Наредбата се

– само Негови! Славата Му припаѓа на Аллах, Господарот на световите!

54. Молете го Господарот ваш кротко и скришно! Он, навистина, не ги сака претерувачите!

55. И не правете безредие на Земјата по веќе воспоставениот ред на неа! Молете Го бојазливо и стремежливо. Милоста на Аллах, навистина, е блиску до добротворите.

56. И Он ги испраќа ветровите како радосница пред да дојде милоста Негова: кога ќе ги понесат тешките облаци, Ние ги управуваме кон мртвиот предел, па спуштаме вода со нив, со чија помош, тогаш, вадиме секакви плодови. Ете, така Ние ќе ги оживееме мртвите, за да се опоменете!

57. Убавиот предел ги вади своите плодови со одобрението од својот Господар, а оној што е нечист и тој дава плод, но многу тешко. Ете, така Ние ги распоредуваме знамењата за луѓето кои се заблагодаруваат.

58. И Нуха, навистина, го испративме до народот негов и рече: »Народе мој, обожавајте Го Аллах. Немате друг бог освен Него. Јас за вас, навистина, се плашам од казната на Денот голем!«

59. Големците од народот негов рекоа: »Да, ние сметаме дека си, навистина, во очигледна заблуда!«

60. Нух рече: »О народе мој! При мене нема никаква заблуда; јас сум, навистина, пејгамбер од Господарот на световите!«

61. Ви ги известувам пратенијата од Господарот мој и ве советувам. Примам знаење од Аллах за она за што вие не знаете!

62. Или, пак, се чудите што ви дојде опомена од Господарот ваш, преку еден ваш човек, за да ве опомене: да бидете богобојазливи... за Он да ви се смилува.

63. Па, луѓето го сметаа за лажливец. А, него и оние кои беа со него, Ние ги спасивме во бродот, а оние кои фрлаа лага врз знамењата Наши, нив, ги потопивме. Беа слепи луѓе, навистина!

64. И до Ад Ние го испративме Худ, братот нивни, кој рече: »О народе мој! Обожавајте Го Аллах. Немате друг бог освен Него. Зар нема да бидете богобојазливи?«

65. Големците од народот негов, кои не веруваа, рекоа: »Ние, навистина, сме при мислење дека си безумник и држиме дека си лажливец!«

66. Худ рече: »О народе мој! Нема безумност при мене; јас сум, навистина, пејгамбер од Господарот на световите!

67. Ви ги известувам посланијата од Господарот мој и доверлив сум ви советник, испратен до вас.«

68. Или се чудите што ви дојде опомена од Господарот ваш, преку еден човек од вас, за да ве опомене. Сетете се кога Он, по народот Нухов, ве определи за наследници едни на други и кога го зголеми вашиот обемен раст. Па, сетете се на благодатите на Аллах за да се спасите!

69. Тие рекоа: »Зар ни дојде со цел да го обожаваме Аллах, само Него, а да го напуштиме она што го обожаваа нашите предци? Ајде нека се оствари еднаш она со што ни се закануваш ако вистина зборуваш!«

70. Тој рече: »Паднаа врз вас, од Господарот ваш, зло и гнев. Зар ќе се расправате со мене за ими-

ната со кои ги именувавте, вие и предците ваши, оние за кои Аллах не објави никаков доказ? Очекувајте, и јас, навистина, ќе очекувам со вас!«

71. Тогаш Ние ги спасивме со Милоста Наша, него и оние со него. А оние што фрлаа лага врз ајетите Наши и што не беа верници, нив, целосно ги истребивме.

72. И до Семуд го испративме Салих, братот нивни. Салих рече: »О народе мој! Обожавајте Го Аллах; немате друг бог освен Него. Навистина, ви дојде објаснување од Господарот ваш. Оваа камила е знамение од Аллах за вас. Оставете ја да пасе по земјата Аллахова и не правете ѝ никакво зло, за да не ве погоди казна болна.«

73. Сетете се кога Он, по Ад, ве определи за наследници едни на други, и кога ве насели на земјата низ чии рамнини подигавте дворови, а на ридовите палати. Сетете се на благодатите на Аллах и не ширете по земјата безредие како што шират безредниците!

74. А, големците, кои се прчеа од народот негов спрема оние што веруваа, што ги сметаа слаби, ги прашаа: »Од каде знаете дека, навистина, Салих е испратен од Господарот негов?« Тие одговорија: »Ние веруваме во она со што е испратен!«

75. Оние што се држеа највисоко, рекоа: »Ние, навистина, не веруваме во она во што вие верувате!«

76. Па, ја заклаа камилата и се оддалечија од наредбата на Господарот свој, и рекоа: »О Салих! Ајде де нека ни се случи она со што ни се закани ако си пејгамбер!«

77. И тогаш ги шибна земјотрес; останаа во домовите свои, скаменети!

78. Па, Салих се оддалечи од нив и рече: »О народе мој! Ви го известив само посланието од Господарот мој и ве посоветував. Но, ете вие не ги сакате советувачите!«

79. И Лут го испративме; кога рече: »О народе мој! Зар правите срамно дело што никој пред вас не го правеше на светов?«

80. Да, вие место кон жените приоѓате страстно кон мажите. Ете и вие сте народ расипнички.

81. Народот негов, одговарајќи, рече: »Истерајте ги од населбите ваши. Тоа се, навистина, луѓе што сакаат да бидат чисти од гревови!«

82. Па, Ние, него и семејството негово, освен жена му, ги спасивме. И таа беше меѓу оние што беа покриени со прашина.

83. И падна голем дожд врз нив – та, погледни каква беше завршницата врз силниците!

84. И до Медјен Ние го испративме Шуајб, братот нивни. Тој рече: »О народе мој! Обожавајте Го Аллах; немате друг бог освен Него. Навистина, ви дојде објаснување од Господарот ваш. Мерете и вагајте праведно и не откинувајте им на луѓето од стварите нивни; не сејте безредие по земјата, по веќе воспоставениот ред на неа. Ете, тоа е подобро за вас ако сте верници!«

85. Не поставувајте заседа на пат, загрозувајќи и одвраќајќи ги од патот на Аллах, оние што веруваат во Него, сакајќи да го искривите. Сетете се кога бевте малкумина, па Он ве размножи. Погледнете каква беше казната за безредниците!

86. Ако една дружина меѓу вас верува во она со што сум испратен, а друга не верува – та, стрпете се додека Аллах не пресуди меѓу нас. Он е меѓу судиите Најдобриот!«

## Џуз 9

87. Големците меѓу неговиот народ, кои се прчеа, рекоа: »О Шуајб! Или ќе те истераме од нашиов град со оние што веруваат или, пак, сигурно, ќе те вратиме во нашата вера.« Шуајб рече: »Зар и тогаш кога таа вера е одбивна?

88. Така, ако се вратиме во вашата вера, откако Аллах нè спаси од неа, тогаш ние би го порекнувале Аллах. Не ни доликува да и се вратиме на таа вера освен ако Аллах, Господарот наш, не го посака тоа. Господарот наш, со знаењето, ги опфаќа сите нешта. Се потпираме на Него. Господаре наш, пресуди праведно меѓу нас и меѓу народот наш, зашто Ти си, меѓу судиите, Најдобриот!«

89. Големците од неговиот народ, кои не веруваа, рекоа: »Ако го следите Шуајб, тогаш, навистина, ќе бидете поразени!«

90. И тогаш ги шибна земјотрес, па останаа во домовите свои, скаменети!

91. Оние што го сметаа Шуајб за лажго – тоа ништо не им вредеше. Оние што го сметаа Шуајб за лажго беа, токму, поразени.

92. И тој тогаш се сврти од нив и рече: »О народе мој! Ви ги доставив посланијата од Господарот мој и ве посоветував. Тогаш, зошто да се жалостам поради народот неверници!?«

93. И Ние не испративме ниеден пејгамбер во некој град, а жителите негови да не ги засегнавме со несреќа и со неволја, за да се покајат.

94. Потоа Ние несреќата ја заменивме со добро, додека се размножија, и рекоа: »И нашите предци ги снаоѓаше несреќа и неволја .« И, тогаш Ние ги казнивме ненадејно без да насетат.

95. А да веруваа жителите на градовитет и да беа богобојазливи, ќе им отворевме бериќети и од небото и од земјата, но порекнуваа, и заради она што го стекнаа, Ние ги казнивме.

96. Па, сигурни ли се жителите од градовите дека нема да ги шибне несреќа од Нас додека се во домовите, спиејќи,

97. или, пак, сигурни ли се жителите на градовите дека нема да ги шибне несреќа сред бел ден, одека се забавуваат?

98. Па, зар можат да бидат безбедни од казната на Аллах? Од казната на Аллах мислат дека се безбедни само луѓето што ќе бидат поразени!

99. Зар не им е јасно на оние што ја наследуваат земјата, по оние кои живееја на неа, дека, доколку сакаме, ќе ги казнимеа поради гревовите нивни и дека ќе ги запечатиме срцата нивни, и така нема да го слушнат упатството?

100. Ете, тоа се градови за чии случки Ние ти кажуваме. Им доаѓаа, навистина, пејгамбери со јасности, но не сакаа да веруваат во она што го порекнуваа порано. Ете, така Аллах ги запечатува срцата на неверниците!

101. Ние не најдовме ништо од Договорот кај мнозината од нив, а, сосем сигурно, видовме дека мнозината од нив се расипани.

102. И по нив, потоа, го испративме Муса со знамењата Наши, до фараонот и до големците што беа со него... па, зулум направија. Тогаш, погледни каква беше казната за безредниците!

103. И Муса рече: »О фараоне! Јас сум, навистина, пејгамбер од Господарот на световите!

104. Задолжен сум да зборувам за Аллах само вистина. Ви дојдов со објаснување од Господарот ваш. Па, испрати ги со мене синовите Израилови!«

105. Фараонот рече: »Ако си дојден со знамение, тогаш, покажи го, ако вистина зборуваш!«

106. И тогаш го фрли Муса својот стап и ете, очигледно, тој стана змија!

107. И ја извади раката и таа, ете, за гледачите, стана бела.

108. Големците од народот на фараонот, рекоа: »Овој, навистина, е волшебник зналец,

109. и посакува да ве истера од земјата ваша, и што имате да предложите?«

110. Тие рекоа: »Задржи ги, и него и брат му, и испрати по градовите да се соберат;«

111. ќе ти дојдат со сите вешти волшебници.

112. И му дојдоа волшебниците на фараонот и прашаа: »Зар ќе бидеме наградени, навистина, ако победиме?«

113. Тој одговори: »Да, ќе бидете наградени со тоа што ќе бидете во моја близина!«

114. Тие прашаа: »О Муса! Или ти да фрлиш или, пак, ние да фрлиме?«

115. Тој одговори: »Фрлете вие!« И бидејќи фрлија, очите на луѓето им маѓепсаа, се исплашија; изведоа волшебништво големо.

116. И на Муса му вдахнавме: »Фрли го стапот!« И стапот негов, ете, го проголта сето она што тие го изведоа.

117. Па, ете се случи вистината и бидна ништожно она што волшебниците го направија.

118. И тогаш тие беа победени и останаа понижени.

119. И волшебниците се фрлија со лицата свои на земја,

120. и рекоа: »Ние веруваме во Господарот на световите!

121. Господарот на Муса и на Харун!«

122. И фараонот ги праша: »Зар ќе поверувате во тоа пред да ви дозволам? Тоа е една сплетка, навистина, со која ги сплеткавте во градот, за да ги истерате жителите од него. Е па, ќе узнаете!

123. Ќе ви ги испосечам рацете ваши, сосем сигурно, и нозете ваши, вкрстени одзади, а по тоа сите ќе ве распнам.«

124. Тие рекоа: »Ние, навистина, се управуваме кон Господарот наш!

125. Ти ни замеруваш поради тоа што поверувавме во знаменијата од Господарот наш, кои, навистина, ни дојдоа. Господаре наш, дај ни стрпливост и овозможи ни да умреме како послушни.«

126. И големците од народот фараонов, прашаа: »Зар ќе му овозможите на Муса и на неговиот народ да сеат безредие на земјава, да те напуштат тебе и божествата твои?« Тој одговори: »Ќе ги испотепам синовите нивни, а ќе ги оставам во живот ќерките нивни зашто, навистина, нашата моќ е над нивната моќ.«

127. И Муса му рече на народот свој: »Барајте помош од Аллах и бидете стрпливи. Земјата, навистина е – Аллахова! Со волја Негова, од робовите Негови, ја наследуваат: тоа е награда за богобојазливите!«

128. Тие рекоа: »Бевме прогонувани и пред да ни дојдеш и по доаѓањето твое.« Тој рече: »Госпо-

дарот ваш, можеби, ќе го уништи непријателот ваш и ќе ве постави за наследници на земјата, па тогаш ќе види како ќе работите!«

129. И го казнувавме семејството на фараонот со сушни години, и му ги скратувавме посевите, за да се опоменат.

130. Па, кога ќе им дојдеше некакво добро, тогаш зборуваа: »Ние го заслуживме ова,« а, ако им се случеше зло, тогаш даваа ишарет на Муса и на оние со него. Но, кобните нешта врз нив беа од Аллах. Меѓутоа, мнозината од нив не знаеја!

131. И рекоа: »И со колку било знамениј да ни дојдеш, за да не маѓепсаш, ние нема да ти веруваме.«

132. И тогаш Ние им испративме поплава, и скакулци, и вошки, и жаби, и крв – знамениј потенко изложувани. Па, се прчеа и беа народ силнички.

133. А, кога ќе ги погодеше казна, тогаш зборуваа: »О Муса! Замоли го Господарот твој за нас по заветот што ти го даде. А, доколку ја отстраниш казната од нас, ќе ти веруваме и ќе ги испратиме со тебе синовите Израилови.«

134. И кога Ние ја отстранивме казната од нив до рок до кој можеа да издржат, тие веднаш го прекршија дадениот збор.

135. Ние им се одмаздивме, тогаш, со тоа што ги потопивме в море зашто, навистина, ги сметаа за лажни знамениј Наши и не се држеа до зборот.

136. А, луѓето што беа угнетувани, им ги оставивме во наследство источните и западните делови на земјата, кои ги благословивме. И се исполни убавиот збор на Господарот твој за синовите Израилови, зашто беа стрпливи. И

Ние го поравнивме со земја она што го градеше фараонот и неговиот народ, она што го сидаа.

137. А, на синовите Израилови им овозможивме да поминат низ море. И така наидоа на луѓе оддадени на киповите нивни. Тие рекоа: »О Муса! Направи ни божество како што е божеството нивно!« Тој рече: »Вие сте, навистина, неуки!«

138. И ќе биде уништено она што го исповедаат, навистина! И ќе биде ништожно она што го работат,сигурно!

139. Тој рече: »Зар покрај Аллах барате друг бог? Он ве одликува над луѓето!«

140. И кога ве спасивме од семејството на фараонот што постојано ви определуваше пакосна казна, убивајќи ги вашите синови, а, оставајќи ги во живот вашите ќерки.... во тоа, ете, имавте, од Господарот ваш, искушение големо!

141. И Ние му ветивме на Муса триесетноќна средба, и додадовме уште десет, па станаа четириесет ноќи, за да се исполни часот за средбата, определен од Господарот негов. И Муса му рече на брат му Харун: »Биди мој заменик кај народот мој! Воспоставувај ред! И не следи го патот на безредниците!«

142. И кога Муса дојде на Нашето определено место и определено време, каде Господарот зборуваше со него, рече: »О Господаре мој! Покажи ми се да Те видам!« Он рече: »Не можеш да Ме видиш! Но, погледни го ридот. Ако остане тука каде што е, ќе Ме видиш.« И кога Господарот негов му се откри на ридот, Он го здроби ридот, а Муса се онесвести. И штом дојде при свест, рече: »Славен биди, покајувањето Тебе Ти го упатувам и јас сум прв меѓу верниците!«

143. Аллах рече: »О Муса! Јас, навистина, те одликував над луѓето и со Моите посланија и со Мојата Реч. Па, прифати го она што ти го дадов и биди благодарен!«

144. И Ние му напишавме на Плочите поука за сè и потенко објаснување за сè. Прифати го, тогаш, здушно тоа и наредувај му на народот твој, за да ги прифати на најдобар начин; и ќе ви го покажам Домот на расипаните.

145. Ќе ги одвратам од знаменијата Мои оние што се прчат по земјатабесправно. И секое знамение да го видат, нема да веруваат во него. Ако го видат патот вистински, нема да го прифатат. А, ако, пак, го видат патот лош, ќе го прифатат. Тоа е поради тоа што ги сметаа за лажни знаменијата Наши и затоа што ги занемаруваа.

146. Оние што ги сметаа за лажни знаменијата Наши и Средбата на Денот суден... ќе пропаднат делата нивни. Па, како работеа, така ќе бидат наградени, зар не?

147. И народот на Муса, откако Муса си замина, од накитот негов, направи кип-теле што рикаше. Не гледаа ли дека тоа, навистина, не им зборува и дека не ги упатува по патот вистински? Прифатија да обожаваат теле и беа неверници!

148. И кога горко се покајаа и кога видоа дека скршнаа во заблуда, рекоа: »Да не ни се смилуваше Господарот наш и да не ни простеше, ќе бевме поразени, навистина!«

149. И кога Муса се врати кај својот народ, лут и ожалостен, рече: »Е, колку лошо постапивте додека бев отсутен! Зар не побрзавте да ја претекнете одлуката на Господарот ваш?« Ги расфрла Плочите и го фати за коса брат му, тегнејќи го кон себе. А овој му рече: »Синко од мајка

ми, народот ме понижи и само што не ме уби. Не понижувај ме заедно со непријателите и не изедначувај ме со народот неверници!«

150. Муса рече: »Господаре мој, прости ни, мене и на брат ми и воведи нè во милоста Твоја. Ти си меѓу милостивите Најмилостивиот!«

151. Оние што го прифатија телето за божество, нив, ќе ги стигне гневот од Господарот и понижувањето во животот на овој свет. Ете, така Ние ги казнуваме оние што измислуваат лаги!

152. Оние кои работеа зли дела, и кои потоа се покајаа, и кои веруваа...па, Господарот твој, навистина, е Простувач и Сомилосен!

153. И кога лутината на Муса попушти, ги зеде Плочите на кои беа запишани патоказот и милоста за оние кои, навистина, се плашеа од Господарот свој.

154. И Муса одбра од својот народ седумдесет мажи за средба со Нас. И кога ги шибна земјотрес, Муса рече: »О Господаре мој! Да посакаше, ќе ги уништеше од порано. И мене, исто така. Зарем ќе нè казниш за она што го направија безумниците од нас? Тоа, навистина, е искушение од Тебе, со кое скршнуваш од патот вистински кого сакаш и упатуваш по патот вистински кого сакаш. Ти си наш Заштитник; прости ни и смилувај ни се! Меѓу простувачите Ти си Најдобриот!

155. И одреди ни добро на овој свет, а добро и на оној свет. Ние, навистина, сме упатени кон Тебе.« А, Он рече: »Казната Моја се случува врз оној за кого Јас сакам, а милоста Моја ги опфаќа сите нешта. Ќе им одредам милост на оние што се богобојазливи, и што делат зеќат и што веруваат во ајетите Наши,

156. оние што го следат гласникот пејгамбер, кој не знае да пишува и да чита, што го наоѓаат заведен кај нив – и во Теврат и во Инџил – и што им наредува добро и што им забранува зло, и што им ги дозволува добрите јадења, а им ги забранува нечистите, и што ги ослободува од нивниот товар и од прангите кои се врз нив. А оние што му веруваат, и што го поддржуваат, и што му помагаат, и што го следат него и светлината што му е објавена...тие се, токму, спасени!«

157. Кажи: »О луѓе! Јас сум, навистина, ваш пејгамбер – за сите; власта и на небесата и на Земјата е – Аллахова! Нема друг бог освен Него. Он оживува и Он умртува! Верувајте и во Аллах и во Неговиот гласник пејгамбер, кој не знае ниту да чита ниту да пишува, кој верува и во Аллах и во Зборот Негов и – следете го, за да бидете упатени!«

158. И меѓу народот на Муса имаше заедница, која упатуваше кон вистината и кон вистината беше праведна.

159. И Ние ги разделивме дванаесетте племиња во дружини, и на Муса, кога народот негов побара од него да се напие вода, му вдахнавме: »Удри со твојот стап на карпата!« И тогаш од карпата потекоа дванаесет извори. Секоја дружина го знаеше своето поило. И Ние соборувавме сенки од облак врз нив и им испраќавме потполошки и еден вид на мед. Јадете од добрата со кои ве снабдивме. И зулум не ни направија Нам, туку самите за себе зулум си направија!

160. И кога им беше речено: »Живејте во овој град и јадете во него од каде сакате, и кажете: – Простување! – и влезете ничкум низ вратата: ќе ви ги простиме гревовите ваши, а на добротворите ќе им го зголемиме доброто!«

161. И оние од нив, кои направија зулум, ја промениј речта: поинаку од она што им беше кажано и, бидејќи зулум правеа, Ние им спуштивме казна од небото.

162. И прашај ги за градот што беше сместен крај море, кога ги кршеа прописите за Сабота. Тој ден кога празнуваа им доаѓаа нивните риби, очигледно, а тој ден кога не празнуваа, не им доѓаа. Ете, така Ние ги испробавме затоа што се однесуваа расипнички.

163. И кога една тајфа меѓу нив праша: »Зошто советувате народ кого ќе го уништи Аллах или кого ќе го казни со силна казна?« Тие одговорија: »За да имаме оправдување кај вашиот Господар и за да бидат богобојазливи!«

164. И секогаш кога ќе го забораваа она со што беа опоменувани, Ние ги спасувавме оние што забрануваа зло, а ги казнувавме оние што правеа зулум со силна казна затоа што се однесуваа расипнички.

165. И кога не се потчинија на она што им беше забрането, Ние им рековме: »Бидете мајмуни презрени!«

166. И кога Господарот твој возгласи дека до Денот суден ќе им испрати, сосем сигурно, некој што ќе ги мачи со казна најтешка. Господарот твој, навистина, е брз Казнувач и Он е Простувач и Сомилосен!

167. И Ние ги разделивме луѓето на земјата во заедници. Меѓу нив имаше добри луѓе и лоши луѓе. Ги испробавме со добри и со лоши работи, за да му се вратат на верувањето!

168. По нив, тогаш, се редеа поколенија и ја наследија Книгата, збирајќи го минливото богатство на овој свет и велејќи: »Ќе ни биде прос-

тено.« И ако им дојде уште поголемо богатство, ќе го земаат. Зар не се придржуваат за Договорот во Книгата, да зборуваат за Аллах само вистина и да го изучуваат она што е во неа? Куќата оносветска е подобра за богобојазливите. Зар нема да се вразумите!?

169. Оние што се придржуваат цврсто за Книгата и што клањаат намаз, за нив, добрите, Ние, навистина, нема да им ја поништиме наградата.

170. И кога Ние над нив подигнавме рид како да е облак, помислија дека ќе се сруши врз нив: »Прифатете го решително она што ви го дадовме и сетете се на она што е во него за да бидете богобојазливи!«

171. И кога Господарот твој го изведе потомството од синовите Адемови – од кичмите нивни – и кога побара од нив да посведочат против себе: »Зар јас не сум Господарот ваш?« Тие рекоа: »Како да не, сведочиме!«–за да не речат на Денот суден: »Ние за ова, навистина, не бевме во тек!«

172. Или да не речете: »Предците наши, пред нас, Му припишуваа здруженик на Аллах, а ние сме само нивно поколение, навистина! Зар ќе нè упропастиш за она што го работеа лажливците?«

173. И, ете така, Ние потенко ги објаснуваме ајетите за да ѝ се вратат на верата.

174. И кажи им го споменот за оној што му ги донесовме знаменијата Наши, и тој се повлече од нив; и, него го следеше Шејтанот и беше застранет!

175. И да сакавме, Ние ќе го извишевме со знаменијата, но тој се прикова за земја и ја следеше страста. Примерот негов е како пример на куче. Ако го истераш, ќе го исплази јазикот, а ако го

оставиш и тогаш ќе го исплази јазикот. Ете, таков е примерот на оние што ги сметаа за лажни знаменијата Наши. Па, изнеси ги кажувањата, за да размислуваат.

176. Е, само колку е лош примерот на оние што ги сметаа за лажни знаменијата Наши! Самите за себе зулум си направија.

177. Упатениот од Аллах е – упатен, а скршнатите во заблуда од Аллах – тие се губитници!

178. Ние создадовме многу џинови и многу луѓе за Џехеннем: имаат срца, но со нив не разбираат; имаат очи, но со нив не гледаат; имаат уши, но со нив не слушаат, – како добиток се, дури и уште полоши, навистина, рамнодушни!

179. Најубави имиња се – Аллаховите! И молете Му се со нив! Напуштете ги оние што ги пренебрегнуваат имињата Негови. Ќе бидат казнети за она што го работеа.

180. А меѓу оние што ги создадовме има дружина што упатува кон вистината и, према вистината, постапува праведно.

181. Оние што ги сметаа за лажни ајетите Наши, нив, ќе ги туркаме постапно кон пропаст отаде од каде што не знаат.

182. И Јас ќе им определам рок. Итрината Моја е цврста, навистина!

183. Зар не размислуваат? Другарот нивни не е безумник. Тој е само опоменувач јасен!

184. Зар не гледаат во Земјата и во небесата и во она што го има создадено Аллах? Можеби им се приближува крајот. Тогаш во која порака по оваа веруваат?

185. Оние што Аллах ќе ги застрани во заблуда, нив, никој не може да ги упати. И ги пушта да талкаат во неверието нивно.

186. Те прашуваат за Часот: »Кога ќе се случи?« Одговори: »Знаењето за тоа, навистина, е кај Господарот мој. Само Он ќе го обелодени неговото време. Тој ќе биде тежок за Земјата и за небесата. Ќе ви дојде ненадејно.« Те прашуваат за него како да го криеш знаењето за него. Кажи: »Знаењето за него, навистина, е кај Аллах, но мнозината на луѓето не знаат.«

187. Кажи: »Не сум моќен за себе ниту да си наштетам ниту да си користам, освен она што го сака Аллах. Кога би ја знаел тајната, би ги зголемил добрата и не би ме снашло зло. Јас сум само радосник и опоменувач за луѓето што веруваат.«

188. Он е Оној што ве создаде од еден човек, а од него создаде сопруга, за да се смири живејќи со неа. И кога тој ѝ се приближи, таа забремени лесно и го носеше тоа лесно. Кога плодот ѝ стежна, Му се помолија на Аллах, Господарот нивни: »Ако ни подариш добро дете, ќе ти бидеме благодарни, сигурно!«

189. И кога им даде добар потомок, му припишаа здруженици за она што им го даде. Та, Аллах е над она што Му Го здружуваат!

190. Зар Му ги здружуваат оние што ништо не создаваат – а самите се создадени,

191. и што не можат да им помогнат а ниту самите за себе да си помогнат?

192. А, ако ги молите да ве упатат кон патот вистински, нема да ве упатат. За нив е сеедно дали ќе ги молите или, пак, нема да ги молите.

193. Оние кои ги молите, а не го молите Аллах, тие се робови како вас, навистина! Па, молете ги и, ако вистина зборувате, нека ви се одзвијат!

194. Имаат ли нозе со кои одат? Или, раце со кои фаќаат? Или, очи со кои гледаат? Или, уши со

кои слушаат? Кажи: »Молете ги здруженицитe ваши што Му ги здружувате на Аллах, и лукаво поставете се против мене, но немојте да одолговлекувате!

195. Заштитникот мој е – Аллах! Он објави Книга и Он ги штити добрите.«

196. А, оние што ги молите, а не Аллах, тие нема да ви помогнат, а ниту за себе ќе си помогнат.

197. А, ако ги молите да ве упатат – не слушаат! Ги гледаш како гледаат во тебе, но не гледаат!

198. Обрни внимание на простувањето! Наредувај добро и избегнувај ги незнајковците!

199. И, ако Шејтанот настојува да те насочи кон зло, тогаш побарај прибежиште кај Аллах. Он, навистина, слуша сè и знае сè!

200. Богобојазливите, кога Шејтанот ќе посака да ги наведе на лоши мисли, се сеќаваат на Аллах и гледаат исправно!

201. А другарите на Шејтанот, Шејтанот ги држи во заблуда и тие од неа не можат да се оттргнат.

202. А, ако не им донесеш ајет, велат: »Зошто не го измислуваш?« Кажи: »Јас го следам само она што ми се објавува од Господарот мој. Ова се очигледности од Господарот ваш, и патоказ и милост за луѓето што веруваат.

203. И кога Куранот ќе се чита гласно, слушајте го и не зборувајте за да се стекнете со милост!«

204. И спомнувај Го Господарот твој во себе, со страхопочит и скришно, безгласно, и наутро и приквечерина, и не биди рамнодушен.

205. Оние што се во близината на Господарот твој, тие, навистина, не се двоумат да бидат побожни, Го величаат и Му се поклонуваат.

# СУРА ЕЛ-ЕНФАЛ

## Плен

Сура 8 - Медина - 75 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Те прашуваат за пленот. Кажи: »Пленот Му припаѓа на Аллах и на пејгамберот. Па, плашете се од Аллах. Средете ги односите едни со други. Бидете послушни на Аллах и на пејгамберот Негов ако сте верници!«

2. Да, верници се оние, кои, ако се спомне Аллах, им се тревожат срцата, а ако им се кажуваат ајетите Негови, им се зголемува верувањето и се потпираат на својот Господар,

3. оние што клањаат намаз и што делат од богатството што Ние им го дадовме.

4. Тие се вистински верници. За нив има степени кај Господарот, простување и богатство благородно.

5. Тоа беше и тогаш кога твојот Господар со право те изведе од домот. И една дружина меѓу верниците го презираше тоа!

6. Се расправаа со тебе за борбата дури и тогаш кога беше очигледно дека ќе победат, но ним им се пристори дека очигледно се туркаат во смрт!

7. И кога Аллах ви вети дека една од двете дружини е ваша, вие, навистина, посакувавте

ненаоружената да биде ваша. Аллах посакуваше да се оствари вистината со зборовите Негови и да се пресечат корените на неверниците:

8. да ја оствари вистината, а да ја уништи невистината без оглед дали тоа го мразат силниците!

9. Кога баравте помош од Господарот ваш, Он ви се одзва. Јас, навистина, ве поддржав со илјада мелеки, кои доаѓаа едни за други.

10. Аллах тоа го направи само за да ве зарадува и за да се смират срцата ваши во тоа. Помоштa е само кај Аллах. Аллах, навистина, е Силен и Мудар!

11. Сети се кога Он ви одреди да ве обземе лесен сон, за да ве заштити од Своја страна, и кога ви спушти вода од небото, за да ве очисти со неа, и за да ја отстрани нечистотијата шејтанска од вас, и за да ги поврзе срцата ваши, и за да ги зајакне состојбите со тоа...

12. и кога Господарот твој на мелеките им вдахна: »Јас сум, навистина, со вас: бодрете ги, тогаш оние што веруваат.« Ќе уфрлам страв во срцата на оние што не веруваат. Па, удирајте ги по вратовите и по рацете,

13. поради противењето нивно на Аллах и на пејгамберот Негов. А оној кој се противи на Аллах и на пејгамберот Негов – та, Аллах е Силен Казнувач!

14. Ете, тоа ви е казната. Искусете ја казната, а за неверниците, навистина, има казна огнена.

15. О верници! Кога ќе се справите со оние што не веруваат, што доаѓаат во редици, тогаш не вртете го грбот!

16. Оној што ќе побегне тогаш, освен оној кој привидно бега за да се врати во борба или оној

што се приклучува на друга дружина, тој се враќа со лутината на Аллах и Џехеннемот е – престојувалиштето негово! Е, само колку е лошо тоа прибежиште!

17. И не ги убивавте вие, туку Аллах ги убиваше. И кога фрлаше, не фрлаше ти, туку Аллах фрлаше, за да ги испроба верниците со борба. Аллах, навистина, слуша сè и знае сè!

18. Ете, ви се случи тоа. Аллах, навистина, прави да венат сплетките на неверниците!

19. Ако баравте победа, па, токму, »победа« си добивте. А, ако прекинете – та, тоа е подобро за вас. А, ако, пак, нападнете и ние ќе нападнеме. Вашата дружина нема да ви користи за ништо, па дури и да е побројна. Аллах, навистина, е со верниците!

20. О верници! Бидете послушни на Аллах и на пејгамберот Негов. И не вртете му го грбот. Слушате што ви се зборува!

21. И не бидете како оние што зборуваат: »Слушаме,« а, всушност, не слушаат,

22. зашто најлоши живи созданија кај Аллах, навистина, се оние што се глувонеми, кога се работи за вистината, оние што не сфаќаат ништо.

23. А, Аллах да знаеше дека кај нив има некаков добро, ќе ги натераше да слушаат. А, да ги натераше да слушаат, пак ќе го свртеа грбот зашто тие се и така рамнодушни.

24. О верници! Одзвијте му се на Аллах и на пејгамберот Негов кога ве повикуваат, зашто тоа ќе ве заживее. Знајте дека Аллах, навистина, се вмешува меѓу човекот и срцето негово и дека, навистина, ќе се зберете кај Него.

25. И чувајте се, особено од сплетки што ќе ги погодат само оние меѓу вас што направија зло. И знајте дека Аллах, навистина, е Силен Казнувач!

26. И сетете се кога бевте малкумина, кога бевте тлачени на земјата, плашејќи се да не ве заробат луѓето и кога Он, со помошта Своја, ве поддржа и ве зајакна, и ве снабде со добра за да бидете благодарни.

27. О верници! Не изневерувајте Го Аллах и пејгамберот Негов, и не изневерувајте го вашиот аманет меѓусебно. Вие, навистина, знаете!

28. Знајте дека, навистина, имотот ваш и децата ваши се искушение и дека кај Аллах има награда голема.

29. О верници! Ако се плашите од Аллах, ќе ве оспособи да просудувате што е добро, а што е зло, и ќе ги занемари вашите лоши постапки, и ќе ви прости. Аллах поседува добрина голема!

30. И кога неверниците ти правеа сплетки, за да те затворат, или за да те убијат, или за да те истераат... Правеа сплетки, а Аллах спелтките ги расплеткуваше. Аллах е најдобар во тоа!

31. И кога им се кажуваат ајетите Наши, велат: »Тоа веќе го слушнавме и, да посакаме, ќе кажуваме нешто слично на тоа; ова се само прикаски на поколенијата одамнешни.«

32. И кога рекоа: »Господаре, ако Куранот е вистина од Тебе, тогаш спушти ни камења од небото место дожд или донеси ни казна болна.«

33. Аллах не ги казнува во твое присуство. Аллах не е казнувач нивни, зашто меѓу нив, всушност, има и такви кои бараат да им се прости.

34. Казнувањето нивно од Аллах е оправдано ако оддалечуваат други од Месџидил Харам и ако не се чувари Негови. Чуварите негови треба да бидат богобојазливи, но мнозината од нив не знаат.

35. Намазот нивни во Месџидул Харам е само дрдорење и плескање. Пробајте ја, тогаш, казната затоа што не верувавте!

36. Оние што не веруваат, навистина, си го трошат имотот за да одвраќаат од патот на Аллах. Та, ќе го потрошат имотот и ќе зажалат и на крај ќе изгубат. Оние што не веруваат, тие ќе се зберат во Џехеннем:

37. за Аллах да го оддели доброто од злото и злото нивно да го натрупа, за да ги натрупа сите и за да ги фрли во Џехеннем сите заедно! Тие се, токму, поразени!

38. Кажи им на оние што не веруваат дека, ако престанат, ќе им биде простено она што поминало, а ако, пак, се вратат кон неверувањето... та, познато е искуството на одамнешните поколенија.

39. И борете се против нив сè додека го снема сплеткарењето и додека верата на Аллах не биде присутна. А, ако престанат... та, Аллах го гледа она што го работат,

40. а, ако го свртат грбот, знајте дека Аллах, навистина, е Заштитник ваш. Е, само колку е добар Заштитник и само колку е добар Поддржник Аллах!

41. И знајте дека, навистина, од она што ќе го заплените во борба, една петина од тоа му припаѓа на Аллах и на пејгамберот, и на роднината негова, и на сираците и на сиромашните, и на патниците ако верувате во Аллах и во она што му го објавивме на Нашиот роб на денот на одлуката кога се одделија вистината и невистината, во денот во кој се судрија две војски. А, Аллах е Кадар за сè!

42. Сетете се кога бевте во долината поблиска, а тие во долината подалечна, а еден карван беше подолу од вас: а, ако се договоревте за времето на судирот, немаше да се договорете, но Аллах определи да дојде до битка: за да пропадне оној што што треба да пропадне, по јасниот доказ; а за да остане во живот оној што што треба да остане во живот, по јасниот доказ. Аллах, навистина, слуша сè и гледа сè!

43. Сети се кога Аллах во сон ти ги покажа дека се малку, а да ви покажевме дека се многу, ќе ослабевте и ќе се расправавте, но ете спасот дојде од Аллах. Он, навистина, го знае она што е во градите!

44. И кога се соочивте, ги прикажа малку во очите ваши, а и вас ве прикажа малку во очите нивни, за Аллах да реши онака како што мора да биде. Работите се враќаат кон Аллах!

45. О верници! Кога ќе се судрите со некоја група, бидете цврсти и спомнувајте Го Аллах многу, за да се спасите!

46. И бидете послушни на Аллах и на пејгамберот Негов; не впуштајте се во расправии, зашто ќе ослабнете и ќе останете без борбен дух. Бидете трпеливи! Аллах, навистина, е со трпеливите!

47. И не бидете како оние што излегоа од домовите свои вообразени, само да ги видат луѓето, а кои, всушност, одвраќаат од патот на Аллах. Аллах го опфаќа она што го работат!

48. И кога Шејтанот им ги разубави нивните дела, рече: »Никој денес меѓу луѓето не може да ве победи зашто јас сум ви заштитник!« И кога две чети се сретнаа очивочи, Шејтанот се повлече по стапалките свои, и рече: »Да, јас сум далеку од вас и јас, навистина, го гледам она што не го гледате и јас стравувам од Аллах! Аллах е Силен Казнувач!«

49. Кога дволичните и оние во чии срца има болештина зборуваа: »Ги измами нивната вера.« А оној што ќе се потпре на Аллах... па, Аллах, навистина, е Силен и Мудар!

50. Е, само да видиш како мелеките ќе им ги земаат душите на оние што не веруваат, удирајќи ги по лицата и по слабините: »Искусете ја казната огнена!

51. Ете, тоа е поради она што го направија рацете ваши. А, Аллах, навистина, не е неправеден кон луѓето!«

52. Слично на несреќата на фараоновите луѓе и на оние народи кои беа пред нив. Не веруваа во знаменијата на Аллах...па, Аллах ги казни поради нивните гревови. Аллах, навистина, е Јак, Силен Казнувач!

53. Бидејќи е така, Аллах, навистина, не го менува благодатот што им го подари на луѓето сè

додека не го изменат самите. Аллах, навистина, слуша сè и знае сè!

54. Слично на несреќата на фараоновите луѓе и на оние што беа пред нив. Ги сметаа за лажни знаменијата од Господарот свој, па Ние ги уништивме поради гревовите нивни и го потопивме семејството фараоново. Сите беа силници!

55. Најлоши живи созданија кај Аллах се оние што пренебрегнуваат; значи, оние кои не веруваат,

56. оние со кои склучи договор, па потоа секојпат го кршат својот договор, не се богобојазливи.

57. А, ако се судриш со нив во борба, тогаш истерај ги за да се опоменат оние по нив.

58. А, ако, пак, почувствуваш дека некој народ ќе го прекрши договорот, тогаш и ти раскини го договорот на ист начин. Аллах, навистина, не ги сака оние што ги прекршуваат договорите!

59. Нека не сметаат неверниците дека, навистина, ќе ја избегнат казната. Оние не можат да ја избегнат казната!

60. Подгответе против нив моќ која можете да ја смогнете, и коњи за војна, со што ќе ги заплашите непријателот на Аллах и непријателот ваш, и други освен нив. Вие не ги познаете, а Аллах ги познава. А, она што ќе го поделите на патот на Аллах, тоа ќе ви се надополни и нема да ви се направи неправда!

61. А, ако се наклонети кон мир, тогаш и ти биди наклонет кон мир и потпри се на Аллах. Он, навистина, слуша сè и знае сè!

62. А, ако посакуваат да те излажат...па, за тебе Аллах е доволен. Он те крепи со помошта Своја, а и со верниците!

63. И Он ги спои срцата вернички. И да го потрошиш сето она што се наоѓа на земјата, не би ги споил срцата нивни, но Аллах ги спои. Он, навистина, е Силен и Мудар!

64. О пејгамберу! Аллах ти е доволен и верниците што те следат ти се доволни.

65. О пејгамберу! Поттикнувај ги верниците кон борба. Ако меѓу вас има дваесет трпеливи, ќе победат двесте, а ако, пак, меѓу вас има сто, ќе победат илјада од оние што не веруваат, зашто тие се, навистина, луѓе што не сфаќаат.

66. Е, сега, Аллах ви олесни, и Он знае дека меѓу вас, навистина, има истоштени. Па, ако меѓу вас има сто трпеливи, ќе победат двесте, а ако, пак, меѓу вас има илјада, ќе победат, со одобрението на Аллах, две илјади. А, Аллах е со трпеливите!

67. На пејгамберот не му е дозволено да има заробеници сè додека не извојува победа на земјата. Вие ги посакувате добрата од овој свет, а Аллах го посакува оној свет. Аллах е Силен и Мудар!

68. Да не беше Одлуката на Аллах од порано, во врска со она што го земавте, сигурно ќе ве погодеше казна голема!

69. Па, јадете го она што го запленивте, што е дозволена, убава храна. И плашете се од Аллах. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

70. О пејгамберу! Кажи им на заробениците, кои се во твои раце: »Ако Аллах види добро во срцата ваши, Он ќе ви даде добро од она што ви е одземено и Он ќе ви прости.« Аллах е Простувач и Сомилосен!

71. А, ако, пак, посакаат да те изневерат, па тие го изневеруваа Аллах и пред тоа: тогаш Он даде да паднат во ропство. Аллах е Зналец и Мудар!

72. Оние што веруваа и што се иселија и што се бореа на патот на Аллах и со имотот свој и со животот свој, и оние што згрижуваа и што помагаа..., тие се заштитници едни на други. А, на оние што веруваа, а не се иселија, не можете да им бидете заштитници за ништо сè додека не се иселат. А, ако, пак, побараат помош од вас, во врска со верата, тогаш должност ви е да им помогнете, но не и против народот меѓу кого и вас има договорено примирје. А, Аллах го гледа она што го работите;

73. а оние што не веруваат, тие се заштитници едни на други. Ако не постапите така на земјата, ќе има голема сплетка и безредие.

74. А, оние што веруваа, и што се иселија, и што се бореа на патот на Аллах, и оние што згрижуваа и што помагаа... тие се прави верници, навистина! За нив има простување и награда благородна!

75. А, оние што веруваа по тоа, и што се иселија, и што се бореа со вас, тие се со вас! А роднините, според Книгата на Аллах, се поголеми заштитници едни на други. Аллах, навистина, знае сè!

# СУРА ЕТ-ТЕВБА

## Покајание

Сура 9 - Медина - 129 ајети

1. Проглас од страна на Аллах и од пејгамберот Негов до многубошците со кои склучивте договор! –

2. »Па, патувајте по земјата четири месеци и знајте дека сте, навистина, немоќни пред Аллах. А, Аллах ќе го открие срамот на неверниците!«

3. Повикот од Аллах и од пејгамберот Негов до луѓето на Денот од големиот хаџ: Аллах, навистина, е далеку од многубошците, а и пејгамберот Негов. Та, ако се покаете, тоа е подобро за вас, а ако, пак, го свртите грбот, знајте дека сте, навистина, немоќни. И извести ги оние што не веруваат за казната болна!

4. Со исклучок на многубошците со кои што склучивте договор, а кои, по тоа, не го прекршија со ништо, а ниту, пак, му помогнаа некому против вас; па, исполнете го договорот кон нив до денот договорен. Аллах, навистина, ги сака богобојазливите!

5. Па, кога светите месеци ќе поминат, борете се против многубошците, каде било да ги најдете, заробувајте ги, окружувајте ги, чекајте ги во секаква заседа! Па, ако се покајат, и ако клањаат намаз, и ако даваат зекат, тогаш пуштете ги по патот нивни. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

6. А, ако некој меѓу многубошците побара засолниште од тебе, тогаш згрижи го сè додека

не го слушне зборот на Аллах, а потоа одведи го до безбедно место. Ете, тоа е поради тоа што се луѓе, кои, навистина, не знаат.

7. Како да има договор меѓу многубошците и Аллах и пејгамберот Негов, освен оние што склучија договор при Месџидул Харам? Според тоа, ако се придржуваат кон договорот со вас, придржувајте се и вие кон договорот со нив. Аллах, навистина, ги сака богобојазливите!

8. Како? Ако ве победат, не го почитуваат, кога сте вие во прашање, ниту договорот, ниту сродството. Ви се умилкуваат со зборовите, а одбиваат со срцата свои. А, мнозината меѓу нив се расипани!

9. Ги заменија ајетите на Аллах за нешто што малку вреди и уште одвраќаат од патот на Аллах. Е, само колку е лошо она што го работат!

10. Не ја почитуваат, кога е во прашање верникот, ниту спогодбата, ниту роднината – токму, претеруваат.

11. Па, ако се покајат, и ако клањаат намаз, и ако даваат зекат, тогаш се ваши браќа по вера. Ние потенко ги објаснуваме ајетите за луѓето кои знаат!

12. А, ако по својот договор ги прекршат своите заклетви, и ако ја нападнат верата ваша, тогаш борете се против водачите на неверството. Тие не поседуваат договори што се почитуваат, за да престанат да напаѓаат!

13. Зар нема да се судрите со луѓето кои ги прекршија заклетвите нивни и кои сакаа да го истераат пејгамберот? Тие, всушност, први ве нападнаа. Зар се плашите од нив? Па, Аллах има повеќе право, ако сте верници, да се плашите од Него!

14. Борете се против нив, а Аллах ќе ги казни со вашите раце, и ќе ги понизи, а вам ќе ви помогне против нив, и Он ќе ги излечи градите на луѓето што веруваат!

15. И Он ќе ја снема грижата од срцата нивни. И Аллах кому сака ќе му прости. Аллах е Зналец и Мудар!

16. Или, пак, зар сметате дека ќе бидете напуштени и дека Аллах не ги знае меѓу вас оние што се бореа и кои, освен Аллах и пејгамберот Негов и верниците, не земаа други за заштитници? А, Аллах е Известен за она што го работите!

17. Не им доликува на многубошците да градат Аллахови џамии кога со неверувањето сведочат против себе. Делата нивни пропаднаа и тие за навек ќе останат во огнот.

18. Џамиите на Аллах, навистина, ги градат оние што веруваат во Аллах и во Денот суден, и што клањаат намаз, и што даваат зекат, и што страв уваат само од Аллах. Па, тоа се, токму, упатените!

19. Зар сметате дека поителот на хаџијата, и оној кој се грижи за Месџидул Харам, е како оној што верува во Аллах и во Денот суден и што се бори на патот на Аллах? Тие не се еднакви кај Аллах. А, Аллах нема да го упати народот невернички!

20. Оние што веруваа, што се иселија и што се бореа на патот на Аллах со имотот свој и со животите свои, тие, кај Аллах, се на повисок степен. Тие се, токму, победници!

21. Господарот нивни им донесува радосница: милост од Него и задоволство и градини за нив во кои ќе уживаат постојано;

22. во нив за навек ќе останат. Кај Аллах, навистина, има награда голема.

23. О верници! Не земајте ги за заштитници ниту бабовците ваши ниту браќата ваши ако повеќе го сакаат неверувањето од верувањето. Кој од вас ќе ги прифати за пријатели – па, таквите се неверници!

24. Кажи: »Ако ви се бабовците ваши, и децата ваши, и браќата ваши, и жените ваши, и родот ваш, и имотот ваш што го спечаливте, и трговијата за која се плашите дека ќе пропадне, и местата ваши со кои сте задоволни... помили од Аллах и од пејгамберот Негов и од борбата на патот на Аллах, тогаш причекајте додека не дојде наредбата на Аллах! А, Аллах не го упатува народот расипнички!«

25. Аллах, навистина, ви помогна на многу места и на денот на Хунејн кога се соколевте со тоа што бевте побројни, и тоа ништо не ви помогна, а земјата, и покрај нејзината широчина, ви стана претесна, па се откажавте, бегајќи!

26. Потоа Аллах му испрати мир на пејгамберот Свој и на верниците; Он ви спушти и војска што не ја видовте, а ги казни оние што не веруваа. Ете, тоа е казна за неверниците!

27. По сето тоа Он прости кому сака. Аллах е Простувач и Сомилосен!

28. О верници! Многубошците, навистина, се нечист. Па, нека не се приближуваат до Месџидул Харам по оваа нивна година. А, ако се плашите од немаштија, ако Аллах сака, ќе ве снабди од Својата добрина. Аллах, навистина, е Зналец и Мудар!

29. Борете се против оние што не веруваат во Аллах и во Денот суден и што не го забрану-

ваат она што го забранија Аллах и пејгамберот Негов, и што не ја застапуваат вистинската вера меѓу оние на кои им е дадена Книгата сè додека не дадат данок, додека не бидат покорени!

30. Евреите зборуваат: »Узеир е син на Аллах,« а христијаните зборуваат: »Месих е син на Аллах«. Ете, тоа се нивните зборови, произлегуваат од нивните усти: ги кажуваат сличните зборови на оние што не веруваа пред нив. Аллах нека ги отепа! Каде кинисуваат, навистина!?

31. Ги земаат нивните свештеници и нивните калуѓери за господари покрај Аллах, а и на Иса, синот на Мерјем. Им беше наредено да обожаваат само еден Бог. Нема друг бог освен Него! Славата Нему Му припаѓа, Он е над она што му го здружуваат;

32. тие посакуваат да ја угаснат светлината на Аллах со своите зборови. А, Аллах само ја надополнува светлината Своја и покрај тоа што многубошците го мразат тоа!

33. Он е Оној што го испрати Својот пејгамбер со патоказ и со вера вистинска, за да ја обелодени повеќе од сите други вери и покрај тоа што многубошците го мразат тоа!

34. О верници! Голем број меѓу свештениците и калуѓерите го трошат имотот на луѓето неисправно и одвраќаат од патот на Аллах. А, оние што натрупуваат злато и сребро и што не делат на патот на Аллах, тогаш извести ги за казната болна, –

35. на Денот кога богатството ќе се вжари во огнот, па со него ќе горат и челата нивни и слабините нивни, и грбовите нивни. »Ова е она што за себе го направивте – та, вкусете го она што го натрупувавте!«

36. Да, бројот на месеците кај Аллах е дванаесет, сметан по Книгата на Аллах од денот кога ги создаде небесата и Земјата. Четири месеци од нив се посветени. Ете, тоа е вера постојана! Па, не нанесувајте си зло во тие четири месеци. Борете се против многубошците заедно онака како што многубошците се борат заедно против вас. Знајте дека Аллах, навистина, е со богобојазливите!

37. Со преместувањето на месеците, навистина, се зголемува неверувањето. Оние што не веруваат, тие со тоа скршнуваат во заблуда: една година светите месеци ги прогласуваат обични, а друга година ги прогласуваат свети, за да имаат број на месеци онолку колку што Аллах одреди да бидат свети, а потоа обични месеци ги прогласуваат оние што Аллах одреди да бидат свети. Ним им се разубавуваат постапките нивни. А, Аллах не го упатува народот неверници!

38. О верници! Што ви стана кога ви беше речено: »Појдете во борба на патот на Аллах« – како да сте на земјата приковани? Зар повеќе сте задоволни со животот на овој свет од животот на оној свет? Па, уживањето во животот на овој свет е ништо во однос на уживањето на оној свет!

39. Ако не појдете во борба, Он ќе ве казни со казна болна и ќе ве замени со друг народ, а вие нема да Му наштетите за ништо. Аллах е Кадар за сè!

40. Ако не го помогнете пејгамберот... па, Аллах нему му помогна кога го истераа оние што не веруваа, кога двајцата беа во пештера, кога пејгамберот на својот другар му рече: »Не плаши се! Аллах е со нас, навистина!« И Аллах му спушти мир од Него и го поддржа со војска што

не ја видовте, и го направи зборот на оние што не веруваа да биде долу, а зборот на Аллах да биде, токму, горе. Аллах е Силен и Мудар!

41. Појдете во борба, било да сте слаби или јаки, и борете се на патот на Аллах со имотите ваши и со животите ваши. Ете, тоа ви е подобро само да знаете!

42. А, пленот да беше блиску, а одењето во војна лесно – тие ќе те следеа, сигурно! Но, патот им изгледа тежок. Ќе се колнат во Аллах: »Да беше во наша моќ, ќе излезевме со вас во борба« – самите си се упропастија. Аллах знае дека тие, навистина, лажат!

43. Аллах нека ти прости! Зошто им дозволи да отсаствуваат додека не ти стана јасно дека она што го зборуваат е невистина и додека не ти стана јасно дека се лажливци?

44. Оние што веруваат во Аллах и во Денот суден, тие не бараат дозвола од тебе да се борат со имотот свој и со животот свој. А, Аллах ги знае богобојазливите!

45. Да, ќе бараат дозвола оние што не веруваат ниту во Аллах ниту во Денот суден, и чии срца се сомневаат; тие се сомневаат, се двоумат!

46. А, да сакаа да одат во борба, ќе го подготвеа она што е потребно за борба, но Аллах го проспре заминувањето нивно во борба, и ги задржа, и им беше речено: »Останете со оние што остануваат!«

47. И да тргнеа во борба со вас, постојано ќе ви пречеа и ќе внесеа збрка меѓу вас, сакајќи само сплетка, а, меѓу вас, навистина, има такви што би посакале да ги послушаат. Аллах ги знае злосторниците!

48. Посакуваа, навистина, сплетки и од порано, и ти ги испревртуваа работите сè додека не изби вистината на виделина и сè додека не се обелодени наредбата на Аллах, а тие го мразеа тоа.

49. Меѓу нив има што зборуваат: »Дозволи ни и не ставај нè во искушение!« А зар не паднаа во искушение? Џехеннемот, навистина, ќе ги опфати неверниците!

50. Ако те снајде добро, тоа ги разочарува, а ако те снајде зло, тогаш зборуваат: »Работата беше во наши раце од порано,« и го вртат грбот, радувајќи се.

51. Кажи: »Ќе ни се случи само она што ни го одреди Аллах. Он е наш Заштитник.« Па верниците се потпираат на Аллах!

52. Кажи: »Зар очекувате да ни се случи едно од две добра? Ние очекуваме да ве снајде казна од Аллах или казна од нашите раце. Па, очекувајте и ние заедно со вас ќе очекуваме!«

53. Кажи: »Било да трошите доброволно или, пак, присилно, нема да ви се прими трошењето ваше.« Вие бевте, навистина, народ расипнички!

54. Нивните материјални прилози нема да им бидат примени, зашто, навистина, не веруваа ниту во Аллах ниту во пејгамберот Негов, а кога пристапуваа кон намаз, беа мрзливи и делеа само со презир.

55. Тогаш, нека не те чудат нивните богатства, а ниту нивните деца! Аллах со тоа посакува, навистина, да ги казни во животот на овој свет и да умрат како неверници.

56. Да, оние се колнат во Аллах дека се со вас, но, всушност, не се со вас, туку се народ разединувачки.

57. Кога би имале некакво засолниште или пештера или дупка веднаш би се засолниле во нив.

58. Меѓу нив има и такви што ти приговараат за зекатот: па, ако им дадеш, задоволни се, а ако не им дадеш, ете ги, се лутат!

59. Да се задоволни со она што им го даде Аллах и пејгамберот Негов, ќе речат: »Аллах ни е доволоен. Он ќе ни даде од добрината Своја и пејгамберот Негов. Ние, навистина, стремиме кон Аллах!«

60. Да, зекатот им припаѓа на сиромашните, и на сираците, и на оние што го собираат, на оние чии срца треба да се придобијат, и за откуп на робови, и на должниците, и на Аллаховиот пат, и на патниците-намерници. Ова е обврска од Аллах. Аллах е Зналец и Мудар!

61. Меѓу нив има и такви што го понижуваат пејгамберот и кои зборуваат: »Тој верува во она што ќе го слушне.« Кажи: »Тој го слуша само она што е добро за вас; тој верува во Аллах, и има доверба во верниците и тој е милост за оние што веруваат меѓу вас.« А за оние што го понижуваат Аллаховиот пејгамберот, за нив ќе има казна болна!

62. Ви се колнат во Аллах само да ви удоволат, но Аллах и пејгамберот Негов имаат повеќе право, ако се верници, да бидат задоволни.

63. Зар не знаат дека за оној што Му се противставува на Аллах и на пејгамберот Негов, дека занего има оган џехеннемски во кој за навек ќе остане. Ете, тоа е казна голема!

64. Дволичните се плашат да не им се објави некакво суре што ќе ги извести за она што е во нивните срца. Кажи: »Потсмевајте се, но знајте дека Аллах, навистина, ќе го изнесе на виделина она од што се плашите!«

65. А кога, пак, би ги прашал за тоа, сигурно би ти одговориле: »Да, ние само се расправаме и се поигруваме.« Кажи: »Зар Го исмејувате Аллах, ајетите Негови и пејгамберот?«

66. Не оправдувајте се! По верувањето ваше не верувавте. Ако ѝ простиме на една ваша дружина, Ние ќе казниме друга дружина затоа што се овие, навистина, силници!

67. Мажите дволични и жените дволични, тие се едни со други: наредуваат зло и одвраќаат од добро, а рацете им се стегнати. Забораваат на Аллах, па и Он заборава на нив. Дволичните, навистина, се расипани!

68. За жените дволични и за мажите дволични и за неверниците Аллах има ветено оган џехеннемски во кој за навек ќе останат. Тоа за нив е доволно. Аллах ги проколни и има казна постојана за нив!

69. Како што беше со оние пред вас кои поседуваа поголема моќ од вас, и кои имаа повеќе имот, и кои имаа повеќе синови. Посакуваа, тогаш, уживање во својот овосветски дел, па и вие посакувате да уживате во вашиот овосветски дел како што посакуваа да уживаат во својот овосветски дел оние кои беа пред вас. Вие се спуштате во расправија онака како што се спуштаа и тие. Делата нивни ќе пропаднат и на овој свет и на оној свет. Тие, токму, се поразени!

70. Зар не им дојде кажувањето за оние пред нив – за народот на Нух, за Ад, за Семуд, за народот на Ибрахим и за жителите на Медјен, и за оние од населбите испревртени? Им доаѓаа пејгамберите нивни со јасности. Аллах не им направи никакво зло, туку тие за себе си направија зло!

71. Верниците и верничките се заштитници едни на други: наредуваат добро и одвраќаат од зло,

клањаат намаз и даваат зекат и послушни се на Аллах и на пејгамберот Негов. Аллах ќе им се смилува. Аллах, навистина, е Силен и Мудар!

72. Аллах им вети на верниците и на верничките градини низ кои течат реки и во кои за навек ќе останат, и станови убави во градината на Адн, а задоволство од Аллах е уште поголемо. Ете, тоа е, токму, придобивка голема!

73. О пејгамберу, бори се против неверниците и против дволичните, и биди строг кон нив! Џеханнемот е престојувалиштето нивно. Е, само колку е лошо тоа свратилиште!

74. Се колнат во Аллах дека не зборуваа лошо. Но, веќе зборуваа неверници зборови и не веруваа по верувањето нивно и тежнееја за она што не го постигнаа; ги мразеа верниците затоа што Аллах ги опсипа со изобилие од добрината Своја, а и пејгамберот Негов. Па, ако се покајат, тоа ќе биде подобро за нив, а ако, пак, го свртат грбот, Аллах ќе ги казни со казна болна и на овој свет и на оној свет. За нив на земјава нема ниту заштитник ниту поддржник!

75. Некои од нив му дадоа завет на Аллах: »Ако ни даде од добрината Негова, ќе поделие прилог и, всушност, ќе бидеме добри луѓе!«

76. И кога им даде од добрината Своја, шкржавеа, го свртеа грбот; тие, навистина, се рамнодушни!

77. Па, Он им надоврза дволичност врз срцата нивни сè до Денот во кој ќе Го сретнат, зашто не се придржуваа кон она што му Го ветија на Аллах и затоа што лажеа.

78. Зар не знаат дека Аллах, навистина, ги знае тајните нивни и шепотењето нивно, и дека Аллах, навистина, е Зналец на тајните!

79. Оние што ги окривуваат верниците, затоа што даваат прилози, и оние што ги даваат само со тешка мака, па ги исмејуваат, нив, Аллах ќе ги посрамоти, а има и казна болна за нив!

80. Дали ќе бараш простување за нив или нема да бараш, па дури и да бараш простување за нив и седумдесет пати, Аллах никогаш нема да им прости. Ете, тоа е поради неверувањето нивно во Аллах и во пејгамберот Негов. Аллах не го упатува народот неверници!

81. Оние што остана во домовите свои, а не заминаа со пејгамберот на Аллах, тие се радуваа, и презираа да се борат на патот од Аллах и со имотот свој и со животите свои, и кои зборуваа: »Не одете во борба по оваа жештина!« Кажи: »Огнот џехеннемски е пожежок!« Е, кога би разбрале!

82. Па, нека се смеат малку, а нека плачат многу; тоа ќе им биде казна поради она што го стекнаа.

83. Па, ако Аллах те врати до една дружина од нив и ако бараат дозвола од тебе да се борат, тогаш кажи: »Никогаш нема да излезете во борба со мене и никогаш нема да се борите со мене против непријателот, зашто вие, навистина, бевте задоволни што останавте дома првиот пат. Тогаш останете со оние кои и онака не отидоа во борба!«

84. И никогаш никому од нив не клањај џеназе и не присуствувај на негов погреб. Тие, навистина, не веруваат во Аллах и во пејгамберот Негов и умираат како неверници.

85. И нека не те чуди ниту имотот нивни ниту децата нивни. Аллах, навистина, посакува да ги казни со тоа на овој свет и да умрат како неверници.

86. И кога ќе се објави суре за ова: »Верувајте во Аллах и борете се со пејгамберот Негов«, – најимашливите меѓу нив ќе побараат од тебе дозвола и ќе речат: »Остави нè да бидеме со оние што не одат во борба!«

87. Беа задоволни што останаа со оние што не одат во борба, и беа запечатени срцата нивни, и не сфаќаа.

88. Но, пејгамберот и оние што веруваа, што се бореа заедно со него и со имотот свој и со животот свој, всушност, ќе имаат благодати и ќе бидат спасени!

89. Аллах подготви градини за нив, низ кои течат реки, и во нив за навек ќе останат. Ете, тоа е победа голема!

90. Некои од бедуините доаѓаа да се извинат и да побараат дозвола да не одат во борба: не отидоа во борба оние што ги порекнуваа Аллах и пејгамберот Негов. Оние меѓу нив, кои не веруваа, нив, ќе ги снајде казна болна!

91. Тоа не е грев ниту за слабите ниту за болните, ниту за оние што немаат средства да тргнат во борба ако се, навистина, искрени кон Аллах и кон пејгамберот Негов. Не може да им се приговори ни на добротворите. Аллах е Простувач и Сомилосен!

92. Ниту на оние, кои, кога ти дојдоа да им дадеш животни за јавање, и кога им рече: »Не можам да ви најдам животни за јавање«, и се сврти со грбот, а очите им ронеа солзи, беа тажни поради тоа што не можеа да се снабдат со потребни средства за борба.

93. Да, има приговор за оние што бараа од тебе дозвола а беа, навистина, богати, и беа задоволни затоа што останаа со оние што не отидоа во

борба. Аллах им ги запечати срцата и тие, токму, ништо не знаат!

## Џуз 11

94. Кога ќе се вратите кај нив, тие ќе ви се оправдуваат. Кажи: »Не оправдувајте се, никогаш нема да ви веруваме, бидејќи Аллах нè извести за вас, навистина! Аллах ќе го види делото ваше, а и пејгамберот Негов ќе го види. Потоа ќе се вратите кај Зналецот на видливото и на невидливото, па ќе ве извести за она што го работевте.«

95. Кога ќе им се вратите, тие ќе ви се колнат во Аллах, ете, само да не ги вознемирувате. Тогаш, не вознемирувајте ги! Да, тие се нечисти, а престојувалиштето нивно, како казна, е Џехеннемот, токму, поради она што го заработија.

96. Тие ви се колнат, за да бидете задоволни од нив. Е, па, ако бидете задоволни од нив, Аллах, навистина, нема да биде задоволен од народот расипнички!

97. Бедуините се најистрајни во неверувањето и во дволичноста и најсвојствено им е да не ги знаат границите на она што му го објави Аллах на пејгамберот Свој. Аллах е Зналец и Мудар!

98. Меѓу бедуините има и такви што сметаат небаре е штетно она што го делат, и таквите само очекуваат да ве погодат несреќи! Несреќата на злото нека ги погоди нив! Аллах слуша сè и знае сè!

99. Меѓу бедуините има и такви што веруваат во Аллах и во оној свет и го прифаќаат она што го

делат како средство да се биде во близината на Аллах и поради благословите на пејгамберот. Па, тоа за нив, навистина, е приближување… Аллах ќе ги воведе во милоста Своја. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

100. Со првите муслимани, Меканците и Мединците и оние што ги следеа во добротворство... со нив, Аллах значи, е задоволен, а и тие се задоволни со Него. Он подготви за нив градини низ кои течат реки и во нив за навек ќе останат. Ете, тоа е победа голема!

101. А, меѓу бедуините што се околу вас има и дволични, а и меѓу жителите на Медина има такви: вешти во дволичноста. Ти не ги знаеш, а Ние ги знаеме. Ќе ги казниме во два наврата, а потоа пак ќе бидат вратени во казната голема!

102. И другите, пак, кои ги признаваа гревовите свои, мешајќи ги добрите дела со други, лоши дела. Аллах, ним, можеби, ќе им прости. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

103. Земај зекат од имотите нивни за да ги очистиш и да ги облагородиш и сети се со благослов за нив. Благословот твој, навистина, ќе ги смири! Аллах слуша сè и знае сè!

104. Зар не знаат дека Аллах, навистина, е Оној што го прима покајанието од робовите Свои; Он ги признава и милосрдијата. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

105. И кажи: »Работете! Па, Аллах ќе го види работењето ваше, а и пејгамберот Негов и верниците ќе го видат; и ќе бидете вратени на Зналецот на невидливото и видливото, па ќе ве извести за она што го работевте!«

106. Има и други што останаа во исчекување на наредбата на Аллах: Он, или ќе ги казни или ќе им прости. Аллах е Зналец и Мудар!

107. И оние што изградија џамија само за да направат штета и да поттикнат неверство, и за да ги одвојат верниците, подготвувајќи ја за оној што војува против Аллах и пејгамберот Негов од порано. Таквите сигурно се колнат: »Ние посакувавме само добро.« А, Аллах сведочи дека тие, навистина, се лажговци!

108. И никогаш не клањај во таа џамија. Џамијата, подигната уште од првиот ден поради богобојазливост, заслужува повеќе да се клања во неа. Во неа се луѓето што сакаат да се очистат, а Аллах ги сака чистите!

109. Кој е подобар? Оној што ја темели градбата поради бојазливост од Аллах и задоволство Негово или оној што ја темели градбата на работ од подлокан брег, наведната, па само што не клизнува со него, во огнот џехеннемски? А, Аллах не го упатува народот неверници!

110. Градбата што ја подигнале потајно ќе предизвикува сомневање во срцата нивни сè додека срцата не им се разединат. Аллах е Зналец и Мудар!

111. Да, Аллах ги купи од верниците животите нивни и имотот нивни: за нив има Џеннет; се борат на патот на Аллах, убиваат на него и гинат на него. Ова е вистинското ветување Негово и во Теврат и во Инџил и во Куран. И кој го исполнува ветувањето како што го исполнува Аллах? Зарадувајте се со добивката ваша која, всушност, ја стекнавте. Ете, тоа е победа голема!

122. Таквите се кајат, и обожаваат, се заблагодаруваат, и постат, се поклонуваат и паѓаат ничкум, и наредуваат добро и одвраќаат од зло, и внимаваат на забраните на Аллах. И зарадувај ги верниците!

113. Не им е дозволено на пејгамберот и на верниците да бараат простување за многубошците, па било да се работи и за блиски роднини, од кога им беше објаснето дека тие, навистина, се жители џехеннемски.

114. Немаше право ни Ибрахим да бара простување за својот бабо. Но, тука се работеше за ветување што само тој му го беше дал. И кога му стана јасно дека тој, навистина, е непријател на Аллах, се откажа. Да, Ибрахим беше милостив и благ!

115. И Аллах не го скршнуваше во заблуда еден народ по упатувањето негово сè додека не му беше објаснето она од што треба да се чува. Аллах, навистина, знае сè!

116. Власта и на небесата и на Земјата, навистина, е – Аллахова! Он оживува и Он умртува. Вие немате, освен Аллах, ниту заштитник ниту поддржник!

117. Да, Аллах му прости на пејгамберот и на дојденците и домаќините што го следеа во тешкиот миг, кога срцата на една дружина меѓу нив само што не се двоумеа; потоа Он им прости. Он, навистина, е Сочувствителен и Сомилосен кон нив!

118. И ќе им прости и на тројцата кои изостанаа од борба: тогаш кога земјата, и покрај нејзината широчина, им изгледаше тесна, и кога душите нивни им се стеснаа, и кога помислија дека, освен Аллах, нема друго засолниште. Потоа Он им прости само за да се покајат. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

119. О верници! Плашете се од Аллах и бидете искрени!

120. Жителите на Медина и бедуините околу нив не требаше да останат зад пејгамберот Аллахов, и да му дадат предност на животот нивни над животот негов. Зашто, ним, нема да им се случи на патот на Аллах ниту жед, ниту замор, ниту глад, а ниту, пак, ќе заземат некое место што ќе ги разгневи неверниците, а ниту, пак, ќе претрпат некакво зло од непријателот, а тоа да не им биде запишано како добро дело. Аллах, навистина, не прави да пропадне наградата за добротворите;

121. и нема да поделат прилог ниту малку ниту многу, и нема да преминат долина, а тоа да не им биде запишано; Аллах, навистина, ќе ги награди подобро од она што го работеа.

122. Сите верници не треба да одат во борба. Од секоја дружина меѓу нив, тогаш, нека се најдат неколкумина што ќе го толкуваат законот на верата, и што ќе го опоменуваат народот свој кога ќе му се вратат, за да бидат претпазливи!

123. О верници! Борете се против неверниците што се околу вас, и нека ја почувствуваат вашата силина. И знајте дека Аллах, навистина, е со богобојазливите!

124. И кога ќе се објави едно суре, меѓу нив има кои велат: »Кому од вас ова суре му го зголеми верувањето?« А, што се однесува, пак, на оние што веруваат, тоа им го зголеми верувањето и тие, токму, се радуваат.

125. А, што се однесува, пак, на оние во чии срца има болештина... та, Он им го зголеми срамното дело над срамните дела нивни и умреа, токму, како неверници.

126. Зар не гледаат дека, навистина, секоја година паѓаат во искушение еднаш или двапати? Потоа не се кајат, а ниту прифаќаат опомена!

127. И кога ќе им се објави суре, гледаат едни во други: »Зар ве гледа некој?« Потоа ќе се разотидат. Па, Аллах нека ги разедини срцата нивни, зашто, навистина, се луѓе што не сфаќаат.

128. Да, ви дојде пејгамбер, меѓу вас е, кому му е тешко за тешкотијата на која ќе наидете, и кој се стреми да се упутите, а сочувствителен е и сомилосен кон верниците!

129. Па, ако го свртат грбот, тогаш кажи: »Аллах ми е доволен. Нема друг бог освен Него. Врз Него се потпирам и Он е Господарот на Аршот голем!«

# СУРА ЈУНУС

## Јунус

Сура 10 - Мекка - 109 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Елиф, лам, ра!** Ова се ајети од Книгата мудра.

2. Зар се чудат луѓето поради тоа што му објавив на еден човек меѓу нив: »Опоменувај ги луѓето и зарадувај ги верниците дека, навистина, ќе има награда прекрасна за нив, кај Господарот нивни.« Неверниците зборуваат: »Овој е вистински волшебник!«

3. Вашиот Господар, навистина, е Аллах што ги создаде небесата и Земјата за шест дена, а потоа, управувајќи со вселената, го запоседна Аршот, одредувајќи им ги животите на созданијата. Само со одобрението Негово има посредување. Ете, тоа е Аллах, Господарот ваш! Та, обожавајте Го! Нема ли да се опоменете?

4. Прибежиштето на сите вас е – кон Него. Ветувањето на Аллах е – вистинското ветување. Он, навистина, го започнува создавањето и Он потоа го возобновува, за да ги награди праведно оние што веруваат и што работат добри дела, а за оние што не веруваат, за нив има напивка од жешка вода и казна болна затоа што, токму, не веруваат.

5. Он го создаде Сонцето да блеска, а Месечината да свети и определи младици, за да го знаете

бројот на годините и сметањето. Аллах го создаде тоа само со вистина, изнесувајќи ги потенко знаменијата за луѓето кои знаат.

6. Во сменувањето на денот и на ноќта, и во она што го создаде Аллах на небесата и на Земјата, навистина, има знаменија за луѓето што се богобојазливи.

7. Да, оние што не ја очекуваат Нашата средба, и што се задоволни со животот на овој свет, и што се спокојни со него, и што ги занемаруваат знаменијата Наши...

8. престојувалиштето нивно е огнот, токму, поради она што го стекнаа.

9. Оние што веруваат и што работат добри дела...нив, Господарот нивни, ќе ги упати поради верувањето нивно. Покрај нив, во градините благословени, ќе течат реки.

10. Молбата нивна во градините е: »Биди славен Аллаху наш«, а поздравот нивни таму е: »Мир!«, а последната нивна молба: »Благодарение на Аллах, Господарот на световите!«

11. Аллах да брза да им даде зло на луѓето како што им дава добро кога го бараат, крајот ќе им беше дојден. Оние што не ја очекуваат средбата со Нас, ќе ги оставиме да талкаат во неверието нивно.

12. И кога човекот ќе го снајде некоја неволја, Нè моли: лежејќи или седејќи или стоејќи. А, кога ќе ја отстраниме неволјата од него, продолжува по истиот пат како да не Нè молел за неволјата што го погодила. Ете, така им се разубавува на расипниците она што го работат.

13. И кога поколенијата пред вас правеа зулум, Ние ги уништувавме. И им доаѓаа пејгамбери со

јасности, и поради тоа што, навистина, не веруваа, Ние ги казнувавме луѓето силници!

14. Потоа Ние определивме по нив да бидете наследници на земјата за да видиме како ќе работите.

15. А, кога им се кажуваат ајетите Наши, јасни, тие, што не ја очекуваат Средбата со Нас, велат: »Донеси Куран поинаков од овој или, пак, измени го.« Кажи: »Не е мое да го менувам ова сам од себе; јас го следам само она што ми се објавува. Јас, навистина, се плашам доколку сум му непослушен на Господарот мој, од казната на Денот голем!«

16. Кажи: »Да сака Аллах, јас Куранот не би ви го кажувал, а ниту Аллах ќе ве запознаеше со него. Пред неговото објавување поминав многу години меѓу вас. Па, нема ли да се вразумите?«

17. Па, кој е поголем злосторник од оној што фрла лага врз Аллах или што ги смета за лажни ајетите Негови!? Злосторниците, навистина, нема да успеат!

18. Обожаваат други покрај Аллах што не им наштетуваат и што не им користат, и велат: »Овие се наши посредници кај Аллах.« Кажи: »Зар Го известувате на Аллах за нешто што Он знае дека тоа не постои на небесата и на Земјата?« Нека биде Славен и Возвишен, високо е над она што Му го здружуваат!

19. Луѓето беа само една заедница, па се разединија. И да не беше речта од Господарот твој, која претходеше, ќе им беше пресудено за она за што, токму, станаа деленици.

20. И зборуваат: »Зошто не му е објавен еден ајет од Господарот негов?« Па, кажи: »Невидливиот

свет, навистина, го знае само Аллах. Тогаш, причекајте. Да, и јас со вас ќе причекам!«

21. И кога Ние одредивме луѓето да ја вкусат милоста, откако им се случи неволја, тие, ете, пак сплеткарат околу ајетите Наши. Кажи: »Аллах е најбрз ако сака да донесе сплетка. Пратениците Наши, навистина, го запишуваат она што го сплеткарите!«

22. Он ви овозможува да патувате и по копно и по море. Дури и со бродовите во кои патувате. И кога ќе тргнат со ветрот умерен, патниците ќе се зарадуваат. Кога ќе задува ветер бурен, и кога брановите ќе удираат од сите страни и ќе помислат дека ќе ги закачат, тогаш, Му се молат на Аллах, искрени во верата своја: »Ако нè извлечиш од ова, ќе бидеме, навистина, благодарни.«

23. И кога ќе ги спаси, ете ги како прават безредие бесправно по земјата. О луѓе! Вашата неправда, за да уживате во животот на овој свет, е против вас. По ова, вашето враќање е кон Нас, па Ние ќе ве известиме за она што го правевте!

24. Да, животот на овој свет е сличен на вода што Ние ја спуштаме од небо, па кога ќе се измешаат со неа растенијата на земјата од кои јадат и луѓето и добитокот, и кога земјата ќе си го поприми своето руво и кога ќе се украси, нејзините жители ќе помислат дека се, навистина, нејзини господари, и тогаш ќе дојде наредбата Наша, ноќе или дење, па ќе ја видиш како е покосена, како вчера и да не постоела. Ете, така Ние потенко ги објаснуваме знаменијата за луѓето што размислуваат!

25. Аллах повикува кон Куќата на мирот и упатува кого сака по патот вистински!

26. За оние што прават добро има и поголемо добро од тоа. Нивните лица нема да ги покрие ниту црнило ниту понижување. Тие се џеннетски жители и во него за невек ќе останат!

27. А, за оние што направија лоши дела, ќе има лоша казна еднаква на она што го направија. И ќе ги обземе понижување и никој од Аллах нема да ги заштити. Нивните лица ќе бидат намуртени како да ги прекриле темни снопови од ноќта. Тие се жители на огнот и во него за навек ќе останат!

28. На Денот кога Ние сите ќе ги собереме и кога на многубошците ќе им речеме: »Останете на вашите места, вие и божествата ваши!« Па, ќе ги разделиме. И божествата нивни ќе речат: »Вие не нè обожававте!

29. Па, Аллах е доволен за Сведок, меѓу вас и меѓу нас, и ние не знаевме дека нè обожававте.«

30. Таму секој ќе биде известен за она што го направил; и ќе бидат вратени на Аллах, вистинскиот нивни Заштитник, а оние што ги измислуваа ќе им бидат недостапни.

31. Прашај: »Кој ве снабдува и од небото и од земјата? И во чија сопственост се слухот и видот? И кој вади живо од мртво и кој вади мртво од живо и кој управува со сето тоа?« Ќе одговорат: »Аллах!« Па, кажи: »Зар нема да бидете богобојазливи?«

32. Тоа ви е Аллах, Господарот ваш вистински. А по вистината има само заблуда. Тогаш, како сте толку расипани!?

33. Ете, така ќе се оствари казнувачкиот збор од Господарот твој врз оние што беа непослушни, кои, навистина, не веруваа!

34. Прашај: »Зар има некое од божествата ваши што ќе го започне создавањето, а потоа ќе го возобнови?« Одговори: »Аллах го започнува создавањето, а потоа го возобновува.« Тогаш, каде сте кинисале!?

35. Прашај: »Зар има некое ваше божество што ќе упати кон вистината?« Одговори: »Аллах упатува кон вистината!« Па, кој има повеќе право да биде следен: оној што упатува кон вистината или оној што не упатува сè додека не биде упатен? Што ви е? Како така расудувате?

36. Мнозината од нив се поведуваат за сомневање. Сомневањето, навистина, не ѝ користи на вистината за ништо. Аллах, секако, го знае она што го работат.

37. Овој Куран не може да се припише на никој друг освен на Аллах. Тој е потврда на она што е објавено пред него и потенко објаснување на Книгата – во која нема сомнение – од Господарот на световите!

38. Или, пак, зборуваат: »Тој го измисли.« Кажи: »Тогаш, донесете едно суре слично нему и повикајте ги оние кои можете, покрај Аллах, ако вистина зборувате.«

39. Но, тие го сметаат за лажно она што не го опфаќаат со своето знаење, бидејќи не им дојде толкувањето негово. Ете, така лажеа и оние што беа пред нив... па, погледни каква беше завршницата на многубошците!

40. Некои од нив веруваат во Куранот, а некои од нив не веруваат во него; Господарот твој најдобро ги знае безредниците!

41. Ако оние фрлаат лага врз тебе, тогаш кажи: »Мене моите дела, а вам вашите дела. Вие сте

далеку од она што го работам, а и јас сум далеку од она што вие го работите.«

42. Меѓу нив има и такви што те слушаат. Па, зар можеш да направиш да слушаат глувите доколку тие не сфаќаат?

43. Од нив има и што гледаат во тебе. А, дали можеш да ги упатиш слепите доколку тие не гледаат?

44. Аллах, навистина, не им прави зло на луѓето, туку луѓето прават зло самите за себе.

45. А, на Денот кога ќе се зберат, ќе им се пристори дека останале само еден миг од денот. Ќе се запознаваат едни со други. Ќе изгубат оние што ја сметаа за лажна средбата со Аллах и кои не беа упатени.

46. Дали ќе ти покажеме нешто од она што го ветивме за нив или ќе ти ја земеме душата... враќањето нивно е – кон Нас. Потоа Аллах ќе биде Сведок за она што го работеа.

47. И за секој народ имаше пејгамбер. Па, кога ќе им дојде пејгамберот нивни, ќе им се суди праведно и нема да им се направи зло.

48. И зборуваат: »Кога ќе се исполни таа закана ако сте искрени?«

49. Кажи: »Само со волја на Аллах можам да си прибавам корист или штета. За секој народ има крај. И кога ќе им дојде крајот, тие нема да можат ниту да го задоцнат ниту да го забрзаат!«

50. Кажи: »Што мислите вие ако ви дојде казната Негова дење или ноќе?« Зошто силниците ја бараат да дојде што побрзо?

51. Кога ќе се случи казната, зар ќе поверувате во неа? Зар тогаш? А, веќе сакавте побрзо да дојде!

52. Потоа ќе им се рече на оние што направија зло: »Вкусете ја вечната казна! Ќе бидете казнети само за она што го направивте!«

53. Бараат да ги известиш: »Дали е тоа вистина?« Кажи: »Да, се колнам во Господарот мој дека казната е вистина и вие нема да можете да ја избегнете.«

54. Кога неверникот би го имал сè она што постои на Земјата, нема да се спаси од казната. Штом ќе ја забележат казната, ќе го затајат покајанието поради изненадноста. Ќе се суди праведно меѓу нив и нема да им се наштети.

55. Сè што е на небесата и на Земјата, навистина е – Аллахово! Да, ветувањето на Аллах е – вистинско! Но, мнозината од нив не знаат!

56. Он дава живот и Он дава смрт и ќе се вратите кај Него!

57. О луѓе! Веќе ви дојде ука од Господарот ваш и лек за она што е во градите ваши, и патоказ и милост за верниците!

58. Кажи: »Нека се радуваат на Аллаховата добрина и на Неговата милост.« Па, ова е подобро од она што го збираат.

59. Кажи: »Што мислите за благодатот што ви го подари Аллах, така што дел од него го правите забранет, а дел дозволен?« Кажи: »Дали Аллах ви го дозволи тоа или за Аллах лаги измислувате?«

60. И што ќе помислат на Денот суден оние што изнесуваа лаги за Аллах? Аллах, навистина, е добротвор кон луѓето, но мнозината од нив не се заблагодаруваат.

61. И што било да направиш и што било да кажуваш од Куранот, и каква било работа да

направите, Ние сме, додека го правите тоа, сведоци. Нема да му се изземе на Господарот твој ниту трошка ситна, ниту на Земјата ниту на небесата, ниту помало ниту поголемо од тоа, а да не е внесено во Книгата јасна!

62. Пријателите на Аллах, навистина, нема да стравуваат и нема да тагуваат:

63. оние што веруваат и што се богобојазливи;

64. за нив има радосница во животот и на овој свет и на оној свет, и нема измена во зборовите на Аллах. Ете, тоа е победа голема!

65. И нека не те жалостат зборовите нивни. Сета моќ, навистина, е – Аллахова! Он слуша сè и знае сè!

66. Ете, така, на Аллах му припаѓа сè што е на небесата и на Земјата. А оние што се молат на други божества, а не на Аллах, тие следат само сомневање и само дрдорат.

67. Он ви ја определи ноќта за да се смирите во неа, а денот, да гледате. Во тоа, навистина, има знамениј за луѓето што слушаат.

68. Зборуваат: »Аллах зема дете.« Славата Нему Му припаѓа! Он е Богат: сè што е на небесата и на Земјата е – Негово. Па, зар имате каков било доказ за тоа што го зборувате? Зар да го зборувате за Аллах она што не го работите?

69. Кажи: »Оние што, навистина, фрлаат лага врз Аллах, тие нема да бидат спасени.«

70. Уживање на овој свет, а потоа: враќањето нивно е – кон Нас. Потоа Ние ќе ги натераме да ја вкусат жешката казна затоа што не веруваа.

71. Изнеси им го кажувањето за Нух, кога на својот народ му рече: »О народе мој! Ако прес-

јот мој меѓу вас е досаден и опомената моја за знамењата на Аллах... та, на Аллах се потпирам. Здружете ја наредбата ваша со божествата ваши, па не криејќи го тоа, одлучете за мене и не одолговлекувајте!«

72. Ако се противставите, тогаш јас не барам од вас награда. Наградата моја, навистина, е кај Аллах и наредено ми е да бидам послушен!

73. И тогаш го сметаа за лажго, па Ние го спасивме, него и оние што беше со него во бродот. И Ние ги определивме да бидат наследници, а оние што не веруваа во знамењата Наши, ги потопивме. Па, погледни каква беше казната за опоменуваните!

74. По него Ние испраќавме пејгамбери до народите нивни. И тогаш им доаѓаа со јасности. И не сакаа да веруваат во она што го порекнуваа порано. Ете, така Ние ги запечативме срцата на претерувачите!

75. И по нив, тогаш, со знамењата Наши, ги испративме Муса и Харун до фараонот и до големците негови. Па, овие се прчеа и беа луѓе силници!

76. И кога од Нас им дојде вистината, говореа: »Ова, навистина, е волшебништво отворено!«

77. Муса рече: »Зар ќе речете, бидејќи ви дојде вистината, ова е волшебништво?« Волшебниците никогаш нема да успеат!

78. Тие рекоа: »Зар дојде да нè оддалечиш од она што го затекнавме кај предците наши, за власта на земјата да ви припадне вам? Ние не ви веруваме.«

79. И фараонот нареди: »Доведете ми ги сите учени волшебници!«

80. И кога волшебниците дојдоа, Муса им рече: »Фрлете го она што имате да го фрлите!«

81. И кога фрлија, Муса рече: »Она со што дојдовте е волшебништво.« Аллах, навистина, ќе го уништи. Да, Аллах не ја подобрува постапката на безредниците!

82. Аллах ја остварува вистината со зборовите Свои, па макар тоа го мразеле силниците.

83. Само некои меѓу народот негов му веруваа на Муса, плашејќи се од фараонот и од големците негови, за да не ги изложат на страдања. Фараонот, навистина, беше дрзок на земјата и во зло претеруваше!

84. И Муса рече: »О народе мој! Ако верувате во Аллах, тогаш треба да се потпирате на Него, ако сте му Нему послушни.«

85. Па, рекоа: »Ние се потпираме на Аллах. Господару наш, не одредувај нè да бидеме искушение за народот злосторнички!«

86. И спаси нè со милоста Твоја од народот неверници!

87. И Ние му објавивме на Муса и на брат му: »Изградете му на вашиот народ куќи во Мисир, а вашите куќи одредете да ви бидат храмови, и клањајте намаз, а ти зарадувај ги верниците!«

88. И Муса се помоли: »Господару наш, Ти им даде на фараонот и на големците негови, навистина, украс и имот во животот на овој свет. Господару наш, тие скршнуваат во заблуда од Твојот пат. Господару наш, уништи го имотот нивни и затврдни ги срцата нивни, па да не повераат додека не ја видат казната болна!«

89. Аллах рече: »Примена е молбата ваша, и двајцата истрајте, тогаш, и не следете ги оние што не знаат!«

90. И Ние одредивме синовите Израилови да патуваат низ море...па, ги следеше фараонот и војската негова, зашто ги мразеше и им беше непријател. И штом започна да се дави, викна: »Јас верувам. Нема друг бог освен Оној во кој веруваат синовите Израилови и јас сум послушен!«

91. -»Зар сега, а порано беше непослушен и беше безредник!

92. Па, денес Ние ќе го сочуваме само твоето тело, за да бидеш знамение за оние по тебе.« Мнозината меѓу луѓето се рамнодушни, навистина, кон знаменијата Наши!

93. Ние синовите Израилови ги сместивме во убава населба и им дадовме изобилно богатство. И штом им дојде знаењето, се разединија. Господарот твој, навистина, ќе им пресуди на Денот суден за она поради што станаа деленици!

94. Ако се сомневаш во она што Ние ти го објавуваме, тогаш прашај ги оние што ја читаат Книгата, објавена пред тебе. Веќе ти дојде Вистината од Господарот твој и никако не сомневај се!

95. И никако немој да бидеш меѓу оние што ги сметаа за лажни знаменијата на Аллах, па да бидеш, навистина, поразен!

96. Да, оние врз кои се оствари казнувачкиот збор од твојот Господар, тие не веруваат;

97. дури и да им дојдеа сите знаменија додека не ја видат казната болна.

98. Нели немаше населба чии жители веруваа, а чие верување им користеше во часот кога ќе ја здогледаа казната? Со исклучок на луѓето на Јунуз, кои, штом поверуваа, Ние ја отстранивме казната срамна од нив, во животот на овој свет, и определивме да уживаат извесно време.

99. Кога Господарот твој би сакал, тогаш сите на земјата би станале верници. Е, па зар ќе ги присилиш луѓето да веруваат?

100. Никој не е верник освен со одобрението на Аллах и Он ги казнува оние што не сфаќаат.

101. Кажи: »Посматрајте го она што е на небесата и на Земјата!« И знаменијата не се од корист и од опомена за луѓето што не веруваат.

102. Па, зар очекуваат да ги снајде нешто слично на она што ги снајде оние што беа пред нив? Кажи: »Тогаш очекувајте, а и јас сум од оние што очекуваат.«

103. Потоа Ние ги спасивме пејгамберите Наши и, навистина, оние што веруваа. Ете, обврска ни е да ги спасиме верниците.

104. Кажи: »О луѓе! Ако сте при сомнение во верата моја... та, не ги обожавам оние што вие ги обожавате освен Аллах. Но, јас го обожавам Аллах, Кој, токму, ви одредува да умрете, и наредено ми е да бидам верник.«

105. И, така, сврти го лицето твое кон верата вистинска. И никако не биди многубожец!

106. И не моли се на друг бог освен Аллах што не ти користи и што не ти штети. Ако направиш така, тогаш ќе бидеш неверник, навистина!

107. Ако Аллах даде да ти се случи некаква неволја, па оваа не може да ја отстрани никој друг освен Него, а ако, пак, ти посака од добрината Своја, тогаш никој не може да ѝ се справи. Со неа, од робовите Свои, Он наградува кого сака. Он е Простувач и Сомилосен!

108. Кажи: »О луѓе! Веќе ви дојде вистината од Господарот ваш. Па, оној кој ќе се упати, тој се упатува самиот себе, навистина! А, оној кој ќе

скршне, тој самиот си скршнува во заблуда. Не е мое да ви бидам закрилник!«

109. И следи го она што ти се објавува и биди трпелив сè додека Аллах не пресуди. Меѓу судиите Он е Најдобриот!

# СУРА ХУД

## Худ

Сура 11 - Мекка - 123 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Елиф, лам, ра!** Ова е Книга чии ајети се редат по ред, а потоа се потенко објаснети од Мудриот и Известениот!

2. За ова: »Само Аллах да Го обожавате. Јас сум ви од Него, навистина, опоменувач и радосник.«

3. И уште: »Да барате простување од Господарот ваш, потоа покајание да Му упатувате; ќе ви подари обилно уживање до едно определено време. И на секој добротвор, од добрината Своја, ќе му даде. А, ако го свртите грбот...та, се плашам за вас, зашто, навистина, ќе ве снајде казна на Денот голем.«

4. Враќањето ваше е – кон Аллах. Он е Кадар за сè!

5. Ете, оние ги вртат градите свои, за да се скријат од Него. Ете, оние се покриваат со облеката своја. Он го знае и она што го кријат и она што го обелоденуваат. Он, навистина, го знае она што е во градите!

Џуз 12

6. Нема ниедно жио суштество на земјата на кое Аллах не му дава храна и Он да не го знае неговото престојувалиште и неговото погребалиште. Сето тоа е забележано во Книгата јасна.

7. Он ги создаде небесата и Земјата за шест дена, – а престолот Негов беше над водата, – за да ве испроба кој работи најдобри дела. А, ако им речеш: »Вие ќе бидете оживеани по смртта« – тие што не веруваат, навистина, ќе ти речат: »Ова е само волшебништво очигледно!«

8. А, кога би ја задоцниле казната за нив сè до еден рок определен, сигурно ќе речат: »Што ја спречува?« На Денот кога таа ќе им пристигне, нема да може да им се отстрани, и ќе се овистини затоа што ѝ се исмејуваа.

9. А, кога ние на човекот би му дале да вкуси милост од Нас и ако потоа Ние ја одземеме, тој, тогаш, навистина, очајува и не се заблагодарува!

10. Да, кога би направиле да вкуси благодат по несреќата што му се случи, сигурно ќе рече: »Се отстранаа лошотиите од мене!« Тој, навистина, е надуен и горделив!

11. Но такви не се оние што се трпеливи и што работат добри дела. За нив има простување и награда голема!

12. Не изоставувај ништо од она што ти се објавува, што ти ги стеснува градите твои, да не речат: »Зошто не му е спуштена некаква ризни-

ца или зошто не дојде мелек со него?« Ти си, навистина, опоменувач! Аллах е Закрилник на сè!

13. Или, пак, ќе речат: »Тој го измисли.« Кажи: »Па, донесете десет измислени суриња, слични на неговите. И повикајте кого можете – освен Аллах – ако вистина зборувате.«

14. А, ако не ви се одзвијат... та, знајте дека Куранот, навистина, се објавува само со знаењето на Аллах и дека нема друг бог освен Него. Тогаш, ќе бидете ли послушни?

15. На оние што го сакаат животот на овој свет и неговиот украс, ним, ќе им ги подмириме работите во него и тука нема ништо да им биде скратено:

16. а тоа се оние за кои, на оној свет, ќе има само казна. Таму ќе им пропадне она што го изградија и ќе им биде ништожно она што го работеа.

17. Зар е еднаков оној што е при јасноста од Господарот свој, што ја проследуваше сведокот испратен од Него, со оној што не верува во неа? А и од порано беше објавена Книгата на Муса, показот и милоста, во која веруваа. Зар тој е еднаков со оној од дружините што не веруваа во неа? За таквиот огнот е неговото престојувалиште, и, тогаш не сомневај се во неа. Таа, секако, е вистина од Господарот твој, но мнозината меѓу луѓето не веруваат.

18. И кој прави поголем зулум од оној што фрла лага врз Аллах? Таквите ќе бидат доведени пред својот Господар, а сведоците ќе речат: »Тоа се оние што го порекнуваа Господарот свој.« И проклетството на Аллах нека биде врз силниците!

19. Тие што одвраќаат од патот на Аллах и што го искривуваат... тие, токму, не веруваат во оној свет!

20. Тие на земјата се немоќни да ја избегнат казната и, освен Аллах, нема да имаат друг заштитник. Казната за нив ќе биде удвоена. Не се во состојба ниту да слушаат ниту да гледаат.

21. Да, таквите се упропастија самите себе и ќе го снема од нив она што го измислуваа.

22. А, на оној свет тие се, сигурно, страдалници.

23. Оние што, навистина, веруваат и што работат добри дела, и што се оддадени на Господарот свој, тие се жители џеннетски и во него за навек ќе останат:

24. пример на двајца: слеп и глув од една и оној што гледа и оној што слуша, од друга страна. Зар можат овие двајца, на пример, да се изедначат? Зар нема да се опоменете?

25. И Ние го испративме Нуха до народот негов: »Јас сум ви, навистина, јасен опоменувач!

26. Зар ќе обожавате друг освен Аллах? Јас за вас, навистина, се плашам од казната на Денот мачен!«

27. Па, големците меѓу народот негов, кои не веруваа, рекоа: »Во тебе гледаме човек како што сме и ние. И гледаме како те следат, токму, најпростите меѓу нас, оние со површно мислење; не гледаме, исто така, дека имате предност над нас, туку при мислење сме дека сте лажговци!«

28. Нух рече: »Гледате ли, о народе мој, како се потпирам на јасноста од Господарот мој, и Он ми даде од милоста Своја, а ете, вие сте слепи за неа. Зарем да ве принудиме да ја прифатите кога вие, токму, ја презирате?

29. За ова, народе мој, не барам никаква награда; наградата моја е само кај Аллах, и јас не сум тој што ги истерува оние што веруваат, зашто тие

ќе се сретнат со Господарот свој. Но, јас ве гледам дека сте неук народ.

30. Народе мој, кој ќе ме заштити од Аллах ако ги истерам верниците? Зар нема да се опоменете?

31. Јас не ви велам дека при мене се ризниците на Аллах, а ниту го знам она што е невидливо, и не велам дека сум, ете, мелек. И не велам, исто така, дека на оние што ги презираат очите ваши, дека Аллах нема да им даде добро. Аллах го знае она што е во душите ваши... во спротивно јас би бил, навистина, неправеден.«

32. Тие рекоа: »О Нух! Ти веќе расправаше со нас, па ја разгоре расправата наша. И, направи да ни дојде, доколку си искрен, она што ни го вети!«

33. Тој рече: »Да, тоа ќе ви дојде, доколку Аллах посака, а вие ќе бидете немоќни.

34. Ниту пак ќе ви користи советот мој – ако Аллах посака да ве заведе – ако посакам да ве посоветувам. Он е ваш Господар и Нему ќе Му се вратите!«

35. Или зборуваат: »Тој го измислува.« Кажи: »Ако го измислувам, тогаш гревот е мој, а јас сум далеку од грешењата ваши.«

36. И на Нух, навистина, му беше објавено ова: »Никој нема да верува од народот твој, освен оние што веруваа. Па, не очајувај за она што го направија.

37. И прави лаѓа пред Наши очи и според Наша објава. И не моли Ме за оние кои направија зло. Тие, навистина, ќе бидат потопени!«

38. И тој правеше лаѓа, и секојпат кога ќе поминеа крај него, големците меѓу народот негов, му

се потсмеваа. Тој рече: »Ако ни се потсмевате и ние ќе ви се потсмеваме, токму, онака како што се потсмевате.

39. Па, ќе узнаете кого ќе погоди казната, кого ќе снајде казна постојана.«

40. Потоа, кога наредбата Наша стигна, и кога лонецот почна да врие, Ние рековме: »Натовари во лаѓата по еден пар од сите животни, и семејството твое, но не и оние за кои стана збор порано, земи ги и оние што веруваат.« Но, оние што веруваа, кои беа со него, беа неколкумина.

41. И рече: »Качете се во лаѓата! Во името Аллахово нека плови и нека застане! Господарот мој, навистина, е Простувач и Сомилосен!«

42. И лаѓата ги понесе низ брановите како ридови, и Нух го повика син му, кој беше останал подалеку: »О синко мој! Качи се во лаѓава со нас и немој да бидеш со неверниците!«

43. А, син му рече: »Ќе се искачам на ридот што ќе ме заштити од водата.« А Нух рече: »Денес нема никој што ќе се заштити од наредбата на Аллах, освен оној кому Он ќе му се смилува.« И се испречи бран меѓу нив и син му беше меѓу потопените!

44. И беше речено: »О земјо! Впиј ја твојата вода! А ти небо, престани со дождот!« И водата се повлече и работата веќе беше решена, и лаѓата застана на Џудиј, и беше речено: »Далеку нека биде народот неверници!«

45. И го замоли Нух својот Господар, и рече: »Господару мој, мојот син, навистина, е чедо мое, а ветувањето Твое е вистинско и Ти си меѓу судиите Најдобриот!«

46. Аллах рече: »О Нух! Тој не е од семејството твое: тој е непоправлив. Па, не моли Ме за оној

за кого не знаеш. Јас, навистина, те советувам да не бидеш меѓу неуките!«

47. Нух рече: »Да, Господару мој, јас тебе ти се приклонувам: никогаш нема да Те молам за она што не го знам. И доколку не ми простиш и не ми се смилуваш, ќе бидам, навистина, меѓу поразените!«

48. Беше речено: »О Нух! Слези со поздрав од Нас, и со бериќетите врз тебе и врз луѓето што се со тебе, а ќе има и такви народи на кои Ние ќе им даваме да уживаат едно време, а потоа ќе ги погоди казна болна од Нас.«

49. Ете, тоа се дел од кажувањата за непознатото, кои, токму, Ние ти ги објавуваме. Не ги знаевте од порано ниту ти ниту твојот народ. Па, стрпи се, зашто, навистина, наградата е завршница за богобојазливите!

50. И до Ад, братот нивни Худ, Ние го испративме. Тој рече: »О народе мој! Обожавајте Го Аллах. Немате друг бог освен Него. Вие сте само лажговци!

51. О народе мој! Не барам награда за ова од вас. Наградата моја е кај Оној што ме создаде. Зар нема да се вразумите?

52. О народе мој! Барајте простување од Господарот ваш, потоа покајте Му се, зашто Он ќе ви испрати изобилен дожд од небото, и Он ќе ја зголеми моќта врз вашата моќ и не вртете го грбот како силниците.«

53. Тие рекоа: »О Худ! Ти не ни донесе јасност и ние нема да ги оставиме божествата наши поради твојот збор и, навистина, нема да ти веруваме!«

54. Ние тврдиме дека некое од божествата наши те погодило со зло. Тој рече: »Аллах го земам

за сведок, и посведочете дека сум, навистина, далеку од она што Му го здружувате,

55. дека има друг бог освен Аллах. Па, лукаво постапете против мене и не давајте ми никаков рок,

56. јас, навистина, се потпирам на Аллах, Господарот мој и Господарот ваш. Нема ниедно создание, а Он да нема моќ врз него. Господарот мој, навистина, упатува кон патот вистински!«

57. Па, ако го свртите грбот, ете јас ви го доставив она со што бев испратен до вас. И Господарот мој ќе ве замени со друг народ и нема да Му наштетите за ништо. Господарот мој, навистина, е Бдеец над сè!

58. И кога стапи наредбата Наша, Ние го спасивме Худа и оние што му веруваа, со милоста Наша, и ги сочувавме од казната жестока.

59. Тоа е Ад. Неговите луѓе не ги признаваа знамењата на Господарот свој и беа непослушни кон пејгамберите Негови и ја следеа наредбата на секој силник, тврдоглав!

60. И ги следеше проклетството на овој свет, а ќе ги следи проклетството и на Денот суден. Ад, навистина, не веруваше во Господарот свој. Далеку нека е Ад, народот на Худ!

61. И до Семуд, нивниот брат Салих, Ние го испративме. Тој рече: »О народе мој! Обожавајте Го Аллах! Немате друг бог освен Него. Он ве создаде од земја и ве насели на неа... па, барајте простување од Него, потоа покајте Му се, зашто Господарот мој, навистина, е блиску и се одзвива!«

62. Тие рекоа: »О Салих! Ти беше пред ова надеж меѓу нас. Зар ќе ни забраниш да го обожаваме она што го обожаваа предците наши, така што,

навистина, ние се сомневаме во она кон што нè повикуваш.«

63. Тој рече: »О народе мој! Што мислите ако сум при јасноста од Господарот мој и ако ми даде милост од Него, тогаш кој ќе ми помогне кај Аллах ако сум непослушен кон Него? Ете, вие само го зголемувате мојот пораз.

64. О народе мој! Еве знамение за вас, камила од Аллах. Оставете ја нека пасе по земјата Аллахова и не нанесувајте ѝ зло зашто ќе ви се случи блиска казна.«

65. Па тие ја заклаа, и тогаш тој рече: »Уживајте во домовите ваши три дена. Ете, тоа е закана вистинска!«

66. И кога настапи Нашата наредба, Ние, со милоста Наша, го спасивме Салих, а и оние кои веруваа, кои беа со него, од срамната казна на тој ден. Господарот твој, навистина, е Јак и Силен!

67. И оние што зулум правеа, нив, ги погоди страшен глас и, ете останаа во домовите свои, скаменети,

68. како никогаш да не беа вселени во нив. Ете, Семуд, навистина, не го признаваше Господарот свој. Далеку нека е Семуд!

69. И пратениците Наши му дојдоа на Ибрахим со радосница. Тие рекоа: »Мир!« Тој рече: »Мир!« И веднаш им донесе печено теле!

70. И кога ги виде нивните раце како не го допираат месото, се вчудовиди од нив и почувствува страв. Тие рекоа: »Не плаши се, ние сме испратени до народот на Лут!«

71. А, жената негова стоеше тука, па се насмевнуваше. Ја зарадувавме со Исхак, а по Исхак и со Јакуб.

72. И жената рече: »Е, тешко мене!« Зарем јас да родам, стара сум, мажот ми е стар и изнеможен? Ова, навистина, е чудна работа.«

73. Тие прашаа: »Зар се чудиш на наредбата на Аллах?« Нека бидат со вас Милоста на Аллах и бериќетите Негови, о Ехлул-Бејт! Он, навистина, е за благодарност Достоен и е Возвишен !

74. И кога на Ибрахим му се тргна стравот, и кога му дојде радосница, почна да зборува со Нашите пратеници за народот на Лут.

75. Да, Ибрахим беше благ, мек и оддаден!

76. Ибрахим, избегни го тоа. Ти дојде Наредбата од Господарот твој, а ним ќе им дојде, навистина, казна неизбежна.

77. И кога Нашите пратеници му дојдоа на Лут, доаѓањето нивно му беше непријатно, и во душата си почувствува теснотија, и рече: »Ова е тежок ден!«

78. И му дојдоа луѓето, брзајќи кон него, а порано правеа срамни дела. И Лут рече: »О луѓе мои! Еве ви ги ќеркиве мои, тие ви се почисти. Па, плашете се од Аллах, и во присуство на моиве гости, не срамотете ме. Зар нема некој разбирлив човек меѓу вас?«

79. Тие рекоа: »Веќе знаеш дека не ни се потребни ќерките твои. И ти, сигурно, ќе го дознаеш она што го сакаме.«

80. Лут повика: »Е, кога би имал моќ против вас или кога би можел да се потпрам кај некој што поседува голема сила!«

81. Тие рекоа: »О Лут! Ние сме пратеници од твојот Господар. Па, тие нема да те фатат, и затоа отпатувај со семејството, но не земај ја жената твоја, во половината од ноќта, и никој од вас

нека не го врти погледот наназад. Да, нејзе ќе ѝ се случи она што ќе им се случи и ним. Рокот нивни, навистина, се мугрите. А зар мугрите не се блиску?

82. И кога стапи Нашата наредба, сè она што беше горе, Ние го срамнивме и ги опсипавме со густ дожд, скаменет кал што паѓаше без прекин,

83. веќе одреден за тоа од твојот Господар, и таквото нешто не е далеку од неверниците.

84. И до Медјен, братот нивни Шуајб, Ние го испративме. Тој рече: »О народе мој! Обожавајте Го Аллах. Немате друг бог освен Него. И не скратувајте ниту на кантар ниту на вага. Јас гледам дека сте, навистина, во изобилно добро и, навистина, се плашам за вас од казната на Денот сеопфатен.

85. О народе мој! Мерете праведно и на кантар и на вага, и не скратувајте им на луѓето од нештата и не сејте безредие по земјата!

86. Она што Аллах ви го остави е подобро за вас, ако сте верници! Јас не сум ви чувар!«

87. Тие прашаа: »О Шуајб! Дали богобочитта твоја ти налага да го напуштиме она што го обожаваат предците наши или, пак, според наша желба да не постапуваме со нашиот имот? Ти си, навистина, благ и бистар!«

88. Тој рече: »О народе мој! Зар не гледате дека сум при јасноста од Господарот мој, Кој ме снабди со изобилно богатство? И не сакам да го работам она што ви го забранувам, туку сакам, колку што е во моја можност, да направам добро. А, мојот успех зависи само од Аллах. Се потпирам на Него и Нему Му се обраќам!

89. О народе мој! Несогласувањето со мене нека не ве доведе до тоа да ви се случи несреќа слична

на онаа што му се случи на народот на Нух или на народот на Худ или на народот на Салих. А, ни народот на Лут не е далеку од вас.

90. Барајте простување од Господарот ваш, потоа упатете Му покајание. Господарот мој, навистина, е Сомилосен и Наклонет!«

91. Тие рекоа: »О Шуајб! Ние не разбираме многу од тоа што го кажуваш; ти си слабак меѓу нас, а да не е твојата роднина, ќе те каменуваме. Ти немаш никаков углед меѓу нас.«

92. Тој рече: »О народе мој! Зар мојата роднина ви е поугледна од Аллах? А, вие Нему му го свртивте грбот. Господарот мој, навистина, го опфаќа она што го работите.

93. О народе мој! Работете онолку колку што е во ваша можност, а и јас, навистина, ќе си работам. Ќе узнаете кому ќе му дојде казната, кој ќе биде поразен и кој е лажго. Очекувајте, а и јас, навистина, со вас ќе очекувам!«

94. И кога стапи наредбата Наша, го спасивме со милоста Наша, Шуајб и оние што му веруваа, а оние што зулум направија, нив, ги погоди страшен глас, па останаа во своите домови, скаменети,

95. како да не беа никогаш во нив. Далеку нека е Медјен како што е далеку и Семуд!

96. И Муса Ние го испративме со знамењата Наши и со јасен доказ,

97. до фараонот и до неговите големци. Па, ја следеа наредбата на фараонот. А, наредбата на фараонот не е упатувачка.

98. Фараонот на Денот суден ќе го предводи својот народ и ќе го турне во огнот. Е, само колку е лошо местото каде што ќе бидат турнати!

99. Проклетството ги следеше на овој свет, а ќе ги следи и на оној свет. Е, само колку е лошо тоа следување!

100. Ете, тоа се некои од кажувањата за населбите, за кои Ние ти кажуваме, од кои некои постојат, а некои се снемани.

101. И Ние не им направивме зло, туку самите си направија зло за себе. И божествата, на кои им се молеа, а не се молеа на Аллах, во ништо не им помогнаа, зашто стапи наредбата од Господарот твој. И тие само страдањето им го зголемуваа!

102. Ете, таква беше казната од Господарот твој секогаш кога ќе ги казнеше населбите невернички. А казната Негова, навистина, е болна и силна!

103. Ете, во тоа, навистина, има знамение за оној што се плаши од казната на оној свет; тоа е Ден во кој луѓето ќе бидат збрани; тоа е Ден во кој ќе присуствуваат сите!

104. И тој Ден Ние го одгодуваме, а тој, сепак, е одреден.

105. Тој Ден ќе дојде. Тогаш никој нема да зборува освен со одобрението на Аллах. Па, некои меѓу нив ќе бидат несреќни, а некои ќе бидат среќни.

106. Што се однесува на несреќните, тие ќе бидат во огнот и во него тешко ќе издишуваат и вдишуваат.

107. И во него за навек ќе останат сè додека траат небесата и Земјата, освен по желба на Господарот твој. Господарот твој, навистина, работи што сака!

108. Што се однесува на среќните, тие ќе бидат во Џеннет и во него за навек ќе останат сè доде-

ка траат небесата и Земјата, освен по желба од Господарот твој. Тоа ќе биде неограничен дар.

109. И не биди, тогаш, при сомнение во врска со она што го обожаваат многубошците. Тие го обожаваат само она што го обожаваа нивните предци од порано. И без да им се скрати, ќе им го дадеме заслуженото.

110. И на Муса, навистина, Ние му дадовме Книга...па, тие станаа деленици во врска со неа. И да не беше зборот од Господарот твој, кој претходеше, сигурно ќе беше пресудено меѓу нив. Да, тие наголемо се сомневаат во Куранот.

111. И на сите нив, за делата нивни, Господарот твој, навистина, ќе им го даде заслуженото. Да, Он е Известен за она што го работат!

112. Па, издржи по патот вистински онака како што ти е наредено, а така нека постапат и оние кои се со тебе и не преминувајте ги границите! Он, навистина, го гледа она што го работите!

113. И не поддржувајте ги оние што направија зло... та, огнот ќе ве гори и, освен Аллах, немате други заштитници, а потоа нема да ви се помогне!

114. И клањај го намазот на почетокот и при крајот на денот и во почетоците на ноќта. Добрите дела, навистина, ги бришат лошите дела. Ете, тоа е опомена за оние што се опоменуваат!

115. Стрпи се! Та, Аллах, навистина, нема да им ја намали наградата на добротворите!

116. Зар немаше честити низ вековите пред вас што спречуваа да се прави безредие на земјата? Но, беа само малкумина од нив, оние што ги спасивме. А оние што го следеа злото, тие уживаа во него и беа силници!

117. И Господарот твој нема да ги поништеше населбите неправедно да беа добротвори жителите нивни.

118. А, Господарот твој да сакаше, Он ќе ги направеше луѓето да ѝ припаѓаат на една вера; но, тие, сепак, постојано се разединуваат,

119. но тоа не го прават оние на кои им се смилува Господарот твој и кои ги создаде за тоа. И казнувачкиот збор на Господарот твој ќе се оствари: »Навистина, ќе го наполнам Џехеннемот заедно: со џинови и со луѓе!«

120. И сѐ што ти кажуваме за пејгамберите е само за да ти се зајакне срцето. А со оваа вистина ти дојде ука и опомена за верниците!

121. И кажи им на оние што не веруваат: »Работете колку што е во ваша можност, а и ние, навистина, ќе работиме.

122. Очекувајте а и ние, исто така, ќе очекуваме.«

123. Тајната и на небесата и на Земјата е – Аллахова! И сѐ му се враќа Нему. Па, обожавајте Го и потпрете се на Него. А, Господарот твој не е невнимателен кон она што го работите!

# СУРА ЈУСУФ

## Јусуф

Сура 12 - Мекка - 111 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Елиф, лам, ра!** Овие се ајети од Книгата јасна!

2. Ние го објавивме, навистина, Куранот на арапски, за да сфатите.

3. И Ние ти ги кажуваме најубавите кажувања, објавувајќи ти го овој Куран, иако пред него беше меѓу оние што не знаат за него!

4. И кога Јусуф му рече на бабо му: »О бабо! Во сон видов, навистина, единаесет ѕвезди, и Сонцето и Месечината како ми се поклонуваат!«

5. Бабо му рече: »О синко! Не кажувај го сонот на твоите браќа, зашто ќе ти направат некаква сплетка. Шејтанот, навистина, за човекот е отворен непријател.«

6. Ете, така Господарот твој ќе те одбере и ќе те поучи во толкувањето на настаните и ќе го надополни Својот благодат врз тебе, и врз семејството на Јакуб онака како што го надополни врз твоите предци, пред тебе, и врз Ибрахим и врз Исхак. Господарот твој, навистина, е Зналец и Мудар!«

7. И при Јусуфа и при браќата негови има, навистина, знамениja за оние што прашуваат;

8. кога рекоа: »Да, Јусуф и брат му се помили кај бабо ни, а ние сме, навистина, силна дружина, а бабо, навистина, е во очигледна заблуда!

9. Убијте го Јусуфа или однесете го во некоја далечна земја. Љубовта на бабо ви ќе биде свртена кон вас и, по него, ќе бидете угледни луѓе!«

10. И еден меѓу нив рече: »Не убивајте го Јусуфа, туку фрлете го, ако веќе тоа го правите, во дно на некој бунар, и така ќе си го земе некој карван.«

11. И тие рекоа: »О бабо наш! Зошто немаш доверба да ни го довериш Јусуфа? Ние него, навистина, само ќе го советуваме!

12. Испрати го утре со нас во прошетка за да се поигра. Навистина, ќе го чуваме!«

13. Јакуб рече: »Да, ќе ме обземе грижа доколку го одведете и се плашам да не го изеде волк кога нема да му обрнете внимание.«

14. Браќата рекоа: »Па, како ќе го изеде волк: ние сме силна дружина, навистина! Во тој случај тоа би бил пораз за нас«.

15. И кога го одведоа, се согласија да го фрлат на дното од еден бунар. И тука Ние му објавивме: »Ти, навистина, ќе ги известиш за оваа нивна работа и тие воопшто нема да те препознат.«

16. И дојдоа браќата на Јусуф кај бабо им ноќе, плачејќи,

17. и рекоа: »О бабо наш! Ние бевме отишле да се наттрчуваме и го оставивме Јусуфа да ни ги чува стварите, и така го зграпчи еден волк. Иако ние вистина зборуваме, ти, можеби, не ни веруваш!«

18. И ја донесоа кошулата негова натопена со лажна крв. А, тој рече: »Не, во вашите души нај-

довте нешто што ве радува. И мене ми останува само достоинствено да се стрпам и да побарам помош од Аллах за она што го изнесувате!«

19. И пристигна еден карван. Го испратија водоносецот. Овој ја спушти кофата. И рече: »Каква радост за нас; еве ни дете!« И го скрија како стоката трговска. Аллах го знае она што го направија.

20. И го продадоа евтино: само за износ од неколку дирхеми. Одвај чекаа да се ослободат од него.

21. А оној што го купи, од Мисир, ѝ рече на жена му: »Направи го пријатен неговиот престој; можеби ќе ни биде од корист или, пак, ќе го посиниме.« И, ете така, Ние го сместивме Јусуфа во таа земја и го поучивме во толкувањето на соништа. Аллах е Победник со наредбата Своја, но мнозината на луѓето не знаат!

22. И кога порасна, Ние му подаривме мудрост и знаење. И, ете така ги наградуваме добротворите!

23. И настојуваше да го заведе, онаа во чија куќа беше тој, и ги испозатвора вратите, и рече: »Дојди!« А Јусуф рече: »Аллах да ме сочува, газдата мој, навистина, престојот ми го направи убав. Грешниците, навистина, нема да бидат спасени!«

24. И таа покажа желба за него. А тој да не го видеше доказот од Господарот свој, ќе покажеше желба за неа. Ете, така Ние не дозволивме лошо и срамно дело од него. Он, навистина, е меѓу Нашите робови чисти.

25. И двајцата потрчаа кон вратата. И таа ја искина неговата кошула одзади. И наидоа на нејзиниот маж на самата врата, и таа рече: »Каква е

казната за оној што сака да ја обесчести твојата жена; ништо освен да се затвори или да се казни болно?«

26. Јусуф рече: »Таа сакаше да ме заведе.« И еден сведок, тогаш, од семејството нејзино, вака посведочи: »Ако кошулата негова е искината однапред, во право си, а Јусуф, во тој случај, лаже.

27. А, ако кошулата негова е искината одзади, таа не е во право, и во тој случај, тој не лаже.«

28. И кога ја виде неговата кошула искината одзади, рече: »Ова е една од вашите сплетки. А, сплетките на жените се, навистина, големи!

29. Јусуф, занемари го ова! А ти, жено, побарај простување за твојот грев. Ти си, навистина, грешница!«

30. И жените по градот почнаа да зборуваат: » Жената на величеството негово посака да го заведе момчето кај неа. Страствено се вљубила во него. Ние сметаме дека таа, навистина, е застранета во очигледна заблуда!«

31. И кога жената слушна зборањици, испрати еден човек да ги повика жените, и им подготви дивани, и на секоја од нив ѝ даде нож, и рече: »Излези пред нив!« И кога го видоа, се зачудија и ги испосекоа прстите, и рекоа: »Аллах да сочува, ова не е човек; ова може да биде само мелек благороден!«

32. Таа рече: »Ете, тој е оној за кого ме озборувавте. Посакав да го заведам, а тој се воздржа. И ако не го направи она што му го наредувам, ќе го фрлам в затвор и ќе биде меѓу понижените!«

33. И Јусуф се помоли: »Господару мој, затворот ми е помил од она кон што ме повикуваат. Ако не ме сочуваш од нивните сплетки, ќе ми се по-

јави желба кон нив и ќе бидам, тогаш, меѓу неуките!«

34. Па, Господарот негов му ја услиши довата и го сочува од нивната сплетка. Он, навистина, слуша сè и знае сè!

35. Потоа веднаш видоа знаменија, и им се пристори дека најубаво е за едно определено време да го фрлат в затвор.

36. Во затворот со него влегоа уште две момчиња. Едното рече: »Јас сонував, навистина, дека цедам вино«, а другото, пак, рече: »Јас сонував, навистина, како носам над главава леб што го клукаа птици. Протолкувај ни го значењето нивно! Гледаме дека си, навистина, добродушен!«

37. Јусуф рече: »Нема да ви дојде ниедна храна што ја трошите, а да не ве известам каква е таа пред да ви дојде. Тоа е, ете, еден дел од она со што ме поучи мојот Господар. Да, јас ја напуштив верата на народот што не веруваше во Аллах и што не го признаваше оној свет!

38. Ја следам верата на моите предци: Ибрахим, Исхак, Јакуб. Не ни доликува да Му здружуваме другар на Аллах. Ете, тоа е од добрината на Аллах кон нас и кон луѓето, но мнозината меѓу луѓето не се заблагодаруваат.

39. О другари мои затворски! Кој е подобар: расфрлени божества или еден Аллах, Моќен!

40. Оние што ги обожавате освен Аллах, тие се само имиња што им ги дадовте, вие и предците ваши; Аллах не ви објави никаков доказ за тоа. Пресудата е само Аллахова. Ви нареди да Го обожавате само Него. Е, тоа е постојаната вера, но мнозината меѓу луѓето не знаат!

41. О другари мои затворски! Владетелот еден од вас ќе го напие со вино, а другиот ќе го расп-

не и птиците ќе јадат од неговата глава. Така е одредена судбината за која барате одговор.«

42. И Јусуф му рече на едниот за кого мислеше дека ќе биде спасен: »Спомни ме кај твојот господар.« Шејтанот, меѓутоа, направи да заборави тој да го спомне кај господарот негов и поради тоа Јусуф остана в затвор уште неколку години.

43. И владетелот рече: »Јас сонував, навистина, седум крави дебели на кои ги јадат седум крави слаби и седум класја зрели и други седум суви. О големци! Протолкувајте ми го сонот ако толкувате соништа!«

44. Тие рекоа: »Матни соништа! Ние не знаеме да ги објаснуваме таквите соништа.«

45. И оној од двајцата, кој се спаси, кој се сети на дружењето со Јусуф, рече: »Јас ќе ви го изнесам значењето: само испратете ме до Јусуф!«

46. »О Јусуф, о пријателу! Протолкувај ни што значат седум крави слаби да јадат седум крави дебели и седум класја зрели и други седум класја суви, за да се вратам кај луѓето и да знаат што значи тоа.«

47. Јусуф рече: »Седум години ќе сеете без прекин. Она што ќе го пожнеете, ставете го во амбари, а само малку трошете за храна.

48. Потоа ќе настапат седум тешки години, па ќе се потроши она што го збиравте, но не и она малку за сеидба што ќе го скривате.

49. Потоа ќе настапат години во кои на луѓето ќе им паѓа дожд изобилен и во тие години луѓето ќе цедат од плодовите.«

50. И владетелот рече: »Доведете ми го!« И кога пратеникот му дојде, рече: »Врати му се на вла-

детелот и прашај го што се случи со жените што си ги испосекоа рацете. Господарот мој, навистина, им ги знае сплетките.«

51. Владетелот праша: »Што ви беше кога посакавте да го заведете Јусуф?« Тие рекоа: »Алах да чува, ние не знаеме ништо лошо за него.« И жената на моќникот рече: »Сега вистината излезе на виделина. Јас посакував, токму, да го заведам, но тој се покажа чесен.«

52. И ете, нека знае дека, навистина, не го изневерив тајно. И Алах, навистина, не ја овистинува сплетката на изневерителите!

## Џуз 13

53. Јас, меѓутоа, не се оправдувам. Душата, навистина, е наклонета кон зло, освен онаа на која ѝ се смилува Господарот мој. Господарот мој е Простувач и Сомилосен!«

54. И владетелот рече: »Доведете го Јусуфа кај мене, ќе му дадам почесно место.« И кога разговараше со него, рече: »Ти денес кај нас имаш доверливо и почесно место.«

55. Јусуф рече: »Одреди ме да ги чувам ризниците во земјава. Јас сум, навистина, внимателен и вешт во тоа!«

56. И ете, така Ние на Јусуф му дадовме моќ на земјата. И се исели на неа таму каде што сакаше. Ние наградуваме со милоста Наша кого сакаме, а наградата за добротворите не ја намалуваме.

57. А, наградата на оној свет е подобра за оние што веруваат и што се богобојазливи.

58. И дојдоа браќата на Јусуф и влегоа кај него. И тој ги препозна, а тие него не го препознаа.

59. И кога ги снабди со потребни намирници, рече: »Доведете го кај мене вашиот брат што остана кај вашиот бабо. Зар не гледате дека јас, навистина, мерам праведно и дека јас сум добар угостувач?

60. Па, ако не го доведете, нема да ви дадам намирници и повеќе не доаѓајте ми!«

61. Тие одговорија: »Бабо му некако ќе го убедиме и братот навистина ќе го донесиме!«

62. И Јусуф им рече на момчињата: »Ставете им ги парите во нивните товари; кога ќе им се вратат на семејствата, можеби тоа ќе ги натера пак да дојдат.«

63. И кога се вратија кај бабо им, рекоа: »О бабо наш! Ние нема да добиеме повеќе храна. Затоа испрати го брат ни со нас. Со него сигурно ќе добиеме храна, а ние, него, сигурно ќе го чуваме!«

64. Бабо им ги праша: »Зар да ви го доверам онака како што ви го доверив брат му порано? Па, Аллах е најдобриот чувар! И меѓу милостивите, токму, е Најмилостивиот!«

65. И кога ги отворија вреќите со храна, видоа дека парите им се вратени, и рекоа: »О бабо наш! Што ни треба повеќе? Парите ни се вратени; ќе ги снабдиме семејствата наши, и ќе го чуваме брат ни, и ќе добиеме уште еден камилски товар, – еден товар за него е незначителен.«

66. Јакуб рече: »Нема да го испратам со вас, сигурно, додека не ми положите заклетва, која ќе се поптира на Аллах, дека ќе ми го вратите, освен ако не настрадате.« И кога му положија

заклетва, рече: »Аллах е Закрилник на она што го зборуваме!«

67. И повика: »О синови мои! Не влегувајте низ една порта, туку влегувајте низ различни порти. Јас немам никаков удел во она што ви го одредува Аллах. Пресудата, навистина, е – Аллахова! Се потпирам на Него, а на Него нека се потпираат оние што, токму, се потпираат.«

68. И кога влегоа отаде од каде што им заповеда бабо им, а и тоа воопшто нема да ги заштити од она што го има одредено Аллах, туку единствено така се исполни желбата во душата на Јакуб кон која се стремеше; Јакуб беше зналец бидејќи Ние го поучивме, навистина, но мнозината на луѓето не знаат.

69. И кога влегоа кај Јусуф, Јусуф го завлече брат му кон себе, и рече: »Да, јас сум твојот брат и не очајувај за она што го направија!«

70. И кога ги снабди со намирниците, стави еден сад за мерење во товарот од брат му. Потоа, еден гласник повика: »О карвану! Вие сте, навистина, крадци!«

71. И оние, враќајќи им се, рекоа: »Што барате?«

72. Тие рекоа: »Го бараме садот од владетелот, а оној што ќе го донесе ќе добие камилски товар. За тоа ветувам.«

73. Тие рекоа: »Се колниме во Аллах! Вие знаете дека не дојдовме да правиме безредие во земјава и, навистина, не сме крадци!«

74. Ги прашаа: »Каква ќе му биде казната на крадливецот ако лажете?«

75. Тие одговорија: »Казната е за оној во чиј товар ќе се најде – па, зар тоа не е доволна казна. Ете, така Ние ги казнуваме неправедните!«

76. И тогаш почна да пребарува со нивните вреќи пред да почне да ја пребарува вреќата од брат му, и го извади садот од вреќата на брат му. Ете, со таква итрина Ние го поучивме Јусуф. Јусуф не можеше, според законот на владетелот, да го земе брат му како роб, освен по желба на Аллах. Кого сакаме, Ние на степени воздигнуваме. И над секој зналец има поголем зналец!

77. Браќата рекоа: »Ако тој украде, украде и брат му пред него.« А за ова Јусуф ништо не прозбори, и ништо не им обелодени, мислејќи во себе: »Вие сте во полоша состојба, а Аллах најдобро го знае она што го зборувате.«

78. Браќата повикаа: »О величество! Тој, навистина, има стар бабо, и е во години, па земи еден од нас наместо него. Гледаме дека си добродушен!«

79. Јусуф рече: »Не дај Боже да земеме друг, а не овој во чиј товар го најдовме садот. Тогаш, навистина, би биле неправедни!«

80. И кога изгубија надеж, се одвоија насамо за да се договорат. Најстариот од нив рече: »Не знаете ли дека бабо од вас побара заклетва, па се заколнавте во Аллах? И порано Јусуфа го упропастивте. Нема да ја напуштам земјава сè додека не ми дозволи бабо ми или, пак, додека не ми пресуди Аллах. А, меѓу судиите Он е Најдобриот!

81. Вратете се кај бабо ви, и кажете: »О бабо наш! Твојот син, навистина, украде. И го сведочиме само она што го знаеме и ние, навистина, не можеме ништо да измениме од она што е одредено.

82. Распрашај се во населбата во која отседнавме и за карванот со кој дојдовме. Ние вистина зборуваме!«

83. Јакуб рече: »Не, во душите ваши произлезе нешто лошо. Мене ми преостана само достоинствено да се стрпам! Можеби Аллах сите ќе ми ги врати. Он, навистина, е Зналец и Мудар!«

84. И го сврти грбот и рече: »О Јусуф, о таго моја!« И му побелеа очите од грижа. Но, сепак, се совлада.

85. Синовите му рекоа: »Се колнеме во Аллах! Ако не престанеш да се сеќаваш на Јусуф, или ќе се истоштиш или ќе се разболиш.«

86. А Јакуб рече: »И тагата моја и жалоста моја Му ги изнесувам на Аллах. И од Аллах го знам она што вие не го знаете.

87. О синови мои! Одете и распрашајте се за Јусуф и за брат му, па не очајувајте во милоста на Аллах. Во милоста на Аллах очајуваат, навистина, само неверниците!«

88. И кога браќата влегоа кај Јусуф, рекоа: »О величество! Нè погоди несреќа, нас и семејствата наши, и ете, така, дојдовме со отпадна трговска стока. И дај ни полна мера и помогни ни! Аллах, навистина, ги наградува милосрдниците!«

89. Јусуф праша: »Па, го знаете ли она што го направивте со Јусуф и брат му, кога не бевте свесни што правите?«

90. Тие одговорија: »Ти ли си Јусуф, навистина?« Јусуф рече: »Јас сум Јусуф, а ова е брат ми. Да, Аллах ни даде предност.« Оној што е богобојазлив и стрлив... па, Аллах, навистина, не ја намалува наградата за добротворите!«

91. Браќата рекоа: »Се колнеме во Аллах дека, навистина, те одликува над нас и дека ние згрешивме!«

92. Јусуф рече: »Денес нема прекор за вас. Аллах ви простува. А, меѓу милостивите Он е Најмилостивиот!

93. Земете ја оваа моја кошула и фрлете ја на лицето од бабо ми, и така, видот ќе му се врати, и доведете ми го сето семејство ваше.«

94. И кога карванот отпатува, бабо им рече: »Да, јас го чувствувам мирисот на Јусуф. И не кажувајте му дека снеможев.«

95. Браќата рекоа: »Се колнеме во Аллах! Ти си застранет во стара заблуда!«

96. И кога дојде радосникот, ја фрли кошулата на неговото лице, и тогаш ете, видот му се врати. Тој рече: »Нели ви кажав дека јас го знам од Аллах она што не го знаете!«

97. Браќата рекоа: »О бабо наш! Барај простување за нашите гревови, ние, навистина, згрешивме!«

98. Јакуб рече: »Ќе побарам простување за вас од Господарот мој. Он, навистина, е Простувач и Сомилосен!«

99. И кога влегоа кај Јусуф, ги повлече кон себе родителите свои, и рече: »Влезете во Мисир, ако Аллах сака, сигурни!«

100. И ги постави своите родители на престолот и сите кои беа тука му се поклонија. И Јусуф рече: »О бабо мој! Ова е толкувањето на мојот сон од порано. Аллах определи тој да се овистини. Да, Аллах ми направи добро со тоа што ме извлече од затворот и затоа што ве доведе од пустина. И тоа по испречувањето на Шејтанот меѓу мене и меѓу моите браќа. Господарот мој, навистина, е Чувствителен кон оној кон кого Он сака. Он, навистина, е Зналец и Мудар!

101. Господару мој, ми даде власт и ме поучи во толкувањето на соништата, Создателу на небесата и на Земјата, Ти си мој Заштитник и на овој свет и на оној свет. Кога ќе определиш да умрам, нека умрам како послушен и здружи ме со добрите!«

102. Ете, тоа се дел од кажувањата за непознатото што Ние ти ги објавуваме, и ти не беше кај нив кога заеднички се согласија да направат сплетка.

103. И колку да посакуваш, мнозината на луѓето не веруваат!

104. И ти не бараш награда од нив за тоа. Куранот е само опомена за световите!

105. И колку знаменија има на небесата и на Земјата? Поминуваат крај нив, а тие се, ете, рамнодушни.

106. Мнозината од нив не веруваат во Аллах: многубошци се, навистина!

107. Зар се сигурни дека нема да им дојде неволја од казната на Аллах или да не им дојде Часот ненадејно, а да не насетат воопшто?

108. Кажи: »Ова е мојот пат. Јас повикувам кон Аллах. При мене и при оној кој ме следи е јасен поглед. Нека е славен Аллах! Јас не сум многубожец!«

109. Ние и пред тебе испраќавме пејгамбери само луѓе, а на жителите на населбите, им спуштавме објава. Зар не патуваат по земјата, па да видат каква беше казната за оние пред нив? Куќата оносветска, навистина, е подобра за оние што се богобојазливи. Зар нема да се вразумите?

110. Кога пејгамберите очајуваа и мислеа дека ќе бидат прогласени за лажговци, тогаш, ток-

му, им доаѓаше помошта Наша и, тогаш, Ние спасувавме кого сакавме, а казната Наша не ги избегнуваше луѓето што се силеа!

111. Во кажувањата за нив има поука за дарувaните со разбир. Куранот не е измислена реч, туку тој е потврда за објавата што беше пред него, и потенко објаснување за сè, и патоказ и милост за луѓето што веруваат!

# СУРА ЕР-РА'Д

## Татнеж

Сура 13 - Медина - 43 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Елиф, лам, ра!** Ова се ајети од Книгата! Ова што ти се објавува од Господарот твој е вистина; но, мнозината на луѓето не веруваат!

2. Аллах е Оној што ги подигна небесата, како што гледате, без столбови. Потоа завладеа со вселената. И Сонцето и Месечината ги потчини. Сè тече до определен рок. Он распоредува се и Он потенко ги објаснува ајетите, за да се уверите во средбата со вашиот Господар.

3. И Он ја направи земјата широка, и посади планини и создаде реки на неа. И Он создаде пар од секој плод. Он прави ноќта да го покрие денот. И ете, во тоа, навистина, знамениja за луѓето што размислуваат!

4. И по земјата има краишта што се наоѓаат во соседство, и лозја, и посеви, и урми бујни и небујни, а, впивајќи една иста вода. Во поглед на вкусот, Ние им даваме предност на едни во однос на други. И, ете во тоа, навистина, знамениja за луѓето кои сфаќаат.

5. А, зошто се чудиш? Па, чудни се, всушност, зборовите нивни: »Ќе бидеме ли одново создадени кога ќе станеме земја?« Таквите не веруваат во својот Господар. На вратовите нивни ќе

има окови, и тие се жители на огнот и во него за навек ќе останат.

6. И тие бараат од тебе да им побрзаш со казната за злото отколку со наградата за доброто. И пред нив имаше такви примери. Господарот твој, навистина, е милосно наклонет кон луѓето во поглед на нивното грешење, но Господарот твој, навистина, е Силен Казнувач!

7. Оние што не веруваат, велат: »Зошто не му се објавува некакво знамение од Господарот негов?« Ти си само опоменувач. Секој народ има упатувач!

8. Аллах го знае она што го носи секоја жена, колку матките се стегаат и колку се шират. Кај Него сѐ е со мера!

9. Зналец на видливото и на невидливото. Преголем и Превишен!

10. Еднакви се кај Него, од вас, оној што тајно зборува и оној што го разгласува тоа, оној што се крие ноќе и оној што оди дење;

11. за секој од вас, пред него или зад него, има денонокни мелеки што бдеат, по наредбата на Аллах, врз него. Аллах, навистина, нема да ја измени состојбата на еден народ сѐ додека тој народ не се измени самиот себе. Ако Аллах посака да му се случи зло на еден народ, нема никој што може да му се спротивстави. И нема друг заштитник за нив освен Аллах!

12. Он ви ја покажува молњата да се уплашите или, пак, да се надевате, и Он создава тешки облаци.

13. И татнежот Го велича со благодарноста своја, а и мелеките, плашејќи се од Него; и Он испраќа громови и го погаѓа со нив оној кого Он

сака, а тие, токму, расправаат за Аллах! А, Аллах е Силен и Итар!

14. Кон Него се насочува вистинската молба. Оние што се молат на други, а не на Него, нема да им се одзвијат за што и да е. Таквите се како оној што ќе ги подаде дланките свои кон вода за да ја дофати, а таа не допира до устата негова. Молбите на неверниците се залудни!

15. И на Аллах му се поклонува сè она што е на небесата и на Земјата, доброволно или присилно. И сенките нивни, исто така, претпладне или попладне.

16. Прашај: »Кој е Господарот на небесата и на Земјата?« Одговори: »Аллах!« Прашај: »Па, зар ќе прифатите, освен Аллах, заштитници што не можат за себе да направат ниту корист ниту штета?« Одговори: »Зар се еднакви оној што гледа и оној што не гледа? Или: зар се еднакви темнината и светлината? Или: зар Му припишуваат на Аллах здруженици што создаваат како што Он создава, па создавањето им се чини слично?« Кажи: »Аллах е Создател на сè. Он е Единствен и Силен!« –

17. Оној што спушта вода од небо, па така водите потечуваат низ коритата со мера, а поројот ги носи отпадоците по водата. И она што го топат во оган, сакајќи да направат накит или предмет, исто така, има отпадоци, слични на нив. Ете, така Аллах ви донесува пример за вистина и невистина: отпадокот се фрла, а она што им користи на луѓето, тоа останува на земјата. Ете, така Аллах ви ги изнесува примерите.

18. За оние што ќе му се одзвијат на Господарот свој има награда, а за оние што нема да Му се одзвијат – и кога би го поседувале сè она што е

на земјата, и уште толку, – нема да ја откупат тешката казна подготвената за нив, и престојувалиштето нивно е – Џехеннемот. Е, само колку е лошо тоа место!

19. Е па, зарем оној што знае дека она што ти е објавено од страна на Господарот твој е како оној што е слеп? Се опоменуваат само даруваните со разбир!

20. Оние што го одржуваат ветувањето кон Аллах и што не го прекршуваат Договорот,

21. оние што не се одвојуваат од она што го нареди Аллах, што се стамени, врз тоа се; се плашат од Господарот свој и стравуваат од тешката казна,

22. и што се трпеливи: се стремат кон задоволството на Господарот свој, клањаат намаз и делат, било јавно било тајно, од богатството што Ние им го дадовме; го заменуваат лошото со добро... за нив има убав Дом:

23. градини еденски во кои ќе влезат со предците свои, со оние што беа добри, жените нивни и потомството нивно... И мелеките ќе им влегуваат од сите врати!

24. »Мир и спас врз вас! Зашто бевте трпеливи. Е, само колку е благословен овој Конечен дом!«

25. А, оние што не се придржуваат кон ветувањето по договорот склучен со Аллах, и што се одвојуваат од она што го нареди Аллах да се почитува, и што не се врз тоа, и што прават безредие по земјата...проклетството е врз нив и за нив има пакосен дом!

26. Аллах дава и одредува богатство кому сака, Он и скратува кому сака. Му се радуваат на

животот на овој свет. А, што е, всушност, животот на овој свет во однос на оној свет? Па, само минливо уживање!

27. Оние што не веруваат, велат: »И зошто не му беше објавен еден ајет од Господарот негов?« Кажи: »Аллах, навистина, скршнува во заблуда кого сака и Он кон Себе ги упатува оние што ќе се покајат.«

28. Оние што веруваат, со спомнувањето на Аллах, ги смируваат срцата свои. А, срцата се смируваат, навистина, со спомнувањето на Аллах!

29. Оние што веруваат и што работат добри дела... блазе си им! За нив има убаво прибежиште!

30. И, ете така Ние те испративме до една заедница пред која беа и исчезнаа многу заедници, за да им го кажуваш она што тебе ти го објавивме, зашто тие, токму, не веруваат во Милостивиот. Кажи: »Он е Господарот мој. Нема друг бог освен Него; се потпирам на Него и барам простување од Него.«

31. И кога со Куранот би можеле ридовите да се поместат, или земјата да се распарчи, или мртвите да проговорат... не, наредбата за сè е – Аллахова! Зар оние што веруваат не знаат дека ако Аллах посакаше, ќе ги упатеше сите луѓе? Но, оние што не веруваат постојано ќе ги снаоѓа, за она што ќе го прават, несреќа, ненадејно, или, пак, ќе се случи во близина на нивните домови сè додека не дојде ветувањето на Аллах. Аллах, навистина, не го изневерува ветувањето!

32. И оние пред тебе, навистина, им се потсмеваа на пејгамберите... Та, Ние неверниците ги оставивме до едно одредено време, а потоа ги засегнавме. Е, само каква беше таа казна!

33. Зар на Оној што бдее врз секоја душа – во она што таа ќе го направи, Аллах – тие му припишуваат здруженици? Кажи: »Именувајте ги!« Или вие Го известувате дека има нешто на земјава што Он не го знае? Или, пак, вие така ги нарекувате? Не, на оние што не веруваат им изгледаат убави нивните сплетки и тие одвраќаат од патот. А, оној кого Аллах ќе го застрани во заблуда... па, тој нема свој упатувач!

34. За нив има казна во животот на овој свет, а казната на оној свет, навистина, е потешка, и за нив, освен Аллах, нема заштитник.

35. Еве пример за Џеннетот, ветен за богобојазливите. Течат реки низ него, и плодовите му се вечни и сенките му се вечни. Ете, тоа е крајот на оние што беа богобојазливи, а крајот на оние што не веруваа е – огнот!

36. А, оние на кои Ние им дадовме Книга му се радуваат на она што ти е објавено. Меѓу дружините, меѓутоа, има луѓе што еден дел од Книгата не го признаваат. Кажи: »Мене ми е наредено, навистина, да Го обожавам само Аллах и да не Му припишувам здруженик. Повикувам кон Него! И само кон Него ми е прибежиштето!«

37. И, ете така Ние го објавуваме Куранот на арапски како мудрост. И ако ги следиш желбите нивни, по објавеното знаење, нема да најдеш, освен Аллах, ниту заштитник ниту поддржник!

38. И пред тебе, навистина, Ние испративме пејгамбери, и им одредивме жени и потомства. И ниеден пејгамбер не е овластен да донесе некакво знамение без одобрението на Аллах. И за секој период имаше Книга од Аллах.

39. Аллах укинува по желба Своја и утврдува, исто така, по желба Своја, и кај Него е Мајката на Книгата.

40. Било да ти покажеме дел од она што Ние го подготвивме за нив било да те упокоиме твое е, навистина, само да известиш, а Наше е да процениме!

41. Зар не гледаат дека, навистина, Ние доведуваме до тоа да ја скратуваме земјата од нејзините страни? Аллах пресудува, и нема изменувач на Неговата пресуда. Он е Брз Пресметувач!

42. И оние пред нив, навистина, правеа сплетки. Па, спелтката за сите сплетки е кај Аллах! Он го знае она што го прави секој човек, а неверниците ќе узнаат за Конечниот дом!

43. А, оние што не веруваат, велат: »Ти не си пејгамбер!« Кажи: »Меѓу мене и меѓу вас Аллах е доволен Сведок. И кај Него е знаењето за Книгата!«

# СУРА ИБРАХИМ

## Ибрахим

Сура 14 - Мекка - 52 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Елиф, лам ра!** Книга што Ние ти ја објавивме за да ги изведеш луѓето од темнини во светлина, со одобрението од Господарот нивни, кон патот на Силниот и за благодарност Достојниот:

2. Аллах, чија сопственост е сè она што е на небесата и на Земјата. Тешко на неверниците од казната жестока!

3. Оние што повеќе го сакаат животот на овој свет од животот на оној свет, и што одвраќаат од патот на Аллах, и што настојуваат да го искриват...тие се скршнати во заблуда далечна!

4. И Ние не испративме ниеден пејгамбер, а да не зборуваше на јазикот на неговиот народ, за да му објасни. Па, Аллах скршнува во заблуда кого сака и Он упатува кого сака. Он е Силен и Мудар!

5. И Муса, навистина, Ние го испративме со знамењата Наши: »И изведи го твојот народ од темнина во светлина. И опомени го со деновите Аллахови.« Во тоа, навистина, има знамења за секој кој е трпелив и благодарен!

6. И кога Муса на народот свој му рече: »Сетете се на благодатот на Аллах кон вас кога Он ве спаси од луѓето фараонови, кои ви задаваа

најтешки маки, кои ги колеа вашите синови, а ги оставаа во живот вашите ќерки. Ете, имавте искушение големо од Господарот ваш!«

7. И кога Господарот твој возгласи: »Да, ако сте благодарни, ќе ви зголемам, а ако не сте благодарни... казната Моја е жестока, навистина!«

8. И Муса зборуваше: »Ако не верувате, и вие и сите оние на земјата...та, Аллах, навистина, е Богат и за благодарност Достоен!«

9. Зар не ви дојде кажувањето за оние пред вас, за народот на Нух, за Ад и за Семуд? И за оние по нив. Само Аллах ги знае! Пејгамберите нивни им донесоа јасни докази и тие, ставајќи ги рацете свои на устите, зборуваа: »Да, не веруваме во она со што сте испратени. И ние сме, навистина, во сомнение за она кон што нè повикувате!«

10. Пејгамберите нивни прашаа: »Зар ќе се сомневате во Аллах, Создателот на небесата и на Земјата? Он ве повикува за да ви ги прости гревовите и да ви даде рок сè до едно определено време.« Тие одговараа: »Вие сте само луѓе како нас. Посакувате да нè одвратите од она што го обожаваа предците наши... та, донесете ни јасен доказ!«

11. Пејгамберите нивни им зборуваа: »Ние сме, навистина, само луѓе како вас. Но, Аллах дава предност кому сака од робовите Свои. И не е наше да ви донесеме доказ освен со одобрението на Аллах. Па, верниците се потпираат само на Аллах!

12. А зошто да не се потпреме на Аллах зашто Он, навистина, нè упати по патиштата наши? Ќе бидеме трпеливи, сигурно, во маките што ќе ни

ги задавате. И на Аллах се потпираат оние што, токму, се потпираат!«

13. И оние што не веруваа им возвраќаа на пејгамберите свои: »Ќе ве истераме од нашата земја. Или, пак, сигурно ќе се вратите во верата наша.« Па, Господарот нивни им објави: »Ние сигурно ќе ги уништиме зулумќарите,

14. и вас ќе ве сместиме на земјата по нив. Ете, тоа е за оној што се плаши од стоењето пред Мене и што стравува од Мојата закана!«

15. И пејгамберите ќе побараа некој излез. И така пропаднаа сите силници и тврдоглави!

16. Џехеннемот ќе гори пред нив. И таквите ќе пијат вода смрдлива,

17. која ќе настојуваат да ја голтнат малку по малку, но нема да можат да ја пренесат низ грло; и смртта ќе им дојде од секоја страна, но нема да можат да умрат. Во пресрет се на тешка казна.

18. Делата на оние што не веруваат во Господарот нивни се слични на пепел што ќе го разнесе виор во бурен ден. И ништо нема да им вреди од она што го спечалија. Ете, тоа е, токму, беспаќе далечно!

19. Зар не гледаш дека Аллах ги создаде небесата и Земјата со вистина? Ако посака, ќе ве снема и ќе донесе ново создание?

20. Тоа за Аллах не е тешко.

21. И сите ќе се зберат кај Аллах. Па, потлачените ќе им речат на потлачителите: »Да, ние ве следевме. Па, можете ли вие, барем малку, да ни ја намалите казната на Аллах?« Ќе речат: »Да нè упатеше Аллах и ние ќе ве упатевме, навистина! Нам ни е сеедно: ќе се жалиме или ќе трпиме, не можеме да се спасиме.«

22. И кога работата ќе биде решена, Шејтанот ќе рече: »Да, Аллах ви вети вистинско ветување, а јас моето ветување го изневерив. Немав никаква власт над вас, но само што ве повикав вие ми се одзвавте. Па, не грдете ме, грдете се самите себеси. Јас не сум ви поддржник, а и вие не сте ми поддржници. Јас, навистина, не верувам во она што ми го припишувавте порано. За неверниците, навистина, има казна болна!«

23. А, оние што веруваа и што работеа добри дела, тие ќе влезат во Џеннет низ кој течат реки и во него, со одобрението на Аллах, за навек ќе останат. Поздравот во него ќе им биде: Мир!

24. Зар не виде кога Аллах донесе пример: добриот збор е како добро дрво; коренот му е цврст, а гранките кон небо,

25. кое го дава плодот во секое доба, со одобрението од Господарот свој. И Аллах им донесува примери на луѓето за да се опоменат;

26. примерот: лошиот збор е како лошо дрво, откорнато над земја, кое нема свој опстанок.

27. Аллах ги зајакнува оние што веруваат со стамен збор во животот на овој свет и во животот на оној свет. Аллах ги скршнува неверниците во заблуда и Аллах работи по Своја волја.

28. Зар не ги виде оние што го заменија благодатот на Аллах со неблагодарност и како го доведоа својот народ во куќата на пропаста,

29. во Џехеннемот во кој ќе горат? Е, само колку е лошо тоа престојувалиште!

30. И оние Му припишуваа здруженици на Аллах, за да скршнуваат во заблуда, од Неговиот пат. Кажи: »Уживајте само малку зашто, навистина, прибежиштето ваше е – кон огнот!«

31. Кажи им на робовите Мои, кои веруваат, да клањаат намаз, и да делат од богатството Наше што им го дадовме, било тајно било јавно, пред да настапи Денот во кој нема ниту трговија ниту посредништво.

32. Аллах е Оној што ги создаде небесата и земјата, и што спушта вода од небо, а со неа вади плодови како ваша храна. И ви го потчини бродот што плови по море со наредбата Негова; ви ги потчини и реките.

33. Ви ги потчини и Сонцето и Месечината кои денонoќно се движат; и ви ги потчини нoќта и денот.

34. И ви подари сè што Му баравте. И ако ги броите благодатите на Аллах, нема да можете да ги избројте. Човекот, навистина, е голем силник и голем неверник!

35. И кога Ибрахим рече: »Господару мој, направи го овој град безбеден. И мене и моите синови, оддалечи нè од обожавањето кипови!

36. Господару мој, они, навистина, скршнаа во заблуда многу луѓе, па кој ќе ме следи, тој е со мене, а кој ми е непослушен... па, Ти си, навистина, Простувач и Сомилосен!

37. Господару наш, дел од моево потомство го населив во една долина, неплодна, при Твојата Света Куќа, Господару наш, за да клањаат намаз. Одреди, тогаш, срцата човечки да стремат кон нив и снабди ги со благодатите, за да се заблагодаруваат!

38. Господару наш, Ти, навистина, го знаеш она што го криеме и она што го обелоденуваме. За Аллах нема ништо скриено ниту на Земјата ниту на небесата.

39. Благодарение на Аллах што во старост ми ги подари Исмаил и Исхак. Господарот мој, навистина, е Услишувач на молбите!

40. Господару мој, одреди јас и дел од моето потомство, да бидеме постојани во намаз; Господару наш, прими ги молбите!

41. Господару наш, прости ни, мене и на родителите мои и на верниците на Денот во кој ќе се полага сметка!«

42. И во никој случај не сметај дека Аллах е невнимателен кон она што го прават невернициите. Аллах, навистина, ги остава до Денот во кој очите ќе се скаменат, отворени;

43. и дека ќе трчаат преплашени, со дигнати глави, очите ококорени, а срцата празни.

44. И опомени ги луѓето за Денот во кој ќе им дојде казната кога, оние што правеа зулум, ќе речат: »Господару наш, остави нè за кратко време; ќе се одзвиеме на Твојот повик и ќе ги следиме пејгамберите.« – »Нели се колневте од порано дека никогаш нема да исчезнете?«

45. И живеевте во домовите на оние што направија зулум за себе и ви стана јасно како постапивме со нив. А, донесовме и примери.

46. Оние, навистина, правеа сплетки, а сплетките нивни Аллах ги знае, а сплетката нивна не може да ги помести ридовите.

47. И, навистина не сметај дека Аллах ќе го изневери ветувањето Свое дадено на пејгамберите Негови. Аллах е Силен и Одмаздник! –

48. на Денот кога земјата ќе биде заменета со друга земја, а и небесата; и кога сите ќе излезат пред Аллах, Единствениот и Моќниот!

49. И ќе ги видиш силниците на тој Ден, врзани во синџири,

50. а кошулите нивни од катран, а лицата нивни покриени со пламен,

51. за Аллах да го казни секого, за она што го направил. Аллах, навистина, е Брз Пресметувач!

52. Ете, ова е известување за луѓето да бидат опоменати со него, и да знаат дека Он, навистина, е еден Бог, и за да се опоменат надарените со разбир!

Џуз 14

# СУРА ЕЛ-ХИЏР

## Хиџр

Сура 15 - Мекка - 99 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Елиф, лам, ра!** Ова се ајети од Книгата, Куранот јасен.

2. Само колку многу ќе посакаат оние што не веруваа да беа муслимани!

3. Напушти ги! Нека јадат, и нека уживаат, и нека ги мами надежта... па, ќе узнаат!

4. И Ние не уништивме ниеден град, а за истиот да немаше време одредено за тоа.

5. И ниеден народ не може ниту да го забрза ниту да го задоцни својот крај.

6. И зборуваат: »О ти, со опомената што ти дојде, ти си, навистина, луд!«

7. И зошто не ни донесеш, ако вистина зборуваш, мелеки.

8. Ние спуштаме мелеки за таквите само кога треба да ги казнат и, во тој случај, неверниците не се во состојба да ја одложат казната.

9. Ние, навистина, ја објавивме опомената и Ние ќе ја чуваме.

10. И пред тебе Ние им испраќавме пејгамбери на народите одамнешни.

11. И не им доаѓаше ниеден од пејгамберите, а да не го исмејуваа.

12. Ете, Ние го внесуваме, заради исмејувањето, многубоштвото во срцата на силниците!

13. И тие нема да веруваат во Куранот. А практиката кон таквите, меѓу народите одамнешни, е позната.

14. А, Ние да им отворевме врата на небесата... па, да се искачеа преку неа,

15. пак ќе речеа: »Тоа, навистина, е заради тоа што нашите очи се пијани и затоа што сме опседнати!«

16. И Ние, навистина, поставивме сосвездија на небото и ги разубавивме за оние што посматраат,

17. и Ние ги чувавме од секој проклет шејтан,

18. освен од оној со скриено прислушкување кого го следи јасна ѕвездичка.

19. И Ние ја раширивме Земјата и по неа засадивме планини, и од неа направивме да никне сè со мера.

20. И Ние определивме на неа животни намирници за вас и за оние што не ги храните.

21. И ризниците на секоја благодат се кај Нас и ја спуштаме само со позната мера.

22. И Ние испраќаме ветрови како оплодувачи и од небото спуштаме вода, па со неа ве напојуваме, а вие не ги поседувате.

23. И Ние, навистина, оживуваме и Ние умртвуваме и само Ние сме наследници.

24. Ние ги знаеме и претходните поколенија, навистина, а ги знаеме и оние што ќе дојдат по вас.

25. Господарот твој е Оној што ќе ги збере. Он, навистина, е Мудар и Зналец!

26. И Ние го создадовме човекот од глина што се меси, од кал што се тегне.

27. И Ние ги создадовме џиновите од порано, од оган што пламти.

28. И кога Господарот твој им рече на мелеките: »Јас сум, навистина, Создател на човекот од глина што се меси, од кал што се тегне,

29. и кога ќе го обликувам и кога во него ќе вдахнам од духот... па, поклонете му се!«

30. И тогаш сите мелеки се поклонија, заедно!

31. Освен Иблис кој одби да биде меѓу оние што се поклонија.

32. Аллах рече: »О Иблис! Што ти е, па да не се поклониш?«

33. Иблис рече: »Не сакам да се поклонам пред човекот кого го создаде од глина што се меси, од кал што се тегне!«

34. Аллах рече: »Излези, тогаш, од Џеннетот! Па, ти си, навистина, силник!«

35. И рече: »И нека биде врз тебе проклетството до Денот суден!«

36. Иблис побара: »Господару мој, тогаш дај ми рок до Денот во кој луѓето ќе бидат оживеани.«

37. Аллах рече: »Па, ти се дава рок, навистина, до

38. Денот одреден.«

39. Иблис рече: »Господару мој, бидејќи одреди да скршнам во заблуда, ќе им го правам живо-

тот на луѓето на земјава убав и ќе настојувам сите тие да лутаат,

40. освен чистите Твои оддадени робови.«

41. А, Аллах рече: »Ова е патот Мој вистински!

42. Ќе немаш власт врз робовите Мои, освен врз оној што те следи меѓу скршнатите во заблуда.«

43. Џехеннемот, навистина, е ветено место за сите нив!

44. Џехеннемот има седум врати и низ секоја врата ќе поминува еден дел од нив.

45. Богобојазливите, навистина, ќе бидат во градини џеннетски, покрај извори.

46. »Влезете во нив сигурни и безбедни!«

47. Ние ќе им ја оттргнеме омразата од градите нивни; ќе се однесуваат како браќа, радосни, на дивани седнати, свртени едни кон други.

48. Во градините нема да ги обземе ниту замор и нема да бидат оддалечени од нив.

49. Известете ги робовите Мои дека јас сум, навистина, Простувач и Сомилосен,

50. и дека казната Моја, навистина, е казна болна!

51. И изнеси го кажувањето за гостите на Ибрахим,

52. кога влегоа кај него... па рекоа: »Мир!« Тој рече: »Ние се уплашивме од вас, навистина!«

53. Тие рекоа: »Не плаши се! Ние, навистина, ќе те зарадуваме со син што ќе биде учен.«

54. Тој рече: »Па, како ќе ме зарадувате кога веќе староста ме снеможе? И како, навистина, ќе ме зарадувате?«

55. Тие рекоа: »Ќе те зарадуваме со вистината, па никако не биди безнадежник!«

56. И рече: »Само скршнатите во заблуда немаат надеж во Господарот негов!«

57. И праша: »О пратеници! Што сакате?«

58. Тие одговорија: »Ние сме, навистина, испратени до народот силнички!«

59. Семејството на Лут, Ние ќе го спасиме, неговите членови, навистина,

60. освен жена му за која Ние решивме да биде меѓу оние што ќе бидат казнети подоцна.

61. И кога пратениците му дојдоа на семејството на Лут,

62. рече: »Вие сте, навистина, луѓе непознати!«

63. Тие рекоа: »Не, ти дојдовме заради она во што тие се сомневаат!

64. Ти дојдовме со вистина и ние сме искрени!«

65. Па, семејството твое нека излезе при крајот на ноќта, а ти следи го позади и никој меѓу вас нека не го врти погледот наназад. И одете таму каде што ви се наредува!

66. И Ние нему му објавивме што ќе се случи, дека крајот на сите нив, навистина, ќе биде докрајчен во мугрите.

67. И жителите на градот дојдоа кај него, веселејќи се.

68. Лут повика: »Ова се мои гости и, тогаш, не срамотете ме!

69. И плашете се од Аллах и не понижувајте ме!«

70. А, тие повикаа: »Нели ти забранивме да примаш луѓе?«

71. Лут рече: »Ако сакате да правите нешто, тогаш еве ги ќеркиве мои за женидба.«

72. Се колнеме во твојот живот дека тие, навистина, талкаа во пијанството свое.

73. Па, ги обзеде страшен глас при изгрејсонце.

74. Па, она што беше горе Ние определивме да биде долу, и ги казнивме со дожд од скаменета земја.

75. Ете, во тоа, навистина, има знаменија за оние што гледаат внимателно.

76. И тој град се наоѓа покрај патот.

77. Во тоа, навистина, има знаменија за верниците.

78. Жителите на Ајка беа, навистина, силници!

79. Па, Ние им се одмаздивме. И двата града се видливи покрај патот!

80. А и жителите на Хиџр ги сметаа за лажни пејгамберите,

81. и Ние им ги објавивме знаменијата Наши... па, кон нив беа рамнодушни.

82. И по ридовите длабеа куќи безбедни.

83. Па, ги обзеде страшен глас при изгрејсонце.

84. Па, она што го спечалија, тоа за ништо не им користеше.

85. И Ние го создадовме она што е на небесата и она што е на Земјата, и она што е меѓу нив со вистина. Однесувај се, тогаш, учтиво, зашто Часот ќе дојде, сигурно!

86. Господарот твој, навистина, е Создател и Зналец!

87. Ние ти објавивме седум ајети што се повторуваат и големиот Куран!

88. И не управувај го твојот поглед кон она за што Ние определивме да уживаат за кратко некои меѓу нивните дружини. Не тагувај за нив,

а кон верниците, меѓутоа, однесувај се благо и нежно.

89. И кажи: »Јас сум, навистина, јасен опоменувач!«

90. Како што им објавивме и на другите,

91. оние кои Куранот го делат на делови.

92. Па, се колниме во Господарот твој дека, сигурно, ќе ги прашуваме сите

93. за она што го работеа.

94. Па, кажувај го јасно она што ти се наредува и избегнувај ги многубошците!

95. Ние сигурно ќе те ослободиме од исмејувачите,

96. кои на Аллах му здружуваат друг бог; и тие ќе узнаат!

97. Да, Ние знаеме дека, навистина, ти се стеснуваат градите поради она што го зборуваат.

98. Па, слави Го, со благодарност, Господарот твој и биди меѓу оние што се поклонуваат со лицето на земја во намаз.

99. И обожавај Го Господарот твој сè додека не ти дојде смртта!

# СУРА ЕН-НАХЛ

## Пчели

Сура 16 - Мекка - 128 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Наредбата на Аллах дојде, па не забрзувајте ја! Славен е и Возвишен Аллах! Аллах е над она што Му го здружуваат!

2. И Он по своја наредба спушта мелек со објава до оние за кои ќе посака меѓу Своите робови: »Опоменувајте дека нема друг бог освен Мене. Па, стравувајте само од Мене!«

3. Он ги создаде небесата и Земјата со вистина. Он е над она што Му го здружуваат!

4. Он го создаде човекот од капка семе и тој, ете, е непријател отворен!

5. И Он го создаде добитокот за вас. Од него имате топла облека и други користи, а од него и јадете.

6. И колкава е убавината на добитокот за вас кога го враќате од пасиште и кога го носите на пасиште.

7. И го носи вашиот товар до градот до кој можете да дојдете само со голема тешкотија. Господарот ваш, навистина, е Сочувствителен и Сомилосен!

8. И коњи, и маски и магарења за да ги јавате, а и како украс; и Он го создава она што не го знаете!

9. Намерата да се оди кон патоказот е – Аллахова. А, има и патишта криви. И кога Он би сакал, би ве упатил сите, сигурно!

10. Он ви спушта вода од небо; од неа пиете и со неа се наводнуваат пасиштата каде го чувате да пасе вашиот добиток.

11. И Он одредеува со водата да расте посев за вас: маслинки, и урми, и грозје, и плодови секакви. Ете, во тоа, навистина, има знамение за луѓето што размислуваат!

12. И Он ви ги потчини ноќта и денот, и Сонцето и Месечината, а и ѕвездите ѝ се потчинети на наредбата Негова. Ете, во тоа, навистина, има знамења за луѓето кои умуваат!

13. Он ви го потчини и она што расте на земјата со различни бои. Во тоа, навистина, има знамение за луѓето кои се опоменуваат!

14. И Он ви го потчини морето за да јадете свежо месо од него, и за да вадите украс од него кој го носите со облеката, и гледаш како бродот го сече, и за да барате, навистина, од добрината Негова и за да бидете благодарни!

15. И Он постави по земјата планини за да не ве потресува, и реки и патишта за сами да се упатувате по нив,

16. и покази, исто така, Он ви создаде; и по ѕвездите луѓето, токму, се упатуваат.

17. Дали Оној кој создава е како оној кој не создава? Па, зар нема да се опоменете?

18. И ако ги броите благодатите на Аллах, нема да можете да ги изброите. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

19. И Аллах го знае она што го криете и она што го обелоденувате.

20. Оние што се повикуваат на друг бог освен Аллах, тие не можат да создадат ништо и тие се, токму, создадени!

21. Мртви се, не се живи, и не знаат кога ќе бидат оживеани.

22. Вашиот Бог е еден Бог. Тие што не веруваат во оној свет... па, срцата нивни се расипнички. Тие, всушност, се прчат!

23. Аллах, без сомнение, го знае она што го кријат и она што го обелоденуваат. Он, навистина, не ги сака тие што се прчат!

24. И кога некој ќе ги праша: »Што ви објави Господарот ваш?« Ќе одговорат: »Прикаски на народите одамнешни,«

25. за да го носат на Денот суден своето бреме целосно и дел од бремето на оние што ги скршнуваа во заблуда, а не беа свесни. Е, само колку е лошо она што го товарат!

26. И оние пред нив веќе сплеткареа... па, Аллах им ги сруши домовите од темел, и покривот нивни се сруши врз нив, и Он им даде казна од кадешто не ѝ се надеваа.

27. Потоа Он ќе ги посрамоти на Денот суден, и ќе ги праша: »Каде се здруженицте за кои вие се расправавте?« Тие на кои им дојде знаењето, ќе одговорат: »Срамот и лошото денес, навистина, ќе им се случат на неверниците,« –

28. оние, кои, кога мелеките им ги земаа душите – а беа неверници –, покорувајќи се, ќе речат: »Ние не правевме никакво зло.« Не, Аллах, навистина, го знае она што го работевте!

29. Па, влезете низ вратите џеxеннемски и во него за навек ќе останете. Е, само колку е лошо тоа престојувалиште за вообразените!

30. А, на богобојазливите, пак, ќе им се рече: »Што објави вашиот Господар?« Ќе речат: »Добро.« А, за оние што работат добро, навистина, има добро на овој свет, а доброто во Куќата оносветска е подобро, навистина! Е, само колку е благословена таа Куќа за богобојазливите:

31. градини еденски во кои ќе влезат и низ кои ќе течат реки. Во нив ќе имаат сè што ќе посакаат. Ете, така Аллах ги наградува богобојазливите!

32. Тие на кои мелеките им ги земаат душите, а чисти се, и кои ќе возгласат: »Мир и спас врз вас! Влезете во Џеннет заради она што го работевте!«

33. Зар многубошците очекуваат да им дојдат мелеки или да им дојде наредбата од твојот Господар? Ете, така правеа оние пред нив. И штета не Му направија на Аллах, туку за себе штета си направија,

34. и им се случија несреќи заради она што го работеа и им се овистини она за што се исмејуваа.

35. И оние што Му припишуваат здруженик на Аллах, велат: »Кога Аллах би сакал, не би обожавале, освен Него, никого. Ние, а и предците наши, исто така! Ништо нема да забрануваме без волјата Негова.« Ете, така работеа оние пред нив. Нели пејгамберите се само задолжени да известат јасно?

36. И Ние на секој народ му испративме пејгамбер: »Обожавајте Го Аллах и избегнувајте ги шејтаните!« Од нив има и такви што ги упати Аллах, а и такви, кои, токму, заслужија да застранат. Па, патувајте по земјата и гледајте каква беше казната за неверниците!

37. А, ако, пак, стремиш да ги упатиш по патоказот, тогаш Аллах, навистина, не го упатува оној

што скршнал во заблуда. Тие, навистина, немаат поддржници!

38. И се колнат во Аллах со голема заклетва: »Аллах нема да го оживее оној кој ќе умре.« Да, ветувањето Негово ќе се овистини, но мнозината на луѓето не знаат,

39. за да им стане јасно на оние што се разединија за тоа и за да узнаат оние што не веруваат дека, навистина, тие се лажговци!

40. Кога Ние би посакале нешто да биде само ќе речеме: »Биди!« – и тоа, токму, ќе биде.

41. И на тие што се иселија заради Аллах, ним, веќе по направениот зулум врз нив на овој свет, ќе им дадеме добро. А, наградата на оној свет, навистина, е поголема. Е, само кога би знаеле!

42. Трпеливите и оние што се потпираат на својот Господар.

43. И пред тебе Ние само луѓе испраќавме на кои им доаѓаше објавата Наша. Па, прашај ги Следбениците на Книгата ако не знаете,

44. за јасните докази и книгите. А, ние и тебе ти го објавуваме Куранот за да им го објасниш на луѓето она што им се објавува, и за да размислуваат.

45. Зар се сигурни оние што прават лошотии, сплетки, дека Аллах нема да ги турне в земја или дека нема да им дојде казна од каде што не се надеваат,

46. или казната да не им се случи при лунѕањата нивни и при тоа нема да можат да ја избегнат?

47. Или да ги казнува постапно... та, Господарот твој, навистина, е Сочувствителен и Сомилосен!

48. Не гледаат ли дека сѐ она што Аллах го создаде, што ја расфрла неговата сенка лево и дес-

но... дека сето тоа Му се поклонува на Аллах? Тоа, токму, е послушно!

49. На Аллах му се поклонува сѐ она што е на небесата и она што е на Земјата – сѐ што е живо. А и мелеките кои не се прчат,

50. се плашат од Господарот свој кој е над нив и го работат она што им е наредено.

51. Аллах вели: »Не прифаќајте два бога. Бог, навистина, е само еден. Тогаш, само од Мене стравувајте!«

52. И сѐ што е на небесата и на Земјата е – Негово. Верата само Нему му припаѓа. И зарем од друг, а не од Аллах, ќе се плашите?

53. Секоја благодат при вас... е од Аллах. Потоа кога ќе ви се случи несреќа...та, од Него гласно барате помош.

54. Потоа, кога несреќата ќе помине, тогаш една дружина меѓу вас Му припишува здруженик на Господарот свој,

55. за да бидат неблагодарни за она што Ние им го дадовме...та, уживајте, а потоа ќе узнаете!

56. Многубошците им определуваат еден дел од храната што Ние им ја дадовме на оние што не знаат. Се колнам во Аллах дека ќе бидете, навистина, прашани за лагите што ги измислувате.

57. И тие на Аллах ќерки Му означуваат. Нека е возвишен Он! А за себе, меѓутоа, го означуваат она што си го посакуваат!

58. И кога некому од нив ќе му дојде вест дека добил женско, неговото лице ќе го покрие црна сенка и очајува,

59. се крие од луѓето заради лошата вест што му е донесена: дали да го остави во живот, па да

биде понижен или, пак, да го закопа в земја. Е, само колку е лошо просудувањето нивно?

60. А, оние што не веруваат во оној свет, тие се лош пример, а најдобриот пример Му припаѓа на Аллах. Он е Силен и Мудар!

61. Кога Аллах би ги казнувал луѓето на земјава заради нивното лошо дело, не би останало ништо живо на неа. Но, Аллах ги остава до едно определено време. Па, кога ќе им дојде крајот, нема да можат да го задоцнат ниту за миг, а ниту, пак, да го забрзаат.

62. Презираното од нив Му го припишуваат на Аллах, а јазиците им исфрлаат лаги дека за нив, без сомнение, има награда. Ним им припаѓа огнот, навистина, и тие во него ќе бидат фрлени!

63. Се колнеме во Аллах дека, навистина, испративме пејгамбери на народите пред тебе, па Шејтанот им ги разубавуваше постапките. Тој е нивниот заштитник денес, а нив ги чека казна болна.

64. И Ние Книга ти објавивме само да им го објасниш она за што се разединуваат, и патоказ, и милост за луѓето кои веруваат.

65. Аллах спушта вода од небо, па со неа ја оживува земјата по мртвилото нејзино. Ете, во тоа, навистина, знамение за луѓето кои слушаат.

66. И во добитокот вие, навистина, имате поука. Ве напојуваме со она што е во неговиот стомак, со чисто млеко, меѓу крв и огризина во трбушината, пријатно за оние што го пијат.

67. А, од плодовите на урмата и лозјето подготвувате напивка и пријатна храна. Во тоа, навистина, има знамение за луѓето кои сфаќаат.

68. И Господарот твој ѝ вдахна на пчелата: »Прави куќа по ридовите, и по стеблата и по она што го прават луѓето;«

69. потоа: »Јади од различни плодови, а потоа оди по патиштата на Господарот твој, послушно!« Од внатрешноста на пчелата излегува напивка со различни бои, во која има лек за луѓето. Ете, во тоа, навистина, има знамение за луѓето што размислуваат.

70. Аллах ве создаде, а потоа ќе ви ги земе душите. Некои од вас ќе доживеат длабока старост, така што нема да знаат ништо од она што го знаеја. Аллах, навистина, е Зналец и Кадар!

71. Аллах ви даде предност во богатството едни над други. Но, оние на кои им е дадено повеќе, тие не им даваат од своето богатство на оние кои се во нивна сопственост. А еднакви им се потребите и на едните и на другите. Е па, зар благодатот на Аллах тие не го признаваат?

72. Аллах од вас создаде жени, а од жените ваши синови и внуци, и Он ве снабди со добра храна. Е па, зошто веруваат во она што не е вистина, а не го признаваат благодатот на Аллах?!

73. И обожаваат други освен Аллах што не можат да им дадат никаква благодат ниту од небесата ниту од Земјата, и коишто ништо не можат да направат.

74. Па, не сметајте дека Аллах има слични на Него. Аллах, навистина, знае, а вие не знаете.

75. Аллах споредува роб, кој е во нечија сопственост и кој нема ништо, со оној кому му даваме изобилно богатство, па дели од тоа јавно и тајно. Зар се еднакви? Благодарноста му припаѓа на Аллах! Но, мнозината од нив не знаат!

76. И Аллах споредува два човека. Еден од нив нем, кој ништо нема и на товар е на неговиот сопственик, и каде било да го испрати, не донесува ништо добро. Еднаков ли е овој со оној што повикува кон праведност, а и самиот е на патот вистински?

77. Тајната на небесата и на Земјата е – Аллахова! А, што се однесува на пропаста на светот? Па, таа е како трепка на окото или, пак, е побрза. Аллах, навистина, е Кадар за сè!

78. Аллах ве вади од утробите на вашите мајки, а вие ништо не знаете, па ви определи и слух, и вид и срца, за да бидете благодарни!

79. Зар не ги гледаат птиците потчинети во летот на небото? Кој може да ги држи освен Аллах? Ете, во тоа, навистина, има знамења за луѓето што веруваат.

80. Аллах ви одреди да се одморите во домовите ваши, а од кожите на добитокот ви одреди покривки што лесно ги носите на денот кога патувате и на денот кога се утаборувате, а од волната нивна, од крзното нивно и влакната нивни, ви одреди простирки за одмор додека не се искинат.

81. И од она што Аллах го создаде за вас Он одреди сенки, и за вас определи засолништа по ридовите, и ви определи облека што ве штити од горештина, и оклопи што ве штитат при војувањето ваше. Ете, така Аллах го надополнува благодатот Негов кон вас, за да бидете послушни!

82. Па, ако го свртат грбот...та, ти си задолжен само да известиш јасно:

83. го знаат благодатот на Аллах, а потоа не го признаваат. А, мнозината од нив се неверници!

84. И Денот во кој ќе оживееме по еден сведок од секоја заедница; потоа, на оние што не веруваа нема да им се дозволи да се извинат, а ниту, пак, ќе им се овозможи да се умилкуваат.

85. И кога неверниците ќе ја видат казната... та, казната нема да им се олесни и нема да им се одложи!

86. И кога ќе ги видат божествата свои, кои на Аллах му ги здружуваа, ќе речат: »Господару наш, овие се наши божества на кои ние, освен Аллах, се молевме.« А, нивните божества ќе им дофрлат: »Вие сте, навистина, лажговци!«

87. И оние тогаш на Аллах ќе Му се оддадат. И ќе исчезнат лагите што ги измислуваа.

88. На оние што не веруваа и што одвраќаа од патот на Аллах Ние ќе им ја зголемиме казната со уште една казна затоа што сееја безредие.

89. И тоа на Денот во кој од секоја заедница Ние ќе оживееме по еден сведок меѓу нив што ќе сведочи против нив! И ќе дадеме, исто така, ти да бидеш сведок против нив. И ти објавивме Книга како објаснување за сè, и патоказ, и милост, и радосница за муслиманите!

90. Аллах, навистина, наредува и праведност, и добротворство, и да им се дава на ближните, и да се забранува зло, и срамно дело, и насилство. Аллах ве советува за да се опоменете!

91. И придржувајте се врз ветувањето кон Аллах кога склучивте договор, и не изневерувајте ги ветувањата кога ги утврдивте и кога Го зедовте Аллах за заштитник. Аллах, навистина, го знае она што го работите!

92. И не бидете како онаа која ќе го распреде своето предиво, по цврстото предиво што го исплети, уфрлувајќи меѓу себе измамнички

заклетви, само затоа што една заедница е побројна од друга заедница. Аллах само ве става во искушение со тоа за да ви објасни, навистина, на Денот суден за она за што, токму, станавте деленици!

93. Да сакаше Аллах, сигурно, ќе ве направеше една заедница, но Аллах скршнува во заблуда кого сака и упатува кого сака. Да, вие ќе одговарате за она што го работевте!

94. И не служете се со заклетвите ваши за да се лажете еднидруги, за да не ви слизне ногата од нејзиното утврдување, и да ја вкусете, затоа што одвраќате од патот на Аллах, казната. За вас има казна голема!

95. И не заменувајте го договорот со Аллах за нешто друго, помалку вредно од него. Кај Аллах, навистина, е најголемото добро за вас, само да знаете!

96. Она што е кај вас е – привремено, а она што е кај Аллах е – за навек. Ние ќе ги наградиме оние што беа трпеливи со награда уште подобра од она што го работеа.

97. Кој ќе направи добро дело, било да е машко или женско, а верник е, нему, Ние ќе му дадеме, сигурно, добар живот; таквите ќе ги наградиме, навистина, со награда уште подобра од она што го работеа.

98. А, кога ќе читаш Куран, побарај засолниште кај Аллах од Шејтанот проколнат.

99. Тој, навистина, нема власт врз оние што веруваат и што се потпираат на својот Господар.

100. Власта негова е врз оние што пријателуваат со Шејтанот и што Му припишуваат здруженици на Аллах.

101. И кога Ние еден ајет ќе замениме со друг... па, Аллах најдобро знае за она што се објавува. Зборуваат: »Ти си, навистина, лажго!« Но, мнозината меѓу нив не знаат!

102. Кажи: »Го објави Светиот дух, од Господарот твој, со вистина за да ги зајакне оние што веруваат, како патоказ и радосница за муслиманите!«

103. И Ние го знаеме она што го зборуваат: »Него го поучува некој човек.« Јазикот на кој тие зборуваат е странски, а ова е јасен арапски јазик.

104. Оние што не веруваат во знаменијата на Аллах, нив, Аллах, навистина, нема да ги упати. Има казна болна за нив!

105. Измислуваат лага тие што не веруваат во знаменијата на Аллах. Тие се, токму, лажговци!

106. Оној што не верува во Аллах, а претходно веруваше, – но не и оној што е присилен, а срцето му е смирено со верување, – тој ќе ја предизвика лутината на Аллах. А, за оние кои, исто така, ќе ги исполнат градите со неверство, за нив, има казна голема.

107. Ете, тоа е, навистина, заради тоа што го посакуваат животот на овој свет повеќе од животот на оној свет. И Аллах нема да го упати народот невернички.

108. Тоа се оние чии срца, и чиј слух и чиј вид Аллах ги запечати. Тие, токму, се занемарени!

109. А на оној свет, без сомнение, ќе бидат поразени!

110. Кон оние што се иселија, по страдањето, а потоа се бореа и беа трпеливи...та, Господарот твој, по сето тоа, навистина, е Простувач и Сомилосен!

111. Ќе настапи Денот во кој секој човек ќе се грижи за себе... И секој човек ќе си го добие она што го спечалил. И нема да им се направи неправда.

112. Аллах изнесе пример за градот, безбеден и мирен, кому од секоја страна му доаѓаше изобилна храна. И, ете жителите не ги признаваа благодатите на Аллах, па Аллах определи да вкусат и глад и страв, токму, заради она што го работеа,

113. и им дојде пејгамбер, еден од нив, па го сметаа за лажго...та, ги погоди казна, зашто тие, токму, беа силници!

114. Па, јадете од храната што ви ја даде Аллах, она што е дозволено и добро. И ако само Аллах Го обожавате, заблагодарувајте се за благодатите Негови!

115. Он, навистина, ви забрани и мрша, и крв, и свинско месо, и она што е заклано во друго, а не во името на Аллах, освен ако е некој присилен, несакајќи, само колку да преживее... Та, Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

116. И не зборувајте го она што ви е, инаку, својствено на јазиците и не лажете: »Ова е дозволено, а ова е забрането!« Ете, за да измислувате лаги за Аллах. Оние кои, навистина, измислуваат лаги за Аллах, тие нема да успеат!

117. Само малку уживање; и постои казна болна за нив!

118. На евреите им го забранивме она што ти го кажувавме порано. И зло не им направивме, туку самите зло си направија!

119. За оние што направија зло, незнаејќи, и што се поправија, ним, Господарот твој ќе им прос-

ти. Господарот твој, навистина, е Простувач и Сомилосен кон нив!

120. Ибрахим беше предводник, понизен на Аллах и чист. Не беше многубожец;

121. беше благодарен за благодатите на Аллах. И Он го избра и го упати по патот вистински.

122. На овој свет Ние му дадовме добро, а на оној свет ќе биде, навистина, меѓу добрите!

123. Потоа Ние ти објавивме: »Следи ја чистата вера на Ибрахим. Он не беше многубожец.«

124. Сабота е определена за празнување за оние што се разединуваа за неа! Господарот твој ќе им пресуди, навистина, на Денот суден, за она за што станаа деленици!

125. Повикувај кон патот од Господарот твој, и со мудрост и со добра ука. И расправај на најдобар начин со нив! Господарот твој, навистина, најдобро го познава оној што скршнал од Неговиот пат. Он најдобро ги знае упатените!

126. А, ако сакате да им се одмаздите – па, одмаздете се онолку колку ви е направено зло. А, ако се стрпите, тоа, навистина, е најдобро за трпеливите!

127. Биди трпелив! Трпеливоста е само покрај Аллах. И, не жалости се за нив. И нека не те обзема тесноградие поради она што го сплеткарат!

128. Аллах, навистина, е со оние што се богобојазливи и со оние што се добротвори!

Џуз 15

# СУРА ЕЛ-ИСРА

## Патување ноќе

Сура 17 - Мека - 111 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Славен нека биде Оној што робот Свој го пренесе ноќе од Месџидул Харам до Месџидул Акса, чија околина Ние ја благословивме, за да му покажеме некои од знаменијата Наши. Он, навистина, сè слуша и сè гледа!

2. И Ние на Муса му дадовме Книга и ја определивме да биде патоказ за синовите Израилови: »Не земајте, освен Мене, друг закрилник!«

3. Потомци од оние за кои одредивме да бидат со Нух. А, Нух, навистина, беше благороден роб.

4. И Ние во Книгата на Синовите Израилови им oобјавивме: »Вие ќе предизвикате на земјата безредие во два наврата, сигурно! И прекумера, високо ќе гледате.«

5. Па, кога се случи заканата, онаа првата, против вас, Ние испративме Наши робови, силни и јаки, кои ги прегазија домовите. И заканата беше остварена.

6. Потоа Ние ви ја вративме моќта против нив и ве поддржавме со имотот и со синовите и бројно ве зголемивме.

7. Ако правите добро, правите добро за себе, а ако, пак, правите зло, правите зло за себе. А, кога дојде заканата, онаа другата, Ние ги испративме, за да се ужалат лицата ваши, и за да влезат во Храмот како што влегоа првпат, и да го уништат целосно она што ќе падне во нивни раце.

8. Господарот ваш, можеби, ќе ви прости. Ако вие почнувате и Ние почнуваме. Џехеннемскиот затвор Ние го определивме за неверниците!

9. Овој Куран, навистина, упатува кон она што е најисправно, а на верниците што работат добри дела им донесува радосница дека за нив има награда голема.

10. А, оние што не веруваат во оној свет, ним, навистина, Ние им подготвивме казна болна.

11. И човекот повикува кон зло како што повикува и кон добро. Човекот е прекумерно брз!

12. И денот и ноќта Ние ги направивме две знаменија. Па, знамението ноќ го бришиме, и знамението ден го правивме очигледно, за да барате добрина од Господарот ваш и за да го знаете бројот на годините и сметањето. Па, секоја работа Ние потенко ја објаснивме!

13. И за вратот на секој човек Ние ќе му го обесиме неговото дело, а на Денот суден, Книгата со која ќе се сретне, ќе му ја извадиме отворена:

14. »Читај ја Книгата твоја; за тебе денес е доволно тоа што ќе полагаш сметка.«

15. Оној што оди по патот вистински, тој оди по него, навистина, за себе, а оној што скршнува во заблуда, тој скршнува во заблуда, навистина, против себе. И никако нема да го носите бремето на другиот. И Ние не казнивме ниеден народ додека не му испративме пејгамбер.

16. Кога сакаме, Ние уништуваме град, а раскошниците негови ги оставаме во разврат, па се овистинува зборот против нив и, тогаш, до темел го рушиме тој град.

17. И колку поколенија по Нух Ние уништивме! Доволно е што Господарот твој гледа сè и Известен е за гревовите на робовите Свои.

18. Оној кој го посакува овој свет, Ние му го даваме она што го сакаме, она што е минливо, а, потоа, ќе му одредиме Џехеннем во кој ќе биде пржен, потценет и напуштен!

19. А оној кој го посакува оној свет и кој тежнее кон него, кој е верник... е, па, на таквите тежнеењето нивно е благодарно!

20. Ние им даваме на сите, било на овие било на оние, од подароците на Господарот твој. А подароците на Господарот твој не се никому забранети!

21. Погледни како Ние им даваме предност едни на други. А на оној свет, навистина, се најголемите степени и најголемите предности!

22. И не означувај покрај Аллах друг бог. Ќе останеш, тогаш, осуден и отфрлен.

23. И Господарот твој определи: »Да Го обожавате само Него и да им правите добро на родителите. Ако еден од нив или двајцата кај тебе доживеат старост, не кажувај им ни „уф“. Не обраќај им се со висок глас и зборувај им зборови благородни!«

24. И пред нив спушти ги крилјата на потчинетоста и милоста, и речи: »Господару мој, смилувај им се онака како што тие ми се смилуваа кога бев малечок!«

25. Господарот ваш најдобро го знае она што е во вашите души: ако бидете добротвори...та, Он, кон оние кои се кајат, навистина, е Простувач!

26. И дај му го на ближниот правото негово, и на сиромашниот, и на патникот и не троши безмерно!

27. Расипниците, навистина, се браќа на Шејтанот, а Шејтанот Господарот негов не Го признава.

28. Па, ако си присилен да ги занемариш на некој начин, зашто ја бараш милоста на Господарот твој за која, токму, се надеваш, тогаш зборувај им учтиво!

29. И не држи ја раката твоја скржава, а ниту расипничка, за да не останеш презрен и очаен.

30. Господарот твој, навистина, дава богатство кому сака и Он скратува кому сака. Он е Известен за робовите Свои и Он гледа сè!

31. И не убивајте ги децата ваши, плашејќи се од сиромаштија. Ние ве храниме и нив и вас. Убивањето нивно, навистина, е голем грев!

32. И не приближувајте се кон блуд. Тоа, навистина, е гнасно и лоша постапка!

33. И не убивајте никого за кого Аллах забрани да се убива бесправно! А, во однос на оној што е убиен, ниту крив ниту должен, на заштитникот негов му дадовме овластување, но нека не претерува во возвраќањето, зашто тој, навистина, е потпомогнат!

34. И не приближувајте се кон имотот на сиракот! И додека не стане полнолетен, однесувајте се кон него на најдобар начин. Исполнувајте го договорот! За договорот, навистина, има одговорност!

35. И кога мерите, мерете како што треба, мерејќи и на кантарите праведно. Ете, тоа е најдобар и најубав исход!

36. И не следи го она што не го знаеш. И слухот, и видот, и срцето ќе бидат одговорни, навистина!

37. И не оди по земјата вообразено! Ти, навистина, земјата нема да ја пробиеш и нема да ги надвишиш ридовите!

38. Сè ова е лошо, кај Господарот твој, непожелно.

39. Ете, тоа е од мудроста што ти ја објави твојот Господар. И не придружувај Му на Аллах друг бог, зашто ќе бидеш фрлен во Џехеннемот, понижен и отфрлен!

40. Зар Господарот ваш ви подари синови, а за Себе ги зема мелеките како ќерки? Вие употребувате, навистина, одбивни зборови!

41. Во овој Куран Ние објаснуваме за да се опоменат, но тоа само им ја зголемува одбивноста.

42. Кажи: »Кога би имало покрај Него богови како што зборуваат, тогаш би побарале пат до Аллах!«

43. Славен е Он и Возвишен, над она што го зборуваат, со височина голема!

44. Него Го слават и седумте небеса и Земјата и она што е меѓу нив. И нема ништо што не Го слави, со благодарноста своја, но вие не го разбирате нивното славење! Он, навистина, е Благ и Простувач!

45. И кога го читаш Куранот, меѓу тебе и оние што не веруваат во оној свет, Ние поставивме невидливо перде.

46. И Ние ставивме прекривачи врз срцата нивни за да не го разберат, а и глувост во ушите

нивни. И кога ќе го спомнеш Господарот твој во Куранот, Единствениот, тие се вртат одбивно.

47. И Ние најдобро го знаеме она што тие го слушаат, токму, кога те прислушкуваат, и кога шепотат, и кога многубошците зборуваат: »Да, вие следите само еден човек волшебник!«

48. Погледни какви примери ти донесуваат! Оние скршнаа во заблуда...па, не можат да го најдат патот вистински!

49. И зборуваат: »Кога ќе станеме коски и прашина, тогаш ли ќе бидеме оживеани, одново создадени?«

50. Кажи: »И дури да бидете камења и железо,

51. или кое било друго создание што ви изгледа преголемо. Ќе речат: »Кој ќе нè оживее?« Кажи: »Оној што ве создаде првпат.« Тогаш кон тебе ќе ги свртат главите свои, зборувајќи: »Кога ќе биде тоа?« Кажи: »Ќе биде, можеби, сосем блиску!« –

52. Денот во кој Он ќе ве повика, па ќе му се одзвиете, заблагодарувајќи Му се. Ќе помислите дека останавте само малку време.

53. И кажи им на робовите Мои да го зборуваат она што е најдобро, зашто Шејтанот, навистина, сее раздор меѓу нив. Шејтанот е отворен непријател кон човекот!

54. Господарот ваш ве познава најдобро. Ако посака, Он ќе ви се смилува, а ако, пак, Он посака, ќе ве казни. И Ние не те испративме да бидеш нивни чувар!

55. Господарот твој најдобро ги знае и оние на небесата и оние на Земјата. Некои од пејгамберите Ние одликувавме едни над други, а на Давуд Зебур му го дадовме.

56. Кажи: »Молете ги оние што ги замислувате за богови, а не Него, кои не можат да ја отстранат неволјата од вас, а ниту да ја заменат!«

57. Оние на кои ги молат, бараат средство како да дојдат поблиску до својот Господар, и се надеваат на милоста Негова и се плашат од казната Негова. А, на казната од Господарот твој треба да се внимава, навистина!

58. Нема ниеден град што нема да го уништиме пред Денот суден или да не го казниме со казна жестока. Тоа е така запишано во Книгата!

59. Тоа што Нè спречува да испратиме знаменија е само фактот што нив ги сметаа за лажни поколенијата одамнешни. И на Семуд Ние му дадовме камила, очигледно знамение, па во тоа не веруваа. Знаменијата ги испраќаме само да застрашиме!

60. И кога ти рековме: »Да, Господарот твој ги опфаќа луѓето, а сонот кој ти го покажавме е само искушение за луѓето, а и дрвото проколнато, спомнато во Куранот.« И ги застрашуваме, а големото нивно неверување, само се зголемува!

61. И кога Ние на мелеките им наредивме: »Поклонете му се на Адем!« Па, сите се поклонија, освен Иблис, кој рече: »Зар да му се поклонам на оној што го создаде од кал?!«

62. И уште рече: »Зар сметаш на овој кого го одликува над мене? Е па, ако ме оставиш до Денот суден, ќе го совладам потомството негово, но не и мал број од нив!«

63. Тој рече: »Бегај! А оние што ќе те следат, па Џехеннемот, навистина, е ваша казна, казна целосна!«

64. И колку сакаш заведувај од нив со твојот глас. И натерај го карванот твој против нив, и пешадијата твоја... здружи им се и во имотот и во децата и давај им ветувања! Шејтанот на луѓето им ветува само измама!

65. Не поседуваш моќ над робовите Мои, навистина! Господарот твој е Доволен Закрилник!

66. Господарот ваш е Оној што, за вас, прави бродот да плови по море за да барате од добрината Негова. Он, кон вас, навистина, е Сомилосен!

67. И кога ќе ве погоди неволја в море, исчезнуваат оние што ги молевте, и во тој случај постои само Он. И штом ќе ве спасиме со пристигнувањето на копно, во тој случај се противите. Човекот, навистина, не признава!

68. Зар сте сигурни дека Он нема да ве турне в земја? Или да не ви испрати пустинска бура? А потоа да не си најдете никаков заштитник!

69. Или зар сте сигурни дека повторно нема да ве изведе во море, па да ви испрати бура што ќе ве удави затоа што не верувавте? Потоа нема да најдете никој што ќе биде против Нас.

70. И Ние веќе ги одликувавме синовите Адемови. И ги згриживме и по море и по копно, снабдувајќи ги со добрата и давајќи им предност над многу од оние што ги создадовме.

71. А на Денот во кој ќе ги повикаме сите луѓе со нивниот водач... Оние на кои ќе им биде дадена книгата од десната страна, тие ќе си ја читаат книгата и нема да им се направи ни најмалку неправда.

72. И кој ќе биде во врска со ова слеп на овој свет, тој ќе биде слеп и на оној свет, и кој најмногу во заблуда скршнал.

73. И за малку да не те одвратат од она што Ние ти го објавивме, за да изнесеш нешто друго против Нас, па да те прифатат за пријател!

74. И Ние да не те зајакневме, ти, само за малку, ќе им се приклонеше,

75. а, ако тоа го направеше, тогаш Ние ќе ти дадевме да вкусиш удвоена казна, и во овој живот и во оној живот. Потоа не би нашол поддржник против Нас!

76. И колку те вознемируваа на земјата за да те истераат од неа! А, ако те истераа, ќе останеа по тебе само малку време.

77. Практиката кон пејгамберите кои Ние пред тебе ги испративме беше таква. А, во практиката Наша, навистина, нема да најдеш измена.

78. И клањај намаз кога сонцето ќе тргне од половина на небото, па до вечерниот самрак и читај Куран во утринската молитва. Читањето на Куранот во утринската молитва, навистина, е нешто посведочено!

79. И труди се да клањаш во дел од ноќта, и тоа доброволно, можеби Господарот твој ќе ти испрати достоен благороден степен.

80. И кажи: »Господару мој, направи да влезам низ она што е добро за мене и да излезам од она што е лошо за мене. И дај ми од Твоја страна и власт и поддржник!«

81. И кажи: »Вистината дојде, а лагата исчезна. Лагата, навистина, е ништожна!«

82. И Ние го објавуваме од Куранот она што е лек и милост за верниците. А на неверниците само им ја зголемува загубата!

83. И кога на човекот ќе му подариме некаков благодат, се прчи и се врти настрана, а кога ќе го снајде некакво зло, се разочарува.

84. Кажи: »Секој работи онака како што му одговара. Господарот ваш, меѓутоа, најдобро го знае оној кого Он, токму, го упати по патот вистински!«

85. И те прашуваат за духот. Кажи: »Духот е едно од нештата на Господарот мој и дадено ви е само малку знаење за него.«

86. А, ако посакаме, Ние сигурно ќе направиме да исчезне она што ти го објавивме. И ти, по тоа, нема да најдеш закрилник што ќе биде против Нас.

87. Но тебе ти припаѓа милоста на твојот Господар. Добрината Негова кон тебе, навистина, е голема!

88. Кажи: »Кога би се збрале џиновите и луѓето да донесат нешто што ќе биде слично на Куранот, нема да можат да донесат ништо слично нему, па било да се помагаат едни со други.«

89. Во овој Куран Ние изнесовме секакви примери за луѓето. Па, мнозината на луѓето одбиваат, навистина, со тоа што не веруваат!

90. И уште зборуваат: »Никогаш нема да ти веруваме сè додека не направиш да прсне вода од земјата, вода што ќе извира«,

91. или додека не поседуваш градина со урми и со лозја, па да направиш да протечат големи реки низ неа,

92. или ако не го срушиш небото врз нас – како што сметаш – во парчиња, или ако не ни ги доведеш Аллах и мелеките при помош,

93. или: ако немаш куќа со украси, или ако не се извишиш на небо и дури нема да ти веруваме и

во извишувањето твое сè додека не ни спуштиш Книга што ќе ја читаме.« Кажи: »Славен нека биде Господарот мој! Зар јас не сум само човек пејгамбер!?«

94. А, она што луѓето ги спречува – бидејќи им се објави патоказот – е само тврдењето нивно: »Зар Аллах да испрати човек за пејгамбер?«

95. Кажи: »Кога мелеките би оделе по земјата мирно, Ние ќе им испратевме мелек од небо за пејгамбер!«

96. Кажи: »Аллах е Доволен Сведок меѓу мене и меѓу вас.« Он, навистина, е Известен за робовите Свои и Он гледа сè!

97. Оној кого Аллах ќе го упати, тој е упатен, а оној кого Он ќе го скршне во заблуда...за него нема да најдеш, освен Него, заштитници. Ние ќе ги доведеме на Денот суден: лицата нивни ќе бидат соборени, ќе бидат и слепи, и неми, и глуви. Прибежиштето нивно е – Џехеннемот! И секојпат кога огнот распален ќе попушти, Ние пак ќе им го разгориме.

98. Ова, токму, е казната нивна, зашто тие, навистина, не веруваа во знаменијата Наши, и велеа: »Кога ќе станеме коски и прашина, тогаш ли ќе бидеме оживеани, одново создадени?«

99. Зар не гледаат дека Аллах, навистина, е Оној што ги создаде небесата и Земјата, Кој е кадар да создаде слични на нив, и да им определи рок во кој нема сомнение? Па, неверниците само порекнуваат!

100. Кажи: »И кога би ги поседувале ризниците на милоста од Господарот мој и дури тогаш би ве опфатил страв да потрошите.« Човекот е скржав!

101. И Ние му дадовме на Муса девет јасни знаменија. Па, прашај ги синовите Израилови кога тој им дојде, и кога фараонот му рече: »При мислење сум дека ти си, Муса, навистина, волшебник!«

102. Муса рече: »Да, знаеш дека тие очигледности ги објави само Господарот на небесата и на Земјата. И јас сметам, о фараоне, дека си ти, навистина, изгубен!«

103. И тогаш фараонот посака да ги истера од земјата. Па, Ние него и оние што беа со него, заедно, ги потопивме.

104. И по него на синовите Израилови Ние им рековме: »Населете ја земјата, а кога ќе дојде заканата на оној свет, Ние ќе ве доведеме заедно!«

105. И Ние Куранот го објавивме со вистина. И тој, токму, се објавува со вистина. И тебе те испративме само како радосник и опоменувач!

106. И Ние го објавуваме Куранот по делови за да им го читаш на луѓето полека. И го објавуваме онака како што го објавуваме.

107. Кажи: »Ќе верувате во него или нема да верувате, тие со знаењето што им се објави пред него – кога им се кажува – се поклонуваат ничкум,«

108. и зборуваат: »Славен нека е Он! Господарот наш! Ветувањето на Господарот наш се оствари!«

109. И паѓаат со челата свои, плачејќи, и Он им ја зголемува страхопочитта.

110. Кажи: »Спомнувајте „Аллах!“ Или спомнувајте „Милостив!“« И по кое име ќе Го молите... па, имињата Негови се најубави! При твојот

намаз не кажувај со цел глас, а ниту скришно во себе, туку најди начин меѓу тоа!

111. И кажи: »Благодарение на Аллах! Кој не си присвои дете и Кој не си зема здруженик во власта и Кој нема потреба од поддржник! И величај Го со сето величие!«

# СУРА ЕЛ-КЕХФ

## Пештера

Сура 18 - Мекка - 110 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Благодарение на Аллах Кој на својот роб му објави Книга што не ја искриви,

2. туку таа е исправна, за да опомене со казна тешка од Него, и да ги зарадува верниците што работат добри дела дека за нив има, навистина, награда убава,

3. во која за навек ќе останат,

4. и да ги опомене тие кои тврдат дека Аллах си присвои дете.

5. Тие за тоа не знаат, а не знаеја ниту предците нивни. Е, само колку е крупен зборот што им излегува од устите! Тие зборуваат само лаги!

6. Па, зарем жалејќи да пукнеш заради впечатоците нивни, само затоа што не веруваат во оваа Реч?

7. Сè што е на земјата Ние, навистина, го создадовме да биде нејзин украс за да пробаме кој ќе работи најдобри дела од нив!

8. И Ние, навистина, ќе го направиме она што е на земјата гола пустина!

9. Или зарем мислиш дека жителите на пештерата и на натписот беа само едни од Нашите чудни знаменија?

10. Кога младите момчиња се засолнија во пештерата, тогаш рекоа: »Господару наш, дај ни од милоста Твоја и олесни ни ја нашава работа, по патот вистински!«

11. И Ние ги заспавме во пештерата многу години,

12. а, потоа Ние ги пробудивме за да покажеме која од двете странки подобро ќе го пресмета времето во кое се задржаа.

13. И Ние вистински ти го изнесуваме кажувањето за нив: тие беа млади кои, навистина, веруваа во Господарот свој и дури им го зголемивме патоказот!

14. И кога се разбудија Ние ги зајакнавме нивните срца, па рекоа: »Господарот наш е Господарот на небесата и на Земјата. Не се молиме на друг бог освен Аллах. Во спротивно би лажеле.«

15. Еве, какви се луѓето наши! Прифатија други богови освен Него. Зошто, тогаш, не донесоа јасен доказ за нив? И кој е поголем силник од оној што фрла лага врз Аллах?

16. И кога ќе се оддалечите од нив и од она што го обожаваа освен Аллах, скријте се во пештерата. Господарот ваш ќе ве опсипа од милоста Своја и ќе ви подготви некаква корист од вашата работа.

17. И гледаш кога сонцето изгрева како се шири на десната страна од нивната пештера, а кога заоѓа поминува на нивната лева страна, додека се тие сред пештерата. Ете, тоа се од знаменијата на Аллах. Оној кого Аллах ќе го упати... па, тој е упатен, а оној кого Он ќе го скршне во заблуда... па, за него нема да најдеш ниту заштитник ниту показник.

18. И би поверувал дека се будни, а тие спиеја. И ги вртевме било на левата било на десната страна, а кучето нивно беше ги пружило предните нозе кон отворот. И кога би ги видел, би се дал во бегство и би се исполнил со страв од нив.

19. И, ете така Ние ги пробудивме за да се прашуваат едни други. Еден од нив праша: »Колку останавте?« Тие рекоа: »Останавме еден ден или дел од еден ден.« Тие рекоа: »Господарот ваш најдобро знае колку останавте.« »Испратете, тогаш еден од вас со овие ваши сребренарии, па нека види кај кого има најчиста храна и нека ви донесе од храната, нека се однесува учтиво и никому нека не кажува за вас,

20. зашто, ако дознаат за вас, навистина, ќе ве каменуваат или ќе ве вратат во верата нивна и, тогаш нема никогаш да успеете.«

21. И, ете така Ние го направивме познат нивниот случај, за луѓето да знаат дека ветувањето на Аллах е вистинско и дека во Часот последен нема сомнение, навистина! Тогаш кога се расправаа едни со други за работата нивна, рекоа: »Подигнете една градба над нив. Господарот нивни најдобро ги знае кои се тие.« Тие кои најмногу знаеја за нивната работа, рекоа: »Да изградиме еден храм над нив!«

22. Ќе речат: »Тројца се, кучето нивно е четврто.« Ќе речат: »Петмина се, кучето нивно е шесто.« За непознатото ќе претпоставуваат. Ќе речат: »Седмина се, кучето нивно е осмо...« Кажи: »Господарот мој најдобро го знае бројот нивни.« И го знаат само малкумина. И расправај за нив само попатно и не барај мислење од никого за нив!

23. И никогаш, во врска со некоја работа, не вели: »Ова ќе го направам утре«,

24. – само: »Ако Аллах даде,« и кога ќе заборавиш спомни Го Господарот твој, и речи: »Господарот мој, можеби, ќе ме упати кон она што е поблиску до показот од ова!«

25. И останаа во пештерата своја триста години и додадоа уште девет години.

26. Кажи: »Аллах најдобро знае колку останаа.« Тајната на небесата и на Земјата е – Аллахова! Е, колку Он гледа и колку Он слуша! Тие немаат заштитник освен Него и никој не учествува во одлуката Негова.

27. И кажувај го она што ти е објавено од Книгата на Господарот твој. Нема никој што може да ги промени Неговите зборови. И нема да најдеш друго, освен Неговото прибежиште!

28. И стрпи се заедно со оние што Го молат Господарот свој и наутро и навечер, посакувајќи Го задоволството Негово, и не тргај ги погледите твои од нив, посакувајќи го украсот во животот на овој свет; и не биди послушен кон оној чие срце го потемнивме и кој не Нè спомнува, и кој си ја следи страста, а постапката му е прекумерна.

29. И кажи: »Вистината е од Господарот твој... па, кој сака нека верува, а кој сака нека не верува.« Ние за неверниците, навистина, подготвивме оган чиј чад ќе ги опфати сите. А, ако, пак, побараат помош, ќе им потече вода како растопена руда што ги пржи лицата. Е, само колку е лоша таа напивка! Е, само колку е лошо тоа сместување!

30. Оние што, навистина, веруваат и што работат добри дела... та, Ние нема да ја поништиме наградата на оние што работат добро!

31. За нив има градини еденски низ кои течат реки; ќе бидат украсени со беглезии од злато и облечени со зелена облека од тенка и од дебела свила и ќе бидат потпрени на дивани. Е, само колку е убава таа награда! Е, само колку е убаво тоа прибежиште!

32. И изнеси им го примерот на двајца: на едниот од нив Ние му дадовме две лозја и ги заградивме со палми и меѓу нив поставивме ниви.

33. И двете градини го даваа својот плод и тој не се смалуваше, и сред нив Ние определивме да избие река.

34. Тој имаше и друг имот. Еден ден расправајќи со својот другар, рече: »Побогат сум од тебе и посилно е моево потомство!«

35. И влезе во својата градина. Меѓутоа, правејќи зло према себе, рече: »Мислам дека ова ќе остане за навек.

36. Не мислам дека ќе се оствари пропаста на светот. Ако бидам вратен кај мојот Господар, ќе најдам подобра градина во замена за оваа.«

37. И расправајќи се со него, другарот му рече: »Зар не веруваш во Оној што те создаде од земја, потоа од семе, а потоа те создаде како човек?

38. Но, Он, Аллах, е Господарот мој. Не Му здружувам никого на Господарот мој.

39. Во градината твоја кога влезе да речеше: – Она што го сакаше Аллах. – Нема друга моќ освен онаа кај Аллах, и ако сметаш дека јас имам помалку имот од тебе, и деца,

40. па, Господарот мој, можеби, ќе ми даде подобра градина од твојата, па ќе испрати од небо град и ќе ти стане градината само лизгава површина,

41. или нејзината вода да потоне, па никогаш да не можеш да ја пронајдеш.«

42. И пропадна нејзиниот плод. И тогаш почна да ги крши прстите заради она што го потроши во неа, и потпорниците од лозјето се срушија. И рече: »Тешко мене! Зошто ли му припишував здруженик на Аллах!«

43. И тој немаше дружина за помош. Само Аллах помага. И самиот себеси не можеше да си помогне!

44. Заштитата тука е од Аллах, Вистината. Он најдобро наградува и Он најдобро ги завршува работите!

45. И изнеси им го примерот за животот на овој свет: сличен е на вода што Ние ја спуштаме од небо со која се мешаат растенијата на земјата, па ќе станат суви и ветрот ќе ги разнесе. И Аллах е Кадар за сè!

46. Имотот и синовите се украс во животот на овој свет. Добрите дела кои остануваат, меѓутоа, се подобри кај Господарот твој: наградата е подобра и надежта е подобра.

47. И на Денот во кој Ние ќе ги разнишаме планините, земјата ќе ја видиш порамнета. Ние сите ќе ги собереме и никого нема да изземеме!

48. И ќе бидат поредени кај твојот Господар во редици. Ни дојдовте, навистина, онака како што ве создадовме првпат. Но, мислевте дека Ние никогаш нема да се сретнеме.

49. Ќе биде поставена Книгата, а силниците ќе ги видиш преплашени заради она што е во неа, па ќе речат: »Тешко нам! Каква е оваа Книга? Ни мал грев ни голем грев не е изоставен во неа, сè е внесено.« И ќе го најдат подготвено сето она

што го работеа. И Господарот твој никому нема да му направи неправда.

50. И кога Ние на мелеките им рековме: »Поклонете му се ничкум на Адем!« Сите се поклонија ничкум, освен Иблис. Тој беше меѓу џиновите, па ја потцени заповедта од Господарот свој. Зар ќе ги земете, тогаш, него и потомството негово, за заштитници покрај мене? Тие се ваши непријатели. Е, само колку е лоша таа замена за неверниците!

51. Не ги имав за сведоци при создавањето на небесата и на Земјата, а при создавањето нивно никого не земав за сведок и не ги земав да ми помогнат скршнатите во заблуда!

52. И на Денот во кој Он ќе рече: »Повикајте ги оние што ги сметавте за здруженици Мои.« Па, ќе ги повикаат и нема да им се одзвијат. Ние одредивме меѓу нив провалија што ќе ги однесе во пропаст.

53. И силниците ќе го видат огнот и тогаш ќе сфатат дека ќе попаѓаат во него и нема да можат да се извлечат од него.

54. И Ние во овој Куран на луѓето им изнесовме секакви примери. Човекот од сите созданија, меѓутоа, најмногу расправа.

55. Ништо не ги спречува луѓето во верувањето, кога им доаѓа упатството, и во барањето да им прости нивниот Господар освен што тие бараат само да им се повтори практиката на одамнешните или да им дојде некаква казна непосредно.

56. Ние ги испраќаме пејгамберите само како радосници и опоменувачи. Оние што не веруваат, тие се расправаат, служејќи се со невистината, за да ја отстранат вистината, и за

да ги исмејуваат знамењата и опомените Мои!

57. И кој е поголем зулумќар од оној кој, кога ќе се опомене со ајетите на Господарот свој, е рамнодушен кон нив, и кој го заборава она што го направија неговите раце? Ние ставивме перде врз срцата нивни, за да не го разберат Куранот, а глувост во ушите нивни. И ако ги повикаш кон патоказот, тогаш нема никогаш да се упатат.

58. Господарот твој е Простувач и Поседник на милоста. Кога би го земал предвид кај нив она што го направија, казната веднаш ќе им дојде. Но, за нив има рочиште и, тогаш, нема да најдат засолниште.

59. И тие градови Ние ги уништивме, затоа што жителите нивни правеа зулум, и определивме точно време за нивното уривање.

60. И кога Муса му рече на своето момче: »Нема да престанам да патувам сè додека не дојдам до едно место каде што се спојуваат две морња или, пак, ќе патувам долго време.«

61. И кога дојдоа до местото кадешто се спојуваат две морња, ја заборавија рибата, а таа, следејќи го својот пат, си се лизна во морето.

62. И кога се оддалечија, Муса му рече на момчето: »Дај ни ја храната зашто веќе се уморивме од ова наше патување!«

63. Момчето рече: »Не виде ли дека кога отседнавме кај пештерата дека јас, навистина, заборавив на рибата? Само Шејтанот ме натера да заборавам на неа: таа, следејќи го својот пат, се лизна во морето. И тоа е чудна работа!«

64. Муса рече: »Ете, тоа е она, токму, кон што тежнееме.« Па, ете се вратија, следејќи ги стапалките свои!

65. Па, најдоа еден од Нашите робови кому му дадовме од милоста Наша и кого го поучивме со Наше знаење.

66. И Муса му рече: »Да те следам ли, па да ме поучиш со оној показ со кој си ти, токму, поучен?«

67. Момчето рече: »Ти, навистина, нема да можеш да издржиш со мене!

68. И како да се стрпиш за она за што не поседуваш никакво знаење?«

69. Муса рече: »Ќе ме најдеш, ако Аллах даде, трпелив и дека за ништо нема да ти се противам!«

70. Момчето на Муса му рече: »Па, ако ме следиш, тогаш не прашувај ме за ништо сè додека не ти дадам објаснување за тоа!«

71. И, така тргнаа двајцата, и кога се качија на едно кајче, го избуши кајчето. Муса рече: »Зар го избуши за да се удават сопствениците негови? Направи, навистина, тешка работа!«

72. Момчето рече: »Зар не ти реков дека ти, навистина, нема да можеш да издржиш со мене!«

73. Муса рече: »Не земај го предвид она што го заборавив и не оптоварувај ме во оваа моја и онака тешка работа!«

74. И пак тргнаа тие двајца, и кога сретнаа едно дете, го уби детето. Муса рече: »Уби ли чисто чедо, кое никого не убило? Направи, навистина, голем престап.«

75. Момчето рече: »Зар не ти реков дека ти, навистина, не можеш да издржиш со мене?«

76. Муса рече: »Ако те прашам уште за нешто по ова, тогаш не придружувај ме. Ете, така, што се однесува на мене, ти се оправдав!«

77. И пак тргнаа двајцата. И кога стигнаа до жителите на едно село, побараа од овие да ги нахранат, но одбија да ги угостат. И, така наидоа на еден ѕид кој само што не беше се урнал, па го исправи. Муса рече: »Да посакаше, ќе беше награден за ова!«

78. Момчето рече: »Ова е разделбата, всушност, меѓу мене и меѓу тебе. Ќе ти го откријам значењето на она за што, токму, не можеше да се стрпиш!

79. Што се однесува на кајчето, тоа беше во сопственост на сиромашни што работат на крајбрежјето. Посакав да го оштетам, бидејќи при нив е еден владетел кој го плени и присвојува секое кајче.

80. Што се однесува на детето, родителите негови се верници, па се уплашивме да не ги турне во пакост и во неверство,

81. и посакавме Господарот нивни да им го замени со подобро дете од него, чисто и милозливо!

82. Што се однесува на ѕидот, тој е во сопственост на две сирачиња од градот. Под него се наоѓа благо за нив. Бабо им беше добар. И ете, така Господарот твој посака тие деца да пораснат, да

сјакнат и да си го извадат своето благо: тоа е милост од твојот Господар. Сè што направив, не направив по свое. Ете, тоа е толкување на она за што не можеше да се стрпиш!«

83. И те прашуваат за Зул-Карнејн. Кажи: »Ќе ви изнесам за него едно сеќавање.«

84. Ние, навистина, му дадовме значајно место на земјава. И му дадовме показ кон секоја ствар,

85. и тој, тогаш тргна кон показот.

86. И кога стигна до местото каде што заоѓа сонцето, помисли дека заоѓа во матен извор и тука наиде на еден народ. Ние рековме: »О Зул-Карнејн! Или ќе го казниш овој народ или, пак, ќе бидеш учтив кон него!«

87. – Рече: »Што се однесува на оној кој не верува..., ќе го казнам, а потоа ќе му се врати на својот Господар... и Он ќе го казни со казна невидена.«

88. Што се однесува на оној кој верува и кој работи добро... па, нему му припаѓа најубава награда. И нему нежно ќе му се обратиме.«

89. Потоа пак тргна по показот.

90. Кога стигна до местото каде што изгрева сонцето, наиде на еден народ над кого изгреваше сонцето. И Ние не му создадовме ништо за да се заштити од сонцето.

91. Ете, така постапи со тој народ и Ние целосно ја знаевме постапката негова пред тоа.

92. Потоа пак тргна по показот.

93. Кога стигна до едно место меѓу два рида, наиде, освен на нив, и на еден народ кој, речиси, не разбираше ниту збор.

94. Тие рекоа: »О Зул Карнејн! Јеџуџ и Меџуџ, навистина, се безредници на земјава. Ако те наградиме, дали тогаш ќе направиш ограда меѓу нас и нив?«

95. Тој рече: »Она за што сум оспособен од Господарот мој е подобро: поддржете ме силно и ќе подигнам брана меѓу вас и нив.

96. Донесете ми шипки од железо. И штом израмни меѓу двата рида, рече: »Дувајте!« И штом ги вжешти шипките, рече: »Дајте да го прелеам тоа со растопено железо!«

97. И повеќе не можеа да поминат преку браната и повеќе не можеа да ја пробијат.

98. Тој рече: »Ова е милост од Господарот мој. Па, кога ќе дојде заканата на Господарот мој, Он ќе ја срамни со земја, а заканата на Господарот мој е вистинска.«

99. И на тој Ден Ние ќе ги оставиме да се удираат меѓу брановите, и ќе дувнеме во Рогот, па до еден ќе ги собереме!

100. На тој Ден, Ние ќе им го обелодениме Џехеннемот на неверниците,

101. на оние пред чии очи имаше перде во врска со опомената и кои ништо не можеа да слушнат.

102. Зар мислат оние што не веруваат да ги земаат робовите Мои, освен Мене, за заштитници? Ние, навистина, го подготвивме Џехеннемот да биде престојувалиште за неверниците!

103. Кажи: »Зар да ве известиме за оние чии дела се најштетни –

104. оние чиј труд е залуден во животот на овој свет, а мислат дека, ете, работат добро?

105. Тоа се оние што не веруваат во ајетите на Господарот свој, во средбата со Него...па, пропаднати се делата нивни, а на Денот суден нема да им дадеме никакво значење!«

106. Ете, Џехеннемот е казната нивна затоа што не веруваа, затоа што ги исмејуваа ајетите Мои и пејгамберите Мои.

107. За оние што веруваа и што работеа добри дела има, навистина, градини џеннетски за живеалиште,

108. во нив за навек ќе останат, и нема да посакуваат да ги променат.

109. Кажи: »Кога морето би било мастило за да се испишат зборовите на Господарот мој, морето ќе се исуши пред да се исушат зборовите на Господарот мој, па дури и да донесеме уште едно море со мастило, нему слично.«

110. Кажи: »Јас сум, навистина, човек како вас. Ми се објавува дека вашиот Бог е еден Бог. Па, оној што се надева на средбата со Господарот свој, нека работи добро, и во обожавањето на Господарот свој никого нека не Му здружува!«

# СУРА МЕРЈЕМ

## Мерјем

Сура 19 - Мекка - 98 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Каф, ха, ја, ајн, сад!**

2. Спомен за милоста на Господарот твој кон Зекерија, робот Негов:

3. кога го замоли Господарот свој скришно.

4. Зекерија рече: »Господару мој, коските мои, навистина, ослабеа, а косава ми побеле. И никогаш не останав, Господару мој, кога молба ти упатив, очаен.

5. Јас, навистина, се плашам од наследниците по мене, а жена ми е неротка, па затоа подари ми наследник,

6. кој ќе ме наследи мене и семејството Јакубово, и одреди да бидеш, Господару мој, задоволен со него!«

7. »О Зекерија! Ние, навистина, ќе те зарадуваме со дете чие име ќе биде Јахја. Со какво име никого порано не именувавме!«

8. Тој рече: »Господару мој, па како ќе имам дете кога жена ми е неротка, а јас паднав во старост длабока?«

9. Он рече: »Ете, така е тоа.« Пак рече: »Тоа за Господарот твој е лесно. Те создадов порано кога не беше ништо.«

10. Зекерија рече: »Господару мој, дај ми некакво знамение!« Он рече: »Знамение ти е тоа што нема да им зборуваш на луѓето три вечери, а ќе бидеш здрав!«

11. Па, се појави кај народот свој, од храмот, и им го изнесе знамението: »Славете Го, тогаш наутро и приквечерина!«

12. »О Јахја! Прифати ја Книгата здушно« – и Ние му дадовме мудрост додека беше дете,

13. и нежност, исто така, од Нас, и бестрасност; а уште беше и богобојазлив,

14. учтив кон родителите свои, а не дрзок и непослушен.

15. И нека е мир врз него, и на денот во кој е роден, и на денот во кој ќе умре и на денот во кој ќе биде оживеан!

16. И спомни ја Мерјем во Книгата кога таа се оддалечи од семејството свое на едно место кон исток.

17. И тогаш зема перде за да се скрие од нив и Ние го испративме Нашиот Џибрил и ѝ се претстави како убав човек.

18. Таа рече: »Јас барам да се засолнам од тебе кон Милостивиот ако се плашиш од Него.«

19. Мелекот рече: »Јас сум, навистина, пратеник од Господарот твој. Да, ќе ти подарам чисто дете.«

20. Таа рече: »Како ќе имам дете кога не ме допре ниеден маж, а јас сум чесна?«

21. Тој рече: »Ете, така е тоа. Господарот твој рече: – Тоа е лесно за Господарот твој. Ќе одредиме тоа дете да биде знамение за луѓето и милост од Наша страна. Таа работа е веќе решена.«

22. И тогаш таа остана бремена и се оддалечи во едно место далечно.

23. И породилните болки ја присилија да дојде до едно стебло од урма, и рече: »Тешко мене! Зошто не си умрев пред ова и за секојпат да бидам заборавена?«

24. И ја повика некој глас под неа: »Не жалости се, Господарот твој, одреди да потече извор под тебе,

25. и стреси од урминатa гранка, ќе попаѓаат свежи урми врз тебе.

26. Па, јади, пиј и биди радосна! Ако здогледаш некого, кажи: – Да, јас ветив да постам за Милостивиот и со никого денес нема да разговарам!«

27. Потоа таа дојде кај народот свој, носејќи го детето. Й рекоа: »О Мерјем! Ти направи нешто, навистина, невидено!

28. О сестро Харунова! Твојот бабо не беше лош, а и мајката твоја не беше нечесна жена!«

29. И таа даде ишарет кон него. Оние рекоа: »Како ќе зборуваме со дете кое е в колевка.«

30. Детето: »Јас сум, навистина, роб Аллахов; ми даде Книга и ме одреди за пејгамбер!

31. И направи да бидам благословен и каде да сум, и ми нареди и намаз и зекат сè додека сум жив,

32. да бидам учтив кон родителите мои, а да не бидам дрзок и строг.

33. Нека е мир врз мене на денот во кој сум роден, на денот кога ќе умрам и на денот во кој ќе бидам оживеан.«

34. Ете, тоа е Иса синот на Мерјем, Зборот на вистината, за кој се подвојуваат.

35. На Аллах не му доликува да има дете. Возвишен е Он! Кога ќе реши за нешто, само ќе рече: »Биди!« – и тоа, токму, ќе биде!

36. Аллах, навистина, е Господарот мој и Господарот ваш! Па, обожавајте Го! Ова е патот вистински!

37. И меѓусебе тие, тогаш, се поделија во дружини. Тешко на оние што не веруваат во средбата на Денот голем!

38. Е, како добро ќе слушнат и како добро ќе видат на Денот кога ќе Ни дојдат! Но, неверниците денес се во застранување очигледно!

39. Потсети ги на Денот на тагата, кога работата ќе биде решена, а тие беа застранети, не веруваа.

40. Ние, навистина, ќе ја наследиме земјата и она што е на неа и ќе Ни се вратат.

41. И спомни го Ибрахим во Книгата. Тој беше, навистина, искрен пејгамбер.

42. Кога му рече на бабо му: »О бабо! Зошто го обожаваш она што не слуша, што не гледа, што не ти треба за ништо.

43. О бабо! Мене, навистина, ми дојде знаење кое тебе не ти дојде. Па, следи ме, ќе те упатам по патот вистински!

44. О бабо! Не обожавај го Шејтанот. Шејтанот, навистина, е непослушен кон Милостивиот!

45. О бабо! Јас, навистина, се плашам да не те погоди казна од Милостивиот, па да станеш другар на Шејтанот.«

46. Бабо му рече: »О Ибрахим! Зар посакуваш да ги занемариш божествата мои? Ако не престанеш, ќе те каменувам, сигурно! Оддалечи се од мене за долго време!«

47. Ибрахим рече: »Нека е спас врз тебе. Ќе побарам простување за тебе од Господарот мој. Он постојано е добар кон мене, навистина!

48. Ве оставам вас и оние што ги молите освен Аллах. Му се молам на Господарот мој. Јас се надевам дека нема да бидам несреќен откако ќе Му упатам молба на Господарот мој.«

49. И кога се оддалечи од нив и од она што го обожаваа, освен Аллах, Ние му ги подаривме синовите: Исхак и Јакуб. И двајцата Ние одредивме да бидат пејгамбери!

50. И ним, на двајцата, Ние им подаривме од милоста Наша и одредивме за нив двајца возвишен јазик, јазик на искреноста.

51. И спомни го Муса во Книгата. Тој, навистина, беше чист; пратеник и пејгамбер.

52. И Ние го повикавме од правец на Тур, од десната страна, и го приближивме за да слушне.

53. И Ние му го подаривме Харун од милоста Наша, братот негов, за пејгамбер.

54. И спомни го Исмаил во Книгата. Тој, навистина, беше искрен во ветувањето; пратеник и пејгамбер.

55. Му наредуваше на семејството намаз и зекат; Господарот негов беше задоволен со него.

56. И спомни го Идрис во Книгата. Тој беше искрен пејгамбер, навистина!

57. И Ние го извишивме на високо место!

58. Ете, тоа се оние пејгамбери од потомците Адемови, врз кои се истури благодатот на Аллах; и од оние што ги носевме со Нух, и од потомството Ибрахимово и Израилово, и од оние што ги упативме и што ги одликувавме... И кога им се кажуваат ајетите на Милостивиот, паѓаат ничкум, плачејќи!

59. По нив дојдоа поколенија, кои не клањаа и кои ги следеа страстите... па, тие ќе се соочат со зло:

60. освен оние што се покајаа и што верува и што работеа добро. Овие ќе влезат во Џеннет и нема да им се направи никаква неправда,

61. во градините еденски што Милостивиот им ги вети на робовите Свои, кои веруваа во невидливото. Ветувањето Негово, навистина, ќе се оствари.

62. Во нив нема да слушаат празни зборови, туку ќе слушаат само поздрав, а ќе има изобилие за нив и наутро и навечер.

63. Ете, тоа е Џеннетот што ќе го наследи од робовите Наши оној што е богобојазлив.

64. »Во него влегуваме само со наредбата од Господарот твој. Негово е сè она што е пред нас и она што е по нас, и она што е меѓу нив. Господарот твој не заборава.

65. Господарот на небесата и на Земјата и на она што е меѓу нив. Та, обожавај Го и, во обожавањето Него, биди истраен. Знаеш ли за некого што го носи името Негово?«

66. Човекот вели: »Ќе бидам ли, по смртта, изваден жив?«

67. Не се сеќава ли човекот дека Ние и порано го создадовме кога тој не беше ништо?

68. Па, се колнам во Господарот твој дека Ние ќе ги збереме нив и шејтаните, сигурно, а потоа ќе им го претставиме Џеханнемот околу кого ќе клечат на колена,

69. потоа Ние ќе ги одвоиме настрана од сите дружини највообразените кон Милостивиот.

70. Потоа, Ние, навистина, најдобро знаеме кои од нив треба да горат најмногу.

71. Нема никој што таму нема да дојде до огнот: одлуката за тоа е донесена кај твојот Господар.

72. Потоа Ние ќе ги одвоиме оние што беа богобојазливи, а неверниците ќе ги оставиме да клечат во огнот.

73. И кога им се кажуваа Нашите јасни ајети, оние што не веруваа им се обраќаа на оние што веруваа: »Која од двете дружини има подобра положба и поубава дружина?«

74. И колку поколенија Ние уништивме пред нив, кои имаа поубав изглед и кои беа побогати?

75. Кажи: »На оној кој е во скршнување...па, Милостивиот нека му го продолжи скршнувањето. « И кога ќе го здогледаат она со што им се заканува, било да е тоа казната, било пропаста на светот, ќе узнаат, тогаш, кој има полоша положба и послаба војска.

76. Аллах на упатените ќе им го зголеми патоказот, а за делата добри што остануваат, кај Господарот твој, има награда подобра и услуга подобра.

77. Го виде ли оној што не веруваше во ајетите Наши и што зборуваше: »Ќе ми бидат дадени имот и деца, сигурно!«

78. Зар Му се предочи невидливото? Или, пак, прими некакво ветување од Господарот?

79. Не, Ние ќе го забележиме она што го тврди и ќе му дадеме долга казна.

80. И Ние ќе го наследиме она што го зборуваше и ќе ни дојде сам.

81. И прифатија, освен Аллах, други богови да им бидат поддржници.

82. Не, божествата нема да го признаваат верувањето нивно и ќе се свртат против нив!

83. Зар не гледаш како Ние ги испраќаме шејтаните против неверниците, за да ги навраќаат постојано на зло?

84. Не брзај, тогаш против нив. Ние, навистина, им ги одбројуваме деновите:

85. На Денот во кој Ние ќе ги збереме богобојазливите, кон Милостивиот, по порака,

86. а силниците Ние ќе ги турнеме кон Џехеннемот, како на поило,

87. тогаш ќе има посредништво само за оние што го прифатија Договорот на Милостивиот.

88. И зборуваа: »Милостивиот си присвои дете!«

89. Да, вие дојдовте со злогласна работа.

90. Само што небесата не испукаа, а Земјата не се распарча, а планините не се урнаа,

91. затоа што на Милостивиот дете Му припишуваа.

92. А на Милостивиот не Му треба да зема дете.

93. Сите оние што се на небесата и на Земјата ќе Му дојдат на Милостивиот како робови.

94. Он, навистина, ги знае и точно ги изброи.

95. И секој од нив на Денот суден ќе дојде поединечно.

96. На оние што веруваа и што работеа добри дела, Милостивиот, навистина, ќе им подари љубов.

97. Ние Куранот, навистина, го олеснивме на твојот јазик, за да ги зарадуваш богобојазливите со него и да ги опоменеш оние што се противставуваат на вистината.

98. И колку поколенија Ние пред нив уништивме? Знаеш ли некого од нив? Или, пак, им слушаш ли некаков глас?

# СУРА ТАХА

## Та Ха

Сура 20 - Мекка - 135 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Та, ха!**

2. И Ние Куранот не ти го објавивме да се мачиш,

3. туку да биде опомена за оној што се плаши;

4. тој е Објава од Оној што ги создаде Земјата и небесата високи,

5. и Милостивиот Кој управува со вселената.

6. И сè што е на небесата и на Земјата и она што е меѓу нив, и она што е во земјата е – Аллахово!

7. И ако го подигнеш гласот... та, Он, навистина, го знае и она што е тајно и она што е скришно.

8. Аллах! Нема друг бог освен Него! Најубавите имиња се Негови!

9. Па, ти дојде ли кажувањето за Муса?

10. Кога виде оган, на семејството негово му рече: »Застанете, јас, навистина, здогледав оган. Од огнот, можеби, ќе ви донесам жарче или, пак, покрај огнот ќе најдам патоказ!«

11. И кога му се приближи, беше повикан:

12. »О Муса! Јас сум Господарот твој. Изуј ги наланите твои, ти си, навистина, во светата долина Тува!

13. Јас те избрав и, тогаш, слушни го она што ти се објавува!

14. Јас сум, навистина, Аллах! Нема друг бог освен Мене. Па, обожавај Ме, и клањај намаз за да се сеќаваш на Мене!«

15. Ќе му дојде Часот на светот, навистина! Само што го кријам. За секој да биде награден за она за што се трудел.

16. Тогаш, нека не те одвраќа од него оној што не верува во него и што ја следи страста, па да бидеш отфрлен!

17. А што е тоа, о Муса, во твојата десна рака?

18. Муса одговори: »Тоа е мојот стап, се потпирам на него и со него ги тресам лисјата за овците, и за некои други работи.«

19. Аллах рече: »Фрли го, о Муса! «

20. И Муса го фрли и, ете, змија што лази!

21. Аллах рече: »Земи ја и не плаши се. Ние ќе ја вратиме во она што беше порано.«

22. И вовлечи ја раката во пазувите: ќе ти се појави бела, без каква и да е мана, како второ знамение,

23. за да ти покажеме некои од знаменијата Наши големи.

24. Оди кај фараонот! Тој, навистина, се изнасили!

25. Муса рече: »Господару мој, отвори ми ги градиве,

26. и олесни ја работава моја,

27. и одврзи го јазолот од јазиков мој,

28. за да го сфатат говорот мој!

29. Одреди ми помошник од семејството мое,

30. брат ми Харун!

31. Зацврсти ми ја моќта со него,

32. и здружи го со мене во работава

33. за да Те величаме многу,

34. и за да Те спомнуваме многу.

35. Ти, навистина, нè гледаш!

36. Аллах рече: »Дадено ти е она што го бараше, о Муса!

37. И веќе по втор пат Ние те одликувавме,

38. кога ѝ вдахнавме на мајката твоја само со она што се вдахнува:

39. – Стави го Муса во ковчег и фрли го во брановите, а брановите ќе го исфрлат на крајбрежјето, и ќе го земе непријателот Мој и непријателот твој. И ти подарив љубов од Мене и, навистина, одредив да растеш под окото Мое.«

40. И кога сестрата твоја помина... па, рече: »Сакате ли да ве упатам кој ќе се грижи за него?« И те вративме кај мајка ти, за да се смират очите нејзини и да не се грижи. И ти уби човек, па Ние те спасивме од грижата и те спасивме од сплетките. И остана со години меѓу жителите на Медјен, а потоа дојде – о, Муса! – во определено време!

41. А Јас те одбрав за објавата Моја.

42. Одете, ти и брат ти, со знаменијата Мои и постојано сеќавајте се на Мене!

43. Одете кај фараонот, тој, навистина, се изнасили,

44. па, зборувајте му со благи зборови, можеби, тој ќе се опомене или ќе се заплаши.

45. Тие рекоа: »Господару наш, Ние, навистина, се плашиме да не ни нанесе зло или да не ни напаствува!«

46. Аллах рече: »Не плашете се! Јас сум, навистина, со вас: слушам и гледам!«

47. Одете, тогаш, кај него и речете му: »Ние сме пејгамбери од Господарот твој, па испрати ги со нас синовите Израилови и не казнувај ги. Ние, навистина, ти дојдовме со знамение од Господарот твој. И нека е спас врз оној што го следи патоказот!

48. Да, нам ни е објавено дека ќе биде казнет оној што не верува и оној што го врти грбот.«

49. Фараонот праша: »Па, кој е Господарот ваш, о, Муса!? «

50. Муса одговори: »Господарот наш е Оној што на секое нешто му даде природа, а потоа го упати.«

51. Фараонот праша: »Па, што бидна со поколенијата одамнешни?«

52. Муса одговори: »Знаењето за нив е кај Господарот мој, во Книгава. Господарот мој не застранува и не заборава.«

53. Он ви ја одреди Земјата за колевка и ви пробива патишта по неа, и ви спушта вода од небо, па со помош нејзина, Ние вадиме парови на различни растенија.

54. Јадете и пасете го добитокот. Во тоа, навистина, има знаменија за надарените со разбир.

55. Ние ве создадовме од земја и ќе ве вратиме во неа и повторно ќе ве извадиме од неа.

56. И Ние на фараонот му ги предочивме сите докази... кога, ете ги сметаше за лажни и ги отфрли.

57. Фараонот рече: »Ни дојде ли – о, Муса! – да нè истераш од земјава наша со волшебништвото твое?

58. И ние ќе ти подготвиме волшебништво, сосем сигурно, слично на твоето. Одреди меѓу нас и тебе средба која, ниту ние ниту ти, нема да ја откажеме и да биде на исто место.«

59. Муса рече: »Време за средбата нека ви биде денот на веселбата, и луѓето нека се зберат наутро!«

60. И фараонот си замина, ги собра волшебниците свои и потоа, ете, пак се врати.

61. Муса им рече: »Тешко вам! Не фрлајте лага врз Аллах, зашто ќе ве уништи со казната. Оној што измислуваше лаги, тој пропадна!«

62. Па тие почнаа за нивната работа да се расправаат и да шепотат меѓу себе.

63. Тие рекоа: »Овие двајца се волшебници што сакаат да ве истераат, со волшебништвото свое, од земјата ваша и да ви го уништат патот примерен.

64. Па, изнесете ги итрините ваши, а потоа дојдете еден за друг. Да, денес ќе биде спасен оној што ќе победи!«

65. Тие рекоа: »О Муса! Или ти прв ќе фрлиш или, пак, ние први ќе фрлиме.«

66. Муса рече: »Не, фрлете вие!« Ете, од волшебништвото нивно, му се причини дека лазат јажињата нивни и стаповите нивни.

67. И Муса во себе почувствува некаков страв.

68. Ние рековме: »Не плаши се, ти, навистина, ќе победиш!

69. И фрли го она што ти е во десната рака: тоа ќе го голтне она што го направија. Она што го направија, навистина, е волшебникова итрина. А, волшебникот нема да успее каде и да е!«

70. И волшебниците паднаа со лицата на земја, велејќи: »Ние веруваме во Господарот на Харун и на Муса!«

71. Фараонот рече: »Зар му поверувавте пред да ви дозволам? Тој, навистина, е поголем од вас, кој ве поучи со волшебништво. Па, сигурно ќе ви ги исечам и рацете ваши и нозете ваши, накрстно, одзади, и ќе ве распнам по ветките палмини и сигурно ќе узнаете кој е посилен и поистраен казнувач од нас?«

72. Тие рекоа: »Нема да ти дадеме предност над јасностите што ни дојдоа и над Оној што нè создаде. Па, реши за она за што можеш да решиш. Ти решаваш само за она што, навистина, е од животот на овој свет.«

73. Да, ние веруваме во Господарот наш; да, ќе ни ги прости гревовите и ќе ни прости за волшебништвото во кое ти нè присили. Аллах наградува најдобро и казнува најдолго!«

74. Да, на силникот што ќе дојде кај Аллах ќе му припадне Џехеннемот; нема да умира и да живее во него.

75. А, на верниците што ќе дојдат кај Аллах, кои работеа добри дела... та, ќе им припаднат високи степени:

76. градинии еденски, меѓу кои течат реки и во нив за навек ќе останат. Ете, тоа е награда за оној кој е чист.

77. И Ние на Муса му објавивме: »Отпатувај ноќе со робовите Мои, а потоа помини низ суviот пат низ морето, не стравувајќи дека ќе те стигнат и дека ќе те удават!«

78. И фараонот ги следеше со војската, но морските бранови ги разнесоа.

79. И фараонот го скршна во заблуда својот народ и не го упати по патоказот.

80. О синови Израилови! Ние ве спасивме, навистина, од вашиот непријател и ви ја ветивме десната страна од ридот Тур, и ви спуштивме храна: еден вид на мед и потполошка!

81. Јадете од добрата со кои ве снабдивме и не претерувајте во тоа, за да не ве стигне лутината Моја. Оној кого ќе го стигне лутината Моја, тој веќе ќе биде нурнат во бездна.

82. Јас сум, навистина, Простувач за оној што ќе се покае, кој верува и кој работи добро и кој, потоа, ќе се упати.

83. »И што те натера да побрзаш – о Муса! – пред твојот народ?«

84. Тој рече: »Тие, токму, се по трагите мои, а јас побрзав кон тебе, о, Господару мој, за да бидеш задоволен!«

85. Аллах рече: »Да, твојот народ по тебе го ставивме во искушение; Самирија го скршна во заблуда.«

86. Па Муса му се врати на својот народ, лут и гневен, и рече: »О народе мој! Зар Гопсподарот ваш не ви обзнани убаво ветување? Зар ви се одолговлечи договорот? Или, пак, сакате да ја навлечете на вас лутината на Господарот ваш? И ете, така вие го изневеривте ветувањето што ми го дадовте.«

87. Тие рекоа: »Не го изневеривме ветувањето што ти го дадовме по наша волја, туку бевме товарени со товари од накитот на народот; потоа го фрливме, а го фрли исто така и Самирија.«

88. Па, им изнесе теле отелотворено. Како да рика. И тогаш рекоа: »Ова е богот ваш и богот на Муса; а тој веќе го заборави.«

89. Зар не видоа дека тоа не им возвраќа ниту збор и дека нема моќ да им штети или да им користи?

90. Ним Харун, навистина, и порано им зборуваше: »О народе мој! Паѓате во искушение со тоа. Господарот ваш, навистина, е Милостив! Па, следете ме и бидете ѝ послушни на наредбата моја!«

91. Тие рекоа: »Нема да престанеме да му се клањаме сè додека не ни се врати Муса.«

92. Муса рече: »О Харун! Што те спречи, кога ги виде како скршнаа во заблуда

93. да не ме следиш и да заборавиш на наредбата моја?«

94. Харун рече: »О синко на мајка ми! Не тегни ме за брадава и за косава. Се плашев да не речеш направи раздор меѓу синовите Израилови и не ги зема предвид зборовите мои.«

95. Тој рече: »Каква врска имаш ти со тоа, о Самарија!?«

96. Овој рече: »Јас го видов она што тие не го видоа: зграпчив нешто од трагите на гласникот, а потоа го фрлив. И ете, така во душава ме поттикна нешто на зло.«

97. Муса рече: »Бегај, зар ова ќе го тврдиш низ целиот твој живот, навистина! – ‘Не допирај ме!’ Те чека и заканата која, навистина, нема да ја избегнеш. И погледни го овој твој бог кому му се оддаде. Ќе го запалиме, сигурно! И пепелот ќе го фрлиме в море!

98. Вашиот бог, навистина, е Аллах; нема друг бог освен Него. Знаењето Негово ги опфаќа сите нешта.«

99. И ете, така Ние ти ги изнесуваме кажувањата за оние што веќе поминаа. А од Наша страна ти дадовме, навистина, опомена.

100. Кој ќе биде рамнодушен кон опомената, тој ќе понесе тешко бреме на Денот суден, навистина!

101. И ќе остане за навек во таа тешкотија. Е, само колку е лош за нив тој товар на Денот суден!

102. На Денот кога ќе се дувне во Рогот... на тој Ден, кога Ние ќе ги збереме силниците, тие ќе бидат подбелени!

103. Ќе си шепотат едни на други: »Останавте само десет дена.«

104. Ние најдобро го знаеме она што го зборуваат. И кога оној најпаметниот од нив ќе рече: »Останавте само еден ден! «

105. И те прашуваат за планините, па кажи: »Господарот мој ќе ги здроби во прашина,

106. а местата во кои биле ќе ги остави пусти,

107. па, по земјата нема да видиш ниту длабнатина ниту височина некаква.«

108. На Денот тој, ќе го следат оној што ќе ги вика и нема да се оди ниту лево ниту десно. И гласовите ќе замолкнат пред Милостивиот и ќе слушнеш само шепот.

109. На тој Ден посредувањето ќе му користи само на оној кому ќе му дозволи Милостивиот и со чиј збор Он ќе биде задоволен.

110. Он го знае и она што е пред нив и она што е зад нив; тие со знаењето не можат да Го опфатат.

111. А, лицата ќе бидат потчинети пред Живиот и Постојаниот. Ќе пропадне, сигурно, оној што ќе биде натоварен со зулум!

112. Оној кој работи добри дела е – верник, не се плаши ниту од штета ниту од неправда.

113. И, ете, така Ние Куранот го објавивме на арапски јазик и ги поредивме ветувањата во него, за да бидат богобојазливи или да влијае опоменувачки врз нив.

114. Па, Аллах е Вишен! Владетел вистински! И не брзај со Куранот пред да ти се заврши објавувањето негово. И кажи: »Господару мој, зголеми го знаењево мое!«

115. И на Адем, сигурно, Ние го обврзавме. Потоа тој заборави. И кај него не најдовме решителност.

116. И кога Ние на мелеките им рековме: »Паднете му ничкум на Адем« – и, ете паднаа ничкум, освен Иблис кој го отфрли тоа.

117. Тогаш Ние рековме: »О Адем! Овој, навистина, е непријател твој и на жената твоја. Па, никако нека не ве истера од Џеннетот; ќе страдате.

118. Да, во Џеннетот нема да останеш ниту гладен ниту гол;

119. да, во Џеннетот нема да останеш ниту жеден ниту испотен.«

120. Па, Шејтанот, дрдорејќи му, рече: »О Адем! Да ти го покажам ли дрвовото на вечноста и власта што не престанува?«

121. И двајцата пробаа од него, и започнаа да им се покажуваат нивните срамни места, и почнаа да ги покриваат, фрлајќи лисје џеннетско врз нив. И Адем не го послуша Господарот свој, па скршна од патот.

122. Потоа Господарот негов го избра, му прости и го упати.

123. Аллах рече: »Слегувајте сите од него! Ќе бидете непријатели едни на други. Ќе ви доаѓа патоказ од мене, сигурно! Па, кој ќе го следи мојот патоказ, тој нема да скршне во заблуда и нема да зажали.«

124. А, кој ќе биде рамнодушен кон мојата опомена, за него, навистина, има безизлезен живот, и на Денот суден Ние ќе го приведеме слеп.

125. Ќе рече: »Господару мој, зошто ме приведе слеп, а јас гледав.«

126. Аллах ќе рече: »Ете, така! Ти доаѓаа ајетите Наши, па забораваше на нив. И ете, ти денес ќе бидеш заборавен.«

127. И така Ние ќе ги казниме оние што претеруваа...и што не веруваа во ајетите од Господарот негов. А, казната на оној свет, сигурно, е пожешка и потрајна.

128. Зар не се упатени кон тоа колку поколенија Ние уништивме пред нив по чии домови одат. Во тоа, навистина, има знамења за надарените со разбир!

129. И да не претходеше зборот на Господарот твој, казната ќе беше неминовна. И, ете го крајот определен!

130. Стрпи се за она што го зборуваат. И величај Го, заблагодарувајќи се, Господарот твој, пред изгрејсонце и пред зајдисонце, и во доцнежните часови. И на крајот на денот, исто така, за да бидеш задоволен!

131. И не фрлај го долго опулот твој кон оние работи во кои Ние одредивме да уживаат некои дружини, што дава радост во животот на овој

свет, за да ги испробаме во тоа. Богатството од твојот Господар е најдобро и најтрајно!

132. И нареди му на семејството твое намаз! И истрај во тоа! Не бараме од тебе снабдување. Ние, токму, теснабдевме. За богобојазливите крајот е добар.

133. И прашуваат: »Зошто не ни дојде знамение од Господарот негов?« Зар не им дојде јасен доказ за она што е во страниците одамнешни?

134. А, Ние да ги уништевме со некаква казна пред него, ќе речеа: »Господару наш, зошто не ни испратиш пејгамбер? Ќе ги следевме ајетите Твои и пред да сме поразени и отфрлени!«

135. Кажи: »Сите чекаат. Па чекајте и вие. Ќе узнаете кои се следбениците на патот вистински и кои се упатените!«

Џуз 17

# СУРА ЕЛ-ЕНБИЈА'

## Пејгамбери

Сура 21 - Мека - 112 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. За луѓето се приближува полагањето сметка, а тие се безгрижни и рамнодушни кон неа.

2. Не им дојде нова опомена од Господарот нивни, а тие, сослушајќи ја, да не се изигруваа со неа,

3. и срцата да не им беа заземени со зло. Си шепотат тајно и си се доверуваат оние што не веруваат: »Зар ова не е човек како и вие? Зар ќе се поведувате по волшебништвото, а гледате дека тоа, токму, е волшебништво?«

4. Тој рече: »Господарот мој ги знае зборовите и на небото и на Земјата. Он слуша сè и знае сè!«

5. Дури велат: »Тоа се само соништа матни; тој го измислува Куранот. Тој е поет; е, па, нека ни дојде, тогаш, со знамение како што беа дошле одамнешните пејгамбери.«

6. Не веруваа во никакво знамение жителите на градовите пред нив кои Ние ги уништивме. Па, зарем тие ќе веруваат?

7. И пред тебе Ние испраќавме луѓе како пејгамбери. Па, прашај ги Следбениците на опомената ако вие, навистина, не знаете.

8. И Ние не ги создадовме пејгамберите да не јадат и да не бидат бесмртни.

9. Потоа ќе се овистинеше ветувањето; тогаш Ние, оние што сакавме, не ги уништивме, а ги уништивме расипаните.

10. Ние, навистина, ти објавивме Книга во која има опомена за вас. Зар нема да се вразумите?

11. И колку градови Ние ги снемавме чии жители беа неверници и создадовме други народи по нив!

12. И кога ќе ја почувствуваа казната Наша, веднаш ќе избегаа од градот.

13. Не бегајте, туку вратете се таму каде што живеевте удобен живот, во огништата ваши, можеби ќе бидете прашани нешто.

14. Тие велеа: »Тешко нам! Ние, навистина, бевме неверници.«

15. И тоа нивно довикување не престануваше сè додека Ние не ги направивме како пожнеано класје што не се мрда.

16. И Ние не го создадовме небото и Земјата и она што е меѓу нив за да се играме.

17. Да сакавме да се играме, тоа би го правеле на Наш начин. Но, Ние тоа не го правиме.

18. Туку Ние невистината ја потискуваме со вистината и, така невистината е спречена и исчезнува. Тешко вам, за она што Му го припишувате на Аллах!

19. И сè што е на небесата и на Земјата е – Аллахово! А, оние што се во близината Негова, тие не престануваат во обожавањето Него и не ги обзема замор.

20. И денонoќно Го величат; не се заморуваат.

21. Или, зар божествата што ги прават од земја поседуваат моќ да оживеат нешто?

22. И кога би имало на небесата и на Земјата друго божество освен Аллах – би пропаднале, сигурно! Па, нека биде славен Аллах, Господарот на вселената, Он е над она што Му го припишуваат!

23. И нема да биде прашан за она што го прави, а тие ќе бидат прашани.

24. Или, пак, покрај Аллах прифаќаат божество? Кажи: »Донесете, тогаш, ваш доказ. Оваа опомена е за оние што се со мене и опомена е за оние што се пред мене.« Но, мнозината од нив не ја знаат вистината: ете, рамнодушни се!

25. И Ние не испративме ниеден пејгамбер пред тебе, а да не му објавивме дека нема друг бог освен Аллах; па, тогаш само Мене обожавајте ме!

26. И зборуваа: »Милостивиот си присвои дете.« Славен нека биде Он! Но, мелеките се само благородни,

27. тие не Го претекнуваат во зборувањето, туку работат според наредбата Негова,

28. Он го знае она што е пред нив и она што е по нив; тие ќе посредуваат само за оној со кого е Он задоволен. Тие, бидејќи се плашат од Него, се чувствителни!

29. А, оној меѓу нив кој вели: »Да, јас сум бог покрај Него« – него ќе го казниме со Џехеннем. И, ете така Ние ги казнуваме многубошците.

30. Зар не гледаат оние што не веруваат дека небесата и Земјата беа, навистина, една целина па Ние ја разделивме? И сè што е живо Ние го создадовме од вода. Зар нема да веруваат?

31. И Ние подигнавме планини по земјата, за таа да не се тресе со нив, и создадовме премини и патишта меѓу нив за да се упатуваат.

32. И Ние небото го создадовме како свод. Но, тие се рамнодушни кон знамењата на него.

33. И Он ги создаде ноќта и денот, Сонцето и Месечината. И сè во вселената плови.

34. И ниеден човек пред тебе Ние не го создадовме вечен. Е, па ако ти умреш, зар тие ќе бидат вечни?

35. Секој човек ќе ја вкуси смртта. Ние ќе ве испробаме со добро и со зло искушение. И Нам ќе Ни се вратите!

36. И ако те видат оние што не веруваат, само ти се потсмеваат: »Тој ли е овој што ги спомнува божествата ваши?« Тоа се, токму, оние што не веруваат во опомената на Милостивиот.

37. Човекот е создаден таков како да му се брза. Ќе ви ги покажам знамењата Мои, па не брзајте во барањето такво нешто од Мене!

38. И велат: »До каде е заканата ако сте искрени?«

39. Или кога неверниците би знаеле кога ќе се оствари огнот, тогаш не би можеле да го отстранат огнот ниту од лицата нивни ниту од плеќите нивни, а ниту, пак, би им се помогнало,

40. туку би им дошол ненадејно, вчудовидувајќи ги, и нема да можат да го отстранат и тогаш нема да им се даде можност да се покајат.

41. Беа исмејувани и пејгамберите пред тебе, навистина! Па, на оние што се исмејуваа им се оствари она за што, токму, се исмејуваа.

42. Кажи: »Кој ќе ве штити деноноќно од Милостивиот?« Тие се рамнодушни кон опомената на Господарот свој!

43. Зар божествата нивни се тие што ќе ги заштитат, а не Ние? Тие не можат себеси да си помогнат, а ниту, пак, да ги сочуваат неверниците од Нас.

44. Но, за нив и предците нивни, Ние одредивме да уживаат дури живееја долго. Не гледаат ли дека Ние, навистина, ја стеснуваме земјата од краиштата нејзини? И зар тие се победници?

45. Кажи: »Јас ве опоменувам, навистина, со објавата.« Но, глувите не го слушаат повикот кога ќе бидат опоменати.

46. И кога би ги допрел само еден замав од казната на Господарот твој, сигурно би рекле: »Тешко нам! Ние, навистина, бевме неверници!«

47. На Денот суден Ние ќе ги поставиме мерилата на правдата и тогаш на човекот нема да му се направи никаква неправда. И ако нешто биде ситно колку едно влакно, ќе го изнесеме. Доста е тоа што Ние ќе пресметуваме.

48. Ние им дадовме на Муса и на Харун разделувач на вистината од невистината, и светлина и опомена за богобојазливите,

49. кои се плашат од Господарот свој кога никој не ги гледа и кои стравуваат од Часот определен.

50. А овој Куран е благословена опомена што Ние ја објавивме. Е, па зар го порекнувате?

51. И на Ибрахим Ние му го дадовме показот негов и порано. И Ние добро го познававме.

52. Кога на бабо му и на народот свој ги праша: »Какви се овие кипови на кои им се клањате?«

53. Тие одговорија: »Ги најдовме предците наши како ги обожаваат.«

54. Тој рече: »Вие и предците ваши веќе скршнавте во заблуда очигледна!«

55. Тие рекоа: »Зар ни дојде со вистина или, пак, се поигруваш?«

56. Тој рече: »Никако! Господарот ваш е Господарот на небесата и на Земјата; Он, токму, ги создаде нив. Јас сум ваш сведок.

57. И се колнам во Аллах дека, штом ќе се оддалечите, сигурно ќе ви ги испокршам киповите.«

58. Всушност, ги здроби во парчиња, освен големиот за да му се обратат.

59. Тие рекоа: »Кој го направи ова со божествата наши? Тој, навистина, е силник!«

60. А, други, пак, рекоа: »Слушнавме за едно момче што ги грдеше; го викаат Ибрахим.«

61. Тие рекоа: »Доведете го пред очите на луѓето за да посведочат!«

62. И рекоа: »О Ибрахим! Ти ли го направи ова со божествата наши?«

63. Тој рече: »Не, тоа го направи најголемиот од нив: ете, прашајте ги! Ако зборуваат?«

64. Па се присобраа и рекоа: »Вие сте, навистина, силници!«

65. Потоа ги наведнаа главите свои и рекоа: »Знаеш дека тие не зборуваат.«

66. Тој рече: »Е па, ќе обожавате ли други богови освен Аллах што не можат за ништо да ви користат и да ви наштетат?«

67. Тешко и вам и на оние што ги обожавате освен Аллах! Нема ли да се вразумите?

68. Тие рекоа: »Запалете го! Одмаздете се за божествата ваши ако сакате да направите нешто за нив!«

69. Ние рековме: »О оган! Стани ладен и спасоносен за Ибрахим!«

70. И посакаа да му наместат стапица, но Ние ги поразивме.

71. И Ние го спасивме и него и Лут на земјата што ја благословивме за луѓето.

72. И Ние му го подаривме Исхак, а и Јакуб како внук. И Ние одредивме двајцата да бидат добри.

73. И Ние ги одредивме да бидат водачи што ќе упатуваат по наредбата Наша и им вдахнавме да работат добрини, да клањаат намаз и да даваат зекат. Нас нè обожаваа!

74. И на Лут Ние му дадовме мудрост и знаење и го спасивме од градот во кој беа присутни лоши навики. Злодејци беа сограѓаните негови, навистина, расипани!

75. И Ние го воведовме Лут во милоста Наша; беше, навистина, меѓу добрите луѓе.

76. И на Нух, кога порано се молеше, му се одзвавме: Ние го спасивме него и семејството негово од голема несреќа;

77. и Ние го заштитивме од луѓето негови што ги сметаа за лажни знамењата Наши. Злодејци беа, навистина, па сите заедно ги потопивме.

78. И Давуд и Сулејман кога судеа за посевот што ноќе го уништија овци од некои луѓе... Бевме сведоци при судењето нивно.

79. И Ние тогаш на Сулејман му подаривме да проникне во тоа. И на двајцата им подаривме мудрост и знаење. И Ние ги потчинивме и планините и птиците, заедно со Давуд, да слават; ете, тоа го направивме.

80. И Ние го научивме да прави штитови за вас, да ве штитат од непријателот. Е па, нема ли да бидете благодарни?

81. И на Сулејман му го потчинивме ветрот, кој дуваше по наредбата негова, по земјата што ја благословивме... Ние постојано ги знаеме сите нешта,

82. и шејтаните, исто така, кои за него длабеа и кои работеа и други работи освен тоа; Ние постојано бдеевме врз нив.

83. И Ејуб кога го замоли Господарот свој: »Мене, навистина, ми се случи неволја, а Ти си меѓу милостивите Најмилостивиот!«

84. Па, Ние му се одзвавме и ја отстранивме неволјата што му се случи; му ги вративме со милоста Наша семејството негово и уште толку други членови на семејството – сè тоа како опомена за побожните.

85. И Исмаил и Идриз и Зул-Кифл... сите беа меѓу трпеливите.

86. И Ние ги воведовме во милоста Наша... сите беа добри, навистина!

87. И Зунун кога замина намуртен... Па, помисли дека нема ништо да му направиме, но во темнините повика: »Нема друг бог освен Тебе; славен биди Ти, јас сум, навистина, грешник!«

88. И Ние му се одзвавме и го спасивме од тешкотијата. И ете, така Ние ги спасуваме верниците!

89. И Зекерија, исто така, кога го замоли Господарот свој: »Господаре мој, не оставај ме сам, Ти си, навистина, меѓу наследниците Најдобриот!«

90. И тогаш Ние му се одзвавме и му го подаривме Јахја, а жена му ја излекувавме. Да, тие брзаа во добрини и Ни се молеа со надеж и со страв; постојано Ни беа потчинети.

91. И таа која ја сочува девственоста своја. И тогаш Ние вдахнавме во неа од духот Наш, и одредивме да бидат, таа и синот ѝ, знамение за световите.

92. Оваа ваша вера, навистина, е единствена вера, а Јас сум, навистина, Господарот ваш – та, обожавајте Ме!

93. И тие меѓусебе станаа деленици во врска со верата нивна и сите ќе Ни се вратат.

94. Па, кој работи добри дела а е верник... ќе му се признае трудот; Ние тоа, навистина, го забележуваме.

95. Недозволено е за жителите на градот кои ги уништивме да не ни се вратат!

96. Кога ќе се освојат Јеџуџ и Меџуџ и кога сите луѓе ќе се спуштаат низ надолнина...

97. и кога ќе се приближи заканата вистинска и кога очите на оние што не веруваа ќе им се скаменат: »О, тешко нам! Бевме рамнодушни кон ова, бевме неверници!«

98. Вие и оние што ги обожававте освен Аллах, навистина, ќе бидете гориво џехеннемско; во Џехеннемот ќе престојувате.

99. А да се божества, не би влегле во него; и сите ќе останат за навек во него;

100. тие во него ќе дишат тешко и ништо убаво нема да слушаат.

101. Оние на кои им претходеше Нашето ветување, доброто, тие, навистина, ќе бидат далеку од Џехеннемот.

102. Вревата негова нема да ја слушнат; ќе го постигнат она кон што им стремат душите и со тоа за навек ќе останат!

103. Нема да ги вознемирува најголемиот ужас; ќе ги дочекуваат мелеките: »Ова ви е Денот што ви беше ветен!«

104. На Денот во кој Ние ќе го свиткаме небото како што се витка хартија за пишување. Како што почнавме со првото создавање исто така и ќе го возобновиме. Ветувањето е Наша обврска. Ние, токму, ќе го направиме тоа!

105. Ние запишавме и во Зебур, по Теврат, дека земјата ќе ја наследат Моите добри робови.

106. Во ова има, навистина, поука за луѓето, кои се побожни.

107. И Ние те испративме само како милост за световите!

108. Кажи: »Ми се објавува дека вашиот Бог е еден Бог. Па, ќе бидете ли, тогаш послушни!«

109. А, ако, пак, го свртат грбот, кажи: »Јас веќе ве опоменав за злото, иако не знам дали е блиску или далеку она со што ви се заканува.«

110. Он го знае, навистина, изговореното на глас и Он го знае, при вас, скриеното.

111. И јас не знам, да не се работи можеби за искушение за вас и за уживање до одредено време.

112. Тој рече: »Господару мој, пресуди вистински! Господарот наш, Милостивиот, е Оној од кого се бара помош против она што го опишувате.«

# СУРА ЕЛ-ХАЏЏ

## Хаџ

Сура 22 - Медина - 78 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. О луѓе! Плашете се од Господарот ваш! Потресот при часот, навистина, е нешто големо!

2. Ден во кој ќе видите како секоја доилка го заборава она што го доела, а секоја трудница како ќе го пометне плодот; ќе ги видиш луѓето пијани а, всушност, не се пијани. Но, казната на Аллах е жестока!

3. Има луѓе што расправаат за Аллах без знаење и го следат секој шејтан проколнат;

4. да, за него е пропишано дека оној што ќе го земе за заштитник, дека тој ќе го скршне во заблуда и дека ќе го управи кон казната огнена.

5. О луѓе! Ако се сомневате во оживувањето, па Ние, ве создадовме од земја, потоа од капка семе, потоа од засирена крв, потоа од парче месо, целосно и нецелосно за да ви објасниме; и во утробите го утврдуваме она што сакаме до рок определен; потоа ве вадиме како малечко за да станете потоа мажествени. Некои меѓу вас умираат, а некои, пак, паѓаат во длабока старост, така што она што некогаш го знаеја сега не го знаат. Земјата ја гледаш замрена, па кога ќе спуштиме на неа дожд... ете, таа ќе заживее, ќе забуја и ќе за' рти растение од секоја убава сорта.

6. Ете, тоа го рековме за да знаете дека Аллах, секако, е Вистина и дека Он ќе ги оживее мртвите и дека Он е Кадар за сè!

7. Да, Часот доаѓа; во него нема сомнение. Аллах, навистина, ќе ги оживее оние во гробовите!

8. И има луѓе што расправаат за Аллах без знаење, без патоказ и без Книга светла:

9. одат надуено за да скршннуваат во заблуда од патот на Аллах. На овој свет ќе бидат понижени, а на идниот свет Ние ќе одредиме да вкусат казна огнена.

10. »И тоа заради она што го направија рацете твои од порано.« Аллах, навистина, не е неправеден кон робовите!

11. И има луѓе кои Го обожаваат Аллах, сомневајќи се; па, ако им се случи добро, се смируваат со тоа, а ако им се случи, пак, некакво искушение, се оддалечуваат: ќе го изгубат овој свет и оној свет. Ете, тоа, токму, е очигледен пораз!

12. Го моли покрај Аллах оној што не може ниту да им наштети ниту да им користи. Тоа, токму, е скршнување во заблуда безизлезна!

13. Го моли оној чија штета е поблиску отколку користа негова. Е, само колку е лош тој заштитник! Е, само колку е лош тој поддржник!

14. Оние што веруваат и што работат добри дела...Ние, навистина, ќе ги воведеме во градини џеннетски низ кои течат реки. Аллах, навистина, работи што сака!

15. Оној што мисли дека Аллах нема да му помогне и на овој свет и на оној свет, нека растегне јаже до таван, потоа нека го искине, и нека размисли дали сплеткате негова ќе го отстрани она за што тој, токму, негодува.

16. И ете, така Ние му ги објавивме ајетите јасни и Аллах, навистина, упатува кого сака.

17. Аллах ќе ги издвои на Денот суден оние што веруваа и оние што беа Евреи, Сабејци, христијани и поклоници на оган и оние што беа многубошци! Аллах, навистина, е Сведок за сè!

18. Зар не знаеш дека на Аллах, навистина, му се поклонува сè она што е на небесата и на Земјата, и Сонцето и Месечината, и ѕвездите и планините, и стеблата и животните и, исто така, многу меѓу луѓето? А, има многу што ја заслужуваат казната. А, оној кого Аллах ќе го понижи, нема никој што ќе го удостои. Аллах, навистина, работи што сака!

19. И ете, две противнички дружини кои расправаат за Господарот свој. За оние што не веруваат, ќе биде стокмена облека од оган, а над главите ќе им се сипа зовриена вода:

20. од неа ќе се стопи сè она што им е во стомаците, и кожите, исто така;

21. над нив ќе има топузи од железо:

22. секогаш кога ќе се впрегнат да излезат од таа неподнослива спурнина, ќе им се рече: »Вратете се во неа и искусете ја казната огнена!«

23. Оние што веруваат и што работат добри дела, Он ќе ги воведе, навистина, во градини џеннетски низ кои течат реки: во нив ќе бидат украсени со нараквици од злато и бисери, а облеката ќе им биде од свила.

24. И беа упатени кон учтив говор и беа упатени кон патот на Оној кој е за благодарност Достоен!

25. А, оние што не веруваат и што, навистина, одвраќаат од патот на Аллах, и од Месџидул

Харам кого Ние го одредивме за место, било за мештаните било за дојденците – кои, според тоа, во него посакуваат да осквернат и да направат зулум, за нив, Ние ќе одредиме да ја вкусат казната болна.

26. И кога на Ибрахим му го означивме местото за куќа: »Не здружувај Ми ништо и очисти ја куќава Моја за оние што кружат околу Каба, што стојат и што се поклонуваат.«

27. И возгласи го за луѓето хаџот: ќе ти доаѓаат пешки и на истоштени камили, ќе доаѓаат од сите места далечни,

28. за да имате корист и во одредени денови да го спомнуваат името Негово, кога ќе ги колат курбаните, кои Аллах им ги намени. Јадете од месото нивно, а нахранете го и сиромавиот со него.

29. Нека ја отстранат потоа нечистотијата своја, и нека ги исполнат ветувањата свои, и нека кружат околу Куќата древна!

30. Ете, оној што ги велича светостите Аллахови... па, тоа ќе му донесе добро кај Господарот негов. И дозволени ви се животните, освен оние што ви се спомнати, и избегнувајте ја срамотијата на киповите и избегнувајте празен разговор,

31. искрено оддадени на Аллах, не здружувајќи Му ништо; оној што Му припишува здруженик на Аллах, тој е како оној што ќе падне од небо, па птиците ќе го разграбат или, пак, ветрот ќе го однесе во некое место далечно.

32. Ете, оној што ги велича прописите на Аллах... ете, тоа е, токму, последица на срцата побожни.

33. Вие имате користи во курбаните до одредено време; потоа местото нивно е кај Куќата древна.

34. И на секоја заедница ѝ пропишавме да принесе жртва за да го спомнуваат името на Аллах при она животно што Аллах им го намени. Вашиот бог е еден Бог, и бидете Му предани, а ти зарадувај ги послушните! –

35. чии срца, кога ќе се спомне Аллах, ќе затреперат, кои се трпеливи за она што им се случува, кои клањаат намаз и кои делат од богатството што им го дадовме.

36. Еден од обредите хаџиски се и камилите што ви ги одреди Аллах. Во нив, за вас, има добро. Спомнувајте го името на Аллах кога ќе бидат во редици поредени. А, кога ќе бидат принесени како жртви, јадете од нив и нахранете го оној што е независен од тоа и оној што е зависен. Ете, Ние така ви ги потчинивме за да бидете благодарни!

37. Ниту месото нивно ниту крвта нивна нема да стигнат до Аллах, туку богобојазливоста ваша ќе стигне до Аллах. Ете, така ви ги потчини за да Го славите Аллах заради тоа што ве упати. И зарадувај ги добротворите!

38. Да, Аллах ќе ги земе во заштита оние што веруваат. Аллах, навистина, не сака никаков предавник и неблагодарен!

39. Дозволено им на верниците да се борат против оние што ги убиваат, зашто се прави зулум врз нив. Аллах, навистина, е Кадар да им помогне

40. на оние што се истеруваа од огништата свои бесправно, затоа што зборуваа: »Господарот наш е Аллах.« Кога Аллах не би ги спречувал луѓето едни со други, ќе беа срушени манастирите, и црквите, и синагогите и џамиите во кои многу се спомнува името на Аллах. И Аллах сигурно

нема да му помогне на оној што не го помага Аллах. Аллах, навистина, е Моќен и Силен!

41. Оние кои, ако им дадеме моќ на земјава, ќе клањаат намаз и ќе даваат зекат, ќе наредуваат добро и ќе одвраќаат од зло. Но, крајот на сите нешта е кај Аллах!

42. А, ако те сметаат за лажго, па за лажговци веќе ги сметаа своите пејгамбери и оние пред нив, народот на Нух, Ад и Семуд,

43. народот на Ибрахим и народот на Лут,

44. и жителите на Медјен. И Муса беше сметан за лажго. И им дадов рок на неверниците, а потоа ги зграпчив. Е, само каква беше казната Моја!

45. И колку градови Ние уништивме, чии жители беа неверници... беа срамнети; ги снема. Има голем број напуштени бунари и дворови празни!

46. Па, зашто не патуваат по земјата за да го сфатат тоа срцата нивни, и ушите со кои ќе слушаат, но, очите, навистина, не се слепи, туку слепи се срцата во градите.

47. И бараат од тебе да се забрза казната, но Аллах нема да го изневери ветувањето Свое. Еден ден кај Господарот твој е како илјада години кои вие ги броите.

48. И на колку градови Ние им го продолживме рокот, чии жители беа неверници, а потоа Ние ги уништивме. Прибежиштето е – кон Мене!

49. Кажи: »О луѓе! Јас сум, навистина, ваш јасен опоменувач!«

50. Та, за оние што веруваат и што работат добри дела има простување и богатство изобилно.

51. А, оние што настојуваат да ги отфрлат ајетите Наши, тие се немоќни; ќе станат жители џеханемски.

52. И пред тебе Ние не испративме ниеден пратеник и пејгамбер, а Шејтанот да не му уфрлеше нешто во она што го кажуваше. И секогаш Аллах го отстрануваше она што Шејтанот го уфрлаше и потоа Аллах ги утврдуваше знаменијата Свои. Аллах е Зналец и Мудар,

53. за да го направи искушение она што Шејтанот го уфрлува за оние во чии срца има болештина и чии срца затврднаа. Неверниците, навистина, се во длабок раздор.

54. И да узнаат оние на кои им се објави знаењето дека Куранот, секако, е вистина од Господарот твој, па да веруваат во него и да им се сплотат срцата со него. Он ги упатува оние што веруваат по патот вистински.

55. Оние што не веруваат, тие постојано се сомневаат во тоа сè додека не им дојде пропаста на светот, ненадејно, или, пак, додека не им дојде казната во денот жесток.

56. Власта на тој Ден е само Аллахова и Он ќе им пресуди и на едните и на другите. Оние што веруваат и што работат добри дела, тие ќе бидат во градини џеннетски благословени.

57. А, оние што не веруваат и што ги сметаат за лажни ајетите Наши... за нив има понижувачка казна.

58. Оние што се иселија на патот на Аллах, кои потоа беа убиени или кои умреа... Аллах, ним, сигурно ќе им даде изобилно богатство. Аллах, навистина, меѓу снабдувачите е Најдобриот!

59. Ќе ги воведе, сигурно, во место со кое ќе бидат задоволни. Аллах, навистина, е Зналец и Благ!

60. Ете, оној што ќе возврати со иста мера за она што му е направено, а потоа пак ќе му се

наштети, нему, Аллах, сигурно, ќе му помогне. Аллах, навистина, е Помилувач и Простувач!

61. Ете, така Аллах го менува денот во ноќ, а ноќта во ден. Аллах, навистина, слуша сè и гледа сè!

62. Ете, така, Аллах е Вистина и дека она што го молат, освен Него, е невистина. Аллах е Вишен и Голем!

63. Зар не гледаш дека Аллах спушта вода од небо, па земјата станува зелена? Аллах, навистина, е Сочувствителен и Известен!

64. И сè што е на небесата и на Земјата е – Аллахово! Аллах, навистина, е Оној што е Богат и за благодарност Достоен!

65. Зар не гледаш дека Аллах на земјата ви потчини сè? А бродот плови по морето по наредба Негова. И Он го држи небото да не падне на земјата, освен, навистина, ако тоа не се случи со одобрението Негово. Аллах, навистина, е Сочувствителен и Сомилосен кон луѓето!

66. Он е Оној што ве оживува, а потоа ве умртува, а потоа пак ве оживува. Човекот, навистина, е неблагодарен!

67. За секоја заедница Ние одредивме верозакон за кои се придржуваа луѓето. Па, никако не дозволувај тие да расправаат со тебе во врска со тоа. Повикувај го Господарот твој. Ти си, навистина, по патоказот вистински!

68. А, ако се расправаат со тебе, кажи: »Аллах најдобро го знае она што го работите!«

69. Аллах ќе ви пресуди на Денот суден за она за што станавте деленици.

70. Зар не знаеш дека Аллах го знае и она што е на небото и она што е на Земјата? Да, тоа е сè во Книгата. Тоа за Аллах , навистина, е лесно!

71. И тие го обожаваат она, освен Аллах, за што не е објавен никаков доказ од Аллах и за што тие, токму, не знаат ништо. За многубошците нема поддржник!

72. И кога им се кажуваат Нашите јасни ајети, забележуваш некакво неодобрување на лицата на оние што не веруваат. Само што не ги фаќаат в гуша на оние што им ги кажуваат ајетите Наши. Кажи: »Да ве известам ли за злото од тоа? – Оган што им го вети Аллах на оние што не веруваат.« Е, само колку е лошо тоа свратилиште!

73. О луѓе! Се изнесува пример, па слушнете го! Оние што ги молите, освен Аллах, не можат, навистина, да создадат ниту мувичка. Дури и да се соберат за тоа. Ако мувичката им зграпчи нешто, нема да можат да го извадат. Слаби се, навистина, барателот и бараното!

74. И оние не можат да ја измерат вистинската мера Аллахова. Аллах, навистина, е Моќен и Силен!

75. Аллах избира посланици меѓу мелеките и луѓето. Аллах, навистина, слуша сè и гледа сè!

76. Го знае и она што е пред нив и она што е зад нив. Работите се враќаат кон Аллах!

77. О верници! Поклонувајте се ничкум, а паѓајте и со челата на тло, при намазот, и обожавајте Го Господарот ваш; и правете добро...за да бидете спасени!

78. И борете се на патот на Аллах со вистинска борба заради Него. Он ве избра и не ве задолжи во верата со нешто исклучително, во верата на вашиот бабо Ибрахим. Он ве именуваше од порано како муслимани, и во овој Куран, исто така, за пејгамберот да биде сведок против

вас, а вие да бидете сведоци против луѓето. Па, клањајте намаз и давајте зекат и држете се за Аллах; Он е заштитникот ваш. Е, само колку е добар Заштитник Он! Е, само колку е добар Поддржник Он!

# СУРА ЕЛ-МУ'МИНУУН

## Верници

Сура 23 - Мекка - 118 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Навистина ќе успеат, верниците:
2. кои се понизни во својот намаз,
3. и кои не се впуштаат во денгуба,
4. и кои даваат зекат,
5. и кои ги чуваат срамните места свои,
6. освен со жените свои или со оние што се во сопственост нивна... па, тие, навистина, се надвор од прекорот,
7. додека оние кои посакуваат преку тоа, тие, токму, претеруваат;
8. спасени се и оние кои, исто така, се грижат за аманетите свои и за договорите свои,
9. и оние што внимаваат врз намазите свои:
10. тие, токму, се наследници,
11. кои го наследуваат Џеннетот каде што за навек ќе останат.
12. Ние човекот, навистина, го создадовме од одбрана глина,

13. потоа како капка семе го ставивме на сигурно место.

14. Потоа капката семе Ние ја создадовме засирена крв; од засирената крв создадовме парче месо; од парчето месо создадовме коски, а потоа коските ги обвиткавме со месо; потоа создадовме сосем друго создание. Па, нека е славен Аллах. Он е Најубавиот Создател!

15. Потоа вие ќе умрете, навистина!

16. Потоа на Денот суден ќе бидете оживеани, сигурно!

17. Ние создадовме над вас седум небеса и постојано бдееме врз созданието.

18. И Ние спуштаме вода од небото со мера, па ја задржуваме во земјата и, навистина, кадри сме да ја отстраниме.

19. Па, со неа Ние ви вадиме градини со урми и грозје; имате многу овошје во нив и јадете од него.

20. И дрвото што расте на ридот Синај што дава зејтин и зачин е на оние што го користат.

21. Во добитокот, навистина, имате поука! Ние ве напојуваме со она што е во нивните стомаци; во него имате големи користи и јадете од нив.

22. На нив, како и на бродовите, вие патувате.

23. И Нух, навистина, Ние го испративме до народот негов, па рече: »О народе мој! Обожавајте го Аллах; немате друг бог освен Него. Зар нема да бидете богобојазливи?«

24. Па големците, кои не веруваа меѓу народот негов, рекоа: »Овој е само човек како вас, кој си посакува да стекне предност над вас. Кога Аллах би сакал, би испратил мелек. Не слушнавме ништо за ова од предците наши одамнешни.

25. Тој е само човек при кого има џинови: па, посматрајте го до време определено!«

26. Нух рече: »Господару мој, помогни ми, зашто ме сметаат за лажго!«

27. Тогаш Ние му објавивме: »Прави лаѓа пред очите Наши и според објавата Наша: кога ќе дојде наредбата Наша и кога ќе избие вода од земјата, стави во лаѓата пар од сè, и семејството твое – освен оние што беа против зборот порано – и не обраќај Ми се за оние што направија зло; тие ќе бидат, навистина, потопени!«

28. И кога ќе седнеш во лаѓата, ти и оние со тебе, кажи: »Благодарение на Аллах, Кој ме спаси од народот невернички!«

29. И кажи: »Господару мој, одреди да пристигнеме на бериќетно место, зашто Ти си во тоа Најдобар!«

30. Да, во тоа има знаменија и Ние, навистина, ги ставивме во искушение.

31. Потоа, по нив, Ние создадовме други поколенија,

32. меѓу кои испративме пејгамбер: »Обожавајте го Аллах; немате друг бог освен Него. Зар нема да бидете богобојазливи?«

33. Големците меѓу оние што не веруваа од народот негов, и што ја сметаа за лажна средбата на оној свет, и на кои им овозможивме да уживаат на овој свет, зборуваа: »Овој е само човек како вас; јаде од она што и вие јадете и пие од она од што и вие пиете.

34. И ако бидете послушни на човек како вас, тогаш вие, навистина, ќе бидете губитници.

35. Ви ветува ли дека вие, навистина, кога ќе умрете, кога ќе станете земја и коски, дека пак ќе се појавите?

36. Далеку, далеку е она со што ви се заканува!

37. Животот на овој свет е единствен: живееме и умираме и нема да бидеме оживеани.

38. Тој е само човек што изнесува лаги за Аллах и ние нему, навистина, не му веруваме.«

39. Нух рече: »Господару мој, помогни ми, зашто ме сметаат за лажго!«

40. Аллах рече: »Да, ќе станат покајници за кратко време!«

41. И ги погоди страшен глас, праведно! Па, Ние ги направивме нанес. И далеку нека е народот невернички!

42. Потоа, по нив, Ние создадовме други поколенија.

43. Ниеден народ не може ниту да го забрза ниту да го задоцни својот рок.

44. Потоа Ние ги испраќавме Нашите пејгамбери, едни по други. И секогаш кога ќе му дојдеше пејгамбер на еден народ...го порекнуваа; и така Ние ги заменуваме еден со друг и одредивме да бидат само помен. И далеку нека е народот невернички!

45. Потоа Ние го испративме Муса и брат му Харун со Наши знаменија и очигледна власт

46. до фараонот и големците негови; па се прчеа... станаа вообразен народ.

47. И рекоа: »Зар да им веруваме на два човека како нас, а народот нивни нас нè обожаваше?«

48. И ги сметаа за лажни и беа, токму, страдалници.

49. И Ние на Муса, навистина, му дадовме Книга, за да се упатат по патот вистински.

50. А, синот на Мерјем и мајка му Ние ги одредивме за знамение и ги засолнивме на едно мирно ритче каде што имаше извор.

51. О пејгамбери! Јадете убави јадења и работете добро. Јас го знам она што го работите!

52. Оваа вера, навистина, е ваша единствена вера, а Јас сум ви Господар, па бидете богобојазливи!

53. И меѓу себе се поделија, во врска со она што ги обединуваше, на деленици, и секоја странка го величаше она врз што се придржуваше.

54. И остави ги во беспаќето до време одредено.

55. Зар сметаат дека кога им даваме имот и синови

56. Ние, навистина, брзаме да им дадеме добрини? Но не чувствуваат!

57. Да, оние што се плашат, стравувајќи од Господарот свој,

58. и што веруваат во знаменијата на Господарот свој,

59. и што не Му здружуваат здруженик на Господарот свој,

60. и што даваат од она што им е дадено, а срцата нивни се исполнети со трепет од тоа дека, навистина, ќе Му се вратат на Господарот свој...

61. таквите, навистина, брзаат кон добрини и, токму, им претходат на другите во тоа.

62. И Ние никого не оптоваруваме над можноста негова. При нас е Книгата што зборува вистина. И нема да им се наштети.

63. Но, срцата им се замрачени, а имаат и други лоши дела, освен тоа, што ги прават.

64. Кога ги казнувавме оние меѓу нив кои живееја раскошно... тие, ете, ќе залелекаа:

65. »Не лелекајте денес! Нема да ви се помогне од Мене, навистина!

66. Да, ајетите Мои ви се кажувани, а вие, ете се враќате по стапалките ваши,

67. прчејќи се во Храмот, употребувајќи до полноќ, непристојни зборови.«

68. Зошто не размислуваат за оваа Реч? Зар им доаѓа нешто што не им беше дошло на нивните предци одамнешни?

69. Или, пак, не го познаваат пејгамберот свој, па во него не веруваат.

70. Или, пак, зборуваат за него: »Има џинови при него!« Но, пејгамберот им дојде со вистина, а, ете мнозината од нив не ја признаваат вистината.

71. Кога вистината би ги следела желбите нивни, сигурно би пропаднале небесата и Земјата и она што е во нив. Напротив, Ние им ја дадовме опомената, а тие, токму, се рамнодушни кон неа!

72. Или, пак, од нив бараш награда? Наградата од Господарот твој е подобра. Он меѓу снабдувачите е Најдобриот!

73. Ти ги повикуваш, навистина, кон патот вистински!

74. А, оние што не веруваат во оној свет, тие скршнуваат од патот вистински!

75. И Ние да им се смилувавме и да им ја отстранивме неволјата од нив пак ќе лутаа, навистина, во пакоста своја.

76. Да, ги обземаше казната Наша, а тие, ете, не Му се потчинуваа на Господарот свој, а ниту Го молеа понизно.

77. И тогаш кога би им ја отвориле вратата на казната вжештена, и дури тогаш, тие ќе станат безнадежници.

78. И Он ви создаде слух, и вид, и срце. Е, само колку малку заблагодарувате!

79. И Он ве растури по земјата и ќе се зберете кај Него!

80. И Он оживува и Он умртува. Сменувањето на ноќта и денот е во Негова надлежност. Зар нема да се вразумите?

81. Но, зборуваат нешто слично на она што го зборуваа одамнешните.

82. Зборуваат: »Зар кога ќе умреме и кога ќе станеме земја и коски, ќе бидеме ли, навистина, оживеани?

83. И порано со тоа ни се закануваше, нам и на предците наши; ова се само измислици на народите одамнешни.«

84. Прашај: »Па, чија е тогаш земјата и она што е на неа ако знаете?«

85. Тие ќе одговорат: »Аллахова е!« Кажи: »Е па, нема ли да се опоменете?«

86. Прашај: »Кој е Господарот на седумте небеса и Господарот на престолот голем?«

87. Тие ќе одговорат: »Аллах!« Прашај: »Зар нема да бидете богобојазливи?«

88. Прашај: »Кој е Оној во чија рака е власта над секоја ствар, Кој штити и од Кого не може да се заштити? Е, само да знаете!«

89. Тие ќе одговорат: »Аллахова е!« Кажи: »Па како, тогаш, се заведувате?«

90. Но, Ние им ја донесовме вистината, а тие се, навистина, лажговци!

91. Аллах не си присвои дете и нема друг бог покрај Него. Тогаш, секој бог би го земал, навистина, она што би го создал и меѓусебно ќе се натпреваруваа. Возвишен е Аллах, над она како тие Го опишуваат!

92. Зналец на невидливото и на видливото...па, Возвишен е Он, над она што Му го здружуваат!

93. Кажи: »Господару мој, ако посакуваш да ми го покажеш она со што им се заканува,

94. тогаш, Господару мој, не вбројувај ме меѓу народот невернички!«

95. Ние сме моќни, навистина, да ти го покажеме она со што им се закануваме.

96. На злото возвратете со добро! Ние најдобро го знаеме она што го опишуваат!

97. И кажи: »Господару мој, Тебе ти се приклонувам од привлечностите на шејтаните!

98. И Тебе ти се приклонувам, Господару, од нивното присуство во моја близина!«

99. И дури кога некому од нив ќе му дојде смртта, тој вели: »Господару мој, врати ме;

100. за да работам добро во замена за она што го напуштив.« А, не! Тоа се само зборови што ги зборува. А, зад нив, меѓутоа, има преграда до Денот во кој ќе бидат оживеани!

101. И кога ќе се дувне во Рогот... веќе нема да има роднински врски едни со други и нема да се прашуваат за ништо на тој Ден.

102. Оние чии ваги ќе натежнат со добро, тие се спасени!

103. А, оние, пак, чии ваги нема да натежнат со добро... тие се упропастија самите себе; во Џехеннем ќе останат за навек!

104. Ќе ги спржи пламен по лицата и во Џехеннем ќе бидат обезличени:

105. »Зар не ви се кажувани ајетите Мои, а вие ги порекнувавте?«

106. Ќе одговорат: »Господару наш, надвладеа со нас несреќа и останавме народ скршнат во заблуда!

107. Господару наш, извади нè од огнот, зашто, ако направиме иста грешка...та, тогаш сме, навистина, грешници!«

108. Аллах ќе рече: »Останете во него и не зборувајте Ми повеќе!«

109. Меѓу робовите Мои има една дружина која, навистина, зборува: »Господару наш, ние веруваме, прости ни и смилувај ни се, зашто Ти си меѓу милостивите Најдобриот!«

110. Па, ги изигрувавте толку многу, така што заборававте на опомената Моја, па дури ги исмејувавте.

111. Да, Јас денес ги наградив, затоа што беа трпеливи. Денес се, токму, победници!

112. И Он ќе праша: »Колку години останавте на земјата?«

113. Тие ќе одговорат: »Останавме само еден ден или еден дел од еден ден. Па, прашај ги бројачите!«

114. Он ќе рече: »Останавте само малку. Е, само кога би знаеле!

115. И мислевте ли, навистина, дека Ние ве создадовме залудно и дека, ете нема да Ни се вратите?«

116. Та, Аллах е Вишен! Владетел вистински! Нема друг бог освен Него! Господарот на вселената величествена!

117. А, оној што се моли на друг бог освен Аллах, тој нема доказ за тоа. Та, пресметката негова е кај Господарот негов. Неверниците, навистина, нема да успеат!

118. И кажи: »Господару мој, прости и смилувај се! Ти си меѓу милостивите Најдобриот!«

# СУРА ЕН-НУУР

## Светлина

Сура 24 - Медина - 64 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Сура што Ние ја објавивме и што ја одредивме обврзувачка, и во која објавивме јасни ајети, за да се опоменете!

2. На блудницата и блудникот, одделно, удрете им по сто удари. Во верата на Аллах, доколку верувате во Аллах и во Денот суден, нека не ве спречи никакво сожалување при казната. А, при казната врз нив, нека биде присутна една дружина верници!

3. Блудникот нека венча само блудница или многубошка, а блудницата нека ја венча само блудник или многубожец! Ете, тоа за верниците, навистина, е забрането!

4. А, оние што лажат за чесните жени, а за тоа нема да донесат четири сведоци, ним, удрете им осумдесет удари и никогаш повеќе не примајте го сведочењето нивно. Тие се, токму, расипани,

5. освен оние што ќе се покајат по тоа и што ќе се поправат. Та, Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

6. А, на оние што ќе излажат за жените свои, кои немаат сведоци освен самите тие, сведочењето на еден од нив е да се заколне четирипати во Аллах дека тој, навистина, не лаже!

7. А, петтиот пат нека се заколне со тоа дека проклетството на Аллах нека биде врз него ако лаже!

8. Казната од неа ќе биде отстранета ако таа се заколни четирипати во Аллах дека тој, навистина, лаже!

9. А, петтиот пат нека се заколни со тоа дека лутината на Аллах да падне врз неа ако тој зборува вистина!

10. Е, кога не би била добрината на Аллах кон вас и милоста Негова... ! И Аллах е Простувач и Мудар!

11. За оние таифи, кои дојдоа со клевета, кај вас, не мислете дека ви донесоа зло. Но, тоа е, токму, добро за вас! Секому од нив му припаѓа дел за гревот што си го спечалил. А оној меѓу нив кој, меѓутоа, ќе претера во својот грев, нему најмногу му припаѓа казна голема!

12. Па, зошто кога тоа го чувте, верниците и верничките помислија за себе добро, и не рекоа: »Ова е јасна клевета!«

13. Зошто не донесоа за тоа четири сведоци? И бидејќи не донесоа сведоци, тие се кај Аллах, токму, лажговци.

14. А, кога не би била добрината на Аллах кон вас и милоста Негова и на овој свет и на оној свет, тогаш би ве снашла, заради она во што западнавте, казна голема.

15. Кога тоа го пренесувавте со јазиците и кога го кажувавте со устите, она за што, всушност, ништо не знаевте, сметајќи го тоа незначително, а тоа кај Аллах не е незначително,

16. кога тоа го чувте, зошто не рековте: »Не е наше да зборуваме за ова? Возвишен си Ти! Ова е клевета голема!«

17. Аллах ве советува, ако сте верници, никогаш да не повторите такво нешто.

18. И Аллах ви ги објаснува ајетите. Аллах е Зналец и Мудар!

19. Оние што посакуваат да се прошири срамно дело меѓу оние што веруваат, ним, им припаѓа, навистина, казна болна и на овој свет и на оној свет. Аллах знае, а вие не знаете.

20. А што би било кога не би била добрината на Аллах кон вас и милоста Негова...? Па Аллах, навистина, е Чувствителен и Сомилосен!

21. О верници! Не следете ги стапалките на Шејтанот! А, оној што ги следи стапалките на Шејтанот, тој, навистина, наредува срамно дело и зло. А кога не би била добрината на Аллах кон вас и милоста Негова, никој од вас, никогаш, не би се очистил. Но, Аллах по волја Своја чисти. Аллах слуша сè и знае сè!

22. Нека не се колнат добродушните меѓу вас и богатите дека нема да им помогнат на роднините, на сиромасите и на иселениците на Аллаховиот пат...Нека им простат и нека поминат преку тоа! Зар не посакувате Аллах да ви прости? Аллах е Простувач и Сомилосен!

23. Оние што, навистина, измислуваат лаги за чесни жени вернички се проколнети на овој свет и на оној свет и, ним, им припаѓа казна голема

24. на Денот кога против нив ќе сведочат и јазиците нивни, и рацете нивни и нозете нивни, за она што го работеа,

25. на Денот кога Аллах ќе ги казни според заслугата нивна, тогаш, ќе узнаат дека Аллах е Вистина јасна!

26. Лоши жени за лоши мажи, а лоши мажи за лоши жени. Добри жени за добри мажи, а добри

мажи за добри жени. Тие не се виновни за она што другите го зборуваат за нив. Им припаѓа и простување и благородно богатство!

27. О верници! Не влегувајте во други куќи, освен во вашите, сè додека не побарате дозвола и додека не ги поздравите домаќините. Ете, тоа е подобро за вас, за да се опоменете.

28. Па, ако не најдете никого во нив, не влегувајте додека не добиете дозвола. А, ако, пак, ви се каже да се вратите, па вратете се! Тоа е почесно за вас. Аллах, навистина, го знае она што го работите!

29. Не ви е грев да влегувате во куќите невселени, а во нив се наоѓаат ствари, кои ви припаѓаат. Аллах го знае и она што го криете и она што го обелоденувате.

30. Кажи им на верниците да го соборат опулот свој и да ги чуваат срамните места. Ете, тоа е чесно за нив. Аллах, навистина, е Известен за она што го работат!

31. И кажи им на верничките да ги соборат опулите свои и нека ги чуваат срамните места свои, и убавините свои, освен она што се гледа, и нека не ги покажуваат; нека ги спуштат превезите свои врз градите. Исто така, нека не ги кажуваат убавините свои на други, освен пред мажите свои и бабовците свои, или пред бабовците од мажите свои и синовите свои, или пред синовите од мажите свои, или пред браќата свои, или пред синовите од браќата свои, или пред синовите од сестрите свои, или пред пријателките свои, или пред робинките свои, или пред оние мажи што немаат желба за жени или пред деца што не знаат за срамните места на жените. И нека не удираат со нозете свои за да се слушне накитот

што го кријат. И покајте се сите заедно - о верници! - за да бидете спасени!

32. Мажете ги и женете ги немаженитe и неженетите. Исто така и добрите робови ваши и робинките ваши. Ако се сиромашни, Аллах ќе ги збогати од добрината Своја. Аллах е Неизмерен и Зналец!

33. Нека се воздржат оние што немаат можност да се венчаат сè додека Аллах не ги збогати со добрината Своја. А, оние што се во сопственост ваша, кои посакуваат за тоа да се склучи договор... па, склучете, ако знаете дека има добро при нив. И дајте им од имотот на Аллах што Он ви го даде! Девојките што се во сопственост ваша, не терајте ги на блуд ако тие, навистина, сакаат да бидат чесни, само за да спечалите некоја корист на овој свет. А, кој ќе ги натера... па, Аллах, затоа што се присилени, е Простувач и Сомилосен кон нив!

34. Ние, навистина, ви објавуваме ајети разјаснети и примери за оние што беа пред вас, и ука за богобојазливите!

35. Аллах е светлина на небесата и на Земјата. Светлината Негова е слична на светилка вдлабната во ѕид; светилката е во стаклена, а стаклената е како блескотна ѕвезда, која светлината ја добива од благородното стебло на маслинката, кое не источно и западно. Зејтинот само што не свети иако не е допрен од оган. Светлина над светлина! Кон светлината Своја Аллах упатува кого сака. Ете, така Аллах им донесува пример на луѓето. Аллах знае сè!

36. Во куќите за кои Аллах дозволи да се подигаат, во нив се спомнува името на Аллах. И наутро и навечер Го слават Него:

37. луѓе што не ги спречува трговијата и купопродажбата од спомнувањето на Аллах, од клањањето намаз и од давањето зекат; се плашат од Денот во кој ќе бидат вознемирени срцата и опулите,

38. за Аллах да ги награди со она што е најубаво, за она што го работеа, и да им зголеми од добрината Своја. Аллах кому сака дарува безмерно!

39. Делата на оние што не веруваат се како огледало во рамница, па жедниот помислува дека е вода. А, штом ќе се приближи до него, нема да најде ништо. Ќе го најде Аллах кај него и Он ќе му ја подмири сметката. Аллах е Брз Пресметувач!

40. Или, пак, се како темнина во море кое го покриваат бранови едни над други, а над нив облаци: темнини натрупени едни над други, така што, кога ќе се извади раката, ниту прстот не може да се види. Оној кому Аллах не дава светлина, тој и нема светлина!

41. Зар не знаеш дека на Аллах Го слави сè она што е на небесата и на Земјата? И птиците, исто така, со раширени крилја. И сè знае како да Му се клања и како да Го слави. Аллах го знае она што го работат!

42. Власта на небесата и на Земјата е – Аллахова! Прибежиштето е – кон Аллах!

43. Зар не гледаш дека Аллах, навистина, ги турка облаците? Потоа Он ги спојува и ги натрупува едни над други. И гледаш како излегува дожд од нив. И како Он спушта град од облаците на небото големи како ридови. Со него удира кого сака, а поштедува кого сака. Молњата Негова, ете, само што не ги ослепува очите!

44. Аллах ги сменува ноќта и денот наизменично! Во тоа има поука, навистина, за островидните!

45. А, Аллах секое животно го создаде од вода. Некои од нив одат на стомак, а некои од нив одат на две нозе, а некои, пак, одат на четири нозе. Аллах создава што сака. Аллах, навистина, е Кадар за сè!

46. Да, Ние објавуваме јасни ајети. Аллах упатува кого сака по патот вистински.

47. И зборуваат: »Ние веруваме и во Аллах и во пејгамберот и послушни сме.« Една дружина меѓу нив, потоа, го врти грбот. Тие не се верници!

48. И кога ќе се повикаат кон Аллах и кон пејгамберот Негов, за да им пресуди и на едни и на други, тогаш една дружина од нив е рамнодушна!

49. Ако им пресуди во нивна корист му доаѓаат на пејгамберот потчинето.

50. Или има болештина во срцата нивни или се сомневаат или, пак, се плашат дека Аллах и пејгамберот Негов ќе им наштетат? Но, тие се, токму, неправедни!

51. Кога ќе бидат повикани кон Аллах и кон пејгамберот Негов за да им пресудат и на едни и на други, верниците зборуваат: »Слушаме и послушни сме.« Тие се, токму, спасени!

52. Оние што се послушни на Аллах и на пејгамберот Негов, и што стравуваат од Аллах и што изразуваат богобојазливост кон Него... тие се, навистина, победници!

53. Има и такви што се колнат во Аллах на верност, силно изразено, дека, да им наредеше, сигурно ќе излезеа да се борат... кажи им: »Не колнете се! Послушноста, навистина, е позната

работа. Аллах, навистина, е Известен за она што го работите!«

54. Кажи: »Бидете послушни на Аллах и на пејгамберот. Па, ако го свртат грбот...та, тој е одговорен за она за што е задолжен, а вие сте одговорни за она за што сте задолжени. А, ако, пак, Му бидете послушни, ќе бидете упатени.« Пејгамберот е задолжен само да извести јасно!

55. На оние меѓу вас што веруваа и што работеа добри дела, ним, Аллах им вети дека ќе бидат поставени наследници на земјава како што беа поставени наследници и оние пред нив, зајакнувајќи им ја верата со која е Он задоволен, а стравот, пак, Он ќе им го замени со сигурност. Мене ме обожаваат и не Ми здружуваат ништо. А оние што не веруваат, по тоа, тие се расипници!

56. И клањајте намаз и давајте зекат и бидете послушни на пејгамберот, за да ви се смилува!

57. Не сметајте дека оние што не веруваат дека тие ќе можат да Му избегаат. Огнот е престојувалиштето нивно. Е, само колку е лошо тоа свратилиште!

58. О верници! Оние што се во сопственост ваша и оние што не се полнолетни, нека побараат дозвола од вас во три случаи: пред сабах намаз, кога ја оставате облеката ваша; на пладне и по јација намаз. Ете, тоа се три прилики кога не сте облечени. По нив, ниту тие ниту вие немате грев да се посетувате меѓу себе. Ете, така Аллах ви ги објаснува ајетите Свои. Аллах е Зналец и Мудар!

59. Кога ќе ви пораснат децата, нека бараат дозвола да влезат како што бараа дозвола оние што беа пред нив. Ете, така Аллах ви ги објаснува ајетите Свои. Аллах е Зналец и Мудар!

60. А, жените што веќе навлегоа во старост, кои не сакаат да се мажат, немаат грев да го тргнат превезот, но не покажувајќи ги убавините свои, а ако настојуваат да бидат чисти, па тоа е подобро за нив. Аллах слуша сè и знае сè!

61. Немаат грев ниту слепиот, ниту куциот, ниту болниот, а ниту вие самите, да јадете во куќите ваши, или во куќите од бабовците ваши, или во куќите од мајките ваши, или во куќите од браќата ваши, или во куќите од сестрите ваши, или во куќите од миџовците ваши, или во куќите од алите ваши, или во куќите од дајџовците ваши, или во куќите од тезите ваши, или во куќите чии клучеви се во сопственост ваша или, пак, кај пријателите ваши. Немате грев да јадете заедно или одделно. А, кога ќе влегувате во куќите... па, поздравете ги, лично, со поздрав Аллахов, благороден и убав. Ете, така Аллах ви ги објаснува ајетите за да се вразумите!

62. Да, верници се оние што веруваат во Аллах и во пејгамберот Негов. А, кога се заедно со пејгамберот, при некоја заедничка работа, не одат сè додека не побараат дозвола од него. Оние што бараат дозвола од тебе, навистина, се оние што веруваат во Аллах и во пејгамберот Негов. А, ако, пак, побараат дозвола од тебе за некоја нивна работа, дај му дозвола на оној од нив кому ќе посакаш и побарај простување од Аллах за нив. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

63. Повикот на пејгамберот меѓу вас не сметајте го како повикот ваш што го упатувате едни на други. Аллах, навистина, ги знае оние меѓу вас што бегаат кришум. Оние што се спротиставуваат на наредбата Негова, нека бидат внимател-

ни: ќе ги снајде искушение или ќе ги снајде казна болна!

64. Сè што е на небесата и на Земјата, навистина, е – Аллахово – зарем не? Да, Он ја знае состојбата ваша, и на Денот во кој ќе Му се вратат... па, ете, тогаш, Он ќе ги извести за она што го работеа. Аллах знае сè!

# СУРА ЕЛ-ФУРКАН
## Разделувач на вистината од невистината

Сура 25 - Мекка - 77 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Возвишен е Оној што го објави разделувачот на вистината од невистината до Својот роб, за да биде опомена за световите!

2. Оној чија власт на небесата и на Земјата е – Негова, Кој не си присвои дете, Кој не зема здруженик во власта, и Кој ја создаде секоја ствар, па ја определи со мера точно определена!

3. И тие прифатија покрај Аллах други божества што не создаваат ништо, а божествата, токму, се создадени; за себе немаат моќ ниту да си користат ниту да си наштетат, ниту да умртват ниту да оживеат, или, пак, по смртта да оживеат.

4. А, неверниците зборуваат: »Ова е само лага што тој ја измислува, а во тоа, навистина, му помагаат други луѓе.« Да, лагата и измамата се кај нив!

5. Зборуваат: »Овие се прикаски на одамнешните што тој побара да му се препишат и бара да му се кажуваат наутро и навечер.«

6. Кажи: »Куранот го објави Оној што ја знае тајната на небесата и на Земјата.« Он, навистина, е Простувач и Сомилосен!

7. И зборуваат: »Што му е на овој пејгамбер? Јаде храна и шета по чаршиите? Зошто не му е испратен мелек, па да опоменува со него?

8. Или да му се спушти ризница или, пак, да има градина од која ќе бере?« Многубошците уште зборуваат: »Вие следите само опседнат човек!«

9. Погледни какви примери донесуваат за тебе! Ете, така тргнаа во заблуда и не можат да се вратат по патот вистински!

10. Вишен е Оној Кој, доколку посака, ќе ти даде подобро од тоа: градини низ кои течат реки; ќе ти даде, исто така и дворови.

11. Тие дури и Часот на оживувањето го сметаат за лажен. А оние што го сметаат за лажен Часот на оживувањето, ним, им подготвивме оган распален.

12. Кога ќе им се укаже огнот од место далечно, ќе слушаат беснило и грмило.

13. А, кога ќе бидат фрлени во теснец, притеснети едни до други, тогаш ќе се молат за пропаст.

14. »Не молете се денес за една пропаст, туку молете се за многу пропасти!«

15. Кажи: »Тоа ли е подобро или, пак, е подобар Џеннетот на вечноста, ветен за богобојазливите?« Ете, тоа е, токму, казната и свратиштето нивно.

16. Во него ќе има за нив сè што ќе посакаат, за навек! Одговорноста за тоа ветување е во надлежност на Господарот твој.

17. А, на Денот кога Он ќе ги збере, и она што го обожаваа, освен Аллах, и кога Он ќе рече: »Вие ли во заблуда ги скршнувавте робовите Мои или, пак, тие самите си скршнаа во заблуда од патот вистински?« -

18. тие ќе речат: »Славен биди Ти! Да, не ни требаше да земаме други заштитници освен Тебе, но Ти, ним и на бабовците нивни, им даде да уживаат сè додека не заборавија да се се-

ќаваат на Тебе.« Беше народ кој, навистина, пропадна!

19. Да, тие го сметаат за лажно она што го зборувате. Нема да можете да им ја отстраните маката, а ниту, пак, да им помогнете. А оној од вас што ќе направи зло... Ние, нему, ќе му дадеме да вкуси казна голема.

20. Ние не испративме пејгамбери пред тебе што не јадеа храна и што не шетаа по чаршиите. Едни со други ве доведуваме во искушение. Е па, ќе се стрпите ли! Господарот твој гледа!

## Џуз 19

21. Оние што не полгаат надеж во Средбата со Нас, зборуваат: »Зошто не ни се спуштаат мелеки или, пак, зошто не го гледаме Господарот наш?« Тие веќе се прчеа во душите, се изнасилија наголемо.

22. На Денот во кој ќе ги видат мелеките, за силниците ќе нема никаква радосница; мелеките ќе речат: »Џеннетот е забранет за вас.«

23. И Ние ќе пристапиме кон делата нивни и ќе ги направиме пепел и прав.

24. Жителите џеннетски на тој Ден ќе бидат сместени во најубаво престојувалиште и ќе се одмораат во најубава почивка.

25. Тоа ќе биде Ден во кој небесата ќе се расцепат во тенки облаци и Ден во кој ќе се спуштаат мелеките.

26. Тогаш власта вистинска ќе му припадне на Милостивиот, а за неверниците на тој Ден ќе биде неподнослив.

27. Ден во кој многубожецот ќе ги крши прстите од своите раце, велејќи: »Тешко мене! Прифатив друг пат, освен патот на пејгамберот!

28. О, тешко мене! О, пропаст моја! Е, да не земав таков пријател!

29. Ме одврати од опомената по нејзиното доаѓање до мене!« Шејтанот, навистина, останува предавник за човекот!

30. И пејгамберот рече: »Господару, народот мој, навистина, не го прифаќа Куранот!«

31. И ете, така за секој пејгамбер меѓу силниците Ние определивме непријател. Доволно ти е што Господарот твој е упатувач и поддржник.

32. Оние што не веруваат, велат: »Зошто не му е објавен Куранот во целост, во еден замав?« Ете, така Ние го објавуваме за да ти го зајакниме срцето со него. Така, дел по дел среден, Ние го објавуваме.

33. И тие нема да донесат никаков урнек, а Ние да не ти донесеме вистина и најдобро толкување.

34. Оние што ќе бидат собирани со наведнатите лица кон Џехеннемот, тие ќе бидат во најлошо место и најзастранети од вистинскиот пат.

35. И на Муса Ние, навистина, му објавивме Книга, а брат му Харун го одредивме за поддржник,

36. па, рековме: »Одете до народот што ги сметаше за лажни знамењата Наши« – а потоа народот Ние го снемавме.

37. А и народот на Нух, исто така, Ние го потопивме, зашто ги сметаше за лажни пејгамбер-

ите, и одредивме да биде знамение за луѓето. А, за неверниците Ние подготвивме казна болна.

38. А и Ад и Семуд и жителите на Ресе, и многу поколенија меѓу нив Ние уништивме.

39. И за секој народ, меѓутоа, Ние донесовме примери и, потоа, го снемавме.

40. А, поминуваат крај градот врз кого се истури пакосен дожд. А, зар не го забележуваат? И дури не го очекуваат оживувањето!

41. И кога ќе те здогледаат, те прифаќаат само како предмет на потсмевање: »Зар Аллах го испрати овој како пејгамбер?

42. Ете, така само што не нè одврати од божествата наши; но ние сме истрајни при нив.« Ќе узнаат, кога ќе ја здогледат казната, кој ли скршна во заблуда?

43. Го виде ли оној што ја прифати страста за божество свое? Зар ќе бидеш негов закрилник?

44. Зар сметаш дека мнозината меѓу нив, навистина, слуша или разбира? Тие се како добиток. Тие се, токму, во заблуда!

45. Зар не гледаш како Господарот твој ја простира сенката и кога сака Он, навистина, ја прави да биде починка, а потоа сонцето го прави водач за неа;

46. потоа полека кон Нас ја прибираме.

47. И Он ноќта ви ја определи за облека, а сонот за мир, а денот, пак, за патување.

48. И Он испраќа ветрови како радосница пред милоста Своја, а од небо Ние спуштаме чиста вода,

49. за да го оживееме мртвиот предел со неа и да ги напоиме многуте луѓе и животни што ги создадовме.

50. Им ја расподелуваме водата за да се опоменат. Но, мнозината на луѓето, неверувајќи, одбива да верува.

51. Да посакавме, сигурно ќе испратевме опоменувач во секој град !

52. Па, не следи ги неверниците и, со помош на Куранот, бори се со сета сила.

53. И Он е Оној што одвои две морињa едно од друго: едното пивко и ладно, а другото солено и горчливо. И меѓу нив одреди преграда и заштитна граница.

54. И Он го создаде човекот од вода, па од него направи роднина и сродство. Господарот твој е Кадар!

55. А, тие ги обожаваат, освен Аллах, оние што не им користат и што не им штетат. Неверникот му го врти грбот на Господарот свој.

56. И Ние те испративме само како радосник и опоменувач.

57. Кажи: »Не барам од вас никаква награда за ова, туку барам оној кој сака, да тргне по патот на својот Господар.«

58. И потпри се на Живиот што не умира, и слави Го со славата Негова. И за Него е доволно тоа што е Известен за гревовите на робовите Свои:

59. Оној што ги создаде небесата и Земјата, и она што е меѓу нив, за шест дена, а потоа завладеа со вселената, Милостивиот. Па, прашај го известениот за Него!

60. И кога ќе им се рече: »Поклонете Му се на Милостивиот« – велат: »А кој е Милостивиот? Зар да му се поклониме за она што ни го наредуваш?« И се зголемува отуѓувањето нивно!

61. Возвишен е Он што на небото создаде созвездие во кое постави светилка и Месечина осветлена.

62. И Он е Оној што ги создаде ноќта и денот да се сменуваат, за оној што посакува да се опомене или кој, пак, посакува да се заблагодарува.

63. И еве кои се робовите на Милостивиот: оние што одат по земјата достоинствено, и кога неуките ќе им се обратат, велат »Мир!«

64. И оние што ги минуваат ноќите, поклонувајќи се и стоејќи пред Господарот свој,

65. и оние кои зборуваат: »Господару наш, оддалечи нè од казната џехеннемска.« Казната џехеннемска ќе биде, навистина, неминовна;

66. да, таа е лошо престојувалиште и утврдувалиште.

67. А, оние кои, кога трошат, тоа не го прават расипнички, и кои исто така не се скржави, туку заземаат средина,

68. и кои, освен на Аллах, не се молат на друг бог, и кои не убиваат никого за кого Аллах забрани, освен по правда... А оној што го прави ова, тој ќе вкуси казна.

69. Ќе му се удвои казната на Денот суден и во неа ќе биде за навек понижен,

70. освен оној што ќе се покае, кој верува и кој работи добро дело. На таквите Аллах ќе им ги промени нивните лоши дела со добри. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

71. А, оној што ќе се покае и што ќе сработи добро дело...па, тој, навистина, се враќа кон Аллах покајнички,

72. и оние што не сведочат лажно, и кога ќе поминат крај нешто што не ги занима, поминуваат достоинствено,

73. и оние на кои ќе им се спомнат ајетите на Господарот нивни, не остануваат ниту глуви ниту слепи;

74. и оние што зборуваат: »Господару наш, подари ни од жените наши и потомствата наши, радост во очиве, и одреди да бидеме водачи на богобојазливите!«

75. Бидејќи беа трпеливи, ќе бидат наградени со џеннетски соби и ќе се среќаваат во нив, ќе упатуваат поздрав и селам:

76. во нив за навек ќе останат. Е, само колку убаво ќе биде тоа престојувалиште и одморалиште!

77. Кажи: »Господарот мој ви е наклонет само поради молбите ваши. Да, тоа го порекнавте, па затоа казната е неминовна.«

# СУРА ЕШ-ШУАРА’

## Поети

Сура 26 - Мекка - 227 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Та, син, мим!**
2. Еве ајети од Книгата јасна!
3. Зар ќе се упропастиш затоа што не веруваат?
4. Кога би сакале, би им испратиле знамение од небо, па ќе ги наведнат вратовите пред него, понизни.
5. И ниедна нова опомена не им дојде од Милостивиот, а да не беа рамнодушни кон неа!
6. Да, лажеа, навистина! И сигурно е дека ќе им дојдат вести за она за што се исмејуваа.
7. Зар не гледаат на земјата? Па, колку видови благородни растенија Ние одредуваме да ‘ртат?
8. Во тоа, навистина, има знамение. А, мнозината од нив, навистина, не веруваат.
9. Да, Господарот твој е, токму, Оној што е Моќен и Сомилосен!
10. И кога Господарот твој го повика Муса: »Обрати му се на народот силнички!
11. Народот на фараонот, има надеж, да биде богобојазлив.«
12. Муса рече: »Господару мој, јас, навистина, се плашам да не ме сметаат за лажго,

13. да не ми се стеснат градиве и да не ми се закочи јазиков – испрати го Харун,

14. тие не ми мислат добро, па се плашам да не ме убијат.«

15. Аллах рече: »Никогаш! Одете двајцата со знамењата Наши. Да, Ние ќе бидеме со вас и ќе ве слушаме!«

16. Одете до фараонот, па речете му: »Ние сме, навистина, пејгамбери од Господарот на световите,

17. испрати ги со нас синовите Израилови!«

18. Фараонот рече: »Нели те воспитувавме меѓу нас додека беше дете, и нели остана меѓу нас доста години од животот?

19. И го направи она што го направи; ти го порекнуваш доброто.«

20. Муса рече: »Тоа го направив тогаш кога бев еден меѓу оние што скршнаа во заблуда!

21. И бидејќи се плашев од вас, побегнав и така Господарот мој ми подари мудрост и ме одреди да бидам меѓу пејгамберите.

22. Зар тоа е добротворството што ми го префрлуваш? Да не е тоа што ги направи робови синовите Израилови?«

23. Фараонот рече: »Кој е Господарот на световите?«

24. Муса рече: »Господарот на небесата и на Земјата и на она што е меѓу нив – само ако сте уверени.«

25. Фараонот на оние околу себе им рече: »Зар не слушате?«

26. Муса рече: »Господарот ваш и Господарот на предците ваши одамнешни.«

27. Фараонот рече: »Пејгамберот ваш, испратен до вас, е луд, навистина!«

28. Муса рече: »Господарот на Исток и на Запад и на она што е меѓу нив – само ако размислувате.«

29. Фараонот рече: »Ако прифатиш друг бог освен мене, сигурно, ќе те сместам меѓу затворениците.«

30. Муса рече: »Дали и тогаш ако ти донесам јасно нешто?«

31. Фараонот рече: »Па, донеси нешто такво ако вистина зборуваш!«

32. И Муса го фрли својот стап и тој, ете би змија вистинска.

33. И ја извади раката, а таа ете би бела за посматрачите!

34. И фараонот им рече на големците околу себе: »Овој, навистина, е упатен волшебник,

35. кој сака да ве истера со волшебништвото негово од земјава ваша. Па, што заповедате?«

36. Тие рекоа: »Продолжи му го рокот нему и на брат му и испрати по градовите да се соберат луѓе,

37. ќе ти доаѓаат со секакви извежбани волшебници.«

38. И тогаш воплшебниците се собраа на едно одредено место и во познат ден.

39. И на луѓето им беше речено: »Се собравте ли,

40. за да ги следиме волшебниците, ако тие победат?«

41. И кога стигнаа волшебниците, на фараонот го прашаа: »Зар ќе имаме некаква награда ако испаднеме победници?«

42. Фараонот рече: »Да, во тој случај, вие ќе бидете блиски до мене!«

43. И Муса им рече: »Фрлете го она што имате да го фрлите!«

44. И тие тогаш ги фрлија јажињата свои и стаповите свои, и рекоа: »Се колниме во неговото величесто, ние ќе испаднеме победници!«

45. Па, Муса го фрли стапот свој и кога ете – го проголта сѐ она што тие го изведоа.

46. И тогаш волшебниците се фрлија на земја, поклонувајќи се,

47. велејќи: »Веруваме во Господарот на световите,

48. Господарот на Муса и на Харун!«

49. Фараонот рече: »Зар ќе му поверувате пред да ви дозволам? Тој, навистина, е првенец меѓу вас што ве поучи во волшебништво? Па, ќе узнаете! Сигурно е дека ќе ви ги исечам и рацете ваши и нозете ваши накрстно, а сигурно сите ќе ве распнам!«

50. Тие рекоа: »Нема никаква штета. Да, ние, навистина, Му се обраќаме на Господарот наш!

51. Да, ние тежнееме Господарот наш да ни ги прости гревовите: да, ние сме првенци во верувањето!«

52. И еве што му објавивме на Муса: »Побрзај ноќе со робовите Мои; ќе бидете, навистина, следени!«

53. И фараонот, тогаш, испрати збирачи по градовите.

54. »Овие се дружина малкуброjна,

55. нѐ налутија, навистина,

56. а ние сме, пак, внимателни!«

57. И тогаш Ние ги изведовме од градините и од изворите,

58. и од ризниците и од престојувалиштата благородни.

59. И Ние одредивме да ги наследат синовите Израилови,

60. и ги следеа при изгрејсонце.

61. И кога двете дружини се здогледаа, следбениците на Муса рекоа: »Само што не нè стигнаа!«

62. Муса рече: »Никогаш! Со мене, навистина, е Господарот мој што ќе ме упати!«

63. Па, Ние на Муса му објавивме: »Удри со твојот стап на морето!« И, ете – морето се расцепи. И секој негов бран беше како голем рид!

64. И потоа другите Ние ги приближивме,

65. а Ние ги спасивме Муса и оние што беа со него,

66. а останатите Ние ги потопивме.

67. Во тоа, навистина, има знамение. Мнозината од нив, навистина, се неверници!

68. Да, Господарот твој е Оној што е Силен и Сомилосен!

69. И спомни им го кажувањето за Ибрахим,

70. кога го праша на бабо му и на народот свој: »Што обожавате?«

71. Тие одговорија: »Обожаваме кипови: постојано сме приврзани за нив!«

72. Ибрахим праша: »Зар ве слушаат кога ги повикувате, молејќи ги?

73. Или ви користат или, пак, ви штетат?«

74. Тие одговорија: »Да, ги затекнавме предците наши како го прават тоа.«

75. Ибрахим рече: »Гледате ли дека она што го обожавате

76. вие и предците ваши одамнешни...

77. дека се тоа непријатели мои, навистина? Но, не е непријател Господарот на световите!

78. Кој ме создаде и кој ме упати по патот вистински,

79. и Кој ме храни и Кој ми дава вода,

80. и Кој, кога ќе се разболам, ме лечи,

81. и Кој ќе ми ја земе душава и Кој пак ќе ме оживее,

82. и кон Кого копнеам да ми ги прости грешките на Денот суден.

83. Господару мој, подари ми размисла и придружи ме со добротворите,

84. и одреди ми за потомството јазик на искреноста,

85. и одреди да го наследам Џеннетот благословен,

86. и прости му на бабо ми; тој, навистина, е меѓу скршнатите во заблуда,

87. и не срамоти ме на Денот на оживувањето,

88. на Денот во кој нема да користат ниту имотот ниту синовите,

89. освен оној кому Аллах му даде здраво срце!«

90. А, кон богобојазливите, Џеннетот ќе се приближи,

91. а, кон скршнатите во заблуда, Џехеннемот ќе се приближи,

92. и ќе бидат прашани: »Каде се оние што ги обожававте,

93. освен Аллах? Дали тие ќе ви помогнат? Или: Зар можат себеси да си помогнат?«

94. Тие и скршнатите во заблуда ќе бидат фрлени во Џехеннем,

95. и сета војска на Иблис.

96. Во Џехеннем, карајќи се, ќе речат:

97. »Се колнеме во Аллах дека бевме, навистина, во заблуда очигледна,

98. кога ве изедначувавме со Господарот на световите,

99. и силниците само нè турнаа во заблуда,

100. и за нас нема посредници,

101. а ниту пак блиски пријатели.

102. Е, само кога би се вратиле, па да станеме верници!«

103. Во тоа, навистина, има знамение. Но, мнозината од нив не се верници.

104. Господарот твој, навистина, е Оној што е Силен и Сомилосен!

105. Народот на Нух ги сметаше за лажни пејгамберите.

106. Кога им рече братот нивни, Нух: »Зар нема да бидете богобојазливи?

107. Јас сум, навистина, ваш пејгамбер доверлив.

108. Па, плашете се од Аллах и бидете ми послушни!

109. Не сакам од вас за тоа никаква награда; наградата моја е во надлежност само на Господарот на световите.

110. Па, плашете се од Аллах и бидете ми послушни!«

111. Тие рекоа: »Зар да веруваме во тебе како што те следат презрените?«

112. Нух рече: »Не поседувам знаење за она што го работеа.

113. Нивното полагање сметка, навистина, му припаѓа само на Господарот мој. Е, кога би биле свесни!

114. И не е мое верниците да ги истерам.

115. Јас сум, навистина, само опоменувач јасен.«

116. Тие рекоа: »Ако не престанеш, о Нух, ќе бидеш сигурно еден меѓу каменуваните!«

117. Нух рече: »Господару мој, народот мој, навистина, ме смета за лажго.

118. Пресуди, тогаш, меѓу нас и меѓу нив, и спаси нè, мене и верниците што се со мене.«

119. Па, Ние го спасивме него и оние со него во бродот кој беше преполн,

120. а останатите Ние ги потопивме.

121. Во тоа, навистина, има знамение. Но, мнозината од нив се неверници!

122. И Господарот твој е Оној што е Моќен и Сомилосен!

123. И Ад ги сметаше за лажни пејгамберите.

124. Кога братот Худ им рече: »Зар нема да бидете богобојазливи?

125. Јас сум, навистина, пејгамбер ваш доверлив.

126. Па, плашете се од Аллах и бидете ми послушни!

127. И јас не барам од вас за тоа награда; наградата моја е кај Господарот на световите.

128. Зар ќе градите на секое ритче куќи, напразно?

129. И правите градби како никогаш нема да умрете,

130. а, кога казнувате, казнувате како силници.

131. Па, плашете се од Аллах и бидете ми послушни!

132. Плашете се од Оној што ви го даде она што го знаете,

133. Оној што ви даде добиток и синови,

134. и градини и извори.

135. Да, јас се плашам за вас од казната на Денот голем!«

136. Тие рекоа: »Дали ќе нè советуваш или, пак, нема да нè советуваш, нам, навистина, сеедно ни е.

137. Вакви беа само обичаите на народите одамнешни,

138. и ние нема да бидеме казнети.«

139. Па, ете го сметаа за лажго и Ние ги уништивме. Во тоа има, навистина, знамение. Но, мнозината од нив не се верници!

140. А, Господарот твој е Оној што е Силен и Сомилосен!

141. И Семуд ги сметаше за лажни пејгамберите,

142. кога братот нивни Салих им рече: »Зар нема да бидете богобојазливи?

143. Јас сум, навистина, пејгамбер ваш доверлив.

144. Па, плашете се од Аллах и бидете ми послушни!

145. И јас не барам од вас за тоа награда; наградата моја е кај Господарот на световите.

146. Ќе останете ли овде безбедни,

147. во градините и меѓу изворите,

148. во посевите и меѓу урмите со плодови зрели?

149. А, во ридовите длабите куќи, вешто!

150. Па, плашете се од Аллах и бидете ми послушни!

151. И немојте да ја слушате наредбата на оние што претеруваат,

152. кои сеат безредие по земјата и кои не воспоставуваат ред.«

153. Тие рекоа: »Ти си, навистина, еден меѓу опседнатите!

154. Ти си само човек како нас. Донеси, тогаш, знамение ако си меѓу искрените!«

155. Салих рече: »Еве камила, таа ќе пие на одреден ден и вие ќе пиете на одреден ден;

156. и не нанесувајте ѝ никакво зло, зашто ќе ве опфати казна на Денот голем!«

157. И тие ја заклаа камилата и веднаш се покајаа.

158. Па ги погоди казна. Во тоа има, навистина, знамение. Но, мнозината од нив не се верници!

159. И Господарот твој, навистина, е Силен и Сомилосен!

160. Народот на Лут ги сметаше за лажни пејгамберите.

161. Кога праша нивниот брат Лут: »Зар нема да бидете богобојазливи?

162. Јас сум, навистина, доверлив пејгамбер, испратен до вас.

163. Па, плашете се од Аллах и бидете ми послушни!

164. И јас не барам награда од вас за тоа; наградата моја е кај Господарот на световите.

165. Ќе ги земате ли мажите, за разлика од другите луѓе,

166. а ќе ги занемарувате ли жените ваши кои Господарот ваш ги создаде за вас. Но, вие сте народ престапнички!«

167. Тие рекоа: »Ако не престанеш, о Лут, сигурно ќе бидеш меѓу истераните.«

168. »Кога станува збор за постапката ваша, јас, навистина, се гадам.

169. Господару мој, спаси нѐ, мене и семејството мое од она што го прават!«

170. Па, Ние ги спасивме, него и семејството негово, сите,

171. освен една стара жена меѓу оние што ги покри прашина.

172. А, останатите Ние ги уништивме,

173. и по нив спуштивме дожд. Е, само колку беше лош тој дожд за опоменатите!

174. Во тоа, навистина, има знамение. Но, мнозината од нив се неверници.

175. И Господарот твој, навистина, е Оној што е Силен и Сомилосен!

176. И жителите на Ејка ги сметаа за лажни пејгамберите.

177. Кога Шуајб им рече: »Зар нема да бидете богобојазливи?

178. Јас сум, навистина, пејгамбер ваш доверлив.

179. Па, плашете се од Аллах и бидете ми послушни!

180. И јас не барам награда од вас за тоа; наградата моја е кај Господарот на световите!

181. И мерете на вага и не бидете меѓу крадливците!

182. А на кантарот мерете праведно!

183. И не скратувајте им ги на луѓето правата нивни и не ширете по земјата безредие!

184. Плашете се од Оној што ве создаде, вас и поколенијата одамнешни!«

185. Тие рекоа: »Ти си, навистина, еден меѓу опседнатите!

186. Ти си само човек како нас, и ние те сметаме за еден од лажговците.

187. Одреди да падне небото во парчиња врз нас, ако зборуваш вистина!«

188. - Рече: »Господарот мој најдобро го знае она што го работите.«

189. Па, го сметаа за лажго и ги снајде казна во еден облачен ден. Таа казна се случи, навистина, на голем ден.

190. Да, има знамение во тоа. Но, мнозината од нив се неверници.

191. Господарот твој е Оној што е Силен и Сомилосен!

192. Тоа е Куранот што го објави Господарот на световите;

193. го објави Џибрил доверлив

194. во срцето твое за да бидеш меѓу опоменувачите,

195. на јасен арапски јазик!

196. Тој е, навистина, спомнат во книгите одамнешни.

197. Зар не им е знамение тоа што за него знаат зналците од синовите Израилови?

198. А Ние да го објавевме на некој странец,

199. кој ќе им го читаше, и тогаш немаше да веруваат во него.

200. И ете, така Ние, заради тоа, го внесуваме порекнувањето на Куранот во срцата на неверниците,

201. така што не веруваат во него сè додека не ја видат казната болна,

202. па, таа ќе им дојде ненадејно, нема ни да ја почувствуваат;

203. па ќе речат: »Зар нема да ни се даде мала прилика?«

204. Зар бараат казната Наша да им дојде побрзо?

205. Што мислиш, ако ги оставиме да уживаат со години,

206. а потоа да им дојде она со што им се заканува?

207. Ништо нема да им остане од она во што уживаа!

208. Ние ниеден град не уништивме, а во него да немаше опоменувачи,

209. како опомена, зашто Ние не бевме неправедни,

210. и Опомената не ја објавуваат шејтаните;

211. не треба, а и не можат тоа да го направат:

212. оддалечени се, навистина, од прислушкувањето на опомената.

213. И не повикувај се на друг бог освен Аллах. Та, ќе бидеш меѓу казнетите!

214. И опомени ја роднината твоја, најблиските!

215. И биди љубезен и благ кон верниците што те следат!

216. Па, ако се непослушни кон тебе, кажи: »Јас сум, навистина, далеку од она што го правите!«

217. И потпри се на Силниот и Милостивиот,

218. Кој те гледа кога стануваш,

219. и кога се виткаш меѓу оние што се поклонуваат.

220. Он, навистина, е Слушач и Зналец!

221. Да ве известам ли за она што го објавуваат шејтаните?

222. Му доаѓаат на секој лажотворец и грешник.

223. Тие прислушкуваат, а мнозината од нив се лажговци.

224. Поетите ги следат оние кои лунsаат,

225. а зар не гледаш дека тие талкаат по пустините,

226. и го зборуваат, навистина, она што не го работат,

227. освен оние што веруваат и што работат добри дела, и што го спомнуваат Аллах многу и што се противставуваат на оние што им прават зло? А, оние што прават зло, тие ќе узнаат кон што, токму, се упатуваат!

# СУРА ЕН-НЕМЛ

## Мравки

Сура 27 - Мекка - 93 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Та, син!** Ова се ајети на Куранот и Книгата јасна,

2. патоказ и радосница за верниците,

3. кои клањаат намаз и кои даваат зекат и кои се убедени во оној свет.

4. На оние што не веруваат во оној свет, Ние им ги разубавуваме постапките, па талкаат;

5. оние на кои ќе им припадне казната болна и на оној свет, тие ќе бидат поразени.

6. Ти, навистина, го примаш Куранот од Мудриот и Зналецот!

7. Кога Муса на семејството свое му рече: »Почувствував оган; ќе ви донесам некаква вест од него или, пак, ќе ви донесам зажарено дрво за да се стоплите.«

8. И кога се приближи до огнот, повика: »Благословени нека се оние што се во огнот и оние околу него; славен нека е Аллах, Господарот на световите!

9. Муса! Јас сум, навистина, Аллах, Силен и Мудар!

10. И фрли го стапот твој!« И кога го погледна, тој почна да лази како змија, го сврти грбот и

повеќе не се врати. »О Муса! Не плаши се! Пејгамберите, навистина, не се плашат од Мене,

11. освен оној што ќе направи зло, а потоа злото ќе го замени со добро дело: Јас сум, навистина, Простувач и Сомилосен!

12. Стави ја раката твоја во џебот и ете – ќе ја извадиш бела, а не е заболена. Тоа е едно од деветте знамении на фараонот и народот негов. Тие се, навистина, луѓе расипнички!«

13. И кога им дојдоа знамењата Наши очигледно, рекоа: »Ова е јасно волшебништво!«

14. Ги пренебрегнуваа, а во себе ги признаваа, прчејќи се и силејќи се. Па, погледни каква беше казната за безредниците!

15. И на Давуд и на Сулејман Ние, навистина, им дадовме знаење, и двајцата рекоа: »Благодарение на Аллах што нè одликува над многуте Свои робови верници!«

16. И на Давуд го наследи Сулејман, и рече: »О луѓе! Поучени сме во јазикот на птиците и дадено ни е знаење од сè по нешто. Ова, навистина, е јасна благодат!«

17. И се собра кај Сулејман војската негова: составена од џинови, луѓе и птици, сите поредени.

18. И кога стигнаа до долината на мравките, една мравка рече: »О мравки! Влезете во живеалиштата ваши да не ве прегазат Сулејман и војските негови, незнаејќи!«

19. Па, Сулејман им се насмевна гласно на зборовите нејзини, велејќи: »Господару мој, поттикни ме да бидам благодарен на благодатот Твој со што ме благослови, мене и родителите мои, и да работам добри дела со кои ќе бидеш задово-

лен. И воведи ме со милоста Твоја меѓу Твоите добри робови.«

20. И тој отиде да изврши смотра врз птиците, и рече: »Што е со пупунецот? Не го гледам или е, пак, меѓу изгубените.

21. Па, не ми ни донесе јасен доказ; ќе го казнам со казна жестока или, пак, сигурно ќе го заколам.«

22. И не остана долго време, тој дојде и рече: »Го знам она што не го знаеш; ти доаѓам од Сабе со вест сигурна.

23. Таму видов една жена што владее со нив и ѝ е дадено од сè по нешто, а има и голем престол.

24. Ја видов неа и народот нејзин како му се поклонуваат на Сонцето, а не на Аллах; и Шејтанот им ги разубавува делата нивни и, ете така, ги одвраќа од патот и – неупатени се!«

25. Зар не Му се поклонуваат на Аллах што го вади она што е скриено на небесата и на Земјата, и што го знае и она што го криете и она што го обелоденувате?

26. Аллах! Нема друг бог освен Него! Господар на сè што постои!

27. Сулејман рече: »Ќе видиме дали вистина зборуваш или лажеш.

28. Оди со ова мое писмо; па, фрли го и оддалечи се од нив и погледни што ќе кажат едни на други!«

29. Таа рече: »О господа, фрлено ми е едно писмо благородно, навистина!«

30. Тоа е од Сулејман: »Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

31. Не правете се поголеми од мене и дојдете ми послушни!«

32. Таа рече: »О големци! Одговорете ми за оваа наредба упатена до мене; не можам да решам сè додека не посведочите!«

33. Тие рекоа: »Поседуваме и сила и моќ, но ти наредуваш. Размисли, тогаш, што ќе наредиш!«

34. Таа рече: »Да, кога владетелите ќе го освојат еден град, ќе направат метеж, и неговите угледни жители ќе ги потчинат. Ете, тие така прават!

35. Ќе им испратам, навистина, еден подарок и ќе чекам со што ќе се вратат испратените.«

36. И кога пратеникот дојде кај Сулејман, овој праша: »Зар да ме поткупите со богатство? Па, она што ми го даде Аллах, тоа е подобро од она што ви го даде вам. Но, вие се радувате на подарокот ваш.

37. Врати се кај нив! Па, ќе им дојдеме, тогаш, со војска на која нема да можат да ѝ се справат и од Сабе, сигурно, ќе ги истераме, потчинети и поразени.«

38. Сулејман рече: »О господа! Кој од вас ќе ми дојде со нејзиниот престол пред да ми дојдат потчинети?«

39. Еден од разгорените џинови, рече: »Јас ќе ти го донесам пред да се исправиш од местото каде што си. Јас сум за тоа, навистина, силен и доверлив!«

40. А, оној кај него што беше се стекнал со знаење од Книгата, рече: »Јас ќе ти го донесам пред да трепнеш со окото.« И кога го виде како е поставен, рече: »Ова е една од добрините на Господарот мој за да ме испроба: ќе бидам благодарен или нема да бидам благодарен.« А, оној што е благодарен, тој за себе е благодарен, а

оној што не е благодарен... па, Господарот твој, навистина, е Богат и Благороден!

41. И рече: »Изменете го изгледот на престолот нејзин, па ќе видиме дали ќе се упати или, пак, ќе биде од оние што не се упатуваат.«

42. И кога дојде ѝ беше речено: »Ова ли е твојот престол?« Таа рече: »Па, изгледа дека е тој. А, дадено ни е знаење и пред него; и ние сме послушни.«

43. Ја оддалечија оние што таа ги обожаваше освен Аллах. Таа беше, навистина, меѓу народот невернички!

44. И беше речено: »Влезете во дворaната!« И штом таа ја здогледа, веднаш помисли дека е вода длабока, и ја подигна доламата за да не се намокри. Сулејман рече: »Не, оваа дворана е поплочена со стакленки!« Таа рече: »Господару мој, јас, навистина, направив зло за себе; послушна сум, заедно со Сулејман, на Аллах, Господарот на световите!«

45. И Ние, навистина, го испративме до Семуд нивниот брат Салих: »Обожавајте го Аллах!« И тие, токму, се поделија во две дружини, спротиставени една на друга.

46. Салих рече: »О народе мој! Зошто брзате да ви дојде зло пред да ви дојде добро? Зошто не барате простување од Аллах за да ви се смилува?«

47. Тие рекоа: »Тебе и оние со тебе ве гледаме како лош предзнак.« Салих рече: »Предзнакот е кај Аллах. Вие сте народ кој се искушува.«

48. Во градот имаше девет луѓе што правеа безредие на земјава и не воспоставуваа ред.

49. Тие, колнејќи се во Аллах, рекоа: »Ќе го убиеме ноќе, него и семејството негово, сигурно! А, потоа на најблискиот по сродство ќе му речеме: – Не сме сведоци при убиството на семејството негово; ние, сигурно вистина зборуваме!«

50. Правеа сплетки а и Ние правевме сплетки, но тоа не го чувствуваа.

51. Па, погледни каква беше казната поради сплетките нивни. Ние ги уништивме, навистина, сите нив!

52. Ете, тоа им се куќите опустошени поради злото што го направија. Во тоа, навистина, има знамение за луѓето што знаат!

53. А, Ние, пак, ги спасивме оние што веруваа и што беа богобојазливи.

54. И кога Лут на народот свој му рече: »Зар ќе запаѓате во срамно дело, а тоа сами го гледате?

55. Зар вие ќе им приоѓате на мажите страствено, а не на жените. Па, вие сте луѓе кои не знаете!«

## Џуз 20

56. А, народот негов само му одговори: »Истерајте го семејството Лутово од вашиот град. Да, тоа се луѓе што се чистат!«

57. И тогаш Ние ги спасивме Него и семејството негово, освен жена му за која одредивме да биде од уништените.

58. И Ние спуштивме голем дожд врз нив. Е, само колку беше лош тој дожд за опоменатите!

59. Кажи: »Благодарение на Аллах и спас врз робовите Негови што Он ги избра.« Кој е подобар: Аллах или оние што Му ги здружуваат?

60. Аллах, Кој ги создаде небесата и Земјата и Кој ви спушти вода од небото, па со неа правиме да ‘ртат градини прекрасни во кои вие не можете да одредите да растат растенијата нивни. Зар има друг бог покрај Аллах? Не, тоа е народ што претерува!

61. Оној што ја одреди земјата за сигурно место и Кој, низ пробивите нејзини, определи да течат реки, и Кој, за неа, определи планини и, меѓу две мориња, преграда. Зар има друг бог освен Аллах? Но, мнозината од нив не знаат.

62. Оној што ќе му се одзвие на притиснатиот кога овој ќе Го замоли, Кој открива зло и Кој ве прави да ја наследите земјава? Зар има друг бог освен Аллах? Малкумина ве има кои разбирате!

63. Оној штој ве упатува низ темнините на копно и по море, и што ви ги испраќа ветровите како радосница, од милоста Своја... зар има друг бог освен Аллах? Аллах е високо над оние што Му ги здружуваат!

64. Оној што го започнува создавањето и што го возобновува, и Оној што ве снабдува и од небото и од земјата... зар има друг бог освен Аллах? Кажи: »Донесете ваш доказ ако сте искрени!«

65. Кажи: »Тајната што е на небесата и на Земјата ја знае само Аллах. И не знаат кога ќе бидат оживеани.

66. Зар тие да знаат нешто за оној свет? Тие се сомневаат во него; слепи се во однос на него.«

67. И неверниците зборуваат: »Кога ќе станеме земја, зар ќе бидеме, ние и предците наши, оживеани, навистина?«

68. Да, со ова ни се заканува нам како што им се закануваше и на нашите предци порано; ова се само прикаски одамнешни!«

69. Кажи: »Патувајте по земјата! Па, погледнете каква беше казната за силниците!«

70. И не жалости се поради нив и нека не ти се стеснува во градите заради сплеткарењето нивно!

71. И зборуваат: »Кога ќе се оствари ветувањето ако сте искрени?«

72. Кажи: »Можеби дел од она што го забрзувате ќе ви дојде.«

73. Господарот твој, навистина, е добар кон луѓето, но мнозината од нив не се заблагодаруваат.

74. Господарот твој сигурно го знае и она што го кријат градите нивни и она што го обелоденуваат.

75. И нема ништо скриено ни на небото ни на Земјата, а да не е внесено во Книгата јасна.

76. Овој Куран, навистина, им кажува на синовите Израилови за она за што тие, токму, стануваа деленици.

77. И Куранот, навистина, е патоказ и милост за верниците.

78. Господарот твој пресудува со Својот суд меѓу нив. Он е Силен и Зналец!

79. Па, потпри се на Аллах! Ти си, навистина, врз вистината јасна!

80. Да, ти не можеш да ги слушнеш умрените, а ниту, пак, можеш да ги слушнеш молбите на немите кога ќе го свртат грбот.

81. Не можеш, исто така, да ги упатиш и слепите, скршнати со своите заблуди. Можеш да ги повикаш само оние што веруваат во знамењата Наши, оние, послушните!

82. И кога ќе се случи казнувачкиот збор против нив, Ние ќе им извадиме животно од земјата што ќе им зборува дека луѓето, навистина, не беа уверени во знаменијата Наши.

83. И на Денот во кој Ние ќе збереме дружина од секој народ, меѓу оние што ги сметаа за лажни знаменијата Наши, тогаш тие ќе бидат поредени,

84. и штом таму ќе дојдат, Аллах ќе ги праша: »Зар ги сметавте за лажни знаменијата Мои без да ги согледате со знаење или, всушност, што е тоа што го работевте?«

85. И заради злото нивно ќе се случи казнувачкиот збор врз нив; нема да можат ниту да прозборат.

86. Зар не гледаат дека Ние, навистина, ја определивме ноќта за да се одморат во неа, а Денот го одредивме да биде очигледен? Ете, во тоа, навистина, има знаменија за луѓето што веруваат!

87. И Денот во кој ќе се дувне во Рогот... Па, ќе се испреплашат и оние на небесата и оние на Земјата, освен оние кои Аллах сака. И сите ќе му дојдат, понизни!

88. И ќе ги гледаш планините, мислејќи дека се неподвижни. Тие ќе се движат како што се движат и облаците. Создавањето е од Аллах, Кој ја усовршува секоја работа. Он, навистина, е Известен за она што го работите!

89. Оној што ќе дојде со добро, тој ќе има нешто уште подобро. Таквите на тој Ден ќе бидат поштедени од стравот.

90. А, оние што ќе дојдат со зло... па, со лицата свои ќе бидат фрлеви во огнот: »Се казнувате за она што го работевте!«

91. Наредено ми е, навистина, да Го обожавам Господарот на овој град што Он го направи свет. И сè што е – Негово е! Да, наредено ми е да бидам послушен,

92. и да го кажувам Куранот. Па, кој по патот е упатен, тој е упатен, навистина, за себе, а оној што во заблуда скршнал... па, кажи: »Еден сум, навистина, од опоменувачите.«

93. И кажи: »Благодарение на Аллах! Он ќе ви ги покаже знаменијата Свои...па, ќе ги препознаете. И Господарот твој не е рамнодушен кон она што го работите!«

# СУРА ЕЛ-КАСАС

## Кажувања

Сура 28 - Мекка - 88 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Та, син, мим!**

2. Ова се ајети од Книгата јасна.

3. Ти кажуваме некои од кажувањата, следејќи ја вистината, за Муса и фараонот, за луѓето што веруваат.

4. Фараонот, навистина, се прчеше по земјата и ги разединуваше нејзините жители во дружини, угнетувајќи ги некои дружини, колејќи ги синовите нивни и оставајќи ги во живот ќерките нивни. Тој, навистина, беше безредник!

5. И Ние посакавме да ги даруваме оние што се угнетени на земјата; ги поставиме за водачи и за да бидат наследници,

6. и ги зацврстувавме на земјата и правевме фараонот, Хаман и војските нивни да го здогледаат она од што тие, токму, стравуваа.

7. И ѝ вдахнавме на мајката на Муса: »Дој го! Па, кога ќе ти падне страв, фрли го в река, не стравувај и не тагувај! Ние, навистина, ќе ти го вратиме и ќе го одредиме да биде пејгамбер!«

8. И тогаш семејството на фараонот го најде и го зеде за да биде пријател нивни и грижа нивна. Фараонот и Хаман и војската нивна, навистина, беа грешници!

9. И жената на фараонот рече: »Радост за моево око и за твоето око! Не убивај го. Можеби ќе ни биде од корист или, пак, да си го посиниме.« И, при тоа ништо не почувствуваа!

10. И срцето на мајката на Муса веднаш стана празно; таа само што не го обзнани тоа. И Ние да не го зајакневме срцето нејзино, таа, навистина, ќе беше неверничка.

11. И таа ѝ рече на сестрата негова: »Следи го!« И ете, така таа го здогледа од далечина. И ништо тие не почувствуваа!

12. И од порано Ние му забранивме доилки. Таа, тогаш, рече: »Да ви ги покажам ли домаќините што ќе се грижат за него и што ќе го воспитуваат?«

13. Па, го вративме кај мајка му за да се зарадува окото нејзино, да не тагува и да знае дека ветувањето на Аллах, секако, е вистина, но ете, мнозината од нив не знаат!

14. И кога порасна и сјакна, Ние му дадовме мудрост и знаење. И ете, така ги наградуваме добротворите!

15. И влезе во градот кога жителите беа опуштени. Па, наиде на два човека што се тепаа. Едниот беше од неговата пријателска, а другиот од неговата непријателска дружина. И го повика во помош оној од дружината негова против оној од дружнината непријателска. И Муса го удри со рака и го усмрти, и рече: »Ова е дело шејтанско. Шејтанот, навистина, е непријател и скршнувач во јасна заблуда!«

16. Муса рече: »Господару мој, направив зло, навистина, за себе...па, прости ми!« И Он му прости. Он, навистина, е Простувач и Сомилосен!

17. И рече: »Господару мој, бидејќи ме опсипа со благодати, никогаш нема да бидам покрај силниците!«

18. И тој, тогаш, се најде во градот, плашејќи се и очекувајќи да биде казнет; и ете го оној што вчерадента бараше помош од него, како пак бара помош. Муса му рече: »Ти си, навистина, во заблуда јасна!«

19. Кога посака да го зграпчи оној што им беше и на двајцата непријател, човекот рече: »О Муса! Зар посакуваш да ме убиеш како оној што го уби вчера? Посакуваш, знам, да бидеш силник на земјава, а не посакуваш да бидеш меѓу оние што поставуваат ред.«

20. И пристигна еден човек од предградието, брзајќи, и рече: »О Муса! Главешините, навистина, се договараат да те убијат. Ти советувам да се иселиш.«

21. И Муса го напушти градот, исплашен, очекувајќи да му се случи нешто неочекувано. И рече: »Господару мој, спаси ме од народот силнички!«

22. И кога се упати во пресрет на Медјен, рече: »Господарот мој, можеби, ќе ме упати по патот вистински.«

23. И кога стигна до водата на Медјен, тука најде една дружина на луѓе што го напојуваа добитокот и виде две девојки настрана што ги држеа животните свои. И рече: »Каква мака имате вие две?« Тие рекоа: »Нема да го напоиме добитокот додека не одат овчарите. А, бабо ни е стар човек.«

24. И тогаш го напои добитокот нивни, а потоа се засолни под една сенка и рече: »Господару мој, јас, навистина, имам потреба од какво и да е добро што ќе ми го подариш.«

25. И тогаш едната од нив му се приближи и, срамејќи се, рече: »Те вика бабо за да те награди, зашто ни го напои добитокот.« И кога дојде кај него и кога му ја изнесе сторијата, рече: »Не плаши се, се спаси од народот силнички!«

26. Едната од нив рече: »О бабо! Изнајми го. Најдобро, навистина, е да изнајмиш јак и доверлив човек!«

27. Тој рече: »Сакам да те венчам со едната од двете мои ќерки. Треба да работиш кај мене осум години, па ако наполниш десет, а тоа од тебе зависи, а не сакаш да те присилам на тоа, ќе видиш дека сум, ако Аллах даде, добар.«

28. Муса рече: »Ете, тоа е меѓу мене и меѓу тебе. И кој било рок да го исполнам, нема против мене никаков укор. А, за ова што го зборуваме, Аллах е Сведок.«

29. И кога Муса го исполни рокот, тргна со семејството свое, здогледа оган на едната страна од ридот Тур, и му рече на семејството свое: »Застанете, здогледав оган; можеби ќе ви дојдам од него со некаква вест или со вжарено дрво за да се стоплите.«

30. И кога се приближи до огнот, некој го повика од десната страна на долината, од крајот благословен, од дрво: »О Муса! Јас сум, навистина, Аллах, Господарот на световите!

31. И фрли го твојот стап.« И кога виде како лази како лукава змија, се сврте и не погледна наназад. – »О, Муса! Приближи се и не плаши се. Ти си, навистина, меѓу безбедните!

32. Стави ја раката во твојот пазув: и, ете ќе стане бела, а не е заболена, и стави ја раката стисната на градите за да не се уплашиш. Ете, два доказа од Господарот твој за фараонот и големците негови. Тие се, навистина, народ расипнички.«

33. Муса рече: »Господару мој, јас, навистина, убив еден од нив, и се плашам да не ме убијат.

34. И брат ми Харун појасно зборува... па, испрати го со мене да ми помогне, да го потврди она што јас го зборувам: се плашам, навистина, да не ме сметаат за лажго.«

35. Аллах рече: »Ќе ја зајакнеме твојата положба со брат ти и на двајцата ќе ви дадеме моќ и нема да можат да ви се приближат. Со знаменијата Наши, вие, и оние што ќе ве следат, ќе бидете победници.«

36. И кога Муса им дојде со Нашите јасни знаменија, рекоа: »Ова е само смислено волшебништво. Вакво нешто не сме чуле од предците наши одамнешни!«

37. И Муса рече: »Господарот мој најдобро го знае оној што ќе дојде со патоказ од Него, и чија ќе биде победата на овој свет. Силниците, навистина, нема да успеат!«

38. И фараонот рече: »О господо! Не знам дека имате друг бог освен мене. Запали го огнот за тули, о Хамане, а потоа сосидај за мене една кула за да се вишнам кон богот на Муса, зашто мислам дека тој лаже!«

39. И тој се прчеше по земјата, фараонот, а и војската негова, силнички! И навистина мислеа дека нема да Ни се вратат!

40. И тогаш Ние ги пофаќавме фараонот и војската негова и ги фрливме в море. Та, погледни каква беше казната за силниците!

41. И Ние ги одредивме да бидат водачи што ќе повикуваат кон огнот. А, на Денот суден нема да им се помогне.

42. И проклетството Наше ги следеше на овој свет, а на Денот суден ќе бидат меѓу поразените.

43. И на Муса, навистина, Ние Книга му дадовме по уништувањето на поколенијата одамнешни – светлина за луѓето, и патоказ и милост за да се опоменат.

44. И не беше на западната страна кога на Муса Ние му објавивме наредба, а не беше ни сведок.

45. Но, многу поколенија Ние создадовме и животот им го продолживме. И ти не беше присутен меѓу жителите на Медјен да им ги кажуваш ајетите Наши; но Ние испраќавме пејгамбери.

46. И не беше покрај Тур кога Ние го повикавме. Но, еве милост од Господарот твој, за да го опоменеш народот на кој не му беше дојден опоменувач пред тебе, за да се опоменат.

47. И да не речат – штом ќе ги снајде казната за она што им го направија рацете – : »Господару наш, зошто не ни испрати пејгамбери? Па, ќе ги следевме ајетите твои и ќе бевме верници!«

48. И кога им дојде вистината од Нас, рекоа: »Зошто не му е дадено нешто слично на она што му е дадено на Муса? Зар оние не го порекнуваа она што му е дадено на Муса од порано?« Тие рекоа: »Две волшебништва што се поддржуваат едни со други.« Зборуваат: »Не веруваме во ништо од тоа!«

49. Кажи: »Донесете, тогаш, од страна на Аллах, Книга што подобро ќе упатува од Теврат и од Куран. Би ја следел само ако вистина зборувате.«

50. Па, ако не ти се одзвијат, тогаш знај дека, навистина, тие си ги следат страстите. А, кој повеќе скршнал во заблуда од оној што ја следи страста своја, кој е без патоказ од Аллах? А, Аллах, навистина, не го упатува народот силнички!

51. И Ние, навистина, им испраќавме реч постапно, за да се опоменат.

52. Оние на кои им е дадена Книгата пред Куранот, тие, токму, веруваат во него.

53. И кога им се кажува, зборуваат: »Верувавме во него. Тоа, секако, е вистина од Господарот наш. Ние и пред него бевме послушни.«

54. Ќе си ја добијат двојната награда: беа трпеливи, за злото возвраќаа со добро и делеа од богатството што Ние им го дадовме.

55. А, кога, пак, ќе слушнат бесмислица, рамнодушни се кон неа, и велат: »Нам делата наши, а вам делата ваши. Мир врз вас! Не ни требаат неуките!«

56. Ти, навистина, не го упатуваш оној кого сакаш, туку Аллах упатува кого сака. Он најдобро ги знае упатените!

57. И зборуваат: »Ако го следиме со тебе патоказот, ќе бидеме истерани од земјава наша.« Нели ги населивме во светата земја, безбедна, од која никнат плодови од сè, како плод Наш? Но, мнозината од нив не знаат!

58. И колку градови Ние уништивме чии жители живееја раскошно! Па, ете ги живеалиштата нивни во кои, по нив, беа само малкумина населени. Ние, токму, ги наследивме!

59. Господарот твој не ги уништи градовите додека на жителите не им испрати пејгамбер којшто ќе им ги кажува ајетите Наши. И Ние не ги уништивме градовите, а жителите нивни да не беа силници!

60. И сè што ви е дадено е само уживање во животот на овој свет, и негов е украс. А, она што е кај Аллах е – подобро и потрајно. Зар нема да се вразумите?

61. Зар оној кому му ветивме убава награда што ќе ја добие е еднаков со оној кому му дадовме да ужива во животот на овој свет, а на Денот суден ќе биде меѓу предводниците во Џехеннемот?

62. На Денот во кој Он ќе ги повика, па ќе праша: »Каде ви се здруженицитe Мои што ги измислувавте?«

63. Оние врз кои ќе се овистини зборот казнувачки, ќе речат: »Господару наш, еве ги оние што ги скршнавме во заблуда: ги скршнавме затоа што бевме скршнати во заблуда. Еве пред Тебе се откажуваме од нив. Не нè обожаваа!«

64. И ќе биде речено: »Повикајте ги божествата ваши.« Ќе ги повикаат, но нема да им се одзвијат. И ќе ја здогледаат казната. Е, да беа меѓу упатените!

65. А, на Денот во кој ќе ги повика, ќе рече: »Што им одговоривте на пејгамберите?«

66. На тој Ден нема да ги разберат добрите вести за нив; ниту ќе поставуваат прашања едни на други.

67. Па, оној што се кае, кој верува, кој работи добро... тој ќе биде спасен.

68. И Господарот твој создава што сака и избира што сака. Оние немаат избор. Славен е Аллах и Возвишен, над она што Му Го здружуваат.

69. Господарот твој го знае и она што го кријат градите нивни и она што го обелоденуваат.

70. Он е Аллах! Нема друг бог освен Него. Благодарноста е – само Негова! И на овој свет и на оној свет. Пресудата, исто така, е – само Негова. И Нему ќе Му се вратите!

71. Кажи: »Кажете ми – ако Аллах реши ноќта да потрае до Денот суден – кој друг бог освен Аллах ќе ви даде светлина? Зар не слушате?«

72. Кажи: »Зар не гледате дека – ако Аллах реши денот да потрае до Денот суден – кој друг бог освен Аллах ќе ви овозможи да се одморите во ноќта? Зар не гледате?«

73. И Он ви ги определи од милоста Своја и денот и ноќта за да се одморите во ноќта, и за да ја посакувате добрината Негова, и за да бидете благодарни.

74. И Денот во кој Он ќе ги повика... Потоа ќе ги праша: »Каде се здруженицте Мои што ги измислувавте?«

75. И Ние ќе извадиме по еден сведок од секој народ, па ќе им речеме: »Донесете ги доказите ваши!« Ќе узнаат дека вистината е – Аллахова, и ќе се оддалечат далеку од нив оние што ги измислуваа.

76. Карун, навистина, беше од народот на Муса, а потоа, веднаш, им направи насилство. И Ние му дадовме ризници на богатство чии клучеви не можеше да ги подигне ниту цврста дружина на мажи. И кога народот негов му рече: »Не прчи се. Аллах, навистина, не ги сака оние што се прчат!

77. И посакувај го она што Аллах ќе ти го даде во Куќата оносветска. Но, не заборавај го делот твој и на овој свет. И биди добар како што Аллах е добар кон тебе. И не посакувај безредие на земјава! Аллах, навистина, не ги сака безредниците!«

78. Карун рече: »Да, имотот што ми е даден го стекнав со мое знаење.« Зар не знаеше дека Аллах, навистина, уништи пред него многу поколенија, кои беа појаки од него, и кои збираа и повеќе? А, силниците нема да бидат ниту прашувани за гревовите свои.

79. Тој излезе меѓу народот свој, со сиот украс свој. Оние, кои го посакуваа животот на овој свет, рекоа: »Е, кога би имале нешто слично на она што му е дадено на Карун! Он, навистина, има среќа голема!«

80. Оние на кои им е дадено знаење, зборуваа: »Тешко вам! Наградата на Аллах е подобра, навистина, за оној што верува и што работи добро.« Ќе ја постигнат само трпеливите!

81. И Ние, тогаш, ги турнавме в земја него и куќата негова. Никаква дружина, освен Аллах, не можеше да му помогне, и немаше никој што ќе го поддржи.

82. А, оние што посакуваа вчерадента да бидат на негово место, зборуваа: »Извесно е дека Аллах дава богатство кому сака од робовите Свои. Он, исто така, определува. Да нѐ одликуваше Аллах со тоа, ќе бевме и ние турнати в земја.« И сигурно е дека неверниците нема да успеат.

83. Куќата оносветска Ние ја одредивме за оние што не сакаат да се прчат и да прават безредие на земјава. Ете, тоа е награда за богобојазливите.

84. Кој ќе дојде со добро, тој ќе има уште подобро од тоа, а кој ќе дојде со зло... па, нема да бидат наградени оние што работеа злодела. Ќе им припадне само она што го работеа.

85. Оној што ти го пропишува Куранот, навистина, ќе те врати на оној свет. Кажи: »Господарот мој најдобро го знае оној што оди по патоказот и оној што оди по беспаќето очигледно!«

86. Ти воопшто не се надеваше дека Аллах ќе ти објави Книга како милост од Господарот твој. И никако немој да бидеш заднина на неверниците!

87. По Книгата објавена до тебе сигурно нема да те одвратат од ајетите на Аллах. Моли Го Господарот твој! И немој никако да бидеш од многубожците!

88. И не моли се на друг бог освен Аллах! Нема друг бог освен Него! И, сè ќе пропадне, освен Него. Пресудата е – Негова и Нему ќе Му се вратите.

# СУРА ЕЛ-АНКЕБУТ

## Пајажина

Сура 29 - Мекка - 69 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Елиф, лам, мим!**

2. Зар мислат луѓето дека ќе бидат оставени да речат »веруваме«, а да не бидат ставени во искушение?

3. Ние ги ставивме во искушение и оние пред нив. Аллах сигурно ги познава добро оние што вистина зборуваат и оние што лажат,

4. или зар мислат оние што работат злодела дека ќе Ни се скријат? Е, само колку е лош начинот на кој просудуваат!

5. Оној што се надева на средбата со Аллах...та, Часот од Аллах ќе дојде. Он слуша сè и знае сè!

6. А, оној што се бори...та, се бори за себе. Аллах, навистина, е Независен од световите!

7. А, на оние што веруваат и што работат добри дела Ние сигурно ќе им ги отстраниме грешките и ќе ги наградиме со најдобра награда за она што го работеа.

8. И Ние го задолживме човекот да се однесува убаво кон родителите свои. А, ако се трудат да Ми припишуваат здруженик, а ти да не знаеш за тоа, тогаш немој да ги слушаш. Враќањето

ваше води кон Мене, па јас ќе ве известам за она што го работевте.

9. А, оние што веруваат и што работат добри дела, нив, Ние ќе ги воведеме меѓу добрите.

10. Меѓу луѓето има и такви што зборуваат: – »Веруваме во Аллах« – а кога ќе им се случи незгода по патот на Аллах, мислат дека сплетката на луѓето е како казната на Аллах. А, ако им дојде победа од Господарот твој, сигурно ќе речат: »Ние, навистина, бевме со вас!« Зар Аллах не е Оној што добро го знае она што е во градите на луѓето?

11. И Аллах, навистина, ги знае оние што веруваат, а ги знае и дволичните!

12. Оние што не веруваат на оние што веруваат им велат: »Следете го нашиот пат, зашто ќе ги понесеме гревовите ваши!« Оние не можат да понесат ниеден грев; лажговци се, навистина!

13. Ќе го понесат сигурно својот товар, а и товарот покрај други товари свои. А, на Денот суден, ќе одговараат за она што го сплеткареа.

14. Ние го испративме Нуха до народот негов, и тој остана меѓу нив педесет помалку илјада години. Па им се случи потоп, зашто беа неверници.

15. Па, Ние ги спасивме Нуха и луѓето на бродот, а бродот одередивме да биде знамение за луѓето.

16. И Ибрахима, исто така, кога на народот свој му рече: »Обожавајте Го Аллах и плашете се од Него. Ете, тоа ви е подобро ако знаете.

17. Вие ги обожававте киповите, а не Аллах, навистина! И лажете. Оние што, навистина, обожаваат друг бог, освен Аллах, тие не поседу-

ваат храна за вас. Та, од Аллах посакувајте храна; обожавајте Го и бидете Му благодарни. Нему ќе Му се вратите!«

18. А, ако го сметате за лажго... та, и народите пред вас ги сметаа пејгамберите за лажговци. Пејгамберот е должен само да извести јасно!

19. Зар не гледаат како Аллах го започнува создавањето и како го возобновува? Ете, тоа за Аллах е лесно, навистина!

20. Кажи: »Патувајте по земјата, па погледнете како започна создавањето. Потоа Аллах пак ќе го возобнови созданието на Денот суден.« Аллах, навистина, е Кадар за сè!

21. Он казнува кого сака и Он се смилува кому сака; и Нему ќе Му се вратите!

22. Нема да можете да ја избегнете казната ниту на Земјата ниту на небото. Вие, освен Аллах, немате ниту заштитник ниту поддржник!

23. Оние што не веруваат во знаменијата на Аллах и во средбата со Него...тие не тагуваат за милоста Моја; за нив има казна болна!

24. Одговорот на народот на Ибрахим беше: »Убијте го или фрлете го во оган!« Па, Аллах го спаси од огнот. Ете, во тоа, навистина, има знаменија за луѓето што веруваат.

25. И Ибрахим рече: »Да, вие прифативте други божества, освен Аллах, заради наклонетоста едни кон други во животот на овој свет. Потоа, на Денот суден, нема да признаваат едни на други, ќе се проколнуваат едни на други – а огнот е престојувалиштето ваше. Нема да имате никакви поддржници!«

26. И Лут му поверува, а Ибрахим рече: »Јас, навистина, ќе се иселам на патот од Господарот мој. Он, навистина, е Силен и Мудар!«

27. И Ние му ги подаривме Исхак и Јакуб, а на потомството негово му дадовме и пратеништво и Книга. И го наградивме на овој свет, а на оној свет тој ќе биде, навистина, меѓу добрите!

28. И кога Лут на народот свој му рече: »Вие, навистина, правите срамно дело со кое никој пред вас не претходеше.

29. Зар на мажите ќе им пристапувате, и патиштата ќе ги пресечувате, и зар на состаноците ќе правите срамно дело?« Одговорот нивни беше само следното тврдење: »Дај да ни се случи казната на Аллах ако вистина зборуваш!«

30. Лут рече: »Господару мој, помогни ни против народот безреднички!«

31. И кога Нашите гласници му дојдоа на Ибрахим со радосница, рекоа: »Да, ние ќе ги уништиме жителите на овој град. Жителите негови, навистина, се силници!«

32. Ибрахим рече: »Во него живее Лут.« Тие рекоа: »Ние најдобро знаеме кој живее во него. Ќе го спасиме него и семејството негово, но не и жена му, зашто таа ќе биде меѓу казнетите.«

33. И кога Нашите гласници му дојдоа на Лут, почувствува непријатност; се затресе. И рекоа: »Не плаши се и не тагувај! Тебе и семејството твое, навистина, ќе ве спасиме, но не и жена ти која, всушност, ќе биде меѓу казнетите!«

34. Да, на жителите од овој град ќе ги казниме од небо заради пакоста што ја правеа.

35. Ние задржавме јасно знамение за него за луѓето што сфаќаат.

36. И до Медјен дојде братот нивни, Шуајб, па рече: »О народе мој! Обожавајте Го Аллах,

очекувајте го Денот оносветски и не сејте безредие по земјата!«

37. Па, го сметаа за лажго и, ете ги погоди земјотрес: си останаа во домовите, скаменети!

38. И Ад и Семуд, исто така! Да, ви стана јасно она што се случи со живеалиштата нивни. И Шејтанот им ги разубави делата нивни и ги одврати од патот, а беа островидни.

39. И Карун, и фараонот и Хаман, исто така! Им дојде Муса со јасни докази, и по земјата се прчеа, а казната не ја избегнаа.

40. Да, Ние ги казнивме заради гревовите негови. На некои од нив Ние им испративме страшен глас, на некои од нив им испративме силен глас, а некои од нив, пак, ги турнавме в земја, а некои, пак, ги потопивме. Но, Аллах никаков зло не им направи, туку самите зло си направија!

41. Оние што прифатија други заштитници, освен Аллах, се слични на пајажина што си го плете домот. А најслабиот дом, навистина, е домот на пајажината. Е па, нека знаат!

42. Да, Аллах ги знае оние што се молат на нешто друго, а не на Аллах. Он е Силен и Мудар!

43. И Ние ти ги изнесуваме овие примери за луѓето. И само зналците ги сфаќаат.

44. Аллах ги создаде небесата и Земјата со вистина. Ете, во тоа, навистина, има знамение за верниците!

45. И кажувај го она што ти се објавува од Книгата и клањај намаз. Намазот, навистина, те одвраќа од пакост и срамно дело. Спомнувањето на Аллах, секако, е најголема послушност. Аллах го знае она што го правите!

## Џуз 21

46. И расправајте со Следбениците на Книгата само на најдобар начин, но не и со оние меѓу нив што се неправедни. И кажете: »Веруваме и во она што ни се објавува и во она што ви се објавува. И нашиот и вашиот Бог е еден Бог; ние сме му само Нему послушни.«

47. Ете, така Ние ти ја објавивме Книгата како што објавивме и порано. Па, оние на кои им објавивме Книга веруваат во неа. И меѓу овие тука, исто така, има кои веруваат во Куранот. А, за ајетите Наши расправаат само неверниците.

48. Ти пред неа не кажуваше ниту една Книга, а не ја пишуваше ниту со твојата десна рака, зашто, во тој случај, ќе се посомневаат оние што зборуваат невистина.

49. Книгата ја сочинуваат ајетите јасни во градите на оние со знаењето што им е дадено. И за ајетите Наши расправаат само неверниците.

50. И зборуваат: »Зошто не му се објавуваат знаменија од Господарот негов?« Кажи: »Знаменијата се, навистина, кај Аллах. Јас сум само опоменувач јасен!«

51. Зар не се задоволуваат со тоа што Ние ти објавивме Книга што им се кажува? Ете, во тоа, навистина, има милост и опомена за луѓето што веруваат!

52. Кажи: »Аллах е доволен Сведок меѓу мене и меѓу вас. Го знае и она што е на небесата и она што е на Земјата.« Оние што веруваат во

неисправното и што не веруваат во Аллах, тие, токму, ќе бидат поразени.

53. И оние посакуваат од тебе што побрзо да им дојде казната. А, да нема рок определен, казната, навистина, ќе им дојдеше. И ненадејно ќе им дојде, а нема ни да почувствуваат.

54. И оние посакуваат од тебе што побрзо да им дојде казната. А, Џехеннемот, навистина, ќе ги опфати неверниците:

55. на Денот кога ќе ги обземе казната и над нив и под нив, и кога ќе рече: »Искусете го она што го работевте!«

56. Робови мои, вие кои верувате, Земјата Моја е широка – та, само Мене обожавајте Ме!

57. Секој човек ќе ја проба смртта. Потоа Нам ќе ни се вратите.

58. А, оние што веруваат и што работат добри дела, ќе ги известиме дека во Џеннетот има градби покрај кои течат реки и во нив за навек ќе останат. Е, само колку е убава наградата за трудољубивите:

59. оние што беа трпеливи и што се потпираа на Господарот свој.

60. И колку животни има што не си ја наоѓаат храната? Аллах ве храни и нив и вас. Он слуша сѐ и знае сѐ!

61. А, кога, пак, би ги прашал: »Кој ги создаде небесата и Земјата, и кој ги потчини Сонцето и Месечината« – сигурно ќе речат: »Аллах!« Па, тогаш каде кинисуваат?!

62. Аллах дава богатство изобилно кому сака од робовите Свои и Он кому сака скратува. Аллах, навистина, знае сѐ!

63. А, кога, пак, би ги прашал: »Кој спушта вода од небо, со која ја оживува земјата по мртвилото нејзино?« Сигурно ќе речат: »Аллах!« Кажи: »Благодарение на Аллах!« Но, мнозината од нив не сфаќаат.

64. Животот на овој свет е само игра и забава; животот во Куќата оносветска, навистина, е вистинскиот. Е, кога би знаеле!

65. Кога ќе се качат во лаѓа, Го молат Аллах, чисто, исповедувајќи ја верата, а кога ќе ги изведе на копно, ете Му припишуваат здруженик,

66. за да бидат незаблагодарни за она што Ние им го дадовме, и за да уживаат; па, ќе узнаат!

67. Зар не гледаат дека Ние Хрмот го направивме безбеден? Луѓето околу нив се крадат едни други. Па, зар во заблудата веруваат, а не го признаваат благодатот на Аллах?

68. И кој е поголем злосторник од оној што измислува лага за Аллах, или што ја смета за лажна вистината, а веќе таа им дојде? Нели во Џехеннемот е престојувалиштето за неверниците?

69. А, оние што се борат поради Нас, нив, Ние ќе ги упатиме по патиштата Наши. Аллах, навистина, е со добротворите!

# СУРА ЕР-РУУМ
## Византијци

Сура 30 - Мекка - 60 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Елиф, лам, мим!**
2. Византијците се победени,
3. во земјата соседна: по поразот нивни ќе победат
4. за неколку години. Наредбата е – Аллахова и пред тоа и по тоа. На тој Ден верниците ќе ѝ се радуваат на победата,
5. на помошта на Аллах. Он помага кому сака. Он е Силен и Сомилосен!
6. Ветувањето е – Аллахово. А, Аллах не го изневерува ветувањето Свое. Но, мнозината на луѓето не знаат!
7. Ја знаат само надворешноста на животот на овој свет, а кон оној свет се рамнодушни!
8. Зошто не размислуваат за самите себе? Она што Аллах го создаде и на небесата и на Земјата, и она меѓу нив, го создаде само со вистина и до определен рок. Мнозината на луѓето, навистина, не веруваат во средбата со Господарот свој!
9. Зошто не патуваат по земјата, па да видат каква беше казната за оние пред нив? Беа појаки од нив: ја ораа земјата и ја обработуваа повеќе

отколку што тие ја ораат и обработуваат. И им доаѓаа пејгамберите нивни со јасни докази. Аллах, навистина, не им нанесе зло, туку самите за себе зло си направија!

10. Потоа настапи казна за оние што правеа лоши дела, кои ги сметаа за лажни знамењата на Аллах и кои ги исмејуваа.

11. Аллах го започнува создавањето, а потоа го возобновува. А потоа кај Него ќе се вратите!

12. И на Денот кога ќе настапи Часот, силниците ќе изгубат надеж.

13. И нема да имаат посредници од божествата свои. Неверници се, токму, заради здруженицте нивни!

14. И на Денот кога ќе настапи Часот...тогаш луѓето ќе се разделат едни од други.

15. А, што се однесува на оние што веруваа и што работеа добри дела... па, тие во Ценнетот ќе се радуваат!

16. А, што се однесува на оние што не веруваат... ги сметаа за лажни ајетите Наши и средбата на оној свет...па, тие ќе бидат казнети.

17. Па, нека се слави Аллах и при легнувањето ваше, ноќе, и при станувањето ваше, дење,

18. благодарноста Нему му припаѓа и на небесата и на Земјата, и приквечерина и напладне.

19. Он од мртво вади живо, а од живо вади мртво, и Он ја оживува земјата по мртвилото нејзино. И, ете така ќе бидете оживеани!

20. А, меѓу знамењата Негови е и тоа што Он ве создаде од земја, а потоа, ете станавте луѓе растурени насекаде.

21. А, од знамењата Негови е и тоа што Он од вас создаде жени за да се смирите покрај нив. И

определи љубов и милост меѓу вас. Ете, во тоа, навистина, има знаменија за луѓето што размислуваат!

22. А, од знаменијата Негови е и создавањето на небесата и на Земјата, и различието на јазиците ваши и боите ваши. Ете, во тоа, навистина, има знаменија за зналците.

23. А, од знаменијата Негови е и спиењето ноќе и дење, и стремежот ваш да добиете од добрината Негова. Ете, во тоа, навистина, има знаменија за луѓето што слушаат.

24. А, од знаменијата негови е и тоа што Он ви ја покажува молњата за да се уплашите и да се надевате, и Он ви спушта вода од небо, па со неа ја оживува земјата по нејзината опустошеност. Во тоа, навистина, има знаменија за луѓето што умуваат.

25. А, од знаменијата Негови е и тоа што Он ги одржува и небото и Земјата со наредбата Своја. А потоа, штом ќе ве повика од земјата со еден повик, ете, ќе се појавите!

26. И она на небесата и она на Земјата е – Негово; и сè Нему Му е потчинето!

27. И Он е Оној што го започнува создавањето а потоа го возобновува. Ова е најлесно за Него. Највисокиот пример и на небесата и на Земјата е – Неговиот. Он е Силен и Мудар!

28. Од вас самите, за вас, Он ви донесува пример. Зар имате здруженици меѓу оние што се во ваши раце, во богатството што Ние ви го дадовме? Па, зар се еднакви во тоа, и зар се плашите од нив како што се плашите едни од други? И ете, така Ние потенко ви ги објаснуваме знаменијата за луѓето што умуваат.

29. Но, тие кои направија зло, си ги следат желбите без знаење. Па, кој ќе ги упати оние што Аллах ги скршна во заблуда? И тие немаат поддржници!

30. Па, исправи го лицето свое кон чистата вера, кон Аллаховата вера со која ја создаде природата на луѓето. И нема измена во создавањето на Аллах. Ете, таа вера е вистинската вера, но мнозината на луѓето не знаат.

31. Бидете оддадени на Аллах, плашете се од Него, клањајте намаз и немојте да бидете меѓу многубошците,

32. меѓу оние што ја поделија верата своја и што станаа деленици. И секоја странка е радосна заради она што го поседува.

33. И кога на луѓето ќе им се случи некаква неволја, Го молат Господарот свој, приклонувајќи Му се. А, потоа, кога ќе им даде да ја вкусат милоста Негова... ете, една дружина меѓу нив Му припишува здруженик на Господарот свој,

34. за да бидат незаблагодарни за она што Ние им го дадовме. Но, уживајте, па ќе узнаете!

35. Или: зар им испративме доказ што им зборуваше за она за што тие Му припишуваат здруженик?

36. И кога Ние ќе испратиме луѓето да ја вкусат милоста, се радуваат на неа, а ако им се случи некакво зло, поради она што го направија рацете нивни, ете ги како очајуваат.

37. Зар не гледаат дека Аллах дава богатство кому сака и дека Он скратува кому сака? Ете, во тоа, навистина, има знамења за луѓето што веруваат.

38. Па, дај му го на ближниот правото негово, и на сиромавиот, и на патникот...Тоа е подобро за

оние што го посакуваат задоволството на Аллах. Таквите се, токму, спасени!

39. Она што го давате заради корист, за да донесе корист од имотот на луѓето...та, кај Аллах, не се зголемува. А она што го давате како зекат, посакувајќи го задоволството на Аллах...та, тоа, ете за нив ќе се удвои.

40. Аллах е Оној што ве создава, а потоа ве снабдува, а потоа ќе одреди да умрете и, конечно, ќе ве оживее. Дали меѓу божествата ваши, меѓу вас, има некое што ќе направи такво нешто? Нека биде Славен и Возвишен Аллах, Он е над она што Му Го здружуваат!

41. Се појави безредие и на копно и на море, токму, заради она што го направија рацете на луѓето, за да го вкусат нередот некои поради она што го направија; можеби ќе се поправат.

42. Кажи: »Патувајте по земјата и гледајте каква беше казната за оние од порано. Мнозината од нив, навистина, беа многубошци!«

43. Па, сврти го лицето твое кон верата вистинска пред да настапи Денот, кој никој не може, поради Аллах, да го избегне. На тој Ден ќе се разединат:

44. оној што не верувал...па, неверството негово ќе биде против него, а оној што работел добро... па, таквите, тоа, за себе го подготвија,

45. за Он да ги награди оние што веруваа и што работеа добри дела поради задоволството Негово. Он, навистина, не ги сака неверниците!

46. А од знаменијата Негови е и тоа што Он го испраќа ветрот како радосница, за да искусите нешто од милоста Негова, за да плови бродот со наредбата Негова, за да тежнеете кон добрината Негова, за да се заблагодарувате.

47. И пред тебе, навистина, Ние испраќавме пејгамбери до народите нивни. Па, им доаѓаа со јасности. Потоа Ние ги казнивме оние што се силеа во зло, а верниците, пак, ни беше обврска да ги поддржиме.

48. Аллах е Оној што ги испраќа ветровите кои, ете, ги туркаат облаците по небото, па со волја Негова, ги растегнуваат и ги дробат на парчиња. Па, така гледаш како дождот излегува од нив, кој, кога ќе падне врз оние за кои Он ќе посака од робовите Негови, тие веднаш му се радуваат,

49. и покрај тоа што, навистина, беа очајни пред да падне врз нив.

50. Погледни ги, тогаш трагите на милоста на Аллах: како ја оживува земјата по мртвилото нејзино. Он, навистина, ќе ги оживее мртвите. Он е Кадар за сè!

51. И во случај Ние да им испратиме ветар што ќе пожолти сè, и, дури по тоа, тие ќе прават зулум и нема да веруваат.

52. Ти, навистина, не можеш да ги натераш да те слушнат мртвите, ниту, пак, можеш да ги натераш глувите да го слушнат повикот кога ќе се свртат од тебе,

53. а ниту, пак, можеш да ги упатиш слепите од нивното скршнување во заблуда; можеш да ги слушнеш само оние што веруваат во знамењата Наши – овие се послушните!

54. Аллах е Оној што ве создаде слаби, а по слабоста ви дава моќ, а по моќта, пак, ви дава слабост и, навистина, старост. И Он го создава она што го сака. Он е Зналец и Кадар!

55. А, на Денот кога ќе се случи Часот, силниците ќе се колнат дека останале само еден час. Ете, така кинисуваа и оние порано.

56. А, оние со знаењето и верувањето што им е дадено ќе речат: »Вие останавте, навистина, како што е тоа означено во Книгата на Аллах, до Денот на оживувањето. А, ова е Денот на оживувањето, но вие, ете, тоа не го знаевте.«

57. Па, на тој Ден оправдувањата на оние што зулум направија нема да им користат и нема да се бара од нив да се оправдуваат.

58. Ние на луѓето во овој Куран им изнесовме секакви примери. И кога би дошол кај нив со некакво знамение, оние што не веруваат, сигурно ќе речат: »Вие само невистини изнесувате!«

59. Ете, така Аллах ги запечатува срцата на оние што не знаат.

60. Па, стрпи се! Ветувањето на Аллах е вистина. И никако нека не те вознемируваат оние што не се уверени во верувањето!

# СУРА ЛУКМАН

## Лукман

Сура 31 - Мекка - 34 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Елиф, лам, мим!**
2. Ова се ајети од Книгата мудра:
3. Патоказ и Милост за добротворите –
4. кои клањаат намаз и кои даваат зекат, и кои се уверени во оној свет;
5. таквите, бидејќи одат по патоказот од Господарот свој, се спасени.
6. Меѓу луѓето има и такви што се забавуваат со празни разговори, за да скршнуваат во заблуда, незнаејќи, од патот на Аллах, и што го прифаќаат за да се потсмеваат. Има казна срамна за нив.
7. И кога му се кажуваат на некој од нив ајетите Наши ја врти главата надуено, како да не ги слуша, како во ушите негови да има глувост. Па, опомени го со казната болна!
8. За оние што веруваат и што работат добри дела има, навистина, благословени џеннетски градини,
9. во нив за навек ќе останат. Ветувањето на Аллах е – вистина. Он е и Силен и Мудар!
10. Гледате како Он ги создаде небесата без столбови, а по земјата ги расфрла планините, за да не се тресете, и по неа, исто така, растури сека-

кви животни... И од небото Ние ви спуштаме вода и од земјата овозможивме да никнат парови благородни од сè.

11. Ова е создавањето на Аллах. Па, тогаш покажете ми го она што го создадоа оние, освен Него. Но, неверниците се сигурно скршнати во заблуда јасна.

12. И на Лукман, навистина, Ние му дадовме мудрост: »Биди благодарен на Аллах!« А, оној што е благодарен, тој за себе е благодарен; а оној што не верува, та Аллах, навистина, е Богат и за благодарност Достоен!

13. И кога Лукман му рече на син му, советувајќи го: »О синко! Не здружувај Му на Аллах здруженик. Здружувањето нешто на Аллах, навистина, е голем грев!«

14. И на човекот Ние му одредивме да се однесува добро кон родителите свои. Мајката го носеше, слабејќи од ден во ден, и го доеше две години: биди благодарен, и Мене и на родителите твои. Свратилиштето е – кон Мене!

15. А, ако родителите се трудат да те наговорат да Ми припишуваш здруженик за што, всушност, не знаеш ништо, немој да им бидеш послушен, но однесувај се примерно кон нив на овој свет. И следи го патот на оној што Ми е послушен. Потоа враќањето ваше води до Мене, па ќе ве известам за она што го работевте.

16. »О синко мој! Било да е нешто направено ситно колку голушка, па и да е во пустина, на небесата или на Земјата, Аллах ќе го изнесе. Аллах, навистина, е Чувствителен и Известен!

17. О синко мој! Клањај намаз, наредувај добро и забранувај зло. И биди трпелив во она што ќе ти се случи. Ете, тоа, навистина, е меѓу решителните работи.

18. И не врти го лицето од луѓето, и не оди по земјата вообразено: Аллах, навистина, не го сака ниту вообразениот ниту надуениот.

19. И биди умерен во твојот ὸд, а намали го и твојот глас. Од гласовите најлош, навистина, е гласот магарешки!«

20. Зар не гледаш дека Аллах, навистина, ви го потчини и она што е на небесата и она што е на Земјата? И Он ве опсипа со благодатите Свои: видливи и невидливи. А, меѓу луѓето има и такви што расправаат за Аллах, и без знаење, и без патоказ, и без Книга светла.

21. И кога им беше речено: »Следете го она што го објави Аллах! Тие рекоа: – Не, ќе го следиме она што го најдовме кај предците наши.« И тогаш ли кога Шејтанот ги повикува кон казната џеханемска?

22. А, оној што ќе го предаде лицето на Аллах, а добротвор е..., тој веќе се фатил за најцврстото јаже. Завршницата на работите е Аллахова!

23. А, оној што не верува... па, нека не те загрижува неверувањето негово. И кон Нас е враќањето нивно и Ние ќе ги известиме за она што го работеа. Аллах, навистина, го знае она што е во градите.

24. Ние ќе им дадеме да уживаат едно кратко време, а потоа ќе ги турнеме во тешка казна.

25. А, ако, пак, ги прашаш: »Кој ги создаде небесата и Земјата?« Сигурно ќе одговорат: »Аллах!« Кажи: »Благодарение на Аллах!« Но, ете мнозината од нив не знае!

26. Она што е на небесата и на Земјата е – Аллахово. Аллах, навистина, е Богат и за благодарност Достоен!

27. А, кога сите дрвја на земјата би биле пера а морето мастило, на кое ќе му се придружат уште

седум мориња, не би се исушиле зборовите на Аллах. Аллах, навистина, е Силен и Мудар!

28. Создавањето вас и оживувањето е само како создавањето еден човек. Аллах, навистина, слуша сè и гледа сè!

29. Зар не гледаш дека Аллах, навистина, го вовлекува денот во ноќта и ја вовлекува ноќта во денот и ги потчини Сонцето и Месечината? И сè тече до рок определен. А, Аллах е Известен за она што го работите!

30. Ете, тоа, токму, поради тоа што Аллах е вистина, а она кон што тие повикуваат, невистина. Аллах е Вишен и Голем!

31. Зар не гледаш дека лаѓата плови по морето со благослов на Аллах, за да ви покаже од знамењата Свои? Ете, во тоа, има знамења за секој трпелив и благодарен.

32. И кога бранот, голем како облак, ќе ги покрие, Го молат Аллах, искрено, искажувајќи ја верата кон Него. И кога ќе ги спаси, доведувајќи ги до копно, само некои од нив покажуваат умереност. Само силникот и неверникот не ги признаваат знамењата Наши!

33. О луѓе! Плашете се од Господарот ваш и плашете се од Денот во кој ниту родителот нема да му помогне на своето дете, а ниту, пак, детето за нешто ќе му помогне на својот родител. Ветувањето на Аллах е вистинско. Животот на овој свет, тогаш, никако нека не ве понесе и Шејтанот, исто така, нека не ве оддалечи од Аллах!

34. Знаењето за Часот, навистина, е само кај Аллах. И Он спушта дожд и Он го знае она што е во утробите. Човекот не знае што ќе заработи утре; човекот не знае и во која земја ќе умре. Аллах, навистина, е Зналец и Известен!

# СУРА ЕС-СЕЏДЕ

## Сеџде

Сура 32 - Мекка - 30 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Елиф, лам, мим!**

2. Објавувањето на Книгата, во која нема сомнение, е од Господарот на световите.

3. Или зборуваат: »Тој го измислува Куранот.« Но тоа е вистина од Господарот твој, за да го опоменеш народот кому не му е дадена опомена, пред тебе, за да се упатат.

4. Аллах е Оној што ги создаде Земјата и небесата и она што е меѓу нив за шест дена, а потоа завладеа со вселената. Вие немате, освен Него, ниту поддржник ниту посредник. Па, зар нема да се опоменете?

5. И Он управува со сè она што е меѓу небото и Земјата, а потоа, во Денот определен, ќе се извиши кон Него: на Денот кој трае илјада години, според она како што го сметате времето!

6. Ете, Он е Зналец на видливото и на невидливото, Силен и Сомилосен!

7. Кој ја создаде секоја ствар во најличен облик, и Кој, создавањето на човекот, го започна од глина.

8. А, потоа, породот негов, го создава од избрана капка вода.

9. А, потоа Он го обликува и му вдахнува од духот Свој, ви дава и слух, и вид и срца. Малку се заблагодарувате.

10. И велат: »Кога ќе исчезнеме под земјата, зар повторно ќе бидеме создадени?« Но, тие не веруваат во средбата со Господарот свој.

11. Кажи: »Мелекот на смртта, кој ви е за тоа одреден, ќе ви донесе смрт, а потоа ќе се вратите на Господарот ваш.«

12. Е, кога би ги видел силниците наведнати со главите пред Господарот свој: »Господару наш, и видовме и слушнавме, врати нè повторно назад; ќе работиме добро. Ние ќе веруваме!«

13. Е, кога би сакале на секоја душа би ѝ го дале упатството нејзино, но зборот вистински е Мој. Џехеннемот, навистина, ќе го исполнам и со џинови и со луѓе, заедно!

14. Па, вкусете го Џехеннемот, зашто заборавивте на средбата на овој ваш Ден. И Ние заборавивме на вас, и вкусете ја казната на вечноста за она што, токму, го работевте!

15. Во ајетите Наши, навистина, веруваат оние, кои, кога ќе се спомнат, се поклонуваат, и кои Го слават, величајќи Го, Господарот свој, и кои не се прчат!

16. Страните нивни од постела се накривуваат, молејќи го Господарот свој, и од страв и од желба, и кои делат од богатството што Ние им го дадовме.

17. Па, никој не знае какви радости им се кријат... награда за она што го работеа.

18. Зар е еднаков верникот со расипникот? Не можат да се изедначат!

19. А, што се однесува на оние што веруваат и што работат добри дела... та, за нив има престојувалиште од градини џеннетски, подготвени за она што го работеа.

20. А, што се однесува, пак, на расипаните...та, огнот им е престојувалиштето. Секојпат кога ќе посакаат да излезат од него, ќе бидат вратени во него, и ќе им се вели: »Искусете ја казната огнена за која сметавте дека е лажна!«

21. И Ние сигурно ќе дадеме да искусат казна помала пред казната голема за да се покајат.

22. А кој е поголем неверник од оној, кој, кога ќе му се спомнат знаменијата на Господарот негов – а тој, ете, е рамнодушен кон нив? Ќе ги казниме, навистина, силниците!

23. И на Муса, навистина, Ние му дадовме Книга: не сомневај се во средбата со него. Ние него го одредивме да биде патоказ за синовите Израилови.

24. И Ние одредивме водачи меѓу нив, кои упатуваа со наредбата Наша, по стрпливоста нивна, и кои беа уверени во знаменијата Наши.

25. Господарот твој, навистина, ќе ги раздвои на Денот суден поради она за што, токму, станаа деленици.

26. Зарем не им се укажа колку поколенија пред нив Ние уништивме преку чии живеалишта одат? Ете, во тоа, навистина, има знаменија. Зар не слушаат?

27. Зар не гледаат како Ние ја тераме водата кон сува земја и како со неа вадиме растенија со кои се хранат и добитокот нивни и тие самите? Зар не гледаат?

28. И зборуваат: »Кога ќе дојде победата ако сте искрени?«

29. Кажи: »На Денот на победата, верувањето, на оние што не веруваа, нема да им користи, а ниту ќе им се даде рок.«

30. Та, сврти се од нив и чекај! Тие, навистина, чекаат!

# СУРА ЕЛ-АХЗАБ

## Сојузници

Сура 33 - Медина - 73 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. О пејгамберу! Плаши се од Аллах и немој да бидеш послушен на неверниците и дволичните. Аллах, навистина, е Зналец и Мудар!

2. И следи го она што ти се објавува од Господарот твој! Аллах, навистина, е Известен за она што го работите!

3. И потпри се на Аллах; Аллах е Доволен Поддржник!

4. Аллах на ниеден човек не му даде две срца во градите. И не ви ги одреди жените ваши од кои се разделувате со тоа што ќе им речете дека се како мајките ваши, значи не ви ги одреди да ви бидат мајки, а ниту, пак, посинетите, да ви бидат синови. Тоа се само ваши зборови. Аллах ја зборува вистината и Он упатува по патот вистински!

5. Викајте ги по бабовците нивни; тоа е поисправно кај Аллах. Но, ако вие не ги познавате бабовците нивни... па, тоа ви се браќа по вера и штитеници. А, ако во тоа, пак, некако згрешите, немате грев. Но, грев е она што го намераваат срцата ваши. Аллах е Простувач и Сомилосен!

6. Пејгамберот, за верниците, е поблиску од нив

самите; а жените негови се мајки нивни. А, сродниците, според Книгата на Аллах, се поблиску едни до други и од верниците и од иселениците, освен ако не им направите некакво добро на заштитниците ваши, што, навистина, е наведено во Книгата.

7. И кога Ние го прифативме договорот од пејгамберите нивни, и од тебе, и од Нух, и од Ибрахим, и од Муса, и од Иса, синот на Мерјем... од нив, тогаш, навистина, прифативме цврст договор!

8. За да ги праша искрените заради искреноста нивна; а за неверниците Он подготви казна болна.

9. О верници! Сетете се на благодатот на Аллах кон вас: кога ви дојдоа војски, па испративме ветар против нив и војски што не ги видовте. Аллах го гледа она што го работите;

10. кога ви дојдоа и пред вас и зад вас, и кога ви се скаменија погледите, и кога ви застанаа срцата во градите, и кога за Аллах имавте секакви помисли.

11. Тука верниците беа ставени во искушение и беа потресени со жесток потрес.

12. И кога дволичните и оние со заболените срца зборуваа: »Аллах и пејгамберот Негов ни ветија само измама!«

13. И кога една дружина од нив рече: »О жители на Јасриб! Тука немате опстанок. Вратете се!« И една заедница меѓу нив побара одобрение од пејгамберот, зборувајќи: »Домовите наши се незаштитени« – а, не беа незаштитени. Посакаа само да се дадат во бегство.

14. А, да им се влезеше од предградијата и да се побараше од нив да направат сплетки, тоа сигурно ќе го направеа; ќе се задржеа само малку во нив,

15. оние веќе и порано му ветија на Аллах дека нема да се вратат назад. А, за ветувањето на Аллах се одговара.

16. Кажи: »Ако бегате од смртта, бегството, никогаш нема да ви користи, или, пак, гинењето: ќе уживате само кратко време.«

17. Кажи: »Кој е тој што ќе ве сочува од Аллах ако Он посака да ви нанесе зло или ако Он посака да ви подари милост?« Тие немаат, освен Аллах, ниту заштитник ниту поддржник!

18. Аллах ги знае оние меѓу вас што прекоруваа и што им зборуваа на браќата свои: »Дојдете со нас!« И малкумина од нив тргнаа во војна,

19. мизерни во однос на вас. А, кога ќе настапи стравот, ги гледаш како гледаат во тебе, играјќи со очите свои како да се во пресрет на смртта. А, кога стравот ќе помине, ве вознемируваат со остри зборови, шкржави да направат некакво добро. Таквите не веруваат, па Аллах ќе ги упропасти делата нивни. Тоа за Аллах, навистина, е лесно.

20. Сметаат дека сојузниците не отидоа. Или ако сојузниците се вратат, тие би сакале повеќе да бидат со бедуините в пустина, и да се распрашуваат за она што ви се случува. А, да беа, пак, меѓу вас, ќе се бореа само малкумина!

21. Во пејгамберот, навистина, имате убав пример, за оној што се надева во Аллах и во Денот суден и што Го спомнува Аллах многу!

22. И кога верниците ги видоа сојузниците, рекоа: »Ова е она што ни го ветија Аллах и пе-

јгамберот Негов.« И Аллах и пејгамберот Негов ја зборуваа вистината. И само верувањето и послушноста им се зголемуваа.«

23. Меѓу верниците има луѓе што го исполнија ветувањето дадено на Аллах. Едни од нив го положија животот, а други, пак, тоа го очекуваат; не се променија воопшто,

24. за Он да ги награди искрените, поради искреноста нивна, и за да ги казни лицемерните. Ако, пак, посака, Он ќе им прости. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

25. Аллах ги одби оние што не веруваа поради лутината нивна; не постигнаа никакво добро. Аллах е Доволен за верниците во борба. Аллах е Јак и Силен!

26. И Он ги изведе Следбениците на Книгата што ги помагаа од тврдините нивни и им влеа страв во срцата: една дружина од нив ја погубивте а една, пак, ја заробивте.

27. И Он ви даде да ја наследите земјата нивна, и домовите нивни, и имотот нивни и земјата по која порано не патувавте. Аллах, навистина, е Кадар за сè!

28. О пејгамберу! Кажи им на жените твои: »Ако го сакате животот на овој свет и украсот негов...па, дојдете, ќе ви дадам отпремнина и ќе се разведам на добар начин.

29. А, ако, пак, го сакате Аллах, и пејгамберот Негов и Куќата оносветска...па, Аллах, навистина, на добротворите им подготви награда голема!«

30. О жени пејгамберови! Таа меѓу вас што ќе направи некое отворено срамно дело, казната ќе ѝ биде удвоена. Ете, тоа за Аллах е едноставно!

## Џуз 22

31. А, на таа од вас, која е послушна на Аллах и на пејгамберот Негов, и која работи добро дело, Ние ќе ѝ дадеме награда во два наврата, и ќе ѝ подготвиме богатство благородно!

32. О жени пејгамберови! Вие не сте како другите жени. Ако сте богобојазливи...па, немојте да го дигате гласот зашто, тогаш, може да се предизвика желбата на оној во чие срце има болештина и зборувајте убави зборови!

33. И останете во домовите ваши; и не покажувајте ја убавината онака како што се покажуваше убавината во предисламскиот период. И клањајте намаз и давајте зекат, и бидете послушни на Аллах и на пејгамберот Негов. Аллах, навистина, посакува да го отстрани срамното дело од вас, о Семејство на Куќата пратеничка, за да ве очисти потполно!

34. И паметете го она што ви се кажува во домовите: ајетите на Аллах и мудроста. Аллах, навистина, е Сочувствителен и Известен!

35. И за послушните мажи и за послушните жени, и за верниците и за верничките, и за потчинетите мажи и за потчинетите жени, и за искрените мажи и за искрените жени, и за трпеливите мажи и за трпеливите жени, и за понизните мажи и за понизните жени, и за мажите што даваат милосрдие и за жените што даваат милосрдие, и за мажите што постат и за жените што постат, и за мажите што ги чуваат

срамните места и за жените што ги чуваат срамните места, и за мажите што го спомнуваат Аллах многу, и за жените што го спомнуваат Аллах многу...за сите нив Аллах подготви и простување и награда голема, навистина!

36. Не е на верникот и на верничката, кога Аллах ќе одреди нешто, а и пејгамберот Негов, да донесат одлука за некоја работа. А, оној што е непослушен на Аллах и на пејгамберот Негов, тој веќе скршнал во заблуда очигледна!

37. И кога на оној кого Аллах го благослови и кого ти го благослови му рече: »Задржи ја за себе жената твоја, и плаши се од Аллах;« тогаш во душата твоја го криеше она што ќе го обелодени Аллах, а се плашиш од луѓето. А, Аллах има право повеќе да се плашиш од Него. И бидејќи Зејд реши да се разведе од неа, Ние те оженивме со неа за да нема тешкотија за верниците при женењето со жените на посинетите кога овие ќе решат да се разведат од нив. Наредбата на Аллах, навистина, е делотворна!

38. За пејгамберот не е никаков товар да го работи она што Алаах му го наредува: таква беше одредбата на Аллах и кон оние порано; а наредбата на Аллах, навистина, е одредена,

39. за оние што ги доставуваа посланијата на Аллах и што стравуваа од Него, и кои, од никого, освен од Аллах, не стравуваа... а Аллах е Доволен за полагање сметка.

40. Мухаммед, навистина, не е ничии бабо од мажите ваши, но тој е само пејгамбер Аллахов и печат на пејгамберите. Аллах, навистина, знае сè!

41. О верници! Спомнувајте Го Аллах често!

42. И славете Го и наутро и навечер!

43. Он, токму, ве слави, а и мелеките Негови ве слават: за да ве извлече од темнина во светлина. Он, навистина, е Сомилосен кон верниците!

44. На денот, кога со Него ќе се сретнат, поздравот ќе им биде: Мир! И Он подготви награда благородна за нив!

45. О пејгамберу! Ние, навистина, те испративме како сведок, и како радосник, и како опоменувач,

46. и како повикувач, со одобрението Негово, и кон Аллах и како светилка што осветлува.

47. И зарадувај ги верниците дека за нив од Аллах, навистина, има добрина голема.

48. И не покорувај им се на неверниците и на дволичните, и отфрли ги навредите нивни, и потпри се на Аллах. Аллах е Доволен Закрилник!

49. О верници! Кога ќе ги венчате верничките со кои, пред да имате интимен однос со нив, ќе се разделите, тие немаат обврска да го чекаат рокот определен, чии денови ги сметате. Па, дајте им венчален подарок и убаво разделете се!

50. О пејгамберу! Ние, навистина, ти ги дозволивме жените твои на кои што им ги даде венчалните подароци, и оние што се во твој посед, кои Аллах ти ги даде со пленот, и ќерките на мицовците твои, и ќерките на халите твои, и ќерките на дајцовците твои, и ќерките на тезите твои што се иселија со тебе; и жената верничка ако самата ќе му се подари на пејгамберот, а тој ќе посака да ја венча: ова се однесува само на тебе, а не и на другите верници. Ние го знаеме, навистина, она со што ги задолживме во врска со жените нивни, и со оние што се во посед нивни, за да немаш никаква тешкотија. Аллах е Простувач и Сомилосен!

51. Некои од нив можеш по своја волја да ги оддалечиш, а некои, пак, по своја волја да ги задржиш. А, ако ја посакаш некоја меѓу оние што ги оддалечи, немаш грев. Ете, тоа е најлесно да се исполнат со радост очите нивни, и да не тагуваат, и да се задоволат со она што им го даде. Аллах го знае она што е во срцата ваши. Аллах е Зналец и Благ!

52. По ова не ти се дозволени други жени, ниту да ги заменуваш со други жени, па и покрај тоа што те вчудоневидува убавината нивна, освен оние што се во твој посед. Аллах, навистина, бдее врз секоја работа!

53. О верници! Не влегувајте во собите на пејгамберот, освен ако ви се дозволи заради храна, но не и да чекате додека се зготви. Па, кога ќе бидете повикани, влезете! И кога ќе јадете, разделете се, без да се впуштате во разговор. Тоа, навистина, го вознемирува пејгамберот, а тој се срами да ви рече, а Аллах, пак, не се срами од вистината! А, кога ќе барате нешто од жените, барајте од нив, тогаш, зад перде. Тоа е почисто за срцата ваши и за срцата нивни. Не ви е дозволено да го вознемирувате пејгамберот, а ниту, пак, по него, да ги венчавате жените негови. Ете, тоа кај Аллах, навистина, не ви е мала работа.

54. Дали нешто ќе криете или ќе го обелоденувате...па, Аллах, навистина, знае сè!

55. Нема грев за нив да бидат откриени, што се однесува на бабовците нивни, и синовите нивни, и браќата нивни, и синовите од браќата нивни, и синовите од сестрите нивни, и жените нивни и оние што се во посед нивни. И плашете се од Аллах. Аллах, навистина, е Сведок за сè!

56. Аллах и мелеките Негови, навистина, го слават пејгамберот. О верници! Славете го и вие и поздравете го со Мир!

57. Оние што Го вознемируваат Аллах и пејгамберот Негов... Аллах, нив, навистина, ги проколни на овој свет и на оној свет, и Он им подготви казна срамна.

58. А, оние што ги вознемируваат верниците и верничките со она што тие не го заслужуваат, тие понесуваат, навистина, товар и очигледен грев.

59. О пејгамберу! Кажи им на жените твои и ќерките твои, и на жените од верниците да ги спуштат облеките. Ете, тоа е најлесно да се препознаат и да не се вознемируваат. А, Аллах е Простувач и Сомилосен!

60. Ако дволичните, и оние во чии срца има болештина, и оние што шират лаги низ Медина, не престанат, тогаш сигурно Ние ќе ти ја дадеме власта врз нив и само за кратко време ќе останат твои соседи,–

61. проколнети се; и каде било да се најдат, нека се притворат и нека се убијат!

62. Таква беше практиката на Аллах кон оние што поминаа пред нив. А, ти никако нема да најдеш измена во практиката на Аллах!

63. Те прашуваат луѓето за Часот. Кажи: »Знаењето за него е при Аллах, навистина! Ти за него не знаеш; Часот, можеби, е сосема блиску!«

64. Аллах, навистина, ги проколни неверниците и им подготви оган,

65. и во него за навек ќе останат; нема да најдат ниту заштитник ниту поддржник!

66. На Денот кога лицата нивни ќе се гнетат во огнот, ќе речат: »О, тешко нам! Само да бевме послушни на Аллах и на пејгамберот!«

67. И ќе зборуваат: »Господару наш, бевме послушни и на предводниците наши и на големците наши, па нè скршнаа по патот на заблудата!

68. О Господару наш! Дај им казна двојна и проколни ги со голема клетва!«

69. О верници! Не бидете како оние што го вознемируваа Муса! Па, Аллах го оддалечи од она што го зборуваа. Кај Аллах тој беше угледен!

70. О верници! Плашете се од Аллах и зборувајте само вистина!

71. Он ќе ви ги поправи делата и Он ќе ви ги прости гревовите. А, оној кој е послушен на Аллах и на пејгамберот Негов...тој ќе извојува, навистина, победа голема!

72. И Ние, навистина, го изнесовме аманетот и пред небесата и пред Земјата, и пред планините... и одбија да го понесат, плашејќи се од него, но ете го понесе човекот. Човекот, навистина, е неправеден и неук!

73. За Аллах да ги казни мажите дволични и жените дволични, и многубошците и многубошките, и Аллах да им прости на верниците и на верничките. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

# СУРА САБЕ

## Сабе

Сура 34 - Мекка - 54 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Благодарение на Аллах! Сè што е на небесата и на Земјата е – Негово! Благодарноста Му припаѓа и на оној свет. Он е Мудар и Известен!

2. Он го знае и она што влегува во земјата и она што излегува од земјата, и она што се спушта од небо и она што се извишува кон небо. Он е Сомилосен и Простувач!

3. Неверниците зборуваат: »Нема да ни дојде Часот!« Кажи: »Да, се колнам во Господарот мој, дека ќе ви дојде, сигурно!« Он е Зналец на тајната. Ништо, ни колку трошка ситно, не може да Му се скрие Ниту на небесата ниту на Земјата; ниту помало од тоа ниту поголемо од тоа, а да не е во Книгата јасна.

4. За Он да ги награди оние што веруваат и што работат добри дела... На овие ќе им биде простено и ќе имаат богатство благородно,

5. а, на оние што се трудат против ајетите Наши, сакајќи да ги оневозможат...ним ќе им припадне казна болна.

6. Оние, со знаењето што им е дадено, гледаат дека она што ти се објавува од Господарот твој е вистина и дека упатува кон патот на Силниот и за благодарност Достојниот!

7. Неверниците зборуваат: »Зар да ве упатиме кон еден човек што ќе ве извести дека, кога целосно ќе се распарчете, ќе бидете создадени одново, навистина!«

8. Зар тој го порекнува Аллах? Или, пак, тоа го прават џиновите во него? Да, оние што не веруваат во оној свет, тие се во мака и низ скршнување, во заблуда далечна!

9. Зар не го гледаат она што е над нив и она што е зад нив, на небото и на земјата? Кога би посакале, би ги закопале в земја или би спуштиле парчиња од небо врз нив. Ете, во тоа, навистина, има знамение за секој послушен роб!

10. И на Давуд, навистина, Ние му дадовме од добрината Наша: – »О брда, славете Ме со него, а и вие птици!« И Ние го смекнавме железото за него.

11. »Прави панцири целосни и плети ги жиците складно! И, работи добро дело! Јас, навистина, го гледам она што го работите.«

12. И на Сулејман Ние му го потчинивме ветрот: само за едно утро дуваше колку за еден месец, и само за една вечер дуваше колку за еден месец. И Ние одредивме за него да тече бакар од извор, и, со одобрението на Господарот Негов, одредивме да работаат за него и џинови. А, оној од нив кој скршнуваше од наредбата Наша, Ние ќе одредиме да ја вкуси казната огнена.

13. Оние за него го работеа она што тој го посакуваше од нив: и храмови, и споменици, и садови како чамци и котли неподвижни. »Работете – о семејство Давудово! – за да бидете благодарни.« Малкумина се благодарни од робовите Мои!

14. И кога решивме да умре, немаше никој кој да ги извести за смртта негова, освен еден црв

од земјата што го подјадуваше стапот негов. И кога тој падна, на џиновите им стана јасно дека, доколку би ја знаеле тајната, не би ја вкусиле казната срамна.

15. Имаше доказ, навистина, во Сабе, во живеалиштата нивни: градини и од левата и од десната страна. »Јадете од плодовите на Господарот ваш и бидете Му благодарни. Е, колку добар предел и Господар Простувач!«

16. Па, се противставија. И Ние им испративме поплава од преградата која попушти, и градините им ги заменивме со две други градини, со плодови горчливи, со грмушки и со неколку сродовици.

17. Ете, така Ние ги казнивме затоа што не веруваа. Кого, тогаш, освен неверниците казнивме?

18. Ние поставивме градови меѓу нив што се забележуваат и градови што ги благословивме, а меѓу нив одредивме, исто така, растојание. И патувате ноќе и дење низ нив, безбедни!

19. Па, рекоа: »Господару наш, повлечи растојание меѓу нашите патувања!« Самите себе зулум си направија: ги оставивме само во кажувањата и во целост ги уништивме. Ете, во тоа, навистина, има знамења за секој кој е трпелив и благодарен!

20. И го потврди Иблис, навистина, мислењето негово за нив: па, ете го следеа, но не и една дружина на верници:

21. немаше никаква власт врз нив; но само да се знае, навистина, кој верува во оној свет, а кој, токму, се сомнева во него. И Господарот твој е Заштитник на сè!

22. Кажи: »Молете ги оние кои, освен Аллах, ги замислувате. Не поседуваат ништо, ниту колку

една трошка, ниту на небесата ниту на Земјата: не соучествуваат во нив со ништо, а ниту, пак, Он очекува некаква помош од нив.«

23. Кај Него нема да користи посредувањето, освен за оној за кого Он ќе одобри. И кога ќе го снема стравот од срцата нивни, ќе речат: »Што рече Господарот ваш?« Ќе речат: »Вистина!«; Он е Вишен и Голем!

24. Кажи: »Кој ви дава храна и од небесата и од Земјата?« Кажи: »Аллах!« И уште: »Ние сме или, пак, вие сте по патоказот или по беспаќето очигледно?«

25. Кажи: »Вие нема да одговарате за она што ние згрешивме, а ниту, пак, ние ќе бидеме прашани за она што го работите.«

26. Кажи: »Господарот наш ќе нè збере, потоа Он, меѓу нас, ќе пресуди праведно. Он е Судија и Зналец!«

27. Кажи: »Покажете ми ги оние здруженици кои Му ги сметате еднакви. Но, Аллах е Оној кој е Силен и Мудар!«

28. И Ние те испративме за сите луѓе како радосник и опоменувач, но, ете мнозината на луѓето не знаат.

29. И зборуваат: »Кога еднаш, ако сте искрени, ќе се оствари таа закана?«

30. Кажи: »Па, вие ќе се сретнете на Денот чие доаѓање не можете да го забрзате ниту за миг, а ниту да го задоцните.«

31. Неверниците зборуваат: »Никојпат нема да веруваме во овој Куран ниту во она што му претходеше!« – А кога би видел, кога неверниците ќе стојат пред Господарот свој, како ќе разговараат едни со други, угнетените ќе

им речат на угнетувачите: »Да не бевте вие, ќе бевме верници, сигурно!«

32. Угнетувачите ќе им речат на угнетените: »Ние ли ве попречивме да не одите по патоказот откако тој ви беше објавен? Но, вие самите бевте грешници!«

33. Угнетените ќе им речат на угнетувачите: »Не, сплеткаревте и дење и ноќе кога ни наредувавте да не веруваме во Аллах и да Му припишуваме божества. И, кога ќе ја здогледаат казната, ќе ја скријат тагата. А, на вратовите на неверниците, ќе им ставиме синџири. Ќе бидат казнети само за она што го работеа?«

34. И Ние не испративме опоменувач во ниеден град, а свикнатите во раскошниот живот да не речеа: »Не веруваме, навистина, во она со што сте испратени!«

35. И исто така зборуваа: »Изобилуваме со имот и со деца; ние нема да бидеме казнети.«

36. Кажи: »Господарот мој, навистина, дава богатство кому Он сака, и Он скратува кому сака, но мнозината на луѓето не знаат.«

37. Ниту имотите ваши, ниту децата ваши не се она што ќе ве донесе во близината Наша, освен оние што веруваат и што работат добри дела. Наградата нивна ќе биде удвоена, токму, поради она што го работеа. И ќе бидат во одаи, безбедни!

38. А, оние што се трудат да им се справат на доказите Наши, тие се немоќни. Тие ќе бидат присилени да бидат во казната.

39. Кажи: »Господарот мој, навистина, дава богатство кому Он сака од робовите Свои, и Он кому сака скратува. И, сè она што ќе го подел-

ите, Аллах, навистина, ќе го надополни.« Он меѓу снабдувачите е Најдобриот.

40. И на Денот кога сите ќе ги збере, и кога ќе им рече на мелеките: »Зар тие ве обожаваа?«

41. Ќе речат: »Славен биди Ти! Ти си, а не оние, наш Заштитник; но оние џиновите ги обожаваа.« Мнозината од нив веруваа!

42. Па, денес нема да можете ниту да користите ниту да наштетите едни на други, а на оние што правеа зулум, ќе им речеме: »Вкусете ја казната огнена што ја порекнувавте!«

43. А, кога им се кажуваат Нашите јасни ајети, зборуваат: »Ова е само човек што посакува да ве одврати од она што го обожаваа предците ваши« – и зборуваат – »ова е само измислена клевета.« А, оние што не веруваат во вистината, бидејќи им дојде, зборуваат: »Ова е само јасно волшебништво!«

44. И ним Ние не им дадовме никакви книги што би ги изучувале, а не им испративме, пред тебе, никаков опоменувач!

45. Порекнуваа и оние пред нив. Не постигнаа ниту десетина од она што Ние им го дадовме. И Моите пејгамбери ги сметаа за лажни. Е, каква беше осудата моја!

46. Кажи: »Јас, навистина, ве советувам само со едно: да стоите на нозе пред Аллах, било по двајца било поединечно, а потоа да размислувате. Вашиот другар не е со џинови. Он ви е само опоменувач пред казната тешка!«

47. Кажи: »И каква било награда да барам од вас... па, тоа е само награда ваша. А наградата моја е само при Аллах. Он, токму, е Сведок за сè!«

48. Кажи: »Господарот мој, секако, доставува само вистина. Он е Зналец на тајните!«

49. Кажи: »Вистината дојде, а невистината е немоќна ниту да го почне ниту да го повтори создавањето.«

50. Кажи: »Ако скршнам во заблуда...па, навистина, скршнувам за себе, а ако по патот вистински се упатам, тогаш, тоа, навистина, е заради она што ми е објавено од Господарот мој. Он, навистина, е Слушач и Близок!«

51. Е, само да ги видиш кога ќе бидат уплашени! Нема да можат да побегнат. Ќе бидат зграпчени од блиско место.

52. И уште ќе речат: »Ние веруваме во невидливото!« Но, како оние, навистина, да го постигнат тоа од далечно место?

53. А, оние во него порано, навистина, не веруваа; за невидливото ли? По тоа, зборуваа дека е недофатно, далечно?

54. Поставена е пречка меѓу нив и меѓу она кон што тежнеат. Ете, така беше направено порано со дружините, кои беа слични на нив. Оние, навистина, се сомневаа многу!

# СУРА ЕЛ-ФАТИР

## Создател

Сура 35 - Мекка - 45 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Благодарение на Аллах, Создателот на небесата и на Земјата, Кој ги создаде мелеките да бидат пратеници: со по две, со по три и со по четири крилја. Он додава во создавањето што сака. Аллах, навистина, е Кадар за сè!

2. Милоста што ќе ја отвори Аллах кон луѓето никој нема да може да ја допре. А она што Он ќе го допре, нема никој што ќе може да го испрати по Него. Он е Силен и Мудар!

3. О луѓе! Сетете се на благодатот на Аллах кон вас. Има ли друг создател, освен Аллах, кој ќе ви даде храна и од небото и од земјата? Нема друг бог освен Него. Па, тогаш каде сте кинисале?

4. А, ако те сметаат за лажго, па за лажговци се сметани и пејгамберите пред тебе. И работите се враќаат кон Аллах!

5. О луѓе! Ветувањето на Аллах е вистина. Нека не ве измами животот на овој свет. И Шејтанот нека не ве измами во однос на Аллах!

6. Шејтанот, навистина, ви е непријател. Па, сметајте го само како непријател! Он повикува кон странката негова за да бидат жители на огнот.

7. За оние што не веруваат има тешка казна, а за оние што веруваат и што работат добри дела, има простување и награда голема.

8. Зар е ист, тогаш, оној кому му се разубавува постапката на Шејтанот, па ја гледа убава? Па, Аллах, навистина, скршнува во заблуда кого сака и Он упатува кого сака. Нека душата твоја, тогаш, не ја обземат грижи за нив. Аллах, навистина, го знае она што го прават!

9. Аллах е Оној кој ги испраќа ветровите, кои ги туркаат облаците...па Ние ќе одредиме, потоа, да се истурат врз некое мртво место и, со тоа, ќе ја оживееме земјата по нејзино мртвило. Ете, такво ќе биде оживувањето!

10. Оној што посакува величие... па, сето величие е – Аллахово! Кон него се извишува убавиот збор. И Он го дига доброто дело. А оние што сплеткарат, работејќи лоши дела, тие ќе бидат жестоко казнети. Сплеткарењето им е безуспешно!

11. А, Аллах ве создаде од земја, а потоа од семе, а потоа ве создаде парови. И жената не останува трудна и не раѓа без знаењето Негово. Никому животот не му се продолжува и никому животот не му се скратува, а тоа да не е во Книгата. Ете, тоа за Аллах, навистина, е лесно!

12. И двете мориња не се еднакви: едната вода е пивка, слатка, пријатно се пие, а другата, пак, е солена и горчлива. И од двете мориња јадете свежо месо и го вадите оној накит што го носите. И гледаш како бродот го сече морето за да ја побарате добрината Негова и да бидете благодарни.

13. Он ја вовлекува ноќта во денот и Он го вовлекува денот во ноќта, и ги потчини Сонцето и

Месечината. И сето тоа, така, тече до рок определен. Ете, тоа ви е Аллах, Господарот ваш. Власта е – Негова! А оние што ги молите освен Аллах, тие не поседуваат ниту влакно од урмина голушка.

14. А, ако им се молите, не ја слушаат молбата ваша, а, и да ја слушнат, нема да ви одговорат. На Денот суден нема да ви го признаат многубоштвото. И никој нема да извести како Известениот!

15. О луѓе! Вие сте зависни од Аллах. А, Аллах, токму, е Независен и за благодарност Достоен!

16. Ако посака, Он ќе ве снема, и ќе донесе ново поколение.

17. Тоа за Аллах, навистина, не е тешко.

18. И ниеден човек нема да го носи товарот на друг човек. И ако повика претовареният да му се помогне, во врска со товарот, нема да се може ништо од тоа да му се понесе, па било да е и најблискиот. Ти ги опоменуваш, навистина, оние што се плашат од Господарот нивни и во тајност и што клањаат намаз. А оној што се чисти, тој за себе се чисти, навистина! Свратилиштето е – кон Аллах!

19. Не се еднакви оној што не гледа и оној што гледа,

20. ниту темнината и светлината,

21. ниту ладовината и жештината!

22. Не се еднакви ни живите ни мртвите. Аллах, навистина, дава да слуша кој сака. А ти не можеш да ги натераш да те слушнат оние во гробовите.

23. Ти си само опоменувач.

24. Ние, навистина, те испративме со вистина,

како радосник и опоменувач. И немаше ниедна претходна заедница без опоменувач!

25. А, ако те сметаат за лажго... па, тие и оние пред нив ги сметаа за лажговци. Им доаѓаа пејгамберите нивни со јасности, и со Листови, и со Книга светла;

26. потоа Јас ги казнив оние што не веруваа. Е, само каква беше казната!

27. Зар не гледаш дека Аллах, навистина, ви спушта вода од небото и Ние вадиме со неа различни видови плодови? А, низ ридовите патишта поставуваме, бели и црвени, со различни бои, а и сосема црни.

28. И меѓу луѓето и меѓу животните и меѓу добитокот има, исто така, различни видови. Ете, така од робовите на Аллах се плашат зналците. Аллах, навистина, е Силен и Простувач!

29. Оние што ја кажуваат Книгата на Аллах и што клањаат намаз и што делат од богатството што Ние им го дадовме, тајно и јавно, тие ѝ се надеваат на награда што нема да исчезне,

30. или Он да им ги даде наградите и уште да им зголеми од добрината Своја. Он, навистина, е Простувач и Благодарен!

31. А, она што ти се објавува од Книгата, па тоа е вистина и потврда за она што беше објавено пред тебе. Аллах, навистина, за робовите Свои е Известен и гледа сè!

32. Потоа Ние Книгата им ја оставивме во наследство на робовите Наши што ги спасивме. Некои од нив спрема себе зулум си направија, некои беа умерени, а некои, пак, со одобрението на Аллах, претходеа во добрини. За тоа има, токму, добрина голема;

33. градини еденски во кои ќе влезат: ќе носат ракавници од злато и бисери накитени, а облеката во нив ќе им биде од свила;

34. и ќе зборуваат: »Благодарение на Аллах што ни ја отстрани тагата. Господарот наш, навистина, е Простувач и Благодарен!

35. Кој нè смести во Домот на постојаното престојувалиште од добрината Негова, во кој нема да нè опфати ниту замор, а нема да не опфати ниту изнемоштеност.«

36. А, за оние што не веруваат има оган џехеннемски; во него нема да им биде пресудено да умрат, а ниту, пак, ќе им биде олеснета казната. Ете, така Ние ќе го казниме секој неверник!

37. Во огнот ќе пискаат: »Господару наш, изведи нè одовде, ќе работиме добро, а не она што го работевме.« – »Нели ви дадовме толку време да живеете во кое ќе се опоменеше оној што се опоменува? Ви доаѓаше и опоменувач? Па, искусете го огнот!« А, неверниците нема да имаат поддржник!

38. Аллах, навистина, е Зналец на тајната на небесата и на Земјата. Он, навистина, го знае она што е во градите!

39. Он е Оној што ве одреди да се заменувате едни по други на земјата. А, оној што не верува, па неверството е против него. Неверувањето на неверниците само ќе им ја зголеми омразата кај Господарот нивни; неверувањето на таквите само ќе им ја зголеми пропаста.

40. Кажи: »Покажете ми ги божествата што ги молите освен Аллах? Покажете ми што тие создадоа од земјава, или, пак, тие се здружени во небесата? Или: им дадовме ли Книга чиј

дел тие би можеле да го објаснат? Не, туку многубошците си даваат лажни ветувања едни на други.«

41. Аллах, навистина, ги држи небесата и Земјата да не паднат. А, ако, пак, тргнат во пропаст, кој, тогаш, по Него, ќе ги задржи? Он, навистина, е Благ и Простувач!

42. Се колнеа во Аллах со сета своја впрегнатост дека, ако им дојде опоменувач, ќе бидат, сигурно, еден од најупатените народи. И кога им дојде опоменувач, само се зголеми одбивноста во нив:

43. се прчеа по земјата и правеа лоши сплетки; а сплеткарењето лошо се оствари само врз оние што го правеа тоа. Па, што очекуваат друго освен вообичаеното со народите одамнешни? А, во практиката на Аллах нема да најдеш никаква измена. И во практиката на Аллах нема да најдеш никаква отстапка!

44. Зошто не патуваат по земјата, па да видат каква беше казната на оние пред нив? Беа и посилни и појаки од нив. Во моќта на Аллах, ништо не може да Го оневозможи ниту на небесата ниту на Земјата. Он, навистина, е Зналец и Кадар!

45. А, кога Аллах би ги казнувал луѓето според она што го направија, на лицето на земјата не би останало ништо живо, но, ете Аллах ги задржува до определено време. А, кога ќе им дојде рокот... па, Аллах, навистина, ги гледа робовите Свои!

# СУРА ЈА-СИН

## Јасин

Сура 36 - Мека - 83 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Ја, син!**
2. Се колнам во Куранот мудар:
3. ти си, навистина, еден од пејгамберите,
4. по патот вистински,
5. по објавата на Силниот и Сомилосниот,
6. за да го опоменеш народот за она за што не им беа опоменати предците, рамнодушните!
7. И кон мнозината меѓу нив, навистина, се оствари зборот на казната; но, не веруваат.
8. Ние ќе закачиме синџири врз вратовите нивни: ќе им бидат до брадите, а главите ќе им бидат подигнати.
9. И пред нив и зад нив Ние ќе поставиме перде... та, ќе ги покриеме и нема да гледаат.
10. Ќе ги опоменуваш ли или нема да ги опоменуваш, тие, сепак, нема да верувааат.
11. Опомената вреди, навистина, за оној што ја следи опомената и што се плаши од Милостивиот во тајност. Па, таквиот зарадувај го со простување и награда благородна!
12. Ние ќе ги оживееме мртвите и ќе го забележиме она што го направија, а и трагите нивни. И секоја работа ќе ја вброиме во насоката јасна.

13. И изнеси им го примерот на жителите на градот кога им дојдоа пејгамбери,

14. кога Ние им испративме двајца, па ги сметаа за лажни и ги потсиливме со трет, па рекоа: »Ние, навистина, сме пејгамбери испратени до вас!«

15. Тие рекоа: »Вие сте само како нас.« И Милостивиот ништо не испрати, а вие да не го сметавте за лажно.

16. Тие рекоа: »Господарот наш знае. Да, ние сме испратени до вас,

17. и само имаме обврска да известиме јасно.«

18. Тие рекоа: »Во вас гледаме лош предзнак. Ако не престанете, тогаш ќе ве каменуваме и ќе ве погоди казна болна од нас.«

19. Рекоа: »Лошиот предзнак е со вас. Уф, зарем и кога сте опоменати? Вие сте народ расипнички.«

20. И од предградието дојде еден човек, брзајќи, и рече: »О народе мој! Следете ги пејгамберите!

21. Следете ги оние што од вас не бараат никаква награда, оние – упатените!

22. Зошто да не го обожавам Оној што ме создаде? Нему му се враќате.

23. Зар други богови да прифатам освен Него? Кога Милостивиот би посакал да ме погоди некакво зло, посредувањето за ништо нема да ми користи и нема да можат да ме спасат.

24. Тогаш, навистина, би бил во заблуда очигледна.

25. Да, јас верувам во Господарот ваш. Па, слушајте ме!«

26. И, ете еден глас: »Влези во Џеннет!« Ќе рече: »Е, кога би знаел народот мој

27. за што, токму, ми прости Господарот мој и за што ме вброи меѓу почестените!«

## Џуз 23

28. Но, по него, против народот негов, Ние не испративме војска од небо а, всушност, никојпат не испраќавме.

29. И ете, само еден страшен глас ќе се слушнеше и веднаш ќе ги снемаше.

30. Е, каква тага за луѓето! Не им доаѓаше ниеден пејгамбер, а да не го исмејуваа.

31. Зар не гледаат колку поколенија Ние уништвивме пред нив? Тие, навистина, не им се вратија.

32. Иако сите тие, заедно, кај Нас ќе бидат собрани.

33. Знамение за нив е и мртвата земја: Ние ја оживуваме и од неа вадиме жито од кое јадат.

34. И по земјата Ние расфрлавме градини со урми и градини со грозје, и одредивме да извираат извори од неа,

35. за да се хранат со плодовите нејзини и со она што произведуваат рацете нивни. Не се ли благодарни?

36. Славен е Оној Кој создаде парови од сè: од она што никне од земјата и од нив самите и од она што не го знаат.

37. Знамение за нив е и ноќта: од неа Ние го вадиме денот и, ете ги остануваат во темница.

38. И Сонцето, исто така, се однесува според утврденото. Ете, тоа е одредба на Моќниот и Зналецот.

39. И на Месечината ѝ одредивме состојби сè додека таа не стане како суво урмино гранче.

40. Ниту Сонцето треба да ја стигне Месечината, а ниту ноќта да дојде пред денот. И, сè во вселената плови!

41. Знамение за нив е и тоа што Ние, навистина, го носевме потомството нивно во бродот преполн.

42. И за нив Ние создадовме нешто слично на она на што се качуваат.

43. И кога би посакале, би ги потопиле: па, ќе нема спасувачки глас за нив и нема да бидат спасени,

44. освен милоста Наша, па да уживаат до рокот определен.

45. И кога ќе им се рече: »Плашете се за она што беше пред вас и за она што ќе биде по вас, за Он да ви се смилува!«

46. И не им доаѓаше никакво знамение од Господарот нивни, а да не беа рамнодушни кон него.

47. И кога ќе им се рече: »Делете од имотот што ви го даде Аллах – неверниците им зборуваат на верниците: »Да го храниме ли оној кого, ако Аллах сакаше, ќе го хранеше? Вие сте само во скршнување очигледно!«

48. И зборуваат: »Кога веќе ќе се оствари таа закана ако вистината ја зборувате?«

49. Тие чекаат само еден страшен глас кој ќе ги опфати додека ќе се расправаат едни со други.

50. Па, нема да можат да остават никаква порака, а ниту, пак, ќе можат да им се вратат на семејствата.

51. И ќе се дувне во Рогот и, ете ги мртвите од гробовите, па ќе побрзаат кон Господарот свој:

52. ќе речат: »О тешко нам! Кој нè оживеа од гробовите наши?«

53. Ова е она што го вети Милостивиот и што го потврдија пејгамберите.

54. И ете, само еден страшен глас ќе се слушне и сите тие кај Нас ќе бидат собрани.

55. Па, денес никому нема да му се нанесе неправда и, како што работевте, така ќе бидете и наградени.

56. Жителите на Џеннетот, навистина, денес ќе бидат посветени на радости;

57. тие и жените нивни ќе бидат под ладовини, потпрени врз дивани.

58. Тука за нив ќе има овошје и она што го посакуваат.

59. И како поздрав од страна на Господарот, Сомилосниот ќе биде »Мир!« И: »Вие силници, денес, одвојте се!«

60. Зар не ви наредив - о синови Адемови! - да не го обожавате Шејтанот. Тој, навистина, е ваш отворен непријател!

61. Обожавајте Ме – ова е патот вистински!

62. И, Он, навистина, ве скршна во заблуда, еден голем број меѓу вас. Зар нема да се вразумите?

63. Ова е, всушност, Џехеннемот, подготвен за вас.

64. И затоа што не верувавте, пржете се во него.

65. Денес Ние ќе им ги запечатиме устите нивни, а ќе Ни зборуваат рацете нивни, а ќе сведочат и нозете нивни...за она што го направија.

66. И да сакавме, Ние сигурно ќе го избришевме погледот нивни и, кога ќе поминуваа по патот, како ќе гледаа?

67. И да сакавме, Ние сигурно ќе ги претворевме во нешто при самото нивно место, па нема да можеа ниту да заминат негде ниту да се вратат.

68. А, оној што Ние ќе му дадеме долг живот, ќе дадеме да му слабее изгледот! Зар не размислуваат?

69. И Ние пејгамберот не го поучивме во поезија ниту, пак, тоа му треба. Ова, навистина, е Опомена и Куран јасен,

70. за да го опомене оној што е жив и да се оствари заканата против неверниците.

71. Зар не гледаат дека од она што го направија рацете Наши, навистина, е и добитокот што го создадовме за нив, што го поседуваат?

72. И Ние им ги потчинивме: некои од нив ги јаваат, а со некои од нив, пак, се хранат.

73. За нив во нив има користи и напитоци. Зар нема да се заблагодарат?

74. И прифатија други богови освен Аллах за да им помогнат.

75. Оние нема да можат да им помогнат, а тие им се војска послушна.

76. И нека не те загрижува говорот нивни. Ние, навистина, го знаеме и она што го кријат и она што го обелоденуваат.

77. Не гледа ли човекот дека Ние, навистина, го создадовме од семе? А, ете е отворен непријател!

78. И нам ни донесе пример а заборави на создавањето негово. И тој рече: »Кој ќе ги оживее коските? Тие се веќе изгниени.«

79. Кажи: »Ќе ги оживее Оној што ги создаде првпат. Он го знае сето создание,

80. Кој од зелените дрва ви создава оган – и, ете се греете.«

81. Нели Оној што ги создаде небесата и Земјата е Кадар да создаде нешто како нив? Он, навистина, е Создател и Зналец!

82. Наредбата Негова, кога ќе посака нешто да биде, ќе рече: »Биди! « – и тоа, токму, ќе биде.

83. Па, славен нека биде Оној во чија рака е власта за сè! Нему ќе Му се вратите.

# СУРА ЕС-САФАТ

## Редици

Сура 37 - Мекка - 182 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Се колнам во оние што се поредени во редици,
2. кои го пренесуваат она што се пренесува,
3. и кои, тогаш, кажуваат опомена:
4. дека богот ваш, навистина, е Еден,
5. Господарот на небесата и на Земјата и на она што е меѓу нив, и Господарот на истоци.
6. Ние, навистина, го разубавуваме со ѕвезден накит, до вас, најблиското небо,
7. и го штитиме од секој пакосен шејтан,
8. Не го слушаат гласот на возвишените чети, и одредивме да ги гаѓаат од сите страни,
9. и да ги истераат; ги чека казна што не престанува,
10. освен оној, кој, при летот свој, ќе грабне нешто: него ќе го стигне светилка што свети.
11. Па, прашај ги: зар е потешко тие да се создадат или оние што го создадовме? Па ги создадовме, навистина, од глина леплива.
12. Но, ти се чудиш, а тие се исмејуваат,
13. и кога ќе се советуваат, не ги прифаќаат советите,
14. а, кога, пак, ќе видат знамение некакво, се потсмеваат,

15. и зборуваат: »Ова е само волшебништво јасно.

16. Кога ќе изумреме и кога ќе станеме земја и коски – тогаш ли да бидеме, навистина, оживеани?«

17. Или: »Нашите предци одамнешни?«

18. Кажи: »Да, и вие ќе бидете понижени!«

19. Само ќе биде, навистина, еден глас повик и, ете ќе здогледаат,

20. и ќе речат: »Тешко нам! Па, ова е Денот суден! « –

21. и ќе речат: »Ова е Денот на Разделбата што го порекнувавме.«

22. Зберете ги оние што правеа зло, а и жените нивни и она што го обожаваа,

23. освен Аллах; па, управи ги кон патот џехеннемски,

24. и згмечете ги: одговорни се, навистина!

25. »Што ви е, па зошто не си помогнете едни на други?«

26. Да, на Денот тие ќе бараат да бидат послушни.

27. И ќе почнат да се прашуваат едни со други,

28. велејќи: »Вие, навистина, ни дојдовте од десна страна!«

29. А, овие ќе речат: »Не, вие не бевте верници,

30. и ние немавме никаква власт над вас. Не, вие сте народ насилнички.«

31. Па, се оствари Зборот на казната од Господарот наш: казната, навистина, ќе ја искусиме.

32. И ете, ве натеравме во заблуда, зашто ние, навистина, бевме во заблуда.«

33. Да, на тој Ден ќе бидат заедно во казната.

34. Ете, така Ние постапуваме кон силниците!

35. Да, кога ќе им се рече дека нема друг бог освен Аллах, се прчат,

36. и зборуваат: »Зар да ги оставиме божествата наши поради еден луд поет?«

37. Не, тој ја донесе вистината и ги потврди пејгамберите.

38. Вие, навистина, ќе ја вкусите казната болна,

39. и ќе бидете наградени само според она што го работевте,

40. но нема да бидат казнети робовите на Аллах, чисти,

41. за нив има посебно уживање,

42. и овошје и ќе бидат почитувани

43. во градините џеннетски, благословени,

44. врз дивани потпрени, едни кон други свртени!

45. Од еден до друг ќе кружи пехар со вино од извор што постојано тече:

46. бело и слатко за оние што го пијат.

47. Во него го нема она што ја поматува свеста, а од него нема да се опиваат.

48. И, при нив ќе има девојки со крупни очи и со соборени погледи,

49. како да се скриена белка од јајцето.

50. Ќе си пристапуваат едни кон други, разговарајќи.

51. Гласноговорникот од нив ќе рече: »Јас, навистина, имав другар,

52. кој зборуваше: – Зар си од оние кои го потврдуваат пратеништвото?

53. И кога ќе изумреме и кога ќе станеме земја и коски, зар тогаш да полагаме сметка?«

54. Гласноговорникот ќе рече: »Посакувате ли да погледнете од височина?«

55. Па, ќе погледа од височина и ќе го види другарот фрлен сред огнот џехеннемски,

56. и ќе рече: »Се колнам во Аллах, ете, само што не ме упропасти,

57. да не беше благодатот од Господарот мој, сигурно ќе бев меѓу присутните во Џехеннемот.

58. Нема ли да умреме

59. по нашето прво умирање? И нема ли да бидеме казнети?«

60. Ова, навистина, е победа голема!

61. За еднакво на ова...па нека работат оние што, навистина, работат.

62. Зар е тоа подобро уживање или стеблото Зеккун

63. кое, навистина, Ние го одредивме да биде искушение за силниците?

64. Да, тоа е стебло што никне од основата џехеннемска:

65. плодот му е како главите од шејтаните.

66. Па, тие ќе јадат од него и ќе ги полнат стомаците од него,

67. а потоа, сето тоа, навистина, ќе го измешаат со жешка вода,

68. а потоа враќањето нивно води до Џехеннемот, навистина!

69. И ќе ги најдат предците нивни скршнати во заблуда,

70. и тие ќе чекорат по стапалките свои.

71. Да, и пред нив скршна во заблуда мнозината на народот дамнешен.

72. Да, и меѓу нив Ние испративме опоменувачи...

73. та, погледни каква беше казната за опоменатите,

74. а не и Аллаховите робови чисти.

75. И Нух, навистина, Ни се помоли и само колку убаво му се одзвавме!

76. И Ние го спасивме него и семејството негово од голема мака,

77. и Ние решивме потомството негово да му продолжи да живее,

78. а споменот за него Ние го задржавме меѓу поколенијата по него.

79. Нека е Мир врз Нух меѓу созданијата!

80. Ете, така Ние, навистина, ги наградуваме добротворите.

81. Тој, навистина, беше меѓу Нашите робови, верници,

82. а другите, потоа, Ние ги потопивме.

83. А, од странката негова беше и Ибрахим,

84. кога му дојде на Господарот со чисто срце,

85. кога му рече на бабо му и на народот негов: »Што обожавате?

86. Лажни богови ли, покрај Аллах, посакувате?

87. Па, какво е вашето мислење за Господарот на световите?«

88. Па, фрли еден поглед кон ѕвездите,

89. и рече: »Јас ќе се разболам, навистина!«

90. И се сврти ја со грбот, оддалечувајќи се од него.

91. И тој незабележително им приј де на божествата нивни, и рече: »Не јадете ли?

92. Што ви е? Зошто не зборувате?«

93. И незабележително им приј де, мавајќи ги со десната рака,

94. и луѓето веднаш побрзаа кон него.

95. Ибрахим рече: »Зар ги обожавате оние што ги делкате?

96. А, Аллах ве создаде и вас и она што го правите!«

97. Тие рекоа: »Направете му ломача и фрлете го во огнот.«

98. И ете, посакаа да го казнат, но Ние нив ги поразивме.

99. И тој рече: »Јас сум таму каде што ми нареди Господарот мој; Он ќе ме упати!

100. Господару мој, подари ми дете што ќе биде меѓу добрите!«

101. И ете, Ние го зарадувавме со мило дете.

102. И кога порасна, кога можеше да шета со него, Ибрахим рече: »О синко! Сонував, навистина, дека те принесувам како жртва, па види и размисли!« Син му рече: »О бабо! Направи го она што ти се наредува. Ќе видиш, ако Аллах даде, дека ќе се стрпам.«

103. И кога двајцата беа послушни, и кога го легна со лицето на земја,

104. Ние повикавме: »О Ибрахим!«–

105. Го исполни сонот. Ете, така Ние, навистина, ги наградуваме добротворите!

106. Ова, навистина, е искушение вистинско.

107. И Ние го заменивме со еден голем брав.

108. А, споменот за него Ние го задржавме меѓу поколенијата по него.

109. Мир врз Ибрахим!

110. Ете, така Ние, навистина, ги наградуваме добротворите!

111. Он, навистина, беше меѓу Нашите робови верници!

112. И Ние го зарадувавме со Исхак, пејгамбер меѓу добрите.

113. И врз него и врз Исхак се истури благодатот Наш. Меѓу потомството нивно имаше, јасно, и такви што работеа добро и што работеа зло за себе!

114. И Харун и Муса, навистина, Ние ги дарувавме:

115. ги спасивме нив и народот нивни од неволја голема;

116. Ние ги помогнавме и станаа победници.

117. И Ние им дадовме Книга разјаснувачка,

118. и Ние ги упативме по патот вистински.

119. И споменот за нив, меѓу оние по нив, Ние го сочувавме.

120. Мир врз Муса и врз Харун!

121. Ете, така Ние, навистина, ги наградуваме добротворите.

122. Оние, навистина, беа меѓу Нашите робови верници.

123. И Илјас, навистина, беше меѓу пејгамберите.

124. Кога му рече на народот свој: »Зар нема да бидете богобојазливи?«

125. Ба'ла ли го молите, а го оставате Најубавиот Создател? –

126. Аллах, Господарот ваш и Господар на предците ваши одамнешни.

127. И го сметаа за лажго. Оние, навистина, ќе бидат во казна вовлечени,

128. а не и чистите робови на Аллах!

129. И споменот на него, по него, Ние го сочувавме.

130. Мир врз Илјас!

131. Ете, така Ние, навистина, ги наградуваме добротворите.

132. Тој, навистина, беше меѓу Нашите робови верници.

133. И, Лут, навистина, беше меѓу пејгамберите.

134. Кога Ние го спасивме него и семејството негово... сите!

135. Освен една старица што остана со другите!

136. А, другите, потоа, Ние ги уништивме.

137. Да, вие поминувате крај нив, наутро,

138. и навечер, исто така! Зар нема да се вразумите?

139. И, Јунус, навистина, беше еден од пејгамберите.

140. Кога побегна со бродот преполн,

141. и ја фрли коцката и таа, ете, падна врз него.

142. И рибата го голтна, а тој требаше да биде опоменат.

143. И да не беше, навистина, меѓу оние што Го слават,

144. ќе останеше во утробата од рибата, навистина, до Денот кога ќе бидат оживеани.

145. И го исфрливме на едно место пусто; беше болен.

146. И Ние одредивме да расте врз него стебло од тиква.

147. И Ние го испративме на стотини илјади луѓе или повеќе.

148. И веруваа и Ние дадовме да уживаат до еден рок определен.

149. Па, постави им го ова прашање: »Зар за Господарот твој ќерки, а за нив синови?«

150. Или: Ги создадовме ли мелеките да бидат жени? А, тие се сведоци!

151. Ете, тие, заради мислењето свое, зборуваа лаги:

152. »Аллах роди;« – тие, навистина, се лажговци!

153. Зар Он им даде предност на ќерките над синовите?

154. Зошто така судите,

155. зар не се опоменувате?

156. Или, пак, имате моќна власт?

157. Па, дојдете со Книгата ваша ако сте искрени!

158. Меѓу него и меѓу џиновите припишуваат сродство. А, џиновите, навистина, узнаа дека тие ќе бидат казнети.

159. Славен е Аллах и над она е што му го припишуваат,

160. а тоа не го прават и чистите робови на Аллах!

161. Па, и вие и она што го обожавате,

162. не можете никого да го одвратите од Него!

163. Освен оној што ќе се пржи во огнот.

164. »Секому од нас му е одредено познато место.

165. Ние сме, навистина, во редици поредени.

166. Ние, навистина Него го славиме!«

167. А тие, навистина, зборуваа:

168. »Да беше при нас опомената на одамнешните,

169. ќе бевме, навистина, Аллахови чисти робови.«

170. Па, во Куранот не веруваа. Па, ќе узнаат!

171. Да, претходеше зборот Наш за робовите Наши, пејгамбери:

172. тие, навистина, ќе бидат помогнати.

173. Војската Наша е онаа која ќе победи.

174. Па, сврти им го грбот, до еден рок определен!

175. Па, посматрај ги, а и тие ќе посматраат!

176. Па, зар казната Наша ја забрзуваат?

177. Па, кога таа ќе ги стигне...е, само колку лошо ќе биде утрото за опоменатите!

178. Па, сврти го грбот кон нив, до еден рок определен!

179. И посматрај ги, а и тие ќе посматраат.

180. Славен нека биде Господарот твој. Господарот на силата, Он е над она што Му го припишуваат!

181. И мир врз пејгамберите!

182. Благодарение на Аллах – Господарот на световите!

# СУРА ЕС-САД

## Сад

Сура 38 - Мекка - 88 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Сад!** Се колнам во Куранот славен!

2. Но, оние што не веруваат се вообразени и прават раздор.

3. Колку поколенија Ние уништивме пред нив, кои повикуваа за помош кога немаше веќе време да се спасат?

4. Тие се чудат што ли им дојде еден опоменувач меѓу нив. Неверниците зборуваат: »Овој е волшебник и голем лажго.«

5. Зар ги сведува боговите на еден Бог? Ова, навистина, е нешто многу чудно!

6. И заминаа големците нивни: »Одете и бидете постојани покрај боговите ваши! Ова, навистина, е нешто што се посакува!

7. Ова не го слушнавме во последните вери. Ова, навистина, е нешто различно.

8. Зар нему меѓу нас да му се објави опомена?« – Но, тие се сомневаат во опомената Моја затоа што уште не ја имаат вкусено казната Моја.

9. Или: Кај нив ли се ризниците на милоста од Господарот твој – Силниот и Дарежливиот!

10. Или: Имаат ли власт на небесата и на Земјата и на она што е меѓу нив? Па, нека се искачат, тогаш, по скалилата!

11. Тие се таму војска безначајна и од војската здружена што е таму ќе биде поразена.

12. И пред нив ги сметаа за лажни пејгамберите: и народот на Нух, и Ад и фараонот, сопственикот на зданија!

13. И Семуд и народот на Лут и жителите на Ејка. Ете, беа странки здружени.

14. Сите ги беа сметале за лажни пејгамберите... па, така се оствари казната врз нив.

15. Оние чекаат само страшен глас, единствен, што не се повторува!

16. И зборуваат: »Господару наш, забрзај ја казната и врз нас пред да настапи Денот на пресметката!«

17. И стрпи се за она што го зборуваат. И сети се на робот Наш, Давуд, силниот, кој, навистина, Му се обраќаше на Аллах.

18. Ние, навистина, ги потчинивме ридовите заедно со него... да Го слават Аллах и при зајдисонце и при изгрејсонце!

19. Сè, како и птиците собрани, Нему му се обраќа.

20. И Ние му го зацврстивме кралството, му дадовме мудрост и вештина на говорништво.

21. И ти дојде ли кажувањето за парничарите... кога поминаа преку Ѕидот од храмот?

22. Кога влегоа кај Давуд и кога тој се исплаши од нив, тие рекоа: »Не плаши се! Ние сме два парничара. Направивме неправда еден на друг. Па, затоа пресуди ни праведно, не биди пристрасен и упати нè кон патот вистински!

23. Овој мој брат има деведесет и девет овци, а јас, пак, имам една овца.« И рече: »Дај ми ја мене да ја чувам; – и така, расправајќи се, ме присили на тоа.«

24. Давуд рече: »Неправда ти нанесол со самото тоа што те прашал да ја придружиш твојата овца кон неговите овци.« Многу ортаци прават неправда едни на други, но не и оние што веруваат и што работат добри дела, а тие се малкумина! И Давуд помисли дека Ние, навистина, го ставивме во искушение, побара простување од Господарот свој, се поклони ничкум и се покаја.

25. Па, Ние му го простивме тоа. Тој, навистина, ќе биде во близината Наша и го чека убаво засолниште.

26. Давуд, Ние те одредивме да бидеш наследник на земјата и суди меѓу луѓето праведно, и не следи ја страста, па да те скршне во заблуда од патот на Аллах. Да, оние што скршнуваат во заблуда од патот на Аллах, тие ќе бидат жестоко казнети затоа што заборавија на Денот на пресметката.

27. И Ние не ги создадовме небото и Земјата и она што е меѓу нив залудно. Ете, така мислат оние што не веруваат. Е, тешко на неверниците што ќе бидат во огнот!

28. Или: ќе постапиме ли со оние што веруваат и што работат добри дела како со безредниците по земјата? Или: ќе постапиме ли со богобојазливите како со расипаните?«

29. Книгата што Ние ти ја објавивме е – благословена, за да размислуваат за ајетите нејзини и за да се опоменат оние што разбираат.

30. И на Давуд Ние му го подаривме Сулејман. Е, колку е благонаклонет тој роб! Тој, навистина, беше покајник!

31. Кога една вечер му се претставени добро извежбани, на висок степен подготвени коњи.

32. И кога рече: »Покажав поголема љубов кон ова добро отколку кон спомнувањето на Господарот мој!« И веднаш исчезнаа од видикот негов.

33. »Вратете ми ги!« И почна да ги мази и по нозете и по вратовите.

34. Ние го ставивме во искушение и Сулејман, а на престолот негов, оставивме едно тело, и тој потоа се покаја,

35. и рече: »Господару мој, прости ми и дарувај ми власт што нема да ја има никој по мене! Ти си, навистина, Дарител!«

36. Па, Ние му го потчинивме ветрот што тивко дуваше по наредбата негова, таму каде што тој посакуваше,

37. и шејтаните – сите градители и нуркачи,

38. и други, во пранги заковани.

39. »Ова е Наш подарок; а ти земи ги или ослободи ги, нема да се бара одговорност од тебе!«

40. И тој, навистина, ќе биде во близина Наша и има убаво засолниште за него.

41. И спомни го робот Наш Ејуб, кога го замоли Господарот свој: »Шејтанот ми нанесе, навистина, мака и болка!«

42. »Удри со ногата: ете ти ладна вода за капење и за пиење!«

43. И Ние му го подаривме семејството негово, и нему слични, како милост од Нас, да биде опомена за островидните!

44. И земи сноп со раката твоја и удри со него, и не прекршувај ја заклетвата. Воочивме дека, навистина, е трпелив. Е, колку беше благонаклонет тој роб! Тој, навистина, беше покајник!

45. И сети се на робовите Наши: Ибрахим, и Исхак и Јакуб...стамени и далековидни.

46. Ние, навистина, ги одликувавме нив со едно својство: се сеќаваа на оној свет.

47. Тие, навистина, кај нас се меѓу најдобрите избраници!

48. И сети се на Исмаил и на Илјас и на Зул Кифл. Сите тие беа меѓу избраниците!

49. Ова е Опомена! За богобојазливите, навистина, има убаво засолниште:

50. градини еденски, со врати отворени за нив,

51. потпрени врз дивани: во нив ќе бараат различно овошје и напитоци.

52. И пред нив ќе има и девојки, од нивна возраст, со соборени погледи.

53. »Ова, токму, е она што ви се ветуваше дека ќе биде на Денот на одговорноста;

54. ова, навистина, е благодатот Наш кој не се троши.«

55. Ете, така! А за заканувачите има лошо престојувалиште:

56. Џехеннем во кој ќе бидат фрлени. Е, само колку е лошо тоа престојувалиште!

57. Ете, така! Па, нека ја вкусат водата жешка и водата смрдлива што капи!

58. И многу други, на нив слични, обрасци на маки.

59. Ова е дружина здружена со вас, која нема да биде примена со добредојде, туку ќе биде фрлена во оган.

60. Ќе речат: »За вас нема добредојде. Вие ова ни го подготвивте. Е, само колку е лошо тоа престојувалиште!«

61. И ќе речат: »Господару наш, зголеми ја казната во огнот двојно за оној што ни го подготви ова!«

62. И, ќе речат: »Што е со нас, па не ги гледаме луѓето кои ги вбројуваме меѓу злосторниците,

63. кои ги исмејувавме? Или, пак, ни исчезнаа од видот?«

64. Вистина е тоа дека жителите на огнот ќе се караат.

65. Кажи: »Јас сум, навистина, само опоменувач! Нема друг бог освен Аллах, Еден и Силен!

66. Господарот на небесата и на Земјата и на она што е меѓу нив, Силен и Простувач!«

67. Кажи: »Ова кажување е големо,

68. кон кое сте вие рамнодушни.

69. Не знам за мелеките возвишени кога расправаа едни со други:

70. ми се објавува дека сум, навистина, само опоменувач јасен.«

71. И кога им рече Господарот твој на мелеките: »Јас сум Создател на човекот. Го создадов од глина.

72. Па, кога ќе му дадам изглед и ќе му вдахнам дел од духот Мој – поклонете му се!«

73. И сите мелеки се поклонија, сите до еден.

74. А, Иблис тоа не го направи: се прчеше и беше неверник.

75. Аллах рече: »О Иблис! Што те натера да не му се поклониш на оној што го создадов со рацеве Мои? Се прчиш или, пак, се сметаш дека си голем?«

76. Иблис рече: »Јас сум подобар од него: мене ме создаде од оган, а него го создаде од глина.«

77. Аллах рече: »Излегувај од Џеннетот! Ти си, навистина, проколнет!

78. Врз тебе ќе биде, навистина, проклетството Мое до Денот суден!«

79. Иблис рече: »Господару мој, дај ми прилика до Денот кога ќе бидат оживеани!«

80. Аллах рече: »Ти се дава прилика, навистина,

81. до Денот на времето познато!«

82. Иблис рече: »Се колнам во Твојата моќ! Сите до еден ќе ги заведувам, сигурно! –

83. а не и Твоите чисти робови !«

84. Аллах рече: »Па, се колнам во вистината, она што го зборувам е вистина:

85. ќе го наполнам Џехеннемот, сигурно, со тебе и со оние што ќе те следат, со сите до еден!«

86. Кажи: »Не барам од вас за ова никаква награда и јас не сум меѓу оние што се овластени за тоа!«

87. Куранот е само опомена за световите!

88. И ќе дознаете набргу за кажувањето негово, навистина!

# СУРА ЕЗ-ЗУМЕР

## Дружини

Сура 39 - Мекка - 75 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Се објавува Книга од Аллах, Силен и Мудар!

2. Ние Книгата ти ја објавивме со вистина. Па, обожавај Го Аллах, исповедувајќи ја чисто верата кон Него.

3. Внимавај, чистата вера е – Аллахова! Оние што земаат други заштитници освен Него: »Ги обожаваме само да нè приближат до Аллах!« Аллах, навистина, ќе им пресуди за она за што, токму, станаа деленици. Аллах, навистина, не ги упатува лажговците и неверниците!

4. Да посакаше Аллах да присвои дете, ќе избереше од она што го создаде со волја Своја. Славен нека биде Он. Он е Аллах, Еден и Силен!

5. Ги создаде небесата и Земјата со вистина. Он ноќта ја покрива со денот, а денот го покрива со ноќта. Он ги потчини Сонцето и Месечината. Сето тоа се движи до рок определен. Он, навистина, е Силен и Простувач!

6. Он ве создаде од еден човек. Потоа од него создаде сопруга. И Он ви даде осум парови на добиток. Ве создаде во утробите на мајките ваши, создание по создание, низ три темнини. Ете, тоа ви е Аллах, Господарот ваш; власта е

– Негова! Нема друг бог освен Него! Па, каде, тогаш, сте кинисале!

7. И ако не верувате... та, Аллах, навистина, е независен од вас, и не е задоволен со неверувањето на робовите Свои, а, ако, пак, Му се заблагодарувате, е задоволен со вас. И никој нема да ја понесе тежината на бремето од друг човек, а потоа враќањето ваше води кон Господарот ваш... па, Он ќе ве извести за она што го работевте. Он, навистина, го знае она што е во градите ваши!

8. А, кога на човекот ќе го снајде некаква неволја, го моли Господарот свој; Нему му се обраќа. И штом ќе му додели благодат од Него, го заборава она за што Го молеше порано, и Му припишува на Аллах еднакви за да скршне од патот Негов. Кажи: »Уживај малку во неверството. Ти, навистина, ќе бидеш меѓу жителите на огнот!«

9. Зарем е таков оној што ноќе останува поради побожност, клањајќи намаз, кој се сеќава на оној свет, кој се надева на милоста од Господарот свој... Кажи: »Еднакви ли се оние што знаат и оние што не знаат? На Аллах се сеќаваат, навистина, островидните!«

10. Кажи: »О робови мои кои верувате! Плашете се од Господарот ваш! За оние што прават убави дела на овој свет има добро. Земјата Аллахова е широка. Наградата за трпеливите ќе биде безмерна, навистина!«

11. Кажи: »Наредено ми е да Го обожавам Аллах, чисто исповедувајќи ја верата кон Него,

12. и наредено ми е да бидам прв муслиман.«

13. Кажи: »Јас, навистина, се плашам, доколку сум непослушен на Господарот мој, од казната на Денот голем.«

14. Кажи: »Аллах Го обожавам, чисто исповедувајќи Му ја верата моја.

15. Па, обожавајте, освен Него, кого сакате!« Кажи: »Поразени се на Денот суден, навистина, оние што ќе се поразат самите себеси и семејствата свои. Ете, тоа е јасен пораз!«

16. Над нив ќе има слоеви на оган и под нив ќе има слоеви на оган. Ете, така Аллах ги заплашува робовите Свои: »О робови Мои! Плашете се од Мене!«

17. А, оние што го избегнуваат обожавањето на киповите и што Му се обраќаат на Аллах... за нив има радостница. Па, зарадувај ги робовите Мои,

18. кои го слушаат Говорот, па го следат убавото од него... тоа се оние што ги упати Аллах. Тоа се островидните.

19. За оној за кој се оствари зборот на казната... него ли да го изведеш од огнот?

20. Но, за оние што се плашат од Господарот свој има станови: изградени едни на други покрај кои течат реки. Ете, тоа е ветувањето на Аллах. А, Аллах не го изневерува ветувањето!

21. Зар не гледаш дека Аллах, навистина, спушта вода од небото? Па ја воведува во земјата и така настануваат извори. Потоа, со помош нејзина, вади растенија разновидни. Потоа сето се суши и го гледаш пожолтено и, на крај, го прави кршливо. Во тоа, навистина, има опомена за островидните!

22. Оној чии гради Аллах ги отвори за Исламот и ја следи светлината на Господарот свој, дали е тој еднаков со оној што не верува? Па, тешко на оние чии срца се затврднати кога ќе се спомне Аллах! Таквите се во скршнување очигледно!

23. Аллах го објави најубавиот Говор, Книга со меѓусебно слични делови, порака која се повторува. На оние што се плашат од Господарот свој ги фаќаат морници на кожата. Потоа, кога ќе се спомне Аллах, се смируваат и морниците нивни и срцата нивни. Ете, тоа, токму, е патоказ на Аллах со кој Он упатува кого сака. А оној кого Аллах ќе го скршне во заблуда... та, за него нема упатувач!

24. Зар е ист со него оној што се плаши од соочување на лицето негово со пакоста на казната на оној свет? Ќе им се рече на силниците: »Вкусете го она што го стекнавте!«

25. Лажеа и оние кои беа пред нив, па им дојде казна отаде од каде што и не почувствуваа.

26. Па, Аллах, одреди да вкусат срам на овој свет, а казна најголема, навистина, на оној свет. Е, само кога би знаеле!

27. Ние им изнесовме на луѓето во овој Куран секакви примери за да се опоменат.

28. Куран на арапски, без несогласие, за да бидат богобојазливи.

29. Аллах донесува пример: човек што е под власт на ортаци, кои се расправаат едни со други во врска со него и човек, потчинет на еден човек. Дали примерот на тие двајца е ист? Благодарение на Аллах! Но, ете мнозината од нив не знае!

30. Ти си, навистина, смртник, а и тие се, навистина, смртници!

31. Потоа вие на Денот суден, навистина, ќе се расправате едни со други кај Господарот ваш.

32. Па, кој е поголем неверник од оној што го порекнува Аллах, и кој, кога ќе му дојде вистината, ја порекнува? Нели Џехеннемот е засолниште за неверниците?

33. Оној што дојде со вистината и оние што ја потврдија истата се богобојазливи!

34. За нив, кај Господарот нивни, има сè што ќе посакаат. Ете, тоа е награда за добротворите.

35. За Аллах да им ги отстрани пропустите што ги направија и за да ги награди со најубава награда оние што работеа добро.

36. Зар Аллах не е доволен на робот Негов? А, тие те заплашуваат со оние што ги обожаваат освен Него. А, оној кого Аллах ќе го скршне во заблуда... па, за него, нема упатувач!

37. А, оној кого Аллах ќе го упати... па, за него, нема никој што ќе го скршне во заблуда! Нели е Аллах Силен и Строг?

38. И ако ги прашаш: »Кој ги создаде небесата и Земјата?« Сигурно ќе речат: »Аллах!« Кажи: »Зарем мислите дека тие што ги обожававте освен Аллах, ако Аллах ми нанесе штета, дали тие ќе можат да ја отстранат штетата Негова? Или, ако посака да ми подари милост, дали тие можат да ја спречат милоста Негова? Кажи: »Аллах за мене е доволен. На Него се потпираат оние што се потпираат!«

39. Кажи: »О народе мој! Работете на местата ваши! Јас, навистина, работам. Па, ќе узнаете, навистина,

40. кому ќе му дојде казна што ќе го засрами и за кого се подготвува казна постојана.«

41. Ние ти објавивме Книга со вистина за луѓето. Тогаш, кој ќе се упати, тој за себе ќе се упати, а кој ќе скршне во заблуда, ќе скршне, навистина, против себе. Ти не си нивни чувар.

42. Аллах ги зема душите при самата смрт нивна, но и на оние што не умреле кога спијат. Па, така, за оние за кои Он ќе реши да умрат, ги задржува, а оние за кои ќе реши да останат, ќе останат до рок определен. Ете, во тоа, навистина, има знаменија за луѓето што размислуваат!

43. Зар прифаќаат покрај Аллах други посредници? Кажи: »Зар оние што не поседуваат ништо и што не се свесни тоа да го направат?«

44. Кажи: »Посредништвото за сите е кај Аллах! Власта и на небесата и на Земјата е – Негова! Потоа Нему ќе му се вратите.«

45. И само кога ќе се спомне името на Аллах, Единствениот, ќе се згрчат срцата на оние што не веруваат во оној свет. А, кога ќе се спомнат, пак, оние освен Него, ете ги како се радуваат!

46. Кажи: »О Аллаху мој! Создателу на небесата и на Земјата, Зналецу на тајното и јавното, Ти ќе им пресудиш на робовите Твои, за она поради што станаа деленици!«

47. Кога неверниците би го поседувале сè она што е на земјата, и уште толку би дале, навистина, за пакосната казна на Денот суден, само, ете, да се спасат од неа. А за казната нивна, од страна на Аллах, ќе им се предочи и она што не можеле да го замислат.

48. И ќе им се предочат лошотиите што ги направија и ќе им се остварат оние работи за кои, токму, се исмејуваа.

49. Па, кога човекот ќе го снајде некаква неволја, Нè моли. А кога ќе му овозможиме, потоа, благодат Наша, вели: »Она што ми е дадено, е знаењето!« Но, тоа е сплетка, а, ете мнозината од нив не знаат.

50. Тоа, навистина, го зборуваа и оние пред нив. Па, така, не им вредеше она што го спечалија.

51. Ете, ги погодија лошотии за она што го спечалија; оние од нив кои направија зло, ќе ги погодат лошотии за она што го спечалија: нема да можат да ја избегнат казната.

52. Зар не знаат дека Аллах дава богатство кому сака и Он скратува кому сака? Во тоа, навистина, има знаменија за луѓето што веруваат!

53. Кажи: »О робови мои, вие, кои згрешивте против себе, не губете надеж во милоста на Аллах! Аллах, навистина, ги простува сите гревови. Он, навистина, е Простувач и Сомилосен!

54. Приближете се кон Господарот ваш и бидете Му послушни пред да ви дојде казната; потоа нема да ви се помогне.

55. И следете го, до вас објавеното, од Господарот ваш, најдоброто, пред да ви дојде казната ненадејно, кога нема ни да почувствувате.«

56. Човекот да не рече: »Налет да е, колку должности пропуштив кон Аллах - навистина бев меѓу исмејувачите!«

57. Или да не рече: »Да ме упатеше Аллах, навистина, ќе бев меѓу богобојазливите!«

58. Или да не рече кога ќе ја види казната: »Е, кога би имало за мене враќање, па да бидам меѓу добротворите!«

59. »Не, ти доаѓаа, навистина, ајети Мои...па, ги сметаше за лажни, се прчеше и беше неверник.«

60. На Денот суден ќе ги видиш оние што го порекнуваа Аллах како лицата им стануваат црни. Нели Џеханнемот е засолниште за вообразените?

61. Аллах ќе ги спаси оние што се богобојазливи во достигнувањата нивни; нема да ги снајде зло и нема да тагуваат.

62. Аллах е Создател на сè! И Он е Закрилник на секоја ствар!

63. Клучевите на небесата и на Земјата се – Негови. Оние што не веруваат во ајетите на Аллах, тие се, токму, страдалници!

64. Кажи: »Ми наредувате ли, освен Аллах, да обожавам други, о незнајковци!

65. Објавено ти е, навистина, она што е објавено, а и на оние пред тебе им е објавено: »Ако бидеш многубожец, сигурно ќе пропаднат делата твои и сигурно ќе бидеш меѓу страдалниците.«

66. Но, обожавај Го Аллах и биди меѓу благодарните!

67. А, тие не го почитуваат Аллах онолку колку што вистински треба да Го почитуваат. Сета Земја на Денот суден ќе биде во Неговата власт, а небесата ќе бидат свиткани во моќта Негова. Славен нека е Он! И високо е над она што Му го здружуваат!

68. И ќе се дувне во Рогот и, ете, страшниот глас ќе ги снема оние на небесата и оние на Земјата, а не и оние за кои Аллах ќе посака. Потоа, повторно ќе се дувне во Рогот и, ете ќе бидат исправени, во исчекување!

69. А, земјата ќе засвети со светлината на Господарот нејзин, и ќе се постави Дефтерот, и ќе се доведат пејгамберите и сведоците... Исправно ќе им се суди и нема да им се наштети.

70. Секој ќе си го добие она што го спечалил. Он најдобро го знае она што го работат!

71. Оние што не веруваа, тие ќе бидат натерани во дружини, во Џехеннем. И штом ќе дојдат до него, ќе им се отворат вратите негови, и чуварите нивни ќе ги прашаат: »Нели ви доаѓаа пејгамбери меѓу вас што ви ги кажуваа ајетите на Господарот ваш и ве опоменуваа за Средбата на овој ваш Ден?« Ќе одговорат: »Да!« Но, се овистини казнувачкиот збор за неверниците!

72. Ќе се рече: »Влезете низ вратите на Џехеннемот во кој за навек ќе останете.« Е, само колку е лошо тоа престојувалиште за вообразените!

73. А, оние што се плашеа од Господарот свој, тие ќе бидат натерани во Џеннет во дружини. И штом ќе дојдат до него, ќе им се отворат вратите негови, и чуварите нивни ќе им речат: »Мир врз вас! Бевте прекрасни: па, влезете во Џеннет и во него за навек ќе останете!«

74. Ќе речат: »Благодарение на Аллах, Кој го исполни ветувањето Свое кон нас, и нè одреди да ја наследиме земјава, да се сместиме во Џеннетот таму каде што ќе си посакаме.« Е, само колку е благословена наградата за трудољубивите!

75. И ќе ги видиш мелеките како кружат околу престолот, славејќи Го, со благодарноста кон Него, Господарот свој. Исправно ќе им се суди и ќе се рече: »Благодарение на Аллах! Господарот на световите!«

# СУРА ЕЛ-ГАФИР

## Простувач

Сура 40 - Мекка - 85 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Ха, мим!**

2. Се објавува Книга од Аллах, Силен и Зналец!

3. Простувач на гревовите и Примач на покајанието, Силен Казнувач, Господарот на силата. Нема друг бог освен Него. Свратилиштето е – кон Него.

4. За ајетите на Аллах расправаат само оние што не веруваат, па нека не те измами патувањето нивно по земјите!

5. И народот на Нух не веруваше пред нив и странките по нив. Секој народ му даваше значење на тоа како да го истера пејгамберот, испратен до нив. И расправаа за невистината за да ја покријат вистината со тоа. Па, ги казнив. Е, само каква беше казната Моја!

6. И ете така, се исполни казнувачкиот збор од Господарот твој за оние што не веруваа. Овие ќе бидат, навистина, жители на огнот.

7. Оние што го носат престолот и оние што се околу него, Го слават, заблагодарувајќи Му се, Господарот свој, и веруваат во Него, и бараат простување за оние што веруваат: »Господару наш, опфаќаш сè и со знаењето и со милоста!

Прости им на оние што се кајат, што го следат Твојот пат и сочувај ги од казната џехеннемска!

8. Господару наш, воведи ги во градините еденски што им ги вети – на оние што беа добри – и на предците нивни, и на жените нивни, и на потомствата нивни. Ти си, навистина, Силен и Мудар!

9. И сочувај ги од лошотиите, а оној кого ќе го сочуваш од лошотиите на тој Ден – си му се смилувал, навистина!« Ете, тоа, токму, е победа голема!

10. На оние што не веруваа ќе им се возгласи: »Омразата на Аллах е поголема, сигурно, од омразата ваша кон самите вас: кога бевте повикани кон верувањето, па не верувавте.«

11. Ќе речат: »Господару наш, двапати нè умртви и двапати нè оживеа, па еднаш веќе ги признавме гревовите наши. Има ли, тогаш, некој пат по кој ќе може некако да се излезе?«

12. » Ете, тоа ви е, зашто не верувавте кога се повикувавте кон Аллах, Единствениот, а кога Му се здружуваше нешто, верувавте. Судот на Аллах е Вишен и Голем!«

13. Он ви ги покажува знаменијата Негови и ви спушта благодат од небо. Се опоменува само оној што ја прима поуката.

14. Па, моли Го Аллах, исповедувајќи ја чистата вера Негова, па макар го мразеле тоа неверниците!

15. Сопственик на високите степени и положаи, Сопственик на престолот, Кој го испраќа Духот со наредбата Своја, до оној за кого ќе посака од робовите Свои, за да опомене за денот на Средбата.

16. Денот во кој ќе се споредуваат, кога ништо на Аллах нема да Му биде скриено од нив. И чија ќе биде власта на тој Ден? Аллахова ќе биде, Единствениот и Силниот!

17. Ден во кој секој ќе биде награден според она што си го спечалил. Нема да има неправда на тој Ден. Аллах, навистина, брзо пресметува!

18. И опомени ги за денот што е блиску: кога срцата ќе застанат во грлата, загушени. Силниците нема да имаат поддржник или посредник што ќе се послуша.

19. Он го знае скришниот поглед на очите и она што го кријат градите.

20. Аллах ќе пресуди исправно. Оние што се молат на други богови освен Него...па, овие за ништо не можат да пресудат. Аллах, навистина, слуша сè и гледа сè!

21. Зар не патуваат по земјата, па да видат каква беше казната за оние пред нив? Тие беа и посилни и оставија поголеми траги на земјата. Па Аллах, заради гревовите нивни, ги казни. И за нив немаше поддржник од Аллах.

22. Ете, така беше тоа, бидејќи, навистина, им доаѓаа пејгамбери со јасности, па не веруваа, и Аллах ги казни. Он, навистина, е Моќен и Силен Казнувач!

23. И Ние Муса, навистина, го испративме со знамениј а Наши и со јасен доказ,

24. до фараонот, до Хаман и до Карун... кои рекоа: »Волшебник и лажго!«

25. И кога им дојде со вистината Наша, рекоа: »Убијте ги машките деца на оние што веруваат во него, а оставете ги во живот женските деца.« Но, сплетката на неверниците води само во заблуда!

26. И фараонот рече: »Оставете ме да го убијам Муса, па тој нека го моли Господарот свој: се плашам, навистина, да не ја измени верата ваша или да не посее безредие по земјава.«

27. И муса рече: »Јас барам заштита од Господарот мој и од Господарот ваш, и против сум вообразениот што не верува во Денот на пресметката.«

28. Еден човек верник од семејството на фараонот, кој го криеше верувањето свое, рече: »Зар ќе го убиете човекот кој тврди: – Аллах е – Господарот мој. – Тој, навистина, ви дојде со јасности од Господарот ваш. А, ако лаже, лажењето ќе биде против него. А, ако, пак, зборува вистина, ќе ви се случи она со што ви се заканува.« Аллах, навистина, не го упатува претерувачот и лажгото!

29. О народе мој! Денес е власта ваша: вие сте на чело на земјава. Па, кој ќе ни помогне од неволјата на Аллах доколку таа ни се случи? Фараонот рече: »Јас го гледам при вас само она што го гледам. И ќе ве упатам само по патот исправен!«

30. А, оној што веруваше, рече: »О народе мој! Јас, навистина, се плашам за вас, од нешто слично што им се случи на оние кои станаа деленици,

31. слично на случајот со народот на Нух, Ад и Семуд и оние што беа по нив. Аллах не им посакува зло на луѓето!

32. О народе мој! Јас, навистина, се плашам за вас од Денот кога ќе се повикувате меѓу себе,

33. Денот кога ќе го вртите грбот едни од други. За вас, освен Аллах, нема да има друг заштитник,

а оној кого Аллах ќе го скршне во заблуда... па, за него нема упатувач!«

34. И порано Јусуф ви дојде со јасности. Па, постојано се сомневавте во она со што ви дојде. И штом си замина од овој свет, рековте: »Аллах нема да испрати пејгамбер по него!« Ете, така Аллах го скршнува во заблуда оној што претерува и оној што се сомнева.

35. Оние што расправаат за ајетите на Аллах без јасен доказ, тие ја зголемуваат омразата кон Аллах и кон оние што веруваат. Ете, така Аллах го запечатува срцето на секој вообразен и силник!

36. Фараонот рече: »О Хаман! Изгради ми една кула за да можам да се вишнам низ скалите нејзини,

37. скалите на небесата... Па, да се вишнам до богот на Муса, а јас, навистина, мислам дека тој е лажго.« И ете, така му се разубави злоделото и фараонот беше оддалечен од патот. Сплетката на фараонот е само страдање!

38. И оној што веруваше пак рече: »О народе мој! Следете ме, јас ќе ве упатам по патот и по показот!

39. О народе мој! Животот на овој свет, навистина, е само уживање, а оној свет, навистина, е Куќата на вечноста!«

40. Кој ќе направи зло, тој ќе биде казнет соодветно на тоа, а кој, пак, ќе направи добро, било да е машко или женско, а верник е... па таквите ќе влезат во Ценнет и во него ќе бидат безмерно наградени!

41. И уште: »О народе мој! Што ви е, јас ве повикувам кон спасот, а вие ме повикувате кон огнот?

42. Ме повикувате да не верувам во Аллах и да Му здружувам здруженик, за кого не знам ништо. А јас ве повикувам кон Силниот и Простувачот!

43. Беспрекорно! Ме повикувате, навистина, кон она за што не може да се повика ниту на овој свет ниту на оној свет. Ние, навистина, ќе Му се вратиме на Аллах, а расипниците се жители на огнот.

44. Па, ќе се сетете на она што ви го зборувам, а јас мојата работа Му ја препуштам на Аллах. Аллах, навистина, ги гледа робовите!«

45. И Аллах го сочува од лошотиите што му ги правеа, а пакосната казна ќе се оствари кон семејството фараоново:

46. огнот во кој ќе бидат изложени и наутро и навечер; Денот во кој ќе се случи Часот: »Воведете го семејството фараоново во најжешката казна!«

47. И кога ќе расправаат во огнот, потчинетите ќе им речат на потчинителите: »Ние, навистина, ве следевме, па можете ли малку да нè ослободите од огнот?«

48. И потчинителите ќе речат: »Па, ете сите ние сме во огнот, навистина! Аллах им пресуди на робовите Свои!«

49. А, оние што ќе бидат во огнот на чуварите џехеннемски ќе им речат: »Замолете го Господарот ваш да ни олесни барем еден ден од казната!«

50. Ќе ги прашаат: »Зар не ви доаѓаа пејгамбери ваши со јасности?« Ќе им одговорат: »Да!« Ќе речат: »Па, молете се!« Молбата на неверниците ќе биде залудна!

51. Ќе ги поддржиме, сигурно, пејгамберите Наши и оние што веруваа во животот на овој свет и во Денот кога ќе се појават сведоците,

52. на Денот во кој на неверниците нема да им користат извинувањата; за нив има проклетство и за нив има Куќа пакосна.

53. На Муса, навистина, Ние му дадовме патоказ, а Книгата им ја оставивме на Синовите Израилови во наследство:

54. Патоказ, Опомена за остроумните!

55. Па, стрпи се! Ветувањето на Аллах, секако, е вистинско; и барај простување за твојот грев и слави Го, заблагодарувајќи се, Господарот твој, и навечер и наутро!

56. Оние што, навистина, се расправаат за ајетите на Аллах без никаков доказ дојден до нив... во градите нивни има само горделивост, и нема да ја остварат својата цел. Па, барај засолниште кај Аллах! Он, навистина, слуша сè и гледа сè!

57. Создавањето на небесата и на Земјата е поголемо од создавањето на луѓето. Но, ете мнозината на луѓето не знаат!

58. Не се еднакви оној што е слеп и оној што гледа; оние што веруваат и што работат добри дела и злосторниците. Само малкумина од вас се опоменуваат!

59. Часот, во кој нема сомнение, навистина, ќе дојде. Но, ете мнозината на луѓето не верува!

60. Господарот ваш рече: »Молете ми се, ќе ви услишам…! Оние меѓу робовите Мои што се вообразени, тие ќе влезат во Џеханнем, понижени!«

61. Аллах ви ја определи ноќта за да се смирите во неа, а денот за гледање. Аллах, навистина, е

полн со добрина кон луѓето. Но, ете мнозината на луѓето не се заблагодарува!

62. Ете, тоа ви е Аллах, Господарот ваш, Создател на сè! Нема друг бог освен Него. Па, каде, навистина, сте кинисале?

63. Ете, така кинисаа оние што не ги признаваа ајетите на Аллах.

64. Аллах ви одреди земјата да ви биде живеалиште, а небесата здание, и Он ви дава изглед, изглед најубав, и Он ве снабдува од богатствата. Ете, тоа ви е Аллах, Господарот ваш. Па, благословен е Аллах, Господарот на световите!

65. Он е жив. Нема друг бог освен Него. Па, молете Го чисто, исповедувајќи ја верата кон Него. Благодарение на Аллах, Господарот на световите!

66. Кажи: »Забрането ми е, навистина, да ги обожавам оние што вие, освен Аллах, ги обожавате, бидејќи ми дојдоа јасности од Господарот мој и бидејќи ми е наредено да бидам послушен на Господарот на световите!«

67. Он ве создаде од земја, потоа од капка семе, потоа од засирена крв, потоа ве вади како бебе, потоа ќе сјакнете и, на крај, ќе остарите. Некои од вас ќе умрат порано, а некои, пак, ќе го дочекаат рокот определен... за да се вразумите!

68. Он умртува и Он оживува. И кога ќе реши за нешто, ќе му рече: »Биди!« – и тоа, токму, ќе биде!

69. Зар не ги гледаш оние што расправаат за ајетите на Аллах? Како тие се оддалечуваат?

70. Оние што ја сметаат за лажна Книгата и она што Ние им го испративме на пејгамберите Наши. Е, па, ќе узнаат,

71. кога ќе има синџири врз вратовите нивни и ланци; ќе бидат влечени,

72. низ зовриена вода, а потоа, тие ќе бидат пржени во оган;

73. потоа ќе бидат прашани: »Каде се оние што ги обожававте,

74. освен Аллах?« Ќе одговорат: »Се оддалечија од Нас. Но, порано не се клањавме на ништо. Ете, така Аллах на неверниците ги скршнува во заблуда.«

75. Ете, тоа ви е затоа што се веселевте бесправно по земјата и затоа што бевте вообразени.

76. Влезете низ вратата на Џехеннемот во кој за навек ќе останете. Е, само колку е лошо престојувалиштето за вообразените!

77. Па, стрпи се! Ветувањето на Аллах е вистина. Или Ние да ти покажеме нешто од она со што им се закануваме, или животот да ти го земеме... па, Нам ќе ни се вратат!

78. И, пред тебе, навистина, Ние испративме пејгамбери. За некои од нив ти кажувавме, а за некои од нив не ти кажувавме. Ниеден пејгамбер не донесе ајет, освен со одобрението на Аллах. Па, кога ќе дојде наредбата на Аллах, се решава исправно, а лажговците ќе настрадаат.

79. Аллах ви создаде животни: некои од нив ги јавате, а со некои од нив се храните.

80. А, од нив имате и други користи: го остварувате она за што чувствувате потреба – патувате со нив и со лаѓи!

81. И Он ви ги покажува знаменијата Свои. Па, кое од знаменијата на Аллах не го признавате?

82. Зошто не патуваат по земјата, па да видат каква беше завршницата на оние пред нив? Беа

и помногубројни и посилни во оставањето траги на земјата. Па, така, не им користеше она што го спечалија!

83. И кога им дојдоа пејгамберите нивни со јасности, се радуваа со знаењето што го поседуваа, и се оствари врз нив она за што се исмејуваваа.

84. И кога ќе ја видеа казната Наша, ќе речеа: »Веруваме во Аллах, Единствениот, и ги поре-кнуваме божествата што ги обожававме!«

85. И кога ќе ја видеа казната Наша, тогаш не им користеше верувањето нивно. Ете, таква беше практиката на Аллах, што веќе се случи, кон робовите Негови. И тогаш неверниците страдаа!

# СУРА ФУССИЛЕТ

## Потенко објаснување

Сура 41 - Мекка - 54 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Ха, мим!**

2. Објава од Милостивиот Сомилосен!

3. Книга со потенко објаснети ајети – Куран на арапски – за луѓето кои знаат!

4. Како радостник и опоменувач. Па, мнозината од нив се рамнодушни и никако не слушаат.

5. И зборуваат: »Срцата наши се затврднати во однос кон она кон што нè повикуваат, ушите ни се оглувени, а меѓу нас и тебе има перде. Па, ти работи си, а и ние, навистина, ќе си работиме!«

6. Кажи: »Јас сум човек како и вие. Само ми се објавува дека вашиот Бог, навистина, е еден Бог. Па, тогаш барајте да се управите кон Него и барајте простување од Него. И тешко на многубошците!«

7. Оние што не даваат зекат и оние што не веруваат во оној свет.

8. За оние што веруваат и што работат добри дела, за нив, навистина, има награда која не престанува!

9. Кажи: »Вие ли, навистина, не верувате во Оној што ја создаде земјата за два дена? И зар Нему

Му припишувате здруженици? Ете, тоа е Господарот на световите!«

10. И Он расфрла по земјата планини, и неа, исто така, ја благослови, и ги постави сите услови за живот и тоа за четири дена; ова е за оние кои прашуваат.

11. Потоа ги запоседна небесата, а тие беа како магла, и им рече, ним и на земјата: »Дојдете, сакале или не сакале!« Па, рекоа: »Доаѓаме покорно!«

12. И за два дена, потоа, Он одреди седум небеса, и на секое небо му ја објави наредбата. А небото, над земјата, Ние го разубавивме со ѕвезди и го чуваме. Ете, тоа е наредбата на Силниот и Зналецот!

13. Па, ако се рамнодушни, кажи им: »Ве опоменав со потрес, сличен на потресот врз Ад и врз Семуд!«

14. И кога им дојдоа пејгамберите и по нив и пред нив: »Зар ќе обожавате друг освен Аллах…?« Тие одговорија: »Да посака Господарот наш, ќе испрати мелеки: ние, навистина, не веруваме во она со што сте испратени!«

15. А, што се однесува на луѓето на Ад... тие се прчеа по земјата бесправно и зборуваа: »Кој е помоќен од нас?« Не гледаат ли дека Аллах, Кој ги создаде, навистина, е помоќен од нив? И не ги признаваа знаменијата Наши!

16. Па, Ние им испративме виорен ветар, во деновите несреќни, за да ја вкусат срамната казна во животот на овој свет, а казната на оној свет сигурно е посрамна. Нема да им се помогне!

17. А, што се однесува на луѓето на Семуд... па, Ние им дадовме патоказ: повеќе го сакаа бес-

паќето од патоказот, па ете, ги погоди потрес, казна срамна поради она што го направија.

18. И Ние ги спасивме оние што веруваа и што беа богобојазливи!

19. И на Денот во кој непријателите на Аллах ќе бидат натерани во огнот...па, тие ќе бидат притворени,

20. и штом ќе дојдат до него, ќе сведочат против нив: ушите нивни, и очите нивни, и кожите нивни... за она што го работеа.

21. И оние тогаш ќе ги прашаат на кожите нивни: »Зошто сведочевте против нас?« Овие ќе одговорат: »Аллах е Оној што ни даде способност да зборуваме; таква способност ѝ даде на секоја ствар. Он ве создаде првпат и Нему Му се враќате!«

22. Вие не се криевте од сведочењето против вас од страна на: ушите ваши, очите ваши и кожите ваши. Но, ете мислевте дека Аллах не знае многу од она што го работите.

23. Затоа што така мислевте, мислејќи за Господарот ваш, страдавте и останавте поразени.

24. Па, иако се стрпат, огнот ќе биде престојувалиштето нивно, а ако бараат да се вратат во она што сакаат, нема да можат да се вратат.

25. Ние им одредивме другари, па им го разубавуваа она што го работеа и она што ќе го работат по тоа. И против нив се оствари зборот на казната, а истиот се оствари против народите кои лажеа пред нив: џиновите и луѓето. Беа презрени, навистина!

26. Оние што не веруваат, тие велат: »Не слушајте го овој Куран и спротивставете му се, викајќи, за да го совладате!«

27. За оние што не веруваат Ние ќе одредиме да ја вкусат жешката казна и ќе ги казниме со она што е најболно поради она што го работеа.

28. Ете, тоа е казна, оган, за непријателите на Аллах. Во него ќе им биде Куќата на вечноста: казна затоа што не ги признаваа ајетите Наши!

29. А, оние што не веруваат, тие ќе речат: »Господару наш, покажи ни ги џиновите и луѓето што нè скршнаа во заблуда, да ги ставиме под наши нозе за да бидат најдолни!«

30. Оние кои, навистина, зборуваат: »Аллах е Господарот наш«, а потоа се истрајни во тоа, ним, ќе им доаѓаат мелеките и ќе им речат: »Не плашете се и не тагувајте и радувајте се на Џеннетот што ви е ветен!

31. Ние сме ваши заштитници во животот на овој свет и во животот на оној свет. На оној свет за вас ќе има сè што ќе ви посакаат душите и за вас таму го има она што ќе го побарате.

32. Какво угостување од Простувачот и Сомилосниот!«

33. И, кој зборува подобро од оној што се повикува на Аллах и што работи добро, и што вели: »Јас сум, навистина, муслиман!«

34. Не се изедначуваат доброто и злото! Возврати со она што е најдобро, па ако меѓу некого и тебе има непријателство, тој потоа може да стане близок пријател.

35. Ова ќе го постигнат само оние што се трпеливи и ова ќе го постигнат само оние што поседуваат еден голем дел од тоа.

36. А, ако Шејтанот ти се вмеша, па приклони се кон Аллах. Он, навистина, слуша сè и знае сè!

37. А, од знамењата Негови се ноќта и денот, и Сонцето, и Месечината. И не поклонувајте се ниту на Сонцето ниту на Месечината! Поклонувајте Му се на Аллах Кој ги создаде нив ако, навистина, само Него Го обожавате!

38. Но, ако се почувствуваат вообразени...па, оние што се кај Господарот твој Го слават Него, и дење и ноќе, без замор.

39. А, од знамењата Негови е и тоа што ти, навистина, ја гледаш земјата сува. Па, кога Ние ќе ѝ спуштиме вода, таа, веднаш, ќе стане плодна. Оној што ја оживува – Он ги оживува мртвите. Он, навистина, е Кадар за сè!

40. Оние што не веруваат во знамењата Наши, навистина, нема да Ни се скријат. Па, подобар ли е оној што ќе биде фрлен во огнот на Денот суден или оној што ќе дојде сигурен? Постапувајте како што сакате! Он, навистина, го гледа она што го работите!

41. Оние што не веруваат во опомената што веќе им дојде...па, таа е силна Книга,

42. на која не ѝ се припишува невистина ниту порано ниту подоцна; тоа е објава од Мудриот и за благодарност Достојниот!

43. Тебе ти се зборува само она што им се зборуваше на пејгамберите пред тебе. Господарот твој, навистина, поседува простување, а и казна болна.

44. А, Куранот Ние да го објавевме на туѓ јазик, тие сигурно ќе речеа: »Ајетите да му беа потенко објаснети. Да биде ли на туѓ јазик, а тој Арап?« Кажи: »За оние што веруваат, Куранот е патоказ и лек.« Оние што не веруваат...па во ушите нивни има глувост, а Куранот е слепило за нив; тие како да се повикуваат од место далечно.

45. И, на Муса Ние му дадовме Книга и, во врска со неа, станаа деленици. А, да не беше зборот од Господарот твој, што претходеше, ќе им беше пресудено. Тие, навистина, длабоко се сомневаат во него!

46. А, оној што работи добро, тој го работи за себе, а оној што работи зло, тој работи против себе. Господарот твој не е неправеден кон луѓето.

## Џуз 25

47. Само Аллах знае кога ќе се случи Часот. И плодовите што излегуваат од лисната обвивка, и која било жена што ќе затрудни и што ќе роди... е само со знаењето Негово. А, на Денот кога ќе им возгласи: »Каде се здруженицте Мои?« Тие ќе речат: »Ти јавуваме дека меѓу нас нема таков сведок!«

48. И ќе скршнат од нив оние што ги молеа порано. И ќе видат дека нема да можат да се скријат.

49. На човекот никогаш не му досадува да се моли за добро, а, ако, пак, го снајде зло, очајува, без надеж е!

50. А, ако, пак, Ние одредиме да ја вкуси милоста Наша, веќе по неволјата што му се случила, сигурно ќе рече: »Ова е мое, и не мислам дека Часот некогаш ќе дојде. А, ако, пак, бидам вратен кај Господарот мој... кај Него, мене, навистина, ме чека добрина.« Па, сигурно е дека ќе ги известиме оние што не веруваат за

она што го работеа, и ќе одредиме, сигурно, да ја искусат казната големa!

51. А, кога Ние некој човек благословуваме, станува рамнодушен и, од своја страна, останува настрана, а ако го снајде зло, ете го, како долго се моли.

52. Кажи: »Што мислите? Ако Куранот е од Аллах, а вие не верувате во него, тогаш кој скршнал во заблуда повеќе од оној што е во големо несогласување?«

53. Ние ќе им ги покажеме знамењата Наши во видиците а и во нив самите, за да им стане јасно дека Куранот е вистина. Нели е доста тоа што Господарот твој е Сведок за сè!

54. Е, така е: тие се сомневаат во средбата со Господарот свој, а Он, навистина, опфаќа сè!

# СУРА ЕШ-ШУРА

## Договарање

Сура 42 - Мекка - 53 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Ха,мим,**

2. **ајн, син, каф!**

3. Ете, така ти објавува, како и на оние пред тебе, Аллах, Силниот и Мудриот!

4. Сè што е на небесата и на Земјата е Негово. Он е и Вишен и Голем!

5. Небесата само што не се здробат еднинадруги, а мелеките Го слават, заблагодарувајќи Му се, Господарот свој, и бараат простување за оној што е на земјата. Ете, Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

6. Оние што прифаќаат други заштитници освен Него...Аллах бдее врз нив и ти не си закрилник врз нив!

7. И ете, така Ние ти го објавивме Куранот на арапски за да ја опоменеш Мајката на градовите и оние околу неа, и да ги опоменеш за Денот на собирањето во кој, навистина, нема сомнение. Една дружина ќе биде во Џеннет, а друга ќе биде во Џеханнем!

8. Да сакаше Аллах, ќе направеше да бидат еден народ. Но, Он кого сака воведува во милоста Своја. А, силниците немаат ниту заштитник ниту поддржник!

9. Или: »Прифатија ли други, освен Него, пријател?« Па, Аллах е Оној Кој е Пријател, и Он ги оживува мртвите и Он е Кадар за сè!

10. И за сè што се разединувате – та, Судот за тоа е Аллахов. Тоа ви е Аллах, Господарот мој, се потпирам на Него и Му се обраќам Нему!

11. Создател на небесата и на Земјата! И Он од вас создаде парови и создаде парови од добитокот. За да ве множи, навистина! Нему не Му е ништо слично. Он е Слушач и Гледач!

12. Клучевите и на небесата и на Земјата се – Негови! Кому сака дава богатство, а кому сака скратува. Он, навистина, знае сè!

13. Во верата ви го пропиша она што му беше оставено во наследство на Нух, и она што Ние ти го објавуваме, и она што им го оставивме во наследство и на Ибрахим, и на Муса, и на Иса: »Да бидете истрајни во верата и да не се разединувате во неа!« Она кон што ги повикуваш многубошците е голема работа. Аллах избира кон Себе кого сака и го упатува кон Себе оној што Му се обраќа.

14. И оние се разединија, поради тоа што се пакостеа еден со друг, веднаш по знаењето што им дојде. А, да не им претходеше зборот на Господарот твој со рок определен, сигурно ќе им беше пресудено. Оние кои ја наследија Книгата по нив, тие исцело се сомневаа!

15. Па, ете поради тоа повикувај и биди истраен онака како што ти е наредено! И не следи ги страстите нивни, и кажи: »Верувам во она што е објавено од Аллах, во Книгата. Наредено ми е да судам праведно меѓу вас; Аллах е и Господарот наш и Господарот ваш. Нам – нашите дела, а вам – вашите дела. Нема потреба еднинадру-

ги да се докажуваме. Аллах сите ќе нè збере и прибежиштето е – кон Него!«

16. А, оние што расправаат за Аллах по веќе доказите нивни со кои се повикуваше кон Него – доказите нивни се ништожни кај Господарот нивни; заслужуваат омраза и има казна жестока за нив!

17. Аллах е Оној Кој објавува Книга со вистина и рамнотежа. А, што знаеш? Можеби Часот е блиску!

18. Оние што не веруваат во Часот, тие бараат да дојде побрзо. А, оние што веруваат, тие стравуваат од него и знаат дека тоа, сигурно, е вистина. Како и да е, оние што се сомневаат во Часот се во беспаќе далечно!

19. Аллах е Сочувствителен кон робовите Свои. Он дава богатство кому сака. Он е Јак и Силен!

20. Оној што сака награда на оној свет, Ние ќе му ја зголемиме наградата негова, а оној што сака награда на овој свет, ќе му ја дадеме, а на оној свет за овој нема да има дел.

21. Имаат ли тие божества, кои им го пропишуваат во верата она што Аллах не им го дозволи? Да не беше зборот на Одлуката, ќе им беше просудено, сигурно! А за силниците има, навистина, казна болна!

22. Ќе ги видиш силниците како стравуваат заради она што го направија. А, тоа, всушност, мора да им се случи. А, оние што веруваат и што работат добри дела, тие ќе бидат во градини џеннетски. Ќе имаат кај Господарот свој сè што ќе посакаат. Ете, тоа е предност голема!

23. Ете, така Аллах ги зарадува робовите Свои, кои веруваат и кои работат добри дела. Кажи: »Не барам никаква награда за тоа, освен нак-

лоност кон роднината.« А оној што ќе се здобие со добро во тоа Ние ќе му го зголемиме доброто. Аллах, навистина, е Простувач и Благодарен!

24. Или, пак, тие зборуваат: »Тој фрла лага врз Аллах?« Па, Аллах да сака, ќе го запечати срцето твое. Аллах ја снемува невистината, а ја остварува, со зборовите Свои, вистината. Он, навистина, го знае она што е во градите!

25. Он го прима покајанието од робовите Свои, Он ги простува гревовите и знае што работите!

26. Се одзвиваат оние што веруваат и што работат добри дела и Он ќе им зголеми од добрината Своја, а за неверниците има силна казна!

27. Кога Аллах би им давал изобилно богатство на робовите Свои – тие би станале силници на земјава, но Он дава богатство со мера, по Своја волја. Он, навистина, е Известен и ги гледа робовите Свои!

28. Он спушта дожд кога се губи надеж и ја шири милоста Своја. Он е Заштитник и за благодарност Достоен!

29. А, од знаменијата Негови е и создавањето на небесата и на Земјата, и на животните расturени во нив. Кога ќе посака, Он е кадар да ги збере!

30. А, онаа несреќа што ве погоди...тоа е поради она што го направија рацете ваши, а Он ѝ простува многу.

31. И не можете да се скриете на земјата. И вие немате, освен Аллах, ниту заштитник ниту поддржник!

32. А, од знаменијата Негови се и бродовите што пловат по морето како големи ридови.

33. А, ако Он посака, ќе го смири ветрот и, ете тие ќе станат неподвижни на морската површина.

Во тоа, навистина, има знамења за секој трпелив и благодарен!

34. Или, пак, ако посака ќе ги потопи заради она што го направија, а Он, навистина, многу простува!

35. За да узнаат, оние што се расправаат за ајетите Наши, дека нема излез за нив.

36. Уживање за едно време во животот на овој свет... ете, тоа е сè што ви е дадено. А, она што е кај Аллах, е подобро и потрајно за оние што веруваат и што се потпираат на Господарот свој:

37. оние што ги избегнуваат гревовите големи, и постапките срамни и кои, кога ќе се налутат, ете простуваат;

38. оние што Му се одзвиваат на Господарот свој, и што клањаат намаз, и што се договараат едни со други и што делат од богатството што Ние им го дадовме;

39. оние кои, кога ќе ги снајде некаква неволја, се помагаат меѓу себе.

40. Надомест за зло е зло нему еднакво. А, оној што ќе прости и што ќе се поправи – та, наградата негова е кај Аллах. Он, навистина, не ги сака силниците!

41. Нема да одговара оној што ќе возврати со иста мера откако му е направено зло.

42. А, оние што им прават зло на луѓето и што бесправно угнетуваат по земјата...тоа се оние чија практика, навистина, ќе им донесе казна болна.

43. А, оној што поднесува и што простува...ете тоа, навистина, е работа голема!

44. Оној кого Аллах ќе го скршне во заблуда – па, за него нема заштитник по Него. И, ќе ги

видиш силниците, кога ќе ја здогледаат казната, како ќе повикаат: »Има ли некој начин на кој можеме да се вратиме?«

45. И ќе ги видиш изложени на казната, понижени како гледаат со потајно око. А, оние што веруваат, тие ќе речат: »Страдалници се на Денот суден, навистина, оние што си наштетија себеси и на семејствата свои!« Така, силниците, навистина, ќе бидат во казната постојана!

46. Нема да има пријатели за нив, освен Аллах, кои ќе им помогнат. А, оној кого Аллах ќе го скршне во заблуда... па, за него нема начин на кој ќе може да се спаси.

47. Одзвете се на Господарот ваш пред да настапи денот од Аллах од којшто нема враќање. На тој ден нема да има никакво засолниште за вас и нема да можете да порекнувате.

48. Па, ако се тргнат настрана, Ние не те испративме да бидеш нивни чувар. Обврската твоја е само да известиш. И кога Ние, навистина, ќе дадеме човекот да ја вкуси милоста Наша, се радува на тоа, а, ако, пак, го снајде зло некакво поради она што го направија рацете негови... та, човекот, навистина, е неблагодарен!

49. Власта и на небесата и на Земјата е – Аллахова! Аллах по Своја волја создава. Кому сака подарува женски деца, а кому сака подарува машки деца,

50. или, пак, удвојува: машко и женско, а кого сака остава неплоден. Он, навистина, е Зналец и Моќен!

51. На човекот му е дадено Аллах да зборува со него само преку објава или зад перде или да му испрати гласник, па да му го објави, со одобре-

нието Свое, она што го сака. Он, навистина, е Вишен и Мудар!

52. И ете така преку робот Наш ти вдахнавме објава по наредба Наша; не знаеше што е, и Книга и верување, но одредивме да биде светлина за да го упатиме оној кого сакаме од робовите Наши. И ти, навистина, упатуваш по патот вистински,

53. патот е на Аллах, а и она што е на небесата и на Земјата е – Негово. И, ете така работите се враќаат кон Аллах!

# СУРА ЕЗ-ЗУХРУФ

## Накит

Сура 43 - Мекка - 89 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Ха, Мим!**
2. Се колнам во Книгата јасна!
3. Ние, навистина, го објавивме Куранот на арапски за да разберете!
4. А, тој, навистина, е од Нас, во Мајката на Книгата, вишен и мудар!
5. Зар да отстапиме да ви испраќаме опомена затоа што сте народ расипнички?
6. И колку пејгамбери Ние испративме меѓу народите одамнешни,
7. и не им доаѓаше ниеден пејгамбер, а тие да не го исмејуваа.
8. Па, Ние ги уништивме оние што беа посилни и појаки од сегашните. А, примерите за народите одамнешни се веќе спомнати!
9. А, ако ги запрашаш: »Кој ги создаде небесата и Земјата?« – сигурно ќе одговорат: »Ги создаде Силниот и Зналецот!«
10. Оној што ја одреди земјата да ви биде колевка и ви одреди патишта на неа за да се управувате по нив!
11. И Оној што ви спушти вода од небесата во мера одредена и, со помош нејзина, Ние ги

оживуваме мртвите предели. Ете, така и вие ќе бидете оживеани!

12. Оној што создаде парови од сѐ и ви одреди и бродови и животни со кои патувате:

13. да седнете на грбот нивни и, кога ќе седнете, да се сеќавате на благодатот од Господарот ваш, и да речете: »Вишен е Оној што ни го потчини ова кое, без Него, не можеме да го остваримe!

14. Ќе му се вратиме на Господарот наш, навистина!«

15. И оние Му доделуваат дел од робовите Негови. Човекот, навистина, е очигледен неверник!

16. Или, пак, Он да создаде ќерки за себе, од она што Он го создава, а вам синови да ви дарува?

17. А, кога ќе се зарадува еден од нив со она што му го припишуваше на Милостивиот, лицето му станува црно и се загушува.

18. Зар оние што растат меѓу накити и што не можат никојпат да се извлечат од нејаснотија?

19. Мелеките, кои претставуваат робови на Милостивиот...нив, тие всушност, ги сметаат за жени. Зар беа сведоци при создавањето нивно? Ќе се забележат сведочењата нивни и ќе бидат прашувани!

20. И зборуваат: »Да посакаше Милостивиот, немаше да ги обожававме.« Тие не знаат ништо за тоа; тие само лажат.

21. Или: зар им дадовме Книга пред оваа, па се придржуваат според неа?

22. Но, зборуваат: »Ние ги затекнавме предците наши во оваа вера и ние, навистина, се упатуваме по трагите нивни!«

23. И, ете така Ние не испративме ниеден пејгамбер пред тебе, во ниеден град, а расипниците да

не речеа: »Ние ги затекнавме предците наши во оваа вера и ние, навистина, се управуваме по трагите нивни.«

24. Им зборуваше: »А зарем и тогаш да ви дојдев со патоказ подобар од оној што го затекнавте кај предците ваши?« Тие зборуваа: »Ние, навистина, не веруваме во она со што сте испратени.«

25. Па, Ние им се одмаздивме. И погледни каква беше казната врз лажговците!

26. И кога Ибрахим му рече на бабо му и на народот свој: »Јас сум, навистина, далеку од она што го обожавате,

27. го обожавам Оној што ме создаде, па Он и ќе ме упати.«

28. И тој го овековечи зборот меѓу потомството свое, за да се вратат кон патоказот.

29. Но, Јас им дадов да уживаат тие и предците нивни сè додека не им дојде вистината и пејгамберот очигледен!

30. И кога им дојде вистината, рекоа: »Ова е волшебништво; навистина, не веруваме во него.«

31. Зборуваа: »Зошто овој Куран не е објавен на еден голем човек од овие два града?«

32. Зар тие да ја расподелуваат милоста на Господарот твој? Ние ги расподеливме меѓу нив животните што им се потребни во животот на овој свет. И ги воздигнавме едни на други, со степени, за да се потчинат едни на други. А, милоста на Господарот твој е подобра од она што го збираат.

33. А, луѓето да не станат една заедница на неверници, Ние би ги направиле од сребро покривите

на куќите на оние што не веруваат во Милостивиот, а и скалилата по кои се качуваат,

34. а за куќите нивни врати и легла врз кои ќе се потпираат, исто така,

35. и, накити од злато. А, сето тоа е уживање во животот на овој свет, а оној свет, пак, кај Господарот твој, е за богобојазливите.

36. А, оној што ќе престане да го спомнува Милостивиот, Ние ќе му го натовариме Шејтанот и ќе му стане близок.

37. А, тие, навистина, ги одвраќаат од патот вистински и сметаат дека се упатувачи.

38. А, кога ќе дојде кај Нас, ќе рече: »Е, штета! Меѓу мене и тебе да беше една далечина од Исток до Запад! Е, само колку си лош другар!«

39. И нема да ви користи денес и, затоа што зулум правевте, ќе бидете здружени во казната, навистина!

40. Зар ти можеш да направиш да слушаат немите или, пак, да ги упатиш слепите: оние што очигледно скршнале во заблуда?

41. Па и да те земевме, сигурно ќе им се одмаздевме,

42. или да ти го покажеме она со што им се заканувame...па, Ние, навистина, имаме моќ против нив.

43. Па, придржувај се кон она што ти е објавено. Ти си, навистина, по патот вистински!

44. Тој, навистина, е Опомена за тебе и за народот твој и ќе бидете одговорни!

45. И прашај ги тие што ги испративме пред тебе, меѓу пејгамберите Наши, дали одредивме, освен Милостивиот, да се обожаваат богови?

46. И Ние Муса го испративме со знамењата Наши, до фараонот и до големците негови, и рече: »Јас сум, навистина, пејгамбер од Господарот на световите!«

47. И кога им доаѓаа со знамењата Наши, веднаш ги исмејуваа.

48. И Ние им покажувавме знамења едно од друго поголеми и ги изложувавме на казна за да се вратат по патоказот.

49. И зборуваа: »О волшебнику! Повикај го за нас, од Господарот твој, она со што се закани, па, навистина, ќе бидеме упатени.«

50. И кога Ние ја отстранивме казната од нив, тие веднаш ја прекршија заклетвата.

51. И фараонот возгласуваше меѓу народот свој, велејќи: »О народе мој! Нели ми припаѓа правото да владеам со Египет, и со овие реки покрај мене? Не гледате ли?

52. Или: зар не сум подобар од овој несреќник, кој одвај објаснува нешто?

53. Па, зошто не му се дадени ракавници од злато? Или: зошто не дојдоа со него здружени мелеки?«

54. И фараонот го заплаши својот народ и овој му беше послушен. Тој народ беше, навистина, расипнички.

55. И кога Нè налутија им се одмаздивме и, така, Ние ги потопивме сите.

56. И одредивме да бидат урнек и пример за останатите.

57. И кога синот на Мерјем им беше изнесен како пример, твојот народ веднаш премина на друг разговор,

58. зборувајќи: »Кој е подобар, нашите богови или Он?« Го наведоа како пример само да се расправаат со тебе. Но, тоа е народ галамџиски!

59. Тој е само роб кого Ние го благословивме и го одредивме да биде пример за синовите Израилови.

60. А, да посакавме Ние ќе создадевме од вас мелеки по земјата кои ќе доаѓаа едни по други.

61. Иса, навистина, е знамание за Часот. Не сомневајте се во него и следете Ме! Ова е патот вистински!

62. И нека не ве заведе Шејтанот. Тој ви е, навистина, очигледен непријател!

63. И кога Иса дојде со јасности, рече: »Ви дојдов со мудрост и ќе ви ги објаснам некои работи за кои станавте деленици. Па, плашете се од Аллах и бидете ми послушни!

64. Аллах, навистина, е Господарот мој и Господарот ваш...та, обожавајте Го. Ова е патот вистински!«

65. Па, се разединија странките меѓу себе. Е, тешко на оние што направија зло, тешко ним од казната на Денот болен!

66. Зар чекаат нешто друго да им дојде освен Часот ненадејно, без да усетат?

67. На тој Ден пријателите ќе станат непријатели; а не и богобојазливите.

68. О робови Мои! Денес нема да стравувате и нема да тагувате.

69. А, на оние што веруваа во ајетите Наши и што беа послушни, ним, ќе им се рече:

70. »Влезете во Џеннет, вие и жените ваши, весели;«

71. меѓу нив ќе се служи со садови и пехари од злато. Во него за нив ќе има сè она што го посакуваат душите и она што ги радува очите. И во него за навек ќе останете.

72. Ете, тоа ви е Џеннетот што го наследивте поради она што го работевте!

73. Во него за вас ќе има и овошје секакво, кое посакувате да го јадете.

74. Да, силниците ќе бидат во казната џехеннемска и во неа за навек ќе останат;

75. нема да им се олесни и во него ќе бидат безнадежни.

76. И Ние не им направивме зло, туку тие беа силници.

77. И тие ќе возгласат: »О Малик! Нека не усмрти веќе еднаш Господарот твој!« Ќе рече: »Па, вие тука за навек ќе останете!«

78. Ние, навистина, ви доставивме вистина, но мнозината од вас ја презира вистината.

79. Или, пак, тие преземаат неотповиклива одлука? Да, Ние одлучуваме неотповикливо!

80. Или: зар сметаат дека Ние не ја слушаме тајната нивна и она што го зборуваат насамо? Да, пратениците Наши го бележат сè она што е при нив.

81. Кажи: »Кога Милостивиот би имал дете, па јас сум прв во обожавањето.«

82. Славен нека биде Господарот на небесата и на Земјата, Господарот на престолот, Он е изнад она со што Го опишуваат.

83. Па, остави ги еднаш да водат јалови разговори и нека си играат сè додека не им дојде Денот со кој се опоменати.

84. Он е Бог на небото и Он е Бог на Земјата. Он е и Мудар и Зналец!

85. Благословен нека биде Оној чија власт е на небесата и на Земјата, и на она што е меѓу нив. Знаењето за Часот е кај Него и ќе Му се вратите Нему!

86. А, оние што ги молат освен Него, тие не се поседувачи на посредувањето, освен оној што ќе посведочи вистински. А, ја знаат вистината.

87. А, ако, пак ги прашаш кој ги создаде, сигурно ќе речат: »Аллах!« Па, каде тогаш кинисуваат?

88. И она што ќе го рече пејгамберот: »Господаре мој, тоа е народ, навистина, кој не верува.«

89. Па, тргни се од нив и кажи: »Мир!« Па, ќе узнаат!

# СУРА ЕД-ДУХАН

## Чад

Сура 44 - Мекка - 59 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Ха, Мим!**
2. Се колнам во Книгата јасна!
3. Да, Ние почнавме да ја објавуваме во една ноќ благословена. Ние сме, навистина, опоменувачи!
4. Во неа се тенчи секоја мудра работа;
5. според наредбата Наша: Ние, навистина, испраќавме пејгамбери:
6. како милост од Господарот твој. Он, навистина, е Слушач и Зналец!
7. Господарот на небесата и на Земјата и на она што е меѓу нив – ако сте уверени.
8. Нема друг бог освен Него. Он оживува и Он умртува. Господарот ваш и Господарот на предците ваши одамнешни!
9. Но, тие се сомневаат! Се забавуваат!
10. Па, почекај го Денот во кој небото ќе понесе видлив чад,
11. кој ќе ги покрие луѓето. »Ова е казна болна.
12. Господаре наш, отстрани ја од нас казната; ние сме, навистина, верници!«
13. Од каде им Опомена сега? Веќе им дојде јасен пејгамбер!

14. Потоа му го свртеа грбот и рекоа: »Он е поучен! Луд е!«

15. Ние ќе отстрануваме дел по дел од казната, но вие пак ќе се навраќате во грев.

16. На оној Ден кога ќе ги фатиме со фат голем, тогаш, навистина, Ние ќе им се одмаздиме.

17. Ние и народот на фараонот го ставивме во искушение пред нив и им дојде пејгамбер благороден:

18. »Исполнете го вашиот долг кон мене, о Алахови робови! Пејгамбер сум ваш, навистина, доверлив!«

19. И: »Не воздигнувајте се над Аллах. Јас, навистина, ви донесувам јасен доказ!

20. Да, јас барам заштита од Господарот мој и од Господарот ваш, за да не ме каменувате,

21. а, ако, пак, не верувате во мене, па напуштете ме!«

22. Го повика, тогаш, Господарот свој: »Овој, навистина, е народ силнички!«

23. »Побрзај со робовите Мои ноќе. Ќе бидете следени, навистина! –

24. Напушти го морето отворено; нивната војска ќе биде потопена.«

25. Колку градини и извори оставија,

26. и посеви и места благородни,

27. и благодати исто така на кои им се радуваа?

28. Ете, така е: Ние одредивме да ги наследат други луѓе.

29. Па, не ги оплакуваа ниту небесата ниту Земјата, и воопшто не им се даде прилика.

30. И Ние ги спасивме синовите Израилови од казната срамна,

31. од фараонот кој, навистина, најмногу се прчеше меѓу расипниците!

32. Да, Ние ги одликувавме со знаење над другите луѓе!

33. И меѓу знамењата Ние им дадовме искушенија очигледни.

34. Оние, навистина, зборуваа:

35. »За нас има, токму, само една смрт, првата, и нема да бидеме оживеани.«

36. Па, донесете ни ги предците наши ако сте искрени.

37. Зар се тие подобри или, пак, народот на Туба и оние пред нив? Ние ги уништивме. Беа силници, навистина!

38. И Ние не ги создадовме небесата и Земјата и она што е меѓу нив да се играме.

39. Ние ги создадовме со вистина, но мнозината од нив не знае.

40. Денот на Разделбата ќе биде место каде сите ќе се сретнат,

41. Ден во кој пријателот нема да му користи на пријателот за ништо, а ниту, пак, ќе им се помогне,

42. освен оној кому ќе му се смилува Аллах. Он, навистина, е Силен и Сомилосен!

43. Дрвото Зекум, навистина, е

44. храна за грешниците!

45. Како ковина ќе врие во стомаците,

46. како што врие жешка вода.

47. »Па, зграпчете го и влечете го сред Џехеннемот,

48. потоа по главата сипајте му вода што врие, како казна.

49. Вкуси, ти беше тој што, ете се сметаше силен и благороден!

50. Да, ова е она во што се сомневавте.«

51. Богобојазливите, навистина, ќе бидат на сигурно место:

52. во градини џеннетски и меѓу извори,

53. ќе се облекуваат со свила и кадифе, свртени едни кон други!

54. Ете, така Ние ќе ги ожениме со хурии, со крупни, прекрасни очи.

55. Во Џеннетот ќе посакуваат секакво овошје, ќе бидат сигурни!

56. Тука нема, освен првата смрт, да вкусат друга смрт; и Он ќе ги сочува од казната џехеннемска.

57. Ете, тоа е добрина од Господарот твој. Ете, тоа е победа голема!

58. Ние Куранот го олеснивме на твојот јазик за да се опоменат!

59. Па, очекувај! И тие ќе очекуваат, навистина!

# СУРА ЕЛ-ЏАСИЕ

## На колена

Сура 45 - Мекка - 37 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Ха, Мим!**

2. Книга што се објавува од Аллах, Силен и Мудар!

3. На небесата и на земјата, навистина, има знамении за верниците!

4. И во создавањето ваше и во животните што Он ги растури има знамении за луѓето што се цврсто уверени.

5. И во измената на ноќта и денот и во она што Аллах го спушти од небото, благодатот, со што ја оживува земјата по мртвилото нејзино, и во насочувањето на ветровите...во тоа има знамении за луѓето што умуваат.

6. Ете, тоа се ајетите на Аллах, кои Ние ти ги кажуваме со вистина. Па, во кој говор по Аллаховиот и ајетите Негови тие веруваат?

7. Тешко на секој лажго и грешник!

8. Ги слуша ајетите на Аллах што му се кажуваат, потоа станува надуен, ете, како да не ги слушнал. Па, извести го за казната болна!

9. А, ако сознае нешто од ајетите Наши, ќе го обзеде исмевање. Има срамна казна за нив.

10. Пред нив е и Џехеннемот. Нема да им користи за ништо она што го спечалија. А оние што

прифатија други пријатели освен Аллах, па за нив има казна голема!

11. Ова е патоказот, а за оние што не веруваат во знаменијата на Господарот свој, за нив има болна, неподнослива казна.

12. Аллах е Оној што ви го потчини морето за бродот да плови со наредбата Негова, и да ја побарувате добрината Негова, и да бидете благодарни!

13. И Он ви го потчини и она што е на небесата и она што е на Земјата, сè заедно! Во тоа, навистина, има знаменија за луѓето што размислуваат!

14. Кажи им на оние што веруваат да им простат на оние што не се надеваат на деновите Аллахови во кои луѓето ќе се наградат според она што го направија:

15. кој ќе направи добро дело, ќе го направи за себе, а кој ќе направи лошо дело, ќе го направи против себе. Потоа на Господарот ваш ќе Му се вратите!

16. А, на синовите Израилови Ние, навистина, им дадовме Книга, и мудрост и пратеништво, и Ние им дадовме од благодатот, од добрата, и ги одликувавме над другите!

17. И Ние им објавивме јасности за верата. И, веднаш се разединија по дојденото знаење до нив, завидувајќи едни на други. Господарот твој, навситина, ќе пресуди на Денот суден меѓу нив за она за што, токму, станаа деленици.

18. Потоа, што се однесува на верата, Ние одредивме да одиш по патот голем и, тогаш следи го, а не следи ги желбите на оние што не знаат!

19. Тие, навистина, нема да ти користат кај Аллах за ништо. Силниците се пријатели едни на други. А, Аллах е пријател на богобојазливите!

20. Ова се очигледности за луѓето, и патоказ и милост за луѓето што се цврсто уверени.

21. Или: зар мислат оние што заронија во злодела дека Ние ќе ги изедначиме со оние што веруваат и што работат добри дела... дека се исти животите нивни и умирањата нивни. Е, само колку лошо просудуваат!

22. И Аллах ги создаде небесата и Земјата со вистина. И, секоја душа ќе биде наградена според она што го спечалила и нема да им се направи неправда!

23. Зар го виде оној што ја зема страста за свој бог, кого Аллах го скршна во заблуда, знаејќи го, и кому му го запечати и слухот негов и срцето негово, а пред опулот негов постави перде, па кој ќе го упати него по Аллах? Не се опоменувате ли?

24. И зборуваат: »Животот е само на овој наш свет. И умираме и живееме, а она што не ништи е само времето.« Ете, не знаат ништо за тоа. Така, само се сомневаат!

25. А, кога им се кажуваат Нашите јасни ајети, се повикуваат како доказ на овој исказ: »Донесете ги предците наши ако сте искрени!«

26. Кажи: »Аллах ви дава живот, потоа Он ви дава смрт, потоа ќе ве збере на Денот суден во кој нема сомнение.« Но, мнозината на луѓето не знаат!

27. Власта и на небесата и на Земјата е – Аллахова! А Денот во кој ќе се случи Часот, на тој Ден, ќе бидат поразени оние што измислуваат невистини.

28. И ќе го видиш секој народ на колена; секој народ ќе биде повикан според Книгата своја.

Денес ќе бидете наградени за она што го работевте!

29. Ова е Книгата наша што ви ја кажува вистината. Ние, навистина, го забележавме она што го работевте!

30. Што се однесува на оние што веруваат и што работат добри дела... па, Господарот нивни ќе ги воведе во милоста Своја. Ете, тоа ви е победа јасна!

31. А, што се однесува, пак, на оние што не веруваат: »Нели ви се кажуваа ајетите Мои, па се прчевте и бевте народ силнички?«

32. Кога ќе се речеше: »Ветувањето на Аллах, е вистина, и Часот во кој, навистина, нема сомнение,« – зборувавте: »Не знаеме што е тоа Час? Ние се сомневаме и ние не сме убедени во него.«

## Џуз 26

33. И ќе им се покажат злоделата што ги правеа и ќе им се овистини она што го исмејуваа.

34. И ќе се рече: »Ние денес ќе заборавиме на вас како што вие заборавивте на Средбата на овој Ден ваш; огнот е престојувалиштето ваше и за вас нема поддржници.

35. Ете, тоа ви е, зашто ги исмејувавте знамењата на Аллах и затоа што ве обзеде животот на овој свет.« Па, денес нема да бидат изведени од огнот, а ниту, пак, ќе се бара од нив да се извинат.

36. Па, благодарноста Му припаѓа на Аллах, Господарот на небесата, Господарот на Земјата и Господарот на световите!

37. Величијата на небесата и на Земјата Нему Му припаѓаат! Он е Силен и Мудар!

# СУРА ЕЛ-АХКАФ

## Ахкаф

Сура 46 - Мекка - 35 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Ха, мим!**

2. Книгава се објавува од Аллах, Силен и Мудар!

3. Ние ги создадовме небесата и Земјата и она што е меѓу нив само со вистина и до рок определен. А, оние што не веруваат, тие се рамнодушни кон она со што се опоменуваат.

4. Кажи: »Видете ги оние што ги молите освен Аллах? Покажете што создадоа на земјава! Или, пак, имаат некаков дел во создавањето на небесата. Дајте ми ја Книгата пред оваа или, пак, некоја трага од знаењето ако сте искрени.«

5. Кој повеќе скршнал во заблуда од оној што се моли на друг бог освен Аллах, и кој нема да може да му се одзвие до Денот суден? Таквите се рамнодушни кон молбите нивни,

6. и кои, кога луѓето ќе се зберат, ќе им станат непријатели и нема да ги признаваат обожавањата нивни.

7. А, кога им се кажуваат Нашите јасни ајети, неверниците за вистината, бидејќи веќе им дошла, велат: »Ова е волшебништво очигледно!«

8. Или, пак, велат: »Фрла лага врз Аллах!« Кажи: »Ако фрлам лага врз Него, па вие не можете да

ме заштитите од казната на Аллах. Он најдобро го знае она што го зборувате за Куранот. Он е достатен Сведок меѓу мене и меѓу вас. Он е Простувач и Сомилосен!«

9. Кажи: »Јас не сум нешто ново меѓу пејгамберите, и не знам што ќе се прави со мене а и со вас. Јас само го следам она што ми се објавува и јас сум само опоменувач јасен!«

10. Кажи: »Што ќе биде со вас ако Куранот е од Аллах, а вие не верувате во него, а за него, пак, сведочеше еден сведок од синовите Израилови дека тој е сличен на претходната Книга, па поверува во него, а вие не верувате? Аллах, навистина, не го упатува народот неверници!

11. Неверниците им зборуваат на верниците: »Ако е тоа некое добро, немаше да нè претекнат во тоа.« И кога со тоа нема да се упатат, ќе речат: »Ова е лага одамнешна!«

12. А, пред него беше Книгата на Муса, како водач и милост. Ова е Книга, потврда на арапски јазик за претходните Книги, за да ги опомене оние што не веруваат и да ги зарадува добротворите.

13. Оние што, навистина, велат: »Аллах е Господарот наш«; потоа кои се истрајни...тие нема да страдуваат и нема да тагуваат!

14. Тие се жители џеннетски и во него за навек ќе останат; тоа им е награда за она што го работеа.

15. А, на човекот Ние му оставивме во наследство убаво да се однесува кон своите родители. Мајката негова со мака го носеше и со мака го роди; го носеше и го доеше триесет месеци. А, кога ќе сјакне и ќе наполни четириесет години, вели: »Господару мој, овозможи ми да ти се

заблагодарам на благодатот Твој со кој ме опсипа, мене и родителите мои, и да работам добро со што ќе бидеш задоволен и одреди потомството да ми биде добро. Јас, навистина, се кајам и јас сум меѓу послушните!«

16. Ние ќе го примиме од таквите она што го работеа, доброто, а ќе ги занемариме пропустите нивни. Тие ќе бидат меѓу жителите на Џеннетот, а ова ветување што им е дадено е вистинско!

17. Оној што ќе им рече на родителите свои: »Уф од вас двајца, што ми се заканувате дека ќе бидам оживеан. Пред мене пропаднаа, навистина, многу поколенија« - а родителите, барајќи помош од Аллах, велат: »Тешко тебе, веруваj! Ветувањето на Аллах е вистина,« а тој, пак, вели: »Ова се само прикаски одамнешни!«

18. Тоа се оние врз кои се овистини зборот што беше кажан меѓу народите кои веќе минаа пред нив – и џинови и луѓе – и кои, навистина, беа поразени!

19. За луѓето имаат степени за она што го работат. Аллах ќе ги награди луѓето за делата нивни; нема да им се нанесе неправда.

20. А, Денот во кој неверниците ќе бидат изложени на огнот: »Ги потрошивте вашите добра во животот ваш на овој свет и посакувавте да уживате во нив. Па, денес ќе се казните со казна понижувачка затоа што се прчевте на земјата бесправно и затоа што грешевте.«

21. И спомни го братот на Ад, кога го опомена народот свој во Ахкаф. Имаше опоменувачи и пред него и по него: »Обожавајте го само Аллах. Јас, навистина, се плашам од казната на Денот голем!«

22. Зборуваа: »Зар дојде да нè одвратиш од божествата наши... па, донеси ни нешто од она со што ни се закануваш ако си меѓу искрените!«

23. Тој рече: »Знаењето за тоа, навистина, е кај Аллах, и ќе ве известам за она со што сум испратен, но ве гледам дека сте луѓе кои не знаат.«

24. И, кога видоа како се појави еден облак, кој се движеше кон нивните долини, рекоа: »Овој облак ќе ни донесе дожд.« Не, тоа е она што брзате да дојде: ветар што носи казна болна,

25. кој потресе сè, со наредбата на Господарот негов, па останаа само живеалиштата нивни. Ете, така Ние го казнивме народот насилнички.

26. Да, Ние ги населивме во тие места во кои не ве населивме, и им дадовме и уши, и очи, и срца...А, нема да им користат ниту ушите нивни, ниту очите нивни, ниту срцата нивни за ништо! Бидејќи не ги признаваа знаменијата на Аллах, и им се овистини она што го исмејуваа.

27. И Ние веќе ги уништивме, навистина, градовите околу вас и ги распоредивме ајетите за да се вратат по патот вистински.

28. Па, зошто не им помогнаа оние што ги прифатија, освен Аллах, за блиски и за богови? Но, скршнаа далеку од нив. Ете, тоа беа лаги и нивни измислици што ги коваа.

29. И кога Ние ти испративме неколку џинови што го прислушкуваа Куранот – а бидејќи беа присутни – кога тој се кажуваше, рекоа: »Молчете!« И, кога заврши кажувањето негово, се вратија кај народот свој како опоменувачи!

30. И рекоа: »О народе наш! Ние, навистина, слушнавме Книга, објавена по Муса како пот-

врда на она што е веќе објавено, што упатува кон вистината и кон патот вистински.«

31. О народе наш! Одзвете му се на повикувачот Аллахов и верувајте му, зашто Он ќе ви ги прости гревовите ваши и ќе ве извлече од казната болна.

32. А, оној што нема да се одзвие на повикувачот Аллахов, тој нема да може да се скрие на земјата и нема, освен Него, пријатели. Таквите се во заблуда очигледна!

33. Зар не гледаат дека Аллах, навистина, ги создаде небесата и Земјата, дека не се замори со создавањето нивно, дека е Кадар да ги оживее мртвите? Да, Он, навистина, е Кадар за сè!

34. А, на Денот во кој неверниците ќе бидат изложени на огнот – »Нели е ова вистина?« Ќе речат: »Па, вкусете ја казната затоа што не верувавте.«

35. Па, стрпи се онака како што се стрпија оние меѓу одлучните пејгамбери. И не барај побрзо да им дојде казната! Ним ќе им се причини, на Денот кога ќе го видат она со што им се закануваше, дека останаа само еден час од денот – ова е само известување – па, ќе биде уништен само народот расипнички!

# СУРА МУХАММЕД

## Мухаммед

Сура 47 - Медина - 38 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Залудни се делата на оние што не веруваат и што оддалечуваат од патот на Аллах.

2. А, оние што веруваат и што работат добри дела и што веруваат во она што му е објавено на Мухаммед – а тоа е вистината од Господарот нивни – ним, ќе им бидат отстранети злоделата, и Он ќе им ја подобри состојбата.

3. Ете, тоа е, навистина, поради тоа што неверниците ја следат лагата, а верниците, пак, вистината од Господарот свој. Ете, така Аллах им донесува примери на луѓето!

4. Па, кога ќе се сретнете со оние што не веруваат...та, удрете ги по вратовите сè додека не ги совладате, а штом тоа ќе го направите, тогаш врзете ги. Потоа или нека следи ослободување без надомест или, пак, побарајте откупнина додека војната не ги исцрпи тежините свои. Ете, тоа е! Ако Аллах посака, меѓутоа, Он ќе им се одмазди, но Он посакува само да ги испроба едни со други. А, оние што погинаа на патот на Аллах...та, никојпат делата нема да им бидат залудни!

5. Он ќе ги упати и ќе им ја подобри состојбата;

6. ќе ги воведе во Џеннетот со што, токму, Он ги запозна!

7. О верници! Ако Го поддржувате Аллах, тогаш и Он ќе ве поддржува и ќе ги зацврсти состојбите ваши.

8. А, оние што не веруваат... та, тоа е пропаст за нив. И, ќе одреди да бидат залудни делата нивни!

9. Ете, тоа е поради тоа што го презираат она што го објави Аллах... та, ќе ги поништи делата нивни!

10. Зар не патуваат по земјата, па да видат каква беше казната на оние пред нив? Аллах ги поништи! А има таков пример и за неверниците.

11. Ете, тоа е поради тоа што Аллах, навистина, е пријател на оние што веруваат, а неверниците, навистина, немаат заштитник!

12. А, оние што веруваат и што работат добри дела..нив, Аллах, ќе ги воведе во градини џеннетски низ кои течат реки. А, оние што не веруваат и што уживаат и што јадат како што јаде добитокот...па, огнот е престојувалиштето нивно!

13. И колку градови – посилни и помоќни од градот твој од кој си прогонет – Ние уништивме; па, немаше никаков поддржник за нив.

14. Зар е еднаков оној што има јасна претстава за Господарот свој со оној кому му се разубавува пакоста на делата негови, значи оној што ги следи страстите свои?

15. Еве го примерот на Џеннетот: ветен за богобојазливите во кој течат реки непрестано, во кој има и реки со млеко, со непроменет вкус, и реки со вино, вкусно за оние што го пијат, и реки со мед исцеден... за нив во Џеннетот има секакви видови овошје и простување од Госпо-

дарот нивни... Дали примерот е ист со оние што се во огнот за навек, и што пијат вода што врие, која цревата ќе им ги попари?

16. Од нив доаѓаат и те слушаат, и штом ќе излезат од тебе, на оние со знаењето што им е дадено ги прашуваат: »Што ли рече оној пред малку?« Тоа се оние чии срца Аллах ги запечати и што ги следат страстите свои.

17. А, на оние што се упатуваат... Он им го зголемува патоказот и им ја сјакнува нивната богобојазливост.

18. Очекуваат ли, тогаш, да им дојде Часот ненадејно? Им дојдоа, навистина, неговите предзнаци. Па, зошто им е опомена кога тој ќе им дојде?

19. Тогаш знај дека, навистина, нема друг бог освен Него и барај простување за гревовите твои, за верниците и за верничките. Аллах ги знае каде се прибежиштата ваши и престојувалиштата ваши.

20. Верниците зборуваат: »Зошто не е објавена сура?« Па, кога ќе им се објави една сура разјаснувачка и кога ќе се спомне борба во неа, ќе ги здогледаш оние во чии срца има болештина како гледаат во тебе со опул како на оној пред смрт онесвестен. А, за нив е подобра

21. послушноста и корисното кажување. Па, кога веќе наредбата е донесена, ќе биде подобро за нив, навистина, да се искрени кон Аллах.

22. Зар ако ја дофатите моќта, зар и вие нема да сеете безредие по земјата и нема да ги прекинете роднинските врски?

23. Тоа се оние што Аллах ги проколни, ги оглувна, ги онеми и ги ослепи.

24. Зар не размислуваат за Куранот или, пак, има катанци врз срцата нивни?

25. Оние што, навистина, го свртија грбот кон патоказот, што им беше објаснет, Шејтанот ги заведуваше и ги обезнадуваше.

26. Ете, тоа, навистина, е заради она што им го зборуваа на оние што го презираа она што го објави Аллах: »Ќе бидеме послушни кон некои наредби ваши!« Аллах ги знае тајните нивни!

27. Па, како ќе биде тогаш кога мелеките ќе ги умртвуваат, мавајќи ги по лицата и по грбовите?

28. Ете, тоа е поради следењето нивно на она што ја предизвикува лутината на Аллах, и поради тоа што го презираа задоволството Негово. Па, ете пропаднаа делата нивни!

29. Или: мислат ли оние што имаат болештина во срцата дека Аллах никогаш нема да им ги изнесе одбивностите?

30. А, да посакавме, Ние сигурно ќе ги понижевме, па ќе ги препознаевте по изгледите, и ќе ги препознаевте, сигурно, по гласот на говорот. А, Аллах ги знае делата ваши!

31. Ќе ве испробаме, сигурно, сè додека ги препознаеме борците меѓу вас, и трпеливите, и ќе ги провериме податоците ваши!

32. Да, оние што не веруваат и што одвраќаат од патот на Аллах, и што се оддалечуваат од пејгамберот, по објаснетиот нивни патоказ... па, тие нема да Му наштетат на Аллах за ништо и Он ќе ги поништи делата нивни!

33. О верници! Бидете послушни и на Аллах и на пејгамберот Негов и не обезвреднувајте ги делата ваши!

34. Да, оние што не веруваат и што одвраќаат од патот на Алллах, а потоа ќе умрат, и уште се неверници...ним, Аллах, никогаш нема да им прости.

35. И не попуштајте, и кон примирје не повикувајте! Па, вие сте посилни: Аллах е со вас; Он нема да ви наштети за делата ваши!

36. Животот на овој свет, навистина, е само игра и забава. Ако верувате и ако сте богобојазливи, ќе ви дојде наградата ваша и нема да бидете прашани за имотот ваш.

37. А, ако, пак, Он го бара тоа од вас и ако е настојчив, ќе станете шкржави и Он ќе ги изнесе кривите работи.

38. Ете, вие сте тие што се повикувате да трошите на патот на Аллах. Меѓу вас има и кои скржават. А, оној што скржави...та, против себе скржави. Аллах е Богат, а вие сте сиромашни. А, ако го свртите грбот, Он ќе ве замени со друг народ што нема да биде како вас!

# СУРА ЕЛ-ФЕТХ

## Победа

Сура 48 - Медина - 29 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Ние, навистина, ти дадовме да извојуваш јасна победа,

2. за Аллах да ти ги прости оние пропусти што ги направи и оние што ќе ги направиш, и за да го надополни благодатот Негов кон тебе, и за да те упати по патот вистински.

3. И за Аллах да ти помогне со силна помош.

4. Он е Оној што спушта мир во срцата на верниците, за да го зголемат верувањето со верување. Војските на небесата и на Земјата се – Аллахови! Аллах, навистина, е Зналец и Мудар!

5. За Он да ги воведе верниците и верничките во градините џеннетски низ кои течат реки, и во нив за навек да останат, и за да ги отстрани пропустите нивни. Тоа кај Аллах, навистина, е победа голема!

6. И, за Он да ги казни дволичните, било мажи било жени, многубошците и многубошките, кои мислат лошо за Аллах... Нека им се врати злото! Аллах се налути на нив, ги проколни и им го подготви Џехеннемот. Е, само колку е лошо тоа свратилиште!

7. Војските на небесата и на Земјата се – Аллахови! Аллах, навистина, е Силен и Мудар!

8. Ние те испративме, навистина, да бидеш сведок, радостник и опоменувач,

9. за да верувате во Аллах и во пејгамберот Негов, за да Го помогнете, за да Го осознаете достоинството Негово, и за да Го величате и наутро и навечер!

10. Оние кои, навистина, ти полагаат заклетва, полагаат заклетва и на Аллах: моќта на Аллах е над моќта нивна. Па, оној кој ќе ја прекрши заклетвата, тој ја прекршува за себе. А на оној што ќе го исполни она што Му го ветил на Аллах, нему, ќе му се даде награда голема!

11. Бедуините кои не отидоа во борба ќе ти речат: »И имотот наш, и семејствата наши, нè обзедоа... па, затоа побарај простување за нас!« Со јазиците свои го велат она што не е во срцата нивни. Кажи: »Па, кој ќе ве заштити од Аллах, за што и да е, ако Он посака да ви нанесе штета или ако Он посака да ви даде корист?« Но, Аллах е Известен за она што го работите!

12. Но, помислувате дека пејгамберот и верниците никогаш нема да им се вратат на семејствата и, ете, тоа ви се разубавуваше во срцата ваши. И, ви надоаѓаа лоши мисли и бевте народ расипнички!

13. Оној кој не верува во Аллах и во пејгамберот Негов...па, Ние, навистина, подготвивме оган за неверниците!

14. Власта и на небсата и на Земјата е – Аллахова! Он простува кому сака и Он казнува кого сака. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

15. Оние кои не отидоа во борба, кога ќе тргнете по пленот за да го земете, ќе речат: »Оставете нè да ве следиме.« Сакаат да ја изменат Речта на Аллах. Кажи: »Никогаш нема да нè следите:

Аллах ви го кажуваше тоа порано!« Па, тие ќе речат: »Но, вие ни завидувате.« Но, само малкумина сфаќаат!

16. Кажи им на бедуините што не отидоа во борба: »Ќе бидете повикани против народот кој поседува моќ и сила, ќе се борите ли против нив или, пак, ќе го примат Исламот? Па, ако бидете послушни... Аллах ќе ви даде награда убава, а ако, пак, го вртите грбот, како што го вртевте порано, Он ќе ве казни со казна болна.«

17. Нема грев за слепиот, нема грев ниту за бушавиот, нема грев ниту за болниот... Оние што се послушни на Аллах и на пејгамберот Негов... Таквите, Он ќе ги воведе во градините џеннетски низ кои течат реки...А, на оној што ќе го сврти грбот...Он ќе го казни со казна болна.

18. Аллах беше задоволен од верниците кога ти положија заклетва под дрвото, и тогаш Он го знаеше она што е во срцата нивни и им спушти мир, и Он ќе ги награди со скорешна победа,

19. и со разновиден плен што ќе го заробат. Аллах, навистина, е Силен и Мудар!

20. Аллах ви вети разновиден плен што ќе го освоите. И Он побрза со тоа, ве заштити од рацете на луѓето, за тоа да биде знамение за верниците и за да ве упати по патот вистински,

21. и друг плен, што не бевте кадри да го заробите, Аллах, секако, ви го даде. Аллах, навистина, е Кадар за сè!

22. А, неверниците да се бореа со вас, ќе го свртеа грбот, сигурно! Потоа немаше да најдат ниту пријател ниту поддржник!

23. Практиката на Аллах беше таква и порано...и, ти никогаш нема да најдеш некаква измена во практиката на Аллах.

24. Он е Оној што ве заштити од нивните раце, а ги заштити и рацете ваши од нив, во срцето на Мекка, по победата врз нив што ви ја овозможи. Аллах, навистина, го гледа она што го работите!

25. Оние се, токму, неверници, и оние што ве одвраќаа од Месџидул Харам, и ги одвраќаа курбаните жртвувани да стигнат до местата нивни. А, да не беа мажи верници и жени вернички, кои не ги познававте, тогаш можевте да ги убиете и ќе ви се случеше, без да знаете, да направите злосторство против нив. Ете тоа, за Аллах да воведе во милоста Своја кого сака. А, тие луѓе да се одделеа, Ние сигурно ќе ги казневне со казна болна...значи, оние што не веруваа.

26. Кога неверниците ги исполнија срцата свои со ревност, ревност предисламска, Аллах, тогаш, го спушти мирот Свој врз пејгамберот Свој и врз верниците. И им го обврза зборот на богобојазливоста, и беа подостојни, и поблиски до Зборот Негов. Аллах, навистина, знае сè!

27. Аллах, навистина, ќе го овистини сонот на пејгамберот Свој, за да влезете во Месџидул Харам, ако Аллах посака, безбедни, со потстрижени коси и избричани, не плашејќи се. Па, Он го знаеше она што не го знаевте и, освен тоа, одреди победа блиска.

28. Он е Оној што го испрати пејгамберот Свој со патоказ и со вера вистинска за да ја изрази над сите вери. Аллах е доволен за Сведок!

29. Мухаммед е Аллахов пејгамбер. А, оние што се со него, тие се строги кон неверниците, а милостиви едни кон други. Ги гледаш како се поклонуваат во намаз, барајќи ја добрината и задоволството на Аллах. На лицата нивни има

трага од поклонувањето. Ете, таков беше примерот нивни во Теврат и таков беше примерот нивни во Инџил: како стебленка што ќе ја исфрли фиданката, па ќе ја зајакне, а потоа оваа ќе се зацврсти врз стебленката, вчудоневидувајќи го сејачот, за да ги разлути неверниците со тоа. А, Аллах им вети на оние што веруваат и што работат добри дела простување и награда голема!

# СУРА ЕЛ-ХУЏУРААТ

## Соби

Сура 49 - Медина - 18 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. О верници! Не брзајте пред Аллах и пред пејгамберот Негов! Плашете се од Аллах. Аллах, навистина, слуша сè и знае сè!

2. О верници! Не дигајте ги гласовите над гласот на пејгамберот и не разговарајте на висок глас пред него како што разговарате на висок глас едни со други – зашто ќе ви се поништат делата, а тоа да не го ни почувствувате.

3. Оние што, навистина, го намалуваат гласот кај пејгамберот на Аллах...тоа се оние чии срца Аллах ги очисти за богобојазливост: за нив има простување и награда голема.

4. Оние што, навистина, те повикуваат зад одаите... мнозината од нив не сфаќа.

5. А, да се стрпат сè додека не излезеш пред нив, тоа ќе им биде подобро. Аллах е Простувач и Сомилосен!

6. О верници! Ако ви дојде несовесен со некаква вест, па разјаснете ја работата, за да не им нанесете зло на луѓето, незнаејќи, за да не се попишманите за она што ќе го направите.

7. Знајте дека меѓу вас, навистина, е пејгамберот на Аллах. Кога би ве послушал во многу работи,

би пропаднале. Но, Аллах ја поттикна љубовта кон верувањето ваше и ви го разубави во срцата, а ви го направи презирно неверувањето, расипасноста и заборавот. Ете, такви се упатените!

8. Благодат и добрина на Аллах! Аллах е Зналец и Мудар!

9. Ако две дружини на верници се судрат, помирете ги едни со други. Ако една од нив ѝ направи насилство на друга, па борете се против онаа која направи насилство сè додека не пристигне наредбата на Аллах. Па, ако пристане, помирете ги едни со други, праведно, и воспоставете правда! Аллах, навистина, ги сака оние што судат праведно!

10. Верниците, навистина, се браќа...па, тогаш помирете ги браќата ваши. Плашете се од Аллах за да ви се смилува!

11. О верници! Нека не се потценуваат мажите едни со други, можеби едните се подобри од другите, а и жените нека не се потценуваат едни со други, можеби едните се подобри од другите. Не грдете се самите себе и не надевајте надимоци лоши едни на други. Е, само колку е лоша расипаноста по верувањето! А, оние што нема да се покајат – та, расипани се!

12. О верници! Избегнувајте ги сомневањата многу; некои сомневања, навистина, се грев. Не испитувајте се и не озборувајте се меѓу себе. Посакува ли некој од вас да го јаде месото од брат му кој е мртов! Е, само колку е одбивно тоа! Плашете се од Аллах! Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

13. О луѓе! Ние ве создадовме, навистина, од еден маж и од една жена, и Ние одредивме да

бидете народи и племиња, за да се запознавате. Најблагородниот кај Аллах, навистина, е најбогобојазливиот. Аллах, навистина, е Зналец и Известен!

14. Бедуните велат: »Веруваме!« Кажи: »Не верувате!« Но, кажете: »Ние сме муслимани«, – бидејќи верувањето не е влезено во срцата ваши. А, ако сте послушни на Аллах и на пејгамберот, Он нема да ви намали ништо од делата. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

15. Верници се, навистина, оние што веруваат во Аллах и во пејгамберот Негов и кои, потоа, не се сомневаат, и кои се борат на патот на Аллах, и со имотите свои, и со животите свои. Тие се, токму, искрените!

16. Кажи: »Вие ли ќе го запознавате Аллах со верата ваша, а Аллах го знае она што е на небесата и на Земјата? Аллах знае сè!«

17. Покажуваат наклоност кон тебе затоа што станаа муслимани. Кажи: »Не покажувајте наклоност кон мене заради тоа што го примивте Исламот. Аллах покажува наклоност кон вас, затоа што ве упати кон верувањето ако сте искрени.

18. Аллах, навистина, ја знае тајната на небесата и на Земјата. Аллах го гледа она што го работите!

# СУРА АЛИ КАФ

## Каф

Сура 50 - Мекка - 45 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Каф!** Се колнам во Куранот славен.

2. Но, ете се чудат затоа што им дојде еден опоменувач меѓу нив... па, неверниците велат: »Ова е чудна работа!

3. Зар кога ќе умреме и кога ќе станеме земја? Ете, враќањето е невозможно.«

4. Ние знаеме што ќе им одземе земјата. Кај нас е Книгата што се чува!

5. Но, тие ја порекнуваат вистината откако таа им дојде: токму, сметени се!

6. Зошто не гледаат кон небото над нив? Како Ние го подигнавме и како го накитивме и како е без недостаток?

7. И како Ние ја раширивме Земјата и како по неа расфрлавме планини, а од неа да никнат секакви убави плодови,

8. за да му стане јасно и да се опомене секој роб што се обраќа!

9. И Ние спуштаме од небо вода благородна, па со неа даваме да никнат и зеленчуци и жито што се жнее,

10. и урми високи, со листови збрани,

11. а сето тоа е за луѓето; со водата, исто така, Ние го оживуваме мртвиот предел. Ете, такво ќе биде оживувањето!

12. И пред нив порекнуваа: и народот на Нух, и жителите на Рес, и на Семуд,

13. и на Ад, и фараонот и браќата на Лут,

14. и жителите на Ајка и народот на Туб. Сите тие ги сметаа за лажни пејгамберите... па се овистини заканата!

15. Па, зар се заморивме со создавањето прво? Но тоа се оние што се сомневаат во новото создавање!

16. Ние, навистина, го создадовме човекот и знаеме што му шепнува душата. Ние сме му, меѓутоа, поблиску од вратната жила.

17. Кога ќе се сретнат двајца, еден од левата, а еден од десната страна, и кога ќе седнат,

18. нема да прозборат ниеден збор, а да при тоа нема бдеец, подготвен!

19. Маките смртни ќе дојдат, навистина! Од тоа, ете не можеш да побегнеш!

20. И ќе се дувне во Рогот! Ете, тоа е Денот ветен!

21. И секоја душа ќе дојде со нејзин надзорник и сведок!

22. Ти беше, навистина, невнимателен кон ова, па Ние го подигнавме пердето пред тебе и опулот твој денес е остар.

23. Другарот негов ќе рече: »Овој до мене е подготвен.

24. Фрли го во Џехеннем секој неверник, инаетчија!

25. Кој забрануваше добро, престапник, сомнителен!

26. Кој, покрај Аллах, прифаќаше друг бог, – та, фрли го во казната жестока!«

27. Другарот негов ќе рече: »Господару наш, не е мое да го присилувам, но тој беше скршнат во заблуда далечна.«

28. Аллах ќе рече: »Не расправајте се кај Мене. Јас ве опоменав уште од порано,

29. кај Мене зборот не се менува и Јас не сум неправеден кон луѓето.«

30. Ден во кој Џехеннемот ќе го прашаме: »Се наполни ли?« – а тој ќе одговори: »Има ли уште?«

31. И ќе се приближи Џеннетот за богобојазливите сосема блиску.

32. »Ова е, токму, она што ви се ветуваше: за секој покајник и заштитник,

33. кој се плаши од Милостивиот и во тајност, и кој ќе дојде со оддадено срце.

34. Влезете во него со поздрав! Ете, ова е Денот на вечноста!«

35. Во него за нив ќе има сѐ што ќе посакаат. А, кај Нас има и повеќе од тоа!

36. И колку поколенија Ние пред нив уништивме, кои беа посилни од нив, и кои талкаа по земјите? Има ли каде да се скријат?

37. Во тоа, навистина, има опомена за оној што има срце, или што слуша или што е во тек!

38. Ние ги создадовме небесата и Земјата и она што е меѓу нив за шест дена без да се замориме!

39. Па, стрпи се за она што го зборуваат и слави Го, заблагодарувајќи се, Господарот твој и пред изгрејсонце и пред зајдисонце.

40. И во ноќта величај Го, по поклонувањето во намаз!

41. И слушни, Денот во кој гласникот ќе повика од блиско место;

42. Денот во кој ќе го слушаат страшниот глас, вистински! Ете, тоа е Денот на оживувањето!

43. Ние, навистина, даваме живот и Ние, навистина, даваме смрт! Прибежиштето е – кон Нас!

44. Тоа е Ден во кој земјата ќе испука и луѓето ќе се појават, брзајќи. Ете, тоа собирање за Нас е лесно.

45. Ние најдобро го знаеме она што го зборуваат. Не е твое да ги присилуваш. Па, опомени го со Куранот оној што стравува од заканата Моја!

# СУРА ЕЗ-ЗАРИЈАТ

## Дувачи

Сура 51 - Мекка - 60 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Се колнам во ветровите што дуваат,
2. и во облаците што носат тежина,
3. и во бродовите што пловат лесно,
4. и во мелеките споделувачи на наредбата дека
5. она со што ви се заканува е – вистина,
6. дека заканата, секако, ќе се случи!
7. Се колнам во небото, испресечено со насоки,
8. дека вие, навистина, различно зборувате,
9. и од него се одвраќа оној што веќе се одвратил!
10. Нека пропаднат неверниците,
11. кои се заглавени во незнаење и уште се рамнодушни!
12. Велат: »Кога ќе биде Денот суден?«
13. Оној Ден кога ќе се пржат во огнот.
14. Вкусете го сплеткарењето ваше. Па, кон ова брзавте да дојдете.
15. Богобојазливите, навистина, ќе бидат во градини џеннетски, меѓу извори,
16. и ќе го земаат она што ќе им рече Господарот нивни. Тие пред тоа беа, навистина, добротвори,

17. само малку во ноќта спиеја,

18. и во мугрите, токму, бараа простување,

19. а во имотите нивни, пак, имаше дел и за питачите и за непитачите.

20. А, на земјата има знаменија за верниците,

21. а и во вас самите – не гледате ли?

22. И на небото е благодатот ваш и она со што ви се заканува.

23. Па, се колнам во Господарот на небото и на Земјата дека тоа, сигурно, е вистина слична на она што вие, токму, го зборувате!

24. Ти дојде ли кажувањето за почитуваните гости на Ибрахим,

25. кога влегоа кај него и рекоа: »Мир!« – а тој одговори: »Мир! О луѓе непознати!«

26. Па, скришно појде кај семејството свое и, ете дојде со дебело теле;

27. и тогаш го приближи до нив, и рече: »Зар нема да јадете?«

28. И почувствува страв од нив. Тие рекоа: »Не плаши се!« И го зарадуваа дека ќе му се роди учено дете,

29. па, се покажа жена му, плачејќи и удирајќи се по лицето, и рече: »Како јас? Стара и неротка!?«

30. Тие рекоа: »Ете, така рече Господарот твој. Он, навистина, е Мудар и Зналец!«

31. А, Ибрахим праша: »Што барате, о пратеници?«

32. Тие одговорија: »Ние сме, навистина, испратени до народот силнички,

33. за да им испратиме топки од стврдната глина;

34. тоа е одредено кај Господарот твој за расипниците.«

35. Ете, од тоа Ние ги спасивме верниците,

36. и, ете само една куќа најдовме од послушните;

37. и во неа Ние оставивме знамение за оние што стравуваат од казната болна;

38. и за Муса, кога Ние го испративме до фараонот со јасен доказ,

39. и, ете фараонот го сврте грбот надуено и рече: »Маѓесник или луд!«

40. Па, така, него и војската негова, Ние ги зграпчивме и во море ги потопивме; тој самиот се осуди на пропаст.

41. И за Ад, кога Ние им испративме ветар што руши сè пред себе:

42. и кај што помина ништо не остави, сè остана пустелија.

43. И за Семуд, кога им беше речено: »Уживајте до едно време определено!«

44. Па, се оглушија од наредбата на Господарот свој и, ете Ние ги погодивме со страшен глас и останаа само гледајќи.

45. Па, не можеа ниту да се исправат, а ниту, пак, да им се помогне.

46. А и на народот на Нух, порано. Тој беше, навистина, народ расипнички!

47. А небото Ние го подигнавме со Нашата моќ! И, навистина, Ние го шириме!

48. И земјата Ние ја проширивме. Е, само колку е личен Оној што ја прошири!

49. И од секое нешто Ние создадовме пар за да се опоменете!

50. »Побрзајте кон Аллах. Јас сум испратен од Него до вас, навистина, како опоменувач јасен.

51. И не здружувајте Му на Аллах друг бог. Јас сум од Него, навистина, опоменувач јасен, испратен до вас.«

52. Ете, така беше: не им доаѓаше ниеден пејгамбер и на оние пред нив, а да не речеа: »Маѓесник или луд!«

53. Тоа ли го оставаа едни на други во наследство? Не, тоа беше народ силнички.

54. Па, бегај од нив и, ете нема да бидеш осуден на пропаст.

55. И опоменувај, опоменувањето им користи на верниците!

56. И џиновите и луѓето ги создадов само да Ме обожаваат, навистина!

57. Не барам од нив никаква награда и не барам да Ме нахранат.

58. Аллах, навистина, е Хранител, Моќен и Тврд!

59. Па, оние што направија зулум ќе ги снајде, навистина, казна слична на оние што беа како нив... па, нека не ја забрзуваат од Мене!

60. Тешко на оние што не веруваат во Денот со кој им се заканува.

# СУРА ЕТ-ТУУР

## Тур

Сура 52 - Мекка - 49 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Се колнам во Тур,
2. и во Книгата во редици поредена,
3. на кожа одвиткана;
4. се колнам и во Куќата полна со мелеки,
5. и во сводот воздигнат,
6. и во морето затоплено, –
7. дека казната на Господарот твој ќе се случи:
8. никој нема да ја отстрани,
9. на Денот кога небото ќе се затресе, тресејќи се силно,
10. и кога планините ќе се поместат силно,
11. ете, на тој Ден, тешко на неверниците,
12. оние кои, играјќи се, се зарија во лаги:
13. Ден кога ќе се турнат во огнот џеханемски, насилно:
14. ова е огнот што го порекнувавте;
15. па, ова ли е волшебништво или, пак, вие не гледате:
16. Горете во огнот! Ќе трпите ли или нема да трпите, сеедно ви е. Ќе бидете казнети за она што го работевте!

17. Да, богобојазливите ќе бидат во градините џеннетски и во благосостојба.

18. Радосни со она што им го даде Господарот; и ќе ги сочува Господарот нивни од казната огнена!

19. Јадете и пијте и пријатно нека ви биде: поради она што го работевте,

20. потпрени на дивани наместени, и ќе ги ожениме со хурии, кои ќе имаат крупни очи.

21. А, оние што веруваа и чие верување го следеше потомството нивно...Ние ќе го задржиме со нив и потомството нивно и ништо од делата нивни, според тоа, нема да скратиме. И секој ќе биде земен предвид според она што го направил.

22. И Ние ќе им дадеме и овошје и месо, она што го посакуваат,

23. едни со други ќе се служат со пехари. Во Џеннетот нема ниту денгуба ниту грешење.

24. Ќе ги служат момчиња од еден до друг, како да се бисери чувани,

25. ќе се среќаваат едни со други и ќе се прашуваат.

26. Ќе речат: »Да, ние во семејството наше, уште од порано, бевме богобојазливи.

27. Па, Аллах ни се наклони и нè сочува од казната огнена;

28. ние и порано Го молевме.« Он, навистина, е Добротвор и Сомилосен!

29. Па, опоменувај! Ти не си со благословот на Господарот твој ниту маѓепсник ниту луд!

30. Или да зборуваат: »Тој е поет. Очекуваме да видиме што ќе му биде пресудено.«

31. Кажи: »Очекувајте зашто јас сум, навистина, со вас, меѓу оние што очекуваат!«

32. Или: »На ова ги тераат соништата нивни или се, пак, народ тврдоглав?«

33. Или зборуваат: »Тој го измисли?« Но, не веруваат.

34. Па, нека донесат говор сличен на овој ако се искрени, навистина!

35. Или се создадени без Создател или тие се создатели?

36. Или: ги создадоа ли небесата и Земјата? Но, не се цврсто уверени.

37. Или: кај нив ли се ризниците на Господарот твој или тие се пакосни владетели?

38. Или: имаат ли скалила од каде што слушаат? А, оној што слушнал од нив, нека донесе јасен доказ?

39. Или: Он да има ќерки, а вие да имате синови?

40. Или: бараш ли награда, а тие се оптоварени со тежината своја?

41. Или: кај нив ли е Непознатото, па тие го пишуваат?

42. Или: посакуваат ли стапици? Па, оние што не веруваат паѓаат, токму, во стапици.

43. Или: имаат ли друг бог освен Аллах? Славен нека е Аллах, над она е што Му Го здружуваат!

44. А, ако видат кога паѓа некаков дел од небото, зборуваат: »Облаци напластени!«

45. Тогаш, остави ги сè додека не го дочекаат денот свој во кој ќе бидат потресени!

46. Денот кога нема да им вредат стапиците нивни за ништо, а ниту, пак, ќе им се помогне.

47. За оние што направија зулум има, навистина, казна и покрај тоа, но, ете мнозината од нив не знаат!

48. И стрпи се до пресудата на Господарот твој. Та, пред очите Наши си. И слави Го, заблагодарувајќи се, Господарот твој и кога стануваш,

49. и ноќе, и кога ќе исчезнат ѕвездите, слави Го!

# СУРА ЕН-НЕЏМ

## Ѕвезда

Сура 53 - Мекка - 62 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Се колнам во ѕвездата кога ќе зајде,
2. дека другарот ваш не скршна во заблуда, а ниту, пак, застрани,
3. и не зборува по желба своја,
4. туку тоа е само Објава што се објавува!
5. Го поучува оној со силна моќ, Џибрил,
6. кој нема никаков недостаток, кој е стамен!
7. Тој е на највисокиот видик,
8. потоа приџде и се наведна,
9. и, ете се приближи колку две стрели или поблиску,
10. и, така Аллах му го објави на робот Свој она што, токму, му го објави;
11. и срцето не го изневери она што го виде.
12. Е, па, ќе се расправате ли со него за она што го виде?
13. И го виде Џибрил повторно
14. кај Сидретул Мунтеха,
15. кај него е и престојувалиштето џеннетско,
16. кога Сидра ја покри она што ја покри.
17. Погледот не се ни сврте и не се ни збуни.

18. Да, виде од знаменијата големи на Господарот свој.

19. Што мислите за Лат и Узза?

20. И за Менат, оној третиот, последниот?

21. За вас ли машко, а за Него, пак, женско?

22. Поделбата таква, тогаш, е неисправна.

23. Ете, тоа се имиња со кои ги именувате вие и предците ваши; Аллах за тоа не ви објави никаков доказ; го следат само сомнежот и она што го пожелуваат душите. А, од Господарот нивни, навистина, им дојде патоказ!

24. Или: ќе го има ли човекот она што ќе го посака?

25. И оној свет и овој свет...та, Аллахови се!

26. И колку има мелеки на небесата чие посредување нема да им користи за ништо, освен, навистина, со одобрението на Аллах, за оној за кого Он ќе посака и со кого Он е задоволен!

27. Да, оние што не веруваат во оној свет, тие ги именуваат мелеките со женски имиња,

28. и за тоа не знаат ништо; следат само сомнеж, а сомнежот не ѝ користи на вистината за ништо.

29. Па, оддалечи се од оној што го врти грбот кон опомената Наша и кој го посакува само животот на овој свет!

30. Ете, тоа е последната граница на знаењето нивно. Да, Господарот твој е оној кој најдобро го знае скршнатиот во заблуда, од патот Негов, и Он најдобро го знае упатениот по патоказот!

31. Сѐ што е на небесата и на Земјата е – Аллахово! Он, навистина, ќе ги казни оние кои нанесуваа зло со своето работење, а ќе ги награди, со награда убава, оние кои правеа добро.

32. Оние што ги избегнуваат гревовите големи и делата срамни, освен малите... за нив кај Господарот твој, навистина, има простување големо и Он најдобро ве знае: дури кога ве создаде од земја, и кога бевте зачеток во утробите на мајките ваши. Но, не бидете уверени дека се безгрешни душите ваши. Аллах најдобро ги знае оние што се чуваат од гревови.

33. Нели го виде оној што го сврти грбот,

34. подели малку и престана?

35. Тој ли го знае Невидливото, тој ли гледа?

36. Или, пак, не беше известен за Страниците на Муса,

37. и за Ибрахим што ги извршуваше задачите!

38. И нема да ја понесеш тежината на бремето на другиот:

39. на човекот му припаѓа само она што настојува.

40. Да, настојувањето негово ќе го види,

41. потоа ќе се награди со награда соодветна!

42. Да, кон Господарот твој ќе заврши!

43. Да, Он ги насмевнува и Он ги расплакува!

44. Да, Он ги умртува и Он ги оживува!

45. Да, Он создаде пар: машко и женско,

46. од семе кога ќе се закачи!

47. Да, повторно ќе ги создаде!

48. Да, Он е Оној што дава богатство и што дава моќ!

49. Да, Он е Господарот на Сиријусот!

50. Да, Он го уништи Ад, одамнешен,

51. и Семуд: ништо од нив не остана;

52. и народот на Нух, порано. Да, тие беа најголеми зулумќари и силници!

53. И срушената населба ја испреврти,

54. и ја покри со она што ја покри.

55. Во која благосостојба од Господарот твој се сомневаш?

56. Овој е опоменувач меѓу опоменувачите одамнешни!

57. Пропаста на светот се приближува;

58. ова, освен Аллах, никој не може да го открие!

59. За овој ли говор се вчудоневидувате,

60. се смеете, а не плачете,

61. со дигнати глави?

62. Па, поклонувајте се пред Аллах и обожавајте Го!

# СУРА ЕЛ-КАМЕР

## Месечина

Сура 54 - Мекка - 55 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Часот се приближи, а Месечината се расцепи.
2. А, ако здогледаат знамение – рамнодушни се и зборуваат: »Волшебништво постојано!«
3. И лажат и ги следат страстите, а секоја работа е одредена.
4. Да, им дојдоа кажувања да ги одвратат:
5. мудрост дофатна, но, ете опомената не вреди.
6. Па, сврти го грбот кон нив на Денот кога гласникот ќе повика кон нешто страшно.
7. Ќе се појават со соборени погледи од гробовите како да се скакулци расфрлани,
8. брзајќи кон гласникот, а неверниците ќе речат: »Ова е тежок Ден.«
9. А пред нив не веруваше и народот на Нух, го сметаа за лажго Нашиот роб и зборуваа: »Луд е!« И го оневозможуваа во работата!
10. Па го замоли Господарот свој: »Јас сум, навистина, победен; тогаш, помогни ми!«
11. И тогаш Ние ги отворивме вратите небесни низ кои потече пороен дожд;
12. па, така, Ние дадовме да избијат извори и да се спои водата како што беше одредено со наредбата;

13. и го префрливме на лаѓата од талпи и клинови:

14. и пловеше пред Наши очи; тоа е награда за оној што беше отфрлен.

15. Да, и оставивме да биде знамение: па, има ли некој што ќе се опомене?

16. Каква беше, тогаш казната Моја и опомената Моја?

17. Да, Ние го направивме Куранот достапен за опомена, па има ли некој кој ќе се опомене?!

18. Ад порекнуваше, па каква беше казната Моја и опомената Моја?!

19. И врз нив Ние испративме студен ветар кој постојано дуваше во еден несретен ден:

20. луѓето ги дигаше како откорнати палмини стебла.

21. Па, колку беше страшна казната Моја и опомената Моја!

22. Да, Куранот Ние го направивме достапен за опомена, па има ли некој кој ќе се опомене?!

23. И Семуд ги порекнуваше опомените,

24. па, зборуваа: »Зар да следиме еден од нас? Ние сме, тогаш, во беспаќе и лудило.

25. Зар нему меѓу нас да му се достави Опомена? Па, тој е лажго и зулумќар!«

26. Ќе узнаат утре кој е лажго, а кој е зулумќар!

27. Ние ќе им испратиме камила како нивно искушение, а ти, почекај и стрпи се!

28. И извести ги дека водата, навистина, е поделена меѓу нив; секој ќе си пие кога ќе му дојде редот.

29. Потоа тие повикаа еден свој пријател; овој дојде и ја закла камилата!

30. Па, колку беше страшна казната Моја и опомената Моја?!

31. Да, Ние им испративме страшен глас и, ете тие станаа како раздробено суво лисје.

32. Да, Куранот Ние го направивме достапен за опомена, па има ли некој што ќе се опомене?

33. И народот на Лут ги порекнуваше опомените.

34. Да, Ние им испративме виор со песок, но не и на семејството на Лут: ги спасивме во мугрите

35. заради мудроста Наша. Ете, таква беше наградата за благодарните.

36. Да, тој ги опомена со казната Наша, но се сомневаа во опомените!

37. Да, тие ги бараа гостите негови, затоа, Ние ги ослепивме: »Па, вкусете ја казната Моја и опомената Моја!«

38. Да, изутрина ги погоди казна непрекидна.

39. »и, вкусете ја казната Моја и опомената Моја!«

40. Да, го направивме Куранот достапен за опомена, па има ли некој што ќе се опомене?

41. И на семејството фараоново му дојдоа опомени, сигурно!

42. Ги сметаа за лажни сите ајети Наши... па, затоа Ние ги казнивме со казната на Силниот и Моќниот.

43. Зар неверниците меѓу вас се подобри од овие или имате договор некаков во книгите одамнешни?

44. Или, пак, зборуваат: »Ние сме дружина победничка!«

45. Дружината, меѓутоа, ќе биде победена и тие ќе го свртат грбот.

46. Но Часот им е одреден, а тој е и потежок и пострашен!

47. Да, силниците ќе бидат во пропаст и оган

48. на Денот во кој ќе бидат влечени кон огнот со лицата нивни: »Вкусете го огнот распален!«

49. Да, секоја работа Ние ја создадовме според однапред одреден план.

50. Наредбата Наша е само една. Како трепет на окото!

51. Да, Ние ги уништивме оние што ви беа слични! Па, има ли некој што ќе се опомене?

52. И сè што направија е во книгите,

53. и сè, ситно и крупно, е запишано.

54. Да, богобојазливите ќе бидат во џеннетски градини и крај реки,

55. на место благородно, кај Владетелот Моќен!

# СУРА ЕР-РАХМАН

## Милостивиот

Сура 55 - Медина - 78 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Милостивиот!
2. Кој го поучи со Куранот!
3. Он го создаде човекот!
4. Он го поучи да објаснува!
5. И Сонцето и Месечината одат по пресметаното!
6. И ѕвездите и стеблата се поклонуваат.
7. И Он небото го подигна и одреди рамнотежа.
8. Да не ја преминувате границата на правдата.
9. И мерете исправно и не откинувајте при мерењето!
10. И Он земјата ја рашири за созданијата,
11. и на неа има овошје и урми обвиткани,
12. и жито со лисје и цвеќиња мирисни,
13. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?
14. Он го создаде човекот од стврдната глина,
15. а џиновите ги создаде од распален пламен,
16. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?
17. Господарот на два истока и на два запада,

18. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

19. Ги оддели две мориња што само се допираат:

20. меѓу нив има преграда, и не се мешаат,

21. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

22. Од нив излегуваат бисери и корал,

23. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

24. Негови се и бродовите што се издигаат во морето како ридови,

25. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

26. И сè што е на земјата е – минливо;

27. останува само Господарот твој, Вишниот и Почитуваниот,

28. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

29. И сè што е на небесата и на Земјата – Него го моли. И секој ден Он е подготвен за сè,

30. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

31. Наскоро Ние ќе ве испразниме, о џинови и луѓе,

32. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

33. О дружино на џинови и луѓе! Ако можете да ги преминете краиштата на небесата и на Земјата, преминете ги! Ќе ги преминете само со голема моќ,

34. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

35. Против вас ќе се испрати еден распален пламен, и уште чад и нема да можете да си помогнете,

36. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

37. Па, кога небото ќе испука и кога ќе стане црвено како на оган спржен зејтин,

38. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

39. Тоа е Ден во кој луѓето и џиновите нема да бидат прашани за гревовите свои,

40. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

41. Силниците ќе се познаваат по изгледот свој, па ќе бидат зграпчени и за глави и за нозе,

42. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

43. Еве, ова е Џехеннемот што го сметаа за лажен силниците!

44. Ќе се движат меѓу него и водата што врие,

45. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

46. А, за оној што се плаши од стоењето пред Господарот свој ќе има две градини џеннетски,

47. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

48. И двете преполни со раскошни дрвја,

49. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

50. Во тие две градини ќе има и два извора што ќе течат,

51. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

52. Во нив ќе има и овошје, од секое по два вида,

53. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

54. Ќе бидат потпрени на дивани чии прекривачи ќе бидат од кадифе, а бербата ќе бида на дофат на рацете,

55. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

56. Во нив ќе има и такви со соборени погледи што не ги допрел пред нив ниту човек ниту џин,

57. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

58. Како да се бисер и корал,

59. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

60. Наградата за доботворство е само добротворство, зар не?

61. Па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате!?

62. Освен тие две градини за нив ќе има и две други,

63. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

64. Ќе бидат темнозелени,

65. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

66. Во нив ќе има и два извора што прскаат,

67. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

68. Во нив ќе има и овошје, и урми и шипки,

69. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

70. Во нив ќе има и убавици, предобри и прелични,

71. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

72. Хурии, во шатори скриени,

73. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

74. Не ги допрел пред нив ниту човек ниту џин,

75. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

76. Ќе бидат потпрени на седишта: зелени, убави, прекрасни,

77. па, која благодат на Господарот ваш ја порекнувате?

78. Нека е возвишен Господарот твој, Вишниот и Благородниот!

# СУРА ЕЛ-ВАКИ'А

## Случка

Сура 56 - Мекка - 96 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Кога Случката ќе се случи, –
2. таа Случка не може да се порекне, –
3. таа ќе потцени и ќе воздигне!
4. Кога земјата, тресејќи се, ќе се затресе, силно,
5. и кога планините, кршејќи се во делови, ќе се скршат силно...
6. па, ќе станат прашина разнесена,
7. и ќе ве има три видови:
8. – Другари на Среќата, – а кои се тие Другари на Среќата?
9. – Другари на Несреќата, – а кои се тие Другари на Несреќата?
10. – оние што претходат, – а тие што претходат
11. ќе бидат блиски на Господарот нивни,
12. во градините џеннетски, прекрасни!
13. Многумина од народите одамнешни,
14. а малкумина од народите недамнешни!
15. Поставени на кревети едни кон други,
16. и на дивани потпрени, свртени едни кон други!

17. Ќе ги служат вечно млади момчиња, одејќи од еден до друг,
18. со чаши, и со ибрици и со пехари, полни со вода изворска,
19. од неа нема да се оддалечат и нема да се откажат.
20. Ќе има и овошје од кое сами ќе си бираат,
21. и месо птичје, какво било да посакаат,
22. и Хурии со крупни очи,
23. слични на скриен бисер –
24. како награда за она што го работеа!
25. Во него нема да слушаат ниту празни зборови ниту обвинението,
26. само ќе се вели: »Мир! Мир!«
27. И Другарите од десната страна, – а кои се тие Другари од десната страна? –
28. ќе бидат меѓу лотосови дрвја без трње,
29. и меѓу банани, со плодови поредени,
30. и меѓу ладовини растегнати,
31. и крај вода што тече;
32. ќе има и овошје разновидно:
33. непрестано и незабрането,
34. и на постели подигнати!
35. Да, Ние хурии ќе создадеме одново!
36. Па, Ние ќе одредиме да бидат девици,
37. вљубени во мажите свои, со иста возраст,
38. за Другарите од десната страна:
39. ќе има многу меѓу народите одамнешни,
40. и многу меѓу народите недамнешни.
41. А, Другарите од лева страна, – а кои се тие Другари од лева страна? –

42. тие ќе бидат во оган пламенен и во вода што врие,

43. и во сенка на жежок чад;

44. ќе нема ниту лад ниту удобност.

45. Овие беа пред тоа, навистина, расипници,

46. истрајни во големи гревови,

47. и зборуваа: »Кога ќе умреме и кога ќе станеме коски, тогаш ли, навистина, да бидеме оживеани?

48. И уште ли предците наши одамнешни?«

49. Кажи: »Да, и првите и последните,

50. ќе бидат збрани на одредено место и во познат Ден.«

51. Потоа, о вие, во заблуда скршнати, вие што порекнувате,

52. ќе јадете од дрвото Зеккум,

53. и ќе ги полните стомаците од него,

54. па, над тоа, ќе пиете вода што врие.

55. Тогаш ќе пиете како што пијат жедни камили.

56. Ова е честењето нивно на Денот суден!

57. Ние ве создадовме... тогаш, зошто не признавате?

58. Вие не го гледате семето што го фрлате,

59. или, пак, вие го создавате или, пак, Ние сме создатели?

60. Ние меѓу вас одредуваме смрт и никој не може да Нè спречи,

61. така што го менуваме изгледот ваш и ве обликуваме во она што не го знаете!

62. Познато ви е, навистина, создавањето прво, па нема ли да се опоменете?

63. Го гледате ли она што го сеете?

64. Вие ли давате да никне или, пак, Ние даваме да никне?

65. Да посакавме ќе го здробевме, сигурно, и ќе фрлавте клетви.

66. Ќе речевте: »Да, оштетени сме!

67. Сè ни е ускратено!«

68. Ја гледате ли водата што ја пиете?

69. Вие ли ја спуштате од облак или, пак, Ние ја спуштаме?

70. Да посакаме, можеме да дадеме да биде солена. Па, зар нема да се заблагодарите?

71. Го гледате ли огнот што го палите?

72. Вие ли го создадовте дрвото за него или, пак, Ние го создаваме?

73. Ние даваме да биде опомена и корист за патниците низ пустина.

74. Па, слави Го со името величествено Господарот твој!

75. А Јас се колнам во заоѓањето на ѕвездите,

76. дека тоа, навистина, е заклетва голема, е, кога би знаеле!

77. Да, тоа е Куран благороден,

78. во Книгата сочуван!

79. Го допираат само чистите;

80. тој е Објава од Господарот на световите!

81. Овој ли Говор вие го понижувате?

82. Место да се заблагодарувате на благодатот вие не верувате.

83. А зошто вие, кога душата некому ќе му застане во грлото,

84. само гледате?

85. А, Ние сме поблиску до него од вас, но вие не гледате!

86. Зошто, тогаш, ако не сакате да бидете казнети,

87. не ја вратите душата ако вистина зборувате?

88. А, ако некој биде од блиските на Аллах:

89. за него ќе има и радост и цвеќе мирисно и градини џеннетски, благословени!

90. А, ако, пак, биде еден од Другарите од десната страна,

91. па, нека биде поздрав до тебе од Другарите од десната страна!

92. А, ако, пак, биде еден од неверниците, во заблуда скршнатите,

93. тогаш ќе биде дочекан со вода што врие,

94. и со горење во Џехеннем.

95. Да, ова е вистина доверлива!

96. И слави Го, тогаш, името на твојот величествен Господар!

# СУРА ЕЛ-ХАДИД

## Железо

Сура 57 - Медина - 29 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. И сè што е на небесата и на Земјата Го слави Аллах. Он е Силен и Мудар!

2. Власта и на небесата и на Земјата е – Негова! Он оживува и Он умртува! Он е Кадар за сè!

3. Он е и Прв и Последен! И Видлив и Невидлив! Он знае сè!

4. Он е Оној што ги создаде и небесата и Земјата за шест дена, а потоа завладеа со вселената. Он знае што влегува во земјата и што излегува, што се спушта од небо и што се воздигнува кон него. Он е со вас каде и да сте. Аллах го гледа она што го работите!

5. Власта и на небесата и на Земјата е – Негова! И кон Аллах се враќаат работите!

6. Он ноќта ја вовлекува во денот, а денот го вовлекува во ноќта. Он го знае она што е во градите!

7. Верувајте во Аллах и во пејгамберот Негов и делете од она што Он ви го остави да располагате со него. Па, на оние што веруваат меѓу вас и што делат... нив ги чека награда голема!

8. Што ви е? Не верувате во Аллах, а пејгамберот ве повикува да верувате во Господарот

ваш. Да, Он го прифати договорот ваш – само ако сте верници!

9. Он е Оној што му објавува на робот Свој јасни ајети, за да ве изведе од темнина во светлина. Аллах, навистина, е Сочувствителен и Сомилосен кон вас!

10. Што ви е? Зошто не делете на патот на Аллах? Наследството и на небесата и на Земјата е – Аллахово! Меѓу вас не се еднакви оние што делеа пред победата и што се бореа. Оние што се бореа се на повисоки степени од оние што делеа по тоа и што се бореа. А и на едните и на другите Аллах им вети награда. Аллах е Известен за она што го работите!

11. На оној што ќе му позајми на Аллах убав заем... па, Аллах ќе му возврати двојно, и за него има награда благородна,

12. на Денот во кој ќе видиш како поминува светлина пред верниците и верничките, од десната страна нивна: »Еве ви радостница: градини низ кои течат реки и во кои за навек ќе се остане. Ете, тоа е победа голема!«

13. На Денот во кој дволичните, мажи и жени, на верниците ќе им зборуваат: »Почекајте нè, да позајмиме од светлината ваша!« Ќе им се рече: »Вратете се назад, па побарајте светлина!« Меѓу нив ќе биде поставен ѕид во кој ќе се наоѓа врата. Од внатрешната страна има милост, а од надворешната страна казна.

14. Ќе ги повикаат: »Зар не бевме со вас?« Ќе речат: »Да!« Но, вие самите се сплеткавте, очекувавте, се двоумевте, па желбите ваши ве заведоа сè додека не дојде наредбата на Аллах. Заводникот ве оддалечи од Аллах!

15. Па, денес нема да се земе откупнина од вас, а и од оние кои не веруваа. Огнот е престојувалиштето ваше и засолништето ваше. Е, само колку е лошо тоа свратилиште!

16. Не дојде ли мигот за оние што веруваат да им смекнат срцата, да се уплашат кога ќе се спомне Аллах, и вистината што им се објавува, и да не бидат како оние порано до кои се објави Книга... па, времето им помина, а срцата им станаа тврди. Мнозината од нив се расипани!

17. Знајте дека Аллах, навистина, ја оживува земјата по мртвилото нејзино! Веќе ви ги објаснивме знаменијата за да се вразумите!

18. Оние што, навистина, даваат милосрдие, мажи и жени, му даваат на Аллах добар заем. Он ќе им удвои и има награда благородна за нив!

19. А, оние што веруваат во Аллах и во пејгамберот Негов – тоа се, токму, искрените; шехидите кај Господарот свој ќе имаат награда своја и светлина своја. А, оние што не веруваат и што ги сметаат за лажни ајетите Наши...тие се жителите џехеннемски!

20. Знајте дека животот на овој свет, навистина, е игра и забава, и украс и горделивост меѓу вас, и натпреварување и во богатство и во деца; тој е како дожд што ќе ги вчудоневиди земјоделците со растенијата што ќе никнат од него кои, потоа, ќе се осушат, па ќе ги видиш пожолтени, а потоа ќе ги видиш како се ронат. А, на оној свет има жешка казна, простување и задоволство на Аллах. Животот на овој свет е само уживање што заведува.

21. Претходете едни на други во барање простување од Господарот ваш, и во барање на Џен-

нетот што се простира колку што се простираат небесата и Земјата. Подготвен е за оние што веруваат во Аллах и во пејгамберот Негов. Ете, тоа е добрината на Аллах што ја дава кому сака. Аллах – Поседник на добрината голема!

22. И секоја неволја што ќе се случи на земјата и меѓу вас е внесена во Книгата, од порано, создадена од Нас, што, за Аллах, навистина, е лесно,

23. за да не се жалостите за она што ќе ви избегне и да не се радувате многу за она што Он ви го дава. А, Аллах не го сака оној што се фали и што се занесува,

24. и оние што шкржават, и што им наредуваат на луѓето скржавост. А кој ќе го сврти грбот... па, Аллах, навистина, е Богат и за благодарност Достоен!

25. Ние ги испративме пејгамберите Наши, навистина, со јасности и преку нив објавивме Книга и Мерило за луѓето да се однесуваат праведно. А и железото го создадовме во кое има голема сила и корист за луѓето. И за да се знае кај Аллах кој Го помага Него и пејгамберите Негови во тајност. Аллах, навистина, е Јак и Силен!

26. И Ибрахим и Нух Ние ги испративме, а меѓу потомството нивно одредивме и пратеништво и Книга: некои од нив беа упатени; а мнозината меѓу нив се расипани!

27. Потоа Ние по трагите нивни испраќавме Наши пејгамбери; го испративме и Иса, синот на Мерјем, и му дадовме Инџил, а во срцата на оние што го следеа, внесовме доблест и милост, а монаштвото самите го создадоа; тоа не им го пропишавме. И сè што Ние им пропишавме е само желба за задоволството на Аллах. Но, тие

не водат вистинска грижа за него. А, на оние што веруваа, ним, ќе им дадеме награда. Многу од нив се расипани!

28. О верници! Плашете се од Аллах и верувајте во пејгамберот Негов: Он ќе ви даде од милоста Своја две награди, и ќе ви одреди светлина по која ќе одите, и ќе ви прости. Аллах е Простувач и Сомилосен!

29. А, Следбениците на Книгата можеби знаат дека ништо не можат да постигнат од добрината на Аллах, и дека добрината е во моќта на Аллах, и Он ја дава кому сака. А, Аллах е Поседник на добрината големa!

Џуз 28

# СУРА ЕЛ-МУЏАДЕЛЕ

## Расправа

Сура 58 - Медина - 22 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Да, Аллах го слушна зборот на таа што расправаше со тебе за мажот ѝ и која Му се жалеше на Аллах. Аллах ја слушна расправата ваша. Аллах, навистина, слуша сè и гледа сè!

2. Оние меѓу вас што им велат на жените свои дека им се како мајките нивни, дека не им се дозволени, тие не им се мајките, а мајките нивни се само оние што ги родија...тоа се, навистина, нивни тешки зборови. А, Аллах е Помилувач и Простувач!

3. А, оние што им велат на жените свои дека им се како мајките нивни, дека не им се дозволени, а имаат желба да се ослободат себе од она што го рекле, треба да ослободат роб пред да се состанат со нив. Ете, тоа ви се советува. Аллах е Известен за она што го работите!

4. А, оној што нема да може да го направи тоа, тогаш нека пости два месеца еден за друг пред да се состанат. А, ако тоа не може да го направи, тогаш нека нахрани шеесет сиромашни луѓе.

Ете, за да верувате во Аллах и во пејгамберот Негов. Ете, тоа се границите на Аллах. А, за неверниците, пак, има казна болна!

5. Оние што Му се спротивставуваат на Аллах и на Пејгамберот Негов, тие ќе бидат посрамотени како што се посрамотени оние пред нив. Ние објавуваме, навистина, јасни ајети. А, за неверниците, пак, има казна срамна,

6. на Денот во кој Аллах ќе ги оживее сите, па ќе ги извести за она што го работеа. Аллах тоа го опфати и тие тоа го заборавија. Аллах, навистина, е Сведок за сè!

7. Зар не знаеш дека Аллах го знае сè она што е на небесата и на Земјата? Нема доверлив состанок меѓу тројца, а Он да не е четвртиот; нема меѓу петмина, а Он да не е шестиот; ниту помалку ниту повеќе од тоа, а Он да не е со нив и каде да се! Потоа ќе ги извести на Денот суден за она што го работеа. Аллах, навистина, знае сè!

8. Зар не знаеш дека оние на кои им се забрануваше да се состануваат тајно како, по тоа, се вратија на она што им беше забрането; се состануваат тајно заради грев, непријателство и непослушност кон пејгамберот. И кога ти доаѓаат, ти упатуваат поздрав онака како што Аллах не те поздрави, а во себе зборуваат: »Па, Аллах не нè казнува за она што го зборуваме!« Џехеннемот, во кој ќе бидат фрлени, е доволен за нив! Е, само колку е лошо тоа свратилиште!

9. О верници! Кога ќе се состанувате, не состанувајте се тајно за некаков грев, и непријателство и непослушност на пејгамберот, туку состанувајте се за добротворство и за богобојазливост. Плашете се од Аллах кај Кого, токму, ќе се зберете!

10. Состанувањето тајно, навистина, е една од шејтанските работи: само да се вознемират оние што веруваат. Тоа нема да им наштети за ништо, освен со одобрението на Аллах. Па, на Аллах нека се потпираат верниците!

11. О верници! Кога ќе ви се рече: »Ослободете им места, таму каде што се држат состаноци, на другите... та, Аллах и вам ќе ви ослободи место!« А, ако се рече: »Станете, па станете!« Аллах ќе ги воздигне меѓу вас оние што веруваат и оние на кои им е дадено знаење на високи положаи. Аллах, навистина, е Известен за она што го работите!

12. О верници! Кога ќе се состанете со пејгамберот, поделете милосрдие пред да се состанете со него. Ете, тоа, навистина, е подобро и почисто за вас! А, ако, пак, немате...па, Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

13. Зар се плашите, пред состанувањето со него, да поделите милосрдие? Па, ако тоа не го направите, а Аллах ви прости, тогаш клањајте намаз и давајте зекат и бидете послушни на Аллах и на пејгамберот Негов. Аллах е Известен за она што го работите!

14. Зар не ги виде оние што се спријателија со луѓето на кои Аллах се налути? Оние не се ваши, а не се и нивни. А, се колнат свесно!

15. Аллах им подготви жешка казна. Е, само колку е лошо она што го работеа!

16. Ги земаат заклетвите свои како штит, па така, одвраќаат од патот на Аллах. А, за нив, пак, има срамна казна.

17. Нема да им користат кај Аллах за ништо, ниту имотите нивни, ниту децата нивни. Тие се жители на огнот и во него за навек ќе останат!

18. На Денот кога Аллах сите ќе ги оживее: ќе се колнат во Него како што ви се колнат вам, сметајќи дека тоа ќе им користи за нешто. Не, лажговци се, навистина!

19. Шејтанот изнајде начин како да ги совлада, па така, ги натера да го забораваат спомнувањето на Аллах. Тие се странка на Шејтанот. Да, странката на Шејтанот е онаа што губи.

20. Оние кои, навистина, Му се спротивставуваат на Аллах и на пејгамберот Негов, тие се понижени!

21. Аллах пропиша: »Јас и пејгамберите Мои ќе победиме, сигурно!« Аллах, навистина, е Јак и Силен!

22. Нема да најдеш луѓе што веруваат во Аллах и во Денот суден да се дружат со оние што се против Аллах и Пејгамберот Негов: било да се тоа предците нивни, синовите нивни, или браќата нивни, или роднините нивни. Во срцата нивни го внесе верувањето и ги зајакна со Духот од страна Негова, и Он ќе ги воведе во градините џеннетски низ кои течат реки, и во нив за навек ќе останат! И Аллах ќе биде задоволен од нив, а и тие ќе бидат задоволни од Него. Ете, тоа е странката на Аллах. Да, странката на Аллах, навистина, е онаа која победува!

# СУРА ЕЛ-ХАШР

## Протерување

Сура 59 - Медина - 24 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. На Аллах Го слави и она што е на небесата и она што е на Земјата. Он е Силен и Мудар!

2. Он е Оној што ги изведе неверниците од Следбениците на Книгата од домовите нивни при првото протерување. Вие и не помислувате дека ќе си заминат. А, тие, всушност, помислуваа дека тврдините нивни ќе ги заштитат од Аллах. Па, така, Аллах им даде казна отаде од каде што не се надеваа. И Он внесе страв во срцата нивни: ги рушеа домовите свои и со рацете свои и со рацете на верниците. Тогаш, земете ука, о островидни!

3. А, Аллах да не им пропишеше прогонство, ќе ги казнеше на овој свет, сигурно! А, на оној свет за нив има казна огнена!

4. Ете, тоа е, токму, поради тоа што се одвоија од Аллах и од пејгамберот Негов. И секој оној кој прави раздор во однос на Аллах...па, Аллах, навистина, е Строг Казнувач!

5. Урмите што ги исековте или што ги оставивте да стојат врз корените... тоа го направивте со одобрението на Аллах, за да ги понижи расипаните!

6. Аллах направи сè за да стигне пленот до пејгамберот Негов...; за тоа вие не ги впрегнавте

ниту коњите, ниту камилите...туку Аллах им донесува власт на пејгамберите над кого сака, а Аллах, навистина, е Кадар за сè!

7. Аллах направи сè за да стигне пленот од жителите на населбата до пејгамберот Негов...; тоа му припаѓа на Аллах, и на пејгамберот, и на ближните, и на сираците, и на сиромашните, и на патниците... да не би поминувал од раце в раце на богатите меѓу вас. А, она што ќе ви го дозволи пејгамберот – прифатете го, а она што ќе ви го забрани – забранете го! Плашете се од Аллах! Аллах, навистина, е Жесток Казнувач!

8. Им припаѓа на сиромашните иселеници што се истерани од домовите свои и од имотите свои, тежнеејќи кон задоволството и добрината на Аллах; и кои го помагаат Аллах и пејгамберот Негов. Тие, токму, се искрени!

9. Им припаѓа и на оние што ја подготвија Медина за да се живее во неа и за да се верува во неа уште пред нив: кои ги сакаа оние што се иселија кај нив, и кои не чувствуваат во себе никаква потреба за она што им е дадено, и повеќе сакаат да им го дадат пленот отколку што го сакаат за себе иако имаат потреба од него! А, оние што ќе се сочуваат од лакомост, па тие, токму, се спасени!

10. Оние што дојдоа по нив, зборуваат: »Господару наш, прости ни, нам и на браќата наши, и на оние што ни претходеа во верувањето, а срцата наши, пак, сочувај ги од злоба, кон оние кои веруваат. Господаре наш, Ти си, навистина, Сочувствителен и Сомилосен!«

11. Зар не ги гледаш оние што се однесуваат дволично како им зборуваат на другарите свои меѓу Следбениците на Книгата што не веруваат: »Ако бидете истерани и ние со вас ќе излеземе и

никојпат никому поради вас нема да му бидеме послушни, а ако, пак, бидете нападнати, ќе ви помогнеме, сигурно!« А, Аллах сведочи дека се тие лажговци, навистина!

12. А ако, пак, бидат истерани, тие нема да излезат со нив, а ако бидат нападнати, нема да им помагаат; а, ако, пак, им помогнат, ќе им го свртат грбот, сигурно! И потоа ќе останат на цедило!

13. Повеќе стравуваат од вас, во срцата свои, отколку од Аллах. Ете, тоа се луѓе, кои, навистина, не разбираат!

14. Тие заедно се борат против вас само кога се во градовите утврдени или зад ѕидините. Јачината своја ја покажуваат само едни кон други. Помислуваш дека се сложни, а срцата им се разединети. Ете, поради тоа што се луѓе што не разбираат, навистина!

15. Слични се на оние пред нив, не многу далеку, кои непосредно ги вкусија последиците на постапката своја: за нив, меѓутоа, има казна болна!

16. Слични се на Шејтанот кога на човекот ќе му рече: »Не веруваj!« И бидејќи нема да верува, ќе му рече: »Јас сум, навистина, далеку од тебе. Да, јас се плашам од Господарот на световите!«

17. И двајцата ќе бидат казнети; во огнот за навек ќе останат, навистина! Ете, тоа е казна за неверниците!

18. О верници! Плашете се од Аллах, и секој човек нека види што направил за утре! Плашете се од Аллах. Аллах, навистина, е Известен за она што го работите!

19. И немојте да бидете како оние што заборавија на Аллах... та, Аллах ги натера да заборават на самите себе. Тие се, токму, расипани!

20. Не се еднакви жителите на огнот и жителите на Џеннетот. Жителите на Џеннетот, токму, се победници!

21. Кога би го објавиле овој Куран на некој рид... ќе го видиш ридот како е исполнет со страхопиочит и како ќе се здроби, плашејќи се од Аллах. Ете, тоа се примерите што Ние ги изнесуваме за луѓето да размислуваат!

22. Он е Аллах! Нема друг бог освен Него; Зналец на видливото и на невидливото. Он е Милостив и Сомилосен!

23. Он е Аллах! Нема друг бог освен Него! Владетел, Свет, Спасител, Мирољубив, Заштитник, Силен, Моќен, Горд! Славен е Аллах, Он е над она што Му го здружуваат!

24. Он е Аллах! Создател, Творец, Обликувач!

Најубавите имиња се – Негови! Него Го слави и она што е на небесата и она што е на Земјата! Он е Силен и Мудар!

# СУРА ЕЛ-МУМТЕХИНА

## Проверена

Сура 60 - Медина - 13 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. О верници! Не земајте го непријателот Мој и непријателот ваш за пријатели! А, не покажувајте им и наклонетост! Тие, навистина, не веруваат во вистината што ви се објави. Го истеруваат пејгамберот и вас заради тоа што верувате во Аллах, Господарот ваш. Ако, пак, веќе тргнете, да се борите на Мојот пат, барајќи го задоволството Мое, покажувајќи им наклононетост тајно, па Јас најдобро го знам она што го криете и она што го обелоденувате. А, оној меѓу вас кој ќе направи такво нешто... тој, навистина, скршнал по лошиот пат!

2. А, ако ве победат, стануваат непријатели ваши и ви нанесуваат зло со рацете свои и со јазиците свои и едвај чекаат да станете неверници!

3. Нема да ви користат ниту роднините ваши, ниту децата ваши на Денот суден. Аллах ќе ве одвои едни од други. Аллах го гледа она што го работите!

4. Во Ибрахим и во оние што беа со него имате, навистина, добар пример. Кога на народот свој му рекоа: »Ние сме далеку од вас и од она што, освен Аллах, го обожавате. Ние не ви веруваме. Меѓу вас и нас има непријателство и омраза,

засекогаш! Сè додека не верувате во Аллах, Единствениот« – освен зборовите на Ибрахим до бабо му: »Ќе барам да ти се прости! Но, не можам да те заштитам од Аллах за ништо.« Господару наш, на Тебе се потпираме и Тебе ти се обраќаме и кон Тебе е прибежиштето!

5. Господару наш, нè прави не искушение за оние што не веруваат и нам, Господару наш, прости ни! Ти си, навистина, Силен и Мудар!

6. Во нив имате добар пример: за оној што се надева во Аллах и во Денот суден, а оној кој ќе го сврти грбот... та, Аллах, навистина, е Богат и за благодарност Достоен!

7. Аллах, можеби, меѓу вас и оние што ги сметате за непријатели, ќе одреди наклонетост: Аллах е Кадар! Аллах е Простувач и Сомилосен!

8. Аллах не ви забранува, во однос на оние што не се борат против вас и против верата, и што не ве истеруваат од домовите, да им правите добро и да бидете кон нив праведни. Аллах, навистина, ги сака оние што се праведни!

9. Аллах, навистина, ви забранува, во однос на оние што се борат против вас и против верата, и што ве истеруваат од домовите, и што помагаат во истерувањето ваше... да се дружите со нив. А, оној кој ќе се дружи со таквите...па, тие се силници!

10. О верници! Кога ќе ви дојдат вернички иселенички...па, проверете ги! Аллах најдобро го знае верувањето нивно! А, ако, пак, се уверите дека се вернички... та, не враќајте ги на неверниците! Тие не се дозволени за нив, а и оние не се дозволени за овие. И дајте им го она што го потрошија. И немате грев со нив да се венчате кога ќе им ги дадете венчалните по-

дароци. А, многубошките не задржувајте ги во брак, и барајте го она што го потрошивте, а и тие нека го бараат она што го потрошија. Ете, тоа ви е одлуката на Аллах. Он решава меѓу вас! Аллах е Зналец и Мудар!

11. А, ако некоја од жените ваши побегне кај неверниците, па ако се случи вие да се борите против нив, тогаш дајте им венчални подароци еднакви на она што им е дадено на жените од оние што побегнаа. Плашете се од Аллах во Кого вие, токму, верувате.

12. О пејгамберу! Кога ќе ти дојдат верничките да ти положат заклетва: – дека ништо на Аллах нема да Му здружуваат, дека нема да крадат, дека нема да прават блуд, дека нема да ги убиваат децата свои, дека нема да клеветат за тоа дека туѓите деца се нивни, дека нема да бидат непослушни во доброто...тогаш, прифати ја заклетвата и барај простување од Аллах за нив. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

13. О верници! Не пријателувајте со луѓето врз кои се разлути Аллах. Тие, навистина, изгубија надеж во оној свет како што неверниците изгубија надеж поради жителите на гробовите!

# СУРА ЕС-САФФ

## Борбен ред

Сура 61 - Медина - 14 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. И она што е на небесата и она што е на Земјата – го слави на Аллах! Он е Силен и Мудар!

2. О верници! Зошто го зборувате она што не го работите?

3. Е, само колку е одбивно кај Аллах кога го зборувате она што не го работите!

4. Аллах, навистина, ги сака оние што се борат на Неговиот пат во редици како да се зајакнат ѕид!

5. И, кога Муса му рече на народот свој: »О народе мој! Зошто ме казнувате кога веќе знаете дека сум, навистина, Аллахов пејгамбер, испратен до вас?« И кога застранаа, Аллах даде да застранат и срцата нивни. Аллах не го упатува народот расипнички!

6. И кога Иса, синот на Мерјем, рече: »О синови Израилови! Јас сум, навистина, Аллахов пејгамбер, испратен до вас, да го потврдам Теврат и да донесам радосница за пејгамберот што ќе дојде по мене, чие име ќе му биде Ахмед.« И кога им дојде со јасности, рекоа: »Ова е волшебништво јасно!«

7. А, кој е поголем неверник од оној што фрла лага врз Аллах, а уште е повикан во Исламот? Аллах не го упатува народот силнички!

8. Оние посакуваат да ја угаснат светлината на Аллах со устите свои. А, Аллах ја надополнува светлината Своја и покрај тоа што неверниците го презираат тоа!

9. Он го испраќа пејгамберот Свој, со патоказ и со вера вистинска, за да ја изрази над сите други вери, и покрај тоа што многубошците го презираат тоа!

10. О верници! Да ви укажам ли на трговијата која ќе ве спаси од казна болна:

11. па, да верувате и во Аллах и во пејгамберот Негов и да се борите на патот на Аллах со имотите ваши и со животите ваши! Ете, тоа е подобро за вас... само да знаете!

12. Он ќе ви ги прости гревовите ваши и Он ќе ве воведе во градините џеннетски низ кои течат реки и во убави живеалишта меѓу градините на Адн. Ете, тоа е победа голема!

13. И друга победа што ја посакувате: ете помош од Аллах, а и блиска победа. И зарадувај ги верниците!

14. О верници! Бидете поддржници на Аллах онака како што им рече синот на Мерјем на другарите: »Кои ќе бидат поддржници мои заради Аллах?« Тие рекоа: »Ние сме поддржници на Аллах«. И, ете така поверува една дружина меѓу синовите Израилови, а една дружина, пак, не поверува. И: оние кои веруваа Ние ги потпомогнавме против непријателите нивни и, ете, станаа победници!

# СУРА ЕЛ-ЏУМ'А

## Џума

Сура 62 - Медина - 11 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. И она што е на небесата и она што е на Земјата – го слави Аллах, Владетелот, Светиот, Силниот и Мудриот!

2. Он испрати меѓу незнабошците пејгамбер од нив: да им ги кажува ајетите Негови, и да ги очисти, и да ги поучи и во Книгата и во Мудроста, иако порано беа скршнати во очигледна заблуда!

3. И на други меѓу нив кои уште не им се приклучија...Он е Силен и Мудар!

4. Ете, тоа е добрината на Аллах што ја дава кому Он сака. Аллах е Поседник на добрина неизмерна!

5. Примерот на оние што се натерани да го носат Теврат, а потоа не го носат, е како примерот на магаре што носи книги. Е, само колку е лош за луѓето народот што ги сметаше за лажни ајетите на Аллах! Аллах не го упатува народот невернички!

6. Кажи: »О Евреи! Ако замислувате дека сте пријатели на Аллах за разлика од другите луѓе, тогаш посакајте ја смртта ако вистина зборувате!«

7. Никогаш нема да ја посакаат смртта, токму, поради она што го направија рацете нивни. Аллах најдобро ги знае зулумќарите!

8. Кажи: »Смртта од која бегате... па, ќе ве стигне, навистина! Потоа ќе бидете вратени кон Зналецот на тајното и јавното, па така ќе ве извести за она што го работевте!«

9. О верници! Кога ќе се повика на намаз во петок...па, побрзајте кон спомнувањето на Аллах, и оставете ја купопродажбата. Ете, тоа е подобро за вас само да знаете!

10. А, кога ќе се клања намазот... па, растурете се по земјата и барајте од добрината на Аллах, и спомнувајте го Аллах, многу, за да бидете спасени!

11. А, кога ќе видат некаква трговијата или некаква веселба, брзаат и те напуштаат уште додека држиш говор. Кажи: »Она што е кај Аллах е подобро од веселбата и од трговијата. Аллах меѓу снабдувачите е најдобриот Снабдувач!«

# СУРА ЕЛ-МУНАФИКУУН

## Дволични

Сура 63 - Медина - 11 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Кога ти дојдоа дволичните, ти зборуваа: »Сведочиме дека си, навистина, пејгамбер на Аллах.« А, Аллах знае дека си ти Негов пејгамбер! А, Аллах, пак, сведочи дека дволичните се лажговци!

2. Заклетвите нивни ги земаат за штит, па оддалечуваат од патот на Аллах. Навистина, колку е лошо она што го работат!

3. Ете, тоа е поради тоа што веруваа, а потоа не веруваа: па, се запечатија срцата нивни и не сфаќаат.

4. А, кога ќе ги видиш, те вчудоневидува изгледот нивни, а кога, пак, ќе прозборат нешто, ги слушаш зборовите нивни; тие се како дрва натрупани, и мислат дека секој збор е против нив. Ете, тоа се, токму, непријатели: внимавај на нив! Аллах нека ги отепа! Па, каде кинисуваат?

5. А, кога ќе им се рече: »Дојдете! Пејгамберот на Аллах ќе бара простување за вас!« – ги тресат главите свои и ги гледаш како се оддалечуваат. Вообразени се!

6. Сеедно е: да бараш или да не бараш простување за нив – Аллах нема да им прости. Аллах, навситина, не го упатува народот расипнички!

7. Тие зборуваат: »Не делете им на оние кои се покрај пејгамберот на Аллах за да се оддалечат од него!« Ризниците на небесата и на Земјата се Аллахови, но, ете дволичните не сфаќаат.

8. Тие зборуваат: »Ако бидеме вратени во Медина, посилниот ќе го натера послабиот да се исели од неа!« Моќта му припаѓа на Аллах, и на пејгамберот Негов, и на верниците, но, ете дволичните не знаат!

9. О верници! Нека не ве одвратат од спомнувањето на Аллах ниту имотите ваши ниту децата ваши. А, кој тоа ќе го направи... па, таквите се поразени!

10. И делете од богатството што Ние ви го дадовме пред да му дојде смртта некому, па да рече: »Господару мој, е, кога би ме задржал барем малку, па да давам милосрдие и да бидам меѓу добрите!?«

11. Кога некому ќе му дојде крајот, Аллах сигурно нема да му го продолжи животот. Аллах е Известен за она што го работите.

# СУРА ЕТ-ТЕГАБУН

## Самоизмама

Сура 64 - Медина - 18 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. И она што е на небесата и она што е на Земјата – го слави на Аллах! Власта е – Негова! И блгодарноста – Нему Му припаѓа. Он е Кадар за сè!

2. Он е Оној што ве создаде: меѓу вас има верници, а има и неверници. Аллах го гледа она што го работите!

3. И небесата и Земјата ги создаде со вистина и ве обликува, давајќи ви најличен облик. Прибежиштето е – кон Него!

4. Он го знае она што е на небесата и она што е на Земјата, Он го знае она што го криете и она што го обелоденувате. Аллах го знае она што го кријат градите!

5. Нели ви дојде кажувањето за оние што не веруваа од порано, па ги вкусија последиците од постапката своја...? А, за нив има и казна болна!

6. Ете, тоа е зашто им доаѓаа пејгамберите нивни со јасности, па зборуваа: »Зар човек да нè упатува?« Па, не веруваа и го вртеа грбот. А, на Аллах не Му треба ништо. Аллах е Богат и за благодарност Достоен!

7. Оние што не веруваат мислат дека нема да бидат оживеани. Кажи: »Да, се колнам, Господарот мој ќе ве оживее, сигурно, и ќе ве извести за она што го работевте!« Тоа, навистина, за Аллах е лесно!

8. Па, верувајте во Аллах и во пејгамберот Негов и во светлината што Ние ја објавивме. Аллах е Известен за она што го работите!

9. Денот во кој Он ќе ве збере – Денот на собирањето – ете, тоа е Ден на самоизмама. А, оној што верува во Аллах и што работи добро..., па Аллах ќе ги отстрани лошите дела од него, и ќе биде воведен во градините џеннетски низ кои течат реки; во нив за навек ќе остане. Ете, тоа е победа голема!

10. А, оние што не веруваат и што ги сметаат за лажни ајетите Наши... тие се жители на огнот и во него за навек ќе останат. Е, само колку е лошо тоа свратилиште!

11. Никаква неволја не се случува без одобрението на Аллах. Оној што верува во Аллах, Он му го упатува срцето негово. Аллах знае сè!

12. Бидете послушни на Аллах и на пејгамберот Негов! Па, ако го свртите грбот... пејгамберот Наш е задолжен само да извести јасно!

13. Аллах! Нема друг бог освен Него! Тогаш верниците нека се потпираат на Аллах!

14. О верници! Меѓу жените ваши и меѓу децата ваши имате непријатели. Внимавајте, тогаш, на нив! А, ако, пак, ги помилувате и поминете преку тоа и ако им простите... та, Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

15. И имотите ваши и децата ваши се искушение, навистина! Кај Аллах наградата е најголема!

16. Плашете се, тогаш, од Аллах онолку колку што можете, и слушајте, и бидете послушни и делете прилози поради вас самите! А, оној кој се чува себеси од алчност...па, таквите, токму, се спасени!

17. А, ако на Аллах Му дадете добар заем, Он ќе ви возврати двојно и Он ќе ви прости. Аллах е Благодарен и Благ!

18. Зналец на невидливото и видливото , Силен и Мудар!

# СУРА АТ- ТАЛАК

## Развод на брак

Сура 65 - Медина - 12 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. О пејгамберу! Кога ќе се разведете со жените, разведете ги за време додека се чисти и, сметајте го тоа време. Плашете се од Аллах – Господарот ваш. Не истерувајте ги од домовите нивни, а и тие нека не излегуваат; истерувајте ги само тогаш кога ќе направат очигледно срамно дело. Ете, тоа се границите на Аллах, а оној што ќе ги премине границите на Аллах, тој, навистина, ќе направи зло за себе. Не знаеш, Аллах, можеби, ќе даде да се случи, по тоа, нешто друго!

2. И кога ќе дојде времето до кога треба да чекаат, па задржете ги учтиво или, пак, разведете се учтиво. И нека се најдат двајца праведни сведоци меѓу вас! И заради Аллах сведочењето, извршете го! Ете, тоа ви се советува: за оној што верува во Аллах и во Денот суден. А, оној што се плаши од Аллах, Он ќе му изнајде некаков излез!

3. И Он ќе го снабди од каде што и не се надева. А, оној кој се потпира на Аллах – та, Он му е доста. Аллах, навистина, ја изнесува наредбата Своја. Аллах за секоја работа одреди мера.

4. А, оние, меѓу жените ваши, кои изгубиле надеж во месечното прање, и ако вие се сомне-

вате, треба да чекаат три месеци. Исто е и за оние што уште немаат добиено месечно прање. А, оние, пак, што ќе затруднат треба да чекаат сè додека не се породат. А, оној што се плаши од Аллах, Он ќе му олесни со наредбата Своја!

5. Ете, тоа е наредбата на Аллах што Он ви ја објавува. А, оној што се плаши од Аллах, Он ќе му ги прости гревовите и ќе му даде зголемена награда.

6. Наредете да живеат таму каде што живеете и вие. Според можноста ваша. И не правете им никаква штета со цел да ги стесните. А, ако се, пак, трудни, тогаш издржувајте ги сè додека не се породат. А, ако, пак, ги дојат децата ваши, ред е да им ги дадете подароците. И учтиво однесувајте се едни кон други. А ако, пак, се појават некои недоразбирања, друга жена нека го дои детето!

7. Оној што има богатство, нека троши од богатството свое, а оној чиј имот му е ограничен, нека троши од она што му го одреди Аллах. Аллах никого не оптоварува над можноста негова. По тешкотијата Аллах дава леснотија.

8. И колку градови се оглушија од наредбата на Господарот свој и на пејгамберите Негови? Да, побаравме од нив строга одговорност и ги казнивме со казна нечуена!

9. Па, ги вкусија последиците од постапката своја. Беше тежок крајот на постапката нивна.

10. Аллах подготви за нив тешка казна. Плашете се од Аллах, о вие со разбир надарени, вие што верувате, бидејќи Аллах веќе ви објави опомена,

11. пејгамбер што ви ги кажува ајетите јасни од Аллах: за да ги изведе оние што веруваат и што

работат добри дела од темнина во светлина, а оние, пак, што веруваат во Аллах и што работат добро, Он ќе ги воведе во градини џеннетски низ кои течат реки и во нив за навек ќе останат. Да, на таквите Аллах ќе им даде убава награда!

12. Аллах е Оној што создаде седум небеса и исто толку земји. Он ја спушта наредбата меѓу нив, за да знаете дека Аллах, навистина, е Кадар за сè! Да, Аллах со знаењето Свое опфаќа сè!

# СУРА ЕТ-ТАХРИМ

## Забрана

Сура 66 - Медина - 12 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. О пејгамберу! Зошто го забрануваш, настојувајќи да им се исполнат барањата на жените твои, она што Аллах ти го дозволи? Аллах е Простувач и Сомилосен!

2. Да, Аллах ви пропиша како да ги оправдаде заклетвите ваши. Аллах е ваш Пријател! Он е Зналец и Мудар!

3. Кога пејгамберот ѝ довери тајна на една од неговите жени, и кога таа ја изнесе тајната – а Аллах овозможи тој да го открие тоа –, тогаш нешто од тоа тој откри, а нешто не откри, и кога ѝ го обзнани тоа, таа рече: »Кој те извести за ова?« Тој рече: »Ме извести Зналецот и Известениот!«

4. А, ако вие две Му се обратите на Аллах, каејќи се, па тоа треба да го направите, зашто срцата ваши се накривија! А, ако, пак, вие две се помагате против пејгамберот... та, Аллах, навистина, е Заштитникот негов, и Џибрил и добрите верници! И мелеките, освен нив, се поддржници!

5. Господарот негов, можеби, ако тој се разведе од вас, ќе му даде други жени подобри од вас: послушни на Аллах, вернички, оддадени,

покајнички, побожни, постачки, стабилни и девици.

6. О верници! Чувајте се себе и семејствата ваши од огнот: луѓето и камењата ќе бидат негово гориво. А, мелеките ќе се грижат за него и ќе бидат строги; нема да бидат непослушни на наредбата на Аллах и ќе го работат она што ќе им се наредува.

7. О неверници! Денес нема да можете да се оправдате. Ќе бидете казнети, токму, за она што го работевте!

8. О верници! Покајте Му се на Аллах со покајание искрено! Господарот ваш, можеби, ќе ви ги избрише гревовите и ќе ве воведе во градини џеннетски низ кои течат реки, на Денот во кој Аллах нема да ве посрамоти, пејгамберот и оние што веруваа со него. Светлината нивна ќе оди пред нив, и од нивната десна страна; ќе зборуваат: »Господару наш, усоврши ја светлината наша и прости ни. Ти си, навистина, Кадар за сè!«

9. О пејгамберу! Бори се против неверниците и дволичните и биди строг кон нив. Џеханнемот е престојувалиштето нивно. Е, само колку е лошо тоа прибежиште!

10. Аллах донесува пример за оние што не веруваат: жената на Нух и жената на Лут, кои беа мажени за двајца Наши добри робови. И двете ги понижија нив и затоа тие нема да можат да им помогнат воопшто кај Аллах. И ќе им се рече: »Влезете вие две во огнот меѓу оние што се влезени во огнот!«

11. Аллах донесува пример и за оние што веруваа: жената на фараонот кога рече: »Подигни ми куќа, Господару мој, во близината Твоја, во

Џеннетот, и спаси ме од фараонот и од делото негово, и спаси ме од народот силнички!«

12. И: Мерјем, ќерката на Имран, која ја сочува невиноста своја, и во која вдахнавме од Духот Наш, и која ги потврди зборовите на Господарот свој, и Книгите Негови, и која беше една меѓу потчинетите на Аллах!

Џуз 29

# СУРА ЕЛ-МУЛК

## Власт

Сура 67 - Мекка - 30 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Возвишен е Оној во чија рака е власта: Он е Кадар за сè!

2. Кој ги создаде и смртта и животот, за да ве испроба кој меѓу вас прави најдобри дела. Он е Силен и Простувач!

3. Кој создаде седум небеса, едни на други. Во создавањето на Милостивиот не гледаш никаков недостаток. Па, сврти го погледот: ќе видиш ли некаков недостаток?

4. И сврти го погледот по втор пат!...Погледот ќе ти се врати поразен; ете го, снеможен!

5. Да, Ние го разубавивме небото на овој свет со ѕвезди и Ние одредивме да фрла камења по шејтаните. И Ние подготвивме казна разгорена за нив!

6. А, за оние што не веруваат во Господарот свој има казна џехеннемска. Е, само колку е лошо тоа сврatилиште!

7. И кога ќе бидат фрлени во огнот ќе го слушаат неговото пламтење и тој само ќе фрла пламен!

8. Ете, само што од лутина нема да се распадне. И секогаш кога ќе биде фрлена толпа во него, чуварите негови ќе прашуваат: »Нели ви доаѓаше опоменувач?«

9. Ќе одговорат: »Да, ни доаѓаше опоменувач, па го сметавме за лажен и зборувавме: – Аллах не објави ништо. Вие сте скршнати во заблуда голема!«

10. И уште ќе речат: »Да послушавме и да бевме разумни, сега немаше да бидеме меѓу жителите на огнот разгорен!«

11. Па, ќе го признаат гревот свој и, тогаш, далеку нека бидат жителите на огнот разгорен!

12. А, за оние што стравуваат од Господарот свој тајно, има, навистина, простување и награда голема за нив!

13. Ќе ги преќутувате ли зборовите ваши или, пак, гласно ќе ги кажувате...Он, навистина, го знае она што е во градите!

14. Како да не знае Оној кој создаде?! Он е Чувствителен и Известен!

15. Он е Оној што ви ја потчини земјата: па, патувајте по пределите нејзини и јадете од благодатите Негови. Ќе се зберете кај Него!

16. Сигурни ли сте дека Оној што е на небесата нема да ве турне в земја кога таа ненадејно ќе се затресе?

17. Или сигурни ли сте дека Оној што е на небесата нема да ви испрати ветар со камења? Па, ќе узнаете каква е заканата Моја?

18. Да, не веруваа и оние пред нив. И колку беше страшна казната Моја?

19. Не ги гледаат ли птиците над нив како летаат со раширени крилја, и уште ги собираат? Ги држи само Милостивиот. Он, навистина, гледа сè!

20. И кој е тој што ќе ви биде војска ваша, кој ќе ви помогне, освен Милостивиот? Неверниците, навистина, се во заблуда!

21. И кој е тој што ќе ви даде благодат ако Он ја задржи Својата благодат? Но, тие постојано се тврдоглави и вообразени!

22. Оној ли што оди со оборено лице е поупатен или, пак, оној што оди исправно по патот вистински?

23. Кажи: »Он е Оној што ве создаде и ви даде и слух, и вид и срце.« Само малку се заблагодарувате.

24. Кажи: »Он е Оној што ве растури по земјата и ќе се зберете кај Него!«

25. И зборуваат: »А кога ќе се случи таа закана ако вистина зборувате?«

26. Кажи: »Да, знаењето за тоа е кај Аллах. Јас сум, навистина, само опоменувач јасен!«

27. И кога ќе здогледаат како казната ќе им се приближува, ќе обезличат лицата на оние што не веруваат, и ќе се рече: »Ова е она што го посакувавте!«

28. Кажи: »Мислите ли дека, доколку Аллах нè упропасти мене и оние со мене, или доколку ни се смилува...мислите ли дека има некој што ќе ги заштити неверниците од казната болна?«

29. Кажи: »Он е Милостивиот! Веруваме во Него и се потпираме на Него, а вие ќе узнаете кој е во беспаќе очигледно!«

30. Кажи: »Мислите ли дека, ако водата ваша ви пресуши, има некој што ќе ви даде изворска вода?«

# СУРА ЕЛ-КАЛЕМ

## Калем

Сура 68 - Мекка - 52 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. **Нун!** Се колнам во перото и во она што тие го пишуваат:
2. ти не си, со милоста на Господарот твој, луд,
3. и ќе добиеш награда што никогаш нема да престане, навистина!
4. Да, ти поседуваш голем морал!
5. Па, ќе видиш, а и тие ќе видат,
6. кој од вас е луд!
7. Господарот твој е Оној што најдобро го знае оној што скршнал во заблуда од патот Негов и Он најдобро ги знае упатените!
8. Па, не слушај ги неверниците!
9. Посакуваат да попуштиш, па и тие да попуштат.
10. И не биди послушен на ниеден голем колнач презрен,
11. голем клеветник, пренесувач на зборови,
12. кој спречува добро, голем престапник, голем грешник,
13. незаситен и, покрај тоа, подлизурко,
14. затоа што има имот и синови,

15. кој, кога му се кажуваат ајетите Наши, вели: »Тоа се прикаски на народите одамнешни!«

16. Ние ќе му втисниме белег на носот.

17. Ние ги ставаме во искушение, онака како што гиставивме во искушение, сопствениците на една градина кога се заколнаа дека ќе ја оберат штом ќе станат изутрина,

18. кои не рекоа: »Ако даде Аллах!«

19. Па, една несреќа од Господарот твој ја погоди градината додека спиеја,

20. и изутрината, ете, беше пустелија,

21. и тие, тоа утро, се обратија едни на други:

22. »Одете изутрина кај поседот ваш ако сакате да го оберите плодовите!«

23. И тогаш тргнаа, зборувајќи по пат едни со други:

24. »Никаков сиромав денес нека не влезе во градината ваша!«

25. И изутрината тргнаа уверени дека ќе ја оберат.

26. И кога ја видоа градината, рекоа: »Да, ние сме во заблуда скршнати

27. и уште останавме без ништо!«

28. Најумерениот меѓу нив рече: »Зар не ви реков дека Аллах треба да Го славите?«

29. Тие рекоа: »Нека биде Славен Господарот наш! Ние сме грешници, навистина!«

30. И почнаа да се грдат еднидруги;

31. зборуваа: »Е, тешко нам! Ние сме палави, навистина!

32. Господарот наш можеби ќе ни ја замени со подобра градина. Тежнееме кон Господарот наш, навистина!«

33. Ете, таква беше казната. А, казната оносветска е поголема. Е, само кога би знаеле!

34. За богобојазливите кај Господарот нивни има, навистина, градини џеннетски, благородни!

35. Па, послушните ли ќе ги третираме како силниците?!

36. Што ви е? Како така просудувате?

37. Или, пак, имате Книга во која читате

38. дека за вас, навистина, ќе го има она што ќе го посакувате?

39. Или, пак, ви се заколнавме со заклетви што ќе траат до Денот суден, дека, тогаш ќе го имате она што го просудувате?

40. Прашај ги кој од нив мисли дека има залог!

41. Или, пак, имаат божества...,па, нека дојдат со божествата свои ако вистина зборуваат!

42. На Денот во кој ќе се разголи коската потколенична и кога ќе се повикаат да се поклонат... нема да можат тоа да го направат;

43. ќе бидат уплашени погледите нивни и ќе ги обзеде понижување: беа повикувани да се клањаат кога беа здрави.

44. Па, остави Ме сам да решам, остави ги и оние кои ја сметаа за лажна оваа Реч, Ние ќе им се приближиме постапно, од каде што не знаат.

45. И Јас ќе им давам рок; сплетката Моја, нависта, е цврста!

46. Или, пак, бараш од нив награда, а тие се оптоварени со претежок долг?

47. Или, пак, Тајната е кај нив, па тие препишуваат!

48. Па, стрпи се до пресудата на Господарот твој и не биди како оној кој беше во рибата, кој се молеше, очајнички!

49. А, да не беше милоста на Господарот твој што веќе му дојде, ќе беше фрлен на пусто место, понижен!

50. Па, Господарот негов го спаси и одреди да биде меѓу добрите!

51. Неверниците само што не те оборат со опулите свои кога ќе ја слушнат Опомената, и кои зборуваат: »Он, навистина, е луд!«

52. А, тоа е само Опомена за световите!

# СУРА ЕЛ-ХАККАТУ

## Час неизбежен

Сура 69 - Мекка - 52 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Час неизбежен!
2. Што е тоа Чаз неизбежен?
3. Е, па, знаеш ли ти што е тоа Час неизбежен?
4. И Ад и Семуд пропаста на светот го сметаа за лажен!
5. Па, што се однесува на Семуд... беа уништени со глас силен,
6. а, што се однесува на Ад..., беа уништени со студен ветер што беснее и што остава метеж!
7. Го потчини врз нив седум ноќи и осум дена без прекин, па да видиш, луѓето беа покуткани како да се трески палмини, попаѓани?
8. Па, дали гледаш дека има некаква трага од нив?
9. И фараонот и оние пред него, оние од испревртените градови заради гревови,
10. кои беа непослушни на пејгамберот на Господарот свој, сите нив, Он ги казни со казна прекумерна.
11. И бидејќи водата надојде Ние ве понесовме во лаѓата,
12. за да ја направиме, навистина, опомена за вас, и увото што слуша да ја слуша.

13. И кога ќе се дувне во Рогот со еден дувеж,

14. и кога земјата ќе биде разнесена а брдата расфрлани со еден удар...

15. на тој Ден тогаш ќе се случи пропаста на светот!

16. И небото ќе испука и тоа, на тој Ден, ќе биде кршливо,

17. а, мелеките ќе бидат на аглите негови и ќе го носат престолот, на Господарот твој, на тој Ден, над нив, осум мелеки,

18. на тој Ден вие ќе бидете претставени и ништо нема да можете да сокриете.

19. Па, што се однесува на оној со Книгата што ќе му биде дадена, во неговата десна рака, ќе рече: »Еве, читајте ја оваа моја книга.

20. Јас, навистина, замислував дека ќе си полагам сметка.«

21. И тој ќе биде во животот задоволен,

22. во Џеннетот возвишен,

23. чии плодови ќе му бидат на дофат на рацете: –

24. »Јадете и пијте, и пријатно нека ви биде за она што го работевте во деновите што минаа.«

25. А, што се однесува, пак, на оној со Книгата што ќе му биде дадена во неговата лева рака, ќе рече: »О, тешко мене! Е, да не ми беше дадена Книгава!

26. Да, не знаев за моево полагање сметка!

27. О, тешко мене! Само смртта да ме докрајчеше!

28. Богатството мое ништо не ми користи;

29. сè што е мое отиде во пропаст.«

30. »Зграпчете го и, тогаш во окови ставете го,

31. а, потоа, во огнот, пржете го,
32. а, потоа, во синџири, седумдесет лактови долги, врзете го,
33. тој, навистина, не веруваше во Аллах, Голем,
34. а, ниту, пак, поттикнуваше да се нахрани сиромав...
35. Па, денес за него, овде, нема близок пријател,
36. а ниту храна друга, освен загадотина,
37. што ќе ја јадат само грешниците.«
38. Но, не! Јас се колнам во она што го гледате,
39. и во она што не го гледате...
40. тоа, навистина, е Куран, објавен до пејгамберот благороден;
41. не е говор на поет; малкумина верувате!
42. а, не е говор ниту на волшебник; само малкумина се опоменувате.
43. Тоа е Објава од Господарот на световите.
44. А, да зборуваше против нас некакви зборови,
45. Ние ќе го зграпчевме за десната рака, силно,
46. а, потоа ќе му ја пресечевме вената што куца
47. и никој од вас нема да можеше да го спаси.
48. Куранот е Опомена за богобојазливите, навистина!
49. Да, Ние знаеме дека меѓу вас има лажливци,
50. и тој ќе биде тага за неверниците!
51. Да, Куранот е Вистина,
52. па, слави Го, со името, Господарот Голем!

# СУРА ЕЛ-МЕ'АРИЏ

## Степени

Сура 70 - Мекка - 44 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Некој праша за казната што ќе се случи.
2. За неверниците казната никој нема да ја спречи,
3. таа е од Аллах , Господарот на степените,
4. преку кои се качуваат мелеките и Џибрил до Него, за еден ден што изнесува педесет илјади години;
5. па, стрпи се, со стрпливост достојна,
6. тие мислат дека е далеку, навистина,
7. а, Ние, пак, мислиме дека е блиску
8. Денот во кој небото ќе биде како растопена руда,
9. а планините како волна;
10. и пријателот нема да прашува за пријател
11. и покрај тоа што ќе се гледаат меѓу себе. Силникот ќе посака на тој Ден да ја откупи казната со синовите свои,
12. и со жената своја, и со братот свој,
13. и со семејството свое што го штитеше,
14. и со сè на земјава, ете само потоа да се спаси.
15. Никогаш! Таа самата ќе биде пламен;

16. ќе ги гори деловите на телото,
17. повикувајќи го оној што се оддалечи и што го сврти грбот...
18. кој само збираше и, ете скриваше!
19. Човекот, навистина, е создаден талмаќар!
20. Кога зло ќе му се случи, очајува,
21. а, кога, пак, добро ќе му се случи, одбива!
22. А, не и оние кои клањаат намаз,
23. кои внимаваат постојано на намазот,
24. и оние во чиј имот има право познато
25. за оној што пита и оној што не пита,
26. и оние што веруваат во Денот суден,
27. и оние што стравуваат од казната на Господарот свој!
28. Од казната на Господарот свој никој не е сигурен, навистина!
29. И оние што ги чуваат срамните места свои,
30. освен со жените свои, или со оние што ги поседуваат – со нив, навистина, нема да бидат укорени!
31. А оние, пак, кои посакуваат други, освен нив, тие се грешници!
32. И оние што ги чуваат аманетите и што се придржуваат кон договорот свој,
33. и оние што се истрајни во сведочењата свои,
34. и оние што внимаваат на намазот свој...
35. тие ќе бидат почестени со градини џеннетски!
36. Зошто брзаат кон тебе оние што не веруваат,
37. и од десна и од лева страна, во дружини?

38. Стреми ли секој од нив да влезе во Џеннетот благословен?

39. Ние, навистина, ги создаваме, од што – знаат самите!

40. Јас се колнам во Господарот на истоци и на запади дека Ние сме, навистина, Кадри

41. да ги замениме со подобри од нив, и во тоа никој не може да Нè претекне.

42. Па, занемари ги, нека зборуваат едни со други и нека се играат сè додека не го дочекаат Денот што им се ветуваше,

43. на Денот во кој ќе излезат од гробовите, брзајќи, како да се брзаат кон кумирите,

44. со уплашени погледи и до земја понижени. Ете, тоа ќе биде Ден со кој им се заканува!

# СУРА НУХ

## Нух

Сура 71 - Мекка - 28 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Ние, навистина, го испративме Нуха до народот негов: »Опомени го народот твој пред да им дојде казната болна!«

2. И, рече: »О народе мој! Јас сум ви, навистина, опоменувач јасен;

3. обожавајте Го Аллах, плашете се од Него, и бидете ми послушни.

4. Ќе ви ги прости гревовите и ќе ве остави до рокот определен. А, кога ќе дојде крајот што Аллах го одреди, тој нема да се одгоди. Ете, така да знаете!«

5. И рече: »Господаре мој, денонoќно го повикував народот мој, навистина!

6. Но, повикот мој ги тераше само во бегство;

7. и секојпат кога ќе ги повикував за да им простиш, ги ставаа прстите свои в уши, и се покриваа со своите покривки, и беа тврдоглави, и се држеа нависоко!

8. Јас потоа ги повикував јавно, навистина,

9. потоа им возгласував, навистина, и тајно им зборував,«

10. велејќи им: »Барајте простување од Господарот ваш. Он, навистина, е Простувач!«

11. Он ќе ви испрати од небо вода во изобилство,

12. ќе ви даде и имоти, и синови, а ќе ви даде и градини, и реки наменети за вас!

13. Што ви е? Па, не се плашите од силината на Аллах,

14. и Он ве создава постапно.

15. Не гледаш ли како Аллах создаде седум небеса, едни на други?

16. Меѓу нив Он одреди Месечината да биде светлина, а Сонцето да биде светилка.

17. Аллах ве растури по земјата како што ги растури растенијата,

18. потоа Он ве враќа во неа и пак ќе ве извади од неа.

19. Аллах ја одреди земјата да ви биде распространета,

20. за да патувате по нејзините широки патишта.

21. Нух рече: »Господаре, непослушни ми се, навистина! И ги следат оние чии имоти и деца им ја зголемуваат пропаста.

22. И големи сплетки сплеткарат,«

23. и зборуваат: »Никако не напуштајте ги божествата ваши, и не напуштајте ги ни Веда ни Сува, ни Јегус, ни Јеук, ни Неср!

24. Веќе во заблуда скршнаа многу луѓе! На силниците зголемувај им ја само заблудата!«

25. И заради гревовите нивни беа потопени и ќе бидат фрлени во огнот и, освен Аллах, нема да најдат ниеден поддржник!

26. И Нух рече: »Господаре мој, не оставај на земјата ниеден неверник!

27. Ако ги напуштиш, ќе ги скршнуваат во заблуда, навистина, робовите Твои и ќе доаѓаат само грешници и неверници!

28. Господаре мој, прости ми, мене и на родителите мои, и на оној што ќе влезе во мојот дом како верник, и на верниците, и на верничките, а на силниците, пак, само зголеми им го страдањето!«

# СУРА ЕЛ-ЏИН

## Џинови

Сура 72 - Мекка - 28 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Кажи: »Објавено ми е дека една дружина на џинови прислушкувале, па рекле: – Да, ние слушнавме еден чудесен Куран,

2. што упатува кон показот и му поверувавме, и никогаш нема да Му припишуваме здруженик на Господарот наш!«

3. И Он е возвишен, Господарот наш, Кој не присвои ниту жена ниту дете!

4. Еден луд, навистина, зборуваше лаги за Аллах,

5. а, Ние, пак, сметавме дека ниту џиновите ниту луѓето не зборуваат лаги за Аллах,

6. или, пак, имаше луѓе што бараа заштита од џиновите, па овие само им ја зголемуваа непромисленоста.

7. И мислеа, како што вие мислевте, дека Аллах никогаш никого, навистина, нема да оживее;

8. и настојувавме да го допреме небото, навистина, па го најдовме како е исполнето со јаки чувари и ѕвезди што паѓаат;

9. и седевме во непосредна близина на местата за седење за да слушаме. А оној што прислушкува сега, ќе наиде на ѕвезда која паѓа, од заседа!

10. И ние не знаеме дали им се посакува зло на оние на земјата или, пак, Господарот нивни, им посакува добро?

11. Меѓу нас има, навистина, добри; меѓу нас има и поинакви. Нè има видови различни!

12. Да, знаеме дека на Аллах не можеме да Му се скриеме на земјава и дека никогаш нема да избегаме од Него.

13. И штом го слушнавме Куранот, веднаш поверувавме во него, навистина! Па, оној што верува во Господарот свој, тој не се плаши ниту од штета ниту од непромисленост.

14. Да, меѓу нас има и муслимани, меѓу нас има и скршнати во заблуда. А оние што беа муслимани, ете тие го избраа вистинскиот пат!

15. А, што се однесува на неверниците, ете ќе бидат гориво за Џехеннемот!

16. А, да се држеа цврсто за вистинскиот пат, ќе ги напоевме со вода изобилна, навистина! –

17. за да ги ставиме во искушение: оној што ќе биде рамнодушен кон опомената на Господарот свој... нему ќе му следи казна што ќе се зголемува.

18. Џамиите, навистина, се за Аллах и, тогаш, никого не молете освен Аллах!

19. И кога робот на Аллах се исправи да Го замоли, само што не му се прилепија!

20. Кажи: »Само на Господарот мој Му се молам, навистина! И ништо не Му здружувам!«

21. Кажи: »Не сум моќен ниту да ви отстранам штета, а ниту, пак, да ви прибавам корист!«

22. Кажи: »Никој од Аллах нема да ме заштити, навистина! И никогаш, освен Него, нема да најдам засолниште!

23. Можам само да известам од Аллах и од посланијата Негови.« А, оној кој ќе биде непослушен кон Аллах и кон пејгамберот Негов...па, за него, навистина, има казна џехеннемска! И во неа за навек ќе остане!

24. И кога ќе го видат она со што им се закануваше... па, ќе узнаат кој е послаб поддржник и помалкуброен!

25. Кажи: »Јас не знам дали е блиску она со што ви се заканува, или, пак, Господарот мој одреди тоа да се случи во друго време.«

26. Он е Зналец на Тајната? Па, тајната Своја никому не му ја открива!

27. освен на оној кого Он ќе го избере за пејгамбер, кого Он, навистина, го штити и пред него и зад него,

28. за да покаже дека пратенијата на Господарот нивни се доставени. Он го знае во тенчини сè она што е при нив и сè до тенчина има пресметано!

# СУРА ЕЛ-МУЗЕММИЛ

## Завиткан

Сура 73 - Мекка - 20 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Еј ти, завиткан!
2. Клањај во поголемиот дел од ноќта, освен мал дел,
3. половина од ноќта или, пак, помалку од тоа,
4. или, пак, малку повеќе од тоа и читај Куран внимателно!
5. Ние, навистина, ќе ти објавиме тешка Реч;
6. станувањето ноќе поисправо делува, навистина, врз работата и врз зборувањето,
7. а дење си подолго зафатен.
8. И спомнувај Го името на Господарот твој и сосем посвети се на Него:
9. Господарот на Исток и на Запад; нема друг бог освен Него, и прифатете Го како Закрилник!
10. И стрпи се за она што го зборуваат и оддалечи се од нив, со пристоен расчекор!
11. И остави Ме Мене со неверниците, кои се на раскош оддадени, и остави ги извесно време!
12. Кај Нас ќе има, навистина, и пранги и Џехеннем!
13. И храна што го гори грлото и казна болна

14. на Денот во кој ќе се потресат Земјата и планините, а планините ќе бидат расфрлани како тумбиња од песок.

15. Да, Ние ви испративме пејгамбер кој ќе сведочи против вас исто онака како што на фараонот му испративме пејгамбер.

16. И фараонот, тогаш, не го послуша пејгамберот и Ние, заради тоа, го зграпчивме со еден груб фат.

17. Па, како вие, доколку не верувате, ќе се сочувате од Денот кога на децата ќе им побели косата?!

18. Небото тогаш ќе испука и заканата Негова ќе се оствари.

19. Ова, навистина, е Опомена! Па, кој ќе посака, тој ќе го прифати патот кон Господарот свој.

20. Господарот твој знае дека ти стануваш ноќе да се клањаш помалку од две третини на ноќта, половина или, пак, една третина, а и дружината што е со тебе. Аллах ја одредува должината на ноќта и на денот. Он знае дека вие не знаете да го пресметате тоа и Он ви простува. Па, читајте го од Куранот она што ви е лесно! Он знае дека меѓу вас ќе има болни, и оние кои што шетаат по земјата, барајќи ја добрината на Аллах, а други, пак, што ќе се борат на патот на Аллах. Па, читајте го од Куранот она што ви е лесно! И клањајте намаз и давајте зекат! И позајмете Му на Аллах добар заем! А, доброто што го давате од себе, ќе го најдете кај Аллах уште подобро, и поголема награда. И барајте простување од Аллах! Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

# СУРА ЕЛ-МУДЕССИР

## Покриен

Сура 74 - Мекка - 56 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Еј ти, покриен!
2. Стани и опоменувај!
3. и Господарот твој, величај Го,
4. и облеката твоја, очисти ја,
5. и од кумирите, оддалечи се!
6. Не мурти се, што ти се причинува многу!
7. И заради Господарот твој, стрпи се!
8. А, кога ќе се дувне во Рогот,
9. ете, тогаш ќе биде тежок Ден:
10. за неверниците нема да биде лесен!
11. Остави Ме насамо со оној што го создадов сам,
12. и му дадов големо богатство,
13. и му дадов синови што живееја со него;
14. И животот му го направив мирен и пријатен.
15. А, потоа сакаше да му дадам повеќе.
16. Но, не! Беше тврдоглав, навистина, кон знаменијата Наши,
17. и ќе го натоварам со тешкотии!
18. Тој, навистина, многу размислуваше и многу планираше!

19. Па, нека биде убиен заради она што го планираше,

20. и пак нека биде убиен заради она што го планираше!

21. Потоа погледна,

22. потоа се намурти и се стемни,

23. потоа го сврти грбот и се надува,

24. па рече: » Ова, навистина, е само волшебништво што се наследува!

25. Ова е само Реч човечка!«

26. Јас ќе го фрлам во огнот Секар.

27. А, знаеш ли ти што е тоа Секар?

28. Во него ништо не останува и сè согорува;

29. пламеник за луѓето;

30. над него бдеат деветнаесетмина:

31. а, мелеките Ние ги одредивме да бидат тие што бдеат врз огнот. Бројот нивни е искушение за оние што не веруваа, и за да се уверат оние со Книгата што им се објави, и на верниците верувањето да им се зголеми и за да не се сомневаат оние со Книгата што им се објави, и верниците; и да речат оние што имаат болештина во срцата свои, и неверниците – што сака Аллах да покаже со овој пример? Ете, така Аллах го скршнува во заблуда оној кого Он сака и Он упатува кого сака. Војската на твојот Господар ја знае само Он! А, тоа е само Опомена за луѓето!

32. Но, не! Се колнам во Месечината,

33. и во ноќта кога ќе зајде,

34. и во муграта кога ќе пукне...

35. тоа ќе биде несреќа голема, навистина,

36. за луѓето опомена:

37. за оној меѓу вас што посакува тоа да го забрза или да го успори!

38. И секоја човек е залог за она што го стекнал,

39. освен сретните,

40. кои во градините џеннетски ќе се распрашуваат

41. за силниците,

42. и за она што ги довело во огнот Секар,

43. и овие ќе речат: »Не бевме меѓу оние што клањаа намаз,

44. и сиромашните не ги храневме,

45. и во денгуба, со денгубарите, се спуштавме,

46. и Денот ветен за лажен го сметавме,

47. сè додека смртта не ни дојде!«

48. Па, нема да им користи посредувањето на посредниците.

49. Па, зошто тогаш се рамнодушни кон Опомената?

50. Како да се диви магарињa исплашени,

51. кои бегаат од лавовите.

52. Но секој од нив посакува да му се дадат страници отворени.

53. Никогаш! Оние не се плашат од оној свет.

54. Никогаш! Куранот е Опомена, навистина!

55. И тогаш кој сака го прима за Опомена,

56. а, тие само со волја на Аллах се опоменуваат. Он е Достоен за богобојазливост и Он е Достоен за простување!

# СУРА ЕЛ-КИЈАМЕ

## Пропаст на светот

Сура 75 - Мекка - 40 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Не! Јас се колнам во Денот суден!
2. Не! Јас се колнам во душата што самата себе се грди!
3. Мисли ли човекот дека Ние никогаш нема да ги збереме коските негови?
4. Е, уште како! Ние сме Кадри дури и да ги поредиме и јагодиците на прстите негови.
5. Но, човекот посакува пред него да греши;
6. и прашува: »Кога ќе се случи пропаста на светот?«.
7. Кога опулот ќе се закочи, плашејќи се,
8. и кога Месечината ќе потемни,
9. и кога ќе се соединат Сонцето и Месечината,
10. на тој Ден човекот ќе повика: »Каде да се побегне?«
11. Нема никаде! Нема засолниште!
12. Кон Господарот твој, на тој Ден, ќе се биде насочен!
13. Човекот ќе биде известен на тој Ден и за она што го оставил.
14. Човекот, меѓутоа, против себе ќе си биде сведок,

15. и покрај тоа што ќе ги изнесува оправдувањата свои!

16. Не изговарај ги буквите на Куранот со јазикот на начин на кој ќе го читаш побрзо.

17. Наша обврска, навистина, е да го збереме и да ти овозможиме да го читаш.

18. Па, кога ќе го читаме, следи го читањето негово!

19. Потоа неговото објаснување е Наша обврска, навистина!

20. Навистина, вие ја посакувате минливоста,

21. а ја запоставувате вечноста!

22. На тој Ден некои лица ќе бидат блескотни,

23. во Господарот свој загледани,

24. а, некои лица, пак, ќе бидат намуртени,

25. и ќе очекуваат да се случи нешто што ќе ги дотолчи.

26. Навистина, кога душата ќе стигне до клучната коска,

27. и кога ќе се викне: »Кој ќе го излечи?!«

28. Ќе се убеди дека тоа е разделба,

29. и ногата околу ногата ќе се свитка,

30. кон Господарот твој, на тој Ден, ќе се приведе,

31. па, овој не веруваше и не клањаше намаз,

32. но затоа, пак, порекнуваше и грбот го вртеше,

33. а, потоа, кај семејството свое, горделиво одеше.

34. Тешко тебе! Е, па, тешко тебе!

35. И уште еднаш: Тешко тебе! Па, пак, тешко тебе!

36. Мисли ли човекот дека ќе биде оставен тек така?

37. Не беше ли капка семе, семе што се фрла?

38. А, по ова угрушок од крв, и по тоа го создаде и наличје му даде,

39. и од него создаде пар: машко и женско.

40. И нели тогаш Он е Кадар да ги оживее мртвите?

# СУРА ЕЛ-ИНСАН

## Човек

Сура 76 - Медина - 31 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Зарем беше поодамна кога човекот не беше вреден ни да се спомне?

2. Ние човекот го создадовме, навистина, од мешавина на семе за да го ставиме во искушение и му дадовме и слух и вид.

3. Ние, навистина, го упативме по патот вистински: ќе биде ли благодарен или неверник – негово е!

4. Да, Ние за неверниците подготвивме пранги и синџири и оган разгорен.

5. Добротворите, навистина, ќе пијат од чаша чиј напиток ќе биде зачинет со камфор

6. од изворот што ќе го разводат, како што сакаат, од кој пијат робовите на Аллах:

7. оние што го исполнуваат договорот и што стравуваат од Денот во кој ќе биде злото проширено на сите страни,

8. и храна делеа, и покрај тоа што ја сакаа, на сиромав, сирак, и на заробеник.

9. »Ве храниме, навистина, заради задоволството на Аллах: од вас не посакуваме ниту надомест ниту благодарност.

10. Ние се плашиме од Господарот наш на Денот во кој лицата ќе бидат намуртени и темни.«

11. На тој Ден Аллах ќе ги сочува од зло и ќе им даде радост и среќа,

12. и ќе ги награди, затоа што беа трпеливи, со Џеннет и свила;

13. ќе бидат потпрени на дивани и тука нема да почувствуваат ниту жед ниту студ;

14. сенките негови ќе им бидат во непосредна близина, и ќе им бидат наведнати плодовите негови.

15. И ќе се служи меѓу нив со пехари од сребро и со чаши стаклени, и

16. пехари од сребро што сами ќе одредуваат колкави да бидат;

17. во Џеннетот ќе пијат од чаши чиј напиток ќе биде смеса од ѓумбар,

18. од изворот во Џеннетот како Селсебил именуван,

19. и ќе ги служат од еден до друг вечно млади момчиња. Кога ќе ги погледнеш, веднаш ќе помислиш дека се бисери растурени.

20. И кога ќе погледнеш тамо и пак, кога ќе погледнеш, ќе видиш благодат и царство големо,

21. ќе видиш облека зелена на нив, и од потенка и од подебела свила; ќе бидат накитени со ракавници од сребро, и Господарот нивни ќе им подари чист напиток.

22. »Ете, ова ви е наградата, навистина! Трудољубието ваше е достојно за благодарност!«

23. Ние, навистина, ти го објавуваме Куранот постапно:

24. па, стрпи се до пресудата на Господарот твој и не биди послушен ниту на грешник ниту на неверник!

25. И спомнувај Го името на Господарот твој и наутро и навечер!

26. И во еден дел од ноќта, поклони Му се, и долж ноќта слави Го!

27. Тие, навистина, ја посакуваат минливоста, а го занемаруваат она што е зад нив, тешкиот Ден!

28. Ние ги создаваме и зглобовите им ги соединивме. А, ако, пак, би посакале наличјата би им ги измениле.

29. Ова, навистина, е Опомена! Па, кој сака ќе го прифати патот кон Господарот свој.

30. А, вие го пожелувате само она што Аллах го пожелува. Аллах, навистина, е Зналец и Мудар!

31. Кого сака ќе воведе во милоста Своја. А, за неверниците подготви казна болна!

# СУРА ЕЛ-МУРСЕЛАТ

## Испратени мелеки

Сура 77 - Мекка - 50 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Се колнам во мелеките испратени едни за други,
2. па, како виор виорат,
3. се колнам и во оние кои верно објавуваат,
4. па разделуваат,
5. и кои, опомената ја доставуваат,
6. како оправдување или како опоменување!
7. Она со што ви се заканува ќе ви се случи, сигурно!
8. Тогаш кога ѕвездите нема да блескаат,
9. и кога небесата ќе испукаат,
10. и кога планините ќе се здробат,
11. и кога пејгамберите ќе бидат доведени на рочиште!
12. Да, до кој ден е тоа одредено?
13. До Денот на Разделбата!
14. А знаеш ли ти што е тоа Денот на Разделбата?
15. Тешко на неверниците... на тој Ден!
16. Нели Ние ги уништивме поколенијата одамнешни?

17. По нив и другите што Ние дадовме да ги следат.
18. Ете, така Ние работиме со силниците!
19. Тешко на порекнувачите на тој Ден!
20. Нели ве создадовме од вода безвредна
21. што ја ставивме на место сигурно,
22. до едно време познато?
23. Па, тоа сме Ние кои одредуваме. Е, само колку сме убави во она што Ние го одредуваме!
24. Тешко на порекнувачите на тој Ден!
25. Нели Ние одредивме земјата да биде место на збирање,
26. на живите и мртвите,
27. и на неа Ние поставивме високи планини и ве напојувавме со бистра вода?
28. Тешко на порекнувачите на тој Ден!
29. Управете се кон она што го порекнувавте,
30. управете се кон трократната сенка,
31. која ладовина нема и која од пламен не чува.
32. Ќе фрла искри како кули,
33. како да се камили жолти.
34. Тешко на неверниците на тој Ден!
35. Ова е Ден во кој нема да прозборат,
36. и во кој нема да им се одобри оправдување!
37. Тешко на неверниците на тој Ден.
38. Ова е Ден на Разделбата. Ние ќе ве собереме вас и народите одамнешни!
39. Па, ако сакате сплетка, тогаш направете сплетка против Мене!
40. Тешко на неверниците на тој Ден!

41. Богобојазливите ќе бидат, навистина, во сенки и меѓу извори!

42. И крај овошја какви што ќе посакуваат.

43. »Јадете и пијте; пријатно нека ви биде...заради она што го работевте!«

44. Ете, така Ние ги наградуваме добротворите.

45. Тешко на неверниците на тој Ден!

46. »Јадете и уживајте за кратко: силници сте, навистина!«

47. Тешко на неверниците на тој Ден!

48. И, кога ќе им се речеше: »Поклонете се!« Не се поклонуваа.

49. Тешко на неверниците на тој Ден!

50. Па, во која Реч по оваа тие ќе веруваат?

# СУРА ЕН-НЕБЕ'

## Кажување

Сура 78 - Мекка - 40 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. За што тие се прашуваат еднидруги?
2. За Кажувањето Големо
3. поради што, токму, се разединуваат!
4. Не е баш така! Ќе узнаат!
5. Не е баш така! Ќе узнаат, сигурно!
6. Нели Ние одредивме земјата да биде пространа,
7. а планините столбови?
8. И Ние ве создадовме во парови,
9. и вашиот сон Ние го одредивме за почивка,
10. а, ноќта, пак, Ние ја одредивме како покривка,
11. а, денот, пак, Ние го одредивме за да се снабди со животни намирници,
12. и над вас Ние седум силни небеса изградивме,
13. и светилката што пламти Ние ја поставивме,
14. и од облаците Ние изобилна вода ви спуштаме,

15. и со неа Ние дадовме да никнат и семе и растение,
16. и градини густи!
17. Денот на Одлуката, навистина, е веќе одреден,
18. Денот во кој ќе се дувне во Рогот, па ќе доаѓате во дружини;
19. а, небото ќе се отвори, и ќе има многу врати,
20. и планините ќе се потресат и ќе станат привид!
21. Џехеннемот, навистина, е во заседа,
22. за угнетувачите место на враќање,
23. и во Џехеннемот за навек ќе останат,
24. и нема да вкусат ништо ладно, ниту некаква напивка,
25. освен жешка вода, смрдлива,
26. како награда соодветна!
27. Оние, навистина, не се надеваа дека ќе се полага Сметка,
28. и ги сметаа за лажни ајетите Наши,
29. и секоја работа Ние ја запишавме во Книгата!
30. Па, вкусете! Казната само со казна ќе ја зголемуваме!
31. За богобојазливите, навистина, има победа:
32. градини и лозја,
33. и девојки, со исти години,
34. и полни пехари!
35. Во Џеннетот нема да слушаат ниту зборови празни ниту измислици.
36. Тоа ќе биде награда од Господарот твој, подарок неизмерен,

37. од Господарот на небесата и на Земјата и на она што е меѓу нив, од Милостивиот, и тие нема да можат ни да Му се обратат,

38. на Денот во кој Џибрил и мелеките ќе стојат во редици, и нема да зборуваат освен оној кому ќе му дозволи Милостивиот и кој вистина ќе зборува.

39. Ете, тоа е Денот вистински. Па, кој сака, тој може да бара засолниште кај Аллах.

40. Ние, навистина, ве опоменавме за казната блиска, за Денот во кој човекот ќе го гледа она што го направија рацете негови, и кога неверникот ќе рече: »О, тешко мене! Само да останев прашина!«

# СУРА ЕН-НАЗИ'АТ

## Мелеките кои тегнат

Сура 79 - Мекка - 40 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Се колнам во оние што ги тегнат душите при смртта силно,
2. и во оние што ги вадат лесно,
3. и во оние, пловејќи, што пловат брзо,
4. и во оние што ги извршуваат ветувањата брзо,
5. и во оние што ги средуваат работите грижливо!
6. Во Денот во кој потресот ќе се потресе,
7. по кој ќе следи следниот,
8. срцата на тој Ден ќе бидат вознемирени,
9. а, погледите нивни, пак, ќе бидат оборени!
10. Тие ќе повикаат: »Ќе бидеме ли пак вратени назад во гробовите, навистина,
11. кога ќе станеме трошни коски?«
12. И уште зборуваат: »Тоа оживување е само пораз.«
13. Тоа ќе биде само еден глас, навистина! –
14. и ете ги, веднаш на површина.
15. Допре ли до тебе кажувањето за Муса,
16. кога го повика Господарот свој, во Тува, светата долина:

17. »Оди кај фараонот, зашто тој, навистина, силен стана,
18. па, кажи му: – Мислиш ли да се очистиш?
19. Да те упатам кон Гсподарот твој, па тогаш да се уплашиш!«
20. И му го покажа тогаш знамението големо,
21. па, фараонот го порекна тоа и непослушен стана,
22. а потоа го сврти грбот и си замина,
23. и, тогаш собра луѓе и повика:
24. »Јас сум ви, навистина, господар најголем!«
25. Па, Аллах го казни со казната прва, а ќе го казни и со казната друга!
26. Ете, во тоа, навистина, има поука за оној што се плаши!
27. Потешко ли е вие да се создадете или, пак, небесата? Он ги создаде нив,
28. па, го подигна сводот нивни и потоа го среди,
29. ноќите нивни реши да бидат темни, а деновите, пак, да бидат светли,
30. и Земјата потоа ја израмни,
31. и извади од неа и вода и пасишта,
32. и планините ги зајакна,
33. за да уживате во нив, вие и добитокот ваш!
34. И кога ќе се случи големиот пород
35. на тој Ден во кој ќе се присеќава за она што стекнал,
36. и кога Цехеннемот, за оној што гледа, ќе се здогледа,
37. тогаш оној што се силеше,
38. и што животот овоземен повеќе го сакаше...

39. па, за него, Џехеннемот престојувалиште ќе му биде!

40. А, оној што се плашеше од стоењето пред Господарот свој и кој на душата страстите ѝ ги забрануваше...

41. па, за него, Џеннетот пребивалиште ќе му биде!

42. Те прашуваат: „Кога ќе се случи Часот?“

43. Кога веќе не знаеш, како тогаш да зборуваш за него.

44. За него знае само Господарот твој!

45. Ти си, навистина, опоменувач за оној што стравува од пропаста на светот.

46. Кога ќе ја видат белината на Денот ќе им се стори дека останаа само една вечер или едно утро.

# СУРА АБЕСЕ

## Се намурти

Сура 80 - Мекка - 42 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Се намурти и го сврти грбот
2. кога му дојде слепиот,
3. а што знаеш ти, можеби дојде да се очисти,
4. или, пак, да се опомене и, опомената, тогаш, да му користи.
5. Што се однесува на оној кој е богат,
6. па ти со него си заземен,
7. не си крив доколку тој не се очисти.
8. А, што се однесува на оној што ти дојде брзо,
9. и уште, ете, се плаши,
10. ти на него не внимаваш!
11. Тоа не е добро! А ова е Опомена, навистина!
12. Па кој сака Опомената ќе го опомене
13. со страниците почитувани,
14. возвишени и чисти
15. меѓу рацете на пишувачите,
16. чесни и послушни!
17. Проклет да е човекот! Колку е само неблагодарен!
18. Од што Он го создаде?
19. Он го создаде од капка семе и Он, потоа, го предодреди

20. и патот, потоа, му го олесни,
21. а, потоа, пак, Он ќе го упокои и ќе го остави во гробот,
22. а, потоа кога ќе си посака, ќе го оживее!
23. Но, не! Тој сè уште не го исполни она што Он му го нареди.
24. Нека човекот погледа, тогаш, во својата храна!
25. Ние спуштаме дожд во изобилие, навистина!
26. Потоа земјата ја расцепуваме во пукнатини,
27. и тогаш даваме секакво семе од неа да за'рти,
28. и лозја и зеленчук,
29. и маслинки и урми,
30. и градини бујни,
31. и овошје и напиток,
32. за да уживате во тоа вие и добитокот ваш!
33. Па, кога ќе дојде гласот што заглушува?
34. На Денот кога човекот ќе побегне од брат му,
35. и од мајка му, и од бабо му,
36. и од другарката своја и од синовите свои,
37. на тој Ден, секој човек ќе биде обземен со состојбата своја.
38. Лица некои на тој Ден ќе бидат блескотни,
39. насмеани и весели,
40. а, лица некои, пак, со прашина покриени,
41. и со темнеж некаков обземени –
42. овие се, токму, лицата на неверниците расипници!

# СУРА ЕТ-ТЕКВИР

## Помрачување

Сура 81 - Мекка - 29 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. И кога Сонцето ќе помрачи,
2. и кога ѕвездите ќе попаѓаат,
3. и кога планините ќе се поместат,
4. и кога стелните камили ќе останат без сопственици,
5. и кога дивите животни ќе се соберат,
6. и кога мориња со пламен ќе се исполнат,
7. и кога душите ќе се обединат со телата свои,
8. и кога девојчето живо погребано в земја ќе биде прашано:
9. »Заради кој грев е убиено?«
10. И кога страниците ќе се отворат,
11. и кога небото ќе се отстрани,
12. и кога Џехеннемот ќе се разгори,
13. и кога Џеннетот ќе се приближи...
14. ќе узнае душата што си подготвила!
15. Навистина се колнам во ѕвездите што се скриваат,
16. кои се движат и кои исчезнуваат,
17. се колнам и во ноќта кога таа затемнува,
18. и во утрото кога дише,

19. Куранот, навистина, е Реч на мелек пратеник, благороден,

20. од сопственикот на моќта, кој поседува почесно место близу престолот,

21. кого го слушаат и уште е доверлив...

22. па, другарот ваш не е луд!

23. Го здогледа во видикот јасен,

24. и тој не е скржав во врска со Објавата,

25. па, тоа не е реч на Шејтанот проколнат!

26. Па, каде сте кинисале?

27. Куранот е само опомена за световите;

28. за оној меѓу вас што сака да биде по патот вистински!

29. А, вие ништо нема да можете да сакате доколку тоа, Аллах, Господарот на световите, не го сака!

# СУРА ЕЛ-ИНФИТАР

## Расџеп

Сура 82 - Мекка - 19 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Кога небесата ќе се расџепат,
2. и кога ѕвездите ќе се расфрлаат насекаде,
3. и кога мориња̀та ќе избувнат,
4. и кога гробовите ќе се испревртат –
5. ќе си узнае душата што направила за овој свет и за оној свет.
6. О човеку! Што те обмани во врска со Господарот твој Благороден!?
7. Кој те создаде?... па те направи целосен и складен,
8. и Кој по Своја волја ликот ти го среди.
9. Но не е добро, навистина, тоа што го порекнувате Денот суден!
10. А, врз вас се Чуварите мелеки, навистина!
11. благородни пишувачи:
12. кои знаат што правите!
13. Добротворите ќе бидат во благосостојба, навистина!
14. А, грешниците ќе бидат во огнот џехеннемски, навистина! –
15. во кој ќе горат на Денот суден!

16. И никогаш нема да можат да излезат од него.

17. А, знаеш ли ти што е Денот суден?

18. И, пак, знаеш ли ти што е Денот суден?

19. Ден во кој никој за никого нема да може да направи ништо. Наредбата тогаш е – Аллахова!

# СУРА ЕЛ-МУТАФФИФУУН

## Скратувачи

Сура 83 - Мекка - 36 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Е, тешко на оние што скратуваат при мерење на други,
2. оние што, кога купуваат нешто од луѓето, бараат полна мера,
3. и кога мерат на други или кога им вагаат им скратуваат.
4. Не замислуваат ли дека ќе бидат оживеани, навистина!
5. на Денот голем,
6. на Денот во кој луѓето ќе стојат пред Господарот на световите?
7. Навистина, книгата на грешниците е во огнот Сиџџин!
8. А, знаеш ли ти што е тоа Сиџџин?
9. Книга испишана!
10. Тешко на неверниците на тој Ден,
11. оние што го порекнуваа Денот суден,
12. а него го порекнува само престапникот, грешникот:
13. кога му се кажуваат ајетите Наши, вели: »Тоа се измислици на народите одамнешни!«

14. Но, не е така! А, она што го спечалија, тоа веќе ги покри срцата нивни.

15. Тие, навистина, на Денот тој ќе бидат одвоени од Господарот свој со завеса,

16. па, потоа, ќе бидат воведени во Џехеннем,

17. а, потоа, ќе им се рече: »Ова е она што, токму, го сметавте за лажно.«

18. Навистина, книгата на добротворите е во Илиџјуун!

19. А, знаеш ли што е тоа Илиџјуун?

20. Книга напишана,

21. за која сведочат блиските посматрачи.

22. Добротворите ќе бидат во благосостојба, навистина!

23. Ќе гледаат од дивани украсени;

24. на лицата нивни ќе ја препознаеш радоста заради среќата,

25. ќе се напојуваат со напиток чист, запечатен,

26. запечатен со мушус и заради тоа нека се натпреваруваат оние што сакаат да се натпреваруваат во добрини,

27. а составот ќе му биде од Тасним,

28. извор од кој ќе пијат блиските на Аллах!

29. Грешниците ги исмејуваат верниците, навистина!

30. И кога поминуваат крај нив си намигнуваат еднинадруги,

31. и кога се враќаат кај семејствата свои, се враќаат, исмејувајќи ги,

32. и кога ќе ги здогледаат, велат: »Овие скршнаа во заблуда, навистина!«

33. А, не се, пак, испратени да бдеат врз нив.

34. Па, денес верниците ќе ги исмејуваат неверниците,

35. ќе гледаат од украсени дивани!

36. А, зарем неверниците ќе бидат наградени за она што го работеа?

# СУРА ЕЛ-ИНШИКАК

## Цепење

Сура 84 - Мекка - 25 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Кога небото ќе испука,
2. и кога Господарот свој ќе го послуша, а тоа е должно да го направи,
3. и кога земјата ќе се порамни,
4. и кога ќе го исфрли она што е во неа и ќе стане празна,
5. и кога Господарот нејзин ќе Го послуша, а тоа е должна да го направи,
6. тогаш ти, човеку, кој настојуваш многу, настојувањето свое ќе го најдеш кај својот Господар!
7. Што се однесува на оној што ќе му биде дадена Книгата во десната рака,
8. тој ќе полага лесна сметка,
9. и ќе се врати кај семејството свое, радосен!
10. А, што се однесува, пак, на оној што ќе му биде книгата зад грбот негов,
11. тој ќе си посакува пропаст,
12. и ќе биде воведен во огнот разгорен.
13. Па, тој меѓу семејството свое беше радосен,
14. тој, навистина, замислуваше дека никогаш нема да се врати.

15. И уште како! Господарот негов, навистина, за него знае сè!

16. Навистина, се колнам во црвенилото вечерно,

17. и во ноќта и во она што таа ќе го покрие,

18. и во полната Месечина,

19. ќе наидувате на потешки и потешки прилики.

20. Што им е, па не веруваат?

21. И зошто кога Куранот им се чита не паѓаат ничкум?

22. Но, оние што не веруваат, тие порекнуваат.

23. Аллах најдобро го знае она што го кријат!

24. И извести ги, тогаш, за казната болна!

25. Оние што веруваат и што работат добри дела – нив ги чека награда неминлива.

# СУРА ЕЛ-БУРУЏ

## Ѕвезди

Сура 85 - Мекка - 22 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Се колнам во небото исполнето со соѕвездија,
2. и во Денот ветен,
3. и во сведокот и во посведоченото,
4. нека бидат проколнети оние што ги ископаа рововите,
5. кои ги наполнија со оган,
6. кои околу него седеа,
7. и кои, токму, беа сведоци на она што им го правеа на верниците!
8. Им се одмаздуваа затоа што веруваа во Аллах, Силниот и за благодарност Достојниот!
9. И власта и на небесата и на Земјата е – Негова! Аллах, навистина, е Сведок за сè!
10. Оние кои, навистина, ги мачеа верниците и верничките, а потоа не се покајаа...за нив има казна џехеннемска, за нив има казна, разгорен оган!
11. А, за оние, пак, што веруваа и што работеа добри дела, за нив, навистина, има градини џеннетски низ кои течат реки. Ете, тоа е победа голема!
12. Жестоко е, навистина, казнувањето на Господарот твој.

13. Он, навистина, создава и создавањето го возобновува!
14. Он, навистина, е Простувач и Срдечен!
15. Господарот на Аршот, Славниот!
16. Што му е по волја – Он тоа и го прави!
17. Ти дојде ли кажувањето за војските,
18. за фараонот и за Семуд?
19. Но, оние што не веруваат, постојано порекнуваат,
20. а, Аллах ги мотри од сите страни!
21. Но, ова е Куранот величествен,
22. на Добро Сочуваната Плоча!

# СУРА ЕТ-ТАРИК

## Деница

Сура 86 - Мекка - 17 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Се колнам во небото и во Деница!
2. А, знаеш ли ти што е тоа Деница?
3. Ѕвезда блескотна!
4. Над секоја душа има и бдеец.
5. Па, нека човекот погледа од што е создаден,
6. создаден е од течност што се исфрла,
7. што излегува меѓу кичмата и градите.
8. Да, Он е Кадар да го повтори создавањето негово,
9. на Денот кога ќе се кажуваат тајните,
10. кога човекот нема да има ниту моќ ниту поддржник.
11. Се колнам и во небото дожливо,
12. и во земјата која се расцепува,
13. Куранот, навистина, е Реч што ја одделува вистината од невистината!
14. Тој не е празна Реч.
15. Тие, сплеткарејќи, сплетки прават,
16. а Јас сплетките ги расплеткувам.
17. Па, занемари ги неверниците и дај им малку време!

# СУРА ЕЛ-А'ЛА

## Севишен

Сура 87 - Мекка - 19 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Слави Го, името на Господарот твој, Севишен!
2. Кој создава сè и складност му дарува,
3. Кој сè создава со мера и потоа вдахнува,
4. Кој дава да никнат пасишта,
5. а потоа одредува да станат суви и темни.
6. Ние ќе те поучиме да кажуваш, па ништо нема да заборавиш,
7. освен она што ќе го посака Аллах. Да, Он го знае и она што е јавно и она што е тајно.
8. И Ние ќе те упатиме во она што е лесно.
9. Па, опоменувај, опомената ќе користи,
10. ќе се опомене оној што стравува,
11. а од неа ќе се оддалечува најлошиот,
12. оној што ќе биде внесен во огнот голем,
13. кој потоа во него нема да умре и нема да живее.
14. Да, спасен ќе биде оној што ќе се очисти,
15. кој го спомнува името на Господарот свој и што се клања.
16. Но вие повеќе го сакате животот на овој свет,

17. а оној свет е подобар и е вечен.
18. Да, ова е внесено во Страниците одамнешни,
19. во Страниците на Ибрахим и Муса!

# СУРА ЕЛ-ГАШИЈА

## Тешка неволја

Сура 88 - Мекка - 26 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Ти дојде ли кажувањето за тешката неволја?
2. Некои лица на Денот тој ќе бидат уплашени,
3. изморени и жалосни!
4. Ќе се пржат во огнот жесток,
5. ќе се напојуваат од изворот усвитен;
6. за нив нема да има храна, освен трње,
7. која нема да нахрани, а ниту, пак, гладот ќе го отстрани,
8. а некои лица на Денот тој ќе бидат радосни,
9. со трудот нивни задоволни,
10. во градината возвишена,
11. во која нема да слушаат беседи празни,
12. во неа има извор кој постојано тече,
13. и дивани подигнати,
14. и пехари поставени,
15. и перници поредени,
16. и ќилими раширени!
17. Не гледаат ли кон камилите како се создадени,
18. и кон небото како е подигнато,
19. и кон планините како се засадени,

20. и кон земјата како е порамнета?
21. Па, опоменувај. Ти си, навистина, само опоменувач!
22. Не е твое да владееш со нив!
23. А, оној што го врти грбот и оној што не верува,
24. па, Аллах него ќе го казни со казна голема!
25. Враќањето нивно е – кон Нас,
26. и полагањето сметка, потоа, е – кај Нас!

# СУРА ЕЛ-ФЕЏР

## Зора

Сура 89 - Мекка - 30 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Се колнам во зората,
2. и во десетте ноќи,
3. парни и непарни,
4. и во ноќта кога ќе исчезне,
5. има ли во тоа, за умниот, заклетва?
6. Зар не знаеш како постапи Господарот твој со Ад?
7. И со Ирам, кој поседуваше градби високи,
8. на кои немаше слични, подигнати по градовите?
9. И, со Семуд кој делкаше карпи во долината,
10. и со фараонот, сопственикот на шатори,
11. кои беа насилници по градовите!
12. И многу, по нив, безредие сееја,
13. па затоа Господарот твој врз нив го опаша корбачот на казната.
14. Господарот твој, навистина, е во заседа!
15. Што се однесува на човекот, кога Господарот негов ќе го искуша, па ќе го почести и ќе го благослови, ќе рече: »Господарот мој ме почести.«

16. А, кога, пак, ќе го испроба со тоа што ќе оствари малку имот, ќе рече: »Госаподарот мој ме напушти.«

17. Но, не е така! На сиракот чест не му правите,

18. а, ниту, пак, сиромавиот го храните,

19. а јадете наследство алчно,

20. и богатство сакате, сакајќи го прекумерно!

21. Но, тоа не е добро! Кога земјата ќе се распарчи на парчиња,

22. и кога ќе дојде Господарот твој и мелеките, едни по други поредени,

23. и на Денот кога Џехеннемот ќе се приближи, на тој Ден човекот ќе се опомене. А, за кое, пак, добро ќе му користи опомената?

24. Ќе рече: »О, тешко мене! Е, само да се подготвев за време на животот мој!«

25. Па, на тој Ден никој нема да казнува како што ќе казнува Он.

26. И никој нема да става окови како што ќе става окови Он.

27. О смирена душо!

28. Врати Му се на Господарот твој задоволна, а и Он задоволен со тебе,

29. и влези, тогаш, меѓу робовите Мои,

30. и влези во Џеннетот Мој!

# СУРА ЕЛ-БЕЛЕД

## Град

Сура 90 - Мекка - 20 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Се колнам во овој град,
2. – а во овој град тебе ќе ти биде дозволено сè.
3. И, се колнам во родителот и во она што го роди!
4. Ние го создадовме човекот, навистина, да се труди.
5. Мисли ли човекот дека никој ништо не може да му направи?
6. Тој вели: »Потрошив Голем имот!«
7. Мисли ли дека никој не го видел?
8. Нели Ние му дадовме две очи,
9. и јазик и две усни?
10. И Ние му укажавме на две патеки,
11. па зошто човекот не е благодарен за благодатите?
12. А знаеш ли ти како треба да се биде благодарен за благодатите?
13. Па, роб да се ослободи,
14. или да се нахрани кога гладот коси,
15. сирак или некој од роднината блиска,
16. или сиромав, со неволји оптоварен,

17. и да биде, освен тоа, меѓу оние што веруваат и што трпеливост препорачуваат едни на други и што милост препорачуваат едни на други.

18. Таквите ќе бидат среќни,

19. а оние што не веруваат во знамењата Наши, тие ќе бидат несреќни.

20. Врз нив ќе биде оган затворен.

# СУРА ЕШ-ШЕМС

## Сонце

Сура 91 - Мекка - 15 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Се колнам во Сонцето и светлината негова,
2. и во Месечината кога го следи,
3. и во денот кога ќе го раздени,
4. и во ноќта кога ќе го покрие,
5. и во небото и во она што Он го подигна,
6. и во земјата и Оној што ја простре,
7. и во душата и Оној што ја создаде,
8. па ѝ вдахна да разликува добро од зло.
9. Ќе се спаси, навистина, оној што ќе ја очисти,
10. а ќе пропадне оној што ќе ја извалка.
11. Семуд порекнуваше заради насилството свое,
12. и кога еден несреќник се појави меѓу нив,
13. па, тогаш, Аллаховиот пејгамбер им рече: »Грижете се за камилата Аллахова и за времето кога таа треба да пие!«
14. Тогаш не му поверуваа; ја заклаа. И Господарот нивни ги казни заради гревот и, ете ги снема,
15. не плашејќи се од последициата на тоа!

# СУРА ЕЛ-ЛЕЈЛ

## Ноќ

Сура 92 - Мекка - 21 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Се колнам во ноќта кога таа ќе опфати,
2. и во денот кога ќе се раздени,
3. и во Оној што создава машко и женско
4. настојувањето ваше, навистина, е различно!
5. Па, што се однесува на оној што дели и што е богобојазлив,
6. и кој најубавото го смета за вистинско,
7. нему, тогаш, Ние ќе му ја олесниме добрината,
8. а, што се однесува, пак, на оној што е скржав и кон обилност тежнее,
9. и кој најубавото го смета за лажно,
10. нему, тогаш, Ние најтешкото ќе му го отежниме.
11. И нему имотот, кога ќе се фрли наглавачке во Џехеннем, нема да му користи.
12. Упатувањето по Патоказот е – Наше!
13. И оној свет и овој свет се – Наши!
14. Па, јас ве опоменувам за огнот што беснее! –
15. кој ќе го пржи само расипаниот,
16. кој порекнува и кој го врти грбот.

17. Богобојазливиот ќе биде далеку од него,
18. кој дели од имотот свој за да се очисти,
19. без да очекува од некого со дел да му возврати,
20. освен заради тоа што го посакува задоволството на Господарот свој, Возвишен, –
21. тој ќе биде задоволен, навистина!

# СУРА ЕД-ДУХА

## Утро

Сура 93 - Мекка - 11 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Се колнам во утрото,
2. и во ноќта кога таа ќе настапи со темнината,
3. Господарот твој, навистина, не те напушти и не те замрази!
4. За тебе, сигурно, е подобар оној свет од овој свет!
5. Господарот твој, навистина, ќе те дарува и ќе бидеш задоволен!
6. Нели Он те затекна сираче? Па, потоа, те заштити.
7. Нели Он те затекна скршнат во заблуда? Па, потоа, те упати!
8. Нели Он те затекна сиромав? Па, потоа, те збогати!
9. Ете, затоа, сирак не угнетувај,
10. а оној што пита, не одбивај го!
11. И за благодатите на Господарот твој, тогаш, разговарај!

# СУРА ЕШ-ШЕРХ

## Широкоградност

Сура 94 - Мекка - 8 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Нели Ние ги отворивме градите твои,
2. и Ние ја отстранивме тешкотијата на бремето од тебе,
3. што ги притискаше плеќите твои?
4. И Ние го воздигнавме споменот твој.
5. Па, навистина, покрај тешкотијата е лесноти-ја,
6. и, навистина, покрај тешкотијата е леснотија!
7. А, кога, пак, ќе се ослободиш, тогаш клањај!
8. И на Господарот твој, тогаш, посакувај да се обратиш!

# СУРА ЕТ-ТИН

## Смоква

Сура 95 - Мекка - 8 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Се колнам во смоквата и во маслинката,
2. и во ридот Синај,
3. и во овој град, безбеден –
4. дека Ние, човекот, го создадовме, навистина, во најличен изглед,
5. а, потоа Ние ќе го вратиме во најгрд изглед,
6. но не и оние што веруваат и што работат добри дела... та, има награда неизмерна за нив.
7. Па, што те натера да го порекнуваш Денот суден?
8. Зар Аллах не е најправедниот Судија?

# СУРА ЕЛ-АЛЕК

## Грушка

Сура 96 - Мекка - 19 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Читај во името на Господарот твој што создаде,
2. го создаде човекот од грушка на крв!
3. Читај, зашто Господарот твој, навистина, е Благороден,
4. што поучува со перо:
5. го поучи човека со она што не го знаеше.
6. Човекот, навистина, се засилува
7. штом ќе види дека е независен.
8. Сите на Господарот твој, навистина, ќе Му се вратите!
9. Го виде ли оној што му забранува
10. на робот намаз да извршува?
11. Кажи ми ако е тој на вистинскиот пат,
12. или, пак, ако наредува богобојазливост!
13. Кажи ми ако тој порекнува и ако го врти грбот,
14. не знае ли тој дека Аллах, навистина, гледа сè?
15. Не е добро тоа. Ако не престане со тоа, Ние, навистина, ќе го зграпчиме за коса,

16. за косата лажна и грешна!

17. Па, нека ја повика дружината своја,

18. а Ние ќе ги повикаме Зебание!

19. Не е добро тоа! Ти не слушај го него, туку клањај намаз и приближи Му се на Господарот твој !

# СУРА ЕЛ-КАДР

## Кадр

Сура 97 - Мекка - 5 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Куранот Ние, навистина, започнавме да го објавуваме во ноќта Кадр!
2. А, знаеш ли ти која е таа ноќ Кадр?
3. Ноќта Кадр е подобра од илјада месеци.
4. Во таа ноќ се спуштаат мелеките и Џибрил со одобрението на Господарот свој, поради наредба секоја!
5. Мир и тоа сè до пукањето на утрото!

# СУРА ЕЛ-БЕЏЏИНЕ

## Јасен доказ

Сура 98 - Медина - 8 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Оние што не веруваа, меѓу Следбениците на Книгата и многубошците, не се издвоија сè додека не им дојде јасен доказ,

2. еден пејгамбер од Аллах што им ги кажуваше страниците чисти,

3. во кои има прописи исправни.

4. А, оние на кои им е дадена Книгата се поделија тогаш кога им дојде доказ јасен.

5. Наредено им е да Го обожаваат само Аллах, и верата да Му ја предаваат искрено, во сета чистота нивна, и да клањаат намаз, и да даваат зекат. И, ете ја верата стамена!

6. Оние што не веруваат, меѓу Следбениците на Книгата, и многубошците, тие ќе бидат во огнот џехеннемски и во него за навек ќе останат... да, од сите суштества тие се најлошите!

7. Оние што, навистина, веруваат и што работат добри дела...да, од сите суштества тие се најдобрите.

8. Наградата нивна е кај Господарот нивни: џеннетски градини на Адн низ кои течат реки и во нив за навек ќе останат. Аллах ќе биде задоволен од нив, а и тие ќе бидат задоволни од Него. Ете, тоа е за оној што се плаши од Господарот свој!

# СУРА ЕЗ-ЗИЛЗАЛ

## Земјотрес

Сура 99 - Медина - 8 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Кога земјата ќе биде потресена со најстраотниот потрес свој,
2. и кога земјата ќе ги исфрли тежините свои,
3. и кога човекот ќе рече: »Што ѝ е?« –
4. на тој Ден ќе се случат, токму, кажувањата нејзини,
5. кога Господарот твој, навистина, такво нешто ќе ѝ вдахне.
6. На тој Ден луѓето ќе се појават, поединечно, за да им станат очигледни делата нивни:
7. па, оној што прави нешто добро ситно колку трошка, ќе го види,
8. а, оној, пак, што прави нешто зло ситно колку трошка, ќе го види!

# СУРА ЕЛ-АДИЈААТ

## Тркачи

Сура 100 - Мекка - 11 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Се колнам во тркачките коњи кои ‘ржат,
2. па, со копитата свои по камењата искри искрат,
3. и кои во утринските часови напаѓаат,
4. и кои, трчајќи, прашина дигаат,
5. и, така низ неа се уфрлуваат меѓу дружини!
6. Да, човекот е неблагодарен на Господарот свој,
7. тој за тоа, навистина, е сведок,
8. и тој, навистина, е силен во алчноста кон богатството.
9. Не знае ли дека кога ќе биде оживеано она што е во гробовите,
10. и кога ќе излезе она што е во градите,
11. дека Господарот нивни, навистина, на тој Ден ќе знае сè за нив!

# СУРА ЕЛ-КАРИ'АТУ

## Удар

Сура 101 - Мекка - 11 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Удар!
2. И кој ќе ти каже што е тоа удар?
3. И што знаеш ти што е тоа удар?
4. Ден е тој во кој луѓето ќе бидат како бубалки расфрлани,
5. а, планините ќе бидат како растегната волна!
6. Што се однесува на оној чии кантари ќе натежнат со добро,
7. па, тој ќе биде во животот задоволен,
8. а, што се однесува на оној чии кантари нема да натежнат со добро,
9. престојувалиштето негово, тогаш, е бездната џехеннемска.
10. А знаеш ли ти што е тоа бездна џехеннемска?
11. Па тоа е оган распален!

# СУРА ЕТ-ТЕКАСУР

## Заработувачка

Сура 102 - Мекка - 8 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Натпреварот во заработувачка ве обзеде,
2. сè додека не умрете.
3. Навистина не е добро тоа! Ќе узнаете подоцна.
4. И пак велам: ќе узнаете подоцна!
5. Навистина не е добро тоа! Ќе дознаете со знаење уверливо,
6. и ќе го здогледате Џехеннемот, сигурно!
7. Потоа, пак, ќе го здогледате со поглед сигурен!
8. Потоа, на тој Ден ќе бидете прашани за удобниот живот!

# СУРА ЕЛ-АСР

## Време

Сура 103 - Мекка - 3 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Се колнам во времето! –
2. Човекот е поразен, навистина!
3. Освен оние што веруваат и што работат добри дела, што препорачуваат вистина едни на други и што препорачуваат трпеливост едни на други!

# СУРА ЕЛ-ХУМЕЗЕ

## Потсмевање

Сура 104 - Мекка - 9 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Тешко на секој оној што се потсмева и што клевети,
2. и што собира имот и што го брои,
3. мислејќи дека имотот негов ќе го направи вечен, навистина!
4. Навистина, тоа не е добро! Ќе биде фрлен во Џехеннем!
5. А, знаеш ли ти што е тоа Џехеннем?
6. Па, тоа е Аллаховиот оган, разгорен
7. и ќе се вовлекува до срцата.
8. Огнот, навистина, ќе биде затворен врз нив,
9. по столбови раширен!

# СУРА ЕЛ-ФИИЛ

## Слон

Сура 105 - Мекка - 5 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Зар не виде како Господарот твој постапи со сопствениците на слонот?
2. Нели сплетките нивни Он ги скршна во бездна?
3. И против нив испрати јато птици,
4. кои ги гаѓаа со топки од скаменета глина,
5. па Он ги направи како суво лисје, изронето!

# СУРА ЕЛ-КУРЕЈШ

## Курејш

Сура 106 - Мекка - 4 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Заради адетот на Курејшии,
2. адетот нивни да патуваат и зиме и лете;
3. па, нека Го обожаваат Господарот на оваа Куќа,
4. што ги нахрани по гладот и ги обезбеди по стравот!

# СУРА ЕЛ-МАУН

## Милосрдие

Сура 107 - Мекка - 7 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Го знаеш ли ти оној што го порекнува Денот суден?
2. Па, тоа е оној што го одбива сиракот,
3. и кој не поттикнува да се нахрани сиромав!
4. Тешко на некои клањачи:
5. оние што клањаат негрижно,
6. оние што, така, се покажуваат,
7. и спречуваат да се прави добротворство.

# СУРА ЕЛ-КЕВСЕР

## Кевсер

Сура 108 - Мекка - 3 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Да, Ние ќе ти ја дадеме реката Кевсер!
2. Па, клањај Му се на Господарот твој и заколи Курбан!
3. Оној што те мрази, тој ќе остане без помен, навистина!

# СУРА ЕЛ-КАФИРУУН

## Неверници

Сура 109 - Мекка - 6 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Кажи: »О неверници!
2. Јас не го обожавам она што вие го обожавате,
3. а вие не го обожавате она што јас го обожавам,
4. а и јас не го обожавам она што вие го обожавате,
5. а и вие не го обожавате она што јас го обожавам.
6. Вам – верата ваша, а мене – верата моја!«

# СУРА АН-НАСР

## Помош

Сура 110 - Медина - 3 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Кога ќе дојде помошта и победата од Аллах,
2. и кога ќе ги видиш луѓето како влегуваат во верата на Аллах во дружини,
3. па, слави Го Господарот твој, заблагодарувајќи Му се и барајќи простување од Него. Он е Примач на покајанијата, навистина!

# СУРА ЕЛ-ЛЕХЕБ

## Лехеб

Сура 111 - Мекка - 5 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Нека пропаднат рацете на Ебу Лехеб, и тој пропадна!
2. Нема да му користи имотот негов и она што го стекна.
3. Ќе се пржи во огнот разгорен,
4. и жената негова која дрва носи.
5. На вратот нејзин ќе биде обесена засукана впламнета жица!

# СУРА ЕЛ-ИХЛАС

## Чистота

Сура 112 - Мекка - 4 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Кажи: »Он е Аллах, Еден е!
2. Аллах – Засолниште.
3. Не роди и не е роден,
4. и никој не Му е рамен!«

# СУРА ЕЛ-ФЕЛЕК

## Мугра

Сура 113 - Медина - 5 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Кажи: »Барам засолниште кај Господарот на муграта,
2. од злото на она што Он го создаде,
3. и од злото на темнината кога ќе поклопи,
4. и од злото на дувачите во јазли,
5. и од злото на завидливиот кога завидува!«

# СУРА ЕН-НАС

## Луѓе

Сура 114 - Мекка - 6 ајети

*Во името на Аллах,*
*Милостивиот Сомилосен!*

1. Кажи: »Барам засолниште кај Господарот на луѓето,
2. Владетелот на луѓето,
3. Бог на луѓето,
4. од злото на Шејтанот што спеткари,
5. кој лоши мисли внесува во градите на луѓето,
6. било кај џиновите било кај луѓето!«

# СОДРЖИНА


СУРА 1
*ЕЛ-ФАТИХА (Отвор)* *1*

СУРА 2
*ЕЛ- БЕКАРА (Крава)* *2*

СУРА 3
*АЛИ ИМРАН*
*(Семејството Имраново)* *46*

СУРА 4
*ЕН-НИСА (Жени)* *71*

СУРА 5
*ЕЛ-МАИДА (Софра)* *98*

СУРА 6
*ЕЛ-ЕНЕАМ (Добиток)* *118*

СУРА 7
*ЕЛ-АЕРАФ (Бедеми)* *141*

СУРА 8
*ЕЛ-ЕНФАЛ (Плен)* *166*

СУРА 9
*ЕТ-ТЕВБА (Покајание)* *176*

СУРА 10
*ЈУНУС (Јунус)* *195*

СУРА 11
*ХУД (Худ)* 209

СУРА 12
*ЈУСУФ (Јусуф)* 224

СУРА 13
*ЕР-РАЕД (Тутнеж)* 238

СУРА 14
*ИБРАХИМ (Ибрахим)* 245

СУРА 15
*ЕЛ-ХИЏР (Хиџр)* 252

СУРА 16
*ЕН-НАХЛ (Пчели)* 259

СУРА 17
*ЕЛ-ИСРА (Патување ноќе)* 273

СУРА 18
*ЕЛ-КЕХФ (Пештера)* 286

СУРА 19
*МЕРЈЕМ (Мерјем)* 299

СУРА 20
*ТАХА (Та Ха)* 307

СУРА 21
*ЕЛ-ЕНБИЈАЕ (Пејгамбери)* 319

СУРА 22
*ЕЛ-ХАЏЏ (Хаџ)* 329

СУРА 23
*ЕЛ-МУЕМИНУУН (Верници)* 339

СУРА 24
*ЕН-НУУР (Светлина)* 348

СУРА 25
*ЕЛ-ФУРКАН (Разделувач на вистината од невистината)* 358

СУРА 26
*ЕШ-ШУАРАЕ (Поети)* 366

СУРА 27
*ЕН-НЕМЛ (Мравки)* *380*

СУРА 28
*ЕЛ-КАСАС (Кажувања)* *390*

СУРА 29
*ЕЛ-АНКЕБУТ(Пајажина)* *401*

СУРА 30
*ЕР-РУУМ (Византијци)* *409*

СУРА 31
*ЛУКМАН (Лукман)* *416*

СУРА 32
*ЕС-СЕЏДЕ (Сеџде)* *420*

СУРА 33
*ЕЛ-АХЗАБ (Сојузници)* *424*

СУРА 34
*САБЕ (Сабе)* *434*

СУРА 35
*ЕЛ-ФАТИР (Создател)* *441*

СУРА 36
*ЈА-СИН (Јасин)* *447*

СУРА 37
*ЕС-САФАТ (Редици)* *454*

СУРА 38
*ЕС-САД (Сад)* *464*

СУРА 39
*ЕЗ-ЗУМЕР (Дружини)* *471*

СУРА 40
*ЕЛ-ГАФИР (Простувач)* *480*

СУРА 41
*ФУССИЛЕТ (Потенко објаснување)* *490*

СУРА 42
*ЕШ-ШУРА (Договарање)* *497*

СУРА 43
*ЕЗ-ЗУХРУФ (Накит)* 504

СУРА 44
*ЕД-ДУХАН (Чад)* 512

СУРА 45
*ЕЛ-ЏАСИЕ (На колена)* 516

СУРА 46
*ЕЛ-АХКАФ (Ахкаф)* 521

СУРА 47
*МУХАММЕД (Мухаммед)* 526

СУРА 48
*ЕЛ-ФЕТХ (Победа)* 531

СУРА 49
*ЕЛ-ХУЏУРААТ (Соби)* 536

СУРА 50
*КАФ (Каф)* 539

СУРА 51
*ЕЗ-ЗАРИЈАТ (Дувачи)* 543

СУРА 52
*ЕТ-ТУУР (Тур)* 547

СУРА 53
*ЕН-НЕЏМ (Ѕвезда)* 551

СУРА 54
*ЕЛ-КАМЕР (Месечина)* 555

СУРА 55
*ЕР-РАХМАН (Милостивиот)* 559

СУРА 56
*ЕЛ-ВАКИЕА (Случка)* 564

СУРА 57
*ЕЛ-ХАДИД (Железо)* 569

СУРА 58
*ЕЛ-МУЏАДЕЛЕ (Расправа)* 574

СУРА 59
*ЕЛ-ХАШР (Протерување)* 578

СУРА 60
*ЕЛ-МУМТЕХИНА (Проверена)* 582

СУРА 61
*ЕС-САФФ (Борбен ред)* 585

СУРА 62
*ЕЛ-ЏУМ'А (Џума)* 587

СУРА 63
*ЕЛ-МУНАФИКУУН (Дволични)* 589

СУРА 64
*ЕТ-ТЕГАБУН (Самоизмама)* 591

СУРА 65
*АТ- ТАЛАК (Развод на брак)* 594

СУРА 66
*ЕТ-ТАХРИМ (Забрана)* 597

СУРА 67
*ЕЛ-МУЛК (Власт)* 600

СУРА 68
*ЕЛ-КАЛЕМ (Калем)* 603

СУРА 69
*ЕЛ-ХАККАТУ (Час неизбежен)* 607

СУРА 70
*ЕЛ-МЕЕАРИЏ (Степени)* 610

СУРА 71
*НУХ (Нух)* 613

СУРА 72
*ЕЛ-ЏИН (Џинови)* 616

СУРА 73
*ЕЛ-МУЗЕММИЛ (Завиткан)* 619

СУРА 74
*ЕЛ-МУДЕССИР (Покриен)* 621

СУРА 75
*ЕЛ-КИЈАМЕ (Пропаст на светот)* 624

СУРА 76
*ЕЛ-ИНСАН (Човек)* 627

СУРА 77
*ЕЛ-МУРСЕЛАТ (Испратени мелеки)* 630

СУРА 78
*ЕН-НЕБЕЕ (Кажување)* 633

СУРА 79
*ЕН-НАЗИЕАТ (Мелеките кои тегнат)* 636

СУРА 80
*АБЕСЕ (Се намурти)* 639

СУРА 81
*ЕТ-ТЕКВИР (Помрачување)* 641

СУРА 82
*ЕЛ-ИНФИТАР (Расцеп)* 643

СУРА 83
*ЕЛ-МУТАФФИФУУН (Скратувачи)* 645

СУРА 84
*ЕЛ-ИНШИКАК (Цепење)* 648

СУРА 85
*ЕЛ-БУРУЏ (Ѕвезди)* 650

СУРА 86
*ЕТ-ТАРИК (Деница)* 652

СУРА 87
*ЕЛ-АЕЛА (Севишен)* 653

СУРА 88
*ЕЛ-ГАШИЈА (Тешка неволја)* 655

СУРА 89
*ЕЛ-ФЕЏР (Зора)* 657

СУРА 90
*ЕЛ-БЕЛЕД (Град)* 659

СУРА 91
*ЕШ-ШЕМС (Сонце)* 661

СУРА 92
*ЕЛ-ЛЕЈЛ (Ноќ)* 662

СУРА 93
*ЕД-ДУХА (Утро)* 664

СУРА 94
*ЕШ-ШЕРХ (Широкоградност)* 665

СУРА 95
*ЕТ-ТИН (Смоква)* 666

СУРА 96
*ЕЛ-АЛЕК (Грушка)* 667

СУРА 97
*ЕЛ-КАДР (Кадр)* 669

СУРА 98
*ЕЛ-БЕЈЈИНЕ (Јасен доказ)* 670

СУРА 99
*ЕЗ-ЗИЛЗАЛ (Земјотрес)* 671

СУРА 100
*ЕЛ-АДИЈААТ (Тркачи)* 672

СУРА 101
*ЕЛ-КАРИЕАТУ (Удар)* 673

СУРА 102
*ЕТ-ТЕКАСУР (Заработувачка)* 674

СУРА 103
*ЕЛ-АСР (Време )* 675

СУРА 104
*ЕЛ-ХУМЕЗЕ (Потсмевање)* 676

СУРА 105
*ЕЛ-ФИИЛ (Слон)* 677

СУРА 106
*ЕЛ-КУРЕЈШ (Курејш)* 678

СУРА 107
*ЕЛ-МАУН (Милосрдие)* *679*

СУРА 108
*ЕЛ-КЕВСЕР (Кевсер)* *680*

СУРА 109
*ЕЛ-КАФИРУУН (Неверници)* *681*

СУРА 110
*АН-НАСР (Помош)* *682*

СУРА 111
*ЕЛ-ЛЕХЕБ (Лехеб)* *683*

СУРА 112
*ЕЛ-ИХЛАС (Чистота)* *684*

СУРА 113
*ЕЛ-ФЕЛЕК (Муґра)* *685*

СУРА 114
*ЕН-НАС (Луґе)* *686*